Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

FACULTÉ DE PHILOLOGIE „BLAŽE KONESKI"

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAIRE

Книга 23

СКОПЈЕ – SKOPJE

1997

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
FACULTÉ DE PHILOLOGIE „BLAŽE KONESKI“

ISSN 0351 - 448X

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAIRE

Книга 23

СКОПЈЕ – SKOPJE
1997

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР
COMITÉ DE RÉDACTION

д-р Петар Атанасов - претседател
д-р Љупчо Стефановски
д-р Димитрија Ристески
д-р Маја Бојаџиевска
м-р Анета Дучевска - секретар
Горан Ивковиќ - технички уредник

Адреса: Филолошки факултет, п. фах. 567, Скопје,
Република Македонија
Adresse: Faculté de Philologie, boîte postale 567, Skopje,
République de Macédoine

ГОДИШЕН ЗБОРНИК
на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“
на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Книга 23 (1997)

Печати: Печатница „Младина“ - Скопје
Тираж: 350

Посветен на

академик Оливера Јашар Настева

СОДРЖИНА

ПОСВЕТИ

Димитар Пандев: *Лингвистичкиот профил на Оливера Јашар Настева* I

Лилјана Ристевска: *Библиографија на трудовите на академик Оливера Јашар-Настева* IX

ЈАЗИК

Петар Атанасов: *Романско-албански јазични врски* 1

Pavel Borissewitsch: *Zur prozessualen Interpretation der Satzbaupläne* 21

Елени Бужаровска: *Семантиката на глаголите за аудитивна перцепција* 33

Елени Бужаровска: *Мотивациони предикати во македонскиот јазик* 49

Димитрија Гацов: *Нов правопис на германскиот јазик* 63

Haki Ymeri: *Strukturat zanore 'ua', 'ie' dhe 'ye' ne gjuhen e naim frasherit* 83

Максим Каранфиловски: *Акцентирањето на глаголите во еницевардарскиот говор* 89

Максим Каранфиловски: *Изразување на итеративноста во македонскиот и во рускиот јазик* 97

Марија Леонтиќ: *Начини на изразување на природниот род во турскиот и македонскиот јазик* 105

Борис Марков: *Извици-заемки кошшто во турскиот јазик имаат именско потекло* 125

Марјан Марковиќ: *Ароманците во охридско-струшкиот регион* 147

Милица Миркуловска: *Инхоативни предикати со вградена негација* 155

Авзи Мустафа: *Надоврзувањето на јазикот со литературата во училиштата* 161

Радица Никодиновска: *Квантитативни фразеолошки изрази во италијанскиот и македонскиот јазик* 169

Zvonko Nikodinovski: *Les sens figurés du chien en français et en macédonien - I ère partie* 175

Коста Пеев: *Традицијата продолжува* 199

Агим Пољоска: *Албанизмите во македонскиот дијалектен јазик* 211

Симон Саздов: *Од проблематиката на феминативите во македонскиот стандарден јазик* 233

Марија Сидоровска: *Контекстно-семантички споредби и анализи* 241

Силвана Симоска: *Сложени именки со придавка како прв член во современиот германски јазик* 251

Људмил Спасов: *Улогата на префиксите во резултативната аспектна конфигурација на простите семантеми во македонскиот јазик* 273

Чедомир Стојменовић: *Употреба двојине у Служби и житију Стефана Дечанског (Дечански препис)* 301

Станислава-Сташа Тофоска: *Изведување на телични глаголи од основи од континуативен вид* 307

Радмила Угринова-Скаловска: *Интерпретација на некои грчки антички имиња во македонските текстови на апостолот* 317

Илија Чашуле: *Уште едно толкување на етимологијата на 'Вардар'* 323

ЛИТЕРАТУРА

Венко Андоновски: *Вкрстувањето на естетскиот со идеолошкиот знак во книжевноста на хрватите и македонците од деветнаесеттиот век* 335

Ранка Грчева: *Мановите теоретски начела за љубовта* 349

Ранка Грчева: *Субјективизмот и бегството од светот како творечки принципи во делото на Криста Волф* 367

Ружица Јанчулева: *Идејното богатство на "Безидејните раскази" на А.П.Чехов* 375

Марина Нишлиска: *Nachdenken über ...* 383

Науме Радически: *Погледите на Димитар Митрев за развојот на македонската литература и резултатите од неговите литературноисториски истражувања* 389

Петер Рау: *Од попречена интер-културалност до проблематична интра-културалност* 417

Димитрија Ристески: *Местото на Г.В. Плеханов во руската книжевно-критичка и естетичка мисла од 20-те години* 437

Зорица Симовска: *Криста Волф: Развој од марксизам кон феминизам* 457

Александар Спасов: *Василие Точанац и Кочо Рацин* 465

Љубиша Станковиќ: *Туѓите јазици во јазичното ткиво на романот "Небеска Тимјановна" од Петре М. Андреевски* 469

Вера Стојчевска-Антиќ: *Кон Свети Климентовото творештво* 477

Лилјана Тодорова: *Мотивот на вечното враќање: од македонската книжевна идентификација во мултикултурна Канада* 485

Ванчо Тушевски: *За првата рецензија во новата македонска книжевност: „Зора југославјанска од*

Радослава Разлага. Течај II. Загреб 1853" на Константин Петковић 499

Владимир Цветковски: *Една референца на Шекспир за Македонија во драмата 'Крал Хенри V'* 511

ХРОНИКА

Коста Пеев: *In memoriam – Божидар Видоески (1920 - 1998)* 523

ПОСВЕТИ

УДК 808.66 : 378.014.15 (497.17-25)

Димитар ПАНДЕВ

ЛИНГВИСТИЧКИОТ ПРОФИЛ НА ОЛИВЕРА ЈАШАР НАСТЕВА

Лингвистичкиот профил на Оливера Јашар Настева во контекстот на македонската наука за јазикот се оцртува преку нејзиниот влог во

- балканистичката проекција на историјата на македонскиот јазик;
- лексиколошкиот и лексикографскиот ангажман во проучувањето налексичкиот состав на македонскиот јазик;
- приопштувањето на современите лингвистички достигнувања во македонската наука за јазикот;

Овие три излезни линии на лингвистичката профилација на Настева никогаш не се јавуваат изолирано, напротив, една со друга, тие се надополнуваат и се претставуваат како врзочна нишка во целокупниот нејзин лингвистички опус.

Балканистичката проекција на историјата на македонскиот јазик во македонската лингвистика солидно се зацврстува со проучувањата на Оливера Јашар Настева.

Преку својот научен интерес Настева секогаш ги имала предвид актуелните теоретски поставки на лингвистичките теми за јазичните сојузи, за јазичната интерференција и за јазиците во контакт во контекстот на современите лингвистички (структуралистички и постструктуралистички) проучувања и прецизно ги применувала и ги интерпретирала врз широк јазичен материјал од македонскиот јазик и од другите балкански јазици.

Притоа, треба да се одбележи дека колку и да се неопходни теоретските познавања од оваа област, за нивна примена врз конкретен јазичен материјал нужни се практичните познавања на јазиците кои се јавуваат како предмет на интерес од аспект на наведените теории. Во таа смисла, на излезната линија на европските и светските лингвисти од различни лингвистички школи и центри на протегот на овој век, кои со несебичен жар и лингвистичка упатеност им пристапиле на овие теми, Оливера Јашар Настева се јавува како лингвист од широк формат со солидно и суптилно владеење на балканските јазици и со изворно познавање на турскиот јазик.

Нејзината научна упатеност кон лингвистичката проблематика секако се зголемува и со познавањето повеќе светски јазици кои исто така биле предмет на нејзин професионален научен интерес (францускиот, италијанскиот).

Балканистичките проучувања на Оливера Јашар Настева во македонската наука за јазикот основно се претставуваат во две насоки:

- преку нејзините заеднички, тимски, проучувања на македонскиот јазик и на македонската јазична проблематика, пред сè, од дијахрониски аспект, заедно, во прв ред, со Блаже Конески, како основоположник на современата наука за јазикот и посебно на историјата на македонскиот јазик, како и со Божидар Видоески и со Божидар Настев. Од нивните заеднички проучувања, во кои несомнен е влогот на Оливера Јашар Настева, токму во разоткривањето на балканистичката проблематика, поставени се и разрешени се низа сериозни лингвистички проблеми и прашања од посебно значење за историјата на македонскиот јазик. Неоспорен е податокот дека нивните заеднички настапи на повеќе научни, лингвистички и славистички конференции од европски и светски карактер во голема мера придонесле за афирмацијата на македонската наука за јазикот;

- преку нејзината обработка на одделни лингвистички прашања сврзани со балканистичката проблематика, со што се отвора простор за нивна поширока лингвистичка интерпретација.

Во контекстот на заедничките проучувања со Б. Конески на историјата на македонскиот јазик посебно се издвојува хрестоматијата "Македонски текстови 10 – 20 век (прво издание

1966, второ издание – дополнето 1972)". Оваа хрестоматија содржи репрезентативен избор на македонски текстови и го прикажува развојот на словенската писменост во Македонија, како и историскиот развој на македонскиот јазик. Во научен поглед, нејзиното значење доаѓа до израз преку претставената периодизација на историјата на македонскиот писмен јазик. Нужно е да се забележи дека составувачите на хрестоматијата, притоа, не тргнале од поставените шаблони во проучувањата на историјата на писменоста во другите словенски средини, туку тргнале конкретно од македонскиот јазичен материјал. Составувањето на оваа хрестоматија е поттикнато и од чисто практични цели како учебно помагало по предметот *Историја на македонскиот јазик*. Оливера Јашар Настева, како универзитетски професор по предметот *Историја на македонскиот јазик* го водела курсот по историска лексикологија (за доцент е избрана во 1964, за вонреден професор во 1969 и за редовен професор во 1975 година).

Интересот за историската лексикологија на македонскиот јазик на Настева се надоврзува на нејзиниот опфатен труд *Турските лексички елементи во македонскиот јазик* (докторска дисертација одбранета на Филозофскиот факултет во Скопје во 1962 година пред комисија во состав Б. Конески, М. Соколовски и Х. Поленаковиќ). Овој труд разработува еден од најзначајните лексички сегменти во македонскиот јазик и го претставува јазичниот материјал кој и понатаму ќе биде предмет на научно проучување во поголем број научни трудови на Настева, па и пошироко. Имено, анализираниот јазичен материјал на турцизмите во македонскиот јазик во докторската дисертација на Настева ќе претставуваат поттик за сестрано проучување на местото и улогата на турцизмите во македонскиот јазик од страна на повеќе македонисти.

Во научното дело на Настева тој интерес суптилно еволуира преку проучувањето на стилските вредности на турцизмите, пред сè, во јазикот на македонската народна поезија. Освен во одделни статии, овие проучувања претставуваат предмет на посебен интерес и во нејзината монографија *Турските елементи во јазикот и стилот на македонската народна поезија* (1987).

Овој труд се надоврзува на нејзините лексиколошки проучувања на турцизмите во македонскиот јазик, како и на нејзиниот интерес спрема јазикот и стилот во книжевното дело во контекстот на нејзиниот поширок филолошки интерес, а воедно се надоврзува на проучувањата на јазикот на македонската народна поезија од страна на Блаже Конески.

Лексиколошкиот ангажман на Настева опфаќа широк дијапазон на интерес во кој се вклучени, од една страна, прашањата и проблемите сврзани со етимолошкиот состав на македонската лексика, а од друга страна, прашањата за функционирањето на лексичките елементи во македонскиот литературен јазик на одделни стилски рамништа, како и во јазикот на литературните дела.

Научниот спој меѓу нејзините солидно поставени научни проучувања на лексикологијата и литературата (во контекст на нејзиниот поширок филолошки интерес) наоѓа одраз во обработката на определени суштински прашања од областа на историската лексикографија во македонската наука за јазикот. Во таа посока, Настева ја проучува лексикографксата активност во Македонија, посебно на протегот на втората половина на XIX век, кога кај повеќето македонски преродбеници се отвора, па и јасно се нагласува, македонската јазична свест и самобитност. Меѓу тие проучувања, посебно се издвојуваат брилијантните согледувања за лингвистичкото визионерство на македонистот Ѓорѓија Пулевски и за неговата лексикографска активност. Во таа посока, Настева разрешила определени суштински прашања од историјата на македонскиот јазик.

Поставувајќи ги овие проучувања во еден поширок филолошки контекст, Настева обработува и теми поврзани и со други македонски преродбеници, во прв ред, со Шапкарев и со Цепенков. Така, суптилниот филолошки нерв на Настева посебно доаѓа до израз во истражувањата на литературата што имал можност да ја следи и ја следел бездруго најинвентивниот македонски собирач Марко Цепенков. Филолошката прецизност и истражувачкиот жар претставени во статијата *Кој е "Бертодол" на Цепенков?* ја издвојуваат Настева како префинет филолог со богат филолошки инструментатиум.

Преку интересот за Цепенков во научното дело на Настева се следи оној стамен и стабилен премин од историчар на јазикот и лексиколог со широк дијапазон на интерес до лингвист кој се зафаќа со современите проблеми на науката за јазикот. Тој интерес, во прв ред, се насочува кон темата за тајните јазици во Македонија. Интересот за оваа тема се јавува мошне рано и постојано еволуира. Притоа, секако, треба да се има предвид дека таа, од една страна, има целосен увид во јазичниот материјал што е предмет на нејзин интерес, посебно на материајлите објавени конкрајот на XIX век и во првата половина на XX век, претежно од странски филолози и етнографи, а од друга страна, и во лингвистичката литература и во методологијата на нивното проучување во современата наука за јазикот.

Лексиколошкиот и лексикографскиот ангажман на Настева претставува нејзина трајна лингвистичка преокупација. Во таа посока се следи и нејзината научна активност во Одделението за лингвистика и литературна наука на МАНУ врз изработката на комплетниот Речник на турцизмите во македонскиот јазик и од дијахрониски и од синхрониски аспект. Овој речник се засновува врз ексцерпција на целосниот лексички материјал од македонските текстови на почетокот од XV – XVIII век, на македонската книжевност од XIX век и од јазикот на народната книжевност. Лексичкиот материјал во овој Речник се обработува од етимолошки, лексички, граматички и семантички аспект.

Во поширока мера, поврзаноста меѓу лексиколошките поручувања и стилски проучувања на народната поезија наоѓа одраз и во теми поврзани со современата макеоднска поезија во контекст на нејзините општолингвистичкипреокупации. Освен проследувањето на турцизмите во современата македонска литература, тема за која Настева заедно со Конески поттикнала повеќе проучувачи, таа посветила посебно внимание на темата за семантичкото поле на боите во современата македонска поезија.

Настева дала несомнен придонес во проучувањето на оваа тема која со посебен интерес го привлекла вниманието на современата наука за јазикот уште на почетоот на овој век. Со својата комплетност, со широкиот опфат на разгледуваниот јазичен материјал и со солидната теоретска поставеност овој труд

високо се вреднува меѓу трудовите на односната тема во современата наука за јазикот.

Проучувањето на историската проекција на историјата на македонскиот јазик и лексиколошко-лексикографскиот ангажман на Настева претставуваат солиден влог во нејзиниот пристап кон проблемите на современата наука за јазикот. Интересот спрема актуелните проблеми на општата лингвистика е во тесна врска со нејзиниот професионален ангажман како редовен професор по предметот општа лингвистика и во редовните студии и на постдипломските студии од областа македонски јазик.

Притоа, основните проблеми кои се предмет на научниот интерес на Оливера Јашар Настева се, секако, проблемите на билингвизмот и на диглосијата, како и проблемот на стилот, и тоа, од една страна, на стилот во уметничкото дело, а од друга страна, на стилската диференцијација на јазикот.

Неспорен е податокот дека лингвистичката интерпретација на овие проблеми кај Оливера Јашар Настева во голема мера се надоврзуваат, пред сè, на лично нејзина ексцерпција и опсервација, која ја започнала од нејзините научни почетоци, надополнета со целесно можен увид во богатата презентација на јазичен материјал на оваа тема и на неговата интерпретација кај редица лингвисти од крајот на минатиот и од првата половина на XX век, како и на понекогаш ексклузивната литература поврзана со овие прашања.

Посветувајќи солидно внимание на релацијата јазик – општество, Настева со посебен жар ги обработува лингвистичките и екстралингвистичките фактори кои придонесуваат за појавата на билингвизмот и диглосијата, при што секогаш ја има предвид македонската јазична ситуација.

Во таа посока, ако се има предвид нејзиното лингвистичко дело во целост, тогаш треба да се нагласи дека Настева го дефинирала статусот на турцизмите (респективно и на турскиот јазик) во Македонија во одредени периоди (и на дијахрониски и на синхрониски план), како и статусот на балканизмите во структурата на македонскиот јазик (респективно и на балаканските јазици) во Македонија, дека ги дефинирала екстралингвистичките фактори кои извршиле влијание врз структурата на македонскиот јазик, дека ја дефинирала

историската лексикографија преку проучувањето на корпусот на македонските речници, почнувајќи од *Македонскиот речник од XVI век* (приопштен во науката за јазикот од Ѓанели и Вајан), преку *Четиријазичникот на Даниил* од Шапкарев, и Цепенков и и Пулевски, дека на лексиколошките проучувања им пристапила од аспект на принципите на современата лексикологија, поставувајќи го односот на активниот и на пасивниот вокабулар во македонскиот јазик и извршувајќи стилска диференцијација на јазикот, како од дијахрониски, така и од синхрониски аспект, пристапувајќи и на лексиката како на отворен динамичен систем во системот на јазикот, дека им пристапила со солидна научна подготвеност на проблемите на општата лингвистика, и посебно на проблемот на билингвизмот и диглосијата, во согласност со современите принципи на нивното проучување, па така поставила солидна основа за понатамошни проучувања на овие прашања во македонската наука за јазикот.

Укажувајќи на овој податок, имаме предвид дека темите со кои се зафаќала во костец Оливера Јашар Настева, посебно темата за релацијата јазик – општество постојано го менува својот дијапазон и секогаш отвора редица нови прашања кои бараат поинаква интерпретација. Во таа смисла, солидно поставените односи, пред сè, од дијахрониски аспект, на екстралингвистичките фактори, претставуваат цврста основа за нивно понатамошно проучување.

Оливера Јашар Настева им припаѓа на оние лингвисти кои во науката влегуваат на голема врата со солидна научна елаборација и јасно оформени научни погледи и ставови и кои постојано ги продлабочуваат своите научни сознанија со респект спрема резултатите на своите претходници и со обмислен увид во достигнувањата на современата наука за јазикот.

УДК 016 : [808.66 : 378.014.15 (497.17-25)]

Лилјана РИСТЕВСКА

БИБЛИОГРАФИЈА НА ТРУДОВИТЕ НА АКАДЕМИК ОЛИВЕРА ЈАШАР-НАСТЕВА

1953

1. *Албански зборови во македонските тајни јазици.* – Македонски јазик – Скопје, 1953, IV, 3, стр. 60-64; 4, стр. 84-92; 5-6, стр. 132-139

1957

2. *Влијанието на македонскиот јазик врз албанските и турските говори во Македонија.* – Македонски јазик – Скопје, 1957, VIII, 2, стр. 147-164.

1962

3. *Македонските калки од турскиот јазик.* – Македонски јазик – Скопје, 1962-1963, XIII-XIV, 1-2, стр. 109-172
4. *Stanisław Stachowski: Przyrostki obcego pochodzenia w języku serbochorwackim, Kraków 1961.* – Македонски јазик – Скопје, 1962-1963, XIII-XIV, 1-2, стр. 279-282
5. *Turskite leksički elementi vo makedonskiot jazik.* – Skopje : O. Jašar-Nasteva, 1962. – XXXIV, 519 str. – Doktorska teza

1963

6. *За турските зборови во македонскиот јазик.* – Просветена жена – Скопје, март 1963, стр. 10-11

7. *Les éléments lexicologiques turcs dans le macédonien.* – Годишен зборник на Филозофскиот факултет – Скопје, 1963, 15, стр. 409-412
8. *"Македонски јазик" (година XI-XII, 1960-1961, кн. 1-2).* – Литературен збор – Скопје, 1963, X, 2, стр. 29-32
9. *Турско-македонски лексички вкрстувања и мешања.* – Годишен зборник на Филозофскиот факултет – Скопје, 1963, 15, стр. 349-384

1964

10. *Македонски јазик, XIII-XIV, кн. 1-2, (1962/63).* – Литературен збор – Скопје, 1964, XI, 2, стр. 28-30

1965

11. *За етимолошките речници на словенските јазици.* – Македонски јазик – Скопје, 1965, XVI, стр. 208-217
12. *За таутолошките хибридни образувања во македонскиот јазик.* – Литературен збор – Скопје, 1965, XII, 1, стр. 17-22
13. *Петти конгрес на југословенските слависти.* – Литературен збор – Скопје, 1965, XII, 6, стр. 26-27
14. *Revue des études slaves, mélanges André Vaillant, tome quarantième, Paris 1964.* – Македонски јазик – Скопје, 1965, XVI, стр. 205-208

1966

15. *Еден значаен придонес на македонската наука: по повод "Историјата на македонскиот јазик" од Блаже Конески.* – Разгледи – Скопје, 1966, VIII, 5, стр. 494-496
16. *За некои аспекти на збогатувањето на лексиката на современиот македонски јазик.* – Македонски јазик – Скопје, 1966, XVII, стр. 5-29
17. *За епитетите во јазикот на Кочо Рацин.* – Современост – Скопје, 1966, XVI, 10, стр. 905-912
18. *Интернационалната лексика во современиот македонски јазик.* – Литературен збор – Скопје, 1966, XIII, 3, стр. 10-16
19. *Македонски текстови 10-20 век* / Б. Конески, О. Јашар-Настева. Скопје : Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература, 1966. – 175 стр.

20. *Нов прилог кон изучувањето на македонските дијалекти.* – Македонски јазик – Скопје, 1966, XVII, стр. 228-230
21. *Првиот меѓународен конгрес за балканолошки и југоисточноевропски изучувања.* – Литературен збор – Скопје, 1966, XIII, 6, стр. 26-27
22. *Un balkanisme dans la langue de la poésie populaire macédonienne* / Blaže Koneski et Olivera Jašar-Nasteva. – Die Welt der Slaven – München, 1966, XI, 1-2, str. 172-175

1967

23. *Die Verserzählung "Skenderbeg" von Grigor Prličev.* – Zeitschrift für Balkanologie – Wiesbaden, 1967, V, 1, str. 34-50
24. *Обратен речник на македонскиот јазик.* – Македонски јазик – Скопје, 1967, XVIII, стр. 165-168

1968

25. *Distribution des balkanismes en macédonien* / B. Koneski, B. Vidoeski, O. Jašar-Nasteva. – Actes du Premier congrès international des études Balkaniques et Sud-est européennes. – VI. – Sofia : Académie Bulgare des sciences, 1968, str. 517-546
26. *Termes maritimes en macédonien.* – Bollettino dell'Atlante linguistico Mediterraneo – Firenze, 1968-1970, 10-11, str. 69-76
27. *Формирањето на лексиката на современиот македонски јазик.* – Предавање /на/ I семинар за македонски јазик, литература и култура : Охрид, 21.8 – 7.9.1968. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1968. – 5 стр.
28. *Хибридни образувања во македонската топонимија : (за употребата на турски топоними во една источномакедонска област).* – Реферати на македонските слависти за VI меѓународен славистички конгрес во Прага. – Скопје : Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература, 1968, стр. 21-27

1969

29. *За некои прашања на билингвизмот во Македонија.* – Предавања /на/ II семинар за македонски јазик, литература и

култура : Охрид, 28.8. – 13.9.1969. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1969. – 10 стр.

30. *За некои фонолошки измени во говорот на турското население во Гостиварско.* – Годишен зборник на Филозофскиот факултет – Скопје, 1969, 21, стр. 237-244
31. *Za Skenderbeg kaj Grigor Prličev.* – Simpoziumi për Skënderbeun : 9-12 maj 1968. – Priština, 1969, str. 361-367
32. *Scanderbeg nella letteratura macedone.* – V convegno internazionale di studi albanesi. – Palermo : Centro internazionale di studi albanesi, 1969, str. 259-265

1970

33. *За македонските тајни јазици.* – Годишен зборник на Филозофскиот факултет – Скопје, 1970, 22, стр. 553-568
34. *Interférence au niveau de la langue de la poésie populaire des peuples balkaniques* / B. Koneski, B. Nastev, O. Jašar-Nasteva. – Balcanica – Beograd, 1970, I, str. 13-22
35. *Меѓусебните контакти во народната поезија* / Б. Конески, О. Јашар-Настева, Б. Настев. – Културен живот – Скопје, 1970, XV, 8-9, стр. 18-21
36. *Турскиот говор во Гостиварскиот крај.* – Гостиварскиот крај : (македонскиот, албанскиот и турскиот говор). – II. – Гостивар : Општинско собрание, 1970, стр. 271-306
37. *Турцизмите кај К. Пејчиновиќ со оглед на религиозната терминологија.* – Симпозиум 1100-годишнина од смртта на Кирил Солунски : Скопје – Штип, 23-25 мај 1969. – Кн. II. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1970, стр. 257-267

1971

38. *Bilinguität bei der türkischen Bevölkerung in der Gegend von Gostivar und dadurch bedingte phonologische Veränderungen in ihrem Dialekt.* – Zeitschrift für Balkanologie – Wiesbaden, 1971-72, VIII, 1-2, str. 57-83
39. *За фонетската адаптација на турцизмите во македонскиот јазик.* – Serta Slavica : In memoriam Aloisii Schmaus. – München : Rudolf Trofenik, 1971, str. 316-322

40. *Македонскиот јазик и другите балкански јазици.* – Предавања на IV семинар за македонски јазик, литература и култура : Охрид, 19.VIII – 2.IX 1971. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1971, стр. 41-47

1972

41. *Македонски текстови 10-20 век* / Б. Конески, О. Јашар-Настева. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1972. – 170 стр.
42. *Морфолошката адаптација на лексичките заемки во македонскиот јазик.* – Предавања на V семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 14.VIII – 30.VIII 1972. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1972, стр. 47-56
43. *Some Characteristics of the Macedonian Language.* – Macedonian Review – Skopje, 1972, II, 1, str. 71-74
44. *Функционирањето на турцизмите во македонскиот книжевен јазик.* – Македонски јазик – Скопје, 1972, XXIII, стр. 91-98

1973

45. *Етимолошкиот состав на македонската лексика.* – Предавања на VI семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје – Охрид, 16.VII – 31.VII 1973. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1973. – 14 стр.
46. *Од лексиката на Кирил Пејчиновиќ.* – Кирил Пејчиновиќ и неговото време : симпозиум, Тетово, 24 и 25 ноември 1971. – Тетово : Општинско собрание, 1973, стр. 93-103
47. *Стилистичката употреба на турцизмите во современиот македонски јазик.* – Реферати на македонските слависти за VII меѓународен славистички конгрес во Варшава. – Скопје : Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на СРМ, 1973, стр. 35-43

1974

48. *Балканизмите во македонската лексика.* – Предавања на VII семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 15.VIII – 31.VIII 1974. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1974, стр. 33-36
49. *Les contacts entre les parlers macédoniens et albanais* / O. Jašar-Nasteva, B. Koneski, B. Vidoeski. – Publié à l'occasion du troisième Congrès International des Études Balkaniques et Sud-Est Européennes à Bucarest. – Skopje : Séminaire de langue macédonienne, littérature et culture, 1974. – 15 str.
50. *Прилог кон проучувањето на лексичките балканизми во македонскиот јазик.* – Македонски јазик – Скопје, 1974, XXV, стр. 211-235

1976

51. *Општествено-политичката терминологија во јазикот на К. П. Мисирков.* – К. П. Мисирков и национално-културниот развој на македонскиот народ до ослободувањето : реферати на Симпозиумот во Скопје, 22 и 23 април 1975. – Скопје : Институт за македонски јазик, 1976, стр. 68-77
52. *Turchismi nei documenti ragusei redatti in lingua italiana (dal sec. XV la sec. XVII).* – Bollettino dell'atlante linguistico mediterraneo – Firenze, 1976 (1971-1973), 13-15, str. 315-334

1977

53. *Ѓурчин Кокале, Партенија Зографски, Ѓорѓи Пулески и Панајот Ѓиноски во еден ракопис на Риста Огњановиќ.* – Бигорски научно-културни собири 1976-1977. – Скопје : Мисла, 1978, стр. 43-64
54. *Кој е "Бертодол" на Цепенков?* – Годишен зборник на Филолошкиот факултет – Скопје, 1977, 3, стр. 251-260

1978

55. *За формалните и функционалните особености на редупликацијата во македонскиот јазик.* – Македонски јазик – Скопје, 1978, XXIX, стр. 35-60

56. *Interférence au niveau de la langue de la poésie populaire des peuples balkaniques* / B. Koneski, B. Nastev, O. Jašar-Nasteva. – Actes du IIe Congrès International des Études du Sud-est Européen : (Athènes, 7-13 mai 1970). – Tome V : Linguistique et Littérature. – Athènes : Association Internationale des Études du Sud-est Européen, 1978, str. 539-550
57. *Лексиката на македонските тајни јазици од морфолошки и семантичко-стилистички аспект.* – Годишен зборник на Филолошкиот факултет – Скопје, 1978, 4, стр. 47-76
58. *Морфолошки иновации во современиот македонски јазик.* – Предавања на X семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 5.VIII – 25.VIII 1977. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1978, стр. 39-48; Културен живот – Скопје, 1978, XXIII, 1-2, стр. 18-20
59. *Од проблематиката на билингвизмот во Македонија.* – Предавања на VIII семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 7.VIII – 23.VIII 1975. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1978, стр. 46-55
60. *Турски елементи во југословенската топонимија.* – Реферати на македонските слависти за VIII меѓународен славистички конгрес во Загреб – Љубљана. – Скопје : Македонски славистички комитет, 1978, стр. 23-33
61. *Турцизмите и нивната стилистичка функција во македонскиот литературен јазик.* – Предавања на IX семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 9.VIII – 25.VIII 1976. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1978, стр. 35-41

1979

62. *За хуморот кај Марко Цепенков.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1979, IV, 2, стр. 17-49
63. *Лексикографската работа на Марко Цепенков.* – Предавања на XII семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 11.VIII –31.VIII 1979. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1979, стр. 87-96
64. *Прилог кон проучувањето животот и дејноста на јеромонахот Арсенија од Теарце.* – Прилози МАНУ :

Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1979, IV, 1, стр. 13-32

65. *Редупликација во македонскиот и другите балкански јазици.* – Предавања на XI семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 11.VIII – 31.VIII 1978. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1979, стр. 41-43

1980

66. *Кузман Шапкарев и ароманскиот фолклор.* – Годишен зборник на Филолошкиот факултет – Скопје, 1980, 6, стр. 241-290
67. *Меѓујазични контакти и нашата топонимија.* – Втора југословенска ономастичка конференција : Скопје, 6-9 октомври 1977. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1980, стр. 133-137
68. *Развој на дијалектната лексика во услови на јазично мешање* : (врз основа на турско-македонски и турско-албански јазични контакти во Гостиварско). – Македонски јазик – Скопје, 1980, XXXI, стр. 27-37
69. *"Седмоѓрехникоѓ" на Арсенија Марковиќ од Теарце.* – Бигорски научно-културни собири : 1978-1979. – Скопје : Совет на "Бигорските научно-културни собири", 1980, стр. 69-84

1981

70. *La phraséologie macédonienne dans le contexte balkanique* / O. Jašar-Nasteva, B. Koneski, B. Nastev. – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1981, VI, 1, стр. 11-21
71. *Лексичко-семантичкиоѓ подсистем на бои во современиоѓ македонски јазик* : прилог кон проучувањето на хроматската терминологија. – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1981, VI, 2, стр. 59-75
72. *Односоѓ на К. Шапкарев кон македонската лексика.* – Годишен зборник на Филолошкиот факултет – Скопје, 1981, 7, стр. 59-70
73. *Прилоѓ кон проучувањето изворите и карактеристиката на хумороѓ кај Марко Цепенков.* – Симпозиум посветен на

животот и делото на Марко Цепенков – Прилеп, 15-17 ноември 1979. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите; Прилеп : Друштво за наука и уметност, 1981, стр. 111-116

1982

74. *За функцијата на боите во јазикот на современата македонска поезија.* – Studia linguistica Polono-Jugoslavica – Скопје, 1982, 2, стр. 125-131
75. *Канунамето од Битола и неговите јазични особености.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1982, VII, 1, стр. 71-91
76. *Контактите на македонските и албанските говори* / Оливера Јашар-Настева, Блаже Конески, Божидар Видоески. – I научна дискусија : (Охрид, 27-28 август 1974). – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1982, стр. 83-92
77. *Лексикографската работа на Кузман Шапкарев.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1982, VII, 2, стр. 41-72
78. *Поважните карактеристики на лексичките турцизми во македонските писмени споменици од XV до XVIII век.* – Македонски јазик – Скопје, 1982 (1981-1982), XXXII-XXXIII, стр. 269-285
79. *Појави на диглосија и билингвизам во СР Македонија.* – Пристапни предавања, прилози и библиографија на новите членови на Македонската академија на науките и уметностите – Скопје, 1982, VI, стр. 137-154
80. *Хроматската терминологија во современата македонска поезија.* – Предавања на XV семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 5.VIII – 25.VIII 1982. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1982, стр. 43-61

1983

81. *Кузман Шапкарев како лексикограф.* – Предавања на XVI семинар за македонски јазик, литература и култура :Охрид, 5.VIII – 26.VIII 1983. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1983, стр. 47-62

82. *По однос на употребата на македонизмите во лексиката на гостиварскиот турски говор.* – Бигорски научно-културни собири : 1980-1981. – Гостивар : Совет на "Бигорските научно-културни собири", 1983, стр. 93-98
83. *Развој на дијалектната лексика во услови на јазична интерференција* : богатењето на албанските, ароманските и турските говори во СР Македонија. – Реферати на македонските слависти за IX меѓународен славистички конгрес во Киев. – Скопје : Македонски славистички комитет, 1983, стр. 15-23

1984

84. *Аромански лексикографско-граматички трудови и ароманските речници на Кузман Шапкарев.* – Македонски јазик – Скопје, 1984, XXXV, стр. 53-71
85. *Балкански јазични паралели во речниците на Ѓорѓи Пулевски* / Б. Конески, О. Јашар-Настева. – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1984, IX, 2, стр. 57-63
86. *Боите во современата македонска поезија.* – Зборник во чест на Блаже Конески по повод шеесетгодишнината. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1984, стр. 107-120
87. *За лексичко-стилистичките особености на јазикот на Рајко Жинзифов во расказот "Прошетба".* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1985, X, 1, стр. 57-73
88. *За речниците на Ѓорѓи Пулевски и албанската паралела во нив.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1984, IX, 2, стр. 43-56
89. *Лексикографскиот обид на Константин Миладинов.* – Животот и делото на браќата Миладиновци : научен собир по повод 120-години од смртта : Скопје, 15-16 октомври 1982. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1984, стр. 287-304
90. *Развојот на македонската лексика во балкански контекст и нејзиното збогатување со синоними од грчко и турско потекло.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1985, X, 2, стр. 47-59

1986

91. *А. М. Селишчев и македонистичката проблематика во балканскиот контекст.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1986, XI, 2, стр. 113-142
92. *Битолското канунname и неговото значење за проучувањето на македонската лексика.* – Зборник на трудови посветени на академикот Михаило Апостолски по повод 75-годишнината од животот. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1986, стр. 485-496
93. *Прилог кон проучувањето на Јуруците од Радовишко* : I. Историско-економски и етнографски податоци. II. Главни особености на говорот. – Етногенеза на Јуруците и нивното населување на Балканот : Материјали од Тркалезната маса, одржана во Скопје на 17 и 18 ноември 1983 година. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1986, стр. 125-146 : илустр.

1987

94. *За епитетите во јазикот на Кочо Рацин.* – Македонската литературна наука за Рацин / избор, редакција и предговор Томислав Тодоровски. – Скопје : Наша книга, 1987, стр. 71-76
95. *Интеграција на турски елементи во македонскиот патронимски систем.* – Реферати на македонските слависти за X меѓународен славистички конгрес во Софија. – Скопје : Македонски славистички комитет, 1988, стр. 25-40
96. *Турски елементи во јазикот и стилот на македонската народна поезија.* – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1987. – 111 стр.

1988

97. *Интересот на Крум Тошев за македонската лексичка и лексикографска проблематика.* – Зборник во чест на Крум Тошев : научен собир по повод 10 години од смртта на Крум Тошев : (4 и 5 декември 1986 г.). – Скопје : Филолошки факултет, 1988, стр. 26-31

98. *Местото и значењето на костурскиот македонско-грчки речник од XVI век за развојот на македонската лексикографија.* – Leksikografija i leksikologija : zbornik radova. – Sarajevo : Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, 1988, str. 3-7. – (Posebna izdanja: LXXXV : Odjeljenje društvenih nauka; 21)
99. *Односот на Вук кон турцизмите.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1988, XIII, 2, стр. 47-85. – (Научен собир посветен на 200-годишнината од раѓањето на Вук Стефановиќ Караџиќ : Скопје, 10 ноември 1987)
100. *Parallèles linguistiques balkaniques dans les dictionnaires de Górgi Pulevski* / B. Koneski. – Papers presented at the Vth International Congress of South-East European Research Studies, held in Belgrade (11-16th September 1984). – Skopje : Institute of national history, 1988, str. 115-119
101. *Поглед врз туѓата лексика во македонските говори од костурско-корчанското дијалектно подрачје.* – Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото : реферати од научниот собир одржан од 7 до 9 септември 1984 г. во Битола. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1988, стр. 151-169

1989

102. *Kontaktet e të folmeve maqedonase me të folmet shqipe* / Bllazhe Koneski, Bozhidar Vidoeski. – Gjurmime Albanologjike : seria filologjike – Prishtinë, 1989, 19, str. 55-63
103. *Les formes linguistiques écrites en Macédoine au XIXe siècle dans le contexte balkanique* / Blaže Koneski. – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1989, XIV, 1, стр. 75-90
104. *Makedonlar arasinda Nasrattin Hoca.* – Sesler – Üsküp, 1989, XXV, 240-241, str. 27-30
105. *Од проблематиката на македонските дамаскини и иновационите процеси во нивната лексика од аспект на меѓудијалектни и меѓујазични контакти.* – Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета : материјали од научен собир одржан во Охрид од 25 до 27 септември 1986 година. –

Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1989, стр. 81-90

1990

106. *Импресии за стилизацијата на циклуси кај Јаворов, Рацин и Конески.* – Македонската литература меѓу двете светски војни и појавата на "Бели мугри" : зборник на трудови од научниот собир одржан во Скопје на 3 и 4.X 1989 г. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1990, стр. 129-151

107. *Makedonlarda Nasrettin Hoca.* – I. Milletlerarasi Nasrettin Hoca sempozyumu bildirileri : 15-17 Mayis 1989, Ankara. – Ankara : Ankara Üniversitesi basimevi, 1990, str. 267-273

108. *Местото на македонскиот јазик во балканската јазична заедница :* тези. – Предавања на XXII семинар за македонски јазик, литература и култура : Скопје и Охрид, 4-22.VIII 1989 година. – Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1990, стр. 23-27

1991

109. *Лакардија "слово/λόγος" и "притча/παραβολή".* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1991, XVI, 2, стр. 47-56

110. *Les formes linguistiques écrites en Macédoine au XIXe siècle dans le contexte balkanique* Blaže Koneski, Olivera Jašar-Nasteva. – VI меѓународен конгрес за проучување на Југоисточна Европа (Софија 1989) : прилози на учесниците од Македонија. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1991, стр. 85-92

111. *Местото и улогата на турцизмите во Кулакиското евангелие.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1991, XVI, 1, стр. 79-99 : прил.

112. *Околу прашањето за местото и значењето на турцизмите во лексиката на дамаскините.* – Studia linguistica Polono-Jugoslavica – Sarajevo, 1991, 6, стр. 51-54

1992

113. Makedonya'da Nasreddin Hoca. – Balkanlar'da türk kültürü – Ankara, 1992, 3, стр. 8-11

114. Soziolinguistische Aspekte des makedonischen und der anderen Sprachen in der Republik Makedonien. – Die Welt der Slaven – München, 1992, XXXVII, 1-2, стр. 188-210 : 3 карти

1993

115. Алоглотски елементи у галичком речнику Ристе Огњановића као одраз друштвено-културне средине. – Rječnik i društvo : zbornik radova sa znanstvenog skupa o leksikografiji i leksikologiji održanog 11-13.X.1989. u Zagrebu. – Zagreb : Hrvatska akademija znanosti i umjetnosti, 1993, str. 155-166

1994

116. Григор Прличев и еден апел на охридските власи во врска со воведувањето на мајчиниот јазик во училиштата. – Животот и делото на Григор Прличев : реферати од научен собир одржан во Скопје на 21 и 22 април 1993 година. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1994, стр. 19-37

117. Дали е можно Григор Прличев да ги превел "Смехуриите на Ариосто" на бугарски јазик во Солун 1855 година. – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1994, XIX, 1-2, стр. 133-151.

118. За "Истражувањата..." (1808 г.) на Ароманецот Г. К. Рожа пронајдени во Велес во 1928 година. – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1994, XIX, 1-2, стр. 153-179.

119. Македонско-црногорске паралеле у употреби придевских заменица ***сви*** *и* ***цели*** / Блаже Конески и Оливера Јашар-Настева. – Црногорско-македонске књижевне, језичке и културне везе : радови са научног скупа, Титоград, 1. и 2. новембар 1988. – Подгорица : Црногорска академија наука и умјетности, 1994, стр. 71-76

120. Местото и улогата на турцизмите во Трлиското евангелие : (Прилог кон проучувањето на турцизмите во

македонските јужни говори). – Македонските дијалекти во Егејска Македонија : научен собир, Скопје 23-24 декември 1991. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1994, стр. 23-60

121. Quelques observations sur le problème actuel de l'emploi de la langue maternelle des minorités nationales dans la République de Macédoine. – Bulletin : Assóciation Internationale d'Etudes de Sud-Est Europeen – Bucarest, 1994-1995, XXIV-XXV, стр. 95-99

1995

122. Интересот и придонесот на Блаже Конески за македонската лексикографија. – Зборник на трудови посветени на академик Блаже Конески. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1995, стр. 133-191

123. Интересот на Григор Прличев за италијанскиот јазик и литература. – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1995, XX, 1-2, стр. 135-151

124. Неколку размислувања за односот на Григор Прличев кон лексичките и фразеолошките елементи во јазикот на "Автобиографијата". – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1995, XX, 1-2, стр. 103-134

125. Семантичко-стилистичка интерпретација на ***каракамен*** *и* ***карасмрт*** *во поетскиот јазик на К. Рацин.* – Македонски јазик – Скопје, 1995, XI-XII, стр. 235-243

126. Уште еднаш за датирањето на Прличевиот превод "Смехуриште на Ариосто". – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1995, XX, 1-2, стр. 153-162

1996

127. Еден предговор на Григор Прличев. – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1996, XXI, 1. – 10 стр.

128. За Иво Андриќ и неговите размислувања за јазикот и стилот. – Studia Linguistica Polono-Meridianoslavica – Скопје, 1996, 8, стр. 209-234.

129. *Искажувањата на Ѓорѓи Пулевски за јазичната ситуација во Македонија.* – Јазиците на почвата на Македонија : прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија. – Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 1996, стр. 33-51. – (Макропроект "Историја на културата на Македонија" : кн. 3.)
130. *Крсте Петков Мисирков за македонската интелигенција и нејзиниот однос кон народностите.* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1996, XXI, 2. – 7 стр.
131. *Неколку искажувања на Григор Прличев за Турците (врз основа на Автобиографијата).* – Прилози МАНУ : Одделение за лингвистика и литературна наука – Скопје, 1996, XXI, 1. – 5 стр.

1997

132. *A Contribution to the Study of the Revival of the Aromanians of Macedonia (Based on an Autographed Manuscript by G. Prličev).* – Balkanistica – Oxford, Mississippi, 1997, 10, str. 241-254.
133. *Еден поглед врз употребата на лексичко-семантичките заемки во говорот на Григор Прличев од 1866 година.* – Зборник во чест на Радмила Угринова-Скаловска : по повод седумдесетгодишнината. – Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет, 1997, стр. 95-106.
134. *Еден социолингвистички поглед врз некои процеси во лексиката на современиот македонски јазик (со посебен осврт на т.).* – Торонто, јуни 1997. – 8 стр.

1998

135. *Местото на романските и балканските јазици во творештвото на полиглотот Прличев.* – Први романистичко-балканистички средби во чест на проф. Божидар Настев, 1998 г. – 25 стр.

ЈАЗИК

УДК 805.90 : 809.198.3
809.198.3 : 805.90

Петар АТАНАСОВ

РОМАНСКО-АЛБАНСКИ ЈАЗИЧНИ ВРСКИ

I. Прашањето на етничкиот супстрат во романскиот и албанскиот јазик

Прашањето на етничкиот супстрат и на романско-албанските јазични врски датира од XVIII век кога лингвистиката сеуште не беше изградила научна методологија за да му пристапи со сета сериозност на ова комплексно прашање. Така, *Тунман*[1], германски лингвист од шведско потекло, е првиот што, врз основа на еден лексички материјал од Теодор Кавалиоти[2] како и на информациите што му ги дал неговиот студент во Хале, ароманецот Константин Хаџи-Чагани во врска со ароманскиот, зборува повеќе интуитивно за допирните точки меѓу романскиот и албанскиот народ и јазик.

Од друга страна, *Ј. Б. Копитар*[3] доаѓа до заклучок дека Романците, Бугарите (сигурно мисли и на Македонците но од познати причини не ги наведува) и Албанците се стари Траки и нивните денешни јазици, од граматичка гледна точка (не и од лексичка), презентираат една единствена форма на говор со три јазични материи. Ваквото размислување на Копитар за единствена јазична форма "eine Sprachform" па дури и за етничко сродство меѓу Романците, Бугарите и Албанците имаше голем одзив кај некои балканолози (Weigand, Sandfeld) верувајќи дека

[1] J. E. Thunmann, *Untersuchungen über die Geschichte der östlichen europäischen Völker*, I. Leipzig, 1774, str. 169-366 (*über die Geschichte und Sprache der Albaner und Walachen).*

[2] Theodor Anastas Cavallioti, ароманец учен од 18 век со длабоки познавања од филозофијата и математиката, автор на *Πρωτοπειρια* (прво учење), Венеција, 1770 и речник на грчки, ароманец и албански јазик со 1170 зборови.

[3] J. B. Kopitar, *Albanische, walachische und Bulgarische Sprache* во "Jahrbücher der Literatur", Wien, XLVI, 1829, стр. 59-106.

тоа ќе најде потврда во балканската лингвистика која во нивните трудови се профилираше веќе како засебна научна дисциплина.

Еден друг австриски лингвист од словенечко потекло, како и Копитар, *Франц Миклошич*[4] придонесе во голема мера за разјаснување на прашањето на супстратот, а во таа светлина, и на романско-албанските јазични врски. Имено, Миклошич смета дека народите што го населувале Балканскиот полуостров (со исклучок на Грците) пред доаѓањето на Римјаните и Словените, се чини дека биле разни рамификации на еден единствен народ што на север се протегал до Карпатите а на северозапад до Истра и кој може да се нарече "трачки". Тој му посветува големо внимание на супстратот во романскиот јазик покажувајќи дека некои "појави во него не можат да се објаснат преку латинскиот јазик; а како што ние сметаме дека во формирањето на романскиот народ и јазик во прв ред придонеле два елемента, едниот римски другиот автохтон, можеме овие особености, ако не сите, повеќето од нив, да му ги припишеме на автохтониот елемент сроден со денешните Албанци што ние ги сметаме за потомци на Илирите"[5]. Така, тој смета дека замената на инфинитивот со коњуктив, падежниот синкретизам меѓу генитивот и дативот, градењето на идното време со помошниот глагол *velle* "сака" + инфинитив, темната самогласка *ă,* ротацизмот во романскиот јазик се должат на влијанието на супстратот, сигнализирајќи истовремено и бројни лексички совпаѓања само меѓу романскиот и албанскиот јазик што значи дека станува збор за елементи од заедничкиот супстрат.

И романските лингвисти од минатиот век му посветуваат внимание на прашањето на супстратот во нивниот јазик и на неговите врски со албанскиот јазик. Така, лексикографот Александру Чихак[6], во вториот том од својот Речник (види фуснота), на страна VIII. наведува 39 албански елементи ("éléments albanais") меѓу кои и оние што се автохтони во романскиот и во албанскиот јазик, сметајќи истовремено дека романската

[4] F. Miklosich, *Die slavischen Elemente im Rumunischen,* во " Denkschriften der Akademie", Wien, Philos.-hist. Klasse, XII, 1862, стр. 1-70.
[5] Idem, *Ibid.* стр. 8.
[6] Alexandre de Cihac, *Dictionnaire d'étymologie daco-roumaine I. Éléments latins,* 1870 ; *II. Éléments slaves, magyars, turcs, grecs-modernes et albanais,* 1879, Frankfurt am Main.

граматика која во својата суштина е латинска има и неколку трако-илирски особености ("quelques particularités thraco-illuriques").

Сепак проблемот на супстратот и сродството меѓу романскиот и албанскиот народ и јазик со посебно внимание беа проучени од страна на најголемиот романски филолог од минатиот век Богдан Петрическу *Хашдеу*[7]. Во списанието *Columna lui Traian* тој пишува: "бидејќи заедничките особености на романскиот и албанскиот јазик не можат да се објаснат преку латински, словенски или други елементи, тие му припаѓаат на трачкиот извор од кој се напоија Албанците преку трако-епирскиот а Романците преку трако-дачкиот дијалект" [8]. Голем приврзеник на теоријата на супстратот, Хашдеу во една друга негова студија под наслов *Strat şi substrat* [9] " пишува: "насекаде историјата ни покажува дека онаму каде еден народ целосно се настанал, таа истовремено ни овозможува да видиме или бегло да забележиме дека под тој народ се наоѓаат остатоци од некој постар народ, освоен или покорен. Секој народ, слично на геолошката почва, е составен од еден денешен слој и од претходни сукцесивни слоеви". Негова заслуга, покрај другото, е што подржувајќи ја енергично теоријата на супстратот, тој останува убеден во етничкиот и територијалниот континуитет, од дачката и дако-романската епоха, на романскиот народ во карпатската област, толку оспоруван од унгарскиот историчар Rösler и од неговите приврзаници, се разбира, од политички причини.

Без да изгради единствена концепција по однос на проблемот на романско-албанските јазични врски, австрискиот компаратист и албанолог *Густав Мејер*, забележа дека што се однесува до предлатинските лексички елементи може да се каже дека некои од нив се постари во романскиот јазик од нивните соответни форми во албанскиот, другите се паралелни во двата јазика а некои од нив се заемки од албанскиот. Ова го води кон заклучокот дека во расветлувањето на овој проблем не треба едноставно да се прифати мислењето дека романскиот ги позајмил старите предромански лексички елементи од

[7] B.P. Hasdeu, "Columna lui Traian", Bucureşti, 1870-1883.
[8] *Ibid.*, 1876, стр. 4.
[9] B. P. Hasdeu, *Etymologicum magnum Romaniae.* Dicţionarul limbii istorice şi poporane a românilor, Bucureşti, I-IV, 1887-1898. III. стр. VI.

албанскиот туку да се води сметка за историско-јазичните реалности пред романизацијата на Балканот.

Авторот на првата научна историја на романскиот јазик, Овид *Денсушиану*[10] зборувајќи за автохтониот елемент смета дека "најнејасното поглавје во историјата на романскиот јазик е влијанието на индигените идиоми врз латинскиот што тој ги замени : тоа е проблем што не ќе може правилно да се разреши бидејќи елементите со кои располага филологијата се недоволни за да можат да одговорат на бројните прашања што се поставуваат" (HLR, I. стр. 8). По однос на лексичките совпаѓања меѓу албанскиот и романскиот јазик, Денсушиану смета дека или станува збор за заемки во романскиот јазик од албанскиот или пак потребни се доволно докази за за да се утврди илирското влијание врз романскиот јазик ; во секој случај, според него, не станува збор за дачки елементи. Што се однесува пак до влијанијата што романскиот јазик ги трпел во Средниот век, тој му придава големо значење на албанското влијание објаснувајќи го преку посредството на ароманското население што емигрирало северно од Дунав а кое пред тоа живеело во контакт со албанско население (HLR I., стр. 356-357).

Неговиот сонародник, Ј.-Аурел *Кандреа*[11] зборувајќи за тесните етнолингвистички врски меѓу романскиот и албанскиот народ, што ги објаснува преку албанско-романската симбиоза, вели : "истиот автохтон супстрат извршил влијание во периодот на нивното формирање и во романскиот и во албанскиот јазик" /.../ " со што се објаснуваат бројните афинитети меѓу нашиот и албанскиот јазик што би било залудно да се бара некакво објаснување за ова на друго место. Романците живееле во една соседна ако не и во иста зона во која живееле и предците на Албанците. Јазикот што автохтоните народи го зборувале во овој регион (Балканскиот полуостров, Банат, Олтенија) извршил силно влијание врз првобитниот романски јазик" [12].

Прашањето на романско-албанскиот супстрат се најде и во вниманието на основачот на балканската лингвистика *Кристијан*

[10] O. Densusianu, *Histoire de la langue roumaine* I. Les origines, Paris, 1901 ; II. Le seizième siècle, Paris, 1938.
[11] Ion-Aurel Candrea (-Hecht)
[12] I.-Aurel Candrea, "Buletinul societăţii filologice", Bucureşti, I. 1905, p. 21-25.

Сандфелд[13] кој по однос на романско-албанските заеднички јазични црти е на мислење дека овие два јазика во едно далечно минато биле во тесна врска [14]. По однос на некои лексички елементи во романскиот како *barză, mazăre, viezure* и др. тој вели дека можат да се прифатат како илирски иако овој јазик многу слабо е познат ; други пак како *bucur-, buză, gata, moş* и други, би биле подоцнешни заемки од албанскиот исто како што романскиот, според него, има и зборови од латинско потекло но позајмени од албанскиот, како *sat* "село" (алб. *fshat*).

Во првата половина на нашиов век, покрај Сандфелд, со прашањето на супстратот во романскиот и албанскиот јазик се занимавале плејада лингвисти како Карл Трајмер, Секстил Пушкариу, Хенрик Бариќ, Норберт Јокл, Теодор Капидан, Ѓорѓе Паску, Ѓорѓе Цуглеа, Лазар Шаинеану, Густав Вајганд, Александру Филипиде, Александру Граур, Петар Скок, Александру Росети, И. Русу, Г. Рајкенкрон, Еќрем Чабеј, Владимир Георгиев, Хараламбие Михаеску, и други.

Проучувањата во овој домен од страна на *Трајмер* покажуваат дека врските меѓу албанскиот и романскиот јазик се должат на фактот што двата народа некогаш живееле во непосредно соседство. Според него, во периодот на формирањето на романскиот јазик, Романците живееле по на југ во заедница со Албанците, заедница што пропаднала поради навалувањето на Словените на Балканскиот полуостров. Трајмер вели дека албанските зборови во романскиот не се позајмени[15] и негова заслуга е што забележал дека албанските елементи во романскиот јазик ги имале истите трансформации како и наследените латински елементи а тоа јасно зборува дека тие се исто толку стари како и латинските, ако не и постари. Со други зборови постоела можност романскиот јазик да наследи автохтони елементи[16] како што наследил и албанскиот а не да ги позајмил од албанскиот.

---

[13] Kristian Sandfeld, *Linguistique balkanique. Problèmes et résultats,* Paris, 1930.

[14] Kristian Sandfeld, *Die nichtlateinischen Bestandteile im Rumänischen* објавен во "Grundriss der Romanischn Philologie", ed. G. Gröber, vol. I, ed. II, Strasbourg, 1904 / 5.

[15] Carl Treimer, *Albanisch und Rumänisch* во "Zeitschrift für romanische Philologie", Halle, 1914, XXXVIII, стр. 387, n. 2.

[16] Ibid., стр. 404.

За *Сексти́л Пушкари́у*[17] неприфатливи се мислењата на Миклошич и Денсушиану кои врз основа на ротацизмот претпоставуваат дека во минатото Романците живееле во близина на Албанците до толку повеќе што во северниот албански дијалект, во гегискиот, ротацизмот отсуствува. Исто така укажува на фактот дека зборови како *mugure, pârâu, gata, strepede, bunget, ghimpe,* што Денсушиану ги смета позајмени од албанскиот преку Ароманците што се населиле во карпатската зона, не постојат во ароманскиот.

Наведувајќи дека некои од зборовите што ги приведува Пушкариу постојат и во ароманскиот, еминентниот балканолог од аромaнско потекло *Теодор Капидан* врши една опстојна анализа на врските меѓу ароманскиот дијалект и албанскиот јазик во неговиот труд *Raporturile albano-române*[18]. Овдека тој ни дава една стратификација на заедничките елементи во двата јазика разликувајќи три категории : аромански зборови позајмени од албанскиот, меѓу кои и автохтони, зборови со заедничко потекло и балканизми. Врз основа на албанско-романските елементи од заедничко потекло, Капидан доаѓа до заклучок дека "освен контактот меѓу Романците и Албанците во римскиот период, се чини дека постоело нешто, и пред овие односи, што почнало, може би, или од блискиот контакт, или, на места, и од идентичноста на автохтониот елемент" (*Dacoromania,* II. стр. 483). Со други зборови, тој му придава големо значење на предримското влијание, т.е. на супстратот.

Во почетокот на овој век сé повеќе и повеќе се наметнува мислењето (*Ѓорце Паску*, *Ѓорце Цуглеа*) дека предлатинскиот автохтон елемент постои во романскиот јазик иако тешко било со прецизност да се докаже. Спротивно на ова мислење се јавува тезата на *Лазар Шаинеану*, познат лексикограф и филолог, според која е исклучено секакво постоење на елементи директно од предримскиот супстрат во романскиот јазик. Тој е на мислење дека станува збор за заемки од албанскиот јазик во романскиот и тоа со аромaнско посредство : "потомците на старите Илири, Албанците уште рано пренеле одреден број на албанизми во јазикот на Романците од Македонија, а овие потоа ги пренеле во

[17] Sextil Puşcariu, *Zur Rekonstrution des Urrumänischen* во "Zeitschrift für romanische Philologie, Halle, Beiheft XXVI, 1910.

[18] објавен во "Dacoromania", II. стр. 444-554.

јазикот на Романците од Дакија како што се : *bucura, bunger, ceafă, cioc, copac, copil, curpen, ghimpe, gresie, groapă, măgură, moş, mugur, năpârcă, pârâu, sâmbure, ţap, ţarc"* [19].

И *Вајганд* зборува за "преселба на албански елементи" во Ердељ, мислење што останува во сферата на чисти претпоставки како што беа и оние дека Албанците се потомци на Траките а не на Илирите и сметајќи дека трачкиот јазик бил речиси еднаков со албанскиот јазик, т.е. една постара фаза на албанскиот.

Во II том од неговиот обемен труд *Originea Românilor,* Ал. *Филипиде*[20] дава мошне широк опис на врските меѓу албанскиот и романскиот јазик (фонетски, морфолошки, синтаксички, лексички) доаѓајќи до една цифра од 211 зборови присутни во двата јазика, од кои 185 не се од латинско потекло. Сепак тој заклучува дека мал е бројот на лексичките елементи што овие два јазика меѓусебно ги позајмиле еден од друг, што значи дека Филипиде се изјаснува за постоење на наследени зборови од супстратот во овие јазици.

Ал. *Росети* [21] вториот том од својата *Историја на романскиот јазик* им го посветува на балканските јазици и на страна 6 можеме да прочитаме : " во третирањето на 'балканските' елементи тешкотиите се наоѓаат пред сé во определувањето на самиот материјал за проучување, бидејќи станува збор за "нејасна материја" заради недоволното познавање на старите предримски народи и јазици на Балканот". За него, "ако латинскиот карактер на романскиот јазик е неоспорен факт, не помалку е вистина дека романскиот е и балкански јазик" (стр.29). По однос на вокабуларот и поточно за зборовите задржани од предлатинскиот период Росети вели : " овие зборови доаѓаат од јазик што некогаш се зборувал на Балканскиот Полуостров и кој оставил како траги за своето постоење елементи во вокабуларот на романскиот јазик. Во денешната состојба на нашите познавања, неможејќи да дадеме некакви прецизирања по однос на тој јазик, треба да се задоволиме со тоа

[19] Lazăr Şăineanu, *Dicţionar universal al limbii române,* ed. VIII. Craiova, стр. XXVI.
[20] All. Philippide, *Originea românilor.* I. Ce spun izvoarele istorice. Iaşi, 1923 (1925). II. Ce spun limbile română şi albaneză. Iaşi, 1925 (1928), стр. 571-802.
[21] Al. Rosetti, *Istoria limbii române.* (de la origini până în secolul al XVII-lea), Bucureşti, 1968.

да ги споредиме романските зборови со оние од албанскиот јазик, објаснувајќи ги, значи, преку еден заеднички критериум". По однос на заемките од албанскиот јазик, за кои се изјаснија повеќе лингвисти и балканолози, Росети додава дека "албанската цивилизација во средниот век со ништо не оправдува едно такво влијание врз другите народи од Балканскиот Полуостров" (стр. 104-105). И повеќе од тоа, тој смета дека позајмувањето на зборови од еден јазик во друг е ограничено на неколку случаи (технички термини, термини од сточарската терминологија) и дека во случајот на романскиот и албанскиот јазик треба да се тргне "од индоевропската фаза".

Да го изнесеме и мислењето на двајца познати албанолози, виенскиот компаратист *Норберт Јокл* [22] и на албанскиот филолог *Еќрем Чабеј* [23] кои презентираат исти тези по однос на овој проблем. За Јокл, чие мислење прераснува во догма, сите предлатински зборови во романскиот се заемки од албанскиот и дека сé што е предлатинско во карпатско-балканската зона се нарекува "албанско" што значи дека во романскиот не постојат автохтони елементи наследени од трако-дачкиот супстрат.

Слично на Јокл, Е. Чабеј во заедничките предлатински зборови на двата јазика гледа "заемки" на романскиот од албанскиот јазик со забелешката дека "она што за романскиот може да претставува супстрат, за албанскиот е само една претходна стара фаза".

На крајот од овој сумарен преглед во поглед на местото и значењето на автохтониот балкански супстрат во романскиот и албанскиот јазик ќе го изнесеме и мислењето на познатиот бугарски индоевропеист *Владимир Георгиев* [24] кој тврди дека романскиот има околу 100 зборови кои се среќаваат само во албанскиот јазик и чијашто фонетска форма е таква што не можат да се објаснат како заемки од албанскиот јазик туку тие се позајмени од дако-мезискиот супстрат, а во албанскиот се директно наследени од дако-мезискиот. Тоа значи дека потеклото на албанскиот јазик тој го наоѓа во дако-мезискиот јазик. Иако не

---

[22] Norbert Jokl, *Linguistisch-kulturhistorische Untersuchungen aus dem Bereiche des Albanischen*, Berlin, Lepzig, 1923.

[23] Eqrem Çabej, *Unele probleme ale istoriei limbii albanese* во SCL, X, 1959, p. 527-560.

[24] Vl. Georgiev, *Sur l'ethnogenèse des peuples balkaniques, le dace, l'albanais et le roumain* во SCL, III, 1961, стр. 23-27.

мора да е точна оваа теорија зашто нема докази за директното потекло на албанскиот од дако-мезискиот, мислењето на Георгиев дека романскиот и албанскиот јазик имале заеднички супстрат е реалност.

Сумирајќи ги сите овие искажувања на познатите лингвисти, индоевропеисти и балканолози од XIX и XX век по однос на супстратот во романскиот и албанскиот јазик, можеме да заклучиме дека тие се различни по однос на интерпретацијата на проблемот што секако зависело од степенот на развојот на самата лингвистичка наука во овој период, од нивната теоретска подготвеност, од нивната парцијалност во познавањето на некои од балканските јазици па дури и од нивната пристрасност но едно е сигурно а тоа е дека сите се сложуваат по однос на суштественото : романскиот исто како и албанскиот поседуваат лексички елементи што му претходат на периодот на романизацијата и кои доаѓаат од автохтониот супстрат, нарекуван од едни трако-дачки а од други трако-илирски. Сложеноста на проблемот доаѓа оттаму што за неговото правилно разрешување недостасуваат писмени докази од трачкиот, мезискиот, дачкиот и илирскиот јазик кои се крајно оскудни.

Што се однесува пак до расветлувањето на одделни аспекти од балканската проблематика треба да се истакне и неомнениот придонес на македонските балканолози Оливера Јашар-Настева, Блаже Конески, Божидар Настев, Борис Марков и други.

II. Заедничките јазични елементи на романскиот и албанскиот јазик

Пред да ги разгледаме заедничките јазични елементи на овие два јазика, потребно е да прецизираме дека романскиот јазик го разгледуваме во четирите неговите денешни хипостази : дако-романскиот, ароманскиот, мегленороманскиот и истроромански кои во периодот на формирањето на романскиот јазик биле составни делови на иста јазична целина.

Заедничките јазични елементи на романскиот и албанскиот јазик се огледуваат во сите делови на јазикот, во фонетиката, морфологијата и синтаксата но она што особено не

интересира тоа се автохтоните лексички елементи во двата јазика. Ако фонетските, морфолошките или синтаксичките совпаѓања можат да се сретнат и во некои други балкански јазици, и тогаш можеме да зборуваме за балканизми, лексичките елементи што се резултат на автохтониот супстрат се карактеристика само на овие два јазика.

А. Во **фонетиката** констатираме низа совпаѓања меѓу кои ќе ги истакнеме:

1. гласот ă во романскиот (*sănătate* "здравје", *cămaşă* "кошула) се среќава и во албанскиот како ë (*shëndet* "здравје", *këmishë* "кошула"), потоа во бугарскиот, во некои македонски дијалекти и во северногрчкиот во заемки од турскиот јазик. Некои од лингвистите (Миклошич, Сандфелд, Росети и др.) сметаат дека овој глас ги има своите корени во балканскиот супстрат а други (Денсушиану, Петрович) се на мислење дека станува збор за спонтана, независна појава што датира од понов период. Од друга страна, Г. Бранкуш[25] смета дека ë во албанскиот е многу стар глас што доаѓа директно од јазикот што го зборувале претците на Албанците додека пак во романскиот тој доаѓа од супстратот но како таков претходно минал во народниот латински што се проширил на Балканот и од кој потекнува романскиот јазик. Ова мислење може да биде поткрепено и од алтернациите на вокалите ***a / e*** во тракискиот и илирскиот јазик, во писменото претставување на сопствените имиња, појава што се среќава и во современите балкански јазици[26].

2. Пред назален консонант лат. ***a*** се затвора во двата јазика со тоа што во дакороманскиот и во некои аромански говори разликуваме два степена на затвореност на овој глас : полузатворен ***ă*** и затворен ***î, â*** што значи дека затвореният глас се развил многу подоцна исполнувајќи ја целосно серијата вокали од среден ред : ром. *cântec* "песна", *cântător* "пејач", *câmp* "поле" ; алб. *këngë* "песна", *këngëtar* "пејач", *këmbë* "нога". Со други зборови можеме да проследиме иста еволуција на овој вокал во

[25] Brîncuşi, G., *Albano-romanica* III. *Vocala ă în română şi albaneză* во SCL XXIV, 3, Bucureşti, 1973, p. 291-296.

[26] Poghirc C., *La valeur phonétique de l'oscillation graphique a / e à la lumière des données des langues balkaniques modernes* во "Studii clasice" III. Bucureşti, p. 33-37.

посочената позиција во двата јазика во зборовите од латинско потекло.

3. Краткото латинско **u** се задржало во двата јазика за разлика од западните романски јазици каде преминало во **o** и тоа уште во фазата на латинскиот народен јазик. На пр. лат. * *excurtus* "краток, 'кус" > ром. *scurt,* алб. *shkurt ;* лат. *fundus* "дно" > ром. *fund,* алб. *fund* (cf. ит., шп. *corto, fondo,* фр. *court,* стфр. *cort ; fond*).

4. Романскиот и албанскиот јазик го лабијализирале ***к*** од латинските консонантски групи ***ct*** и ***cs (x),*** во определени услови, а во албанскиот постои и вокализација на ***к*** : лат. *lucta* > ром. *luptă,* алб. *luftë* ; лат. *directus* > ром. *drept,* алб. *dreitë ;* лат. *coxa* > ром. *coapsă,* алб. *kofshë,* идр.

5. Романскиот и албанскиот јазик имаат и заедничка еволуција по однос на лат. збор *caballus.* И во едниот и во другиот јазик од тросложен тој стана едносложен збор : ром. *cal,* алб. *kal* (cf. фр. *cheval,* ит. *cavallo,* шп. *caballo,* порт. *cavalo*).

Б. Да наведеме и неколку примери на **морфосинтаксички** совпаѓања меѓу романскиот и албанскиот јазик :

6. Во романскиот, поточно во мегленороманскиот и ароманскиот, латинскиот суфикс **-onia** послужил за градење на именки од женски род со додавање на суфиксот на формата од машки род : мегл., ар. *lup* " волк"- *lupoańă* "волчица" ; *urs* " мечка" - *ursoańă* "мечка (женка)", мегл., ар. *turcu* "Турчин" - *turcoańă* "Турчинка". Во ароманскиот суфиксот се проширил и кај имеките од грчко потекло : *văsilé* "крал" - *văsiloańă* "кралица" ; алб. *ujk* "волк" - *ujkonjë* "волчица".

7. Градењето на прилозите од именки се врши и во романскиот и во албанскиот јазик со помош на ист суфикс : -eşte во романскиот, и **-isht** во албанскиот : ром. *omeneşte"* човечки", алб. *njerzisht* "човечки" ; ром. *ciobăneşte* "овчарски, на овчарски начин", алб. *çobanisht* "овчарски" ; ром. *greceşte* "грчки", "на грчки начин" - алб. *greqisht* "грчки", "на грчки начин".

8. Во двата јазика, минатиот партицип, односно супинот во романскиот јазик, се употребува наместо инфинитивот што го

среќаваме во голем број јазици со глаголска вредност или наместо глаголската именка како што е случај во македонскиот јазик. Така на алб. *është çmendur për të lidhur* "е луд за врзување / да го врзеш" му одговара во романскиот *nebun de legat.* Во оваа конструкција во алб. *të lidhurë,* партиципот е употребен со значење за среден род, додека во романскиот *de legat* е супинот (cf. фр. *fou à lier*, ит. *pazzo da legare,* шп. *loco de atar*).

9. Појавата на постпозитивниот член во албанскиот и романскиот јазик секако е од постар датум во споредба со истата појава во македонскиот и бугарскиот јазик. Познато е дека уште од времето на првите преводи на библиските книги од грчки на латински, демонстративите се употребуваат наместо членот од грчкиот јазик, појава што зела уште поголем замав во народниот латински јазик. Сепак, сметаме дека за самата топика на членот во романскиот јазик, со што тој се разликува од другите романски јазици, најверојатно повлијаел автохтониот супстрат што се поткрепува со присуството на постпозитивниот член во албанскиот како денешна хипостаза на еден од тие стари предлатински јазици на Балканот. Од своја страна, албанскиот и особено романскиот извршиле влијание врз бугарскиот и македонскиот во поглед на појавата на постпозитивниот член кои воедно се и единствените претставници од словенската фамилија на јазици што ја познаваат оваа граматичка категорија.

10. Во романските конструкции во кои придавката што определува членувана или сопствена именка стои зад именката, пред таквиот детерминант се употребува показен односно придавски член (articol demonstrativ / adjectival). Истата конструкција ја среќаваме и во албанскиот : ром. *Apa cea mare,* алб. *Uji i madh* "Големата вода" (Ж. Чинго), *Alexandru cel mare,* алб. *Leka i Madh* "Александар Велики", *Mircea cel Bătrân, "* Мирче Стариот" (од кого загина Марко Крале, во битката кај Ровине) ; алб. *jeta e re* "нов живот". и др.

11. Совпаѓање меѓу романскиот и албанскиот јазик имаме и во начинот на правење на множината кај некои именки. Познато е дека романскиот е единствениот романски јазик што има среден род а тоа е комбинација на именка од машки род во еднина и женски род во множина познат уште и под називот ambigen и eterogen : *loc* "место" - *locuri* "места", *cuvânt* " збор" -

cuvinte "зборови", *bilet* "билет" - *bilete* "билети", и тн. Истата појава ја среќаваме и во албанскиот : *pallat* "палата" - *pallate* "палати", *vend* "место" - *vende* "места", зборови од машки род во еднина, но во множина добиваат наставка за женски род. Ова не е својствено само на овие два јазика зашто појавата се среќава и во италијанскиот : *muro - muri* но и *mura ; labbro - labbri* но и *labbra* , се разбира семантички различни, а постоела и во латинскиот јазик каде множината *loca* (од еднината *locus)* со значење "места што се надоврзуваат како синџир" , придобивала димензиска вредност.

12. Имињата на места / градови што во македонскиот завршуваат на **-о,** во членуваната форма во албанскиот и романскиот завршуваат на **-а** : Тетово, алб. *Tetova,* ром., ар., мегл. *Tetova ;* Куманово, *alb. Kumanova,* ром., ар., мегл. *Cumanova* : мегл. *vinii din Cumanuva, din Tetuva,* ар. *vinii dit Cumanuva, dit Tetuva,* алб.

Г. Како што и погоре нагласивме прашањето на заедничките **лексички елементи** од автохтониот супстрат во романскиот и албанскиот јазик одамна го привлекло вниманието на лингвистите индоевропеисти и балканолози и воглавно врз овој елемент се темелат сите теории и мислења во врска со потеклото на албанскиот народ, со првобитната татковина на албанскиот народ, како и со територијата на која се формирал романскиот јазик.

Албанскиот лексички елемент во романскиот јазик може да биде резултат на влијание извршено во три различни периоди и тоа :

а) еден стар период од која датираат низа лексички елементи што се наследени од автохтониот супстрат (за албанскиот тоа се лексички елементи што минале од старата во новата фаза од развојот на албанскиот јазик).

b) еден понов период

c) и еден најнов во кој албанското влијание е ограничено само на локалниот фаршеротски говор на ароманскиот дијалект.

Автохтони романски зборови чии соответни форми ги среќаваме во албанскиот јазик се : ром. *abure* "пара", "пареа", алб. *avull* "пара, пареа"; ром. *argea,* "голема покриена четвртаста дупка во која лете се ткае а зиме се стават кошниците со пчели" алб.

argali дијал. "разбој" ; *baci* "бач", "главен сточар", алб. *baç* "бач" ; *balaur* "змеј" (од кој во аром. потекнува антропонимот *Balaur* како и неговата грчка варијанта *Valaori(tes),* алб. *bollë* "змија" ("grosse Schlange") ; ром., мегл., ар. *baligă* " говедска лепешка", "лепешка од крупен добиток", алб. *bajgë* ; ром., мегл., ар. *baltă* "езеро", "вир", алб. *baltë* "кал", "тиња", "мочуриште" ; ром., мегл. *barz* ", аром. *bardzu* пепеласт", што има пепеласта боја", (најмногу за кози) чија кожа е шарена, со бели и црни дамки", алб. *bardhë* "бел" ; ром., мегл.. ар. *bască* "острижено руно", алб. *bashkë* "руно" ; ром., мегл., ар. *brad* "елка", алб. *bredh* "елка" ; ром. *brâu,* мегл. *brăn, brọ̀n,* ар. *brăn,* истр. *brăv, brăvu, brău, bârvu* "појас", алб. *brez* "појас", "генерација" ; ром. *brusture* " (бот.) "чичок", 'чичка", алб. *brushtullë* "чичок" ; ром. *a (se) bucura, bucurie, bucuros,* мегл., *bucurari, bucuriĺă, bucuros* " (се) радува, радост, радосен", алб. *zbukuroj, bukuri, bukur* "разубавува", "убавина", "убав". И покрај различните значења, идентичноста на последниве зборови во двата јазика е очигледна ; ром. *bunget* " густа шума", "честар", алб. *bung* "даб" ; ром. , мегл. *buză,* ар. *budză* "усна", алб. *buzë* "усна" ; ром., ар. *căciulă,* мегл. *căciulă, căciuą* "капа" , алб. *këwhile* "капа" ; ром., мегл. *căpuşă,* ар. *căpuşe, câpuşă* "крлеж", алб. *këpushë* "крлеж" ; ром., ар. *căpută* "горниот кожен дел од чевелот од глезната до прстите", алб. *këpucë* "чевел" ; ром., мегл., ар., истр. *cătun* "село", "планинско село", алб. *katund* "село" ; ром. *copac* , мегл. *cupač,* ар. *cupačiu,* истр. *cupaţ* " дрво", трупец од бука или даб", алб. *kopaçe* "трупец" ; ром. *a cruţa* " поштедува", "опростува", алб. *kursej* "штеди, заштедува" ; rom. *a curma* "прекинува, "пресекува", мегл. *curmari* " одделува", "прекинува", ар. *curmu* "изморува", "одбива од цицање", алб. *kurmue* " дели на делови" ; ром., ар. *cúrpen,* мегл. *cúrpin, curpăn* "растение што ползи обвивајќи го стеблото и гранките на некое дрво", *kulpër, kulpëre, kurpen* "повит, павит, растение што ползи по стеблата на дрвјата" ; ром., ар., мегл. *daş* "домашно / дресирано јагне", алб. *dash* "овен" ; ром. *druete* " дебело и кратко дрво", "трупец", алб. *dru* "дрво", ром. *fărâmă* " ар. *sârmă* "трошка", алб. *thërrime* "трошка" ; ром. *gard,* мегл. *gard(u),* ар. *gardu* "плет", "плот", "ограда", алб. *gardh* "плет", "плот" ; ром. *gardină* "вдлабнатина на краиштата од штиците од едно буре во која влегуваат штиците од дното", "раб од паларија / шешир", алб. *gardhen* "бразда" ; ром. *gata* "готов", "завршен", алб. *gati* "готов", тоск. *gatuaj,* гег. *gatuej, gatoj* "готви", "приготвува", "спрема", "меси" ; ром. *gălbează,* аром.

gălbadză, gălbeadză "метил" (болест кај овците), алб. *këlbazë, gëlbazë* "метил" ; ром. *ghimpe* "трн", алб. *gjemb, gljimp,* гег. *gëm* "три" ; ром. *ghiogă* " "стап", "суровица", "боздоган", ар. *cl'oagă, gl'oagă* "овчарски стап", алб. *kl'okë, këll'okë* " " ; ром. *grapă,* ар. *grepu* "јадица", алб. *grep* "јадица", "кука"; ром. *gresie,* ар. *grease,* истр. *grẹsă* "камеи за острење", алб. *gris, gërris, gëresë* " " ; ром., ар., мегл. *groapă,* истр. *gropă* "дупка", "гроб", алб. *gropë* "дупка" ; ром. *grumaz ,* ар. *gurmadz, grumadzu* "шија", "врат", "тил" , "грло", алб. *gurmaz* "грло","грклан"; ром. *grunz* "парче од некоја материја што се дроби", ар. *grundă, grundză* "парче", (на Олимп) *grândză* "трици", алб. *krundë* "трици"; ром., ар., мегл. *guşă* "гуша", алб. gushë ; ром, ар., истр. *mal* "морски брег", рид", "издигнато место", падина од рид", алб. *mal* "гора", "планина" ; ром. *mazăre* "грашок" ар. *madzăre, madzâre, măzeruică, mădziricle,* мегл. *măzăricl'ă* "глушина", "граорица", алб. *modhull, modhë,* граорица" ; ром., ар. *măgură* "ритче", "могила" издигнатина", истр. топон. *Măgură,* алб. *magullë, gamulë, gomile* "могила", "ритче" ; ром. *mărat* "јаден", "беден", "несреќен", ар. *mărat(u), marat,* алб. *mjerë* "јаден", "беден", "несреќен" ; ром. *mătură,* ар. , мегл. *metură,* истр. *meturę* "метла", алб. *netull* "метла" ; ром. *mânz,* ар. *mândzu,* мегл. *mănḑu, mănz, mo̧nz* "ждребе", алб. *mëz* "ждребе" ; ром. , мегл., истр. *moş,* ар. *moş, auş* "стар", старец", алб. *moshë* "старост" ; ром. *mugure* ", мегл. *muguri* "пупка", алб. *mugull* "пупка", "ембрион" ; ром. *murg* , ар. *murgu, amurgu,* мегл. *murg, murgu* "мургав", "црномурен", алб. *murg* "црн", "црнобоен", "сив" ; ром. *năpârcă* ", ар. *năpărtică, năpârtică* мегл. *năprătică, năpro̧tcă*"отровна змија", алб. *nepërkë,* (Кавалиоти) *nepërtkë* "отровна змија" ; ром. *păstaie,* ар. *pistal'e, păstal'e* "мешунка", "шишарка", алб. *bishtajë* "мешунка","шишарка" ; ром. *pârâu* "поток", "рекичка", алб. *përrua* "речно корито", 'поток", "река" ; ром. *pururea* "постојано" , "секогаш", "вечно", алб. *përherë* "секогаш", "вечно", "постојано" ; ром. *rânză,* ар. *rândză, arândză,* истр. *rănză, rănzę* "стомак", "желудник", алб. *rëndës* "сириште", "маја" ; ром. *sarbăd, saerbăd* "без вкус", "блуткав", кисел, скиселен, ар. *salbit, sărpit,* алб. *tharbët* кисел" ; ром. *a scăpăra* "сека со кремен камен за да предизвика искра", "испушта искри", ар. *ascapir, ascăpirare,* алб. *shkrep* "сека со кремен камен", "испушта искри" ; ром., ар., мегл. *scrum* "изгорено", "пепел", саѓа", алб. *shkrumb* "изгорено", прегорено", "саѓа" ; ром. *sâmbure,* ар. *sâmburu,* мегл. *sămburi, sọmburi,* истр. *sămbur* "јатка", алб. *sumbull* "пупка" ; ром.

spânz, ар. *spingiu,* мегл. *sprenğu* "кукурек", алб. *shpendër* "кукурек" ; ром. *sterp,* ар. *sterpu,* мегл *sterp, sterpu* "јалов", алб. *shterpë* ; ром. *strepede,* мегл. *streapidi* "црв што се појавува во сирењето", алб. *shtrep* "црв што се појавува во сирењето" ; ром., ар., мегл., истр. *strungă* "страга" (низ која минуваат овците и козите при молзењето), алб. *shtrungë* "страга" ; ром. *şale,* ар. *şale* "крст, половина на телото", алб. *shalë,* бедро" ; ром., ар., мегл., истр. *ţap* "јарец", алб. *cjap* ; ром. *ţarc,* ар. *ţarcu* "ограда за добиток", "трло", алб. *thark* "оградено место","кочина"; ром., ар., мегл., истр. *vatră* "огниште", "дом", "живеалиште", алб. *vatër* "огниште", "дом", "живеалиште" ; ром. *vătui,* ар. *vituľu,* мегл. *vituľ, vituj* "јаре од една година", алб. *ftujë* "јаре од една година" ; ром. *viezure,* ар. *yedzăre,* во Охрид *vizur, v'edzură* "јазовец", алб. *vjedull* "јазовец" ; ром. *zgardă* "каиш околу вратот на кучињата или на други домашни животни", алб. *shkardhë* "долг стап што му се врзува на вратот од кучето за да не касне некого" ; ром. *a zgâria,* ар. *sgâir,* мегл. *zgăirari* "греба", "изгребува", алб. *shk'er.*

Како заедничка црта на албанскиот и романскиот, поконкретно на дакороманскиот е и **ротацизмот** т.е преминот во интервокална позиција на назалот ***n*** во ***r*** , појава што не се среќава во ароманскиот и мегленороманскиот но присутна во истророманскиот : лат. *minutum* > ром. *mărunt* "ситен", дребен"; лат. *canutum* > ром. *cărunt* "просед", "кој има седа коса" ; лат. *bonum* > истр. *bur* ; лат. *vinum* > алб. *verë.*

Во вториот период извршено е албанско влијание врз ароманскиот и овие албански лексички елементи ги среќаваме во сите аромански говори. Имајќи предвид дека и ароманското и албанското население живеело претежно во планински населби, што значи дека нивното главно занимање било сточарството, албанското влијание врз ароманскиот во овој период се огледува исклучително во доменот на сточарската терминологија. Еве неколку од овие заемки : ар. *baľu* "коњ со бела дамка на челото", алб. *balash, balosh* ; ар. *bană* "живот", алб. *banë* "живеење" ; ар. *bănedzu* "живее", алб. *banoj* " живее", "е на стан" ; ар. *bucuvală* "јадење од леб, путер и сирење, приготвено на оган", алб. *bukëvalë*; ар. *ģiză* "урда", алб. *gjizë* "урда" ; ар. *ľar* " (за овци и кучиња) " шарен", "дамкосан", алб. *lara* "шарен", "дамкосан" ; ар. *minduescu* "мисли", "размислува", алб. *mendoj* " мисли","размислува" и др.

Третиот период го опфаќа влијанието на албанскиот јазик врз ароманскиот (фаршеротските говори) што се зборува само во Албанија. Станува збор за лексички елементи што се навлезени во ароманскиот по учен пат, т.е. се јавуваат во делата на ароманските писатели од 18 век и пред се по конституирањето на Албанија како држава, кога врските на Ароманците од Албанија се прекинати со другите Ароманци што живеат во Грција, Македонија, Бугарија и Србија, а што особено дојде до израз во социјалистичкиот период кога Албанија беше херметички затворена. Нивниот број е прилично голем но ние ќе наведеме само некои од нив : ар. *căpusescu* "заплашувам", "се заканувам", алб. *kanos, kanosem* "заплашува", "се заканува" ; ар. *răzuescu* "руши", "урива", алб. *rrëzoj* "руши","урива" ; ар. *rucuescu* "фаќам","држам", алб. *rrok* "фаќам" ; ар. *vălment* "разбој", алб. *avlëmënt* "разбој", и други.

За одбележување е и фактот што во дакороманскиот и во албанскиот постои прилично голем број на латински зборови кои, повеќето од нив, не се среќаваат во западните романски јазици а што е уште поинтересно тие зборови не се среќаваат во ароманскиот. Ова јасно зборува дека, во периодот на формирањето на романскиот јазик, блискоста меѓу Албанците и Романците што живееле северно од Дунав била многу поголема одошто меѓу Албанците и Романците јужно од Дунав, односно Ароманците и Мегленороманците. Еве некои од овие зборови : лат. *admissarius* > ром. *armăsar,* алб. *harmëshor, hamshor* "пастув", "ајгар", "нескопен коњ" ; лат. *avunculum* > ром. *unchi* , алб. *ungji* "чичко", "стрико" ; лат. *circare* > ром. *cerca,* алб. *kërkoj* "бара", "настојува", "се обидува" ; лат. *fossatum* > ром. *sat,* алб. *fshat* "село" ; лат. *fructus* > ром. *frupt,* алб. *frut, fryt* "плод" ; лат. *invitare* > ром. *invita,* алб. *ftoj* "кани", "поканува" ; лат. *natura* > ром. *natură,* алб. *natyrë* "природа" ; лат. *pacem* > ром. *pace,* алб. *paqë* "мир" ; лат. *curtus* > ром. *scurt* "краток", алб. *shkurt*"февруари" (ар. *şcurtu* "февруари" е заемка од албанскиот) ; лат. *angelus* > ром. *înger* , алб. *engjëll* "ангел" ; лат. *similare* > ром. *semăna,* алб. *shëmbëllej* "личи" ; лат. *status* > ром. *stat, statură,* алб. *shtat* "става","тело" ; лат. * *excambiare* > ром. *schimba,* алб. *shkëmbej* "менува", "разменува","променува" ; лат. *vadum* > ром. *vad,* алб. *va* "премин на река", "место кајшто се гази реката" ; лат. *iudex* > ром. *jude*

"судија", "селски кмет", алб. *gjyq* "суд", "парница", "спор" ; лат. *tempora* > ром. *târnplă*, алб. *tëmth* "слепоочница", и други.

Свесни дека еден посериозен пристап кон оваа сложена проблематика може да дојде единствено од страна на познавачите на класичните како и на истражувачите на исчезнатите индоевропски јазици од балканскиот ареал, се разбира и на романскиот и албанскиот јазик, нашата цел во овој труд беше само да набележиме некои заеднички лексички елементи на романскиот и албанскиот јазик што своите корени ги имаат во автохтониот супстрат што исто така повлијаел и на паралелниот развој и на одреден број фонетски и морфолошко-синтаксички црти во двата јазика.

Кратенки:

алб.	албански
ар.	аромански
ит.	италијански
истр.	истроромански
лат.	латински
мегл.	мегленороманski
ром.	романски
стфр.	старофранцуски
фр.	француски
шп.	шпански

Petar Atanasov

RELATIONS LINGUISTIQUES ENTRE LE ROUMAIN ET L'ALBANAIS

Résumé

Dans le présent article, l'auteur s'attarde sur les relations linguistiques séculaires existant entre le roumain et l'albanais dues au contact que les deux peuples ont eu avant l'arrivée des slaves. Le travail comprend deux volets : le premier traite du problème des théories concernant le substrat commun de ces deux langues ainsi que l'origine des deux peuples, émises par un grand nombre de linguistes roumains, albanais et européens, spécialistes en linguistique balkanique et indoeuropéenne ; le deuxième aborde les questions purement linguistiques, notamment les traits communs du roumain et de l'albanais dans tous les secteurs de la langue. Quant à la question de l'origine du peuple albanais, ces théories ne concordent pas toujours. Le problème reste épineux faute de documents linguistiques des langues du substrat balkanique.

Les concordances phonétiques (la présence de la voyelle de la série médiale *ă* en roumain, respectivement *ë* en albanais, le passage du *a* latin devant une consonne nasale en *ă, â* c'est-à-dire *ë* : roum. *cântic, cântec,* alb. *këngе* "chant", "chanson", le maintien du *ŭ* latin court dans les deux langues : lat. **excŭrtus* > roum. *scurt,* alb. *shkurt* "court") et morphologiques (maintien du suffixe latin *-onia* > roum. dial. *lupoańă,* alb. *ujkonjë* "louve" ; les adverbes dérivés des substantifs font usage du même suffixe : roum. *omeneşte,* alb. *njerzisht* "humainement" ; l'article postposé ainsi que des constructions propres à ces deux langues balkaniques : roum. *Alexandru cel Mare,* alb. *Leka i Madh* "Alexandre le Grand") mais surtout le lot important de mots communs, hérités du substrat traco-dace et traco-illyrien, qui font défaut dans le reste des langues balkaniques, sont une preuve indéniable que les Roumains et les Albanais, avant l'arrivée des Slaves, entretenaient des contacts directs. L'influence de l'albanais sur le roumain se fait sentir aujourd'hui encore dans le domaine du vocabulaire de l'aroumain, parlé par un nombre considérable d'aroumains vivant dans le Midi de l'Albanie.

УДК 803.0-56

Pavel BORISSEWITSCH

ZUR PROZESSUALEN INTERPRETATION DER SATZBAUPLÄNE

1. Satzkonstruktionsprozess und Sprachstratifikation

Ein Satz liegt nicht fertig vor im mentalen Lexikon, er kann nicht (wie die Wörter) einfach abgerufen und in die Kommunikation eingesetzt werden. Ein Satz muss "gesetzt", aufgebaut werden. Sätze müssen immer wieder von neuem nach syntaktischen, semantischen und phonologischen Regeln konstruiert werden.

Im Satzkonstruktionsprozess können mehrere Etappen differenziert werden:

1. ***Entwurf*** eines Konstruktionsplans, d.h. eines ***Satzbauplans***

2. ***Projektion*** des Satzbauplans ***auf die Tiefenstruktur des Satzes***

3. Aufbereitung ***sprachlicher Elemente*** für den Satzbau

4. Festlegung der Verbindungen, d.h. ***syntaktischen Relationen*** zwischen den Bauelementen

5. Verknüpfung der sprachlichen Bauelemente zu ***Konstruktionen.***

6. Projektion des Satzbauplans über die Tiefenstruktur ***auf die lineare Kette*** des Satzes

Der Satzbauplan spielt auf allen Etappen des Satzkonstruktionsprozesses eine Rolle, insbesondere in den Etappen des Entwerfens (1) und der Projektion (2), (6).

Es wird allgemein angenommen, dass sich die Sprache in Strata, d.h. Schichten oder Ebenen gliedert. Diese Gliederung durchdringt alle Einheiten und Subsysteme der Sprache; insbesondere der Satz weist alle Aspekte der Stratifikation auf.

Wir betrachten zunächst die Stratifikation der Sprache in der traditionellen Grammatik nach funktional-hiearchischen Teil-Ganzes-Kriterien. Das ist die natürliche Gliederung der Sprache in Texte, Sätze, Wortgruppen, Wörter, Morpheme, Lautkombinationen, elementare Sprachlaute (Phoneme):

Sprachzeichen	Sprachebene
Phonem Phonemkombination	Subzeichenebene
Spracheinheit	Zeichenebene
Morphem Wort	Ebene abrufbarer Zeichen
Wortgruppe	bedingt abrufbare Zeichen
Sprach- und Redeeinheit	stets von neuem konstruierte Zeichensysteme
Satz Text	Superzeichen

Der **Satz** ist die minimale Sprachzeichen-Konstruktion, die alle anderen Konstruktionen und Elemente der vorausgehenden Ebenen enthalten kann. Der Satz kann auch als minimaler Text fungieren und wird gewöhnlich als die kleinste kommunikative Einheit bezeichnet. Sätze sind nicht abrufbar, sie sind nicht im Lexikon gespeichert und können für den Satzkonstruktionsprozess nicht abgerufen werden. Bei jeder neuen Äußerung wird der Satz stets von neuem konstruiert (mit Ausnahme schablonhafter Sätze). Von diesen Feststellungen ausgehend, ist der Satz

(1) eine Einheit der Sprachverwendung, der Rede (parole), und nicht des Sprachsystems (der langue).

(2) Die Behauptung, dass der Satz die minimale Sprachzeichen-Konstruktion ist, ordnet ihn aber in das Sprachsystem ein.

Diese auseinandergehenden Einordnungen des Satzes (1) und (2) machen eine Differenzierung des Satzbegriffes notwenig:

(1) Der Satz in der Sprachverwendung wird ***Äußerung,***

(2) Der Satz im Sprachsystem wird ***Satzbauplan (Satzmodell)*** genannt.

2. Satzbauplan

In der grammatischen Literatur werden für den Begriff des Satzbauplans verschiedene Termini verwendet wie Satzmodell, Grundform des Satzes, Grundstruktur. Wir nehmen die Bezeichnung "Satzbauplan" an, weil sie die Funktion dieser Einheit treffend kennzeichnet.

Ein "Satzbauplan" ist ein Modell, ein Plan oder Muster zum Bauen eines Satzes. Die Elemente oder komplexeren Teilkonstruktionen (Baustücke, "Satzstücke") des Satzbauplans werden durch Symbole für Wörter bestimmter Wortklassen, Wortgruppen oder Satzglieder bezeichnet. Sie bilden ein "Gerüst" ohne konkrete lexikalische Füllung, oder, nach Weisgerbers Formulierung: *"Da es sich um das Satz'gerüst' handelt, fällt alles weg, was in einem formulierten Satz dem füllenden Wortgut angehört"* (Weisgerber 1965 (1957), 31).

Es können drei Hypostasen der Satzbaupläne angenommen werden:

1. Als Satzschemata für verschiedene Satztypen im syntaktischen Speicher (im "syntaktischen Lexikon")

2. Als Baupläne, die jeweils nach der potentiellen Valenz des gewählten Prädikatlexems nach dessen Abrufen vom Lexikon entworfen werden.

3. Als Satzmuster, die von in der Rede realisierten Sätzen abstrahiert sind.

Wir nehmen an, dass das Entwerfen eines Satzbauplans nach der Valenzpotenz des Prädikatlexems erfolgt, das das semantische Prädikat der zugrunde liegenden Proposition repräsentiert. Das ist auch mit der Annahme kompatibel, dass Satzbaupläne als im voraus konstruierte und gespeicherte Schemata im syntaktischen Lexikon vorliegen, und von dort her gewählt und abgerufen werden, in Abhängigkeit von der zugrunde liegenden Proposition und von der Valenzpotenz des Lexems, das dem semantischen Prädikat der Proposition entspricht.

Der weitere Satzkonstruktionsprozess erfolgt nach diesem (entworfenen oder gewählten) Satzbauplan.

Im Satzkonstruktionsprozess sind alle Sprachzeichenebenen simultan involviert, doch bestimmte Sprachzeichenebenen stehen im besonderen Fokus einzelner Etappen dieses Prozesses:

Sprachzeichenebenen	Etappen des Satzkonstruktionsprozesses
Morphemebene Wortebene	Aufbereitung sprachlicher Elemente für den Satzbau
Wortgruppe Satzbasis	Verknüpfung der sprachlichen Bauelemente zu Konstruktionen
Satz	a) Entwurf / Abrufen von Satzbauplänen b) Projektion der Entwürfe (Satzbaupläne) auf Basisstrukturen c) Transformation von Basisstrukturen in bgewandelte Strukturen
Text	Einbau von Sätzen in Texte Projektion von Textplänen auf Texte und Realisation durch Texteme

Aus dem Schema ist zu ersehen, dass der Satzbauplan eine zentrale Stellung im Satzkonstruktionsprozess einnimmt. Dass der Begriff des Satzbauplans nicht nur eine epistemologische Konstruktion, sondern auch eine psychologische Realität ist, ist besonders gut am deutschen *Satzrahmen* nachzuweisen. Wenn z.B. Sätze im Perfekt gebildet werden wie

(1) *Er* ***ist*** *gestern mit seinen Freunden in der Nähe von Köln über den Rhein* ***geschwommen***

(2) *Er* ***hat*** *gestern mit seinen Frunden in der Nähe von Köln über den Rhein* ***gesprochen*** ,

so ist die Wahl unterschiedlicher Hilfsverben (*sein* oder *haben*) , die vom jeweiligen Partizip (Prädikatlexem) abhängt, nur dadurch zu erklären, dass der Sprecher vor der Äußerung der Sätze (1) und (2) einen Plan, eben einen "Satzbauplan" für diese Sätze vorbereitet haben muss.

3. Der Satzbauplan als Spannungseinheit

Vor der Formulierung des Satzbauplan-Begriffes wurde in inhaltbezogenen Schule und von deren Vorläufern die Tatsache hervorgehoben, dass der Satz ein "zeitliches Nacheinander" und ein "geistiges Miteinander" in einem darstellt. Brinkmann weist in diesem Zusammenhang 1951 darauf hin, dass schon Walter Porzig das eigentliche Gestaltproblem des Satzes gesehen hat:

"Der Satz geht im Sprechen als Nacheinander in der Zeit vor sich und wird doch als Miteinander verstanden, in dem die Zeit aufgehoben scheint. Mit dem ersten Worte eines Satzes hebt ein zeitlicher Vorgang an, bei dem ein Wort auf das andere folgt, und doch ist zugleich für das Bewußtsein des Hörers mit dem ersten Wort die Zeit zum Stehen gekommen, so dass, was nacheinander gesprochen wird, nebeneinander auf einer Bewußtseinsebene steht." (Brinkmann 1965(1951),335).

In derselben Arbeit vermerkt Brinkmann, dass der Satz eine *Spannungseinheit* ist, *"die im Deutschen mehr und mehr zu einem **planvollen Prozeß** entwickelt worden ist"* (Brinkmann, 1965(1951)ebda., S. 348)

Der Behandlung des Satzes als *geistiges Miteinander von einem zeitlichen Nacheinander* sind viele Arbeiten in der germanistischen Linguistik gewidmet. Die Satzbaupläne werden aber dabei vor allem statisch und nicht prozessual interpretiert.

4. Kriterien zur Aufstellung von Satzbauplänen

Es ist interessant, dass ein sowjetischer Germanist, **Wladimir Admoni**, den Begriff der Satzbaupläne unter der Bezeichnung **"logisch-grammatische Satztypen"** schon in den 30-er Jahren, unabhängig und vor der inhaltbezogenen Schule und dem amerikanischen Strukturalismus verwendet hat. Später hat er sie in seiner deutschen Grammatik weiter entwickelt. Seine Satzbaupläne sind nach dem **Kriterium der Sachbezogenheit** aufgestellt. Die syntaktische Struktur der Satztypen soll nach Admoni den Sachen, Sachverhalten und Erscheinungen der Wirklichkeit entsprechen. Er stellt zwölf logisch-grammatischen Satztypen auf, von denen wir drei als Beispiele anführen wollen:

1) Arbeiter Arbeiten. *Rabotnicite rabotjat*; Arbeiter haben gearbeitet. *Rabotnicite sa rabotili* = **Vorgangssatz**

2) Arbeiter fällen Bäume.*Rabotnicite sekat darva.*(Erzeuger der Handlung + Handlung + Gegenstand der Handlung) = **Handlungssatz**

3) Die Rose ist eine Blume. *Rozata e cvete.* (=**Einbeziehung des Einzelnen in das Allgemeine**) (nach Admoni 1972,).

Admoni geht vom Kriterium der *Sachbezogenheit* der Satzstrukturen aus und nimmt damit eine unmittelbare Parallelität von Sprachstrukturen und außersprachlicher Realität an, viel unmittelbarer, als sie tatsächlich besteht. Nach Admoni bilden die Satztypen, *"die Sachverhalte der objektiven Welt"* ab (Admoni 1972, 212).

Brinkmann (1957/58; 1962) und **Grebe** (1966) stellen ihre Satzmodelle nach dem **Kriterium der Inhaltbezogenheit** auf. Nach demselben Kriterium, doch auf eine andere Weise wurden die Satzmodelle von Grebe in der älteren Fassung der Dudengrammatik (1966) dargestellt. Nach diesem Kriterium soll die Satzstruktur den "Inhalten" der Sätze entsprechen. Wir geben Brinkmanns Modellierung gekürzt wieder:

Brinkmann unterscheidet vier Gruppen von Satzmodellen:

1. Vorgangssatz , mit 8 Varianten: Er schläft. *Toj spi.*
2. Handlungssatz , mit 8 Varianten: Er liest das Buch. *Toj cete knigata.*
3. Urteilssatz (später "Adjektivsatz"): Er ist krank. *Toj e bolen.*
4. Identifizierungssatz (später "Substantivsatz"), mit 4 Varianten: Er ist Lehrer. *Toj e ucitel.*

Hinter diesen vier grundlegenden Satzmodellen stehen für Brinkmann bestimmte Sehweisen des Menschen: "Leben", "Kausalität", "Urteil", "Identität". Diese Begriffe deuten "die geistigen Grundlagen der Satzmodelle" Brinkmanns im Sinne der inhaltbezogenen Grammatik an (Brinkmann 1962, 141; Helbig 1972, 160). Der Inhalt eines Satzes wird dabei nicht als direkte Widerspiegelung eines Sachverhalts, d.h. nicht sachbezogen wie bei Admoni verstanden, sondern als eine Zwischeninstanz, die zwischen Satzform und Sachverhalt vermittelt. Die Entsprechung zwischen Inhalt und Satzmodell wird dabei zu weit gefaßt: Brinkmanns "Handlungssätze" z.B. drücken nicht immer eine "Handlung" im realen

Sinne aus (etwa: *Er erleidet eine Krankheit.)* (vgl. Helbig 1982; s. Brinkmann 1957/58; 1962) und die Benennung der Varianten der Satzmodelle, z.B. des Vorgangssatzes, ist eher expressionistisch motiviert: "Leben als Phänomen" (z.B. *es regnet*), "Leben als Schicksal" (*z.B. Es kommt vor, daß ...*).

H. Glinz bemerkt u.a. in seiner kritischen Darstellung der Satzmodelle Brinkmanns, dass er versucht hat, sich *"von grammatischen und logischen Einheits-Zwängen zu lösen"* und dass er von den vielen früheren Versuchen abging, *" **eine** Form als Grundform aller Sätze zu erweisen (...). Demgegenüber forderte Brinkmann, man müsse **zwei** gleichberechtigte Grundformen anerkennen, die eben verschiedenen Aufgaben dienten (...)*

... fruchtbar war auch die damit verbundene methodische Idee, die Verben nach ihren verschiedenen Bindungs-Möglichkeiten (für weitere Glieder) zu gruppieren und diese Gruppen dann inhaltlich zu deuten. ... Zu bedauern ist, daß er diesen Ansatz nicht durchgehalten hat..." (Glinz 1965, 80).

Ebenfalls nach dem Kriterium der Inhaltbezogenheit, doch auf eine andere Weise, werden auch die Satzmodelle von **Grebe** (in der älteren Fassung der Dudengrammatik von 1959 und 1966) aufgestellt. Grebe geht bei der Ermittlung seiner 31 Grundformen der deutschen Sätze in der Dudengrammatik (1959) vom formalen Bestand der Sätze aus und interpretiert sie inhaltbezogen, indem er jeder Grundform (d.h. jeder grammatischen Satzstruktur) einen Inhalt zuschreibt. Was aber Grebe seinen Grundformen an Inhalten zuschreibt, ist nicht immer zutreffend. So drückt durchaus nicht jeder Satz mit Subjekt, Prädikat und Akkusativobjekt eine "Handlung" aus (vgl. etwa: Er bekommt den Brief; er erleidet eine Krankheit). Das Beispiel genügt um zu sehen, daß es nicht immer eine geradlinige Zuordnung zwischen Grundformen (nach Grebe) und Inhalten gibt (s. dazu auch Helbig 1972).

In der späteren Entwicklung des Satzbauplan-Begriffes wurde die inhaltbezogene Sehweise "überwunden" und dessen Begründung verlagerte sich auf andere Kriterien, vor allem auf das Kriterium der Valenz.

Das ***Valenzkriterium*** wird in vielen einschlägigen Grammatiken des Deutschen als Grundkriterium für die Bestimmung der Satzbaupläne (Satzmodelle) angenommen: in Helbig/Buscha (1972) und in den weiteren Ausgaben der "Deutschen Grammatik. Ein Handbuch für den Ausländeruntzerricht" bis 1996, in der neueren Fassung der

Dudengrammatik von Sitta (1984), in Engel (1988) u.a. In allen diesen Grammatiken wird das Valenzkriterium als Ausgangspunkt der Satzmodellierung angenommen, doch die verschiedenen Autoren kommen zu unterschiedlichen Ergebnissen. Ihre Satzmodelle weisen im Vergleich zueinander wesentliche Unterschiede auf.

Ein fruchtbarer Weg zur Überwindung der Schwierigkeiten bei der Begründung und Beschreibung der Satzbaupläne (Satzmodelle), wird in der Grammatik von Helbig und Buscha in den Auflagen nach 1984 eingeschlagen: das ist die besondere Behandlung von ***semantischen Satzmodellen.*** Die Zuordnung von syntaktischen zu semantischen Satzmodellen hat dabei noch (bis zur Auflage von 1996) eine provisorische Form.

5. Syntaktische Prozesse zwischen Semantik und Syntax

U.E. ist eine adäquate Beschreibung der Satzbaupläne eben durch die Festlegung der Beziehungen zwischen semantischen und syntaktischen Satzmodellen zu erreichen, wie das schon Brinkmann und Glinz angedeutet haben (s.o). Diese Beziehung hat (nach Brinkmann 1951) einen prozessualen Charakter. Ich wiederhole das Zitat von Brinkmann, dass der Satz eine *Spannungseinheit* ist, *"die im Deutschen mehr und mehr zu einem **planvollen Prozess** entwickelt worden ist"* (Brinkmann, 1965(1951), S. 348).

Es geht uns darum, den ***prozessualen Aspekt der Satzbaupläne*** aufzudecken und ihre Rolle im ***Satzkonstruktionsprozess*** zu bestimmen.

Wenn wir die Auffassung von dem **modularen Aufbau der Sprache und des Satzes** annehmen, können die Relationen zwischen den einzelnen Modulen unterschiedlich interpretiert werden. Wir nehmen eine generativ-semantsche Interpretation der Relationen zwischen den Sprachmodulen an, nach der alle Module und Submodule der Sprache (der "Grammatik") im engen Zusammenhang wirken und ein einheitliches System bilden.

Dabei ist der semantische Modul generativ und kreativ, der syntaktische Modul interpretiert den semantischen und vermittelt zwischen dem semantischen und syntaktischen Modul. Der phonetische Modul

repräsentiert die Ergebnisse des semantischen und syntaktischen Moduls (s. dazu auch Borissevitsch 1990, 1992, 1993).

Die Relationen zwischen den Modulen können schematisch wie folgt dargestellt werden:



Alle Module des Sprachsystems wirken sich vollständig im Satzkonstruktionsprozess aus.

Die syntaktische Komponente bildet einen Vermittlungsmodul zwischen Semantik und Phonetik, d.h. zwischen Bedeutungsstruktur und Lautstruktur sprachlicher Einheiten. Sie funktioniert nach spezifischen syntaktischen Regeln wie Kombinationsregeln, Adjunktion, Koordination, Subordination, Dependenz und Valenz, Konstituenz, Distribution, Projektion, Substitution u.a. und hat spezifische Rerpäsentationsformen in syntaktischen Strukturen und Kategorien.

Der syntaktische Modul ist in folgende Subkomponenten zu gliedern:

1. Kategorielle Struktur

2. Relationsstruktur:

2.1. Dependenzstruktur

2.2. Konstituenzstruktur

3. Transformationskomponente

4. Morphosyntaktische Komponente

5. Morphophonetische Komponente

Es geht darum, die Rolle der Satzbaupläne im Prozess der Überführung von dem semantischen Modul über die Vermittlung mehrer Stufen des syntaktischen Moduls zum phonetischen Modul aufzudecken.

Syntaktische Operationen (neben und nach Lexikalisierungsoperationen) verschiedener Art führen Bedeutungsstrukturen in syntaktische Tiefenstrukturen und von diesen aus in syntaktische Oberflächenstrukturen über, die danach phonetisch realisiert werden.

Das heißt, syntaktische Regeln projizieren die Bedeutung durch syntaktifizierte Strukturen auf die phonetische Struktur. Auf diese Weise vermitteln die syntaktischen Operationen zwischen Bedeutung (Semantik) und Lautstruktur (Phonetik).

Die grammatischen Satzkonstruktionsprozesse können in Teilprozesse (Operationen) gegliedert werden, z.B. Operationen des Abrufens sprachlicher Elemente, der Projektion ihrer Valenz- und Fügungspotenzen, Operationen der Substition usw. In diesem Sinne sind Operationen als Teilprozesse von real verlaufenden Prozessen der Satzproduktion aufzufassen. Andererseits können Operationen dieser Art als epistemologische Verfahren betrachtet werden, die von Linguisten kontruiert sind zum Zweck der Beschreibung grammatischer Strukturen natürlicher Sprachen. Tatsächlich sind die genannten syntaktischen Operationen wie Projektion, Substitution u.a. von Linguisten konstruiert, doch es ist sehr wahrscheinlich, dass sie den realen Prozessen der Satzproduktion auf eine bestimmte Weise entsprechen, was z.T. in psycholinguistichen Untersuchungen experimentell festgestellt ist. Deshalb sind die betrachteten Prozesse und Operationen auch für die Theorie und Praxis des Spracherwerbs und des Sprachunterrichts relevant.

Zwischen Ebenen sprachlicher Einheiten, Satzkonstruktionsetappen und Operationen bestehen präferenzielle Entsprechungs-Beziehungen folgender Art:

Sprachzeichen-ebenen	Satzkonstruktions-etappen	Operationen
Morphem Wort	Aufbereitung und Abrufen von Bauelementen	Selektion Kombination Adjunktion Substitution
Wortgruppe Satzbasis	Verknüpfung von Bauelementen zu Konstruktionen	Kombination: Koordination, Subordination. Projektion

Satz	Entwurf eines Satzbauplans. Projektion des	Assoziation Integration Projektion Satzbauplans auf Satzbasis und Satz.
	Situierung	Transformation
Text	Einbau von Sätzen in die Textstruktur. Projektion des Text-bauplans auf die lineare Redekette	Logische Verknüpfung. Anaphorisierung Nominalisierung Konstruktion von Isotopieketten. Projektion

Die Bewegung des Satzkonstruktionsprozesses von dem semantischen Modul aus durch lexikalische Projektion und durch die Vermittlung des syntaktischen Moduls (mit Hilfe syntaktischer Operationen) zum phonetischen Modul hin kann als Bewegung von der **Tiefenstruktur** (Semantik und z.T. Syntax) zur **Oberflächenstruktur** (Phonetik) aufgefasst werden.

Literatur:

Admoni, W.G. 1935: Die Struktur des Satzes. - In: Moser, H. (Hrsg) 1965: Das Ringen um eine neue deutsche Grammatik (weiter: **RUDG**). Darmstadt: Wissenschaftl. Buchgesellschaft, S. 381-398.

Admoni, W.G. 1972: Der deutsche Sprachbau. Leningrad. (1982: München).

Borissevic, P. 1990: Funktionen und Moduln einer Grammatik für den Fremdsprachenunterricht. - In: DaF 1990/6, S. 328-337.

Borissevitch P. 1992: Umweltparameter und Satzform. - In: Biologische und soziale Grundlagen der Sprache (LA 280), S. 357-370. Tübingen: Niemeyer.

Borissewitsch, P. 1993: Grammatiktheorie und -praxis. - In: Germanistiktreffen Bundesrepublik Deutschland - Bulgarien - Rumänien. Dokumentation DAAD ,27. Bonn.

Brinkmann, H. 1951: Der deutsche Satz als sprachliche Gestalt. - In: **RUDG** (1962), 335-359.

Brinkmann, H. 1962; 1971 Die deutsche Sprache. Gestalt und Leistung. Düsseldorf.

Engel, U. 1988: Deutsche Grammatik. Heidelberg.

Glinz, H. 1952: Die innere Form des Deutschen. Bern.

Glinz, H. 1965: Deutsche Syntax. Stuttgart: Metzlersche Verlagsbuchhandlung.

Grebe, P. (Hrsg.) 1966: Der große Duden. Grammatik der deutschen Gegenwartssprache. Mannheim.

Helbig, G. 1972: Geschichte der neueren Sprachwissenschaft. Leipzig: Bibliographisches Institut.

Helbig, G. 1976: Valenz, Semantik und Satzmodelle. - In: DaF, 2/1976.

Helbig, G. 1982: Valenz - Satzglieder - semantische Kasus - Satzmodelle. Leipzig.

Helbig, G./Buscha, J. 1972; 1984; 1996: Deutsche Grammatik. Ein Handbuch für den Ausländerunterricht. Leipzig, Berlin etc.: Langenscheidt/Verlag Enzyklopädie.

Sitta, H. 1984: Der Satz.. - In: DUDEN. Grammatik der deutschen Gegenwartssprache. Mannheim u.a.Dudenverlag. S.559-729.

Weisgerber, L. 1957: Die Erforschung der Sprach"zugriffe". Grundlinien einer inhaltsbezogenen Grammatik. - In: **RUDG,** S. 21-35.

УДК 808.66-25 : 808.66-541.2

Елени БУЖАРОВСКА

СЕМАНТИКАТА НА ГЛАГОЛИТЕ ЗА АУДИТИВНА ПЕРЦЕПЦИЈА

Местото на слухот во перцептивниот систем

Од петте сетила преку кои ги добиваме информациите за светот околу нас: видот, слухот, допирот, мирисот и вкусот, се смета дека првите три играат поважна улога. Ова се рефлектира и во јазикот чија суштина е во комуникацијата на човекот со средината.

Природно е дека таа комуникација се остварува преку сетилата за вид, слух и допир, од кои видот е на врвот на хиерархијата. Сетилата за мирис и вкус се од посубјективна природа и не учествуваат во обработката на податоците од надворешниот свет како првата група сетила.

Тоа значи дека нашата претстава за надворешниот свет најмногу се заснова врз она што го гледаме, а тоа што го слушаме, мирисаме и слично само ја надополнува општата слика за тој свет. Милер и Џонсон-Лерд сметаат дека секој обид да изградиме слика за надворешниот свет само преку едно сетило, не вклучувајќи го видот, завршува со неуспех. (Miller, Johnson-Laird 1976:618)

Шематски претставена перцептивната хиерархија изгледа вака[1]:

вид ---→ слух ---→ допир ---→ { мирис / вкус

[1] Спореди кај Вајберг (Viberg 1983)

Споредбата меѓу глаголите за вид и слух покажува дека кај првите, глаголите за вид се подразбира поголема манипулација во просторот - затоа колоцираат со локативни предлози што изразуваат просторни релации (*гледа по/околу/ на...*), иако тие регистрираат и последователни дразби, односно временски. Наспроти нив глаголите за слух доминантно регистрираат временски организирани дразби, иако и нив ги лоцираат во просторот (пред нас, зад нас, повеќе едновремени звуци итн.)

Од ова доминантно својство може да се заклучи дека глаголите за вид бараат просторна, додека глаголите за слух - временска рамка.

Во однос на другите особености кои произлегуваат од споменатата хиерархија, за разлика од гледањето во нешто што подразбира правец во просторот, слушањето не е насочено. Човековиот аудитивен апарат е секогаш отворен за сензорните стимулации, така што слушањето не подразбира физичка активност sensu stricto. За другите сетила потребно е некакво движење или ангажираност на рецепторниот орган за да се регистрираат надворешните сигнали. Дразбите од надворешниот свет се регистрираат од сетилото за слух без учество на наша волја. Ние можеме селективно да им обрнеме внимание на некои дразби, кои течат паралелно, повеќе од останатите, но ние по правило ги регистрираме сите.

Очигледно слушањето е само посредно просторно. Така Стросон[2] тврди дека само слухот не е доволен да го лоцира постоењето на други индивидуи или нешта во една дадена просторно-темпорална рамка, за разлика од видот со чијашто помош тоа може да се направи.

Сетилната хиерархија се одразува и во лексиката и во граматиката. Купер ја забележува примарноста на лексичките експоненти на сетилото за вид да градат повеќе синтаксички конструкции и полесно синтаксички да се деривираат (Cooper 1974a); како и способноста на лексиката поврзана со сетилото за вид за најразвиена метафоризација (Cooper 1974b).

Од сето ова произлегува дека кај глаголите за аудитивна

[2] Според Miller, Johnson-Laird (1976)

перцепција (ГАП) основен параметар и differentia specifica во однос на другите перцептивни глаголи е параметарот време. Од него се одредени и неговите основни семантички својства.

Местото на глаголите за аудитивна перцепција (ГАП) во општата типологија на глаголите

Нашата типолошката класификација на ГАП ќе биде заснована врз општоприфатените теории на Вендлер[3] (Vendler 1967) и Мурелатос (Mourelatos 1978), кои сите глаголи ги делат на неколку семантички предикати (напр. *знам, сакам*) и динамични што означуваат некаква промена. (види Dal 1974)[4]. Овој термин го употребува Даути (Dowty 1979:52); исто се употребуваат термините "вендлерови класи" или "лексички аспект" (Smith 1983).

Според семантичкиот критериум каков вид дејство изразуваат глаголите, поточно според начинот на кој тие се однесуваат спрема времето тие можат да се поделат на две големи семантички класи:

- *настани* (активности) и

- *состојби* .

Така Милер забележува дека "концептуалната разлика меѓу настани и состојби е примитивна. Настаните се случуваат, а состојбите не. " (Miller, Johnson-Laird 1976: 474).

Активност - означува динамичен процес свесно контролиран од човекот (агенс), *состојба* - е неконтролиран, обично статичен процес. Значи активностите се позитивно маркирани по два параметра - динамичност и контрола; состојбите не ги поседуваат и двете карактеристики. Активностите се случуваат, состојбите не: тие имплицираат некое својство изразено со предикатот.

---

[3] Таа класификација потекнува од Аристотел (во неговата *Метафизика*) кој спроведува лексичка категоризација на глаголите на оние што изразуваат energia наспроти kinesis.

[4] Dahl, Osten.

Мурелатос ја доуточни вендлеровата класификација[5]; тој оформува хиерархизирана структура и применува попрецизна терминологија. Првата опозиција меѓу акции (actions) и состојби (states) е лексичка и е изразена преку семантички класи на глаголи. (т.н. лексички аспект). Втората опозиција меѓу настани и процеси, како и првата, има екстралингвистичка основа и најчесто се изразува лексички. Со неа се разликува дали дејството подразбира или не промена односно кулминација. Со оваа опозиција глаголските предикати се делат на настани и процеси.

Мурелатос смета дека настаните можат да се избројат, а процесите не. Со други зборови дејството кај настаните има граници и тие подлежат на квантификаторски операции како повторливост, еднократност, избројливост и сл.

Меѓутоа, тој сепак не успева да ја реши основната недоследност на вендлеровата класификација - глаголите што припаѓаат на иста аспектуална класа различно се однесуваат кога станува збор за глаголскиот вид.[6]

Оваа семантичка поделба е исклучително важна и од синтаксичка перспектива - имено дихотомијата динамичност / статичност има и синтаксички последици. Истата класификација ќе ја примениме и кај предикатите кои се предмет на нашиот интерес, односно ГАП. Вендлер и Мурелатос сметаат дека verba percipiendi заради сложената семантичка структура се истовремено и состојби и настани (achievements), но не нудат објаснување за тоа.

Во конкретниот случај ГАП, односно нивните прототипски претставници *слуша* и *чуе* можат да се поделат на споменатите две групи според следниот критериум:

---

[5] Подлабока семантичка анализа на предикатите и нивните семантички улоги спроведуваат Џекендоф (1976) и Даути (1979) преку т.н. лексичка односно семантичка декомпозиција на предикатите. Тие сметаат дека семантичката структура на секој предикат е детерминирана од неговиот атомски предикат: Прави, Предизвикува или Станува (состојбите немаат атомски предикат); тоа ја одлучува припадноста на предикатот во една од вендлеровите групи.

[6] Глаголите што припаѓаат на actions (кај Вендлер actvities) со промена на видот, перфектизација, стануваат accomplishments. Така eat во *"He ate for an hour"* е actvity (*тој јадеше...*), додека со додавање на директниот објект , eat станува accomplishment: *He ate an apple - тој изеде едно јаболко.*

- ако за извршување на дејството (сензорната активност) е потребен некој свесен напор од страната на агенсот, тогаш *слуша* (или *чуе*) е активност:

Јас ја слушнав плочата.
Я послушал пластинку.
I listened to a record.

- во случај кога процесот е независен од волјата на субјектот се работи за состојба:

Јас слушнав шум. (=чув)
Я услышал шум.
I heard a noise.

Битно е да се истакне дека - додека во рускиот и во англискиот семантичките разлики меѓу двата типа дејства се изразени и лексички (постојат две различни лексеми), во македонскиот таа разлика е заматена со хомонимните форми на *слуша* .

Подолу даваме пример на класификација на ГАП во рамките на општата типологија на глаголите (од Вендлер и Мурелатос).

	македонски	**англиски**	**руски**
СОСТОЈБА	слуша$_1$	hear	слышать
	слушне/чуе		услышать
АКТИВН.	слуша$_2$	listen	слушать
	слушне		послушать

Семантичката дихотомија динамичност /статичност (*гледа/виде, look/see*) е редовно лексикализирана кај глаголите за визуелна перцепција во многу индоевропски јазици, јазиците од Далечниот Исток, австралиските јазици и др. Во некои јазици од Јужна Азија, како напр. во јапонскиот и хинду таа семантичка опозиција се изразува со синтаксички средства: дативен субјект за статичното, а номинативен за активното, динамично значење на перцептивниот глагол (Viberg 1983:133).

Во индоевропските јазици кај глаголите за аудитивно перцепирање, како и кај глаголите за вид главно постои таква

регуларна лексичка диференцијација меѓу статичните и динамичните значења на глаголите (нема во македонскиот и грчкиот јазик), а пак за останатите три сетила за мирис, допир и вкус во најголем број јазици постои само една лексичка единица.[7]

Типолошката споредба на глаголите за перцепција во различни јазици открива голем степен на полисемија.[8] Но во повеќето случаи возможно е да се утврди прототипското значење на глаголите за секое сетило.[9]

И тука се манифестира лексичко-сетилната хиерархија за којашто зборувавме погоре. Таа претставува семантичка подлога за хиерархија на лексикализацијата која од своја страна претскажува кои значења се лексикализираат со посебна лексичка единица.

Поделба на семантичкото поле на ГАП на агентивни и пациентивни глаголи

Ако ја аплицираме општата типологија на глаголите во посебното поле на ГАП може да се изведат две класи:

- *агентивни* и

- *пациентивни*

Тие одговараат на погоре дадената поделба на ГАП на активности и состојби. Пациентивните глаголи во литературата се познати и како когнитивни. (Rogers 1976)

Основниот критериум според кој е извршена ваквата категоризација е мотивацијата, односно волевото учество на субјектот.[10]

---

[7] на пр. smell, feel, taste во англискиот јазик.

[8] Во францускиот *sentir* може да се употреби за сите овие три модалитета.

[9] Индоевропските зборови за слушање често потекнуваат од физичкиот домен. Така старосакс. *hlust и староинд. *crutis- значат слух, уво. Деривати од грчкиот kleo се clusor (ирс), clywed (велшки), listen (анг) слушать (рус).

[10] Според Ван Валин (Van Valin 1993:42) hear имплицира волево учество во процесот на перцепирање (volitional perceiver), додека листен неволево (non-volitional perceiver). Спореди: *Я не слушала, но слышала. I qas not listening, but I*

Оттаму, кај пациентивната класа се јавува само когнитивниот аспект. Со оглед на тоа што тој е присутен и кај агентивните ГАП, одлучивме да го користиме терминот пациентивни наместо когнитивни.

За да докажеме дека се работи за две посебни семантички класи ќе примениме повеќе граматички тестови кои ги одредувуаат критериумите за агентивноста. Нив ги адаптиравме и применивме врз ГАП во трите јазика. (Спореди кај Филмор (Fillmore 1968:124) кој ги воведува прв, како и Грубер (Gruber 1976:160), Круз (Cruse 1973:14), Кук (Cook 1979:52) и Чејф (Chafe 1975:145) кои ги дополнуваат и разработуваат.) Тие предлагаат неколку синтаксички теста за утврдување на типот на глаголот. Треба да се истакне дека тие тестови се спроведени врз материјалот на англискиот јазик и имаат ограничена употреба.

Основниот метод за разликување на двете класи е тестот *"прави нешто"* наспроти *"му се случува нешто"* . Преку него ја проверуваме агентивноста на референтот на првиот аргумент.

Во следниот пример исказот има смисла само ако прашаме:

- Што му се случи? - Слушна некакво тропање.

наспроти вториот пример на кој му одговара прашањето:

- Што направи? - Ја слушна плочата.

Според овој тест ги одредуваме и останатите критериуми кои ги разликуваат овие класи:

а) критериуми за одредување на пациентивните ГАП:

- не можат да се употребат во императив

**Услышай соловья!*

**Hear the nightingale!*

но: *Чуј го славејот!*

- не можат да прават инфинитивни конструкции со *убедува*

---

heard. Или *"People listening without hearing"* од Simon & Garfunkel, *The Sounds of Silence.*

**Он убедил меня услышать соловья.*

**He persuaded me to hear the nightingale.*

но: *Тој ме убеди да го чујам славејот.*

- не можат да бидат модифицирани со определба за начин *намерно*

**Го чув славејот намерно.*

**Я нарочно услышал соловья.*

**I intentionally heard the nightingale.*

б) критериуми за одредување на агентивни ГАП:

- можат да бидат модифицирани со целна дел-реченица.

Го слушаше славејот за да види каде е.

Он слушал соловья чтобы увидеть где он.

He listened to the nightingale in order to find out where it was.

- можат да бидат модифицирани со определба за начин, како например *внимателно* .

Внимателно го слушаше славејот.

Он внимательно слушал соловья.

He listened to the nightingale carefully.

- можат да градат инфинитивни конструкции со фазни глаголи.

Според Фрид (Freed 1979) настаните можат да се анализираат како темпорални единици што се состојат од три фази - почеток, нуклеус и кода. Состојбите ја немаат таа структура и не се компатибилни со фазните глаголи.

Почна да го слуша славејот .

Он начал слушать соловья.

He started to listen to the nightingale.

Оттука следи дека пациентивните глаголи не ги поседуваат агентивните карактеристики - намера, цел и одговорност на субјектот на дејството. Исто така може да се

констатира дека критериумите на пациентивната класа се изведени според негативниот принцип, додека критериумите на агентивната според позитивниот.

Компатибилноста на глаголите со прилошки изрази за начин и со зависни целни реченици се следните критериуми за агентивноста; тоа укажува на присуство на сема на волиција во нивната семантичка структура.

Сите погоре спомнати автори ги разгледуваат глаголите за перцепција како хомогена затворена семантичка група што поседува исти семантички и синтаксички својства. Така, тие воведуваат уште еден граматички критериум, а тое е дека перцептивниот глагол не може да се реализира во прогресивни времиња. (Gruber 1976: 161, Rudanko 1989:52)

Но при тоа , треба да се имаат на ум два факта:

- граматикализираната категорија прогресивност изразена преку трајните времиња во англискиот јазик нема соодветна категорија во словенските јазици,

- во склоп на семантичкото поле на глаголите за перцепција постојат две класи, така што тој критериум важи само за пациентивните глаголи.

Семантичките улоги што ги имплицира аудитивниот предикат

Со погоре изведената класификација ние само дескриптивно ги одредивме двете класи на ГАП. За да ги објасниме подлабоко ќе им пристапиме низ призмата на семантичките улоги. Изборот на семантичките улоги кај глаголите зависи од природата на релацијата што тие ја изразуваат, а тие пак ја одредуваат неговата семантичка структура.

Ние појдовме од тезата на Филмор (Fillmore 1968) дека секој глаголски предикат имплицира една или повеќе семантички улоги. Теориското придонес на Филмор е тоа што тој покажа дека во семантичката структура на реченицата постојат непроменети односи што синтаксички различно се манифестираат. Со тоа тој се обиде да ја поврзе семантиката со

синтаксата на реченицата.

Постои природна хиерархија на аргументите на една предикација и таа е вградена во семантичката структура на секој предикат. Таа хиерархија може да ја изразиме преку т.н. семантички улоги што ги имплицира секој глаголски предикат; со други зборови семантичките улоги укажуваат на природата на референтите на аргументите на еден предикат. Семантиката на предикатот одредува колку и какви аргументи има истиот.

Семантичките релации меѓу предикатот и неговите аргументи изразени преку семантичките улоги не се семантички примитиви кои арбитрарно им се припишуваат на глаголите, туку се релации што се изведени од семантичката структура на самите предикати (Foli, Van Valin).[11]

Еден прототипски глагол што означува дејство (напр. *ūправи, крши* и сл.) има две семантички улоги: агенс - човек што го врши дејството и пациенс или трпител - предметот што го трпи дејството. Релацијата изразена со предикатот *крши* вклучува два партиципанта, два референта на семантичките улоги. Првиот партиципант, кој има улога на агенс, обично е индивидуализиран и определен. Тој зазема најистакнато место од прагматичка гледна точка и претставува семантички субјект. Агенсот има иницијатива и контрола врз дејството. Тој ја пренесува својата (во случај физичка) енергија врз трпителот.

Во овој случај се работи за прототипска транзитивна ситуација во која се одвива трансфер на енергија од првиот партиципант (агенс) до вториот (пациенс). Тука предикацијата има еднонасочна зависност, во правец на стрелката, односно правец на дејството:

Agent ----------> Patient
крши

Вториот партиципант има улога на пасивен трпител и зазема второ по важност место во хиерархијата на референтите на аргументите (семантички објект).

[11] Foley, W.A., R. Van Valin 1984: 27

Кај глаголите за перцепција владее истата хиерархија меѓу двата партиципанта на релација "регистрирање на звук", но природата на таа релација е изменета. Имено, глаголите за аудитивна перцепција изразуваат релација меѓу човекот и изворот на звукот. Лексичката семантика на овие глаголски предикати исклучува активно делување врз објектот; напротив, човекот е трпител на надворешните звучни стимули и неговото сетило за слух ги регистрира истите без негово активно учество. Сепак, бидејќи човекот "троши" некава енергија во текот на перцепирањето, во овој случај постои трансфер на ментална енергија од човекот до изворот.[12]

Прототипските семантички улоги на "активни" глаголи се поместени; семантичката улога која го имплицира првиот, појдовниот аргумент во предикатскиот однос не е агенс туку еден вид трпител, поточно експириенсер; втората семантичка улога која го одредува вториот аргумент не е трпител, туку извор или стимул.

Experience <---------- Stimulus/ Source
слуша

(1) *Тој слушна$_1$ некакво тропање.*

(2) *Тој ја слушна$_2$ плочата.*

Интенционалноста е одлучувачки критериум за агенсот, додека експириенсерот е "трпител на психолошки настан на

[12] Семантичките улоги меѓу два партиципанта можат да се сведат на две макроулоги различно наречени од разни автори: Protoagent и Protopatient (Dowty 1979), Actor и Undergoer (Van Valin) и Initiator и Endpoint (Kemmer). Поделбата е заснована врз семантичкиот контраст меѓу агенсот и трпителот. Експириенсерот може да се асимилира под протоагенсот бидејќи постои насоченост на ментална енергија од експириенсерот до стимулот. Протоагенсот претставува најистакнат партиципант во комуникативната хиерархија, односно семантички субјект (ги покрива улогите агенс, експириенсер и др.). Семантичкиот објект е вториот по важност партиципант во релацијата на кој му припаѓа макроулогата протопациент (ги покрива улогите трпител, тема, инструмент, локација и др.)

перцепција, емоција или сознание." (Cook 1979: 52)

Статистичките анализи што ги изведовме кај преводните еквиваленти и контекстуалната анализа, не доведоа до заклучокот дека *слуша* е хомонимен глагол и дека всушност постојат *слуша*$_1$ и *слуша*$_2$ кои се разликуваат меѓусебно по тоа дали поседуваат инхерентна сема на интенционалност и волиција.

Пациентивните глаголи не ги поседуваат агентивните карактеристики - намера, цел и одговорност на субјектот на дејството што во потполност може да се изрази преку горенаведената формула; значи

слуша$_1$ (Exp <---------- S)

каде стрелката во обратен правец ги означува последиците од дејството.

Меѓутоа, имаме различна слика кај *слуша*$_2$. Семантичката улога на неговиот прв аргумент е донекаде изменета: човекот-слушател ги прима звучните сигнали, што значи дека е трпител - експириенсер, но истовремено тој е еден вид агенс што ја предизвикува и контролира перцепцијата. Семантичката улога на вториот аргумент кој укажува на некаква релација што произведува звук, посимплифицирано - извор на звукот- останува иста: извор или стимул. Ако *слуша*$_1$ гради предикација со еднонасочна зависност, од изворот кон експириенсерот, предикацијата кај *слуша*$_2$ има двонасочна зависност бидејќи експириенсерот делува врз стимулот, а тој, од своја страна, делува врз експириенсерот.

Experience <----------> Stimulus/ Source

слуша$_2$

За поголема прегледност во диференцијацијата меѓу *слуша*$_1$ и *слуша*$_2$, односно во класификацијата меѓу двете класи глаголи во семантичкото поле на ГАП екпириенсерот во предикацијата со зависност условно ќе го наречеме агентивен експириенсер. (Ag.Exp)

Од гореизложеното следи дека разликата меѓу агентивните и пациентивните ГАП произлегува од семантичката

природа на нивниот појдовен аргумент кој секогаш посочува на човек. Референтот на појдовниот аргумент кај пациентивните ГАП е експириенсер, пасивен примач на надворешните звучни дразби. Референтот на појдовниот аргумент кај агентивните ГАП е агентивен експириенсер, активен слушател и свесен учесник во процесот на аудитивното перцепирање.

Користена литература:

Chafe, Wallace. *Meaning and the Structure of the Language*. The University of Chicago Press, Chicago, 1970

Cook, W. *Case Grammar: Development of the Matrix Model.* Georgetown University Press, Washington DC, 1979.

Cooper, William. *Primacy Relations among English Sentential Referents.* Linguistics 137, 1974

Cooper, William. *Syntactic Flexibility among English Sensation Referents.* Linguistics 133, 1974

Cruse, D. *Some Thoughts on Agentivity.* Journal of Lungiustics 9, 1973

Dahl, Osten. *Tense and Aspect System.* Basil Blackqell Inc., Nee York, 1985

Dowty, David. *Word Meaning and Montague Grammar.* D. Riedel, Dodrecht, 1979.

Dowty, David. *Thematic Protoroles and Argument Selection.* Language 67 (3), 1991

Fillmore, Charles. *The Case for Case.* in Universals in Linguistics theory edited by Holt, Reinhart and Winston. E. Bach and R. Harms Inc. New York, 1968

Foley, W.A., R. Van Valin, Jr. *Functional Syntax and Universal Grammar.* Cambridge University Press, Cambridge et al, 1984

Freed, Alice.*The Semantics of English Aspectual Complementation.* D. Reidel Publishing Company, Dodrecht, 1978

Gruber, J. *Look and See.* Language 43, 1967

Gruber, J. *Lexical structures in Syntax and Semantics.* North-Holland Publishing Company, Amsterdam, 1976

Kemmer, Susanne E. *The Middle Voice.* John Benjamins Publishing Chicago Press, Chicago, 1993

Miller, George and Philip Johnson-Laird. *Language and Perception.* Harvard University Press, Cambridge, 1976.

Mourelatos Alexander, *Events, Processes and States,* Linguistcs and Philosophy 2,1978

Rogers, Andrew. *Physical Perception Verbs in English.* PhD Dissertation, University of California, Los Angeles,1974

Rudanko, Zuhani. *Complementation and Case Grammar.* State University of New York, Albany, New York, 1989

Smith, Carlota S. *A Theory of Aspectual Choice.* Language 59/3, 1983

Van Valin, Robert D, Jr. *Advances in Role and Reference Grammar.* John Benjamins Publishing Company, Amsterdam-Philadelphia, 1988

Vendler, Zeno. *Linguistics in Philosophy..* Cornell University Press, Ithaca, New York, 1967

Viberg, Ake. *The Verbs of Perception.* A Typological Study. Linguistics 21, 1983

Eleni Buzarovska

THE SEMANTICS OF THE VERBS OF AUDITORY PERCEPTION

Summary

The semantic analysis of the verbs of auditory perception (VAP) is conducted by adopting the typological classifacation of verbs into states and activities based on the semantic opposition of stativity versus dynamicity.

This opposition is almost regularly lexicalised in Indo-European languages by two different lexemes: hear / listen, слышать / слушать, entendre / ecoute etc, (except Macedonian and Greek) which represent the central members of the two classes within the semantic field of auditory perception verbs: patientive and agentive. Several syntactic tests are used to determine the classification of VAP into these two major classes. The analysis shows that the difference between the patientive and agentive verbal predicates of auditory perception is due to the different semantic roles of their first argument. The human referent of the patientive VAP is always Experiencer, a passive receiver of external sound signals, while the referent of the agentive VAP is Agentive Experiencer, an active listener and participant in the auditory process.

УДК 808.66 – 561.32 : 808.66 – 541.2

Елени БУЖАРОВСКА

МОТИВАЦИОНИ ПРЕДИКАТИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Мотивационите предикати спаѓаат во предикати од втор ред бидејќи релациите што постојат во надворешниот свет ги изразуваат посредно, преку човековиот внатрешен ментален и емоционален свет.

Предикатите на мотивација се двоаргументни предикати; референтот на појдовниот аргумент е човекот, додека вториот аргумент посочува на одредена релација (или дејство) толкувана преку субјективниот став на човекот. Вториот, односно пропозиционалниот аргумент на површината може да се реализира како зависна реченица или како нејзина номинализација.

Според Тополињска "карактеристична семантичка особина на предикатите од втор ред е нивниот однос кон основните онтолошки и епистемиолошки категории факт/нефакт и вистина / невистина." (Тополињска 1995:128) Овие опозиции се граматикализираат во јазикот со различни морфолошки (време, начин) и синтаксички средства, како на пример различната акомодација на пропозиционалниот аргумент кон надредениот предикат. Мотивационите предикати, заради својата лексичка семантика, на своите пропозиционални аргументи им налагаат ограничување факт или не-факт, што на синтаксички план се манифестира преку формализација на пропозиционалниот аргумент во облик на комплементарна да-реченица.

Целта на овој труд е да се откријат длабоките и суштинските врски меѓу семантиката на предикатите и синтаксата на нивните дополненија и затоа нашата анализа ќе

биде ограничена само на предикатите на мотивација што акомодираат да-реченици.

Мотивационите предикати се предикати кои изразуваат присуство или отсуство на желба или намера кој човекот. Најнапред ќе го разгледаме феноменот на мотивација од гледна точка на психологијата.

Според Креч и Крачфилд (Креч и Крачфилд 1976:280-287) мотивот е потреба или желба комбинирана со намера да се постигне одредена цел. Потребата предизвикува нагон или желба, а желбата активност која е насочена кон постигнување на определена цел. Човековата активност е одредена од следните цели - опстанок, сигурност, задоволство и стимулација. Првите две цели го изразуваат мотивот на дефициенција за кој карактеристично е отстранувањето на недостатокот на нешто, уништувањето, опасноста и сл. со кои се смалува тензијата кај човекот. Другите две цели го изразуваат мотивот на изобилството за кој карактеристичен е стремежот кон задоволството, креацијата, знаењето, признанието и сл. со кои се зголемува тензијата кај човекот.

Предикати со кои се изразуваат различни видови мотивација кај човекот се:

му се брза, го интересира, прижелкува, копнее, мечтае, сонува, мисли, намисли, настојува, смисли, науми, нејќе, се настрои, се премисли, планира, сака$_2$, посака, очекува, ургира;

сè предвидува, има намера, има ниет, има идеја;

му дојде, му се сака, му се присака;

се воздржи, му досади, досадно е, здодевно е, му дотегна, го мрзи, му се смачи;

Централен предикат на ова семантичко поле е глаголскиот предикат *сака$_2$*.

Од логичка гледна точка предикатот *сака* (според Маколи 1978) е интенсионален глагол. Интенсионалните глаголи се глаголи кои воведуваат алтернативни (на реалниот свет) светови

на говорителот. Неговото дополнение воведува неколку возможни света на персоналниот референт - светот на неговите желби. Така, пропозицијата p сака q е вистинита, ако и само ако q е вистиното во сите светови компатибилни со тоа што p сака.

Со други зборови, наспроти реалниот свет (во некое дадено време t) *сака*$_2$ воведува неколку возможни света од кои само во еден од нив желбата на говорителот се реализира. Сите возможни светови се идни во однос на временската точка t.

Реченицата *Јован сака да дипломира* е вистинита во времето t само ако желбата на Јован (светот на желбите) се реализира, т.е има поклопување меѓу возможниот и реалниот свет.

Од семантичка гледна точка *сака*$_2$ треба да го сметаме како семантички примитив, бидејќи во македонскиот (а и во другите јазици) нема семантички попрости поими со помош на кои може да се претстави значењето на *сака*$_2$. Тој е најпрототипичен лексички претставник за изразување на мотивација на изобилство кај човекот. *Сака*$_2$ е доминанта на семантичкото поле мотивација, бидејќи неговото значење влегува целосно или делумно во значењето на другите членови од истото поле.

Според Апресјан (1995:306) доминанта е лексема која има најопшто значење во целото поле, најмногу се употребува, поседува најголеми комбинаторни способности, и стилистички и прагматички е најнеутрална.

Синонимите на *сака*$_2$ се разликуваат по следните семантички признаци:

1. карактерот на предметот на желбата
2. интензивност на желбата
3. ангажирањето на интелектуалниот систем
4. емоционалната состојба на субјектот
5. степенот на реалноста на желбата
6. интервалот меѓу времето кога субјектот ја чувствува желбата и моментот на нејзиното остварување

7. типот и статусот на субјектот што ја чувствува желбата

Глаголот *сака*$_2$ означува најтипична желба од среден до висок интензитет на желбата, што се гледа од следните примери:

Тој многу сака да ја види.

**Тој малку сака да ја види.*

Специфичноста на *сака*$_2$ се состои во тоа што во него доминираат две семантички компоненти:

- активната волја на субјектот

- значењето на намера

Покрај чистата желба тој имплицира поседување волја и спремност на субјектот да приложи усилби за остварување на желбата.

Сака и не може да ги стисне со дланка крвавите очи, тие многу виделе и недогледале сè за што природата ги определила. (СЈ 16)

Сака да праша ден ли е или ноќ, сака да види со туѓи очи што се случува околу него. (СЈ 16)

Спремноста да се делува се мотивира со фактот дека субјектот чувствува потреба (честопати физиолошка) за предметот на желбата.

Сакам да јадам/спијам.

Во македонскиот јазик нема глагол со кој се изразува чиста желба без интенција, како што напр. руското желать и англиското wish. *Прижелкува* се приближува со значењето до *мечтае*, додека предикатот *има желба* се одликува со додатна стилистичка обоеност.

Пожелува не спаѓа во оваа група бидејќи има некореферентни аргументи. Се употребува во оптативни конструкции за изразување желба за некое друго лице кое е формализирано со именска фраза во датив. Содржината на желбата се реализира или со да- реченица или со нејзина номинализација. Неговиот синоним е *посакува*.

Ти пожелувам/посакувам да бидеш среќен/среќа.

Во примерот *Небото е распарано. Од него во голем водопад се спушта магла и сака да покрие сè.* (СЈ 38) глаголот *сака* семантички се приближува до футурното *ќе*.

Двете значенски компоненети на *сака* се манифестираат на ниво на реченица. Според Апресјан, за значењето на чиста желба својствена е позицијата на рема во која глаголот *сака* се сместува согласно со општите правила на комуникативната организација на текстот. За значењето на намера својствена е позицијата на тема и неакцентираност.

Јас 'сакам да останам - имам желба да останам

Јас сакам да 'поминам на пазар - имам намера да купам нешто

Значењето на намера е очигледно во следните примери:

ПДП смета дека градоначалникот на Гостивар сака да ја обезвреди нивната работа. (В)

Не сакам утре, со стаи во раце, да бинчам по гробишта со торба на рамо. (СЈ 17)

Овие две значенски компоненти се тесно испреплетени така што контекстот ја одредува нивната хиерархизација.

Предикатите на мотивација што имплицираат да-реченици во голем број случаи се реализираат и како именки:

Желбата е да се купи или да се изнајми дуќан зад "Намата". (П)

Колку таа семејна амбиција да се успее во животот по секоја цена... (П)

Конструкцијата на приказната води кон мотивацијата на ќ. да ја прифати нарачката за убиство :. (П)

Архисемата на чиста желба ги обединува следните предикати

сака$_2$, посака, прижелкува, копнее, мечтае, изрази желба, гори од желба, зафатен од треска; делумно тука спаѓа предикатот **му се брза.**

Овие блискозначни предикати се разликуваат меѓусебно по сите седум семантички признаци. Така, *копнее,* кое има значење ´силно да се чувствува голема потреба за нешто´ изразува најголем интензизет на желба од сите други предикати, помали изгледи за нејзиното остварување од *сака* , времето за реализација на предметот на желбата е поодалечно во иднината и најнакрај, подразбира возбудена емоционална состојба на субјектот. Предметот на желбата на *копнее* излегува од вообичаените секојдневни потреби - обично се работи за високи идеали или духовна жед; затоа овој предикат многу почесто се среќава со именски дополненија од апстрактен карактер отколку со да-конструкции. *Прижелкува* имплицира помал интензитет од *копнее* и *мечтае* ; објектот на желбата не мора да биде несекојдневен:

Прижелкувам да го видам.

Интензитетот на желбата е вграден во значењето на *прижелкува, копнее* и *мечтае*; затоа употребата на прилогот *многу/мошне* со овие глаголи е редунтантна:

Тој многу сака да оди во Париз.

**Тој многу прижелкува/копнее/мечтае да оди во Париз.*

И затоа мошне многу сакаа да имаат свој театар со шарени кулиси, историски облеки, лажни бради и друго. (СЈ 29)

Како приближен антоним на $сака_2$ може да се смета изразот *нема волја* .

Тихон немаше волја да појде да спие. (МФ 255)

А немам ни сили ни волја да се бранам. (СЈ 8)

Мечтае и *сонува* се приближува до *копнее* само по интензитетот на желбата; сепак основниот семантички признак што го изделува од другите синоними е неговото посочување на ангажирањето на интелектуалниот систем на субјектот, на неговата имагинација. Тој признак ги одредува и другите својства на *мечтае* - предметот на желбата е нешто добро и корисно за субјектот. Од другата страна се имплицира дека саканиот предмет е многу оддалечен, неговата реализација е похипотетична одошто

кај другите синоними, како и временскиот период на чувствувањето на желбата е подолг.

Напр. *Сакаше да го посетиме Лувр? - Мечтаам/сонувам.*

Трите разгледувани глаголски предиката немаат форми од свршен вид. Формата *посака* не е чист видски парник на *сака* со оглед на неговото инхоативно значење.

Ако посака Трена да сиие во гоштварницата, ќе ја замолам да си појде во одајата горе. (МФ 268)

Посака сето тоа да му го каже некому брзо, доверливо. (СЈ 65)

Прагматиката на употреба на $сака_2$ го условува и изборот на временските форми. Во случај кога глаголот $сака_2$ се употребува во функција на обраќање кон собеседникот (како вовед во разговорот) тој може да се употреби во сегашно и минато време. Различните временски форми сигнализираат градација на учтивост и внимание, а не различна темпорална референција.

Сакам/сакав/би сакал да ти кажам нешто.

Фразеолошките синоними *изразува /има желба* и *гори од желба* се разликуваат меѓусебно по интензитетот на желбата, со тоа што вториот предикат заедно со *копнее* и *гори од нестрпливост* имплицира градација на нестрпливост на субјектот да ја оствари желбата.

И едниот и другиот гореа од нестрпливост да го прашаат Никифор. (МФ 312)

Им се приклучи тој и Стамен како доброволци, горејќи од желба да го видат селото ослободено. (ЈС 23)

Предикатот *му се брза* се наоѓа на периферија на оваа подгрупа. Имено, готовноста и нестрпливоста на субјектот да направи нешто може да произлегува не само од неговата желба, туку и од обврската наложена од горе.

Му се брзаше да излезе што побргу да види кој е . (ЈС 44)

По признакот на посакувањето на целта перифрастичните предикати со конститутивниот елемент именката *желба* се приближуваат до *сака*$_2$.

Тихон насети желба да слезе од коњот. (МФ 292)

Ако од првите дни се јавувала кај човекот желба да има свој имот, надоаѓала и желба да има и единствено засолниште. (СЈ 71)

Од *сака*$_2$ перифрастичниот предикат *изразува/има желба* се разликува по неколку точки:

- не се имплицира дека субјектот мора да вложи напор за реализација на желбата, тој може да се надева дека желбата самата ќе се оствари

- изразот е стилистички маркиран и затоа се употребува во наративниот жанр, официјалниот и во ироничен контекст

- укажува на индивидуализиран статус на субјектот: повообичајно е да се каже дека група луѓе сакаат, а не изразуваат желба за нешто

Трена изрази желба да си оди. (МФ 59)

- во семантичката матрица на *изразува желба* отсуствува компонентата интенција. Така, во реченицата *Јован сака да оди во кино* се имплицира дека Јован има намера тоа да го направи наспроти *Јован изрази желба да оди во кино.*

Глаголите од следната подгрупа се состојбени предикати и се употребуваат само во несвршен вид: **настојува, очекува;** освен **се настрои;** како посебен предикат надвор од оваа група, но со некои заеднички својства е предикатот **го интересира**

Очекува - укажува на внатрешната готовност на субјектот за некое дејство што се приближува однадвор, како неизбежност во која субјектот нема избор, но често има дополнително значење на посакување на истото.

Секој што простува очекува да му биде простено. (МФ 91)

Тој очекува на дневен ред да се најдат и гостиварските настани. (В)

Нивното очекување од државата било тоа таа да им биде гарант за увозот. (П)

Предикатот *се настрои* се употребува само во свршен вид и означува внатрешна спремност на субјектот за дејството што тој има намера да го изврши или да учествува во него.

Предикатот *го интересира* зафаќа посебно место во семантичкото поле на мотивациони предикати и се приближува до оваа подгрупа по неговата импликација само на интелектуално љубопитство, односно желба за знаење или дознавање на нешто. Бидејќи предметот на интересот (интелектуална желба) е обично апстрактен поим, овој глагол многу често корелира со именска фраза, отколку со да-реченица. Да- реченица имплицира актуализација на некое конкретно дејство, наспроти атемпорализација и генеричноста што ја носи во своето значење номинализацијата.

Сега ме интересира да ги слушнам вестите.

Ме интересираат вестите.

Кај предикатот *настојува* , покрај компонентата намера доминира признакот на активната волја и решеност на објектот да ја достигне саканата цел.

Тој ќе настојува да издејствува решавање на проблемите со кои се судираат Ромите во образованието. (В)

Како што спомнавме погоре интенцијата е втората компонента на *сака*$_2$. По тој признак *сака*$_2$ ги обединува предикатите на интенција **мисли$_2$, намисли, помисли, науми, планира, се предвидува,**

има намера, има ниет, има идеја;

Доминантата на оваа семантичка редица е перифрастичниот предикат *има намера* и неговиот синоним *мисли*$_2$ различен од неговиот хомоним - менталниот предикат *мисли*$_1$.

Дали мислите да се вратите назад? (П)

Имав намера на Македонија да ѝ понудам оружје по многу поволни цени. (П)

Семантиката на *мисли*$_1$ и *мисли*$_2$ наложува различна синтакса на нивната комплементација - дека наспроти да-реченици во служба на комплементарни дел-реченици.

Мислам дека нешто се случува. (-имам сознание за тоа)

Мислам да направам нешто. (- имам намера)

Кај групата на интенционалните предикати компонентата на намера се однесува со желбата за постигнување на одредена цел, така што целта кон нешто, а не желбата за нешто станува доминатна сема.

Фразеолошките синоними на *мисли*$_2$ се *има ниет*, *има идеја*, како и безличниот глагол *се предвидува.*

Постои идеја да се направи уште еден приод кон болницата. (В)

Се предвидува кујната да биде во функција најдоцна до септември идната година. (В)

Мисли е состојбен предикат и затоа не може да се реализира во форма од свршен вид; *намисли /помисли* носи побогата содржина за спремност на дејството. По тој признак глаголот *намисли*, *помисли* е симоним со *науми* (само во свршен вид)

Еднаш помислив да претрчам во Даброво и да ги соберам синовите и соседите. (МФ 34)

Намисли да појде кај отец Серафим да му го каже сонот. (ЈС 106)

Планира имплицира поголемо ангажирање на интелектуалниот апарат, методичност и разработен план за остварување на целта.

Во Македонија планирам да се вратам тогаш кога ќе бидам сигурен за мојата безбедност. (П)

Како следна подгрупа се изделуваат предикатите **му дојде, му иде, го влечи, му се сака, му се присака;**

се воздржи, му досади, му дотегна, го мрзи, му се смачи;

Овие предикати зафаќаат посебно место во семантичкото поле на желба заради својата семантичка специфичност која ги приближува овие предикати до емотивните заради два момента:

- потребата за некое дејство или состојба како основен мотивирачки двигател кај човекот може да произлегува од недостаток или вишок на задоволството од тоа дејство/состојба

- главните семантички признаци на предикатите од ова поле: желбата и намерата на субјектот што тој свесно ги регулира со помош на неговата волја, не се веќе под неговата контрола

Може Дрвениот не можеше да се воздржи да не ја тепа. (МФ 258)

На површината на текстот семантичкото дистанцирање на агенсот од предизвикување на дејството се формализира со поместена диатеза во реченицата- дативна, наместо номинативна позиција за субјектот-агенс. Некој внатрешен импулс го каузира субјектот да изврши некое дејство, а тој одвај се воздржува, но сепак не го прави тоа; следствено овие предикати имаат негативна импликација.

На Тихона му дојде да се насмее од злоба. (МФ 32)

Ми доаѓа нозете да му ги прегрнам. (СЈ 193)

Тоа ѝ нанело силна болка во душата, не може да преболи, ѝ иде да се убие. (ЈС 89)

Позитивна импликација изразуваат предикати со негативен емотивен набој - *му досади, досадно е, здодевно е, му дотегна, го мрзи, му се смачи.* Чувството на презаситеност го тера субјектот да го прекине дејството, што честопати и лексички се потенцира со прилогот *веќе*.

Потоа и на тишината ѝ е здодевно да господари и ѝ го отстапува просторот на една нова морничавост. (СЈ 19)

Веќе му здодеа да чепка по минатото. (СЈ 31)

Му здодеа на Марко Прокажник да седи и да раскажува... (СЈ 47)

Освен последната подгрупа (*му досади* и тн), сите останати мотивациони предикати се неимпликативни бидејќи не го имплицираат извршувањето на дејството во зависната дареченица. Нефактивниот карактер на мотивационите предикати наложува деонтична, иреална модалност на нивните дополненија. На синтаксички план нефактивноста или суспензија на фактивноста на мотивационите предикати (што е семантичка појава) повлекува комплементација во форма на зависна дареченица.

Кратенки:

СЈ	Славко Јаневски, *Омарнини* , Нова Македонија, Скопје 1972
МФ	Методи Фотев, *Нелодна вода* , Култура 1977
ЈС	Јован Стрезовски, *Злодобро* , Наша Книга 1990
В	Вечер 25-12-97
П	Пулс 362/97

Библиографија:

Тополињска, Зузана., *Македонскиите дијалекти во Егејска Македонија,* Синтакса, МАНУ, Скопје 1995

Апресян, Ю.Д., *Лексическая семантика* , том 2, изд. школа "Языки русской литературы", Москва 1995

Krec, Dejvid, Ricard Kracfild, *Elementi psihologije* , Naucna kniga, Beograd 1976

McCawley, J D., *World-creating Predicates* , Versus 19/20, 1978

Lyons, John., *Semantics* , Cambridge University Press, Cambridge 1977

Eleni Buzarovska

MOTIVATION VERBS IN MACEDONIAN

Summary

The article deals with the semantic and syntactic analysis of the predicates of motivation in Macedonian. The aim of this article is to establish the interrelations between the semantics of these predicates and the syntax of their complementation. The author gives the inventory of these predicates in Macedonian and looks into the distribution of meaning within the semantic field of motivation. The semantic analysis of motivation predicates has shown that they are non-factive and non-implicative. The suspension of factivity imposes irreal, deontic modality on the propositional arguments of the motivation verbs which are consequently formalised as dependent da-clauses.

УДК 803.0 – 1(049.3)

Димитрија ГАЦОВ

НОВ ПРАВОПИС НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК

- Бестселер во германистиката денес е Новиот правопис на германскиот јазик.

- Во 1876 година е одржана Првата конференција посветена на германскиот Правопис.

- Во 1901 год. на Втората конференција во Берлин се утврдени основите на германскиот Правопис. Резултатите од конференцијата ги објави Конрад Дуден и се прогласени за задолжителни.

- Во ноември 1994 год. на Виенската конференција е постигната целосна согласност за реформа на Правописот.

- На први јули 1996 год. во Виена е потпишана конвенцијата за Новиот правопис.

- На први август 1998 год. официјално стапува во сила Новиот правопис.

- По први август 1998 год. примената на Новиот правопис е задолжителна.

- Се предвидува преоден период од 7 години - до 31.07.2005 година.

- Големите издавачки куќи, како Langenscheidt, Klett, Bertelsmann и др., во своите нови изданија го применуваат само Новиот правопис.

- Над 10.000 наслови, пред сè учебници, се објавени според Новиот правопис[1].

- Во Германија, Австрија и Швајцарија веќе втора година како се применува Новиот правопис во образовните и во државните институции.

ЗОШТО НОВ ПРАВОПИС?

Стариот правопис на германскиот јазик датира од 1901/1902 година и имаше првенствена цел да воспостави единствен правопис на целиот германскојазичен простор, пред сè во интерес на образованието.

Оттогаш поминаа, речиси, 100 години и веќе одамна се чувствуваше потреба од реформирање на Правописот и конечно во ноември 1994 година на Виенската конференција е постигната и на 1 јули 1996 година е потпишана спогодбата за реформа на Правописот на германскот јазик на целиот германскојазичен простор. За Новиот правопис е постигната целосна согласност од сите земји учеснички: Белгија, Германија, Данска, Италија (поради Јужен Тирол), Лихтенштајн, Луксембург, Австрија, Романија, Швајцарија и Унгарија, со можност за приклучување и на други заинтересирани земји.

КОИ СЕ ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ НА НОВИОТ ПРАВОПИС?

1. Основен принцип од кој се раководеле реформаторите на германскиот Правопис е *поедноставувањето на правописните норми.* Тоа се однесува, пред сè, на отстранувањето на исклучоците и посебностите.

2. Втор основен принцип на Новиот правопис е *стабилизација на основната морфема.* Тоа значи дека основата останува константна во сите зборови образувани со неа.

3. Со Новиот правопис се проширува важноста на основните правила и се зголемува *систематичноста.* На тој начин се поедноставува и олеснува учењето на германската ортографија, без да се засегне германската јазична традиција. Во Новиот правопис се води сметка за читливоста на текстовите, пишувани според Стариот Правопис.

ШТО СОДРЖИ НОВИОТ ПРАВОПИС?

Новиот правопис содржи правила и обемен регистар на зборови. Од поранешните 212 правила останаа само 112. Регистарот опфаќа околу 12.000 зборови од основната лексика на современиот германски јазик што ќе претрпат правописни промени. Промените се однесуваат на следниве 6 точки :

а) Однос фонема : графема

б) Пишување заедно или издвоено

в) Пишување со цртичка

г) Голема или мала буква

д) Интерпункциски знаци

ѓ) Пренесување на делови од зборови на крајот од редот

ШТО Е НОВО ВО НОВИОТ ПРАВОПИС?

А) ОДНОС ФОНЕМА : ГРАФЕМА

Со Новиот правопис се отстрануваат отстапувањата од основната морфема. Тоа значи дека основата останува иста во сите зборови образувани со неа.

1. Поединечни случаи со преглас

1.1. Сите зборови што отстапуваат од принципот за стабилизација на основата се пишуваат со преглас *(Umlaut)*.

Стар правопис	Нов правопис	кон
behende	behände	Hand
belemmert	belämmert	Lamm
Bendel	Bändel	Band
Gemse	Gämse	Gams
Quentchen	Quäntchen	Quantum
schneuzen	schnäuzen	Schnauze, großschnäuzig
Stengel	Stängel	Stange
überschwenglich	überschwänglich	Überschwang
verbleuen	verbläuen	blau
aufwendig	aufwendig *oder* aufwändig	aufwenden *oder* Aufwand
Schenke	Schenke *oder* Schänke	ausschenken *oder* Ausschank
Wächte *(Schneewehe)*	Wechte	*nicht zu* wachen
Но и понатаму останува:	Eltern	*Иако е* alt.

2. Поединечни случаи со удвојување на консонанти по краток вокал

Kaj зборовите што отстапуваат од ова правило, според Новиот правопис, по краток вокал се удвојуваат консонантите.

Стар правопис	Нов правопис	кон
Karamel	Karamell	Karamelle
numerieren	nummerieren	Nummer
plazieren (placieren)	platzieren	Platz
Stukkateur	Stuckateur	Stuck
Tolpatsch	Tollpatsch	toll

3. *ss* наместо *ß* по краток вокал

Консонантот ß ќе се пишува, како и досега, само по долг вокал Maß, Muße, Straße и по дифтонг draußen, beißen. Додека по краток вокал консеквентно се пишува удвоениот консонант ss Wasser / wässerig / wässrig или müssen / er muss, dass.

Стар правопис	Нов правопис
hassen - Haß	hassen – Hass
küssen - Kuß, sie küßten sich	küssen - Kuss, sie küssten sich
lassen - er läßt	lassen - er lässt
müssen - er muß	müssen - er muss
Wasser - wässerig - wäßrig	Wasser - wässerig - wässrig
daß	dass

4. Кај сложенките се почитува основата на нивните компоненти

4.1. Кога кај сложенките ќе се појават еднододруго три исти консонати (Ballett + Truppe, Ballett + Tänzer), според Новиот правопис ќе се пишуваат сите три консонанти, а не, како досега, само два (Ballettänzer, Schiffahrt).

Стар правопис	Нов правопис
Flanellappen	Flanelllappen
Flußsand	Flusssand
Ballettänzer	Balletttänzer
Stoffetzen *usw.*	Stofffetzen (*wie bisher schon* Baletttruppe *usw.)*
Но и понатаму останува:	dennoch, Drittel, Mittag

4.2. Кај именките на -heit, изведени од придавки што завршуваат на -h, го задржуваат претходното -h Rohheit (кон roh), Zähheit (кон zäh), наместо Roheit и Zäheit. Покрај Zierat и selbständig, според Новиот правопис, ќе бидат можни и варијантите Zierrat (кон Vorrat) и selstständig (selbst + ständig).

Стар правопис	Нов правопис	кон
Roheit	Rohheit	roh
Zäheit	Zähheit	zäh
Zierat	Zierrat	Vorrat
selbständig	selbständig/ selbststänidg	

5. Систематизација на поединечни случаи

Пишувањето на rauh се усогласува според придавките на -au како blau, grau, genau, schlau. Känguruh ќе се пишува како и кај другите именувања на животни, на пр., Emu, Gnu, Kakadu.

Стар правопис	Нов правопис	кон
rauh	rau	grau, schlau *usw.*
Känguruh	Känguru	Gnu, Kakadu *usw.*

6. Аналогно на именките на -anz или -enz , и изведенките се пишуваат со z (essenziell usw.). Пишувањето со t (essentiell usw.) и понатаму останува како споредна форма.

Стар правопис	Нов правопис	кон
essentiell	essenziell, *auch* essentiell	Essenz
Differential	Differenzial, *auch* Differential	Differenz
differentiell	differenziell, *auch* differentiell	Differenz
Potential	Potenzial, *auch* Potential	Potenz
potentiell	potenziell, *auch* potentiell	Potenz
substantiell	substanziell, *auch* substantiell	Substanz

7. Зборови од туѓо потекло

Според Новиот правопис, зборовите од туѓо потекло што се подолго време во употреба се адаптираат кон германскиот јазичен систем, како на пример, f наместо ph во phon, phot и graph. Но адаптацијата не се форсира. Зборовите како Philosophie, Phänomen, Metapher или Sphäre и понатаму ќе се пишуваат како и досега со ph. Странските суфикси -è или -èe се адаптираат со -ee Allee, Komitee, Resümee. Кај поголем број странски зборови Новиот правопис ги предвидува и двете форми - и старата и адаптираната phon/fon, phot/fot, graph/graf.

Промените се однесуваат на следниве групи:

Стар правопис			Нов правопис
ai	Frigidaire	ai/ ä	Frigidaire, *auch* Frigidär (*als Warenzeichen* Frigidaire)
	Necessaire		Necessaire, *auch* Nessessär (*wie bisher schon* Mohär, Sekretär, Militär, Majonäse, Polonäse *usw.*)
ph	quadrophon	ph/ f	quadrophon, *auch* quadrofon
	Photometrie		Fotometrie, *auch* Photometrie
	Geographie		Geographie, *auch* Geografie
	Graphologe		Graphologe, *auch* Grafologe
	Orthographie		Orthographie, *auch* Orthografie
	Megaphon		Megaphon, *auch* Megafon (*wie bisher schon* Mikrofon, Fotografie, Grafik *usw.*)
	Delphin		Delphin, *auch* Delfin (*wie bisher schon* fantastisch)

gh	Joghurt	**gh/g**	Joghurt, *auch* Jogurt
	Spaghetti		Spaghetti, *auch* Spagetti (*wie bisher schon* Getto, Finn-Dingi *usw.*)
é *и* **ée**	Bouclé	**é/ée** *или* **ee**	Bouclé, *auch* Buklee
	Exposé		Exposee, *auch* Exposé
	Kommuniqué		Kommuniqué, *auch* Kommunikee
	Varieté		Varietee, *auch* Varieté
	Chicorée		Chicorée, *auch* Schikoree (*wie bisher schon* Allee, Armee, Komitee, Resümee, Dragee, Haschee *usw.*)
qu	Kommuniqué	**k**	Kommuniqué, *auch* Kommunikee (*wie bisher schon* Etikett, Likör *usw.*)
ou	Bouclé	**ou/u**	Bouclé, *auch* Buklee (*wie bisher schon* Nugat)
ch	Ketchup	**ch / sch**	Ketschup, *auch* Ketchup
	Chicorée		Chicorée, *auch* Schikoree (*wie bisher schon* Anschovis, Broschüre, Haschee, retuschieren, Scheck, Sketsch, transchieren *usw.*)
rh	Katarrh	**rh/ r**	Katarrh, *auch* Katarr

	Myrrhe		Myrrhe, *auch* Myrre
	Hämorrhoiden		Hämorrhoiden,*auch* Hämorriden
c	Facette	**c / ss**	Facette, *auch* Fassette
	Necessaire		Necessaire, *auch* Nessessär (*wie bisher schon* Fassade, Fasson, Rasse *usw.*)
th	Panther	**th / t**	Panther, *auch* Panter
	Thunfisch		Thunfisch, *auch* Tunfisch

Поединечен случај:

Portemonnaie	Portmonee, *auch* Portemonnaie

Б) ПИШУВАЊЕ ЗАЕДНО ИЛИ ОДВОЕНО

Новиот правопис дава предност на одвоеното пишување на зборовите. Интервенциите се однесуваат на следниве групи:

Стар правопис	Нов правопис
именка + глагол	
radfahren, *aber* Auto fahren	Rad fahren (*wie* Auto fahren)
teppichklopfen/ Teppich klopfen	Teppich klopfen
haltmachen	Halt machen
глагол + глагол	
sitzenbleiben (*in der Schule*), *aber* sitzen bleiben (*auf dem Stuhl*)	sitzen bleiben

прилог + глагол	
abwärtsgehen (*schlechter werden*), *aber* abwärts gehen (*einen Weg*)	abwärts gehen
по аналогија на досегашни правила	
gefangennehmen, *aber* getrennt schreiben	gefangen nehmen (*wie* getrennt schreiben)
übrigbleiben, *aber* artig grüßen	übrig bleiben (*wie* artig grüßen)
aneinader/ auseinander/ beienander + глагол	
aneinanderfügen, *aber* aneinander denken	aneinander fügen (*wie* aneinander denken)
zueinanderfinden, *aber* zueinander passen	zueinander finden (*wie* zueinander passen)
партициписки форми	
nahestehend	nahe stehend (*weil* nahe stehen)
laubtragende/ Laub tragende (Bäume)	Laub tragende (Bäume) (*weil* Laub tragen)
soviel, wieviel се пишуваат како so viele, wie viele.	
soviel, wieviel, *aber* so viele, wie viele	so viel, wie viel (*wie* so viele, wie viele)
Комбинациите со irgend **се пишуваат заедно** irgendwer **и** irgendwohin.	
irgend etwas	irgendetwas

irgend jemand, *aber* irgendwer, irgendwann	irgendjemand (*wie* irgendwer, irgendwann)

В) ПУШУВАЊЕ СО ЦРТИЧКА

Употребата на цртичката, според Новиот правопис, дава можност за појасно искажување на комуникативната цел. Структурата со цртичка се смета дека е попрегледна.

Стар правопис	Нов правопис
Ichform Ichsucht, *aber* Ich-Laut	Ichform / Ich-Form Ichsucht / Ich-Sucht Ichlaut / Ich-Laut
17jährig, 3tonner	17-jährig, 3-Tonner
2pfünder	2-Pfünder
4silbig, 100prozentig	4-silbig, 100-prozentig
Kaffee-Ersatz	Kaffeeersatz / Kaffee-Ersatz
Zoo-Orchester	Zooorchester / Zoo-Orchester
Balletttruppe	Balletttruppe / Ballett-Truppe
Flußsand	Flusssand / Fluss-Sand
Заедно се пишуваат поголем број сложени англизми:	
Hair-Stylist	Hairstylist /

	Hair-Stylist
Job-sharing	Jobsharing / Job-Sharing
Midlife-crisis	Midlifecrisis / Midlife-Crisis
Sex-Appeal	Sexappeal / Sex-Appeal
Shopping-Center	Shoppingcenter / Shopping-Center

Г) ГОЛЕМА ИЛИ МАЛА БУКВА

1. Именките, според Новиот правопис, се пишуваат, како и досега, со голема буква.

Стар правопис	Нов правопис
именка + предлог / глагол	
in bezug auf, *aber* mit Bezug auf	in Bezug auf (*wie* mit Bezug auf)
radfahren, *aber* Auto fahren	Rad fahren (*wie* Auto fahren)

2. Именките Angst, Bange, Gram, Leid, Schuld и Pleite комбинирани со глаголите sein, bleiben и werden се пишуваат со мала буква: Mir wird angst. Sie sind schuld daran. Но: Ich habe Angst. Sie hat Schuld daran.

Стар правопис	Нов правопис
angst (und bange) machen, *aber* Angst haben	Angst (und Bange) machen (*wie* Angst haben)

schuld geben	Schuld geben
pleite gehen	Pleite gehen (*aber* bange sein, gram bleiben, pleite werden)

3. Со голема буква се пишуваат именките изведени од придавките како редните броеви, на пр. der Erste und der Letzte, der Nächste, jeder Dritte, неопределените бројни придавки, како alles Übrige, nicht das Geringste, како и придавките во стабилизирани комбинации im Klaren, im Folgenden, im Nachhinein, des Näheren, im Dunkeln tappen, im Trüben fischen.

Стар правопис	Нов правопис
der, die, das letzte	der, die, das Letzte
der nächste, bitte	der Nächste, bitte
alles übrige	alles Übrige
nicht das geringste	nicht das Geringste
im großen und ganzen	im Großen und Ganzen
des näheren	des Näheren
im allgemeinen	im Allgemeinen
es ist das beste *(= am besten),* wenn ...	das Beste
auf dem trockenen sitzen *(in finanzieller Verlegenheit sein)*	auf dem Trockenen sitzen

den kürzeren ziehen *(Nachteile haben)*	den Kürzeren ziehen

4. Временските означувања, во комбинација со heute, gestern и vorgestern или morgen и übermorgen, ќе се пишуваат со голема буква: heute Mittag, gestern Abend, morgen Nachmittag и сл. Со голема буква ќе се пишуваат сложените именки што изразуваат ден и време, на пр. am Sonntagabend, а со мала соодветниот прилог за време sonntagabends.

Стар правопис	Нов правопис
heute mittag	heute Mittag
gestern abend	gestern Abend
am Sonntag abend	am Sonntagabend
Sonntag abends	sonntagabends

5. Со голема буква ќе се пишуваат зборовите за бои и јазици комбинирани со предлози: in Rot, bei Grün; auf Englisch, in Deutsch.

Стар правопис	Нов правопис
auf deutsch, *aber* bei Grün	auf Deutsch (*wie* bei Grün)

6. Со голема буква ќе се пушуваат изрази со недеклинирани придавки за означување лица, на пр. Arm und Reich, Jung und Alt, Groß und Klein.

Стар правопис	Нов правопис
groß und klein	Groß und Klein
jung und alt, *aber* Arm und Reich	Jung und Alt (*wie* Arm und Reich)

7. Суперлативите со aufs се пишуваат со голема aufs Beste, aufs Herzlichste или со мала буква aufs beste, aufs herzlichste.

Стар правопис	Нов правопис
aufs beste	aufs beste / aufs Beste
aufs herzlichste	aufs herzlichste / aufs Herzlichste

8. Кај синтагмите од придавка + именка придавката се пишува со мала буква, на пр. das schwarze Brett, die erste Hilfe, der weiße Tod. Со голема буква се пишува придавката кога се работи за име der Stille Ozean, за титула Regierender Bürgermeister, за класификации во биологијата Roter Milan, за посебни календарски денови Heiliger Abend и за историски збиднувања der Westfälische Friede.

Стар правопис	Нов правопис
das Schwarze Brett	das schwarze Brett
der Weiße Tod	der weiße Tod
die Erste Hilfe	die erste Hilfe

9. Изведенките од лични имиња, како, на пр. ohmsch, се пишуваат со мала буква das ohmsche Gesetz. Со голема буква се пишуваат ако се нагласува личното име. Во тој случај наставката се издвојува со апостроф die Grimm'schen Märchen.

Стар правопис	Нов правопис
das Ohmsche Gesetz, *aber* der ohmsche Widerstand	das ohmsche Gesetz (*wie* der ohmsche Widerstand)

10. Со мала буква се пишуваат личните заменки du и ihr со соодветните форми, додека заменките што изразуваат почит Sie и Ihr со нивните форми се пишуваат со голема буква.

Стар правопис	Нов правопис
Du, Dein, Dir *usw.*	du, dein, dir *usw.*
Ihr, Euer, Euch *usw.* *(in der vertraulichen Anrede)*	ihr, euer, euch *usw.*

Д) ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ

1. Со Новиот правопис се поедноставува употребата на запирката (,) пред und и oder, како и кај инфинитивните и партиципските структури. Овде се дава поголема слобода.

2. Главните речници со сврзниците und и oder, според Новиот правопис, повеќе не се одделуваат со запирка.

Стар правопис	Нов правопис
Der Schnee schmolz dahin, und bald ließen sich die ersten Blumen sehen, und die Vögel stimmten ihr Lied an.	Der Schnee schmolz dahin und bald ließen sich die ersten Blumen sehen und die Vögel stimmten ihr Lied an.

3. Инфинитивните и партиципските структури се одделуваат со запирка, само ако се најавени со показен елемент (1), потоа кај повторното воведување (2) или кога излегуваат од вообичаената реченичка структура (3):

Нов правопис
(1) Darüber, bald zu einem Erfolg zu kommen, dachte sie lange nach.
(2) Bald zu einem Erfolg zu kommen, das war ihr sehnlichster Wunsch.
(3) Sie, um bald zu einem Erfolg zu kommen, schritt alsbald zur Tat.

4. Се препорачува да се употребува запирка ако со неа се појаснува структурата на реченицата и ако со тоа се елиминираат евентуалните недоразбирања.

Sie begegnete ihrem Trainer(,) und dessen Mannschaft musste lange auf ihn warten. Ich rate(,) ihm(,) zu helfen.

Сите други правила за интерпункциските знаци кај овие структури отпаѓаат.

Ѓ) ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗБОРОТ ВО ДРУГ РЕД

1. Според Новиот правопис st, кога ќе се најде на крајот од редот, t се пренесува во следниот ред, како на пример, We**s-te**, Ka**s-ten**, како кај We**s-pe** или Ka**s-ko**.

Стар правопис	Нов правопис
We-ste	Wes-te
Ka-sten	Kas-ten
Mu-ster	Mus-ter

2. Консонантите ck (Zucker) нема повеќе да се делат и да се заменуваат со kk (Zuk-ker), како што се практуваше досега, туку заедно ќе се пренесуваат во следниот ред (Zu-cker), како кај la-chen и wa-schen.

Стар правопис	Нов правопис
Zuk-ker	Zu-cker
lek-ken	le-cken
Bak-ke	Ba-cke

3. Kaj зборовите од туѓо потекло, коишто, според Стариот правопис, беа лојални на странскиот јазик (Chir-urg, Si-gnal, Päd-agoge, par-allel, Heliko-pter), со Новиот правопис се предвидува и нивно усогласување со важечките правила во германскиот јазик: Chi-rurg (*како* Si-rup), Sig-nal (*како* leug-nen), Pä-dagogik (*како* ba-den), pa-rallel (*како* Pa-rade), Helikop-ter (*како* op-tisch).

Стар правопис	Нов правопис
Chir-urg	Chir-urg / Chi-rurg
Si-gnal	Si-gnal / Sig-nal
Päd-agogik	Päd-agogik / Pä-dagogik
par-allel	par-allel / pa-rallel
Heliko-pter	Heliko-pter / Helikop-ter

4. Според Новиот правопис, и еден вокал во почетокот на зборот може да се одделува U-fer, O-fen, но се препорачува да се одбегнува делењето на слогови ако со тоа се отежнува читливоста на текстот Seeu-fer, Altbauer-haltung.

Стар правопис	Нов правопис
Ufer *(untrennbar)*	U-fer
Ofen *(untrennbar)*	O-fen

Dimitrija Gacov

NEUE DEUTSCHE RECHTSCHREIBUNG

Zusammenfassung

Die jetzige Rechtschreibreform begann mit den Wiener Konferenzen (1986, 1990 und 1994). Wichtigstes Ziel der Rechtschreibreform ist die Einheitlichkeit und Vereinfachung der Rechtschreibung. Die neue Schreibweise tritt stufenweise in Kraft:

- Ab 1996 teilweise Einführung der neuen Rechtschreibung in Schulen.
- Am 01.08.1998 tritt die Neuregelung offiziell in Kraft.
- Ab 01.08.1998 gilt an allen Schulen die alte Rechtschreibung als überholt, bis 31.07.2005 jedoch nicht als falsch.

Die Neuregelung der Rechtschreibung orientiert sich vor allem an den Bedürfnissen von Schülerinnen und Schülern und hat insgesamt den "Normalbürger" im Blick. Sie beseitigt Ungereimtheiten, die sich in 100 Jahren entwickelt haben. Die Neuregelung versteht sich als notwendige Weiterentwicklung der deutschen Rechtschreibung unter starker Beachtung der Schreibtradition. Ihr Ziel ist es, die Schreibung zu erleichtern. Die große Zahl der bestehenden Regeln wurde reduziert, Ausnahmen weitgehend zurückgedrängt.

Die Änderungen beziehen sich auf folgende 6 Punkte:

A) Laut-Buchstaben-Zuordnungen
B) Getrennt- und Zusammenschreibung
C) Schreibung mit Bindestrich
D) Groß- und Kleinschreibung
E) Zeichensetzung
F) Worttrennung am Zeilenende

[1] За Новиот правопис види Гацов, Д., *Речник германско-македонски = Wörterbuch deutsch-makedonisch*, Скопје 1995, VII-XXVII; *Sprachreport*, erw. Extraausgabe, Januar 1997, Institut für deutsche Sprache, Mannheim; Гацов, Д., Нов правопис на германскиот јазик, Скопје 1997.

УДК 809.198.3 – 441.5

Haki YMERI

STRUKTURAT ZANORE ua, ie DHE ye NE GJUHEN E NAIM FRASHERIT

Naim Frashëri jetoi në kohë të polemikave të zhvilluara për përpilimin e një alfabeti dhe një drejtshkrimi bashkë me një gjuhë letrare për të gjithë shqiptarët. U mundua të kontribuojë sa më shumë por, fatkeqësisht, ai qe jetëshkurtër dhe nuk i mbeti shumë kohë të merrej edhe me polemikat e ndryshme, që u zhvilluan në kohën e tij për këtë çështje shumë të rëndësishme të shkencës dhe të kulturës shqiptare.Megjithatë, ai mbi të gjithë, me veprën e tij voluminoze, u hapi rrugë të tjerëve pas tij, që më vonë të punojnë me ngulm për një koinè të gjuhës shqipe. Në këtë mënyrë Naim Frashëri bëri punën më të dobishme dhe më serioze për pasurimin e gjuhës shqipe[1], për gjallërimin e frazeologjisë popullore duke e futur atë në veprat poetike të tij[2], për vendosjen e një drejtshkrimi të përshtatshëm[3]dhe të një normë të përpunuar si dhe për pastrimin e fjalorit të gjuhës shqipe[4].

"*Naimi shkroi në dialekt të kulluar dhe bëri mirë se dialekti paraqet gurrë të gjallë të gjuhës, meqenëse aty janë fshehur thesaret e gjuhës*", konstaton, me të drejtë, Kostaq Cipo[5], ndërsa Dhimitër Shuteriqi shton se "*gjuha e Naimit është gjuha e popullit, varianti i një krahine prej nga rrjedh ai, ku toskërishtja paraqitet me dallime të vogla dialektore.*"[6]

Duke u nisur nga ky konstatim i fundit, vendosa të pasqyroj vetëm një tipar dallues karakteristik të fushës fonetiko-fonologjike të gjuhës së Naimit dhe të variantit dialektor, përkatësisht të së folmes së tij, që në

---

[1] **N. Jokl**, *Naim -Be Frashëri dhe pasurimi i gjuhës shqipe* (*cit. sipas* **Gj. Shkurtaj**, *Disa vërejtje rreth gjuhës së Naim Frashërit,* SF 3, 1971, f. 85).

[2] **N. Bulka**, *Frazeologjia shqipe (lokucionet) në veprat e Naim Frashërit, "Historia e Skenderbeut"*, BUSHT, SShSh 1, 1957.

[3] **A. Xhuvani**, *Naimi si poet e prozator, "Literatura jonë"* -3, 4, 1947.

[4] **Gj. Shkurtaj**, *Disa vërejtje...* f. 85.

[5] **K. Cipo**, *Luletë e Verësë (Këndime)*, "Ilyria" I, 37, Tiranë, f. 3.

[6] **Dh. Shuteriqi**, *Naim Frashëri* - "Literatura jonë" - II, 6-7, Tiranë, 1948, f.59-63; Shih edhe **Sh. Demiraj**, *Disa shënime rreth lëvrimit të gjuhës shqipe gjatë shekullit XIX,* "Buletin i USHT, SShSh, 1, 1959, f.72.

realitet paraqet edhe tipar të bazës dialektore të gjuhës letrare shqipe. Është fjala për natyrën e strukturave ***ua, ie***, dhe ***ye*** të të pasqyruara në veprën e Naimit.

Një pjesë të jetës së tij relativisht të shkurtër Naimi e kaloi në Frashër, në këtë fshat pitoresk e folmja e të cilit ka një mikrositem gjuhësor, që ngërthehet plotësisht në mikrosistemin e së folmes së Dangëllisë[7], e bashkë me të në një mikrosistem të një shkalle më lartë, siç është mikrosistemi i nëndialektit verior të toskërishtes, ku përgjithësisht thuhet se "*diftongjet úa, ie* dhe *ýe janë kthyer në togje zanoresh vetëm në rrokje të hapura fundore si në shembujt: dúa, múa, bie, shtie, u thýe.*[8]

Vallë ky konstatim për këto struktura vlen edhe për gjuhën e Naimit, të reflektuar në veprën e tij, duke pasur parasysh faktin se të njejtat konstrukte në gjuhën letrare dalin me natyrë togu[9]. Për të dhënë një përgjigje më meritore, do shqyrtuar me radhë këto konstrukte që i volëm nga vepra e Naimit.

Strukturën zanore ***ua*** e pamë në tërë veprën e tij, mirëpo sa për ilustrim po i paraqesim vetëm këta shembuj: || *O moj ... e urúar (Vepra 1 - Abaz Aliu, 93* || *... e ta dëgjojnë grúanë dhe grúaja ta dëgjojnë... (Vepra 5- Mësime, 25)*|| *po të mbylle qetë në qúar (Vepra 5- Mësime 25)* || *... Zoti njerin' e la të çpengúarë (Vepra 5- Mësime, 26)*|| *... Mëma dhe ata u mundúan' (Vepra 5 "Mësime", 30)* ||*Gjuha jonë duhet shkrúarë fjesht shqip (Vepra 5 - Parathënje, 12)* // etj.

Naimi, siç shihet nga shembujt e dhënë, strukturën zanore ***ua*** e shënoi si tog edhe në trup të fjalës, si në shembullin || *Zoti njerin' e la të çpengúarë* ||. Për këtë përdorim kemi prova të sigurta, meqenëse në mjaft raste këto konstrukte i jep edhe me theks të shënuar në elementin e parë. Kështu"*Naimi parapëlqente togun dhe dëshironte ta shmangte diftongun në të mirë të përdorimit të togut*[10], thotë Gjovalin Shkurtaj dhe vazhdon më tej: "*Këtë nismë të drejtë të Naimit, gjuha letrare e sotme, sado që nuk e gjen të nevojshëm shënimin e theksit, e ka realizuar krejtësisht dhe diftongut uá, edhe pse gjëllin ende në ca të folme të Jugut, nuk i është bërë vend në gjuhën letrare".*

---

[7] **J. Kastrati**, në *Naimi për gjuhën shqipe*, SF, 3, 1971, f. 120, shton se "*Naimi ishte nga Dangëllia, ku flitet një toskërishte e mesme. Ai njeh mirë jo vetëm sintaksën e toskërishtes, po njeh mirë edhe vlerën e fjalëve dhe të shprehjeve, di t'i vërë mirë në dukje edhe në përdorim, ua njeh mirë fuqinë evokuese dhe stilistike... Ai është artist me sens artistik...Fraza e tij rrjedh vetiu...Ai i qëndron besnik gjuhës populore.*"

[8] **J. Gjinari**, *Dialektologjia shqiptare*, Tiranë, 1988, f. 107.

[9] **A. Dodi**, në *Fonetika e gjuhës së sotme shqipe*, Prishtinë, 1970, f.65, *përfundon se"**gjuha letrare nga pikëpamja fonologjike nuk njeh diftongje. Dhe, me që kur flitet për diftongje të një gjuhe në plan sinkronik, gjuhëtarët i kanë parasysh këto të tipit fonologjik, themi se gjuha letrare shqipe nuk ka diftongje.***

[10] **Gjovalin Shkurtaj**, *Disa vërejtje...* f. 88.

Naimi, si duket, me vetëdije dhe me sinqeritet të plotë pasqyroi një gjendje gjuhësore të gjuhës së tij para një shekulli. Këtë gjë më vonë do ta konststojë edhe S. Floqi në *Skicën e së folmes së Dangëllisë*[11], ku thotë se "*togu zanor **ua** në këtë të folme nuk paraqitet asnjëherë si diftong* dhe jep shembujt: *ftúa, thúa, grúa, lakrúar, múaj, punúar,* d.m.th. si në pozitë fundore, ashtu edhe në trup të fjalës.Ka shumë të ngjarë që theksimin e elementit të parë të strukturës vokalike Naimi ta ketë bërë me vetëdije si parapëlqim të përdorimit të togut në dëm të përdorimit të diftongut, i cili gjëllinte në atë kohë, meqenëse shqiptimin e togut ai e shihte si më të lehtë dhe më të drejtë në krahasim me atë të diftongut.Prandaj, për të thyer monotoninë gjatë shprehjes së diftongut dhe për të siguruar efekte në të rrëfyerit e fjalisë, ai në shumë raste përkrahte edhe reduktimin e **ë**-së së patheksuar fundore, të cilën e shënonte me një apostrof, si në rastet.: ***u mundúan'***, për ***u mundúanë, e urúar'***, për ***e urúarë, shkrúar'***, për ***shkrúarë*** etj. Kështu Naimi e pa mirë dhe e përkrahu këtë proces fonetik brendagjuhësor që kish filluar në variantin toskë.

Gjendja, si duket, del deri diku e qartë edhe me strukturën vokalike **ye,** meqenëse Naimi edhe këtë strukturë e paraqet në formë togu me element të parë të theksuar, si p.sh.|| Pa dëgjo *fyellin* ç thotë(*Vepra 1,"Fyelli"-96)*|| ose shembujt: ***dýer, duke kthýer*** (*Istori e përgjithëshme, 22*), forma këto që verifikohen edhe në të folmen e Dangëllisë[12]me shembujt e dhënë, përveç rastit ***pyés, pyéta, pyétur(ë)***, që sipas theksit të vënë shihet se ka natyrë diftongu[13]. Ky rast, parqitur sipas Floqit flet se diftongu ***ye*** ende gjëllin dhe duke u përfaqësuar, të paktën edhe me një rast të vetëm,ai i bën ballë procesit të togzanorizimit të tij. Rrugën e zhvillimit të tij duhet përcjellë më tutje[14]. Për ta verifikuar këtë gjendje të kësaj strukture edhe në gjuhën e Naimit, na duhen prova më të sigurta, të cilat vetëm nga vepra e Naimit nuk mund t'i sigurojmë. Prandaj, tani për tani, duke abstrahuar këtë shembull të vetëm të nxjerrë nga punimi i Spiro Floqit, mund të themi se në gjuhën e Naimit kjo strukturë ka natyrë togu në përgjithësi.

Paqartësi më të madhe shohim në përdorimin e strukturës zanore ***ie*** jo vetëm në gjuhën e Naimit, por edhe në të folmen e Dangëllisë[15].Për t'u vërtetuar në këtë le t'i shqyrtojmë këta shembuj me ***ie*** : ||Jam një shkëndijë

---

[11] **S. Floqi**, *Skicë e së folmes së Dangëllisë*, Buletini i USHT, SShSh III, 1958, f.91.

[12]**S.Floqi**, Skicë..., f.92.

[13] *Konstrukti **yè** në variantin gegë, përgjithësisht, ka marrë formën **pyès** > **pves** > **ves.** Formën e ndërmjetme **pves** e gjejmë ne gjuhën e Fishtës si **pves - pveta - pve:t.***

[14] *Nëse i besohet këtij shënimi të Floqit, atëherë pa marrë parasysh frekuencën e vogël të paraqitjes së yé-së si diftong (vetëm në një rast, por në tërë paradigmën e foljes pyés), atë duhet konsideruar si fonemë të tetë të sistemit fonematik zanor të së folmes së Dangëllisë.*

[15]**S.Floqi**, në *Skicë* ... f. 91 jep shembujt : ***djellë(diell), qjellë(qiell), mbjell, mjel, pjek, ndjek,*** por edhe ***bìje*** dhe ***bìe, shpìje*** **dhe** ***shpie.***

prej *qjelli* dhe një drudhëzë prej *djelli* (*Vepra 2- Fjalët e qiririt, 9*) || ... Gjer në *qíej* fluturoj (*Vepra 2- Breshka me shkabenë, 66)* || ...O ti *qíell* dritëdhënës (*Vepra 1 - Qíelli, 163*) ||... *Díelli* është një yllë | ... nga gjithë yjt e *qíellit* (*Vepra 5- Zot' i math e i vërtetë, 9*) ||.

Siç shihet në sistemin emëror nuk kemi situatë të qartë të kësaj strukture zanore.Herë del me natyrë diftongu si në rastet: *qjelli* e *djelli*, e herë me natyrë togu po në të njejtat raste: *qíelli, qíellit, díelli, díellit.* Situatë e ngjashme shihet edhe në sistemin foljor, të pasqyruar me shembujt: *mbjell* (diftong) dhe *mbill* (tog i monftonguar) (*Vepra 5- Mësime 25*), ***mjel,*** dhe ***pjek*** (me strukturë diftongu), mirëpo edhe ***bìe*** dhe ***bìje , shpìe*** dhe ***shpìje*** (me strukturë togu). Shembujt ***dìje*** (me tog) dhe *të* ***djèshmen*** (me diftong) janë shumë indikativë dhe mbështesin një situatë të pakristalizuar mirë të përdorimit të kësaj strukture si tog ose si diftong .Ai në ndajfoljen ***dìje*** (dje) del në formë togu me element të parë të theksuar dhe me një ***j*** antihijatizuese ndërmjet dy elementeve vokalike, ndërsa në mbiemrin e emërzuar e ***djèshmja*** del në formë diftongu, në ç'rast ***j***- ja ka natyrë të gjysmëzanores ***i*** të diftongut ***ié.***

Nisur nga kjo që pamë dhe nga përkufizimi i diftongut me kritere fonologjike[16], përfundojmë se:

a) Strukturë diftongore në gjuhën e Naimit nuk kemi;
b) Struktura ***ua*** është kristalizuar plotësisht si tog, përkundër lëkundjeve që shihen në natyrën e strukturave ***ie*** dhe ***ye***;
c) Në skemën e fonemave zanore të gjuhës së Naimit fonema me etimologji diftongore nuk kemi, prandaj edhe dallime në inventar të fonemave zanore të gjuhës së Naimit dhe të gjuhës së sotme shqipe nuk kemi . Me gjithë lëkundjet evidente që shihen në përdorimin e strukturave ***ie*** dhe ***ye*** në sistemin emror dhe atë foljor, Naimi këto struktura i reflektoi si togje , me çka si duket, pasqyroi një realitet gjuhësor të variantit të tij, të atij të së folmes së Dangëllisë, përkatësisht edhe të variantit verior toskë në përgjithësi që më vonë shërbeu si bazë dialektore e gjuhës letrare shqipe.

[16] **A. Dodi - J. Gjinari**, në *Fonetika dhe gramatika e gjuhës së sotme letrare shqipe*, I, Tiranë, 1983, f. 54-55 thuhet se "*diftongjet monofonematike janë ato që në gjuhë paraqiten të pandashëm më tej, siç janë gjithë fonemat e gjuhës*".

Хаки Имери

Резиме

Во трудот се разгледува едно значајно прашање во врска со структурата на дифтонзите "*ua, ie* и *ye*" во јазикот на делата на Наим Фрашери .

Поаѓајки од дефиницијата на дифтонгот од фонолошки аспект се заклучува дека:

а) Структурата "*ua*" наполно се искристализирала во вокална група, додека во структурите "*ie*" и "*ye*" се чувствува некоја нестабилност во нивната употреба како дифтонзи или вокални групи. И покрај таа нестабилност во употребата на овие конструкции, било во именскиот или пак во глаголскиот систем на јазикот на Наим Фрашери, сепак овие конструкции кај него се среќаваат како вокални групи, со што останува доследен на диалектната реалност на неговиот говор од Данглија и северната варијанта на тоскискиот дијалект, што подоцна послужија како основа на стандардниот албански литературен јазик.

УДК 808.66 – 087 : 808.66 - 481

Максим КАРАНФИЛОВСКИ

АКЦЕНТИРАЊЕТО НА ГЛАГОЛИТЕ ВО ЕНИЦЕВАРДАРСКИОТ ГОВОР

Еницевардарскиот говор со својот акцентски систем се вклопува во групата долновардарски говори со морфолошки фиксиран акцент. Земено пошироко, тој влегува во составот на говорите со слободен акцент, односно со неопределен (слободен) акцентски систем карактеристичен за говорите источно од реката Вардар. Овој акцентски систем од "штипско- воденски акцентски тип се простира на целиот појас од Солунскиот Залив и Бистрица па до границата со српската јазична територија на север. Неговата западна изоглоса оди по правецот Куманово - Свети Николе - Демир Капија - Остров - Кајлар." [1]

„На исток овој акцентски тип граничи со западната граница на малешевско - пиринскиот акцентски тип која "оди нешто малку поисточно од Крива Паланка - Кочани - Струмица - Кукуш и Солун".[2]

Меѓу долновардарските говори со морфолошки фиксиран акцент еницевардарскиот говор територијално го зазема централното место. Како и во другите македонски говори акцентот и овде е експираторен по природа и со поголем интензитет отколку во говорите посеверно од него.[3]

Според тоа може да се очекува и кај глаголите и глаголските форми акцентот да може да се наоѓа на секој можен

[1] Б.Видоески, Акцентските системи во македонските дијалекти, Лит. збор, г.17, бр.3, Скопје 1970, стр.7.
[2] Б.Видоески, цит.дело, стр.5
[3] З. К. Пеев, Дојранскиот говор, Македонистика 2, Скопје 1979, стр.47.

слог во рамките на една збороформа и тоа од отворените крајни слогови па до третиот слог.

На последниот отворен слог (отворена ултима) акцент меѓу глаголските форми имаат единствено глаголите во 2 и 3 л. еднина на аористот: *виде́, дӑде́, зӑсӣӑна́, зе, избриша́, има́, исӣиче́, исӣӑдна́, исӣриже́, јӑде́, кӑжа́, нӑл'уӣи́, ӣумина́, рӑзбуле́, сиде́, скисна́, слушна́, сӑ-вӑрна́, ӣӑрг̄на́, чу, ӑлцна́* итн.

Акцентот на последниот затворен слог во ениџевардарскиот говор е мошне чест и тоа кај различни видови зборови, од кои секако во најголем број се застапени именските форми. Глаголски форми со акцент на последниот затворен слог (затворена ултима) се: 1 л. едн. на аористот, глаголските придавки во машки род и глаголската л-форма исто така во машки род. Во сите споменати глаголски форми акцентот ја задржува својата парадигматичност и при максималното зголемување на бројот од слоговите во множината проследено со истовремено членување кај формите на глаголските придавки тој се задржува на третиот слог од крајот кај глаголските придавки и на вториот слог од крајот, т.е. на претпоследниот кај глаголите во аорист и кај глаголската л-форма, кои добиваат максимално зголемување од еден слог (со промена по лица и број, односно род и број).

1. Формите на аористот (минато определено свршено време) го имаат следниот распоред на акцентите: *виде́х - виде́ - виде́ме - виде́ӣе - видéа, дӑде́х - дӑде́ - дӑде́ме - дӑде́ӣе - дӑде́а, зех - зе - зе́ме - зе́ӣе - зе́а, чух - чу - чу́ме - чу́ӣе - чу́ја, зӑбӑва́х, избриша́х, исӣиче́х, исӣриже́х, нӑл'уӣи́х, сидна́х, скисна́х, слушна́х, сӑ рӑзбуле́х, ӣкӑја́х, уӣӑша́х, уӣиӣа́х, фӑрли́х, ӑлцна́х* и др.

2. Глаголските придавки имаат практично фиксиран акцент во рамките на својата парадигма без оглед на сите можни промени во бројот на слоговите: *виза́н - виза́ниуӣ - виза́на - виза́нӣа - виза́но - виза́нӣо - виза́ни - виза́нӣе, брӑне́ӣ - брӑне́ӣиуӣ - брӑне́ӣа - брӑне́ӣӑӣа - брӑне́ӣо - брӑне́ӣуӣо - брӑне́ӣи - брӑне́ӣиӣе, ӣӑдна́ӣ - ӣӑдна́ӣиуӣ - ӣӑдна́ӣа - ӣӑдна́ӣӑӣа - ӣӑдна́ӣо - ӣӑдна́ӣуӣо - ӣӑдна́ӣи - ӣӑдна́ӣиӣе* итн. Според тој модел се однесуваат сите други глаголски придавки: *зӑдӑржа́н, жние́н, измие́н, исӣра́н, мӑлза́н, ӣиса́н, рӑсӣуре́н, руде́н,*

ткăјáн, утипáн, фăрлéн, ципéн, дупнáт, жинéт, кăнéт, лигнáт, рăнéт, ужнáт итн.

3. Акцентот кај глаголската л-форма најчесто е на крајниот затворен слог, а се јавува и на вториот слог од крајот. Сепак, во сите случаи тој ја задржува својата парадигматичност низ целата парадигма на л-формата: *будна́л - будна́ла - будна́ло - будна́ле, видéл - видéла - видéло - видéле, грија́л - грија́ла - грија́ло - грија́ле, дујдéл - дујдéла - дујдéло - дујдéле, дăржа́л - дăржа́ла - дăржа́ло - дăржа́ле* итн. Според овој ист модел се однесува поголемиот дел од глаголите во еницевардарскиот говор: *бира́л, виéл, вика́л, вјăна́л, вăрна́л, вăршéл, вăрши́л, гриши́л, дујдéл, дунцéл, зида́л, зăбăва́л, идéл, игра́л, има́л, испăдна́л, испичéл, јăдéл, крăдéл, круи́л, кăлна́л, кăпна́л, кăрсти́л, кува́л, кусéл, миéл, миси́л, мăлса́л, мăна́л, нăбубури́л, нăјăдéл, нăпăдна́л, пли́тéл, сија́л, сичéл, снува́л, смија́л, стрижéл, струга́л, стуја́л, ткăја́л, тăрча́л, убличéл, углăднéл, углувнéл, ура́л, услипéл, флизéл, фăрли́л, ципéл* итн.

Од ваквото акцентирање отстапува една помала група глаголи кај кои акцентот се наоѓа на кореновиот слог. Овие глаголи исто така ја задржуваат парадигматичноста на акцентот: *ви́шăл - ви́шла - ви́шло - ви́шле, до́шăл - до́шла - до́шло - до́шле, и́шăл - и́шла - и́шло - и́шле, ре́кăл -ре́кла - ре́кло - ре́кле, се́кăл - се́кла - се́кло - се́кле,* како и изведените од нив префиксирани глаголи: *утиши́л - утиши́ла - утиши́ло - утиши́ле, присе́кăл - присе́кла - присе́кло - присе́кле* итн.

Со ваквото акцентирање глаголската л-форма го следи аористот со погоре наведените мали отстапувања и во тој поглед овој говор се приклучува кон другите долновардарски говори [4], а меѓу нив се разликува само од воденскиот говор во кој има опозиција по акцент меѓу глаголските форми од свршен вид и формите од несвршен вид (на пример, според моделот : *мéтил : митéл, нóсил - нуси́л* итн.).[5]

Најголемиот број на именките од сите родови, како и од придавките, заменките, броевите, прилозите, глаголите и повеќесложните сврзници имаат акцент на претпоследниот

[4] К. Пеев, цит. дело, стр.60.

[5] В.Думев, Воденскиятъ говоръ, Мак. Пр. 13, 1943, кн.4, стр.76.

(вториот од крајот) слог, т.е. на пенултима. Меѓу глаголските форми, кај кои акцентот се наоѓа на пенултима спаѓаат формите на сегашното и минатото определено несвршено време, заповедниот начин, како и формите на глаголскиот прилог и глаголската именка.

1. Глаголите во сегашно време имаат акцент на пенултима во сите форми освен во 1 и 2 л. множина: *ви́дăм - ви́диш - ви́ди - ви́диме - ви́дите - ви́дăт, вја́нăм - вја́ниш - вја́не - вја́нме - вја́нте - вја́нăт, пла́кăм - пла́кăш - пла́ка - пла́кăме - пла́кăте - пла́кăт, пу́л'ăм - пу́лиш - пу́ли - пу́лиме - пу́лите - пу́л'ăт, răши́вăм - răши́вăш - răши́ва - răши́вăме - răши́вăте - răши́вăт, се́дăм - се́диш - се́ди - се́диме - се́дите - се́дăт, тува́răм - тува́răш - тува́ра - тува́răме - тува́răте -тува́răт,* како и: *ви́кăм, зи́дăм, зо́бăм, ме́тăм, мălsăм, пи́сăм, са́кăм, се́чăм, тăрчăм, удмо́răм, ца́дăм* итн.

2. Во минато определено несвршено време глаголите во еницевардарскиот говор имаат акцент на пенултима само во формите за 1 л. еднина, додека во другите лица акцентот паѓа на антепенултима: *ви́кăх - ви́кăше - ви́кăхне - ви́кăхте - ви́кăа, дăржих - дăржише - дăржихне - дăржихте - дăржиа, и́дих - и́дише - и́дихне - и́дихте - и́диа, и́мих - и́мише - и́михне - и́михте - и́миа/ и́мја, мо́жих - мо́жише - мо́жихне - мо́жихте - мо́жиа, пи́их - пи́ише - пи́ихне - пи́ихте - пи́ија, пу́лих - пу́лише - пу́лихне - пу́лихте - пу́лиа, răбо́тих - răбо́тише - răбо́тихне - răбо́тихте - răбо́тиа, сто́их - сто́ише - сто́ихне - сто́ихте - сто́ија, стру́гăх - стру́гăше - стру́гăхне - стру́гăхте - стру́гăа* и др.

3. Формите на глаголскиот прилог имаат акцент на пенултима и во тој поглед во овој говор нема ништо посебно во однос на другите македонски говори: *виде́ќи, вика́ќи, вјăва́ќи, јăде́ќи. круе́ќи, мите́ќи, пите́ќи, смија́ќи, ткăја́ќи, тăрча́ќи, уде́ќи* итн.

4. Глаголските именки исто така се акцентираат на претпоследниот слог: *вăрше́јне, јăде́јне, кусе́јне, мите́јне, пие́јне, пија́јне, снува́јне, ткăја́јне* итн. При членувањето на глаголските именки зголемувањето за еден слог се анулира со елизијата: *вăрше́јнто, јăде́јнто, кусе́јнто, мите́јнто, пие́јнто, пија́јнто, снува́јнто, ткăја́јнто* итн.

5. Глаголите во заповедниот начин имаат акцент на претпоследниот слог во сите негови форми. Тоа се постигнува на тој начин што местото на акцентот се поместува за еден слог во множинските форми со што тој во исто време останува на истиот слог и се избегнува можната сличност со множината на сегашното време: *ви́ди - виде́јте, дај - да́јте, дăде́јте, зе́ви - зива́јте, ја́ди - ја́јте, јăде́јте, ме́ти - мите́јте, пе́чи - пиче́јте, пу́ли - пуле́јте, се́ди - сиде́јте, стој - стуја́јте, стри́жи - стриже́јте, фле́зи - флизе́јте, чуј - чуе́јте* итн.

6. Акцент на претпоследниот слог имаат уште и множинските форми на аористот (*сидна́ме, сидна́те, сидна́а* итн.), потоа формите за женски и среден род , како и за множина кај глаголските придавки (*кăне́та, кăне́то, кăне́ти* итн.), а кај некои од нив акцентот се наоѓа на тој слог и во членуваните форми придружено со истовремена елизија (*виза́нта, жние́нта - жние́нто - жние́нти* и др.). Кон нив се приклучуваат и формите за женски и среден род и за множина од глаголската л-форма: *бира́ла - бира́ло - бира́ле, игра́ла - игра́ло - игра́ле, сиче́ла - сиче́ло - сиче́ле, флизе́ла - флизе́ло - флизе́ле* итн.

Акцент на третиот слог од крајот (антепенултима) кај глаголите имаат формите за 1 и 2 л. множина на сегашното време: *ви́диме - ви́дите, пла́кăме - пла́кăте, рăши́виме - рăши́вите* итн., а кај минатото определено несвршено време сите форми освен 1 л. еднина: *ви́кăше - ви́кăхне - ви́кăхте - ви́кăа, рăбо́тише - рăбо́тихне - рăбо́тихте - рăбо́тиа* итн. На третиот слог се акцентираат и членуваните форми на глаголските придавки во случаите кога не се опфатени од елизијата: *виза́ниут - виза́нта / виза́нăта - виза́нто / виза́нуто - виза́нте/ виза́ните, утипа́ниут - утипа́нăта - утипа́нуто - утипа́ните, писа́ниут - писа́нăта - писа́нуто - писа́ните* и др.

Покрај акцентот на чистите глаголски форми ќе го разгледаме и акцентирањето во акцентските групи составени од глаголи со заменки, со негацијата и со партикулата ќе, како и со некои сврзници:

1. Во акцентските групи од заменки со глаголи заменките можат да стојат пред и зад глаголот, но во сите случаи акцентот секогаш паѓа на глаголот. Најчесто заменките се јавуваат во проклиза: *ă-виде́х, мă-ви́кăшă (Ил.), он тă-викна́ нă -те́п, гу-*

викна́х де́јт̄т̄о, му-сӑ-рӑсип̄а́ ко́лт̄а, ќи-му сӑ-сме́јӑт̄ де́цӑт̄а итн. Нешто поретко, како и во другите македонски говори, се јавуваат заменките во енклиза: во заповедниот начин и по глаголскиот прилог: *да́ј-ми, ви́кни-ӑ, да́ј-му-ӑ, ре́чи-му, риче́јт̄е-им, кӑжа́јт̄е-ни, вика́ќи-г̄и де́цӑт̄а, т̄кӑја́ќи-ӑ, сија́ќи-г̄о* итн.

2. Негацијата ***не*** може да стои непосредно пред глаголот, а може и да биде одделена од него со кратки заменски форми или помошен глагол. Во првиот случај негацијата **не** нема посебен акцент и дури може да се редуцира вокалот /е/: *ја́ска нӑ-мужа́х дӑ-о́дӑм, ди́л'му нӑ-мо́жӑ он, нӑ-мо́жӑм и јас (Ил.), не-зна́ишӑ зӑ-т̄о́, не-би́шӑ нӑ-рӑбо́т̄ӑ, не-и́дӑм кӑт̄-ва́с о́т̄и не-и́јт̄ӑ и ви́јӑ (Ил.), ко́г̄а не-и́де он, не-и́дӑм и јас, не-зна́ише* (Е.В.). Во вториот случај негацијата создава акцентска група со заменките или со помошниот глагол и го презема акцентот врз себе: *дил'му не-мӑ са́кӑ и јас не́-г̄у са́кӑм, ми-сӑ-нӑл'ут̄и́ о́т̄и не́-г̄у кӑни́х нӑ-сва́дбӑ, са́му нӑ-не́г̄у не́-му кӑжа́х, сӑ́т̄ӑ и-виде́х, са́му нӑ-т̄е́п̄ не́-т̄ӑ виде́х, не́-му дӑде́х леп̄, не́-сӑ сме́јт̄ӑ, не́-г̄у и́мӑм виде́ну нӑ-не́г̄о, не́-ми т̄ре́бӑ ни́шт̄о, не́-г̄у виде́ де́јт̄т̄у?(Ил.). не́-си сме́јт̄е, не́-г̄о и́мӑм виде́но (Е.В.), не́-сӑм јӑде́л леп̄, не́-си знӑја́л зӑ-т̄а́ рӑбо́т̄а*(К.) итн.

Во случаите кога негацијата посебно се истакнува таа има свој акцент одделно од глаголот: *не́ и́дам о́т̄и и ви́е не́ и́дит̄е, не́ са́кӑм ни́шт̄о, не́ са́кӑм дӑ-г̄у́-ви́дам* итн.

3. Партикулата за идно време **ќе** во ениџевардарскиот говор нема самостоен акцент и со глаголот пред кој стои формира акцентска група: *ќи-рӑбо́т̄ӑм, ќи-п̄е́јӑм, ќи-до́јмӑ, ќ'о́јмӑ, ќи-му-ка́жӑм, ќи-му-сӑ-сме́јӑт̄ де́цӑт̄ӑ* (Ил.), *ќи-си-до́јде ут̄ре* (Е.В.), *шо ќи-куп̄у́вӑш? шо ми-т̄реба ќи-ку́п̄ӑм* (Ко.) итн.

4. Акцентски групи се образуваат и кај да-конструкциите и тоа од самото да или од да и кратките заменски форми кои заедно се наоѓаат пред глаголот: *шо дӑ-п̄ра́вӑм? нӑ-мужа́х дӑ-о́дӑм, п̄о-а́рну дӑ-му-г̄у-да́м нӑ-бра́т̄-ми(Ил.), му-кӑжа́ дӑ-о́ди (Е.В.), дӑ-си-о́диш, дӑ-до́ш (да дојдеш), дӑ-си-би́ш (да си бидеш), дӑ-г̄ле́дӑт̄е(Ко.), шо дӑ-му-п̄ра́м(А.)* итн.

Како што може да се заклучи од изложеното акцентот кај глаголските форми во ениџевардарскиот говор се движи од отворените финални слогови најдалеку до третиот слог од крајот, задржувајќи ја притоа својата парадигматичност во рамките на

една глаголска форма. Единствено формите на заповедниот начин дозволуваат промена на акцентското место за еден слог во множината, овозможувајќи на тој начин акцентот да остане на вториот слог од крајот и во еднината и во множината, т.е. само во заповедниот начин акцентот е фиксиран на вториот слог од крајот и тој доследно се стреми да го задржи тоа место.

Скратеници за населените места:

А. Асарбегово

Е.В. Енице Вардар

Ил. Илициево

К. Куфалово

Ко. Корнишор

Литература:

1. Б. Видоески, Акцентските системи во македонските дијалекти, Лит. збор, г. 17, бр. 3, Скопје 1970, стр. 1-11.
2. К. Пеев, Дојранскиот говор, Македонистика 2, Скопје 1979.
3. В. Думев, Воденскиятъ говоръ, Мак. Пр. 13, 1943, кн. 3, стр. 8-42 и кн. 4, стр. 26-88.

Максим Каранфиловски

ГЛАГОЛЬНОЕ УДАРЕНИЕ В ЭНИДЖЕВАРДАРСКОМ ГОВОРЕ

Резюме

Система ударения в эниджевардарском говоре совпадает с системой морфологически зафиксированного ударения группы нижневардарских говоров.

Ударение на последнем открытом слоге замечается только во 2-ом и 3-ем лице единственного числа глаголов в аористе, а на последнем закрытом слоге у глаголов 1 лица единственного числа аориста, у причастий (глагольных прилагательных) в м.р. и глагольной л-формы в м.р. Всущности, у этих форм ударение зафиксировано на одном месте во всей парадигме.

На 2-ом слоге ударение у глаголов в настоящем времени во всех лицах, кроме 1-го и 2-го лица множественного числа и в 1-ом лице единственного числа имперфекта, у деепричастий, глагольных существительных множественного числа, аориста и в повелительном наклонении.

Ударение на 3-ем слоге у глаголов настоящего времени в 1-ом и 2-ом лице множественного числа и у глаголов в имперфекте во всех лицах кроме 1-го лица единственного числа.

Ударение не падает на краткие формы личных местоимений, также и на частицу не. Отрицательная частица *не* обычно без ударения, но в том случае, когда она сочетается с глаголом, ударение переходит на *не*.

УДК 808.66 – 558/-559 : 808.2 – 558/-559
808.2 – 558/-559 : 808.66 – 558/-559

Максим КАРАНФИЛОВСКИ

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИТЕРАТИВНОСТА ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО РУСКИОТ ЈАЗИК

Итеративноста е комплексна појава во глаголскиот систем и таа ги засега категориите вид, начин и време. Тоа се однесува како на македонскиот јазик така и на рускиот јазик и покрај спецификите на глаголскиот систем во двата јазика одделно, со што тие имаат големи сличности, но и не малку специфичности по кои се разликуваат еден од друг.

Покрај основната поделба на глаголите според нивниот вид на свршени и несвршени, во македонскиот јазик кај последниве се изделуваат повторливите или итеративните глаголи како посебна група глаголи. За нив Б. Конески ја дава следнава дефиниција во својата "Граматика на македонскиот јазик": " Вистински повторлив глагол е оној што не може да се употреби во правото значење на сегашно и минато свршено време". (372).

Типични глаголи кои не можат да се употребуваат со трајно значење се глаголите кои се јавуваат како трет член во глаголските вериги составени од *несвршен глагол со трајно значење - свршен глагол - несвршен глагол со чисто повторливо значење.* Во ваквите вериги на местото од третиот член се јавуваат глаголи кои имаат исклучиво повторливо значење. Такви се веригите од типот: **вика - викне - викнува; лежи - легне - легнува; лета - летне - летнува; паѓа - падне - паднува; седи - седне - седнува.**

Во веригите изведени од свршени префиксирани глаголи третите членови со итеративни глаголи се одликуваат со нешто послаб интензитет на повторливост и кај нив е можно развивање

и на трајно значење, особено ако таква можност се содржи и во значењето што го носи самиот префикс (извесна продолжителност на дејствието). Од ваков тип се глаголските вериги: **бега - избега - избегува; гледа - погледа - погледува; гори - догори - догорува; лаже - излаже - излажува; пали - запали - запалува; се тепа - се степа - се степува.**

Слични се и глаголските вериги изведени од свршени глаголи со друг корен, различен од коренот на несвршениот траен глагол: **гледа - види - видува; прави - стори - сторува.**

Системот на тричлени вериги во македонскиот јазик овозможува да се дојде до формулација дека за да се смета еден глагол за повторлив услов е да постои траен глагол од истиот корен или сродносен со него по значење.

Во македонскиот јазик надворешен знак за образување итеративни глаголи е суфиксот **-ува (-ва),** иако и тој кај извесен број глаголи означува трајност и тоа кај глаголите кои немаат тројна верига (**купи - купува, каже - кажува** итн.). Всушност, со суфиксот **-ува** во тричлените вериги се врши вторична имперфективација на префиксирани глаголи, при што префиксот е десемантизиран (празен), така што тие не се употребуваат во основното значење на глаголските времиња - актуелно сегашно, актуелно минато определено несвршено време итн. (К. Конески, стр. 159).

Итеративните, т.е. повторливите глаголи покажуваат многукратно дејство или готовност, можност за негово извршување, дејство што се повторува во различни моменти.

Ваквите итеративни глаголи во македонскиот јазик во најново време се третираат како факултативни итеративи (Е. Петровска, 1995), затоа што тие не се во состојба секогаш и без дополнителни временски определби во контекстот да означуваат итеративност.

Во таа група од факултативни итеративи спаѓаат и таканаречените деминутивни итеративи, кои означуваат дејство со смален интензитет и нерегуларност во повторувањето. Такво значење се добива со префиксот **под-(пот-): поткаснува, потсвирнува, подјадува, потседнува, потпевнува, подработува** и др.

Факултативните итеративни глаголи во македонскиот јазик имаат свои еквиваленти во рускиот јазик. Тоа се глаголите образувани со суфиксите ***-ыва-/ -ива-, -ва-, -а-*** и означуваат многукратно повторливо дејство. Ваквите глаголи во рускиот јазик се исто така членови на тричлени глаголски вериги составени од глаголи кои според видот се нижат по следниов редослед: несвршен вид - префиксиран глагол од свршен вид - несвршен вид од префиксираниот глагол со суфикс ***-ыва-/ -ива-, -ва,-а-: думать - выдумать - выдумывать, жить- дожить - доживать, крутить - вкрутить - вкручивать, толковать - истолковать - истолковывать, болеть - заболеть - заболевать; бить-вбить - вбивать, сеять - засеять - засевать; сыпать - засы$пать - засыпа$ть; слать - отослать - отсылать, ждать - переждать - пережидать, брать - забрать - забирать.***

Ваквите глаголи во рускиот јазик имаат големи сличности со оние во македонскиот јазик образувани со суфиксот **-ува**. Притоа, секако, се ограничуваме само на изразувањето на повторливоста, исклучувајќи ги сите други нивни специфики, кои во овој случај не нè интересираат.

Факултативните деминутивни итеративи исто така ги има и во рускиот јазик. Таквите глаголи во рускиот јазик се образуваат со префиксите ***по- (поговаривать, поглядывать, посвистывать, попивать, похваливать, пошучивать, полеживать, помалкивать), при- (припахивать, приторговывать, прихварывать), под- (подшучивать, поддразнивать, подворовывать), пере- (перезванивать), на- (напевать, насвистывать, накрапывать).*** Кај овој тип глаголи во рускиот јазик, за разлика од соодветните глаголи во македонскиот јазик, карактеристична е појавата на поголемиот број префикси и од друга страна нивната стилска ограниченост, т.е. нивната доминација во разговорниот стил.

Според тоа, во поглед на факултативните итеративни глаголи, можеме да заклучиме дека тие постојат и во двата јазика, имајќи притоа големи сличности, но и свои специфики.

Вистинските итеративни глаголи секогаш и во секаков контекст, без никакви дополнителни адвербијални определби, ја имаат главната карактеристика итеративност. Веднаш можеме да кажеме дека такви итеративни глаголи, за разлика од рускиот

јазик, македонскиот јазик не познава. Такви глаголи постојат во рускиот јазик и во руските граматики се окарактеризирани како глаголи со значење на неоднократна повторливост. Тие се образувани со суфиксите **-ива-, -ва-, -а-** од основите на некои глаголи од несвршен вид со значење на неоднонасочно движење, восприемање, говор, постоење, положба и промена на положбата во просторот, како и конкретно физичко дејствие. Нивниот број во рускиот јазик не е многу голем, а постојат ограничувања и во нивната употреба: ***хаживать, нашивать, езжать, езживать, бегивать, певать, говаривать, сиживать, леживать, живать, видывать, слыхивать, шивать, плакивать, рабатывать*** и др.

Според современите руски граматичари ваквите глаголи се користат пред сè во литературата кога се опишува народниот бит и кога на јазикот му се дава архаизирана нота. На временски план ваквите глаголи се употребуваат главно во минато време со значење на многукратна повторливост во минатото, но се јавуваат, иако поретко и во инфинитивните форми, во формите на глаголските придавки (причастија), како и во сегашно време. Негираните форми на ваквите глаголи во минато време добиваат посебна експресивност: ***не слыхивал, никогда не видывал.***

Овој тип глаголи не му е познат на македонскиот јазик. При превод од руски ваквите глаголи мораат да добијат дополнителни определби во контекстот. За таа цел најчесто се користат изразите: **обично, вообичаено, честопати, често, одвреме навреме** и други изрази со кои може да се укаже на типичната повторливост што ја искажуваат овие глаголи во рускиот текст, односно во оригиналот од кој се врши преводот.

Во македонскиот јазик се непознати и групата глаголи кои во рускиот јазик се нарекуваат ***глаголы движения.*** Македонските глаголи кои означуваат движење воопшто ги немаат карактеристиките својствени на соодветните руски глаголи, кои во тој поглед се издвојуваат и во рускиот глаголски систем. Тоа се 14 глаголски парови на глаголи од несвршен вид кај кои првиот член означува движење во една насока и кое се извршува во еден наврат и без паузи. Вторите членови на ваквите парови означуваат движење во разни насоки или движење кое регуларно се повторува во една насока: ***идти - ходить, бежать - бегать, ехать - ездить, лететь - летать, плыть - плавать, тащить - таскать, катить -***

катать, нести - носить, вести - водить, везти - возить, ползти - ползать, лезть - лазить, брести - бродить и гнать - гонять; он идет в школу - он каждый день ходит в школу.

Овој тип глаголи се дефинира како неопределени итеративи (Куцала, 1966; Е. Петровска, 1995) и тој, за разлика од рускиот јазик не постои во македонскиот јазик. За да се изрази таквото значење во македонскиот јазик неминовно е користењето на други средства во контекстот, користење на два глагола итн. : **таму ваму, оди и се враќа, секојдневно оди, неколкупати дневно оди, плива, патува итн., постојано, често, честопати** и др.

Според тоа, можеме да заклучиме дека во рускиот јазик има повеќе можности за изразување на итеративите отколку во македонскиот јазик. Во рускиот јазик постојат вистински итеративи (тип ***хаживать***), потоа факултативни (тип ***выдумывать***), деминутивни итеративи (тип ***пошучивать***) и неопределените итеративи на глаголите за движење во разни насоки или со регуларна повторливост во една насока (тип ***ходить***).

За разлика од сите овие можности со кои располага рускиот јазик, во македонскиот јазик постојат само факултативните итеративи (тип ***викнува***) и деминутивните итеративи (тип ***потпевнува***).

Во поглед на глаголските времиња нема ограничувања за факултативните итеративи, како и за деминутивните факултативни итеративи и тоа и во рускиот и во македонскиот јазик. Истото се однесува и на глаголите за движење во рускиот јазик.

Што се однесува на вистинските итеративи, како што веќе рековме, во рускиот јазик тие се јавуваат претежно во минато време со силна стилска обележеност. Во другите времиња и форми, нивната употреба е можна, но во исто време е и прилично ретка. Ваквите глаголски форми главно се карактеристични за литературата од XIX век, а во современата литература се користат со стилска обоеност за дијалектни и разговорни карактеризации на текстот и на ликовите. Единствено глаголот ***бывать*** е карактеристичен по својата можност да се употребува во сите форми без особени ограничувања.

Во македонскиот јазик, повторливоста на глаголските дејства може да се изразува уште и во некои глаголски времиња што ги нема во рускиот јазик. Едно од карактеристичните значења на македонското минато-идно глаголско време е името изразувањето повторливост и вообичаеност на едно глаголско дејство: **ќе пукнеше, ќе дојдеше, ќе седнеше, ќе речел** итн.

Категоријата прекажаност на глаголско дејство, која исто така не му е позната на рускиот јазик, во македонскиот јазик добива специфична експресивност при прекажувањето на повторливи дејства со специфичното идно прекажано време.

Последниве две македонски глаголски времиња немаат свои еквиваленти во рускиот јазик и поради тоа тие на руски се изразуваат со постојните граматички средства, а она што е специфично мора да се изрази со дополнителни средства - објаснениja во контекстот.

Истото се однесува и на можностите на македонскиот заповеден начин-императивот. Покрај другите значења тој се употребува и за изразување на повторливи дејства, со извесна вообичаеност и регуларност. Такви можности на рускиот императив може да му даде повторно само контекстот.

Воопшто во рускиот јазик при изразување на повторливоста кај глаголите посебно значење добива контекстот и дополнителните објаснениja во него. Ова посебно се однесува на глаголите кои не се вистински итеративи како во рускиот, така и во македонскиот јазик.

Користена литература:

1. Б. Конески, Граматика на македонскиот јазик, "Детска радост", Скопје, 1996, с.551.
2. К. Конески, Зборообразувањето во современиот македонски јазик, "Бона", Скопје, 1995, с. 188.
3. Е. Петроска, Итеративноста во македонскиот и во полскиот јазик. Реферат на V полско-македонска конференција, Варшава, 1995, с.7.

4. О. П. Рассудова, Употребление видов глагола в современном русском языке, "Русский язык", Москва, 1982, с.150.

5. АН СССР, Русская грамматика, ч.I, "Наука", Москва, 1980, с.783.

6. М. В. Всеволодова, Способы выражения временных отношений в современном русском языке, МГУ, Москва, 1975, с.283.

7. Н. С. Авилова, Вид глагола и семантика глагольного слова, "Наука", Москва, 1976, с.328.

8. АН СССР, Краткая русская грамматика, "Русский язык", Москва, 1989, с.640.

Максим Каранфиловски

ВЫРАЖЕНИЕ ИТЕРАТИВНОСТИ В МАКЕДОНСКОМ И В РУССКОМ ЯЗЫКАХ

Резюме

Выражение итеративности в обоих языках связано с глагольными категориями вида, времени и способа действия, при чем существуют как сходства, так и различия между ними.

В отличии от русского языка в македонском языке нет настоящих итеративных глаголов типа ***сиживать, хаживать*** и т.д.

В обоих языках существуют факультативные итеративы, выраженные морфологически - суффиксами (***-ува-; -ыва-/-ива-/-а***) с различиями в их употреблении в разных формах глагольных времен.

Деминутивные итеративы также существуют как в русском, так и в македонском языках. При том, в этой категории существуют и сходства, но и специфики в обоих языках.

В македонском языке глаголы движения не обладают свойствами глаголов движения в русском языке для выражения неоднонаправленного действия. Такие действия в македонском языке выражаются дополнительными средствами в контексте.

Глагольные формы с **ќе** (минато-идно време и идно прекажано време) для выражения повторяющихся действий в македонском языке на русский язык можно передать только при помощи дополнительных средств в контексте. То же самое относится и к значениям македонского повелительного наклонения.

УДК 808.66 – 553 : 809.435 - 553

Марија ЛЕОНТИЌ

НАЧИНИ НА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ПРИРОДНИОТ РОД ВО ТУРСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
(контрастивна анализа)

На Академик Оливера Јашар-Настева за драгоцениот дополнинес во областа на јазикот и книжевноста

ПРИРОДНИОТ НАСПРОТИ ГРАМАТИЧКИОТ РОД

Родовата припадност е едно од прашањата со кои се занимава лингвистиката. Постојат различни начини со кои се изразува природниот род односно полот. Во некои јазици има граматички род (пр. македонскиот јазик), а додека во други постои природен род (пр. турскиот јазик). Во некои јазици именките се распределуваат во две, а во некои во три класи коишто се во сооднос со признакот пол или со неговото отсусутво. Кај некои јазици кои се карактеризираат со граматички род именките можат да бидат само од машки и женски род (како во францускиот и другите романски јазици), а пак во други јазици кај именките можеме да разликуваме машки, женски и среден род (како во македонскиот и сите други словенски јазици).

За македонскиот јазик како што споменавме карактеристичен е граматичкиот род, односно разликуваме машки, женски и среден род. Граматичкиот род најчесто е карактеристичен за именки што не означуваат живо суштество. Морфолошки показатели на родот се флексиите:

машки род: Ø пр. молив
женски род: а пр. книга
среден род: Ø пр. писмо

Во македонскиот јазик лексемите од машки род обично завршуваат на консонант. Но мал број лексеми што се од машки род завршуваат на вокалите -а, -о, -е, на пример: слуга, чичко, Пане. Лексемите од женски род најчесто завршуваат на вокалот -а, на пример: тема. Но мал број лексеми од женски род завршуваат и на консонант, на пример: младост. Лексемите од среден род најчесто завршуваат на вокалот: -о, но и на -е, на пример: време, сито. Средниот род е неутрален по однос на укажување на полот и означува нешто мало, на пример: пиле, теле.

Во множина доаѓа до неутрализирање на родовата разлика. Пр: моливи, книги, писма.

Во македонскиот јазик најчесто природниот и граматичкиот род кај именки што означуваат живи суштества се поклопуваат. Но и покрај ова постои колебање во родот на одделни именки коишто завршуваат со нетипични наставки. Кај одреден број именки што завршуваат на консонант се забележува колебање во родот. Тука како најсигурен показател при определување на родот ќе биде синтаксичкиот критериум којшто најмногу доаѓа до израз при конгруенција или координација на субјектот и предикатот.

пр. Тој е добар геолог.

Таа е добар геолог.

Колебање меѓу природниот и граматичкиот род се забележува и кај заемките од турскиот јазик. Заемките од турскиот јазик навлегле во македонскиот со својството отсуството на родовата разлика. Така на пример лексемите фукара и будала имаат иста форма и за машкиот и за женскиот род, односно имаат **општ род**. Тука родот пак се определува синтаксички бидејќи именките од типот фукара, будала имаат формални показатели како именки од женски род.

пр. Тој е будала.

Таа е будала.

Во јазиците кои се карактеризираат со природен род, родот се определува според полот. Во турскиот јазик не постои граматичката категорија род, но постои природниот род. Формите за изразување на природниот род односно полот и половите опозиции се развиени во оние сегменти кои биле од посуштествено значење за човековиот живот и егзистенција.

Турскиот и македонскиот јазик и покрај тоа што не се сродни меѓу себе и припаѓаат на различни јазични семејства, во поглед на некои јазични аспекти појавуваат сличности како резултат на долготрајниот контакт и влијание.

Современата лингвистика всушност сè повеќе за тема на своите проучувања ги зема јазиците што не се сродни меѓу себе, а во кои се присутни слични или идентични јазични појави односно типолошки особености. Во последно време посебно се разви контрастивната анализа со која се разгледуваат типолошките врски меѓу јазиците односно нивните специфичности, блискости и разновидности.

Предмет на оваа анализа се начините на искажување на природниот род во турскиот и македонскиот јазик, нивните сличности и разлики.

НАЧИНИ НА ИСКАЖУВАЊЕ НА ПРИРОДНИОТ РОД ВО ТУРСКИОТ ЈАЗИК

Во изразувањето на природниот род семантичкиот аспект има важна улога, односно значењето на именката го определува родот. Бројот на ваквиот вид именки од изворно турско потекло во турскиот вокабулар е релативно мал. Но токму поради тоа тие се интересни за разгледување и за споредување.

Овие лексеми со коишто се изразува полот во текот на историскиот развој на турскиот јазик се развиле во корелација со потребите на човековата егзистенција. Во овој поглед посебно се развиле зборовите со коишто се именуваат животни, почесто домашни животни и лица во роднински врски.

Во турскиот јазик присутен е релативен број заемки од разни странски јазици со кои се конкретизира половата припадност.

Треба да се потенцира дека во изворниот турски јазик нема зборови кај кои половата припадност се одбележува на граматички план. Половата диференцијација се реализира на лексички план односно со изворни турски лексеми. Меѓутоа кај некои зборови од странско потекло половата припадност се диференцира на морфолошки план, односно со суфикси. На лексемата што искажува машки пол се додава морфема со која се добива лексема што изразува женски пол; се менува формата и родот на именката, односно доаѓа до модификација на значењето, но основното значење останува исто. При ова треба да се истакне дека и морфемите како и лексемите се од странско потекло и во готов вид со сите морфемски особености, во готова форма навлегле во турскиот јазик. Пр.

тур. prens (фран.)	prenses
мак. принц	принцеза

Во македонскиот јазик кај именките од странско потекло половата припадност е издиференцирана со суфикси. Пр: студент, студентка.

Дистинкцијата на половата припадност, освен со одделни лексеми и со додавање на одредени морфеми, се одбележува и со одреден број сложенки.

Според гореизложеното можат да се постават разни критериуми преку кои може да се разгледа начинот на искажување на природниот род во турскиот јазик. Природниот род може да се разгледува од морфолошки, синтаксички и лексички план, поконкретно од следниве аспекти:

1. Изразување на природниот род со засебни лексеми
2. Изразување на природниот род со странски суфикси
3. Изразување на природниот род со сложенки
4. Изразување на природниот род со составно помошни зборови

5. Изразување на природниот род со инверзија

При разгледување на овие аспекти, тие што се присутни и во македонскиот јазик се прикажани со заеднички примери, а тие што се својствени само на турскиот јазик се дадени низ превод.

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ПРИРОДНИОТ РОД СО ЗАСЕБНИ ЛЕКСЕМИ

Природниот род во турскиот јазик се искажува со одреден број засебни зборови. Односно, со одделни лексеми се именуваат машкиот, женскиот природен род и именки со значење невозрасност што означуваат младенче. Ова се главно лексеми што означуваат живи суштества, па спрема тоа се наоѓа поткрепа во природниот род. И во македонскиот јазик кај лексемите што означуваат живи суштества има поткрепа и во природниот род. Односно во сите јазици кај именките што означуваат живи суштества родот укажува и на полот дури и кај такви именки како што се: аташе, конферансје, доктор, геолог, министер и сл. Ова на синтаксички план доаѓа до израз. Пр.

Доктор Ана ги прегледала пациентите.

Doktor Ana hastaları muayene etmiş.

Одредувањето на половата припадност со посебни лексеми е специфично за именките што означуваат домашни животни, лица во роднински врски и лица коишто се занимаваат со одредена професија. Ваков вид лексеми постојат во сите јазици.

Во турскиот јазик се развиле одделни лексеми за машкиот и женскиот природен род или пол со кои се означуваат лица или домашни животни кои биле од поголемо значење за човековата секојдневна работа и опстанок. Се разбира, тоа е поврзано и со некогашните основни дејности на човекот како што се ловот и негување на пердувести домашни животни и добиток. Пр. **geyik**(елен) и **karaca**(срна). Во турскиот јазик и покрај тоа што бројот на одделните лексеми за означување на машкиот и женскиот природен род е многу мал за срна се сретнуваат уште три лексеми: **meral**, **ceylan**, **ahu**. Во турскиот јазик одделни

лексеми можат да се сретнат и за поими кои означуваат лица кои имаат голѐма улога во секојдневниот живот. Пр. **erkek**(маж) и **kadın**(жена). Но за поимот жена постојат уште две лексеми **avrat** и **zen**. Меѓутоа додека **kadın** и **zen** го означуваат само поимот **жена**, **avrat** значи и **жена** и **сопруга**.

Како што е познато во турскиот јазик најголем број именки коишто именуваат животни се без полова определеност. И во македонскиот јазик кај именките коишто именуваат животни постои " **неполов" или т.н. неполов род**. Пр. **славеј**, **ластовица** (**bülbül**, **kırlangıç**). Тие зборови коишто означуваат живи суштества без родова определеност, во турскиот јазик се употребуваат како да се од машки пол(пр. **kartal**). Ако сакаме да потенцираме дека се од машки пол тогаш може да ја додадеме лексемата **erkek** што е тука во функција на составно помошен збор(**erkek kartal**) што во овој контекст значи мајјак. За да се означи женскиот пол на истата именка ѝ се додаваат составно помошниот збор **dişi** што значи женка(**dişi kartal**). Всушност и **erkek** и **dişi** имаат атрибутска функција, односно доаѓаат пред именката.

тур.	kartal	erkek kartal	dişi kartal
мак.	орел	орел мајјак	орел женка

Овој начин на диференцирање на полот се сретнува и во македонскиот јазик за еден дел на живи суштества. Тоа може да се констатира и од преводниот еквивалент, но со една мала разлика. Во македонскиот јазик овие конкретизирачки зборови следат по именката.

Но за некои питоми и делумно диви животни, постои засебна лексема, за машки, женски род што укажуваат на половата опозиција: мајјак- женка (**петел, кокошка- horoz, tavuk**). Овие именки кои имаат машки и женски корелатив се наречени **парни именки**. Именките со значење невозрасност што означуваат младенче на живи суштества се неутрални кон изразување на полови разлики. Пр. **пиле (piliç)** може да биде и од машки и од женски пол.

Природниот род е карактеристичен и за лица што се во роднински врски. На овој план се развиле одделни зборови

односно лексеми за лица кои биле роднински поврзни и кои почесто се среќавале во секојдневниот живот. Оваа издиференцираност, се разбира, овозможува подобро разбирање и комуникација.

Според гореизложеното за изразување на половата припадност со засебни лексеми можеме да направиме една мала класификација на:

а) Лексеми со кои се изразува природниот машки и женски род

б) Лексеми со кои се изразува значење невозрасност што означуваат младенче

в) Лексеми со кои се изразува само еден природен род (машки или женски)

Лексеми со кои се изразува природниот машки и женски род

Лексемите со кои во турскиот јазик се изразува природниот машки и женски род најчесто именуваат домашните животни, поблиски роднини и сл. Ваков вид лексеми коишто имаат поткрепа и во природниот пол има и во македонскиот јазик кои исто така се карактеристични за живите суштества.

Долу ќе ги изложиме типичните примери за овој вид **засебни лексеми** (**парни лексеми**) кои именуваат животни со нивните корелати во македонскиот јазик.

	мажјак	женка
тур.	at	kısrak
мак.	коњ	кобила
тур.	öküz	inek
мак.	вол	крава
тур.	teke	keçi
мак.	прч,јарец	коза
тур.	koç	koyun
мак.	овен	овца

тур.	horoz	tavuk
мак.	петел	кокошка
тур.	geyik	karaca
мак.	елен	срна

Гореизложените примери се лексеми со кои се изразува природниот машки и женски род во литературниот јазик. Меѓутоа изненадува фактот што оваа родова диференцијација иако е ограничено застапена во литературниот турскиот јазик, во народниот јазик од секојдневна животна потреба и практичност се развиле и други лексеми за означување на природниот машки и женски род и тоа за животни кои биле неопходни за нивната егзистенција. Па така за камилата (на литературниот турски јазик се нарекува **deve**), која во минатото во Турција(па и денес во некои арапски земји) играла огромна улога за превоз или пренос на товар, за воспоставување на трговски врски со соседните области и земји, народот развил лексема за означување на камилата-мажјак и женка.

мажјак	женка
lök (нар. гов.)	maya (нар. гов.)

Меѓутоа треба да се истакне дека **lök** и **maya** се називи за еден вид камили кои биле од поголемо значење за човекот. Но освен лексемата **lök** што се употребува во народниот говор, за камила - мажјак постои и лексемата **buğra** што се употребува во литературниот јазик.

Со ваков вид парни именки се прави дистинкција на природниот машки и женски род и кај живите суштества којашто се однесува на именки со кои се изразува семејната корелација, роднинската поврзаност и сл.

тур.	baba	anne
мак.	мајка	татко
тур.	dede	nine
мак.	дедо	баба

тур.	oğlan	kız
мак.	момче	девојче
тур.	erkek	kadın
мак.	маж	жена
тур.	damat	gelin
мак.	зет	снаа
тур.	amca	hala
мак.	чичко	стрина

Овие лексеми со кои се искажува природниот машки, женски и род по број се малку и во турскиот и во македонскиот јазик, но нивната употреба е многу голема.

Лексеми со кои се изразува значење невозрасност што означуваат младенче

Лексемите со кои се изразува природниот среден род најчесто се однесуваат на домашни животни и роднинската поврзаност. Овој вид лексеми немаат поткрепа во природниот пол. И во турскиот и во македонскиот јазик средниот род е неутрален кон изразувањето на половите разлики. Пр.

тур.	tay(kulun)	тур.	kuzu
мак.	ждребе	мак.	јагне
тур.	buzak (dana)	тур.	piliç(civciv)
мак.	теле	мак.	пиле
тур.	oğlak	тур.	torum(нар. гов.)
мак.	јаре	мак.	камила младенче

Тука може да се изложи уште еден типичен пример за лексема со значење невозрасност што означуваат младенче на лице:

тур. çocuk

мак. дете

Сите гореизложени примери што се однесуваат за именки што именуваат младенче (ждребе, теле, јаре, јагне, пиле, дете) се неутрални кон изразување на половите разлики бидејќи тие можат да бидат и од машки и од женски пол.

Во турскиот јазик излез од ова се наоѓа со додавање конкретизирачки зборови. Пр. **erkek çocuk (машко дете)** и **kız çocuk (женско дете)**, **erkek torun(машко внуче)** и **kız torun (женско внуче)**.

Лексеми со кои се изразува само еден природен род

Во турскиот јазик постои многу мал број лексеми со кои се изразува само еден природен род. Овие лексеми може да означуваат само мажјак, женка или младенче.

Во групата на именки кои означуваат само мажјак спаѓаат лексеми чие значење се однесува на машкиот пол односно именуваат, животни , роднински имиња,занимања, функции и титули чиишто носители обично се мажите. Лексемите може да се групираат во две групи:

1. Изворно турски лексеми

а) називи на животни

suna: патор

gurk: мисирка мажјак

б) називи на лица

ergen: ерген

haydut: ајдут

subay: офицер

golcü: голман

2. Лексеми од странско потекло, пр:

hoca(пер.): оџа

şah(пер.): шах

şeyh(арап.): шејх

sultan(арап.): султан

sadrazam(арап.): премиер во Османската империја

kardinal(фран.): кардинал

diktatör(фран.): диктатор

baron (фран.): барон

senatör (фран.): сенатор

pilot (фран.):пилот

boksör (фран.): боксер

tenor: (итал.): тенор

berber (итал.): berber

raca (санс.): раџа

mihrace (санс.) : махараџа

Во групата лексеми кои означуваат само женски природен род спаѓаат:

1.Лексеми од изворно турско потекло:

dadı: дадилка

sevici: лезбејка

yosma: кокета

2.Лексеми од странско потекло:

а) називи на животни

kuluçka (слов.): квачка

marya (грч.): овца

б) називи на лица

boliçe (ибр. нар. гов.): жена Еврејка

primadonna (итал.): примадона

metres (фран.): метреса

homoseksüel (фран.): хомосексуалец

orospu (пер.) ороспија

peri (пер.) самовила

kameraman (анг.) камерман

Во групата на лексеми со значење невозрасност што означуваат само младенче спаѓаат следниве лексеми од изворно турско потекло:

sıpa- младенче од магаре

parpa-младенче од рибата калкан

torum (нар. гов.): младенче на камила

potuk (нар. гов.): младенче на на камила

Специфична појава во турскиот јазик е што народот една лексема со која се означуваат младенчињата на едно животно ги употребува и за означување на младенчињата на друг вид на животно. На пример лексемата **kulun** се употребува за означување на младенче на **коњ** и **магаре**, а **taylak** во народниот говор за означување на младенче на **коњ** или **камила**. Се забележува и една друга специфична појава, со повеќе лексеми да се одбележува младенче на еден вид. Пр. лексемите **potuk**, **kulun**, **taylak** означуваат младенче на камила.

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ПРИРОДНИОТ РОД СО СТРАНСКИ СУФИКСИ

Половата припадност може да се означи и со суфикси. Тоа е карактеристично за македонскиот јазик. Во изворниот турски јазик нема посебни морфеми кои би ја одбележале половата припадност. Но во турскиот јазик постојат заемки кај кои половата припадност се означува со одредени суфикси, односно на именката што изразува машки пол се додава суфикс со којшто се добива лексичка единица што изразува женски пол.

тур.	tanrı (тур.тур.)	tanrıça
мак.	бог	богиња
тур.	kral (слов.)	kraliçe
мак.	крал	кралица
тур.	çar (рус.)	çariçe
мак.	цар	царица
тур.	balet (англ.)	balerin
мак.	балетан	балерина
тур.	prens (фран.)	prenses
мак.	принц	принцеза
тур.	aktör (фран.)	aktris
мак.	актер	актерка
тур.	dansör (фран.)	dansöz
мак.	танчер	танчерка
тур.	şantör (фран)	şantöz
мак.	пејач	пејачка

Во турскиот јазик постои уште одреден број заемки што можеме да ги вброиме во оваа група, овие лексеми се градат со суфиксот **-е** и се претежно од арапско потекло.

тур.	müdür (арап.)	müdüre
мак.	директор	директорка
тур.	rakip (арап.)	rakibe
мак.	калуѓер	калуѓерка
тур.	rakkas (арап.)	rakkase
мак.	танчер	танчерка
тур.	ilâh (арап.)	ilâhe
мак.	бог	богиња
тур.	bakir (арап.)	bakire
мак.	девственик	девственица
тур.	melik (арап.)	melike
мак.	крал	кралица
тур.	maşuk (арап.)	maşuka
мак.	љубен маж	љубена жена
тур.	zevç (арап.)	zevce
мак.	сопруг	сопруга

Во турскиот јазик и многу лични имиња што се од арапско и персиско потекло и изразуваат женски пол се градат со додавање на суфиксите **-e/-a** на личии имиња што изразуваат машки пол. Ова може да го прикажеме со следните примери:

машки лични имиња женски лични имиња

Can	Canan
Cemil	Cemile
Emin	Emine
Arif	Arife
Fahri	Fahriye

На овој начин се градат сите сопствени именки во македонскиот јазик што имаат машки корелат; на лични имиња од машки пол се додаваат соодветни наставки или суфикси со што се добиваат женски имиња.

машки лични имиња	женски лични имиња
Ангел	Ангелина
Јован	Јованка
Трајан	Трајанка
Митре	Митра
Бранко	Бранка
Марин	Марина

Во гореизложените примери разгледавме како се одредува женскиот пол со додавање на соодветни суфикси.Како најпродуктивни суфикси или наставки во македонскиот јазик се јавуваат морфемите: -а, -иц(а), -ичк(а), -к(а), -ниц(а), а во странските заемки во турскиот јазик морфемите: -çe, -es, -e, -an.

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ПОЛОВАТА ПРИПАДНОСТ СО СЛОЖЕНКИ

Во турскиот јазик постојат и сложенки преку кои се постигнува дистинкцијата во поглед на половата припадност. Ова може да го прикажеме со следните пимери:

тур.	kaynata	kaynana
мак.	свекор	свекрва
тур.	beyefendi	hanımefendi
мак.	господин	госпоѓа

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ПОЛОВАТА ПРИПАДНОСТ СО СОСТАВНО - ПОМОШНИ ЗБОРОВИ

Кога со различни морфеми или одделни лексеми не постои можност да се означи полот, во турскиот јазик оваа дистинкција се постигнува со додавање на на еден од следниве зборови: **dişi** (женка), **kız** (девојче), **kadın** (жена), **hanım**, **bayan** (госпоѓа), **erkek** (машко), **bay** (господин).

Всушност оваа постапка е најчеста ако се земе предвид дека во турскиот јазик најголемиот дел од именките (освен оние во чијашто семантика се содржи природниот род) се во општа форма. А тоа значи дека од ваквиот вид лексеми употребени вон контекст и без некој од посочените маркери не можеме да ја доловиме половата припадност. Со горенаведените маркери се овозможува конкретизирање, прецизирање, одредување, појасно изразување и комуникација.

тур.	rektör bey	bayan rektör
мак.	ректор	госпоѓа ректор
тур.	erkek yazar	bayan yazar
мак.	писател	писателка
тур.	erkek şarkıcı	kadın şarkıcı
мак.	пејач	пејачка
тур.	erkek çocuk	kız çocuk
мак.	машко дете	женско дете
тур.	erkek kardeş	kız kardeş
мак.	брат	сестра
тур.	erkek fiil	dişi fiil
мак.	слон	слоница
тур.	erkek kedi	dişi kedi
мак.	мачор	мачка

Оваа појава е присутна и во македонскиот јазик. Многу професии кои порано беа типични за машкиот пол, со текот на времето станаа достапни и на жените. Но бидејќи масовно не се распространија туку останаа сè уште неспецифични професии за жените, во јазикот сè уште не се формирани посебни лексеми за носителите на овие професии. Па токму оваа дистинкција и во македонскиот јазик како и во турскиот јазик се изразува со конкретизирачки лексеми(пр. жена) или со додавање на женско лично име после именката од општа форма. Пр.

Убаво е да си пилот.

Убаво е да си жена пилот.

Pilot olmak güzel bir şeydir.

Bayan pilot olmak güzel bir şeydir.

Поранешниот амбасадор на САД, Медлин Олбрајт денес со својата политика го воодушевува целиот свет.

ABD'nin eski büyük elçisi Medlin Olbrajt kendi siyasetiyle bütün dünyayı hayran ediyor.

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ПОЛОВАТА ПРИПАДНОСТ СО ИНВЕРЗИЈА НА ЛЕКСЕМИТЕ

Во турскиот јазик постои уште еден специфичен начин за определување на полот. Со инверзија на лексемите се изразува женскиот пол. Ако лексемата **sultan** се наоѓа пред личната именка, таа изразува припадност кон машкиот пол, а ако се наоѓа по лексемата **sultan** означува припадност кон женскиот пол. Ова можеме да го илустрираме со познатите имиња на две историски личности од турската историја.

Kanunî Sultan Süleyman : Султан Сулејман

Naciye Sultan : Султанкиња Наџије

Hürrem Sultan : Султанкиња Хурем

Скратеници:

тур. тур.	турско турски(од изворно турско потекло)
арап.	арапски
пер.	персиски
фран.	француски
англ.	англиски
итал.	италијански
слов.	словенски
рус.	руски
ибр. нар. гов.	ибрански народен говор
нар. гов.	народен говор
санс.	санскрит

Библиоґрафија:

1. "Türkçe Sözlük"(Речник на турскиот јазик), Ankara: *Türk Dil Kurumu Yayınları*, 1988(сите примери во написот се земени од овој речник и речникот на Кемал Демирај)
2. Demiray Kemal "*Temel Türkçe Sözlük*", İstanbul: *Millî Egitim Gençlik ve Spor Bakanlıgı Yayımları*, 1994
3. Đinđić, Slavoljub. *Udbenik turskog jezika.*- Beograd: *Univerzitet u Beogradu*, 1979, 47-49
4. Коневски, Блаже. *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје: *Култура*, 1987, 215-219
5. Koç, Nurettin. *Yeni Dilbilgisi*, İstanbul: *İnkilâp Kitabevi*, 1990, 111-112
6. Силјановски, Велко. "Родот на именките со кои се именуваат функции, професии, звања, занимања и друго", во *Литературен збор.*- Скопје: 1985, 6, 111-117

7. Силјановски, Велко. "За родот на именките во македонскиот јазик и некои други јазици", во *Литературен збор.*- Скопје: 1980, 6, 47-55

8. Марков, Борис. "Обележувањето лице од машки и женски пол со иста флексија", во *Литературен збор.*- Скопје: 1977, 1, 17-25

9. Марков, Борис. "Именки со значење лице од женски пол во рускиот и македонскиот јазик" во *Литературен збор.*- Скопје: 1975, 1, 13-21

10. Гаврилова, Соња. "Родот како граматичка и лексичка категорија", во *Литературен збор.*- Скопје: 1988, 3-4, 21-30

Марија Леонтиќ

НАЧИНИ НА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ПРИРОДНИОТ РОД ВО ТУРСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
(контрастивна анализа)

ПРИРОДНИОТ НАСПРОТИ ГРАМАТИЧКИОТ РОД

Резиме

Од изложениот материјал може да се констатира дека природниот род односно пол во целокупниот вокабулар на турскиот и македонскиот јазик се изразува со средства од три рамништа: морфолошки, синтаксички и лексички.

При ова треба да се потенцира дека изразувањето на природниот род на морфолошки план во турскиот јазик е карактеристично само за зборови од странско потекло со странски суфикси, а додека во македонскиот јазик оваа појава е присутна во изворни македонски зборови и во зборови од туѓо потекло.

Природниод род синтаксички и во македонскиот и во турскиот јазик се изразува и со составно помошни, конкретизирачки зборови, а во турскиот и со сложенки и инверзија на зборовите.

На лексички план природниот род односно пол и во македонскиот и во турскиот јазик се изразува со засебни лексеми.

УДК 808.66 – 316.3 = 943.5
808.66 – 28 : 809.435 – 22

Борис МАРКОВ

ИЗВИЦИ-ЗАЕМКИ КОИШТО ВО ТУРСКИОТ ЈАЗИК ИМААТ ИМЕНСКО ПОТЕКЛО

За влијанието на турскиот јазик врз македонскиот и соседните словенски јазици е карактеристично дека е одразено не само на полнозначните зборови (именки, придавки, заменки, глаголи, прилози) туку и на службените зборови (сврзници, честици), модалните и вметнатите зборови и извиците. Сето тоа секако зборува за широчината и длабоките корени на влијанието на турскиот јазик врз споменатите јазици.

Покрај првобитни извици[1], со посредство на турскиот јазик во македонскиот и соседните словенски јазици се затврдени и извици коишто во изворниот јазик имаат својство на полнозначен збор. На постоењето на ваков вид извици во турскиот јазик, меѓу другите, обрнал внимание и H. Šabanović, сп.: "Isto se tako mogu neke imenice (proste i složene, kao i u glagolskom obliku) upotrebljavati u smislu uzvika. Između njih navodimo najobičnije: aman, aferin, aškolsun, yazık, bakalım, olur, olmaz"[2]. Уште поконкретен во случајов е T. Banguoğlu, кој одбележува дека својство на извик можат да имаат одделни именки, придавки (тип kötü!), примери од типот canım!, «душо моја», глаголски форми и др. (цит. дело, 399).

Еден дел од ваквите образувања во современиот турски јазик се употребуваат главно во својство на извик, толку повеќе што некои од нив имаат арапско или персиско потекло, сп. аман!, ајол!, гиди; аферин!..., јазак!, кафпе! Независно од тоа дали споменатите образувања во турскиот јазик ја прекинале врската

[1]Во турскиот јазик се употребува терминот asılünlemler (interjection proprement dite)", T. Banguoğlu, Türkçenin grameri, 1990, 397.
[2]Gramatika turskog jezika, Sarajevo-1944, 49.

со основата или не, тие во македонскиот и во соседните јазици се среќаваат главно во својство на извици.

Зависно од тоа каков полнозначен збор или вид образување лежи во основата, разгледуваниот вид извици имаат именско потекло или содржат придавка, лична заменка, глаголска форма, сложенка или сложен состав. Предмет на внимание тука се извиците коишто во турскиот или во изворниот јазик се изведени одн. претставуваат именка. Во оваа група спаѓаат извиците: аирлија! алла! или ала!, вала!, вала-биља!, ејвала!, иљала!, аман! анасана! ајол!, олан! гајрет!, гиди! (сп. и егиди, ејгиди, ејди, дегиди, дејгиди, дејди), кафпе!, ценем! и шуќур! Во современиот јазик посочените извици имаат различна застапеност, при што еден дел од нив претставуваат ретки архаизми, коишто во РМЈ најчесто не се регистрирани.

Извикот аирлија! «среќно!, нека е со среќа!, ти (ви) пожелувам среќа!»: тур. hayırlı (hayır + -lı) olsun!; сп. и (haydı) hayırlı-sıolsun! «(ајде) = аирлија нека е (нека биде!) « нека даде Господ сè да биде како што треба!». Со функциите придавка, прилог и извик овој збор својствен им е и на соседните словенски јазици, како и на албанскиот јазик, сп. "hayërlli «glücklich»" (В). Инаку спаѓа во оние турцизми коишто сè уште не минале во архаизми, макар што напоредно се употребуваат и синонимите «среќно!, нека е со среќа!, ти (ви) пожелувам среќа или успех!» Во РМЈ зборот аирлија е регистриран со функциите придавка и прилог, а во РМНП само со првата функција, сп.:

"аирлија (razg.) 1. adj. indecl. blagosloven, srećan; аирлија работа! srećan posao! нека е аирлија! (работата)! neka je sa srećom.2. adv. hairli, srećno" (РМЈ); или:

"АИРЛИЈА прид. неизм 1. што носи добро, среќа, среќен; ти да беше дете аирлија, не ќе беше по река пуштено...;...

2. при благослов; /аирлија работа, божиј човече!/ колку зрнца толку ќуранчиња (...); благослови, кажи аирлија!/..." (РМНП).

Последните примери (под 2.), по наше мислење, употребени се со функцијата извик.

Значителна распространетост оваа заемка има главно во народниот јазик, при што во народните говори се среќава со

формите аирлија, хаирлија, (а)ерлија, ирлија и сл. Со посочените функции зборот аирлија од приказните на М. Цепенков можеме да го илустрираме со следниве примери:

Придавка: "за да речиме: да ти је аирлија момчето што ќе ти го свршиме" (2,240).

- Аирлија да ни е, свату, радоста, аирлија и векоита! (5, 332).

- Аирлија да ни е, комши, свето јоанство што ќе ни биди!" (5,182).

Прилог: - Ишала аирлија ќе бидит (3,116).

Речи аирлија саде нека ет, да колку за куќата и момчето први сет во селото..." (6, 194).

Извик: - Аирлија, кума лисо, аирлија, честити броеници... (2,18).

- О, о, да имаш да повелаш, комши, да имаш да повелаш, аирлија, аирлија! (5, 192).

Освен како одделен збор, заемката аирлија се среќава и во извесни состави, најчесто во составот аирлија работа (тур. hayırlı iş или hayırlısı iş, ТРС). Останувајќи особеност на разговорниот јазик, во современиот јазик сè повеќе се заменува со посочените домашни синоними.

Извикот Ала! (Алла) или Ала, Ала! (Алла, Алла!) и Аллах, Аллах! «Боже! или Боже, Боже!»: тур. (ар.) Allah! или Allah, Allah! Овој извик во турскиот јазик се совпаѓа со именката Алах «Бог», којашто е сврзана со муслиманската религија, па како таква претставува дел од секојдневната лексика на муслиманите, сп.:

"Allah! Allah! Bu adam ne yapmak istiyor", M. Hengirmen, 198.= Ала, Ала! (Боже, Боже)! Што сака да прави овој човек!

Главно од верски причини овој збор кај нас има ретка употреба, т.е. обично се среќава кај исламизираното македонско население. Во РМЈ не е реегистриран, но со формата АЛАХ м. «бог» одбележен е во РМНП. Некогашната почеста употреба во својство на именка и извик во народниот јазик се потврдува од

приказните на М. Цепенков, кој се служи со формите Ала! (Алла!) или Ала, Ала! (Алла, Алла!) и Аллах, Аллах!, сп.:

- Ала, Ала - рекол пашата - колкава сила има чоеко коа има пари! (5,172).

- Алла, јук миља, каде евенди, гаѓачи сме - му рекле на кадијата (5,155).

- М'лсни ми, Алла, да си ја најдам магаричката, ќе ти дадам еден карпуз! (6,131).

- Алла, Алла, што беше биле тие свињи - рекол - гаѓачи: и орасите ' и погодија (5,156); или:

- Аллах, Аллах, што е ова чудо што се стори на овој владика! (5,228).

Освен во посочените и сл. примери, траги од разгледуваната заемка се пазат исто така во извесни сложени состави од типот: вала-биља или ваља и биља (в. подолу), евала (в. стр. 6), алабилер = Господ знае «којзнае?» алаверсен! «Господ нека ти даде!», алабељаверсен! «Господ беља нека ти прати!», алахќерим «Господ е милостив».

Заемката Ала или Алла со двете функции во современиот македонски јазик е во голема мера изместена од домашните синоними (Бог и Боже!).

Извикот вала! «богами!, жими Бога!»; сп. и алб. "valla, vallahi «bei Gott»" (B): тур. vallah!, vallahi! «tako mi boga! kunem se bogom!» (Šk). Функцијата извик кај овој збор понекогаш се замешува со функцијата частица. Главно така може да се објасни фактот дека синонимот на вала! - богами! во РМЈ е регистриран токму со функцијата частица. Инаку зборот vallah!, vallahi! е сврзан со муслиманската религија, па како таков, во турскиот јазик претставува дел од секојдневната лексика и воопшто има честа употреба во јазичната практика. Кај нас ни оддалеку не е толку распространет, но регистриран е како во РМЈ (без контекст) така и во РМНП со формата валај, сп.:

"вала(ј)! interj vala, valaj!"; или:

"ВАЛАЈ изв. за потврдување; море валај си будала /.../ лице сум продала /.../ јучер во недела, /синоќ на постела (...)" (РМНП).

Освен во посочените речници, траги за застапеноста на оваа заемка во македонскиот јазик среќаваме и во приказните од М. Цепенков, од кое може да се заклучи дека порано имал почеста употреба, сп.:

- Речи валлаи, речи биллаи - му рекол кадијата (6,80).

- Е валла, ветро силно дуаше, шумата шумеше и не видов мечка ни една, ама сè требаше да има некоја во шумата (6,188).

И покрај тоа што оваа заемка во PMJ стои без ознаките разг. и арх., во современиот јазик има сосем ретка употреба. Впрочем, на повеќето народни говори им е дури наполно непозната. Место неа далеку пораспространети се синонимите богами! жими бога!, коишто во современиот македонски јазик воопшто преовладуваат.

Составот вала-биља! или вала и биља! «богами! жими бога!»; сп. и схрв. "valahi, bilahi!, valaha! bilaha!, vala, bila - pojačana zakletva: тур. vallah, billah!... najjača muslimanska zakletva" (Šk).

За разлика од турскиот јазик, каде што е дел од секојдневната лексика и има четса употреба, овој сложен извик во македонскиот јазик карактеристичен е за муслиманизираното население. Порано секако имал поширока употреба, бидејќи се среќава и во народното творештво. Од приказните на М. Цепенков може да се илустрира со следниве примери:

"Е валла-билла многу јуџус сум и зел" (6,135).

- Земи си жената и ој си дома оти, валла и биља, ќе те клаам апсана и ...(5,291).

- Речи валлаи, речи биллаи - му рекол кадијата.

- Валлаи, биллаи! - рече Дерменко (6,80).

"еве ќе ти кажам лели ми се тоариш, ама немој да кажиш оти, валла и биља, глаата како на врапче ти ја сечам..." (5,125).

- Ела да го испиеш морево, оти ако не го испиеш, валла-биља, ќе те врлам во море и ќе те удаам! (5,183).

Разгледаната заемка очигледно претставува редок архаизам, којшто, освен во народното творештво, се среќава главно во определени македонски средини.

Извикот евала! «благодарам! фала! (фала на Бога!)»: тур. eyvallah» 1. благодарам; фала Богу; така нека биде; 2. «збогум», сп.:

- Uğurlar olsun! - Eyvallah! = Нека е со среќа! - Благодарам!; или:

- Hadi eyvallah, ben gidiyorum[3] = Ајде збогум, јас одам.

Освен со поширок круг од значења (сп. збогум!), во турскиот јазик овој збор е застапен и во извесни фразеолошки и др. изрази. Кај нас, меѓутоа, затврден е главно со значењето «благодарам», со кое, повеќе или помалку, се среќава и во соседните словенски јазици, а со двете посочени нијанси во значењето е регистриран и во албанскиот јазик, сп.: "ejvallah, ejvalla, hejvallah, evalla «danke schön; auf Wiedersehen, gewiß»" (B).

И покрај тоа што оваа заемка претставува доста редок архаизам, со значењето «благодарам» одбележена е како во РМНП така и во РМЈ (- без примери), сп.:

"ЕВАЛА изв. фала, благодарам; фала многу; тогај, Грујо, брате се предаде/ и евала, богме, тој ми стори (СбНУ,...); доста вие на Турци трајавте / и евала вие ним чиневте (Разг.,...), РПМН; или:

"евала (arh), ejvala, evala, evalaj" (PMJ).

Освен регионално, најчесто кај исламизираното македонско население, како и кај луѓе од постарите поколенија, заемката евала се среќава и во приказните од М. Цепенков, сп.:

- Оо, колку за тоа, евала, бујурум, одбери си единасетмина - му рекоа ѓаолите (4,68).

"Гледај дури ти велам јас евала, да откоа ќе речам илљала, бељата ќе си ја најдиш! (5,191).

Поради својата архаичност и ретка употреба заемката евала за поголем дел од македонското население претставува слабопознат или воопшто непознат збор.

Заемката аман! «милост! поштеди ме!, смилуј се! прошт евај!, ...» од тур. одн. ар. aman! Со посредство на турскиот јазик затврдена е како во македонскиот и во соседните словенски

[3]N. Koç, Yeni dilbilgisi, İstanbul - 1990, 216.

јазици така и во албанскиот и (а)романскиот јазик. Се среќава со двојна функција: именка и извик, при што N. Koç (цит. дело, стр 212-213) изделува 9 значења или нијанси на употреба, повеќето од кои својствени му се и на македонскиот јазик. Кононов[4] кај овој збор ги посочува значењата: "извинение, молба, восхит, одвратност, предупредување, обраќање за помош, привлекување на внимание и сл. «извинете! (се извинувам!), простете!, молам! уф! оф! боже мој!»", сп., на пр.:

"A m a n bir daha yapmam!" = Аман, уште еднаш не го правам тоа!

A m a n öyle söylemeyin! = Аман, не зборувајте така!

A m a n bırak beni!" (стр. 366) = Аман, остави ме (мене)!; или:

"Aman, ne güzel şey!" (стр. 366) = Аман (бре, Боже мој), колку убава работа!

Aman efendim, bu ne güzel tesadüf!" = Аман, ве молам, каква е оваа убава случајност!

За изразување поголема експресивност извикот аман! се повторува, сп.:

Aman, aman, bunu kimseye söyleme!" (Кононов, 366) = Аман, аман, ова никому не му зборувај!; или:

Aman, aman vazgeçtim!" (N. Koç, 213) = Аман, аман, се откажав (се премислив)!

Aman, aman, al senin olsun!" (N. Koç, 213,7) = Аман, аман, земи (го) твое да биде!

Во фразеолошки и сл. изрази:

"amana gelmek «му дојде на аман»; amana vermemek «не му дава аман» (N. Koç, 243).

При обраќање кон повеќе лица извикот aman! ја добива наставката -n, која во македонскиот и во соседните словенски јазици се предава со наставката -те, сп:

---

[4] *Грамматика современного турецкого литературного языка*, АН СССР, Москва - Ленинград, 1956, стр. 366.

Amanın, dostlar, yetişin[5] = Аманте, пријатели, дојдете'!

Amanın bu nasıl iş böyle! = Аманте, каква е оваа работа!

Amanın, sen delirdin mi? (N. Koç, 212) = Аманте,се поместивте ли од памет?

Amanın! Koşun, a dostlar! Yanıyoruz!" (Кононов, 366) = Аманте! Трчајте, пријатели! Гориме!

Бидејќи поголемиот дел од значењата и другите особености на зборот aman својствени му се и на македонскиот и соседните словенски јазици, тој со право може да се вклучи во балканизми. Како и кај другите турцизми, прва со оваа заемка кај нас се зафатила О. Јашар-Настева, којашто ги изнесува следниве констатации:

"аман од aman (арап.) се употребува во значење на барање милост, прошка: Аман, господаре мој, беше му се расплакал к'сметот..., Прилеп,...; Аман, бре Спиро,...

аман се употребува и за означување досада; ...Аман викна...

аман се среќава засилено со де, бре, мори, џан'м (ова секако оттаму поради губењето на своето значење како резултат на многу честата употреба):... Море, аман бре побратиме, ела да го поткрепиш и ти момчето...(...); и она му речела: аман бе џанам, гледај да тражиш некоја леснина (Штип,...).

аман во поетскиот јазик се среќава често како запев, што во зависност од текстот, изразува радост, задоволство, бол или тага, а понекогаш нема никакво значење. Сп. Сношти вечер, хаман, хаман/ Крај вас поминах/ Портата беше закључена, вај, вај, вај (Гевг.); Тамо горе под Јаворот/ Извор вода извираше/ Студена, аман студена (Милад.)[6]

Широкиот круг од значења и употреби што овој збор ги има секако доведува до можноста да се употреби и во својство на припев, со факултативно значење и сл. Со дел од споменатите значења регистриран е во РМЈ и РМНП, при што во првиот стои без ознаката разг., сп.:

[5]T. N. Gencan, Dilbilgisi, İstanbul - 1992, 249.

[6]Турските лексички елементи во македонскиот јазик (неотпечатена докторска дисертација), Скопје -1962, 222-223.

аман m aman 1. milost, pošteda; аман не му дава ne da mu da predahne. 2 (во служба на извик со кој се бара милост, прошка, помош) аман, браќа, помагајте aman braća, pomagajte. 3. (како припев во народни песни) "Андон иде од чаршија, аман, аман од чаршија" (РМЈ); или:

"АМАН м. и изв. I. м а) прошка, милост, помилување; ... на ниеден аман не му дале: / (...) б) вероисповедание, вера; амана ти, море Амзи паша!/ чини конак надвор не оставај (...).

II. изв. а) за барање, милост, прошка, помош; аман, Нешо, аман, душо, немој спи под дренот,/...; аман, Марко, аман, мој стопане,/ ка не ти е жалба за белите гради? (...)... б) за изразување жалење, тага; писнала Васка да плачет, аман, аман,/ пуст да остане бакшишот/...; в) за изразување задоволство; во припев; тамо горе под јаворот / извор-вода извираше, / студена, аман студена (...); се скарале, џанам, се степале, аман, аман, / две девојки, три невести (...); ..." (РМНП).

Со двете свои функции и со голем дел од споменатите нијанси во значењето извикот аман е одразен и во приказните на М. Цепенков, сп.:

Со функцијата именка:

"Коа чул тој збор чоеко од дрваро, се вчудоневидел и му падна на аман и да му дава пари колку што сака" (...).

Со функцијата извик:

- "Аман, бре побратиме, оти не ме остааш да си изорам, да си посеам и да се ранам?" (4,19).

- Аман, Господи, ти се молам да ми кажиш оти оваа година не врнат дождои... (4,19).

- Аман, барај чаре, како да му се праит (4,217).

- Аман, бре штрку - му рекла мечката - ти и Господ,... (2,39); сп. и:

- Аманте, браќа - му велел - подарете по некој грош... (6, 185).

Во однос на голем број други заемки од овој вид, коишто имаат ретка употреба, извикот аман во современиот јазик не само

што често се употребува, туку поретко има соодветна замена. И покрај тоа што во литературниот јазик се пробиваат и затврдуваат неговите синоними со македонска (словенска) основа, аман си останува широко употреблив збор, обично без нијансата архаичност (во РМЈ стои и без ознаката разг.).

Извикот ајол! «ej!, ej мил!, ej бре!, слушај!»: тур. ayol < ey + oğul «ej, синко!» - во турскиот јазик изразува фамилијарно обраќање. Истапувајќи како синоним на yahu, почесто се среќава кај жените (Кононов, стр. 367, . 741, т. 10), што е одбележено и кај H. J. Kissling, сп.: "Bei Frauen beliebt ist die Anrede ayol (aus ey oğul) «he!»"[7]

Во стручната литература на турскиот јазик се истакнува дека овој збор служи за привлекување внимание на собеседникот и како таков наоѓа честа примена, особено кај жените. Сп., на пр.:

"Ayol, bu nasıl şey?" (? 505) = Еј (слушај бре), каква е оваа работа? или:

Ayol, sen nerelerde kaldın?" (N. Koç, 214) = Еј мил (ej бре), каде остана? (Каде остана, бре?)

"Yapma avol, hiç böyle şey olur mu?" (Türkçe Sözlük), N. Koç, 214 = Еј, немој (немој бре), бидува ли ваква работа!

Податок за употребата на зборот ајол во македонскиот јазик посочува О. Јашар - Настева, но со нешто подруга употреба, сп.:

"ајол од ayol (скрат. од ay oğul) се среќава ретко; Умрениот му вели: имам ајол три моми...; Верк., ... (цит. дело, стр. 222).

Извесни ретки траги зборот ајол! оставил главно во некои од архаичните говори. Неговата реткост се потврдува и од приказните на М. Цепенков, од кои може да се регистрира само еден пример:

- Деца се, ајол, како ќе му праиме? (4, 197)

Извикот ајол! во современиот македонски јазик (како и во соседните словенски јазици) претставува редок архаизам, којшто е во голема мера подзаборавен и непознат за најголем дел од

[7] Osmanisch-türkische Grammatik, Wiesbaden-1960, 219.

македонското население, па бидејќи таков, не нашол место во РМЈ.

Извикот олан! «дете, момче!»: тур. oğlan «1.-3» М. Овој збор во турскиот јазик истапува во својство на именка со три значења и со функцијата извик. Слично на другите заемки од овој вид, кај нас е познат главно како извик, кој спаѓа во ретко употребуваните заемки од турскиот јазик. За застапеноста на олан! на македонската јазична територија дознаваме главно од приказните на М. Цепенков, во кои се евидентирани следниве примери:

- Е, олан, за едно рало чорапи што бидува, дај му 'и и крши главата, смири го, да не те гони дури до века (2,69).

- Е, олан, та тизе па не можеше за алти сари меџидии да му ја дадеш? (6,135).

Поради својата архаичност и ретка употреба во македонски средини (таков е случајот и со стандарните речници на соседните јазици) зборот олан во РМЈ останал неодбележен.

Извикот анасана! «мајката!, а мајката ти! (му негова, ваша)!»: тур. anasını! «а мајка му негова!» Во ТРС овој збор е регистриран со ознаката "пцост". Неприличната нијанса што ја содржи во турскиот и во македонскиот јазик е во голема мера избледена одн. неутрализирана. Но, додека во турскиот јазик претставува доста фреквентен збор, во македонски средини е сврзан пред сè за народниот јазик. Неговата некогашна почеста употреба во македонски средини секако се потврдува од приказните на М. Цепенков, кој се служи со формите анасана и анас'н', на пр.:

Ах, анасана, али ќе ме лажат овие пци ѓаоли, чекај сега што ќе му направам јас (4,231).

- Бре, анасана, што беше тоа трева што никнала! (2,80); или:

"Ај, анас'н' - си велел сам со себе - каква работа ќе бидит оваа што ми се јавуат двапати на сон к'сметот? (3,242).

"Бре, анас'н', зер некој арамија ќе бидит што крадит грозје во лозјено, ја чекај да видам!" (3,199).

Во РМЈ (и во РМНП) заемката анасана! останала без регистрација. Нејзиното отсуство во РМЈ може да се објасни главно поради неприличното значење, т.е. го содржи значењето «пцост». Во разговорниот јазик сепак претставува доста распространет збор, но кој во литературниот јазик под воздејството на општообразовните средства станува сè поретко употреб, бидејќи наоѓа замена во синонимот а мајката!, а мајка му негова!

Заемката гајрет «I m морална поткрепа, помош; поднесување на тешкотии, грижи II interj храбро, смело, напред!»: тур. gayret (etmek) <ар. gayrät «nastoj, trudi se, hajde naprijed»[8]. Во турскиот јазик овој збор се употребува во својство на именка и извик, што е случај и со македонскиот јазик. Освен со посочените функции, влегува и во состав со определени глаголи: даде, чини (стори) и сл. Во врска со функцијата извик, О. Јашар - Настева ја дава следнава информација:

"гајрет «храбро» од gayret (арап.): Гајрет мајко, гајрет. Јас пак ќе дојдам (...); Гајрет, Нико, гајрет, либе..." (цит. дело, 224).

Посочената заемка е регистрирана и во РМЈ, како и во РМНП, при што во првиот речник е предадена во својство на именка, а во вториот речник - со функциите именка и извик, сп.:

"гајрет m (razg.) 1. gajret, nastojanje, zauzimanje, pomoć, revnost. 2. hrabro podnošenje teškoća, briga, nesreća; чини гајрет! drži se hrabro (u nesreći, u teškoćama)!" (РМЈ); или:

"ГАЈРЕТ м. 1. морална поткрепа, поддршка, охрабрување, ободрување. а) даде гајрет - охрабри; Кузман ми гајрет даваше:... б) чини (стори) гајрет - прави напор; ... мори бабо грбава, имаш мома убава; / чини гајрет, дај ми 'а, / ќе ти паса гаските (..).

2. (во служба на извик) храбро, јуначки; прва пушка пукна, Стојана го јудри, / Стојан ничкум падна, начас брат му дојде: / - Гајрет, брате, гајрет, ќе помине! (...)" РМНП.

Во РМЈ од заемката гајрет се одбележени и изведенките:

гајретиса се pf ohrabriti, гајретисува се impf v. гајретиса се;

[8] Ab. Škaljić, Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku, Sarajevo – 1966.

гајретлија adj indecl. koji hrabro podnosi teškoće".

Како особеност на разговорниот јазик зборот гајрет сè уште има честа употреба. Со двете свои функции, како и со споменатите состави, одразен е и во приказните од М. Цепенков, сп., на пр.:

Со функцијата именка:

- Господ гајрет да ми ти даит, бре чоече - му рекла кума лиса (2,31).

- Многу ти благодарам, пријателе волку, на гајрето што ми го даваш и честа што ми ја праиш...(2,196).

Со функцијата извик:

- Гајрет, бре Манго, посмали уште троа! (6,100).

- Мори де гајрет, мецо мори - ја рекол волкот - не плачи оти ќе ти поминит... (2,38); сп. и составите:

- А гајрет чини, рисјанине, а, ич не бој се, ... (6,172).

- Ја ај гајрет стори, уште троа посмали, бре Манго - му рекол чоеко (6,188).

И покрај доста честата употреба што ја има во разговорниот јазик, напоредно се шират и сè повеќе се затврдуваат споменатите синоними со македонска (словенска) основа. Но независно од постоењето на посочените синоними, заемката гајрет останува доста фреквентна во разговорниот јазик, така што претставува дел од современиот македонски јазик.

Извикот гиди! «еј!, бре!, море! (мори!)»: тур. gidi! се употребува главно во обраќање за изразување на укор, прекор, закана и сл., со кое се среќава и во соседните словенски јазици.[9] Врската со именката гидија "закачливо прозвище на млад маж" (БЕР), од која овој извик е изведен, е во голема мера прекината не само во споменатите словенски јазици туку и во турскиот јазик. Во ТРС како второ значење на gidi е одбележено "извик со подбивна нијанса на прекор, карање или со жалба «ах!, ех!»", сп.:

[9]Сп.: "đidi, gidi indecl. (tur. ili pers.) didija. U ovom obliku dolazi u našem jeziku samo uz riječi: hej, seni i bre (v. hej đidi, seni đidi, bre đidi)" Šk.

"seni gidi «ах ты, я тебя»" (ТРС) = гиди ти! (ах ти или море ти!);

seni gidi haylaz! (ТРС) = гиди ајљаз еден! море (бре) ајљаз еден!; или:

hay gidi! «ах, бесстыдник!» (ТРС) = гиди ти! (море ти!);

"(hey) gidi günler = ејгиди стари времиња! (некогашни времиња)!

"Hey gidi eski günler hey!... Hey gidi gençlik!" (Gencan, 482) = Ејгиди стари години ej!... Ејгиди младост (луди години)!

Со споменатите значења што ги има во турскиот јазик извикот гиди е застапен главно и во македонскиот, како и во соседните словенски јазици. О. Јашар - Настева при неговото разгледување одбележува дека најчесто изразува "прекор, а потоа сожалување", приведува примери од народното творештво и укажува на сложените извици ејгиди!, ејди!, дејгиди!, дејди!, сп.:

„... Гиди гиди, јас ќе ти кажам! (...); Ха-ха, проговорила една од них, ако земам копано (пералката), по глава со него, ќе ти кажам, која е луда, гиди магарски сину, гиди, шчо не си одиш по пато“ (цит. дело, стр. 224-225).

Со функцијата извик зборот гиди е регистриран во РМЈ и РМНП со следниве значења:

"гиди! interj (razg.) 1. (при укор, заплашување, сожалување) gidi, đidi! бре гиди! bre đidi! 2. ej, more, ah! (nar. poez.) ej, гиди, луди години, летнавте како сиви гулаби! ah, godine mladosti, odletoste kao sivi golubovi" (РМЈ); сп. тур. "hey gidi gemçmiş günler «ah prošli dani»" (Šab., 51); или:

"ГИДИ изв. обично во состав со де(ј), ej, бре - за потсилување на чувствениот однос. 1. а) за радост, жал и сл; ej Невено, џан Невено, / гиди китка невенова, / невенова неносена! (Цеп., ...); ... ej гиди лудо, ej гиди младо, / првата младост назад не идит! (...); Севдо, Севдо, Севделино, / гиди росна детелино! (...)" РМНП.

Разбирливо е дека како особеност на разговорниот јазик оваа заемка со честа употреба ја среќаваме во приказните од М. Цепенков, сп., на пр.:

- Ах, проклето момче - му рекла - ако ми дојдиш уште еднаш парче по парче ќе те напраам: гиди копилче едно, гиди (2,262).

"Не ти е страм, да се застрамиш, гиди никаквику, гиди!" (3,152).

"... гиди курво семендорцка, гиди!" (5, 93).

- Ту бре, гиди, дваесет години и згора кај што постам во пустелијава, дење-ноќе сè метании праам... (4, 185).

"со усул му се прибрал и го граблан за врат, та му легнал да го биет, удри гиди, удри гиди" (3, 256).

При разгледувањето на извикот гиди! не може да се одмине фактот дека влегува во состав на повеќе сложени извици, коишто настанале по пат на придавање на извиците ej! и де! кон гиди, сп.: ејгиди, ејди, дегиди, дејгиди, дејди, повеќето од кои се регистрирани и во РМЈ или во РМНП. Посочените сложени извици особено честа употреба имаат во народната поезија, како и во приказните на М. Цепенков:

Составот ејгиди <ej + гиди. Сп.:

"ЕЈГИДИ изв. ej гиди - за потсилување на обраќањето кон некого; Петкано, бела вардарко, / ејгиди зрно одбрано / во сто тоари ченица! (...) ...; а ејгиди Струмо невесто! / Овеа дете не е твоето (...)" (РМНП); или:

- Ејгиди момче, зер затоа си забрало гајле, ој ми дедо ти ќе ти даит месо... (МЦ, 5, 84).

Составот ejди! < ej гиди - добиен е по пат на испаѓање на првиот слог од гиди (ги) поради неинтензивен изговор:

"ЕЈДИ изв. в. ејгиди; ... ejди боже, златен боже, / прости ми ја моја мајка, / ...; ejди брате, уста да ти капни! (...)"; или:

"Ejди глао, ejди моја тикво, што ми треба да препевам ферман?" (МЦ, 2, 23).

- Ejди синко - му рекол св. Илија - тебе к'сметот ти беше наречен од наречниците... (МЦ, 3, 203).

- Ejди, мори мајко, ejди будала, ти толку зборои ми нарече санким си пророк, тики сè знаиш... (МЦ, 5, 178).

Составот дегиди < де + гиди, сп.:

"ДЕГИДИ изв. в. де и гиди; дегиди мори бела Бојано! / Тебе те кажвет баш работница,...; дегиди лудо, дегиди младо! / дека ќе видиш, што фајде имаш? / полните очи, празните раце!" (РМНП).

Составот дејгиди < де + гиди - настанал по пат на развивање на гласот ј по де. Регистриран е во РМЈ и РМНП:

" дејгиди! interj (во обраќање кон некого или нешто, со потсилена емоционалност, особено во народната поезија) дејгиди, горо зелена! oj ti, goro zelena! дејгиди младост! a jao mladosti" (РМЈ); или:

"ДЕЈГИДИ изв. в. де[1] и гиди; Петрице, моме Петрице, / дејгиди риба летнице. / ... - Дејгиди верна дружина, / многу ве мака намачив, још мало гајрет чинете, / ..." (РМНП).

Составот дејди < дејгиди - настанал по пат на испаѓање на слогот ги од гиди. И овој состав е регистриран како во РМЈ така и во РМНП, со забелешка дека со честа употреба го среќаваме во приказните од М. Цепенков. Сп.:

дејди! interj v. дејгиди (РМЈ); или:

"ДЕЈДИ изв. в. дејгиди; море лудо, лудо младо, / дејди лудо аџамија! / ...; дејди Јано, дејди мила снао, што не кажа до три дни порано, / ...; дејди дете, дете Дукадинче, / Дукадинче, лепи побратиме, ајде / ние..." (РМНП); или:

- Дејди ловџија, дејди ненаситнику - му рекло врапчето... (МЦ, 2,74).

- Дејди момче, јас искинав еден тоар опинци - му рекол... (МЦ, 4,218)

- Дејди мажу, дејди домаќине, ами заошто си будала? (МЦ, 6,7).

- Дејди пусти јунак - си вели сама со себе Еѓупката - али вака тристамина отепуаш и петстотини исечуаш! (МЦ, 6,108).

За поткрепување или потсилување на емоционалната нијанса во значењето на извикот дејди! Цепенков се служи со додавање на честицата де, сп.:

- Дејди море песу, де, да јас не сум будала, како стопана ми да умирам од една жена...(3,68).

Изнесените податоци за извикот гиди! укажуваат дека во разговорниот јазик претставува доста распространет збор. Од неговите особености одбележување бара и тоа дека влегува во состав на повеќе сложени извици, сп.: ејгиди, ејди, дегиди или дејгиди, дејди, коишто во однос на гиди обично содржат подзасилена емоцијална нијанса во значењето, при што најчеста примена имаат во народната поезија.

Заемката кафпе! «аферим!, ашколсун!, браво!»: тур. kahpe < ар. qah bä" (Šk). Кај овој збор паѓа в очи дека во речниците на турскиот јазик обично се посочува во својство на именка со значењата: « 1. проститутка, курва; 2. предавник; никаквик, подлец» (М). Од друга страна, влегува во составите: kahpe duşman «вероломен непријател», kahpe oğlu «неранимајко» (ТРС), kahpe kızı (ТРС), «кучкина ќерка»; сп. и изведенката kahpelik « 1. проституција, разврат; 2. непостојанство, неверност» (М). Така, функцијата извик, којашто е типична за македонскиот и соседните јазици, обично не се посочува.

Сепак, и со оваа функција заемката кафпе! во современиот македонски јазик претставува редок архаизам, а тоа е случај и со соседните словенски јазици. Најверојатно поради својата архаичност и реткост овој збор останал неодбележен во РМЈ и РМНП. Но, ако се тргне од приказните на М. Цепенков, неговото присуство во македонски средини не било толку ретко, сп., на пр.:

"кафпе јас, што велат стари: Роди ме, мајко, со к'смет и фрли ме на патот,... (2,243).

- Ашколсун и тебе да ти е, бре кафпе, оти си направил главна работа! (4,256).

- Е, кафпе, апои мој, анас'н'? (6,184).

"Чингенелак, кафпе, чингенелак, гене чингенелак!" (6,178).

Во одделни примери посоченото значење на заемката кафпе! е доста затемнето, а можеби и издиференцирано, сп.:

- Ашколсун - беше му рекол - бре кафпе, оти зборо мој го баждериса (5,131); или:

"давран кахпет црна арапина, / давран кахпе да се обидиме!" (Милад.,...)" РМНП.

Од изнесеното и приведените примери се гледа дека заемката кафпе! е карактеристична за народното творештво. Kaj најголем број од македонското население таа денес претставува слабопознат збор, место кој се затврдени синонимите аферим! ашколсун! и особено европеизмот браво!

Извикот ценем! «по ѓаволите!; мавни се од тука! да те нема!»: тур. cehennem "1. пекол. 2. (фраз.) cehenem ol! «мавни ми се од пред очи! оди по ѓаволите!»" (М). Со посочените граматички функции и значења што ги има во турскиот јазик, овој збор е застапен и во македонскиот, во соседните словенски јазици (сп. буг. "дженем остар. разг" БЕР), како и во албанскиот јазик, сп. "xhehenem, xhenem «Hölle» (В.) Со ознаките "разг. арх. пекол" одбележен е и во РМЈ, каде што е дадено следново толкување:

"ценем m (razg. arh.пекол) dženem, pakao; (fraz.) ценем да се стори (да фати, да иде, да оди) (neka ide) do đavola, đavo neka ga nosi".

Значењето « по ѓаволите!, мавни се од тука!, како и составите се стори ценем всушност потекнуваат од турскиот состав cehenem ol! Независно од ознаката арх. што ја има во РМЈ, заемката ценем во разговорниот јазик не претставува редок збор. Но слично на други турцизми, под воздејство на литературниот јазик отстапува пред синонимите со домашна (словенска) основа.

Извикот шуќур! «благодарам! фала богу! (фала на бога!)»: тур. sükür! сп. и схрв. шућур! узв. тур. хвала, нека је хвала, хвала богу - шућур алаху..." (РСКЈ); буг. "шукер, нареч. (тур.) разг. «наконец, наконец-то, слава богу»" (Ч), алб. "shyqyr, shiqir «Dank, Dankbarekit»" (В). Како и претходниот извик, и оваа заемка претставува особеност на разговорниот јазик, во кој исто така придобила нијанса на архаичност. Со овие карактеристики регистрирана е и во РМЈ, сп.:

"шуќур (razg. arh.) - како израз на благодарност, за изразување на благодарност) hvala, hvala bogu; шуќур што те најдов hvala bogu, što sam te našao; шуќур на бога hvala bogu".

Од разбирливи причини, честа употреба овој збор има во приказните од М. Цепенков, на пр.:

"Шуќур, шуќур, што нема барем луѓе за да ме видат!" (3,280).

- Ej шуќур - си рекол богатио - овие биле рисјани, тамам као што сакам (3,190).

- Шуќур, оче свети, шуќур, оздравев, сполај му на Бога, арна сум сега. (5,25).

- Ej, шуќур, бег, што со бел образ излегов пред тебе и не те излагав! (9,195)

- Пашата си дојде, ej шуќур, пашата си дојде, ej шуќур, од аџилак, аџијата си дојде од аџилак, ej шуќур! (5,291).

Независно од ознаката "разг. арх.", што ја има во РМЈ, заемката шуќур! е широко познат и употребуван збор, како меѓу селското така и меѓу градското население. Речиси со еднаква народна обоеност притоа се употребува и заемката сполај ти (му, ви,...) < нгр. είς πολλά ἔτη. Меѓутоа, во литературниот јазик, а делум и во разговорниот јазик, едната и другата заемка во голема мера се заменуваат со наследените од постариот период синоними: благодарам! фала! фала Богу (фала на Бога!).

* * *

Разгледаните извици-заемки се дел од извиците навлезени во македонскиот јазик со посредство на турскиот јазик. Од првобитните извици се разликуваат по тоа што во турскиот јазик се употребуваат и во својство на именка. Без варијантите на гиди нивниот број се движи околу 14 извици, коишто во современиот јазик имаат различна застапеност, а еден дел од нив во РМЈ не се регистрирани. Освен во народното творештво, некои од нив се среќаваат главно во еден дел од архаичните народни говори (сп.: алла, вала, вала и биља, ејвала, ајол, олан, кафпе). Со ретки исклучоци од типот аман, другите извици-заемки карактеристични се за разговорниот јазик (аирлија, анасана, гајрет, ценем, шуќур). По својата затврденост и распространетост меѓу разгледаните извици-заемки во современиот јазик се изделуваат зборовите: аирлија, аман, гајрет, гиди, ценем и шуќур.

Напоредно со разгледаните извици-заемки или место нив во современиот јазик се употребуваат и нивните синоними со македонска (словенска) основа, коишто во литературниот, а

делум и во разговорниот јазик, имаат предност во употребата или наполно ја заменуваат дадената заемка. Меѓу споменатите извици-заемки ретко или потешко се заменуваат со своите синоними главно зборовите аирлија!, аман!, гајрет!, гиди!, ценем!. Заедно со заемката шукур тие во современиот јазик се подлабоко навлезени, така што во секојдневната практика наоѓаат и почеста примена.

Скратеници:

М	Д.А. Магазаник, Турецко-русский словарь, Москва - 1945
МЦ	Марко Цепенков, Македонски народни приказни, 2-6, Скопје – 1972
БЕР	Български етимологичен речник, София - 1971.
РМЈ	Речник на македонскиот јазик, I, II, III, Скопје, 1961-1966.
РМНП	Речник на македонската народна поезија, I, II, Скопје, 1983-1987.
РСКЈ	Речник српскохрватског књижевног језика, Нови Сад.
ТРС	Турецко-русский словарь, Москва - 1970.
Ч	С. Чукалов, Болгарско русский словарь, София - 1960
В	N. Boretzky, Der türkische Einfluß auf das Albanische, B. 12, T. 1-2, Wiesbaden, 1965-1966.
Šab.	H. Šabanović, Gramatika turskog jezika, Sarajevo – 1944.
Šk	Ab. Škaljić, Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku, Sarajevo - 1966.
TDW	Heuser-Ševket, Türkisch-deutsches Wörterbuch, Wiesbaden, 1962.

Борис Марков

О ЗАИМСТВОВАННЫХ МЕЖДОМЕТИЯХ С ИМЕННОЙ ОСНОВОЙ В МАКЕДОНСКОМ ЯЗЫКЕ

Резюме

Влияние турецкого языка на грамматический строй македонского языка и соседних славянских языков характеризуется тем, что оно отразилось как в области полнозначных слов, так и в служебных частях речи (союзы, частицы), модальных, вводных словах и междометиях. Помимо первичных междометий, представляющих собой отдельные звуки или сочетание звуков (ср.: а! (турецк. a! и ha!), вај! (турецк. vay или vay vay!), оф! (турецк. of!, öf!), ту! или туф! (турецк. tu! tüf!) и др., в упомянутых языках укрепились также междометия с основой полнозначных слов.

Среди междометий упомянутого типа выделяются три вида образований: а) междометия с именной основой, б) междометия с основой глагола и в) междометия, представляющие собой сложные слова и словосочетания. В статье рассматриваются междометия первой группы (междометия с именной основой). Автор статьи насчитывает 14 междометий такого вида, ср: аирлија! (турецк. hayırlı olsun!, hayde hayırlı olsun!), алла! или ала! (турецк. Allah!), вала-била! (турецк. vallah! billah!), евала! (турецк. eyvala!), аман(те)!: турецк. aman(ın)!, анасана! (турецк. anasını), гајрет! (турецк. gayret etmek), гиди! (турецк. gidi!; ср. так же сложные междометия: егиди!, ејгиди! (турецк. hey gidi!), дегиди!, дејгиди!, дејди!; кафпе! (турецк. kahpe!), ценем! (турецк. cehennem!) шуќур! (турецк. şükür!).

Многие из упомянутых заимствований являются редкими архаизмами, которые свойственны главным образом народному творчеству и отдельным архаичным говорам (ср.: ала! или алла!, вала-била!, евала!, ајол!, олан!, кафпе!). Из-за своей архаичности и редкости часть таких заимствований не зарегистрирована в PMJ (Речник на македонскиот јазик). В данном случае по своей

распространенности выделяются преимущественно междометия: аирлија!, аман(те)!, гајрет!, гиди!, ценем! и шуќур!

Наряду с имеющимися заимствованиями в литературном языке (отчасти и в разговорном языке) употребляются также их синонимы с македонской (славянской) основой.

УДК 805.99 – 087(497.17-35)

Марјан МАРКОВИЌ

АРОМАНЦИТЕ ВО ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН

Ароманското население на Балканот денес се наоѓа расфрлено во сите балкански држави што создава услови за негово потполно исчезнување. Истото се однесува и на јазикот кој полека но сигурно одумира иако се работи за јазик кој оставил голем белег не само во македонскиот јазик, туку и во рамките на Балканската јазична заедница. Така, може да се случи еден балкански јазик да исчезне и тоа пред да биде целосно проучен, како во својата самостојност, така и во релации со другите балкански јазици.

Во однос на потеклото на Ароманците односно Власите (како што се нарекувани во Македонија), постојат повеќе теории. Некои научници сметаат дека Ароманците потекнуваат од романизираните илирски и тракиски племиња, други од романизираните дачки племиња (од кои потекнуваат денешните Романци), а пак некои сметаат дека тие се директни потомци на римските колонизатори. По наездата на словенските варварски племиња, овие староседелци кои претежно биле номадски сточари, се засолниле во високите планини на Илирија, Тракија, Македонија, Епир и Тесалија. Во X век една од најголемите групи живеела на Пинд (Тесалија), во Епир и Македонија. Друга група била распространета на планините на Балканот од Црно до Јадранско Море. Во текот на средниот век, овие номадски сточари крстосувале по планините на Балканот и тоа од Епир и Тесалија на југ, па сè до Карпатите на север. Во тој период тие не основале трајни населби. За време на владеењето на Османлиската империја тие основаат трговски и културни центри.

Во текот на осумнаесетиот век, Ароманците го доживуваат својот најголем економски и културен процут. Во тој период постојат голем број влашки центри меѓу кои најзеќе се истакнува Москополе кое во својот најголем процут имало околу 60.000 жители, 72 цркви, 300 занаетчиски работилници. Во тој период во Москополе постоела и Академија на која предавале најистакнати професори. Во 1769 година Али паша Јанински го ограбува и го запалува Москополе. Истото се случило и со некои други поголеми Аромански центри во Албанија и Грција, така што Ароманците биле принудени во голем број да се повлекуваат кон Македонија, Србија и кон други балкански и европски земји. Се смета дека во тој период од москополскиот крај по цел Балкан се раселиле околу 200.000 Ароманци.

Во Македонија населбите ги граделе над 1000 метри надморска височина. Прво тоа биле летни сточарски 'каливи', а потоа трајни живеалишта со зидани куќи. Што се однесува до градовите, најголемиот број на Ароманци се преселувале во правец на централна Македонија - Крушево, Битола, Велес, а помал дел во западна Македонија. Поголем прилив на Ароманци има и во втората половина на XIX век кога голем број на сточари Фаршероти се населил во западна Македонија (охридско-струшкиот крај) а исто така и кон почетокот на XX век кога поголема група на Грамостени се населиле во источна Македонија (регионот на Штип, Свети Николе, Кочани).

Секако дека овие преселби не биле единствении во периодот од половината на XVIII и почетокот на XX век. Исто така треба да се спомне и дека во некои од местата каде се населувале Ароманците постоело аромaнско население кое дошло пред тоа, но во помали групи и кое се занимавало претежно со сточарство.

Доселувањето на Ароманците во охридско-струшкиот крај, поточно во селата Горна и Долна Белица може да се подели во неколку етапи. Првата група ја сочинувале Ароманците кои се доселиле од Смолничкиот крај од областа Черменика (источна Албанија) а потоа им се придружиле и Ароманците од москополско-епирската област. Тие и ги основале селата Горна и Долна Белица некаде во втората половина на XVIII век. Подоцна се доселувале и други помали групи на Ароманци од Албанија и Епир. Кон средината на XIX век во овој крај се доселила и

поголема група на Ароманци Фаршероти чие име потекнува од градот Фрашери во средна Албанија. Тие се населиле во Горна и Долна Белица, а извесен број се населил и во селата Вевчани, Вишни, Подгорци и Лабуништа. Во периодот на својот најголем стопански развој, во Горна и Долна Белица живееле околу 1500 Ароманци. Според статистичкиот преглед на австро-унгарскиот вицеконзул Александар Крал, во 1897 година во Горна Белица имало 848, а во Долна Белица 620 жители. Подоцна, поради повеќе причини, а и поради поставувањето на денешната граница со Албанија (со што на сточарите им било оневозможено да ги носат своите стада преку зима во топлите краишта во Албанија), Ароманското население масовно почнало да се иселува од овие села. Најмногу се населиле во Струга, Охрид, Скопје, Белград и во други места. Денес во Горна Белица нема ниту еден постојан жител, а во Долна Белица живеат само Албанци.

Ароманците во Струга се дојдени од Албанија и најмногу од околните ароманските села. Во текот на XIX век во Струга имало само неколку ароманските фамилии. Најголем прилив имало во втората половина на овој век и тоа најмногу од околните села. Инаку, според пописот од 1991 година во Струга има 549 Ароманци. Што се однесува до Ароманците во Охрид, тие за првпат се спомнуваат од страна на српскиот патријарх Василиј Бркич во 1771 година. Според Вајганд, кон крајот на XIX век во Охрид имало 150 ароманските куќи со околу 700 жители. Се смета дека Ароманците во Охрид потекнуваат од блиските села од Албанија: Лунга, Грабова, Нича, потоа од Линотопи и Николица, а само мал број од Москополе. Според Вајганд, најголем број биле Фаршероти од Грабово. Во текот на овој век, во Охрид се доселуваат и Ароманци од струшките села Горна и Долна Белица, Вевчани и Вишни. Според пописот од 1991 година во Охрид живеат 274 Ароманци.

Сè до поставувањето на денешните граници меѓу Македонија и Албанија, Фаршеротите со своите стада секоја зима се спуштале од Горна Белица кон приморските краеви на Албанија, пред сè кон областа Музекија. Исто така тие вршеле и голема трговија со поголемите албански градови. Иако преку 70 години тие живеат раздвоени од својата природна средина која сега е разделена на две држави, во говорот на Фаршеротите останале цврсто вградени некои црти од албанскиот јазик.

Сметаме дека сето тоа само ќе придонесе за поцелосно објаснување на некои јазични појави кои се застапени не само во овој говор, туку и во македонскиот охридско-струшки говор, па и во рамките на Балканската јазична заедница.

Додаток: 4 карти

Ќе прикажеме четири карти преку кои приближно може да се видат движењата на Ароманците во рамките од XVIII - XX век. Овие карти се однесуваат на Ароманците кои се населиле во Охридско-струшкиот регион.

На првата карта е прикажано доселувањето на првата група на Ароманци во Струшкиот регион и основањето на селата Горна и Долна Белица во втората половина на XVIII век.

На втората карта е прикажано доселувањето на Ароманците во Охрид во XVIII и XIX век.

На третата карта е прикажано доселувањето на Ароманците Фаршероти во Горна Белица во XIX век.

На четвртата карта е прикажано иселувањето на Ароманците од селата Горна и Долна Белица во текот на XX век.

КАРТА 1
СРБИЈА
БУГАРИЈА
МАКЕДОНИЈА
АЛБАНИЈА
ЧЕРМЕНИКА
ЕПИР
ГРЦИЈА
Москополе
Корча
Костур
Охрид

КАРТА 2
СРБИЈА
БУГАРИЈА
МАКЕДОНИЈА
АЛБАНИЈА
ГРЦИЈА
Струга
Охрид
Корча
Костур

КАРТА 3
СРБИЈА
БУГАРИЈА
АЛБАНИЈА
МАКЕДОНИЈА
МУЗЕКИЈА
ГРЦИЈА

КАРТА 4
СРБИЈА
БУГАРИЈА
АЛБАНИЈА
МАКЕДОНИЈА
ГРЦИЈА

Користена литература:

Кънчов Васил, *Избрани произведения*, том II, София 1974.

Настев Божидар, *Аромански студии*, Огледало, Скопје **1988**.

Радовановић **С. Војислав**, *Горња и Доња Белица у струшком Дримколу*, Гласник географског друштва XXII, Београд **1936**.

Снегаровъ Иван, *Градъ Охридъ*, София 1943.

Трајановски Тодор, *Влашките родови во Струшко*, НИО "Просветен работник", Скопје **1979**.

Черняк А. Б., *Арумынский язык*, Основы балканского язикознания, Ленинград 1990.

Capidan Theodor, *Aromânii. Dialectul Aromân*, Studiu lingvistic, Bucuresti **1932**.

Fiedler Wilfried, *Das aromunische Verbalsystem in balkanologischer Sicht*, Beitrage zur rumanischen Philologie, Berlin **1968**.

Golab Zbigniew, *Szkic dialektu Arumunoń makedońskich*, Prace językoznawce – zeszyt 4, Krakow 1961.

Golab Zbigniew, *The Arumanian dialect of Krusevo in SRMacedonia SFRYugoslavia*, MANU, Skopje **1984**.

Ianachieschi-Vlahu Iancu, *Gramatica armaneasca*, Crushuva **1993**.

Papahagi Tache, *Dicionarul dialectului aroman*, Bucuresti **1974**.

Trifunoski Jovan, *Die Arumunen in Mazedonien*, Balcanica II, Beograd **1971**.

Weigand Gustav, *Vlacho-Meglen*, Johann Ambrosius Barth, Leipzig **1891**.

Weigand Gustav, *Die Aromunen* I, II, Leipzig **1895**.

Winnifrith T. J., *The Vlachs, The History of a Balkan People*, Duckworth, London **1987**.

Marjan Markovic

THE ARUMANIANS IN THE OHRID-STRUGA REGION

Summary

I am concerned here mainly with the Arumanian - Farsheriots because of the fact that they are represented in large number in the Ohrid-Struga region, and because their dialect contains several Balkan linguistic features not found in any other Arumanian dialects. Their historical provenience is the area around the town of Frasheri in central Albania. A large group of Arumanians Farsheriots settled in the Ohrid-Struga region towards the middle of the nineteenth century. They settled in the villages of the Upper and Lower Belitsa, and a certain number settled also in the villages of Vevchani, Vishni, Podgorci and Labunishta.

This Arumanian dialect contains certain linguistic features borrowed from Albanian which induced interference between Macedonian and Arumanian Ohrid dialects.

УДК 808.66 – 541.2 : 808.4 – 541.2
808.66 – 561.32 : 808.4 – 561.32

Милица МИРКУЛОВСКА

ИНХОАТИВНИ ПРЕДИКАТИ СО ВГРАДЕНА НЕГАЦИЈА
(врз примери од македонскиот и полскиот јазик)

1. Во оваа статија би сакала да отворам едно прашање кое се наметна при класификацијата на предикатите во рамките на еден мој пообемен труд во кој станува збор за семантичката (и граматичка) категорија инхоативност[1]. А тое е *кои се границите меѓу семантичката категорија инхоативност и семантичката категорија терминативност?*

2. Според заклучоците изнесени во трудот :

- несвршениот вид на предикатите (необележан) означува траење, случување на состојбата/ несостојбата (несвршениот вид **е збир на моменти** на временската оска). На пр.: *лежи, стои, мрази, старее, изумира, трча, зборува, тепа, stoi, kocha, wstaje, starzeje, mówi, biegnie, rysuje...*
- свршениот вид (обележан) означува **момент на измена** (тоа е момент на временската оска), а тој момент може да означува:

– престанување на траењето на состојбата/несостојбата (тој момент може да се поклопува со моментот на почеток на наоѓање во состојба како резултат на извршената несостојба). На пр.: *дотрча, нацрта, narysował, przebiegł...;*

– почеток на траење на состојба/ несостојба. На пр.: *засака, заспа, zasnął, pokochał...;*

---

[1]Трудот е одбранета докторска дисертација на Филолошкиот факултет во Скопје на 31.05. 1996, под наслов "Почеток на дејство/ состојба како семантичка и граматичка категорија (врз материјал од македонскиот и полскиот јазик)".

– момент во кој се одвива актот, еднократност. На пр.: *чукна, цр̄тна,* stuknął, uderzył....

Тоа значи дека **семантичката категорија инхоативност, терминативност и семантичката категорија семелфактивност се експоненти на свршениот вид на предикатите**[2]. Но со следнава разлика:

- семелфактивноста (еднократноста) е ограничена само на тој еден единствен момент (и толку);
- инхоативноста и терминативноста го сигнализираат почетниот или крајниот момент на траење на состојбата; траење, одвивање, вршење на несостојбата (процесот или акцијата).

2.1. И инхоативноста и терминативноста се **момент на измена (на почеток на постоење или крај на постоење) на една состојба/ несостојба.** Тоа е точка на временската оска, која го ограничува траењето на една состојба/ несостојба. Таа точка (момент), **зависно од која перспектива на временската оска гледаме врз состојбата/ несостојбата, може да се нарече почеток или крај на таа состојба/ несостојба.**

трае состојбата / несостојбата

_____ ⇗м⇖ _____ ⇗м1⇖→_____

почна со траење состојбата / несостојбата

заврши со траење стојбата/ несостојбата

Значи и во едниот случај имаме **момент** и во другиот случај имаме **момент**, а од нас (нашата перцепција врз случувањето) зависи како ќе биде наречен тој момент.

3.1. Кај предикатите од типот *п̄очна да зборува, от̄п̄очна дијалог̄, зеде збор, фат̄и да мисли, п̄рооде, зазборе, седна, ст̄ана, zaczął pracować, stała się piękna, zyskał sławę, jął śpiewać ; zasnął, pokochał* јасно е сигнализирен **почетокот (почетниот момент) на наоѓање во состојба, поседување особина, вршење на**

[2] Овие заклучоци се изведени врз основа консултираната понова литература од областа на аспектологијата сп.: **Користена литература**.

Ако земеме дека поприродна состојба е 'е жив' отколку 'е мртов' (за едно живо суштество); или 'произведува светлина' отколку 'не произведува светлина' (за осветлувачко тело или предмет во природата) и т.н. , предикатите кои ги именуваат овие појави (а носат информација за моментот на измена) може да се наречат **инхоативни предикати со вградена негација**. Значи предикати кои именуваат почеток на наоѓање во "природна" ("генеричка") состојба, но со вградена негација, што информира за непостоење на таа "природна" ("генеричка") состојба.

Кај овие предикати освен нивното основно лексичко значење се кумулирани значењата што ги носат:

- свршениот вид (кој информира за моментот на измена),
- негацијата (предикатот на негација кој информира за непостоење на таа состојба, особина) кој е надреден над останатите елементи - составни делови на значењето на овие предикати.

Како такви овие предикаѓи се различни од "чистите", "вистински терминативи" кои имаат информација за момент на измена 'крај' на вршење на несостојбата, но не и информација за состојба како резултат на извршената несостојба со вграден + елемент негација.

Со ова би сакала да ја илустрирам идејата дека нема остри граници меѓу инхоативните и терминативните предикати (предикати кои информираат за 'почеток' и 'крај'), дека именуваното **почеток** или **крај** зависи од нашата перцепција врз случувањето, и дека преодни меѓу нив се токму овие инхоативни предикати со вградена негација.

Користена литература:

- **кирилица:**

1. **Каролак С.**,Категории предикатов (понятий) и временная актуализация, Slavistische Berträge, Band 305, München 1993, ss. 123- 137;
2. **Конески Б.**, Граматика на македонскиот литературен јазик, Скопје, 1966;

3. **Тополињска З.**, Перифрастични инхоативни конструкции во јужномакедонските дијалекти, Македонски јазик 35, Институт за македонски јазик, Скопје 1984, сс. 29-43;

4. **Тополињска З.**, Синтакса Т1., Македонските дијалекти во Егејска Македонија, Скопје 1995.

- **латиница:**

5. **Antinucci F., Gebert L.**, Semantyka aspektu czasownikowego, Studia gramatyczne I, Wrocław 1977 ss. 7-43;

6. **Gramatyka** współczesnego języka polskiego, T I Składnia (pod. red Z. Topolińskiej), T II Morfologia (pod. red. R. Grzegorczykowej, R. Laskowskiego, H. Wróbla), Warszawa 1984;

7. **Karolak S.**, Le concept d'aspect et la structure notionnelle du verbe, Studia kognitywne, 1, SOW, Warszawa 1984, ss. 21- 41;

8. **Karolak S.**, Aspekt a aktionsart w semantycznej strukturze języków słowiańskich, Z polskich studiów slawistycznych, seria VIII, Warszawa 1992, ss.93- 99;

9. **Karolak S.**, Arguments semantiques contre la distinction aspect/ modalité d'action, Studi Italiani di Linguistica Teorica e Aplicata, ano XXII, 1993, n. 3. ss.255- 284;

10. **Karolak S.**, Sur l'opposition aspect/ modalité d'action dans les langues romanes, 20 Congrés International de Linguistikque et Philologie Romanes, Tome 1, Section 1- La phrase, ss. 363- 352;

11. **Topolińska Z.**, Iz problematike slovenskih inhoativa, Južnoslovenski filolog, XLI,Beograd 1985, ss. 1-11.

УДК 371.3 : [801+82

Авзи МУСТАФА

НАДОВРЗУВАНЕТО НА ЈАЗИКОТ СО ЛИТЕРАТУРАТА ВО УЧИЛИШТАТА

Постојат разни начини со коишто можеме да пристапиме во училиштето за изучување на јазикот и книжевноста. Досегашното искуство ни сведочи за една органска и постоена неповрзаност помеѓу двете главни предмети во наставниот процес. Честопати јазикот се третира како дисциплина одвоена од книжевноста. Со други зборови, досегашното искуство ни кажува дека во самиот наставен процес, поготово во средните училишта, изучувањето на јазикот е или сосема запоставено, или минимално обработено.

Сметам дека, ако јазикот како предмет и понатамму го третираме како дисциплина строго одвоена од книжевноста, тешко дека ќе успееме да проникнеме во сржта на задачите и целите на овие два предмета. Овој дисконтинуитет помеѓу јазикот и книжевноста највеќе ги погаѓа учениците; јазичната култура останува на сосема ниско ниво, додека пак книжевноста - вистинскиот извор на богати изрази - останува неискористен функционален субстрат, значи, (неискористена) погодна латентна подлога што би можела непосредно да се поврзе со изразувачките вредности на јазикот. И токму во оваа точка се вклучува второто прашање - би можеле да речеме - самото нивелизирање на дадениов проблем, којшто, впрочем, може да се елаборира и како засебна тема.

Во средните училишта книжевните дела се анализираат од разни аспекти, како на пример, од социолошки, психолошки, историско-книжевен, етичко-филозофски аспект, но, и покрај сето тоа, речиси воопшто (или пак доста редуцирано) од стилско-јазичен аспект. Занемарувајќи ја оваа важна димензија, создаваме

еден штур меѓупростор помеѓу книжевниот и чистиот јазичен код. Доследно, не само што на учениците не им се дава можноста за да го доживеат вистинскиот уметнички збор, туку се создава и едно - да го наречеме - неправично убивање на уметничкиот збор.[1]

Последниве години се повеќе станува збор за неопходноста на едно концизно надоврзување на јазикот со книжевноста. Поставено е прашањето: дали процесот на учењето на јазикот треба да се оддели од процесот на учењето на книжевноста, или пак овие два процеса треба меѓусебе тесно да се поврзат?

Секој обид на дијахронично разрешување на поставеното прашање би не вратил векови наназад, и тука би ја открил стжта на сопствената двојност.

Вистина е, впрочем, дека во разни лингвистичи школи на минатото (чии пак начела не можат да се откинат од влијанијата на науката на литературата, а таа пак, од своја страна, не учи дека храбро и самосвесно стреми кон сопствената територијална чистина), направени се дури и научни обиди за одделување на двете наведени пракси. Да се потсетиме тука на обидите на неограматичатите коишто придонесоа во насока на остварувањето на денес непожелниот расцеп, секогаш имајќиго в предвид за нив доволно јакиот аргумент дека книжевноста е нешто сосема поинакво од науката за јазикот.[2] Потоа, овде можеме да се надоврземе и со актуелните критериуми на критиката на почетокот на овој век, *импресионизмот*, што исто така влијаат во строгата поделба на јазикот од книжевноста. Но и *традиционалното учење*, од друга страна, познато е како појава што и дава предност на нормативната граматика, односно, на тоа како да се унапреди и даде предност на самиот процес на екзактното размислување кај поединецот. Секако, и периодот по втората светска војна па дури до нашите денови се карактеризира со недостатокот на еден јасен практикум на функционалниот аспект на јазикот, којшто би го вклучил во себе, пред се, усовршувањето на проникнувачкиот дух во својствата на јазичните стилови.

[1]Милка Ивиќ, Правци у лингвистици.

Но, од друга страна, колку и да навлеземе во анализата на реченото и со тоа превземеме резервен став во однос на историјата (окривувајќи ја како потикнувач на денешниве јадиковања од оваа врста), голем пропуст би направиле ако не истакнеме дека денешниве настојувања за нужното поврзување на јазикот со книжевноста се поодамнешна цел, дури исконскки метеж. (Ре)елаборацијата на овоа прашање завзема замав во лингвистичките школи на минатиот век. Лео Спитзер, Жакомо Девот, Чарлс Бали, Хами, на пример, го поставувааат прашањето колкава вредност имаат јазичните (стилски) изрази во анализата на едно книжевно дело. И, се разбира, токму во оваа точка е вклучена највиталната поента на проблематиката које овоа излагање го следи.

Во потрага кон изгубената целина

Современите учења и научните достигнувања во полето на лингвистиката (коишто доаѓаат до израз со појавата на *структурализмот* и *теоријата на информацијата*), влијаеја јазикот да се третира како една жива структура со чија помош се остваруваат разни функции. Со оглед на тоа што својата дисциплина ја развија на завидно ниво, лингвистите успеаа истата и успешно да ја систематизираат. Од денешниве лингвистички списанија учиме дека лингвистичките појави се делат на *чисти граматички појави* и *стилистички граматички појави*. Првите се едновалентни функционални појави, додека вторите се двовалентни функционални појави.[3]

Студиите не учат дека современите *апликативни методи* за анализа на книжевните текстови, како на пример *интерпретативната метода* и *стилско-јазичната метода*, ни ја нудат можноста *"во еден книжевен текст да проникнеме од површината во внатрешнината, соединувајќи ја јазичната 'математика' со 'поезијата' на изразот што кај ученикот развива богат, консеквентен и емотивен говор"*.[4] Како продолжение на оваа мисла и, истовремено, како основна точка

[3] *Савремена настава матерњег језика*, Сарајево, 1965, цтр. 11.

[4] Jani Thomaj, *Teksti dhe gjuha*, стр. 17.

што ќе ни послужи за да се надовземе со поставеното прашање, би рекле дека една анализа на книжевниот текст во *хоризонтален* и *вертикален план* не само што кај ученикот сигурно буди интерес за јазикот исто толку колку и за книжевноста, ами една таква анализа ни нуди и погодена подлога за остварување на толку пожелното органско надоврзување на јазикот со книжевноста.[5]

Но, за да учењето на јазикот и книжевноста биде плодотворно и, за да се остварат успешно задачите и целите на овие две наставни предмети, треба да се изградат и етапите на работниот процес. Треба да се има в предвид која методологија ќе ја проследиме за да ја остваримe (или повторно пронајдеме) изгубената целина помеѓу јазикот и книжевноста.

Да споменеме дека во основните училишта проучувањето на јазикот се остварува од комуникативна гледна точка - вклучувајќи го овдека и усменото и писменото изразување. Во средните пак училишта јазичните вредности почнуваат да се проучуваат при првите обиди на уметничките пристапи кон дадените книжевни дела. Функцијата на поетскиот јазик го третираме само на примарно ниво, поточно речено, тогаш кога при крајот на анализирањето на едно книжевно дело истакнуваме дека јазикот на даденото дело е чист јазик, разноврсен јазик, или, дека е богат со синоними, антоними, хомоними, архаични форми итн.

Значи, се поставува прашањето, како би требало да се замисли и оствари концепцијата на органското поврзување помеѓу јазикот и книжевноста, имајќи го в предвид фактот дека оваа концепција, како посложен облик на давање и примање информации, претставува замисла која треба да се примени во пракса.

Во часовите по граматика на соодветниот јазик нужно е да разликуваме две работни етапи. При првата етапа ќе се извежбаат, контролираат и усвојат книжевните норми осветлени од лингвистичкиот аспект и граматичките категории. Откако, преку книжевниот текст, ќе се научи функцијата на граматичките категории, веќе добиваме и цврста подлога врз која ќе се

[5] Спореди го тука и мислењето на J. Thomaj, Teksti dhe gjuha, Tirane, стр. 17.

елаборира понатамошната работа. Сега веќе - во втората етапа - учениците треба да се упатат кон тоа што претпоставува и како да се примени *јазикот на комуникацијата*. Оваа цел ќе се постигне служејќи се со функционалниот аспект на јазикот и пренесувајќи ги им на учениците основните правила на јазичните стилови. Дури и елаборацијата на механизмите на градењето и стилската употребата на разните нивоа на лексиката ќе биде добар патоказ во овој правец. Потоа, откако ќе се усвојат овие јазични категории, учениците треба да ги упатиме кон тоа за што, всушност, служи степенувањето во поетскиот план на јазичните категории, селектирајќи примери од уметничките дела кадешто јазикот што изразува уметност и одредената содржина меѓу себе присно соработуваат.

Но, дури и при изработката на едно книжевно дело би требало да проследуваме аналогни патишта, што, со други зборови значи - дури и при изработката на литературните текстови треба да ги следиме двете главни етапи аплицирани во полето на јазикот.

Во првата етапа на анализирањето на книжевното дело треба да настојуваме да ги откриеме вредностите на уметничкиот израз. Во втората пак етапа треба да тргнеме од поетскиот план спрема јазичниот план, обидувајќи се при тоа да да ги откриеме факторите што го условуваат емоционалното доживување кај примателот на уметничките кодови.

Комбинирајќи ги и надополнувајќи ги овие две етапи, ја остваруваме, всушност, и првата етапа на поврзувањето на јазикот со уметноста. Кога учениците успеваат јазикот да го употребат на што по изразувачки и по функционален начин, тогаш зборуваме за- да го наречеме тоа- втората фаза (една повисока фаза) на обидот за кој станува збор. Оваа фаза која што истовремено означува една верификација во пракса на добиената целина, се зајакнува кога даденото книжевно дело се анализира врз основа на методата на стилската јазична анализа - а таа е, всушност, методата преку која успеваме директно да проникнеме во *убавите вредности* на уметничкото дело. И токму оваа *фаза на зајакнување*, што би можеле да ја наречеме *последна фаза*, ја претставува основата на поврзувањето на јазикот со уметноста во изучувањето на истите во основните и средните училишта. Ако ја аплицираме оваа метода при обработката на книжевните дела,

сакале или не, продираме во самата содржина на јазичните знаења, каде и, сосема ненаметливо, се експонира изразувачкиот и емоционалниот интензитет што е пак сигурен водител кон тоа што го нарекуваме *поетика*[1].

Кога учениците ќе се успособат јазичните категории да ги совладаат (или научат да ги перцепираат) на јазичен исто толку колку и на книжевен план (па дури и да го чувствуваат уметничкиот интензитет вклучен во делото), тогаш, без поголеми напрегнувања, може да се прејде на генетската стилистика. Примената на јазично-стилската анализа е највисоката фаза на поврзувањето на јазикот со книжевноста.

Можеме да заклучиме дека интерпретациајта на книжевните дела по пат на оваа метода не само што бара еден - како веќе рековме - добро и однапред планиран методолошки пат, туку истото ни импонира едно решение кое *a priori* се оддалечува од опасноста на трансформацијата на автентичната книжевна анализа во сувопарна филолошка анализа, лишена од естететското доживување. Вистинското уметничко читање применето во оваа двоетапна метода - елемент што ќе го поттикне чувството за убавото пронаоѓајќи на тој начин уште еден пат за да се проникне (накосо) во темата и пораката на обработеното дело - ќе вроди со една пријатна атмосфера, доволно инспиративна за да се откријат без маки јазичните елементи со стилистички вредности. Вклучувајќи ги на едно место јазичните категории со книжевните тропи, истовремено ги опфаќаме и јазикот и книжевноста во една единствена и неделива целина.

[1] Н. Петковиќ, цитирано дело, стр. 434.

Avzi Mustafa

LA CORRÉLATION DE LA LANGUE ET DE LA LITTÉRATURE

Résumé

Dans l'enseignement nous abordons différemment la langue maternelle et la littérature. Nous remarquons souvent que la langue se distinque de la littératue, tandis que dans l'enseignement. elles se distinguent comme deux matières différentes.

La distinction est plus marquée dans les écoles secondaires, oeuvre poétique est analysée de tous les aspects, sauf de l'aspect linguistique. Dans l'anex nous donons les étapes et les formes de la corrélation de la langue et de la littérature. Nous pouvons distinguer deux étapes dans l'étude de la grammaire:

La première, concerne fixation des lois et des normes de lal langue littéraire à l'aide d'une explication linguistique des catégories *de la llangue).

La deuxieme etape concerne l'introduction des élèves dans la langue de communication génerale, par l'expression orale et écrite, et dans les styles.

УДК 808.66 – 318 : 805.0 - 318

Радица НИКОДИНОВСКА

КВАНТИТАТИВНИ ФРАЗЕОЛОШКИ ИЗРАЗИ ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Да се познава еден јазик значи не само да се познава неговата лексика и граматика туку и различните значења на зборовите употребени во различни контексти и ситуации. Токму употребата на голем број фразеологизми претпоставува познавање на ситуацијата, условите, амбиентот во кои тие можат да се применат. Во ова излагање ќе се задржиме на некои фразеолошки единици во италијанскиот и во македонскиот јазик кои ја содржат категоријата **квантитет** или **бројност.**

Броевите биле отсекогаш од огромно значење како во секојдневниот живот на луѓето така во филозофијата, религијата, мистиката итн.

Нашето внимание ќе го задржиме на броевите 1, 2, 3, 4 и 7 анализирајќи го притоа влијанието на бројот врз значењето на изразот.

Основна категорија кај броевите претставува семантичката оска единечно - мноштво. Познато е дека и разликата меѓу политеистичките и монотеистичките религии почива на оваа оска.

Единечното во човечките општества е претставено преку индивидуата додека мноштвото преку заедницата. Дијалектичкиот однос меѓу поединецот и заедницата варирал во различни периоди. Позитивната конотација на поединечното се содржи на пример во следниве фразеолошки единици во италијанскиот јазик :

Numero uno, кој има еквивалент во македонскиот јазик а тоа е изразот *број еден*, во значење на најдобар, на ас, шампион. Изразот *Tutti per uno, uno per tutti* содржи исто така позитивна конотација и има еквивалент во македонскиот јазик *Сите за еден, еден за сите.*

Во македонската пословица *Сам човек е како уштка*, поединечното содржи негативна конотација.

Во изразот *essere una goccia nel mare,* кој има иста семантика и форма со македонската фразелошка единица *е капка во море*, бројот еден упатува на мала количина. Во италијанскиот јазик *non valere un soldo* бројот еден исто така упатува на мала количина, додека пак во македонската фразелошка единица *не вреди ни пет пари* бројот пет е оној што означува мала количина.

Во пословицата *Una rondine non fa primavera*, која има потполн еквивалент во македонскиот јазик : *Една ластовица не прави пролет,* малата количина е негативно валоризирана.

Со оглед на тоа што бројот **2** математички претставува збир од 1+1, тој е достаточен да симболизира мноштво, на пр. : *dire due parole* (= *кажува два збора*) што значи разговара кратко време, *fare due (quattro) passi* (= се шета малку, прави едно крукче) ; *a due passi* (= *на два чекора*); *fare due (quattro) chiacchiere, non saper metter due parole in fila* (= *не знае ни два збора да сврзе*) и др. Во сите горенаведени единици бројот два означува мала количина.

Бројот 2 освен што означува мала количина може да се сретне со значење на двојност, на колебање, како на пример : *essere tra due fuochi,* кој има еквивалент во македонскиот јазик : *се наоѓа меѓу два огна,* ист е случајот и со изразите *sedersi su due sedie* , (= *седи на две столици*).

И во некои единици каде што се појавува бројот **3**, тој упатува на мала количина, на пр. : *L'ospite è come il pesce, dopo tre giorni puzza* (= *За секој гостин три дена доста), non saper dire tre parole* (= *не знае ни два збора да каже*).

Бројот **4** е присутен во многу фразелошки единици во италијанскиот јазик и во голем број случаи означува мала количина: *lavorare per quattro soldi,* додека пак во македонскиот

јазик единицата *работи за бадијала* или *работи за бели очи* не содржи во себе број, освен тоа и единицата *in quattro e quattro otto* (= *ни пет ни шест*) упатува на мала количина.

И во италијанскиот и во македонскиот јазик постојат фразеолошки единици во кои се сопоставуваат два броја но со различна застапеност на бројот. Така во италијанската пословица *Quattro occhi vedono meglio di due* употребен е бројот четири наспрема два, додека пак во македонската пословица *Две очи гледаат подобро од едно* се наоѓа бројот два наспрема еден.

Постојат исто така изрази во кои се јавуваат броевите 1 и 2 кои упатуваат на тоа дека со една постапка можат да се завршат две работи. Во италијанскиот јазик го имаме изразот *prendere due piccioni con una fava* додека македонскиот значенски еквивалент гласи : *тепа со еден удар две муви* или *тепа со еден куршум два зајака.*

Бројот 7 е најзастапен во Библијата (77 пати) одговара на седумте денови во седмицата, на седумте планети, седумте сводови. Тој е симбол на потполност, волшебен број. И овој број е присутен во некои фразеолошки единици како во италијанскиот така и во македонскиот јазик, на пр. : *essere al settimo cielo* чијшто еквивалент во македонскиот јазик е *на седмо небо е.*

На крајот ќе се задржиме кратко на апроксимативните вредности во некои фразеолошки единици, на пример зборот *un sacco* (куп, врека) означува количина од сè што може да се замисли, тој збор претставува карактеристичен производ на потрошувачкото општество. Во изразите : *avere un sacco di soldi* (= *има куп пари, пари со вреќи), avere un sacco di problemi* (= *има куп проблеми)*, зборот *sacco* упатува на голема количина.

Во изразот *un paio di amici* (= *неколку пријатели), un paio di giorni* (= *неколку дена)* зборот *paio* упатува на мала количина.

Или пак зборот *dito* (прст) во изразите *bere due dita (un dito) di vino* (= пие два прста вино), во примерот : I suoi amici si possono *contare sulle dita di una mano,* (= неговите пријатели можат да *се избројат на една рака*) означува исто така мала количина.

Од споменатите фразеолошки изрази може да се забележи дека во италијанскиот јазик се најприсутни броевите 2 и 4, додека пак во македонскиот 1 и 2. Во сите тие изрази бројот е составен дел на изразот како целина и не може да се менува.

Може исто така да се забележи дека еден дел од италијанските фразеолошки единици има еквивалент во македонскиот јазик, меѓутоа голем е бројот на оние кои се сосема различни како во семантизмот, така и во лексичкиот состав и во граматичката форма. Ќе споменеме само неколку од тие примери : *Chi ha fatto 30 può fare 31* (= Оној којшто е пред завршување на некоја работа не треба да се откаже), или пак *far le scarpe a uno* (= лошо зборува за некого, дава лоши препораки). Додека пак македонските фразеолошки единици : *се п̄рави на т̄ри и п̄ол* или *Една г̄решка мака т̄ешка* кои во себе ги содржат броевите *т̄ри и п̄ол* и *еден* немаат еквивалент во италијанскиот јазик.

Јазикот претставува мрежа од симболи, една голема метафора, а нашиот труд има за цел да укаже на улогата и важноста на фразеологијата во секојдневниот живот и да нè поттикне на размислување за неа.

Библиографија:

DEANOVIĆ, M. ì JERNEJ, J. : *Talijansko - hrvatski rječnik* , IRO "Školska knjiga", Zagreb, 1984.

CHEVALIER, J. & GHEERBRANT, A. : *Dictionnaire des symboles,* Robert Lafont/Jupiter, Paris, 1969.

RADICCHI, Sandra : *In Italia - Modi di dire ed espressioni idiomatiche,* Bonacci editore, Roma, 1985.

Il grande dizionario GARZANTI , Garzanti editore, Roma, 1987.

Radica Nikodinovska

LES LOCUTIONS PHRASÉOLOGIQUES QUANTITATIVES EN ITALIEN ET MACÉDONIEN

Résumé

Les locutions phraséologiques sont la partie la plus idiomatique d'une langue. Le noyau d'une locution peut être un nom, un verbe ... ou un numéral. C'est donc la catégorie de quantité qui représente l'objet d'étude du présent article. Cette catégorie est étudiée à travers les locutions phraséologiques quantitatives en italien et en macédonien.

Parmi les nombres contenus dans les locutions une part spécifique est dévolue aux nombres suivants : 1, 2, 3, 4 et 7. L'analyse entreprise sur les locutions quantitatives essaie de découvrir quelle est l'influence du nombre sur la signification de la locution. En dehors des nombres entiers y sont traitées aussi les valeurs approximatives contenues dans certaines locutions phraséologiques.

Aux termes de l'analyse l'auteur constate qu'une partie des locutions italiennes trouvent leurs équivalents dans la langue macédonienne tandis que pour une autre partie des locutions quantitatives on ne peut pas trouver des locutions correspondantes en macédonien. Ces dernières se distinguent soit par leur sémantisme, soit par la structure lexicale ou la forme grammaticale.

Le présent article a pour but de montrer le rôle et l'importance que joue la phraséologie dans la vie quotidienne. Dans cette phraséologie les locutions quantitatives jouent un rôle important qu'il faut étudier pour pouvoir mieux comprendre le fonctionnement des langues.

УДК 808.66 – 541.2 : 804.0 – 541.2
804.0 – 541.2 : 808.66 – 541.2

Zvonko NIKODINOVSKI

LES SENS FIGURÉS DU CHIEN EN FRANÇAIS ET EN MACÉDONIEN - I ère PARTIE

Pour commencer notre article nous avons choisi deux citations. La première avait été recueillie par Eugène Rolland dans son livre ***Faune populaire de la France.*** C'est une croyance populaire qui dit ceci : (1) *Ami fidèle de son maître, le chien se réveille trois fois par nuit pour veiller sur lui, tandis que le chat se réveille trois fois pour l'étrangler* . La deuxième citation est un proverbe macédonien qui dit ceci : (2) *И кога си пријател со кучето, не пушчај го сапот* **(Каваев, 1186)** [• Même si tu es ami avec le chien, ne te défais pas du bâton]. [1]

Si l'on met de côté le chat de la première citation, on voit ressortir deux valeurs opposées du chien : une valeur positive et une valeur négative. Les deux valeurs sont transmises par deux sémiotiques différentes : d'une part par l'éthnosémiotique des croyances populaires, et d'autre part par le système parémiologique d'une communauté linguistique. Ceci nous introduit dans le vif du sujet. Notamment, notre but tout au long de cet article sera triple :

1. On essayera d'abord d'inventorier les structures sémiologiques à sens figuré qui contiennent des lexèmes appartenant au champ lexico-sémantique du chien et ce dans les

[1] Tout au long de l'article on présente à côté des exemples macédoniens une traduction qui garde la forme sémiologique de l'original et qui ne s'en occupe pas des équivalents sémantiques.

systèmes lexémique, phraséologique et parémiologique des deux langues ;

2. Ensuite, on va tâcher de classer les significations et les valeurs transmises par les figures sémiologiques et

3. À la fin, nous allons amorcer, en ce qui concerne le chien, une comparaison de la sémiotique linguistique avec la sémiotique des croyances populaires ainsi qu'avec une sémiotique spécifique de la communication verbale qui est la sémiotique des histoires drôles et des mots d'esprit.

L'idée motrice qui sous-tend ce travail est la thèse selon laquelle ce sont les valeurs référentielles des sens de base ou sens étymones des signes linguistiques qui engendrent les sens figurés. [1]

Avant d'entreprendre l'étude même du sujet, encore quelques mots sur le corpus. L'inventaire est constitué de quelque 900 exemples d'emplois figurés dans des structures lexémiques, phraséologiques et parémiologiques appartenant aux deux langues. Ce qui est caractéristique des exemples c'est qu'ils appartiennent à des strates différentes des communautés linguistiques : du point de vue social, géographique et historique. Cela veut dire qu'il y a des exemples qui sont anciens, vieillis ou qui appartiennent à des dialectes et qui ne sont donc pas français au sens strict du terme. La deuxième partie du corpus est plus maigre. Elle contient d'une part quelque 150 histoires drôles, aphorismes et mots d'esprit et, d'autre part, quelques dizaines de croyances populaires dans les deux langues. La quasi-totalité des

[1] Une petite parenthèse au sujet des valeurs référentielles. Nous considérons que tous les membres d'une communauté linguistique ont des attitudes déterminées envers les objets de leurs pensées. Dans le cas où les objets de pensée représentent des référents de signes linguistiques alors on peut appeler ces attitudes des attitudes référentielles. Et si l'on se situe maintenant au niveau des signes ces attitudes deviennent des valeurs référentielles des signes. La notion de ***valeur référentielle*** se réfère au ***niveau d'apperception et d'évaluation ou d'appréciation collective*** qui a été postulé par Louis Hjelmslev dans son article 'Sémantique structurale ' (cf. L. Hlemslev : *Essais linguistiques,* Les Éditions de Minuit, Paris, 1971, p. 118).

exemples est puisée dans des dictionnaires tant généraux que spécialisés ainsi que dans des recueils et ouvrages spécialisés.

1. STRUCTURES SÉMIOLOGIQUES

Le chien occupe une place privilégiée parmi tous les animaux qui ont servi par l'intermédiaire de leur nom à la production des structures linguistiques à sens figuré en français et en macédonien. La situation exemplaire du chien est dûe à la richesse des fonctions qu'il exerce dans les sociétés humaines.

A la suite des comparaisons effectuées entre les deux langues on va proposer une classification en trois domaines thématiques d'où découlent toutes les structures sémiologiques. Ces domaines sont : **1.** Les traits du chien et de son comportement **2.** Les rapports entre le chien et les autres animaux et **3.** Les rapports entre le chien et l'homme.

1.1 Les traits du chien et de son comportement

Le premier domaine est de loin le plus important par le nombre de structures sémiologiques qu'il fournit. Ce domaine peut, de son côté, se diviser en huit groupes plus ou moins autonomes qui sont les suivants :

1. La race du chien
2. Le chien se nourrit
3. Le chien aboie
4. Le chien a la rage
5. Le chien mord
6. Le chien chasse
7. Le chien garde et
8. D'autres traits du chien

1.1.1 La race du chien

En comparant les structures sémiologiques des deux langues on s'aperçoit qu'il y a plus de noms spécifiques pour des races différentes en français qu'en macédonien. Donc, les noms de race génèrent beaucoup plus de structures à sens figuré en français qu'en macédonien. Voyons la répartition :

En français, les noms suivants présentent un sens figuré. On va commencer d'abord par ceux qui **ont une valeur positive**:[1]

(3) **Saint-Bernard** = « *au fig. personne toujours prête à se dévouer, à porter secours aux autres* » [2]; (4) **terre-neuve** = « *au fig. personne très dévouée, prête à sau-ver les autres* » ; (5) **caniche**, (6) **barbet** et (7) **épagneul** ont à peu près le même sens dans la locution comparative (8) **suivre qqun comme un caniche (un barbet, un épagneul)** « *qui peut exprimer quelquefois le contraire quand la fidélité devient docilité et soumission* ».

Le même sort ambivalent est attaché au terme (9) **loulou** (=« chien d'agrément à fourrure abondante, à tête pointue et à oreilles droites ») qui peut s'employer comme terme d'affection envers un enfant mais qui peut désigner aussi «*loustic* » ou même « *voyou* » dans la langue populaire.

---

[1] La valeur référentielle peut être positive, négative, neutre (positive et négative à la fois) et indeterminée (ni positive ni négative). Nous souscrivons à la définition donnée par Pierre Guiraud des notions de positif et négatif : « *Est* **positif** *ce qui coorespond à une conservation (physique et sociale) de l'individu ou de l'espèce et de ce fait, générateur de plaisir et objet d'un désir de contact, de communication, de protection, etc. qui prolonge l'état affectif euphorique. Sont* **négatives** *les émotions inverses génératrices de douleur, mécontentement, irritation qui poussent à rompre le contact, à s'éloigner, finir pour mettre fin à une situation pénible, angoissante, dangereuse etc. Certains sentiments peuvent être ambigus (positif/négatif)* » (cf. P. Guiraud : *Le langage du corps*, P.U.F., Paris, 1980, p. 44).

[2] Les exemples qui n'ont pas de références bibliographiques sont tirés des dictionnaires généraux *(Petit Robert, Lexis, Dictionnaire pratique du français).*

Le mot (10) **bichon** (= « petit chien à poil long, issu du croisement d'un barbet et d'un épagneul ») s'emploie aussi comme terme d'affection adressé aux enfants mais le verbe (11) **bichonner** ou **se bichonner** a un sens péjoratif : *«faire la toilette avec coquetterie ».*

Le mot (12) **limier** qui désigne une race de chien de chasse, *« au fig. s'emploie pour quelqu'un qui suit une piste* ». Ce quelqu'un est incarné par excellence par le policier, et dans ce cas-là le mot **limier** acquiert une valeur négative.

Une autre race de chiens qui a une valeur positive est le **lévrier**. Il est surtout connu pour sa grande rapidité. On dit : (13) **courir comme un lévrier** = *« courir très vite* ». Lui aussi peut avoir une légère nuance négative dans les locutions : (14) **(afr.) maigre comme lévrier**, (15) **étourdi comme un jeune levron**, (16) **affamé comme un jeune levron** et (17) **être jalouse comme une levrette**.

Pour ce qui est des noms de chiens de chasse, il existe en macédonien deux mots qui ont des valeurs positives. Le mot *'рт* incarne **la rapidité** et on dit : (18) *брз како некој 'рт* (**Цепенков, 273**) [• rapide comme un 'rt]. Le mot *загар* s'applique **au flair** et on dit : (19) *има нос како загар* [• avoir le nez d'un zagar] ainsi que : (20) *интересира се како Габерово загар* (**Малеш**) [• s'intéresser comme un zagar de Gaberovo] qui désigne *« un flaireur* ».

D'autre part, il existe des emplois où les mots n'ont pas de valeur déterminée. C'est le cas des mots **barbet** et **caniche** dans les locutions : (21) **se secouer comme un barbet** et (22) **être frisé comme un caniche** = *« être doté de cheveux blonds bouclés* (**Gai Parler**) ».

(23) **Roquet** englobe les deux aspects : physique et psychique. Il désigne *«un petit homme hargneux et criard ».*

Dans la catégorie **des valeurs négatives** on retrouve de nouveau le mot (24) **caniche**, cette fois à côté du mot (25) **molosse** dans le paradigme des mots désignant le surveillant dans l'argot des grandes écoles de la fin du XIX s. (cf. **Esnault**). Le mot **caniche** ressurgit dans l'expression (26) **Dans ta niche, caniche** ! qui veut dire = *«mêle-toi de ce qui te regarde* (**Rolland**) ».

On retrouve aussi le **barbet** dans la locution à valeur négative : (27) **crotté comme un barbet**. Le même terme était utilisé au XVIII s. dans un autre contexte négatif : (28) **chercheur de barbets** (**Oudin**) = « *un qui cherche à desrober dans une maison, et feint de chercher un barbet esgaré* ». On entrevoit une nuance dépréciative du mot **cocker** qui entre dans la locution argotique : (29) **avoir les seins en oreilles de cocker** = « *avoir les seins qui tombent* (**Les portugaises ensablées**) ».

Par contre, les autres mots désignant des races de chiens ont des valeurs nettement négatives :

(30) **Basset** s'applique à l'aspect physique des gens. Il désigne « *un petit homme à jambes et à cuisses trop courtes* ».

(31) **Braque** s'applique à « *un homme écervelé, fou* ».

Dans les mots à valeur négative on trouve le vocable (32) **carline** qui désigne au propre « *la femelle du carlin, chien au nez camus et qui, au figuré, désigne la mort dans l'argot de la I^e^ partie du XIXe s.* (cf. **Esnault**) ». Une sorte de chien au nez camus a donné la locution suivante : (33) **camus comme un turquet**. (**Rolland**).

Deux autres mots génèrent des valeurs négatives. Ce sont **dogue** et **bouledogue** qui désignent des chiens de garde. Ils ont tous les deux la réputation de chiens hargneux et comme tels ils sont passés dans les locutions suivantes : (34) **aimable comme un bouledogue** ; (35) **être d'une humeur de dogue** ou **avoir un caractère de dogue**. En plus, le mot **bouledogue** s'applique à l'aspect physique, en français et en macédonien. Dire à quelqu'un qu' (36) **il a une tête (gueule) de bouledogue** est une grosse injure. En macédonien en plus, on peut employer le mot (37) **боксер** dans le même sens.

Les deux mots **mâtin** et **corniaud** qui désignent au propre des chiens sans race déterminée ont aussi des valeurs négatives. (38) **Mâtin** dans un sens plus vieux s'applique à « *un homme désagréable, grossier ou laid* » tandis que dans le registre familier il se dit « *d'une personne malicieuse et turbulente* ». Le mot (39) **corniaud**

désigne *« un individu naïf, stupide, imbécile »*. ***Le dictionnaire des injures*** d'Edouard lui ajoute encore le sens de *« bâtard et ce dans deux acceptions : 1. du fils d'une femme qui fait porter des cornes à son conjoint 2. de quelqu'un dont nul (pas même sa mère) ne connaît le père. Et enfin, par extension, d'une personne issue du bas peuple »*.

En macédonien, on trouve aussi un mot qui, au propre, désigne « un chien bâtard ». C'est le mot (40) *џукела* qui désigne, *« au figuré, une personne qui se comporte mal »*.

Pourtant, ce qui est caractéristique des noms de race de chiens macédoniens c'est qu'ils engendrent un nombre de proverbes et d'expressions considérable ce qui n'est pas le cas en français. En français on a seulement trois proverbes à partir des noms de race de chiens : (41) (afr.) **Qui chien s'en va à Rome, mastin revien** (**Littré**) = *« lorsque l'intelligence manque à quelqu'un rien ne saurait y remédier »* ; (42) **L'homme de guerre doit avoir l'assaut de lévrier, fuite de loup et défense de sanglier** (**Gai Parler**) ; (43) **De toutes tailles bons lévriers** = *« la taille ne porte pas préjudice à la qualité. Le mérite et l'honnêteté peuvent se trouver également chez tous les peuples et dans toutes les conditions »* (**Huguet**) et une expression : (44) **Il mourrait plutôt un bon chien de berger** qui se dit *«lorsqu'un homme méchant et inutile est réchappé d'une maladie »*.

En macédonien, par contre, on a plusieurs proverbes : (45) *Со врзан 'рт на лов не се оди* (**Малеш**) [• On ne va pas à la chasse avec un 'rt attaché] *« c'est-à-dire il faut se donner les moyens pour parvenir à quelque chose »* ;(46) *Со сила 'рт на лов не одит* (**Каваев, 3140**) [• On ne peut pas forcer le 'rt d'aller à la chasse] *« c'-à-d. il faut un mutuel accord dans toute entreprise »* ;(47) *Сос чужци загар зајаци се не ловат* (**Малеш**) [• On ne chasse pas de hèvres avec un zagar qui n'est pas à nous] *« c'-à-d. on ne doit pas se fier beaucoup à l'aide des gens qu'on ne connaît pas bien »* ; (48) *Брз е зајакот, ама побрз е 'ртот* (**Малеш**) [• Le lièvre est rapide mais le 'rt est plus rapide] *«c'-à-d. on trouve toujours meilleur de soi » ;* (49) *Од ловција и од загар поулав нема на свето* (**Малеш**) [• Les plus toqués du monde sont le chasseur et le zagar] ; (50) *Ако има добар загар, ловцијата без зајак не се враќа* (**Јовановски**) [• Si le chasseur a un bon zagar, il ne revient pas à la maison sans lièvre] *« c-à-d. il faut les moyens appropriés pour réussir dans une entreprise»* ; (51) *Гладниот 'рт и кочани јаде* (**Поленаковиќ, 1084**)

[• Le 'rt affamé mange même des épis] « *c'-à-d. le besoin pousse à la satisfaction pressante du motif* » ; (52) *Пашиниот хрт не нашол мазник, (та) припаднал на киселачките* **(Шапкарев, 758)** [• Ne trouvant pas de feuilleté, le 'rt du pacha s'est tourné vers les pommes aigres] « *quand on ne trouve pas ce qu'on veut, on est obligé de se contenter de ce qu'on trouve*» ; (53) *И за кучето опитвет од каков соj е* **(Каваев, 1164)** [• On s'enquiert même de la race du chien] « *c'-à-d. il faut choisir pour femme une fille de bonne famille* » ; (54) *Овчарско куче може да стане касапско, а касапско овчарско не* [• Un chien de berger peut devenir un chien de boucherie mais jamais un chien de boucherie ne peut devenir un chien de berger] « *c'-à-d. un bon travailleur peut se gâter mais le fainéant ne peut jamais devenir bon travailleur* ».

On a de même deux expressions : (55) *И мојот 'рт ќе фатит з'јак* **(Каваев, 1221)** [• Mon 'rt attrapera un lièvre aussi] « *c'-à-d. viendra un jour où la chance sera de mon côté* ! » ; (56) *На з'јакот му викат "бегај", а на 'ртот "држи"* **(Каваев, 2138)** [• Il crie au lièvre: "Sauve-toi!" et au 'rt: "Prends-le!] « *expression qui se dit de quelqu'un qui exprime une vue contradictoire* » ainsi que deux devinettes : (57) *Од 'рт опашка* (= Праз) **(Пенушлиски, 395)** [• La queue d'un 'rt] *(= Le poireau)*; (58) *Живо не е, месо јајт, 'рт не е на лов ојт, лов лојт* (=Пушка) **(Каваев, 176)** [• Ce n'est pas un être vivant, mais il mange de la chère, ce n'est pas un 'rt mais il va à la chasse et chasse du gibier] (= *Le fusil*).

En ce qui concerne les patronymes et les surnoms on trouve, selon Dauzat, seulement quelques noms de race de chiens. Ce sont les patronymes : (59) **Braque**, (60) **Barbet**, (61) **Lévrier** et (62) **Dogue**. En macédonien on retrouve le surnom (63) *Загаричката* qui «*s'applique à un homme rapide, leste comme un 'zagar'*».

1.1.2 Le chien se nourrit

Ce groupe contient, comme le premier groupe d'ailleurs, des emplois figurés qui auraient pu se trouver aussi bien dans les deux autres domaines thématiques, mais on a cru bon de les mettre ici parce qu'il reflètent bien une activité du chien qui engendre un grand nombre de figures sémiologiques. Tous les

emplois peuvent être classés en deux sous-groupes selon la participation de l'homme à l'activité nutritive du chien :

1.1.2.1 Le chien en quête de la nourriture

Dès le début on se trouve devant l'image du chien affamé qui engendre des emplois négatifs dans le deux langues. On dit en français **avoir une faim de chien** et en macédonien (64) *гладен (стрвен) е како куче* [• être affamé [glouton] comme un chien].

De quelqu'un qui, question nourriture, ne trouve rien fade, on dit ironiquement dans le Loiret qu'(65) **il a un dégoût de chien**. La plupart des structures avec le mot « **os** » ont un sens global négatif, ce qui confie à l'activité nutritive du chien une valeur négative. Citons les expressions, les proverbes et les locutions français suivants : (66) **Ce sont deux chiens après un os** *(= « c'-à-d. il s'agit de deux personnes qui se disputent le même objet ou aspirent au même poste »)*; (67) **Il y a trop de chiens après l'os** *(= « c'-à-d. c'est une entreprise où les participants sont nombreux mais le profit est faible »)* ; (68) **Jamais à un bon chien il ne vient un bon os** ! *(= « c'-à-d. la fortune ne récompense que rarement le mérite »)* ; (69) **se sauver comme un chien qui rapporte un os** ; (70) **regarder quelqu'un de travers comme un chien qui emporte un os**.

La faim fait agir le chien d'une façon hypocrite et très utilitaire : mac. (71) *Гуку ја мавта песот опашката, дури да ја граби дробенката* **(Цепенков, 2527)** [• Le chien agite la queue tant qu'il n'aura pas son assiette].

La faim du chien est un motif très fort qui le pousse même vers des situations pénibles pour lui. Un proverbe français dit : (72) **Chien affamé ne craint pas le bâton**, ce qui, en dernier lieu, appliqué aux hommes peut quelquefois expliquer l'origine sociale de certains délits. Un proverbe macédonien dit : (73) *Кучка научена на маст, ала што стапои ќе окркат и пак пометот не ѝ идит* [• La chienne qui s'est habituée à la graisse, combien de fois ne va-t-elle pas recevoir des coups de bâton et elle n'en changera pas d'avis]. Ce qui veut dire *« qu'on renonce*

difficilement aux habitudes (même pernicieuses) qui procurent du plaisir ou que le plaisir va toujours ensemble avec le déplaisir ».

Encore deux autres proverbes macédoniens disent à peu près la même chose. Le premier : (74) *Научи ли се кучето кокал да глода сè ќе си тера да глода* (**Малеш**) [• Une fois qu'il a senti le goût de l'os, le chien va continuer de le ronger] et l'autre : (75) *Пес од касапница мачно се одвикнува* (**PMJ**) [• Le chien renonce très difficilement d'aller à la boucherie]. Pour détourner le chien de sa quête il faut un grand obstacle. C'est ce que dit le proverbe français : (76) **Chien échaudé ne revient pas en cuisine.**

L'os est donc la nourriture de prédilection pour le chien. Mais pas n'importe quel os, parce que comme disent les proverbes macédoniens : (77) *Гола коска ни куче не сакат* (**Каваев, 472**) [• Même le chien n'aime pas un os sans viande] ;(78) *Ефтиното месо и кучињата не го јадат* (**Пенушлиски**) [• Même les chiens ne mangent pas la viande de quatre sous]. C'est donc l'os avec la viande, mais là encore il y a des restrictions comme dit ce proverbe macédonien (79) *Две кучиња на едно копанче не јадет* (**Каваев, 679**) [• Deux chiens n'aiment pas partager un os] qui a en français deux correspondants : un qui est isoéquivalent (même forme et sens) du proverbe macédonien : (80) **Deux chiens à un os ne s'accordent (Montreynaud, 590)** et un autre : (81) **Chien en cuisine compagnie ne désire (Montreynaud, 586).**

Il n'y a qu'une grande faim qui peut pousser les chiens à ronger les os sans viande, comme dit le proverbe macédonien : (82) *Гладно куче и гол кокол гризе* (**Јовановски**) [• Un chien affamé ronge même un os sans viande] ou des épis comme dit le proverbe macédonien n. 51. La faim peut pousser le chien à manger même des puces : mac. (83) *Во неолја песот и б'лви јајт* (**Каваев, 382**) [• En disette, le chien mange même des puces] c'-à-d. « *dans des situations difficiles l'homme peut se permettre des actions qu'il ne commettrait pas autrement* ».

Parmi les proverbes et les locutions formés à partir du mot « **os** » il y en a qui ont des valeurs positives : (84) **Le chien se défend quand on lui ôte un os** ; (85) **A bon chien – bon os.** Ce dernier proverbe est démenti par un autre proverbe : (86) **A bon chien il n'arrive jamais un bon os (Dournon)** « *le mérite est rarement récompensé* ».

De tous ces exemples il ressort en toute évidence que le mot « **os** » a acquis une signification métaphorique de quelque chose de très précieux, d'un bien, d'une richesse. Et cela découle évidemment de la valeur référentielle du mot « **os** », vu l'importance primordiale que l'os a dans la vie du chien. On retrouve cette métaphore dans l'expression macédonienne : (87) *Уште има коски да гризи, затоа не работи* (**Поленаковиќ, 6586**) [• Il a encore d'autres os à ronger, c'est pour ça qu'il ne travaille pas] (= *c'-à-d. il a encore de l'argent qu'il a hérité de son père et il peut se permettre de ne pas gagner sa vie*). Témoin aussi ce proverbe français : (88) **Il faut flatter le chien pour avoir l'os** (**Lorraine**). Alors on comprend mieux ce proverbe macédonien qui dit : (89) *Кучето кокале ни го лиже, ни на друг го дава* (**Малеш**) [• Le chien ne mange pas son os, mais ne le donne pas aux autres non plus]. Le correspondant français est un peu différent et il a la forme d'une locution : (90) **faire comme le chien du jardinier qui ne mange pas de choux et ne laisse pas manger aux autres** (**Rat**) . Un mot d'esprit d'André Maurois montre l'importance de l'os dans la vie du chien : (91) **Le chien défend son os quand il n'a pas faim. Aux yeux de certaines épouses, le mari auquel Dieu les a jointes est un os à ronger. Elles creusent un trou qu'elles appellent foyer ; elles y enterrent leur homme et, bien qu'il n'y ait plus grand-chose à ronger, gare à qui veut le leur enlever.** (**Delacour**).

Le désir de manger que ressent le chien est très grand. On le retrouve aussi dans ces locutions et proverbes macédoniens : (92) *се оближвит ко гладно куче пред касапница* (**Каваев, 3273**) [• avoir l'eau à la bouche comme un chien affamé devant une boucherie] ; (93) *Песот беснее кога е гладен* (**Јовановски**) [• Le chien enrage quand il a faim] ; (94) *Жена иде по човек како кучка по комат* (**Влајинац : од Прилеп**) [• Une femme suit l'homme comme une chienne qui va après une tartine]; (95) *Се научил да одит пијаницата на меана како песо на касапница* (**Цепенков, 2237**) [• L'ivrogne s'est habitué à aller au café comme le chien à la boucherie].

Le même désir de manger fait, quelquefois, agir le chien maladroitement comme on peut le voir dans cette locution : (96) **le chien qui lâche sa proie pour l'ombre**, qui d'après la fable de La Fontaine représente «*l'image de ceux qui abandonnent un avantage réel pour courir après l'apparence* », ou dans ces proverbes français : (97)

Pour l'alouette le chien perd son maître (**Dournon**) « *combien se sont laissé séduire par l'apparence et s'en sont mordu les doigts !* » ; (98) **La lune est belle quand le chien l'espère** (**Montreynaud : Savoie**) . On emploie la locution (99) **une réserve de chien** pour parler d'« *un gaspillage imprévoyant, c'est-à-dire une réserve faite aujourd'hui et mangée demain* ».

Même quand le chien est assouvi, ce désir de manger crée des images. On emploie en Wallonie ce proverbe : (100) **Querelle de chiens, ils se raccommodent à la soupe** et cette expression : (101) **C'est comme le chien du boucher, il dort sur la viande** « *pour parler de quelqu'un qui est blasé parce qu'il a tout ce qu'il lui faut, et au-delà* ». Voilà quelques proverbes et expressions macédoniens qui contiennent des images de l'activité nutritive du chien : (102) *Наспастрена стока кучиња је јадет* (**Каваев, 2432**) [• La marchandise rangée est mangée par les chiens], c'-à-d. « *quelquefois les précautions ne peuvent pas empêcher les dégâts* » ; (103) *Гладно куче кога се најаде не знае шчо прави* (**Малеш**) [• Le chien affamé qui assouvit sa faim ne se contrôle plus]; (104) *Покриено млеко не го јади песо* (**Цепенков, 1979**) [• Quand le bol est couvert, le chien ne peut pas y boire le lait], c'-à-d. « *il faut prévoir les conséquences indésirables pour pouvoir les empêcher de se produire* »; (105) *Му обуле на кучето опинци, то си изело нозете* (**Каваев, 2039**) [•On a mis des chaussons au chien et il a mangé ses pieds], c'-à-d. « *il faut s'y connaître pour bien maîtriser les choses ou il y a des choses que chacun ne mérite pas d'avoir*»; (106) *Арно сирење ама у кучешки мев* (**Поленаковиќ, 333**) [• Un excellent fromage, mais il est allé dans l'estomac du chien !] , « *on le dit de quelqu'un qui est doué mais qui a un mauvais caractère*»; (107) *Ако 'и слушаше Господ кучињата, пастрма ќе врнеше* (**Каваев, 47**) [• Si Dieu avait écouté ce que disaient les chiens, il aurait laissé tomber du ciel de la viande fumée], c'-à-d. « *il n'arrive pas souvent que les désirs se réalisent* »; (108) *Налапал си се како кучко на бачило* (**Малеш**) [• Tu as fait bonne chère comme un chien au pâturage] ; (109) *Пес од грозје не пцоисуа* (**Цепенков, 1902**) [• Le chien ne crève pas en mangeant du raisin]. c'-à-d. « *la consommation des meilleures choses ne peut jamais nuire* » ; (110) *Секој пес опинците не ми ги јаде* [• Chaque chien ne peut pas manger mes chaussons], c'-à-d. « *je me considère comme quelqu'un d'important* ».

Les chiens en général sont représentés comme friands comme en témoigne cette locution de Poitou : (111) **gras comme un chien qui tète sept mères**, ou cette citation du 19 e siècle : (112) (...) **Ces gars là ont de la confiance comme la chienne à Friquet qui mangeait le beurre à son maître en gardant la maison (Rolland).**

Même si le chien n'est pas difficile sur la nourriture, les deux expressions suivantes affichent un dégoût du chien envers certains types de nourriture. On dit en français : (113) **Les chiens n'en voudraient pas** «*pour dévaluer une nourriture* », et cette expression existe aussi en macédonien : (114) *Тоа ни кучињата не го јадат* (**PMJ**). La mauvaise nourriture du chien est le symbole d'une vie difficile : mac. (115) *Кај што пците вар локаат го пратија* (**Поленаковиќ, 2680**) [• On l'a envoyé dans les lieux où les chiens lapent de la chaux] c'-à-d. « *pour mener une vie difficile*». Cette dépréciation est transposée au plan personnel dans cette expression française : (116) **Il n'est pas bon à jeter aux chiens (Gai Parler)** « *c'-à-d. il est digne de mépris* ».

Le **caractère négatif de la fonction nutritive** du chien est montré dans le fait que le chien est un nécrophage, c'-à-d. qu'il se nourrit de charognes et qu'il dévore aussi des cadavres. Cette fonction du chien, connue dans les anciennes mythologies des Perses, des Grecs et des Egyptiens, trouve aussi un reflet dans le langage. On a, par exemple, cette expression plaisante en macédonien : (117) *Пес да касни од него, ќе се отруе* [• Si un chien goûtait un morceau de lui, il s'empoisonnerait], qui se dit d' « *un hargneux* ».

Mais le champ de prédilection de cette négativité se trouve dans les imprécations. On a les exemples macédoniens suivants : (118) *Орлите и враните и пците да те искинат на некоја раскрсница* ! (**Поленаковиќ, 4800**) [• Que les aigles et les corneilles et le chiens te mettent en pièces en te voyant à un carrefour] ; (119) *Ај да би пците го изеле* ! (**Цепенков, 2**) [• Qu'il soit mangé par les chiens] ; (120) *Кучки главата да му гризат* ! (**Пенушлиски**) [• Que les chiennes lui rongent la tête]; (121) *Кучиња крвта да му ја излочат* ! (**Пенушлиски**) [• Que les chiens lui lapent le sang !] ; (122) *Црни кучиња главата да му јадат* ! (**Пенушлиски**) [• Que des chiens noirs lui mangent la tête !].

1.1.2.2 L'homme donne à manger au chien

L'activité de nourrir le chien donne naissance aussi à des images plutôt négatives que positives. Un proverbe macédonien dit : (123) *На гладно куче не се остава леб на чување* (**Јовановски**) [• Il ne faut pas laisser du pain à garder à un chien affamé].

Il faut faire attention aussi à ce qu'on donne à manger aux chiens parce qu'ils mangent tout et en grande quantité : mac. (124) *Даj му на куче прст, раката ќе ти ја лапне* [• Tu donnes au chien un doigt et il te bouffe la main]. Les meilleurs choses ne sont donc pas à gaspiller par les chiens. C'est ainsi qu'on trouve en macédonien les proverbes suivants : (125) *За куче баклава не требат* (**Поленаковиќ**, 2186) [• Pour nourrir le chien on n'a pas besoin de 'baklava' [une sorte de friandise orientale]; (126) *Којшто дава леб по пците, ќе му останат нему трците* (**Цепенков, 1137**) [• Qui donne du pain aux chiens, n'aura que des miettes pour soi]. En français on a la locution : (127) **ne pas attacher son chien avec des saucisses** ou la variante : (128) **ne pas jeter son lard aux chiens** qui se disent pour « *un avare* », ainsi que les proverbes : (129) **On ne lie pas les chiens avec des saucisses** (**Maloux**) avec cette variante recueillie dans le Loiret : **On n'attache pas les chiens avec des andouilles**. Il y a des gens qui préfèrent ne rien donner aux chiens. La locution française dit : (130) **ne pas jeter (donner) sa part aux chiens**, et elle « *s'applique à quelqu'un qui est ardent à défendre ce qui lui revient* ». Il arrive que les chiens soient régalés de quelque chose qui ne leur est pas dû : mac. (131) *Оргачкото месо кучиња го jадет* (**Каваев, 2778**) [• La viande commune est mangée par les chiens]. Quelquefois même on peut se tromper sur ce qu'on donne à manger aux chiens. L'expression macédonienne dit : (132) *На кучето слама, на магарето коски му дат* (**Каваев, 2156**) [• Il donne du foin au chien et des os à l'âne].

Combien humiliante est devenue cette situation du chien qui attend de l'homme un morceau, nous décèlent les images suivantes : fr. (133) **Celui qui tient l'os Le chien suit sa main** (**Dournon**) « *ce proverbe nous met en garde contre l'avidité des héritiers* » ; fr. (134) **Tenir la dragée haute à quelqu'un**, c'-à-d. « *lui faire*

payer cher ce qu'il demande »; fr. (135) **donner (jeter) un os (des os) à ronger à quelqu'un**, c'-à-d. « *lui donner une occupation qui l'aide à vivre ou lui faire quelque légère grâce* », ou cette locution macédonienne : mac. (136) *потфрла некому парче леб како на куче* [• jeter à quelqu'un un morceau de pain comme à un chien] ; fr. (137) **jeter un os à la gueule d'un chien pour le faire taire**, c'-à-d. « *s'assurer de la discrétion de quelqu'un en lui offrant un menu présent* »; fr. (138) **donner un os à un chien après l'avoir battu (Wallonie)**, c'-à-d. « *chercher à pallier le mal qu'on vient de faire* ». On retrouve l'image de l'os dans ce mot d'esprit français : (139) **En politique, il faut toujours laisser un os ronger aux frondeurs (Delacour : Joubert)**.

La quête du chien après la nourriture ne réussit pas toujours. La locution française dit : (140) **avoir du crédit dans une affaire comme un chien à la boucherie**, c'-à-d. « *ne jouir d'aucun crédit* ». Il arrive quelquefois que le chien se couche sans manger : fr. (141) **un disner de chien (Oudin)** « *mauvais dîner* ».

La meilleure chose pour le chien c'est de s'attacher à une personne qui va le nourrir. C'est comme ça qu'on noue les amitiés. Il faut que chacun fasse quelque chose pour l'autre. Un proverbe macédonein dit :(142) *Ќе го раниш ли кучето добро тоа ќе ја чува куќата* (**Јовановски**) [• Si tu nourris bien le chien, il gardera ta maison]. Une autre variante macédonienne dit : (143) *Како шчо го раниш кучето, така ќе ти ја вардит куќата* (**Каваев, 1375**) [• A la façon dont tu nourris le chien, il gardera ta maison]. Le proverbe français est aussi explicite à ce sujet : (144) **Qui veut avoir bon chien doit le nourrir bien.**

C'est donc le patron qui façonne la vie du chien. D'où justement ce proverbe macédonien qui conseille : (145) *Зеј жена од сој, а куче од копанче* (**Каваев, 1045**) [• Prends ta femme dans une bonne famille et ton chien chez des gens riches]. Le chien est fidèle à celui qui le nourrit comme disent ces proverbes macédoniens : (146) *Кучето дека јаде лебо, там брани* (**Малеш**) [• Le chien fait la garde là où il mange son pain]. (147) *Песо си го припознаа стопано и си го варди лебо* (**Цепенков**) [• Le chien reconnaît son maître et garde celui qui le nourrit].

Le chien sait qu'il ne peut avoir qu'un seul maître, parce que le maître demande la fidélité. C'est ce que dit le proverbe

macédonien : (148) *На две враќе кучето од гладост умират (џојсвит)* (**Каваев, 2119**) [• Devant deux portes, le shien meurt [crève] de faim]. L'homme aussi, doit s'occuper de son chien et le nourrir régulièrement, sinon, comme disent les proverbes macédoniens, il se fera aboyer par son propre chien : (149) *Кој ранит чужци кучиња, ќе го лает негојте* [• Qui nourrit des chiens qui ne sont pas à lui, se fera aboyer par les siens] (**Каваев, 1653**); (150) *На чужцо куче не дај му коска, зашчо и твојето ќе те остајт* (**Каваев, 2248**) [• Ne donne pas des os à un autre chien, car le tien t'abandonnera !].

Il arrive quelquefois que le chien se rebelle. C'est ce que dit le proverbe macédonien : (151) *Денес кучето го раниш, утре за да те лае* (**Јовановски**) [• Tu nourris un chien aujourd'hui pour qu'il aboie après toi demain] ou cette variante abrégée : *Рани куче да те лае* [• Nourris un chien pour qu'il aboie après toi] auxquels correspond en français : **Nourris un corbeau, il te crèvera l'oeil** .

Mais la rébellion du chien est un mal inévitable auquel il faut s'habituer si l'on veut toujours profiter des services du chien. Et ces services sont indispensables comme dit le proverbe macédonien : (152) *Ако не раниш пцета, ќе раниш в'ци* (**Малеш**) [• Si tu ne nourris pas des chiens, tu nourriras des loups].

1.1.3 Le chien aboie

C'est une capacité qui joue un rôle très important dans la vie du chien, que ce soit en dehors ou auprès des hommes. C'est une des capacités qui confèrent au chien les rôles de gardien et de chasseur.

D'habitude le chien exerce cette fonction comme il faut. C'est ce qu'on trouve dans ce proverbe macédonien : (153) *Секое куче пред портата си лае* (**Пенушлиски**) [• Chaque chien aboie devant sa porte] avec sa variante : (154) *Кучето кеде е врзано лајт* (**Поленаковиќ, 3365**) [• Le chien aboie là où il est attaché]. On retrouve ici la fidélité du chien à son maître, un thème qu'on a rencontré plus haut lié au sémantisme de la nutrition. Un proverbe français met en rapport la fonction de gardien avec l'âge du chien : (155) **Le vieux chien**

n'aboie pas en vain, qui existe aussi en macédonien : (156) *Старо куче ко да лајт, требит да видиш шчо е* **(Каваев, 3520)** [• Quand un vieux chien aboie, il faut voir pourquoi] et cette variante française : (157) **Jamais bon chien n'aboie à faux (Dournon)** *« un homme sage ne se fâche pas sans raison »*. On trouve une autre interprétaion du même proverbe chez **Montreynaud, 599** : *« se dit d'un homme qui ne menace pas sans frapper »*.

Au sujet de la fonction d'aboyer du chien il existe une anecdote en macédonien qui dit :

(158) - *Го опитале кучето : - Зошчо лајш ?*

- Зашчо не зн'м други занает (друго шчо да прам), рекло то **(Каваев : Прашанки, 11)** [• On a demandé au chien : • Pourquoi aboies-tu ? • Parce que c'est tout ce que je sais faire • a répondu le chien].

Cette fonction d'aboyer est quelquefois si importante qu'on commettrait une faute impardonnable si on vendait son chien : (159) *Продај си го песот, лај сам* **(Каваев, 3065)** [• Vends ton chien et aboie toi-même]. Pourtant, quelquefois l'aboiement ne donne pas de résultats. Soit parce que les gens n'en tiennent pas compte : fr. (160) **Les chiens aboient, la caravane passe**, mac. (161) *Кучето си лаи, карвано си врви* **(Цепенков, 1253)**, mac. (162) *Гуку си лајт, ама кој го слуша* **(Цепенков, 2538)** [• Il n'arrête pas d'aboyer, mais personne ne l'écoute] ; mac. (163) *Куче лајт, ветар носит (ветрон го носит)* **(Каваев, 1798)** [• Le chien aboie, le vent le disperse], soit parce que le chien exerce sa fonction pour plusieurs maîtres à la fois : mac. (164) *Куче што лае на две порти, без глава останува* **(Малеш)** [• Le chien qui aboie devant deux portes, perd sa tête], soit parce qu'il aboie à faux : fr. (165) **aboyer à la lune**, c'-à-d. *« produire des efforts tendant à une impossibilité »* , mac. (166) *Лајт на месечинана* **(Каваев, 1820)** [• C'est un chien qui aboie à la lune], fr. (167) **Tandis que le chien crie, le loup s'enfuit**, a.fr. (168) **Plu fol que chien qui aboye à ses soupes, les cuidant par ce refroidir (Littré)**, soit parce que l'aboiement est insuffisant : mac. (169) *Уста лае (прде), пара зборе* **(Пенушлиски)** [• La bouche aboie [pète] et c'est l'argent qui parle].

Avec ces derniers proverbes on voit se profiler un autre côté de l'aboiement du chien. On entre purement dans **les**

défauts du chien : (170) **Il n'y a qu'un chien laid pour bien aboyer (Val d'Aoste), son égoïsme** : mac. (171) *Кучка за селото да го брани не лаит, ама за газо свој да си вардит* **(Цепенков, 1255)** [• La chienne n'aboie pas pour défendre le village, mais pour sauver sa peau], mac. (172) *Лаит песо за да си брани комато* **(Цепенков, 1276)** [• Le chien n'aboie que pour défendre sa tartine] ou **sa couardise** : mac. (173) *Плашливиот пес многу лае* **(Јовановски)** [• Le chien peureux aboie beaucoup], mac. (174) *Куче лае од осое* **(Малеш)** [• Le chien aboie quand il est à l'abri], mac. (175) *Кое куче од далеко лае не лапе* **(Малеш)** [• Le chien qui aboie de loin ne mord pas], c'-à-d. «*l'homme se montre courageux quand il n'est pas vraiment en danger* ».

A partir de ces derniers exemples on voit l'image de l'aboiement un peu détournée de ce qu'elle était au début. L'aboiement n'est plus le signe de force comme le montrent les exemples suivants : fr. (176) **Le plus à craindre n'est pas un chien qui jappe**, fr. (177) **Tout chien qui jappe ne mord pas**, fr. (178) **Chien qui aboie ne mord pas**, fr. (179) **Tous les chiens qui aboient ne mordent pas**, les deux derniers proverbes ont des isoéquivalents en macédonien : (180) *Кучето што лае, не апе* **(Малеш)** ; (181) *Сите кучиња што лает не к'сет* **(Каваев, 3358).** On en arrive au point où l'aboiement ne représente aucun danger : mac. (182) *Куче лајт, мече трајт* **(Каваев, 1799)** [• Le chien aboie, l'ours se tait] : fr. (183) **Méfie-toi d'un homme qui ne parle guère, d'un chien qui n'aboie guère et de l'et cetera d'un notaire.** La première partie de ce proverbe a un isoéquivalent macédonien : (184) *Чуве се од човек што трае и куче што не лае.* Deux autres proverbes macédoniens et un français renchérissent sur le même thème : mac. (185) *М'комото куче е апливо куче* **(Малеш)** [•Le chien muet est un chien qui mord] ; mac. (186) *Мирен човек - м'комо куче* **(Малеш)** [•L'homme paisible • un chien muet] : fr. (187) **Gardez-vous de l'homme secret et du chien muet (Montreynaud, 560).**

Etant donné que l'aboiement a pour fonction de tenir à distance ou d'éloigner les intrus, le verbe (188) **aboyer** et son équivalent macédonien (189) *лае* ont pris dans leur sens métaphorique une valeur négative qui s'est cristalisée en macédonien avec les sens de : « *2. crier, se quereller 3. potiner* » et en français avec le sens de *"invectiver"* . On retrouve la même valeur

négative avec le verbe français (190) **clabauder** qui, du sens de base « *aboyer hors des voies, en parlant du chien courant* », a fini par désigner « *criailler pour ameuter contre quelqu'un* » ainsi que le mot (191) **clabaud** qui désigne « *un individu qui criaille constamment sans motif* ». La valeur négative de la production de bruits par le chien est contenue aussi dans le verbe fr. (192) **gronder** qui désigne au propre « *faire entendre un bruit sourd et menaçant* » et au figuré « vi. vx. *ou* litt. *murmurer, se plaindre entre ses dents, sous l'effet de la colère, etc. ; et vt. réprimander* » ainsi que dans ses équivalents macédoniens (193) *'ржи* et (194) *грчи* (cf. l'exemple macédonien (195) *грчи како некое куче на синџир* (**Јовановски**) [• gronder comme un chien à la chaîne]].

L'image négative de l'aboiement se retrouve dans le substantif (196) **aboyeur** qui désignait dans l'argot du passé « *les crieurs à la sortie des spectacles, les crieurs d'enchères ou les gardiens de prisons* » (cf. **Esnault**). On rencontre la valeur négative dans la locution (197) **aboyer le premier**, c'-à-d. « *prendre les devants, être le premier à se plaindre quoiqu'on ait tort* » ou cette expression (198) **Vous êtes du pays où les chiens aboient par dessus la queue**, qui « *se lance à celui qui débite une mauvaise plaisanterie ou qui raconte une chose incroyable* » (**Wallonie**).

Pour dire d'une personne qu'elle est forte en gueule il existe en macédonien une expression (199) *Ни девет кучки не би ја (го) надлајале* (**Каваев, 2498**) [•fleuves chiennes ne pourraient aboyer plus fort que lui]. Cette expression a le contre-pied dans la locution macédonienne : (200) *Ни гау ни мау не се слуша од него* [• On ne l'entend pas dire ni vaou ni miaou]. On retrouve la même métaphore dans ce proverbe macédonien qui est très conformiste du point de vue social :(201) *Кој имат нека малчит ; кој немат нека, не лајт* (**Каваев, 1565**) [• Qui possède des biens, qu'il se taise ; qui n'a rien, qu'il n'aboie pas].

La valeur négative ressort aussi des autres productions vocales du chien. Ainsi, le verbe français (202) **glapir** désigne, au figuré, « *l'activité de parler ou chanter d'une voix aigre et criarde* ». En macédonien, le verbe (203) *квичи* ajoute le sémantisme de «*plainte*» à la voix criarde. De l'autre côté, les verbes

correspondants en français et en macédonien : (204) **japper** et (205) *цавка* ajoutent à l'aboiement l'idée de *« bas âge »* ce qui conduit tout droit à la diminution de son intensité.

On doit noter que l'aboiement est utilisé dans quelques devinettes macédoniennes. Ainsi *le battoir* est demandé par cette devinette : (206) *Лута кучка по река лае* **(PMJ)** [• Une chienne méchante aboie le long de la rivière] ; (207) *Палаа кучка низ ливада лаит* [• Une chienne éveillée aboie dans le pré].

Скратеници и цитирана литература :

Delacour = DELACOUR, Jean : *Tout l'esprit français. Dictionnaire humoristique*, Albin Michel, Paris, 1974, 320 стр.

Dictionnaire pratique = *Dictionnaire pratique du français* (Direction : Philippe Hamiel, Rédaction : Catherine Delamarche, Philippe Doray, Hervé Dubourjal, Anne Duverger, Isabelle Gonnot-Guizzo, Anne Rivaille, Brigitte Vienne), Hachette, Paris, 1987, 1266 стр.

Dournon = DOURNON : *Le dictionnaire des proverbes et dictons de France,* Hachette, Paris, 1986, 302 стр.

Edouard = EDOUARD, Robert : *Nouveau dictionnaire des injures*, Sand & Tchou, Paris, 1983, (1 изд. 1967), 419 стр.

Esnault = ESNAULT, Gaston : *Dictionnaire historique des argots français*, Larousse, Paris, 1965.

Gai Parler = LIS, M. & BARBIER, M. : *Le dictionnaire du gai parler*, Editions Mengès, (coll. "Dictionnaires insolites"), Paris, 1980, 560 стр.

GUIRAUD, Pierre : *Le langage du corps*, P.U.F., (coll. "Que sais-je"), Paris, 1980, 128 стр.

HJELMSLEV, Louis : *Essais linguistiques*, Les Éditions de Minuit, Paris, 1971, (1 изд. 1959), 283 стр.

Huguet = HUGUET, Edmond : *Le langage figuré au seizième siècle*, Hachette, Paris, 1933, 256 стр.

Јовановски = ЈОВАНОВСКИ, Апостол Поп : *Македонски народни йословици*, Издание на авторот, Скопје, 1971, 63 стр.

Каваев = КАВАЕВ, Филип : *Народни йословици и ґаīанки од Сīруґа и Сīрушко*, Институт за македонски јазик, Скопје, 1961, 189 стр.

Les portugaises ensablées = GREVERAND, Jean-Louis & Gérard : *Les portugaises ensablées. Dictionnaire de l'argot du corps*, Editions Duculot, Paris-Gembloux, 1987, 135 стр.

Lexis = *Lexis*, (direction de J. Dubois, rédaction : J.-P. Mével, G. Chaveau, S. Houdelot, C. Sobotka-Kannas, D. Morel), Larousse, Paris, 1975, 1950 стр.

Малеш = ПЕНУШЛИСКИ, Кирил : *Малешевски фолклор IV*, МАНУ, Скопје, 1980, 431 стр.

Montreynaud = MONTREYNAUD, F. & PIERRON, A. & SUZZONI, F. : *Dictionnaire de proverbes et dictons*, Robert, (coll. " Les usuels du Robert "), Paris, 1980, XXVI + 658 стр.

Oudin = OUDIN, Antoine : *" Curiositez françoises pour supplément aux dictionnaires ou recueil de plusieurs belles proprietez, avec une infinité de proverbes et quolibets, pour l'explication de toutes sortes de livres"* , **in** La Curne de Sainte-Palaye : *Dictionnaire historique de l'ancien langage françois ou glossaire de la langue françoise depuis son origine jusqu'au siècle de Louis XIV*, (publié par les soins de L. Favre), t. X, Niort-L. Favre-H. Champion, Paris, 1875-1882, (1 изд. 1656), 205-373 стр..

Пенушлиски : Пословици = ПЕНУШЛИСКИ, Кирил : *Пословици и ґаīанки*, Македонска книга, Скопје, 1969, 259 стр.

Petit Robert = ROBERT, Paul : *Petit Robert*, Le Robert, Paris, 1973, 1971 стр.

Поленаковиќ = *Македонски народни умоīворби. Том IV, книґа 1: Пословици*, (во редакција на Х. Поленаковиќ, К. Пенушлиски), Кочо Рацин, Скопје, 1954, 302 стр.

РМЈ = *Речник на македонскиоī јазик* (со српскохрватски толкувања), (редактор : Б. Конески, составувачи : Т. Димитровски, Б. Корубин, Т. Стаматоски), Институт за

македонски јазик Крсте Мисирков", Скопје, Том I-III, 1961-66, 519 + 595 + 606 стр.

Rolland = ROLLAND, Eugène : *Faune populaire de la France*, 7 volumes, Maisonneuve et Larose, Paris, 1967, (1 изд. 1877-1911, во 13 тома), 3472 стр.

Savoie = GUICHONNET, Paul : *Proverbes et dictons de Savoie*, Rivages, Marseille, 1986, 129 стр.

Шапкарев = ШАПКАРЕВ, Кузман А. : *Одбрани страници*, (приредил : М. Китевски), НИО Студентски збор", Скопје, 1989, 237 стр.

Звонко Никодиновски

ФИГУРАТИВНИТЕ ЗНАЧЕЊА НА КУЧЕТО ВО ФРАНЦУСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК - I ДЕЛ

Резиме

Човекот живее во свет во којшто постојат предмети и суштества кон кои тој има воспоставено разни односи. Токму од тие односи произлегуваат и фигуративните значења на лексичко-семантичкото поле на кучето во францускиот и во македонскиот јазик. **Основна теза на трудот е тврдењето дека фигуративното значење произлегува од референтната вредност на етимонското значење.**

Фигуративните значења на кучето се разгледуваат според семиолошките фигури кои го произведуваат фигуративното значење. Семиолошките фигури се поделени во 3 групи: 1. Признаци на кучето и на неговото однесување **2**. Односи меѓу кучето и другите животни и **3.** Односи меѓу кучето и човекот. Првата група е далеку најмногубројна според бројот на семиолошките структури што таа ги формира и таа група може, од своја страна, да се подели на осум повеќе или помалку автономни групи: 1. Раса на кучето 2. Кучето се исхранува 3. Кучето лае 4. Кучето има беснило 5. Кучето каса 6. Кучето лови 7. Кучето е чувар и 8. Другите особини на кучето.

Во првиот дел од трудот се анализираат само првите три признаци од првата група, додека во вториот дел од трудот ќе се обработат другите групи признаци. Исто така ќе се даде и семиолошка класификација на кучето според неговите значенски и вредносни признаци а ќе се направи и споредба меѓу јазичната семиотика, етносемиотиката на верувањата и семиотиката на вицевите и афоризмите.

УДК 808.66 – 087(495.6) : 808.66-56

Коста ПЕЕВ

ТРАДИЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА

повод: "Синтакса на македонските дијалекти во Егејска Македонија" **(2)** од З. Тополињска

1.1. Среќна околност е дека во полската лингвистика е традиција специјалистите , по обработка на одделен проблем од полскиот јазик, да се определат втората специјалност да им биде истражувањето на друг словенски јазик, односно на неговите дијалекти.

Втора среќна околност, за македонската наука за јазикот е дека од плејадата полски лингвисти што се определиле да го изучуваат македонскиот јазик има и имиња со меѓународна репутација, како што се професорите Мјечислав Малецки, Збигњев Голомб и Зузана Тополињска.

1.2. Краковскиот славистички центар има долга традиција а Мјечислав Малецки е еден од најнадарените и најрезултатните негови претставници од периодот пред Втората светска војна. Среќна околност е и дека надареноста на Малецки, т.е. неговата предиспозиција и упорност биле откриени, прифатени и подржани од неговите професори по лингвистика и словенска филологија, познатите имиња Тадеуш Лер-Сплавињски и Кажимјеж Нич. Кај последниот најнепосредно ги совладувал и усовршувал принципите на лингвистичката географија, т.е. модерното претставување (во тоа време) на дијалектните посебности.

2.1. Не случајно, туку со преднамерна цел, со увереност за научна фундираност на поставената задача, уште на почетокот на својата кариера, веднаш по многу успешното претставување на својот роден говор во полската дијалектолошка наука, Малецки

се упатил кон јужнословенските простори, кон нивната северозападна периферија, конкретно почнал да ги истражува говорите во Северна Далмација, на островот Крк и во Истра. Потоа истражувањата ги продолжил во југозападната периферија од јужнословенскиот јазичен свет - дијалектите на Црна Гора.

Рековме дека Малецки не случајно се определил да ги испитува периферните говори, затоа што нему (како оформен дијалектолог) му било познато дека имено говорите што зафаќаат латерална позиција по правило нудат богатство од информаци, прво од зачувани архаизми коишто служат како препознатлива врска со постарите фази од развитокот на јазикот, тоа значи истовремено и можност за откривање на прекинати изоглоси со другите словенски јазици, но од друга страна во нив исто така се среќаваат и ред иновации, појавени главно од контактот со соседните јазици, особено ако се тие подалечни и неродствени, каков што е случајот со нашите јужни говори, коишто имале најнепосредни врски со албанскиот јазик, со северните грчки говори, со ароманскиот и турскиот јазик. Интензивните контакти со односниве јазици кај македонското население од оваа регија создале услови за билингвизам, па дури и трилингвизам и го отвориле патот кон јазична интерференција, кога говорителот го напушта, односно излегува од својот систем, бидејќи престанува да биде во можност да ги држи одвоено структурите на двата или трите јазика.

3.1. Во потрага по богатството на ваквите можности, потенцијално предвидени во теоријата, а некои веќе и потврдени во научните трудови на други лингвисти, проф. Малецки во почетокот на четвртата деценија од нашиов век, поточно 1933 год. се упатил од Краков кон најистуреният југоисточен пункт од словенската јазична општност (значи пак кон периферија), кон македонските говори од околината на Солун, во селата Сухо и Висока, што се лоцирани во близина на Лагадинското Езеро. Тука тој останал цели три месеци, иако условите за дијалектно истражување, па дури и за живеење биле многу тешки. Да не заборавиме дека тој дел од Македонија тогаш, како и денеска се наоѓал во состав на Грција, а на грчката власт ѝ пречела секоја дејност што не одела во прилог на нејзините настојувања за елинизација на Јужна Македонија.

Наредната, 1934 год. М. Малецки повторно доаѓа во Македонија, но се ориентирал (главно) кон истражување на југозападната македонска јазична периферија - околината на Костур.

3.2. Да допрецизираме дека мотивите за истражување на југоисточните македонски говори не треба да ги бараме само во нивниот периферен карактер, односно во потенцијалното богатство на разновидности што тој ги нуди, туку и во аргументот дека посебностите на говорите во Солунско требаше да ја откријат врската на односниве говори со првиот словенски писмен јазик, односно со јазикот на првите преводи од браќата Кирил и Методи. Во тој поглед М. Малецки ни се претставува како продолжувач на делото на првиот позначаен истражувач на овие говори, Словенецот Ватрослав Облак, којшто дошол во Солун кон крајот на минатиот век со цел да ја потврди тезата на својот проф. Ватрослав Јагиќ за македонското потекло на старословенскиот јазик. Оваа потврда магистрално ја даде книгата на В. Облак "Македонски студии", којашто пред научната јавност ги претстави резултатите од споменатава дијалектолошка екскурзија во Македонија, во Солун и Солунско.

3.3. Богатиот материјал што во солунските села Сухо и Висока го собрал М. Малецки, замислувал да го издаде во 3 тома, под заеднички наслов "Два македонски говора - на Сухо и Висока во Солунско"; првиот дел "Текстови" е објавен во Краков 1934, а вториот "Речник" две години подоцна. За жал, поради прераната смрт Малецки не успеал да го оформи третиот дел - "Граматика" на односниве говори.

Дури и беглата анализа на споменативе записи ни открива едно сериозно настојување на авторот за исклучителна прецизност во фонетското бележење на материјалите. Со други зборови тие претставуваат многу значаен документ за говорот на Македонците од Солунско, дотолку повеќе што односната регија беше подложена на силна асимилација, така што евентуалното анкетирање во сегашно време не би ги дало очекуваните резултати бидејќи македонското население во голем дел е раселено, а грчкиот јазик во односната регија е доминантен скоро по сите основи.

4.1. Големите и вистинските професори по правило оставаат солидни ученици, продолжувачи на започнатите дела, врз

кои секогаш има што да се надградува. Оваа мисла сосема одговара на професорот М. Малецки и неговиот студент Збигњев Голомб.

Најдостојно, најконкретно, како во договор со познатите стихови: "каде што застанав, ти ќе продолжиш / она што не можев ти ќе можеш", Зб. Голомб од богатата збирка материјали од Солунско, собрани од неговиот учител и објавени во веќе споменатите две книги "Текстови" и "Речник" ќе ја претстави граматичката структура на односниов говор, како докторска дисертација одбранета во Краков, 1958 год., на Јагелонскиот универзитет. Оваа дисертација Зб. Голомб ќе ја објави во две продолженија во списанието "Македонски јазик", под истиот наслов како и трудовите на Малецки "Два македонски говора на Сухо и Висока во Солунско". На тој начин беше пополнето она што недостасуваше во мозаикот од описот на солунските говори - одделот "Граматика", што како задача беше планирана од Малецки, но поради прераната смрт, како што рековме остана недовршена.

4.2. Иако го изучувал македонскиот јазик уште за време на студиите кај својот проф. М. Малецки, сепак вистинските врски на Зб. Голомб со македонскиот јазик започнуваат 1958 год., кога доаѓа во Македонија на научен престој. Оттогаш тој често навраќа во Македонија, изучувајќи ги посебностите на македонските говори, најчесто на теренот во директно анкетирање, споредувајќи ги не само со соседните јужнословенски јазици, туку и пошироко, повеќе во контекстот на балканската јазична алијанса.

При ова, тој особено се задржува на врските на македонските дијалекти со ароманските говори во Македонија и со право овие контакти ги третира како основни двигатели во одделувањето на структурата на македонскиот јазик од општите карактеристики на словенската јазична заедница - станува збор за "балканизацијата" на нашиот јазик, иако можеби би било поприкладно да се именува "десловенизација". Македонскиот и ароманскиот јазик како едни од конституентите на т.н. "балканска лингвистичка унија", дошле во непосреден контакт и развиле многу заеднички црти уште од доселувањето на Словените на Балканот, особено на структурален план, независно што се работи за генетски различни јазици. Проф. Зб. Голомб збору-

вајќи за меѓусебните влијанија, македонскиот и ароманскиот ги претставува како едно потесно колце во општите рамки на балканската лингвистичка лига, со многу развиена комуникација, што условила големи етно-лингвистички промени. За да може сериозно да ги објасни механизмите и образложи резултатите од македонско-влашкиот билингвизам, тој освен македонските морал да ги изучува и ароманските говори. Резултатите од овие истражувања Голомб ги објавил во повеќе студии од кои сепак се изделува монографијата "Ароманските дијалекти во Крушево ...", МАНУ, Скопје.

Со право треба да се потенцира особено големата улога на Зб. Голомб во афирмацијата на македонскиот јазик и тоа надвор од Македонија, најмногу преку славистичките центри во Полска, но и во Америка, каде што беше проф. на Универзитетот во Чикаго, таму и почина 1994 год. За член на МАНУ беше избран 1972 год.

5.1. Вториот продолжувач на делото на проф. М. Малецки во истражувањата на јужните македонски дијалекти од страна на полски лингвисти ни е претставен во личноста и активноста на акад. Зузана Тополињска којашто веќе две децении престојува во Македонија и го изучува македонскиот јазик, особено говорите во егејскиот дел. Таа најнепосредно е вклучена во реализацијата на два сериозни лингвистички проекти на МАНУ: "Македонските дијалекти во Егејска Македонија" и "Општословенски лингвистички атлас", со кои раководи акад. Б. Видоески. Во првиот проект се предвидени монографски истражувања на одделни говори од оваа регија, некои веќе се реализирани: фонолошките студии на акад. Б. Видоески за солунскиот говор, за леринскиот, за серско-драмските и др., на нив се надоврзуваат описот на кукушкиот говор од К. Пеев, на кајларскиот од В. Дрвошанов, на еницевардарскиот од М. Каранфилоски, на мегленскиот од Ст. Бојковска.

5.2. Акад. Тополињска се има определено да направи синтеза на најсложениот граматички дел - на синтаксата, правејќи изводи од споменатите монографии (од скопскиот центар), исто така од работите на Бл. Шклифов за говорите во Костурско, односно во Преспа (објавени во Софија), од споменатите книги на

М. Малецки и Зб. Голомб за говорите од Лагадинската област во Солунско и др.

Во неможност директно да врши дијалектно анкетирање на теренот во Егејска Македонија, поради познатите политички околности, Тополињска чувствувала потреба да користи изводи и од постари изданија, и има извлечено богат материјал од Зборникот на Верковиќ , собран во втората половина на минатиот век, натаму, уште од Кулакиското евангелие, објавено од А. Мазон и А. Вајан, како и од материјалите од југозападниот дел објавени од А. Мазон.

5.3. Познавајќи ги современите теориски и методолошки принципи, таа се определила да го надмине дескриптивното претставување на материјалот , да го прифати семантичкиот аспект и да ги презентира неговите можности. Со други зборови анализата што ја врши Тополињска се движи пред сѐ во сферата на функционалноста.

Во вториот том "Синтакса на македонските дијалекти во Егејска Македонија" (2), МАНУ, 1997, што се појави неодамна авторката ја продолжува започнатата разработка на синтаксички проблеми (од првиот том), односно ги разгледува механизмите на предикација, во тој контекст и конструкциите со сврзнички предикати и уште механизмите на номинацијата.

5.4. Разгледувајќи ја функционалноста на сврзниците во југоисточните македонски говори од егејскиот дел, според изворите што веќе во глобала ги споменавме, Тополињска често врши анализа, меѓу другите текстови и на материјалите содржани во споменатата монографија за кукушкиот говор. Во тој контекст се јавуваат некои отворени прашања (сп. "Синтакса ...", стр. 37), најчесто поради недоволната екземплификација за одделни синтаксички проблеми како во споменатава монографија, така и во материјалите од другите автори со кои таа се служи.

Сега ќе се обидеме да ги актуелизираме отворените прашања и да ги документираме со претставување на други (и нови) изворни материјали, бидејќи трудот "Кукушкиот говор" претставува општ монографски опис на различните аспекти на дијалектот, така што одделни прашања од синтаксата се само набележани, најавени, т.е. "препорачани" за натамошна обработка.

5.41. Во врска со адверсативната употреба на сврзникот **али** ќе го истакнеме следново: неговата употреба во југоисточните македонски говори не е доминантна, но бидејќи го среќаваме во различни извори, од повеќе места, и што е особено важно споменатава функција на истиот, освен во изворни материјали е регистрирана и во студии од други истражувачи на долновардарските говори, тогаш со право може да заклучиме дека тој овде е присутен.

Потврдите за ова ги нотиравме пред неколку години во Зборникот "Македонскиот јазик во XIX век" (по повод стогодишнината од смртта на Григор Прличев), така што сега ќе направиме само неколку изводи: К. Мирчев во својата историска граматика на бугарскиот јазик наведува пример од старословенскиот период: **инъı съпасе али себе не можетъ съпасти** (МС,15,31). Натаму додава дека од сврзникот **али** денеска во бугарските говори има малуброjни остатоци, зашто "... тој лесно бил изместен од грцизмот ала поради фонетската сличност што постоела меѓу нив. Навлезениот сврзник **ала** е засведочен во споменик од 16 век". За односниов аргумент се појавија и други мислења.

5.42. Натаму, во монографијата за серско-драмските говори од Ј. Иванов среќаваме: "сврзникот али го забележивме кај неколку информатори од драмскиот говор". Односнава употреба на **али** е нотирана и во етнографски зборник од Гевгелиско од Ст. Тановиќ; ќе илустрираме со примери од народната проза (ги има и во поезијата): "... *испадна, да гу прачеке, да му ја даде. Али тоа што тарчише не саке да застане, да ја земе"* (= ... излезе да го пречека, да му ја даде. Но тој што трчаше не сакаше да застане, да ја земе) . М. Каранфилоски во својата докторска дисертација посветена на македонскиот говор во Еницевардарско наведува случаи со адверсативно **али** од селата Куфалово, Вадришта, Крушари.

5.43. Во познатиот Зборник на Верковиќ (од југоисточните македонски говори), објавен во Прага, сврзникот **али** има широка употреба, па дури се среќава во првата приказна, односно во првата реченица од истата: "*млогу беши богат ...али понеже Господ не му даде чеду, и за това млогу си молиши на Бога"* (7) (=... многу беше богат ... ама бидејќи Господ не му даде чедо, и затоа многу се молеше на Бога); сп. натаму: ... *му вели: "работа, што да*

е за занајатут ми, мога да ти чинам , али друга работа не знам" (69) (=... му вели: "работа што е од мојот занает можам да ја сторам, ама друга работа не знам). На истата страница има уште еден пример со адверсативна употреба на **али**, аналогни случаи констатиравме и на страниците: 71, 280 и т.н. Затоа е чудно како авторот на обемната студија за посебностите на јужните македонски говори претставени во материјалите од Зборникот на Верковиќ (студијата е приклучена кон Зборникот), П. Лавров не ги забележил таквите примери. Односно несогледување на Лавров продолжило и се одразило, како што видовме, и во трудот што сега го анализираме.

Во врска со честата употреба на адверсативното **али** во Зборникот на Верковиќ, проф. Бл. Конески заклучува дека запишувачот на приказните Христодул Божиков во таа смисла се има повлијаено од јазикот на Ст. Верковиќ, најмногу преку кореспонденцијата.

5.5. Примерите недвосмислено укажуваат дека сврзникот **али** тука врши исклучиво адверсативна служба, а не алтернативна (за да бидат синтагмите поразбирливи, освен на дијалектен ги претставуваме и со нормативен исказ). Еднозначна, пак адверсативна е и употребата на **али** во примерите од кукушко-дојранската регија: ... *о-дунцéл си то , али кој ки-т о-кýпе?* (= ... си го донесол тоа, ама кој ќе го купи?); ... *кутy кури́то-ј, уд-дáрво - али купáна мош да- сă-рéче* (= ... како корито е, од дрво - но **купана** може да се нарече); ... *ако-ј лáдно врéмуто може трúјсе дéна да сă задáрже, али двáјсе дена обично фтасýве* (= ...ако е студено времето може да се задржи и до 30 дена, ама (за) 20 дена обично стасува).

6.1. Во врска со прашањето (поставено во "Синтакса...", стр. 90) за финалната употреба на сврзникот **да**, во монографијата "Кукушкиот говор" (стр. 310) ќе го истакнеме следново: не е спорно дека во реченицата ~ *и зима наródo вáрве, за-на-Парój дасă-слéзе,* имаме присуство на финално **да,** впрочем тоа излегува од самата реченица, а и во монографијата децидно така е дефинирано.

7.1. Начинско-споредбениот сврзник **него(ли)** со значење "отколку" исто така претставува реликт од постара состојба, зачуван во периферните источни и југоисточни македонски го-

вори. Спореди старословенски: **нежели, некъли, негъли**, освен тоа се среќава како во соседните јужнословенски јазици, српски **него, неголи**, бугарски дијалектно **негли** "можеби", така и во подалечните словенски јазици: на исток, руски **нежели**, на запад, чешки **než, nežli**.

7.2. За употребата на односниов сврзник ние пишувавме на страниците на списанието "Македонски јазик" скоро пред три децении (год. XIX, 1970), а го имаме нотирано при истражувањето на говорите во Пијанец, село Костин Дол (Кочанско - Делчевско), во формата **неголе**: *Поарно да дојде брат ми, неголе некој друг* (со исто значење - од друг истражувач - беше запишан и во Тиквешијата, село Конопиште).

7.21. Подоцна, при анкетирање на преселници (бегалци) од Кукушко исто така ја забележивме употребата на односниов сврзник.

Да одбележиме дека адверсативната употреба на сврзникот **него (негли)** е евидентирана и во една народна песна од периферните источни македонски говори, во зборникот "Народни умотворби од Пиринска Македонија", под редакција на Кр. Тошев и Р. Угринова (Скопје, 1950, стр. 134): *"Јангелино, бре невесто, / дали ќеш ми посветити, / или ќеш ми послужити". "- Е, гиди Геро стопанино, / боле ќе ти посветити, / негли ќе ти послужити". Натопи а болен Геро, / намажа а лој и катран, / запали а да му свети.*

Варијанта на истава песна среќаваме и во "Зборник за народни умотворби, обичаи ..." (Софија, 1889, кн. 1, стр. 314) од А. Илиев: *"- Убава Јано, Градјано!/ дали ќеш ми посветити/ или ќеш ми послужити?"/ Јана му вели говори:/ "- Јоване, море Јоване!/ боле ќу ти посветити/ негли ќу ти послужити".*

Адверсативниот сврзник **него (ли)** е регистриран при анкетирање за потребите на Македонскиот дијалектен атлас во село Раздол (Пиринска Македонија).

Интересно е дека слична изоглоса на поврзување на југоисток со исток покажува и лексемата **деси (се)** 'се случи', која што ја констатиравме во Долновардарско, но нормална употреба има и во градскиот беровски говор; за ова веќе пишувавме (в. "Нова Македонија", ЛИК, 18.2.1998).

7.3. Ваквата поврзаност меѓу периферните југоисточни говори од егејскиот дел и периферните источни од пиринскиот дел само ја потврдуваат тезата на акад. Б. Видоески за постоењето на приличен број заеднички изоглоси за споменативе две периферии од македонската јазична стварност: "Изоглосите од јужната периферија, од солунското огниште, се разидуваат во два правци. Една група оди источно од Солун и преку разлошкото говорно подрачје продолжува на бугарската јазична територија ... Вториот изоглосен сноп од солунското огниште оди право на север по правецот Кукуш - Берово" ("Македонски јазик", год. XIII-XIV, с. 95-96).

Се разбира дека односнава шема важи повеќе за фонетско-фонолошки и морфо-синтаксички посебности што ги поврзуваат односниве говори, но исто така тоа ни дава за право да правиме и извесни лексички паралели.

Коста Пеев

Традицијата продолжува
(Синтакса на македонските дијалекти во Егејска Македонија од З. Тополињска-2)

Резиме

Среќна околност е дека во полската лингвистика е традиција специјалистите, по обработка на одделен проблем од полскиот јазик, да се определат втората специјалност да им биде истражувањето на друг словенски јазик, односно на неговите дијалекти. Меѓу познатите полски лингвисти што ги истражувале македонските говори се професорите Мјечислав Малецки, Збигњев Голомб и Зузана Тополињска.

Заинтригиран од периферниот карактер на јужните македонски говори М. Малецки во почетокот на четвртата деценија од нашиов век се упатил кон Солун и Солунско (поточно во лагадинските села Сухо и Висока). Од оваа научна екскурзија објавил две книги "Речник" и "Текстови", а третиот дел - "Граматика" (на односниве говори), поради прераната смрт на Малецки, ја обработил неговиот студент Зб. Голомб.

Вториот продолжувач на делото на проф. М. Малецки во истражувањата на јужните македонски дијалекти од страна на полски лингвисти ни е претставен во личноста и активноста на акад. З. Тополињска, која што веќе две децении престојува во Македонија и стрпливо го изучува македонскиот јазик, особено говорите во егејскиот дел.

Таа за потребите на својата "Синтакса на македонските дијалекти во Егејска Македонија" ексцерпирала богат материјал од повеќе зборници и студии, меѓу нив и од "Кукушкиот говор" од К. Пеев. Притоа извесни прашања останале отворени, пр. за адверсативната употреба на сврзниците али, него(ли). Сега со овој прилог се даваат нови потврди за односниве прашања.

Kosta Peev

La tradition continue

(Syntaxe des dialectes macédoniens de la Macédoine égéenne de Z. Topolinjska -2)

Une circonstance heureuse est que dans la linguistique polonaise se soit instaurée une tradition que les spécialistes, à part le polonais, choisissent une deuxième langue ou dialecte slaves nécessaires à leurs recherches. Ainsi, les parlers macédoniens se sont trouvés dans l'attention des professeurs polonais bien connus tels Mjecislav Malecki, Zbignev Golomb et Zuzana Topoljinska.

Intrigué par le caractère périphérique des parles macédoniens méridionaux, M. Malecki, au début de la quatrième décennie de notre siècle, se dirigea vers Salonique, plus précisément vers les communes de Suho et de Visoka. Le résultat de cette enquête a été la publication d'un "Dictionnaire et des textes alors que la "Grammaire" de ces mêmes parlers a été menée à terme et publiée par Zbignev Golomb à la suite de la mort prématurée de son professeur Malecki.

Le deuxième continuateur de l'œuvre de Malecki dans la recherche et l'étude des dialectes macédoniens du sud est l'acad. Z. Topoljinska, laquelle depuis vingt ans vit en Macédoine, traitant avec une grande compétence du macédonien et surtout des parlers de la Macédoine égéenne.

Pour les besoins de sa "Syntaxe des dialectes macédoniens de la Macédoine de l'Égée", elle a dépouillé les riches matériaux de plusieurs recueils et études parmi lesquels "Le parler de Kukus" de Kosta Peev. Certaines questions, notamment celle de l'emploi adversatif des conjonctions *ali, nego(li)* exigent des explications supplémentaires. C'est précisément ce qui fait l'objet de ce travail.

УДК 808.66 – 087 : 808.66 - 316.3 = 919.83

Агим ПОЉОСКА

АЛБАНИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ДИЈАЛЕКТЕН ЈАЗИК*

1. Неоспорен факт е дека јужнословенските јазици на Балканот претрпеле силно влијание од несловенската, главно, грчко-романска јазична средина. Меѓутоа, во билингвални и плурилингвални средини, каква што е балканската, нема случаи едни јазици само да дадат, ами и да примаат туѓи лексички елементи. Во научните кругови е општопримено дека интерференциите се заемни кај јазиците во контакт[1]. Како што е познато лексички словенизми има во сите несловенски балкански јазици, а нивниот број е особено висок во ароманскиот, романскиот, албанскиот и нешто помалку во грчкиот. И покрај тоа што во нашиов прилог станува збор за контакти меѓу генеалошки несродни и типолошки различни јазици, на лексичко рамниште, ќе се потрудиме да укажеме на застапеноста на албанизмите во македонскиот дијалектен јазик.

2. Во Западниот и Југозападниот дел на територијата на Македонија се чуствува влијанието на албанскиот јазик на дијалектно и лексичко рамниште. Вековното заедничко живеење на овие простори на македонскиот народ и албанската народност создало можности за меѓусебни допирни точки кои навлегле во

---

* Извадок од докторската дисертација *"Лексичка интерференција на македонскиот и албанскиот дијалектен јазик"*, одбранета на Филолошкиот факултет во Скопје на 12 јули 1996 год..

[1] K. Sandfeld, *Linguistique balkanique;* Problemes et resultats, Paris, 1930, 77; U. Weinreich, *Language in Contact,* Findings and Problems, The Hague -Paris, 1970, passim; R. Filipović, *Kontakti jezika u teoriji i praksi,* Zagreb, 1970; B. Havranek, *Problematika miješanja jezika,* Zadarska revija, XIII, br. 3, Zadar, 1964; A. Martinet, *Jezik i funkcija,* Sarajevo, 1973; Lingvističke srodnosti Sredozemlja, Suvremena lingvistika, 4, Zagreb, 1976; V. Friedman, *Language reform, Hystory and Future,* IV, Hamburg, 1989, 314.

македонскиот јазик во секојдневната комуникација на населението, но и пошироко во другите свери на духовното творештво што повидливо се забележува во народното творештво и етнокултурата. На овој простор денес имаме жива лексичка интерференција во сите области на човековата дејност. Неколкувековното заедничко живеење на македонското и албанското население довело до извесни заеднички лексички елементи, настанати како резултат на меѓујазичниот, односно како резултат на меѓудијалектниот контакт. Долгогодишната интерференција е причина за употребата на албанските заемки во македонските дијалектни системи, а во многу поограничена мера и во македонскиот стандарден јазик. Меѓу елементите преземени од јазиците со кои македонскиот доаѓал во контакт, значајно место заземаат и лексичките заемки од албанскиот јазик. Влијанијата на албанскиот и на македонскиот јазик на лексичко рамниште врз развојот на балканската јазична заедница се несомнено големи, но за жал и недоволно проучени. Тоа не значи дека како самостојни јазици не се доволно проучувани и опишувани, туку дека не им е посветено доволно внимание како јазици кои долг временски период биле во непосреден контакт и кои се многу подлабоко испреплетени отколку што досега е кажувано и пишувано.

Разгледувани од балканолошки аспект, овие јазици ни покажуваат колку длабоко навлегла потребата за заедничко поимање на светот и какви резултати создала на сите јазични нивоа. Ова, секако, е обусловена од низа заеднички лингвистички и екстралингвистички моменти од развојот на двата дијасистема.

3. Во овој труд ќе стане збор за влијанието на албанскиот јазик врз македонскиот дијалектен јазик на лексичко рамниште, и тоа посебно врз југозападните и западните македонски говори. Ние ќе се обидеме да укажуваме на застапеноста на албанизмите во македонскиот дијалектен јазик, а кои би требало да претставуваат импулси за понатамошни лингвистички проучувања и истражувања во тој правец, бидејќи се работи за појави кои досега сосема малку или воопшто не се проучувани. Исто така, ќе се обидеме да ги дадеме во тематски групи албанизмите со поголема фреквенција во македонскиот дијалектен јазик. Тоа само по себе ја исклучува претензијата за исцрпност на третираниот проблем. Како инвентари за

ексцерпција на лексичкиот материјал, покрај нашите теренски истражувања, ни послужија неколку двојазични речници[2] , како и речниците[3] и студиите посветени на албанскиот и македонскиот дијалект. Мнозина автори се задржале на прашањето за застапеноста и статусот на албанизмите во македонскиот дијалектен јазик[4]. Работејќи веќе подолго време врз

---

[2] N. Berovski, *Fjalori maqedonisht-shqip,* Tiranë, 1990; A - K.. Agai, *Fjalor shqip-maqedonisht,* Shkup, 1996; H. Ymeri – P. Atanasov – Z. Osmani, *Fjalori maqedonisht-shqip, shqip-maqedonisht,* (Речник македонско-албански, албанско-македонски), Куманово, 1997.

[3] *Речник на македонскиот јазик,* Скопје, 1986; *Fjalor i gjuhës së sotme shqipe,* I, II, Prishtinë 1980.

[4] О. Јашар - Настева, *Албански зборови во македонските тајни јазици,* МЈ, IV, 60-65, 84-92, 132-140; *Прилог кон проучувањето на лексичките балканизми во македонскиот јазик,* МЈ, год. XXV, Скопје, 1974; *Развој на дијалектната лексика во услови на јазична интерференција,* Реферати на македонските слависти за IX Меѓународен славистички конгрес во Киев, МСК, Скопје, 1983, 15-23; *Поглед на туѓата лексика во македонските говори од Костурдско-корчанското дијалектно подрачје,* МАНУ, "Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото", Скопје 1988; Е. Хемп, *Македонско-албански јазични односи,* Семинар за македонски јазик литература и култура, Прва научна дискусија -Охрид, 27-28 август 1974, Скопје, 1975; *Лексиката како балканистички аспект на граматиката,* Зборник на трудовите од петтата научна дискусија, Охрид 28-30 август, 1978, Скопје, 1979, 21-23; Ј. Миндак, *Морфосинтаксички западномакедонско-албански паралели,* МЈ, XXXVIII-XXXIX, Скопје, 1987-88; Б. Марков, *Основните значења на суфиксот - иште,* МЈ, XIII- XIV, 1-2, Скопје, 1962/63; *Disa vërejtje për prapashtesën -ishtë (-ishte) në gjuhën shqipe dhe në gjuhët sllave,* GJA, 14-1984, Prishtinë, 1985; *Околу бројот и видот на албанизмите во македонскиот јазик,* XVI научна дискусија, Скопје, 1988, 65-74; *Словенизми во албанскиот јазик и албанизмите во македонскиот јазик од фонетски аспект,* Научна дискусија на XXVIII Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 1996; П. Хр. Илиевски, *Неколку лексички балканизми од претсловенскиот балкански јазичен сојуз во македонскиот јазик* ***(босилек, кајра, рофја, талас)***, Зборник на трудовите од петтата научна дискусија, Охрид 28-30 август 1978, Скопје, 1979, 47-52; *Балканолошки лингвистички студии,* МАНУ, Скопје, 1987; K. Gut, *Kontakte linguistike midis shqipes dhe maqedonishtes,* GJA, II- 1974, Prishtinë, 1975; O. J. Nasteva - B. Koneski - B. Vidoeski, *Kontaktet e të folmeve maqedonase me të folmet shqipe,* GJA, 19-1989, Prishtinë, 1990, 55-62; I. Ajeti, *Studime leksikore shqiptare-sllave,* GJA, nr. 2, Prishtinë, 1968; *Studije iz istorije albanskog jezika,* Priština, 1982; *Studime gjuhësore në fushë të shqipes,* III, Prishtinë, 1985; I. Popoviç, *Disa fjalë mbi marrëdhëniet reciproke linguistike sllavo-shqiptare,* Jeta e re, nr. 4, Prishtinë, 1953, 272; R. Ismajli, *Disa fjalë shqipe në maqedonishte,* GJA, I-1971, Prishtinë, 1972, 159-165; А. Поповски, *Дистрибуција на некои балканизми од сточарската лексика на македонската јазична територија,* Лзб, 2, Скопје, 1979, 21-28; К. Пеев, *Земјоделската терминологија во македонските дијалекти,* МЈ XXVII, Скопје, 1976, 121-143; МЈ

ексцерпцијата и обработката на лексичкиот материјал за албанските говори во Македонија, се наложи идејата за посебна анализа на албанизмите во македонскиот дијалектен јазик. Овде ги претставуваме нашите досегашни резултати и сознанија. Елементите на албанскиот јазик во македонскиот дијалектен јазик како резултат на долготрајнини и интензивни контакти, го опфатиле скоро целиот јазичен систем, тргнувајќи од фонетски, морфолошки, синтагматски, лексички, па сè до синтаксички, фразеолошки и ономастички план. Во разговорниот јазик употребата на дијалектната лексика т. е. на албанизмите е присутна и во битовата проза, народното творештво, во разни поговорки и пословици и сл. Од јужнословенските јазици, македонскиот најмногу позајмувал од албанскиот јазик.

4. Контактите на македонското со албанското население, следствено со албанските говори, во пограничните области биле и сè уште се интензивни. Интерференцијата на словенскиот елемент со албанското население се одвивала во повеќе сфери од материјалниот, културниот и битовиот живот и, се разбира, на јазичен план. Меѓутоа, влијанието на несловенските балкански јазици, меѓу кои и на албанскиот, што доведува и до поголеми структурни промени на словенските говори и ја ориентира нивната еволуција, претставува поважен фактор во историјата на македонските и албанските говори, отколку денес.

5. Како резултат на долгите врски со албанското население во минатото, а и денес, во западните и југозападните македонски говори, што се во непосреден контакт со албанските, се среќаваат и неколку лексички заемки. Од покарактеристичните семантички области, најсилното влијание на албанскиот се

XXVIII, 1977, 65-93; S. Hoxha, *Elemente të shqipes në gjuhët sllave ballkanike,* BSHUT, nr. 1, Shkodër, 1979; *Elemente leksikore të shqipes në të folme të maqedonishtes*, BSHUT, nr. 1, Shkodër, 1984; *Ndikimi i shqipes mbi gjuhët fqinje,* Gjuha jonë, nr. 4, Tiranë, 1986; W. Cimohowski, *Marrëdhëniet gjuhësore shqiptaro-sllave,* Gjuha shqipe, nr. 1, Prishtinë, 1988; R. Nesimi, *Disa elemente shqipe në të folmet e maqedonishtes perëndimore,* Gjuha Shqipe, 2, Prishtinë, 1986; *Disa elemente shqipe në veprat e zgjedhura të K. Shapkarevit,* Jehona, 6, Shkup, 1989; Q. Murati, *Elementet e shqipes në gjuhët sllave jugore,* Prishtinë, 1990; Б. Видоески, *Термини за блатни терени во македонскиот дијалектен јазик,* ГЗФФ, кн. 6, Скопје, 1980; *Меѓујазичниот контакт (на дијалектно памниште) како фактор за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик,* Реферати на македонските слависти за XI Меѓународен славистички конгрес во Братислава, МАНУ, посебен отпечаток, Скопје, 1993.

забележува во фамилијарната и во родбинската терминологија, потоа во зборовите што именуваат делови на човечкото тело, облеката и украсите, од растителниот и животинскиот свет, од областа на сточарската номенклатура и др. Исто така, не изостанува скромното влијание во областа на конкретната и апстрактната лексика, како, на пример, земјоделската терминологија, атмосферските и географските називи, болестите и митолошките појави и сл.

Со оглед на тоа што во периферните дијалекти, особено во населбите со мешано македонско-албанско население што се наоѓаат на самото пограничје секогаш се одвивале интензивни меѓујазични и меѓулексички контакти, и во западните и југозападните македонски говори се среќаваат извесни траги од албански влијанија. Во словенскиот јазичен идиом, поради недостиг на називи за многу појави од животот на современиот човек, говорителите се принудени да ги преземаат соодветните несловенски зборови, со помала или поголема адаптација и интеграција кон системот на јазикот од кој позајмуваат.

6. Лексичките елементи на албанскиот јазик во македонскиот дијалектен јазик, главно, навлегле по директен пат од двата основни дијалекта на албанскиот јазик:

- од *средноѓегиските (централноѓегиските) ѓовори на ѓегискиот дијалект* и,

- од *североисточните тоскиски ѓовори на тоскискиот дијалект.*

Еден мал број албанизми, пак, во македонските говори навлегле по индиректен пат, со посредство на другите балкански несловенски јазици (ароманскиот, грчкиот, турскиот). Така преку *ароманскиот,* на пример, се инфилтрирале лексичките дијалектизми: макед. *суѓаре* алб. *суѓаре* 'младо јаре или јагне коешто уште цица' (< аром. *суѓар* од глаголот *суѓ* 'цица' < лат. *sugere*), макед. *стра(н)ѓа* алб. *strungë, shtrungë* 'заградено место во трлото низ кое се пропуштаат овците при молзење' (< аром. *strunga*), макед. *крл'ук, крлик,* алб. *kërlyk, kërluk* 'овчарски стап со кој се фаќаат овците за нозе' (< аром. *cărlig*), макед. *фурка* алб. *furkë, furkaçe* 1 'долг стап за потпирање на гранките од јаболко и сл'., 2 'дел од приборот за предење, преслица' (< аром. *furcă*), макед. *мамалиѓа, мамул'иѓа* алб. *mimilike, mëmëlike* 'качамак' (<

аром. *mumulic, mămulig*), макед. *веленце* алб. *velenxë, velenzë* 'волнен покривач, ќебе' (< аром. *velincă, valincă*) и др.;

Заемки од *турскиот* јазик, сп.: макед. *ѓум,* алб. *gjigim, xhigim* 'бакарен сад за вода и сл.' (< тур. *güğüm*), макед. *бардак,* алб. *bardak* 'глинен или бакарен сад за вода, млеко, и сл.' (< тур. *bardak*), макед. *бофча, (бофчалак-ци),* алб. *bofçë, bohçë, (bofçallekë)* 'парче марама во која се врзуваат подароци' (< тур. *bohça*), макед. *бул'ук,* алб. *bylyk* 'стадо од овци, говеда и сл.' (< тур. *bölük*), макед. *белезица,беленѕиѓа,* алб. *byzylyke, bylyzyke, bilizik* 'вид женски накит, нараквица' (< тур. *bilezik*), макед. *баташал,* алб. *batall* 'мочурливо, водоврично место, непогодно за обработување' (< тур. *battal*), макед. *авур* алб. *aur, ahër* 'место, просторија во дворот каде што се чува добитокот' (< тур. *ahır*) и др.;

Заемки од *грчкиот* јазик, сп.: макед. *скепар,* алб. *sqepar* 'столарски алат за сечење дрва, даски и сл; теслица' (< грч. σκεπάρι), макед. *јагурида, агурида,* алб. *agurith, aguridhe* 'вид недозреано грозје' (< грч. άγουρίδα), макед. *босил'ек, босил'ок,* алб. *bosilek, borsilek, borzilok(g)* 'вид градинарско растение, цвеќе' (< грч. βοσιλικον), макед. *стомна,* алб. *stomdë, shtom, shtâm(bë)* 'вид глинен или керамиден сад за вода' (< грч. σταμνς, нгрч. σταμνα), макед. *керамида* алб. *qeramidhe, çirimide* 'печена глина за покривање кровот на куќата' (< грч. κεραμιδος) и др. Извесен број грчки заемки во македонските и албанските говори не се навлезени по директен пат, туку со посредство на турскиот јазик, сп.: макед. *ѓирамида, керамида, ќерамида, самар, фурна, вурна,* (алб. *qeramidhe, qeremide, gjeremide, samar, furë) и др.*

7. Од горенаведените примери се забележува дека лексиката на балканските јазици во голема мера е специфична, меѓутоа овие јазици не помалку се сврзани и со заеднички лексички црти. Многу зборови и зборообразовни елементи се среќаваат во сите или повеќето балкански јазици. Извесен број од нив се наследени од стариот балкански јазичен сојуз. Така, процесот на создавање на лексичките балканизми е исто така комплициран како и создавањето на заедничките граматички модели. Таа комлицираност може јасно да се согледа кога ќе се обиде човек да го открие *јазичното потекло* на лексемите, времето *кога се настанати тие,* територијата *каде се раширени,* начинот *како проникнувале* од еден јазик во друг и при тоа *какви*

се формални и семантички промени трпеле во нивниот повеќевековен развој[5].

Еден посебен слој албанизми, секако, претставуваат и одделни стари лексички елементи позајмени од јужнословенските јазици, што со посредство на албанските говори, по ретроградеи пат, навлегле и во другите балкански јазици: ароманскиот, грчкиот и турскиот јазик, сп.: макед. *ле(н)дина,* алб. *lëndinë, lëdinë* 'необработено земјиште со зелена трева (стсл. *л дина*), макед. *ливада* алб. *livadh, luadh,* 'равно земјиште обраснато со трева' (слов. *ливада*) макед. *чупа* алб. *çirë* 'мома, девојка' (слов. *чупа*), макед. *врсник* алб. *vërsnik* 'двајца исти по возраст' (слов. *врсник*) и др. Овој лексички фонд најдобро сведочи за староста, распространетоста, пенетрацијата, дистрибуцијата и за активната употребата на заемките во разговорниот јазик на македонското и албанското население, како и во лексиката на македонскиот и албанскиот дијалектен јазик.

8. Албанизмите во македонскиот дијалектен јазик би можеле да се поделат во два слоја. Првиот слој го сочинуваат зборови што се среќаваат и во другите, (не)словенски балкански јазици коишто датираат од најдалечни времиња, поточно кога е остварен првиот контакт со балканскиот латинитет[6], чии зборови имаат голема географска распространетост[7]. Вториот слој албанизми е од понов период и имаат ограничена дистрибуција и распространетост[8].

Основниот лексички фонд на македонските говори е од словенско потекло. Меѓутоа, во одделни западни и југозападни македонски говори регистриравме лексички елементи позајмени од албанскиот јазик. Примерите што ги приведуваме како илустративен материјал треба само да послужат како потврда на

---

[5]П. Хр. Илиевски, *Неколку лексички балканизми*...47.

[6] Б. Настев, *Ароманси студии,* Скопје, 1988, стр. 67; Sh. Demiraj, *Gjuhësi ballkanike,* Shkup, 1994, 195, 197; Шабан Демирај, *Балканска лингвистика,* 208-209.

[7] О. Ј. Настева, *Прилог кон проучувањето на лексичките балканизми во македонскиот јазик,* МЈ, год. XXV, Скопје, 1974, 220; E. Çabej, *Studime gjuhësore,* III, Prishtinë, 1976, 73-78; Q. Murati, *Huazimet shqipe në maqedonishten,* Jehona, nr. 8-9, Shkup, 1986, 56-91.

[8] R. Ismajli, *Disa fjalë shqipe në maqedonishte,* Gjurmime albanologjike, I-(1971), Prishtinë, 1972, 143.

нашите согледувања, констатации и заклучоци, што се изведуваат врз основа на една обемна и детална анализа од нашите теренски истражувања. Тоа се, најчесто, лексички елементи за именување различни предмети во домаќинството, називи поврзани со животинскиот и растителниот свет, кулинарски термини, називи на облеката, покуќнината, дворот, називи од областа на земјоделството и сточарството и др.

9. Хронолошки, албанизмите во македонскиот дијалектен јазик припаѓаат на различни временски периоди и, како такви, сочувале стари архаични форми што исчезнале во албанските говори. Така на пример, сочувани се архаичните консонантски групи *kl, gl (кл, гл)* во лексемите од типот: *клечавица, клекав, клечка, глембав,* и др. Како резултат на оваа хронологизација во одделни случаи, се појавува и повторното заемање на истиот збор со постара и понова форма, сп.: макед. дијал. *пора* и *фара, шкумба* и *чкумба, спастри* и *испастри, преш* и *праз / прас* и др. (сп.: алб. *farë, shkumbë, i pastër, pastroj, pastrim, spastroj, presh / praz*). Нема потреба посебно да истакнуваме дека извесен број на посочените примери влегле и во македонскиот јазик со истото значење што го имаат во албанскиот јазик, што се потврдува со нивната лексикографска обработка во изготвувањето на *Речникот на македонскиот јазик* и *Речникот на македонската народна поезија I (1983); II (1986); III (1993).* Па оттука статусот на албанизмите во македонскиот јазик би можел да се подели во две групи:

а) албански заемки што се прифатени и во литературниот и во разговорниот јазик (*бир 'син', беса 'даден збор', чупа 'мома, девојка', цита 'тенка кожинка од овошје и сл', рофја / ровја секавица, молња', штирто 'кибрит', шкумба 'пена од река, ракија и сл', скепар 'тесла', стрига 1'вештица, гатачка; 2 'лоша жена', мисер / мисерник / мисериште 'пченка; пченкарен леб; храна за добиток; пус 'бунар', стр'га / страга / стр'нга 'теснец кај што минуваат овците за молзење'* сп.: алб. *bir, besë, çirë, rufe, shkumbë, sqepar, shtrigë, misër / misërnike / misërishtë, pus, strungë / shtrungë*);

б) албански заемки за стилистичко нијансирање во современиот македонски јазик, и тоа: *историски / епски / архаични; локални обоени / дијалектни; ироничні пејоративни / со низок стил, неологизми* и сл. *(вул'а 'флека', се вул'оса 'се исфлека',*

маја 'се фаќа маја за погача', спитал'је 'бовлина', сијарик, стис 'sид', талвајне 'шегување', мишовина 'месо', фјали 'зборува', буковина 'леб', ујовина 'вода', безмент манук 'безумен, будала, абдал', ќелќе 'чаша', цикна 'голем студ', џаџе 'стрико, чичко', шука 'топка за играње' и др.[9] сп.: алб. *vulë, majë, spital, sihariq, stis tallje, mish, fjet, bukë, ujë, mendje, qelqe, ciknë, xhaxha, shukë*). Тргнувајќи од овие фонетски карактеристики и критериуми, албанизмите во македонскиот дијалектен јазик можеме да ги поделиме во две основни групи и тоа:

а) постар слој на заемки и

б) понов слој на заемки.

За одбележување е фактот дека албанизмите што навлегле во македонскиот дијалектен јазик се општопознати и во одделни ареали на македонските говори (костурско-корчанскиот, леринскиот и др.). Подолу ќе се обидеме да ги дадеме албанизмите со поголема фреквенција во македонскиот дијалектен јазик.

Од *постариот лексички* слој на албанизмите што ги регистриравме во одделни македонски говори ги изделивме следните лексеми: макед. *арма, арматоса* 'оружје, вооружува', *'бир* дем. *бирче, бире* 'син' (алб. *bir, djalë*), макед. *бија* 'ќерка' (алб. *bijë*), макед. *беса* 'даден збор, верба' (алб. *besë*), макед. *буза* 'усна' (алб. *buzë*), макед. бук 'леб' (алб. *bukë*), макед. *л'уле* 'цвеќе', (алб. *lule*); макед. *кулумбри 1* 'мала грмушка со трње и бели цветови; дива слива', 2 фиг. 'невеста' (алб. *kullumbri / kullumri*); макед. *огич / угич* 'овен предводник' (алб. *ogiç / ugiç*), макед. *галиците* 'чавки" (алб. *galë, galat*); макед. *ут / уто(в)и* 'сова' (алб. *hut*); макед. *нипатка / неперка* 'вид змија' (алб. *nepërkë*); макед. *гропа* 'дупка' (алб. *gropë*); макед. *пл'ага* 'рана' (алб. *plagë*); макед. *л'угат* 'непослушно мало дете' (алб. *lugat*); макед. *даше* 'овен' (алб. dash), макед. *кориз* 'рбет', (алб. *kuris, kurriz*), макед. *гуша* 'грло' (алб. *gushë*), макед. *шпинатка* 'слезина' (алб. *shpënetkë, shpretkë*), макед. *ѓокс* 'горниот дел од градите' (алб. *gjoks*), макед. *коа, кова* 'време, час' (алб. *kohë*), макед. *леунка / леонка* 'жена родилка' (алб. *leonkë, le(h)onë*), макед. *јакуцка* 'овчарска облека' (алб. *jakuce,*

---

[9] О. Јашар-Настева, *Лексиката на македонските тајни јазици од морфолошки и семантичко-стилистички аспект*, ГЗФФ, кн. 4, Скопје, 1978, 54-62;

jakuckë), макед. *мицо / цацо* 'стрико' (алб. *mixhë / xhaxha*), макед. *чибан* 'чир, гнојниче' (алб. *çiban, тур. çiban*), макед. *мочал / мочалина* 'мочурлива месност' (алб. *moçal*), макед. *музга* 'леплива земја; мочуриште' (алб. *muzgë*), макед. *мургo* 'сив вол' (алб. *i murgët, i murrmë, murgo*); макед. *плит / плитари* 'непечена тула' (алб. *plis, plith, plitharë*); макед. *куфија* 'меѓа, граница' (алб. *kufi*); макед. *коа* 'време' (алб. *kohë*)макед. *нуса* 'невеста' (алб. *nuse*), макед. *рофја / ровја* 'гром' (алб. *rrufe*); макед. *тотон* 'грмеж' (алб. *gjëmon, vetëtën*); макед. *гур* 'камен' (алб. *gur*); макед. *кроj* 'река, извор' (алб. *krua / kroi*); макед. *мбурина* 'извор' (алб. *burim*); макед. *уја* 'вода' (алб. *ujë*); макед. *ут(ка)* 'сова, кукувија' (алб. *hut*); макед. *фара, пора* 1 'потекло,семе, род' 2 'поколение, генерација' (алб. *farë*); макед. *фис* 'племе, братство, колено' (алб. *fis*), макед. *фурча / фурца* 'четка' (алб. *fërçë, ferçë*), макед. *фута* 'кецела, скутник' (алб. *futë*), макед. *цап* 'јарец' (алб. *cjap, sqap,cap*), макед. *цикна* 'слана, мраз' (алб. *ciknë*), макед. *ципа* 'тенка кожинка, мембрана' (алб. *cipë*), макед. *обор 1* 'ограда за добиток', *2* 'двориште', (алб. *obor)*, макед. *тел'* 'жица'макед. *бардока* 'бела овца' (алб. *bardhokë),* макед. *цуца* дем. *цуце* 'девојка; млада мома' (алб. *cucë*), макед. *шара 'пила'* (алб. *sharë*); макед. *шкамп, скамп* 'стена, каменливо место' (алб. *shkëmb),* макед. *шилек / шилеже* 'едногодишно мало јагне' (алб. *shilek*), макед. *шкарпа* 'суви кранки од дрвја' (алб. *shkarpë*), макед. *шок* 'пријател, другар' (алб. *shok*), макед. *шпела* 'спила,стрмна стена' (алб. *shpellë* 'пештера'), макед. *шкумба, чкумба* 'пена од ракија' (алб. *shkumbë*), макед. *штирка* 1 'жена што не раѓа', 2 'овца нероткиња', (алб. *shterpë*), макед. *штрига* 'девојче со куси коси' (алб. *shtrigë*), макед. *шута* 'крава или овца без рогови', (алб. *shytë*), макед. *бишка* 'слињата женка' (алб. *bishkë* од основата *bishë* 'звер', лат. *bestia* 'исто') и др.

Поголемиот дел од овој лексички материјал е познат пошироко во западните македонски говори, особено лексемите од сточарската номенклатура, сп.: макед. *даш* 'овен' (алб. *dash*), макед. *тарчук* 'вид овчарска кожнена торба' (алб. *tarçuk, tarxhik, takërxhik / trakaxhik*), макед. *ќече / кече* 'бела волнена капа' (алб. *qeçe, keçe*), макед. *мургo* 'пес со мрки влакна' (алб. *murxho, murgash*), макед. *ира, sира* 'сиратка; sира' (алб. *hirë*), макед. *јакуцка* 'вид волнена овчарска облека; гуна' (алб. *jakucë, jakuckë, jakouce*), макед. *какарда* 'измет од овци, кози' (алб. *kakërdhi*), макед. *кеч* 'терање на кози' (од алб. *kec* 'мало јаре'), макед. *струнга / страга /*

странга 'ограда, отвор на ограда каде што се молзат овците' (алб. *strungë, shtrungë; straungë, shtraungë*) и др.

Лексемите од областа на роднинската, фамилијарната и обичајната терминологија се ограничени во западните и југозападните македонски говори (Гора-Дебарско и Струшко) и се употребуваат со понагласено стилистичко-пејоративно значење. Во таа група, исто така, спаѓаат и зборовите, сп.: макед. дем. *нипче* од алб. *nip, nipçe* 'внук' , макед. дијал. *нусе* (алб. *nuse* ´невеста´), макед. дијал. *нона* (алб. *nënë* 'мајка'), макед. дијал. *влама* (алб. *vëlla, vëllamë, vëllamia* 'брат, братим, побратим'), макед. дијал. *л'але* (алб. *lala, lalë* 1 'постар брат или вујко' 2 'мајка, сестра'), макед. дијал. *чапа* (алб. çar ´чекор') и др., додека лексемите: макед. *буза, чупа, бир* (алб. *buzë, çirë, bir*) зафаќаат поголема дистрибуција и ареал и главно се распространети во западните и југозападните македонски говори во правецот Преспанско- Битолско - Охридско - Струшко - Кичевско.

Приведениве лексеми се среќаваат особено во населбите со мешано македонско-албанско население, што се наоѓаат на самото пограничје и / или во рамките на албанската територија. Бројот на албанизмите, секако, е поголем од нашиов список, посебно во преспанските македонски села во Албанија и во Корчанско. Изоглосите на приведениве лексеми имаат правец север-југ, со помали или поголеми скршнувања во правец кон централните области на Македонија[10].

10. Покрај овие лексички елементи од албанскиот јазик што го сочинуваат најстариот слој заемки од балканскиот латински јазик, во македонскиот дијасистем се издвојуваат и зборови што навлегле релативно подоцна и што можеле да дојдат само по пат на директните контакти на македонското со албанското население. Албанизмите во македонскиот јазик се малубројни. Нивниот број далеку заостанува зад оној на словенските лексички елементи во албанскиот. Меѓутоа, тргнувајќи од дијалектолошкиот материјал собран во последно време, по наше мислење, нивниот број е значително поголем

---

[10] Б. Видоески, *Меѓујазичниот контакт (на дијалектно рамниште) како фактор за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик*, Реферати на македонските слависти за XI Меѓународен славистички конгрес во Братислава - МАНУ, Посебен отпечаток, Скопје. 1993, 50.

особено во западните и југозападните македонски говори, а со тоа и нивниот список е поширок.

Албанските заемки во македонскиот дијалектен јазик во основа се добро сочувани и се затврдиле во разговорниот јазик на македонското население. Во селата што се наоѓаат во југозападните периферни говори каде што е населението поизмешано бројот на албанските заемки е уште поголем. За илустрација ќе приведам уште неколку такви заемки во селата Асамати и Арвати (Преспанско), сп.: макед. дијал. *чупа, чупале,чупе, чупче, чупенце, чупка, чупиште* (алб. *çirë*); макед. дијал. *тел', тел'овина* (алб. *tel*); макед. дијал. *мисерка, мисериште* (алб. *misër*); макед. дијал. *буза, бузле, бузло, бузинест* (алб. *buzë*); макед. дијал. *шута, шутарка* (алб. *shytë*),макед. дијал. *кар'велка* 'леб' (алб. *karavele),* макед. дијал. *пешник 'еден фурнациски леп'* (алб. *peshnik),* макед. дијал. *фурца* ´четка' (алб. *ferçë)* и др.

Во еден дел од овој лексички материјал можеме да ги изделиме *тоскизмите,* т. е. оние лексички елементи што преминале од тоскиските говори во југозападните македонските говори, сп.: макед. *чупа,чапа, нунко, л'орка, пус, бир, нусе пл'ачки, плитар, стрега / строга, / струнга, фис, угич / огич, качор, бал'ик, бариште* (алб. *çirë, çarë, nun, lurkë, pus, bir, nuse, plaçka, plithar, stungë / shtrungë, fis, ugiç / ogiç, kaçor, balik, barishtë*) и др.

Давајќи еден скромен прилог врз албанските лексички елементи во македонскиот јазик, на мислење сме дека во иднина овој проблем ќе биде посистематски и потемелно истражуван. Токму затоа, македонската јазична територија, ни се чини, е особено интересна за овој вид проучувања. Исто така, тоа покажува, дека македонскиот најмногу еволуирал од јужнословенските јазици во повеќејазична средина во соседтство со другите балкански јазици, а особено во тесен контакт со албанскиот.

Адаптација на албанизмите во македонскиот дијалектен јазик

Освен адаптацијата на македонизмите во албанскиот дијалектен јазик**, се забележува и обратниот процес - адаптација на албанизмите во македонскиот дијалектен јазик, и тоа на фонетско-фонолошки, морфолошки и на семантички план. Позајмувањето туѓи зборови секогаш со себе ги носи и фонетските, морфолошките и семантичките промени, адаптација и совпаѓања. Вакви промени, како што ќе видиме подолу, претрпеле и неколку албанизми во западните и југозападните македонските говори, и тоа на сите јазични рамништа.

Поради недостиг на називи во словенскиот јазичен идиом за многу појави и поими од секојдневниот животот, говорителите некогаш се принудени во својот речник да преземаат или употребуваат соодветни албански зборови, вршејќи овде онде помала или поголема фонолошка и морфолошка адаптација соодветно на лингвистичките закономерности на албанскиот јазик. Графиската форма со која таквите албанизми се прифатени во македонскиот дијалектен јазик ја асоцира и нивната фонолошка компонента, така што може да се зборува дека графиската форма е многу близу до фонетскиот изговор на односната лексема. Се разбира дека во графиската презентација на албанизмите нема утврдена доследност ами една иста лексема се среќава во повеќе варијанти. Така на пример покрај *пора* се среќава *фара* и др.

На фонетско-фонолошко рамниште од инвентарот на македонските и албанските фонеми, можеме да ги подвлечеме следните промени:

а > о[11] *:* сп.: алб. *farash,* макед. *фарош;* алб. *трандафил,* макед. *трондафил';*

** А. Пољоска, *Македонизмите во албанскиот дијалектен јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот Факултет - Скопје, I, кн. 23, Скопје, 1996, 163-174.

[11] Idriz Ajeti, *Studije iz istorije albanskog jezika,* Priština, 1982, 138: "Во јужнословенските јазици промената на вокалот *а > о* (сп.: алб. *farë,* макед. *пора*) укажува на едно постаро влијание, бидејќи е извршена под влијание на акцентот. За староста (архаичноста) на заемката потврдува и промената на

о > у : сп.: алб. *rroga,* макед. *руѓа* 'плата за подолго време', алб. *ogiç,* макед. *уѓич* 'овен предводник';

и > о : сп.: алб. *shurrë,* макед. *шора* 'мочка, урина';

е > и : сп.: алб. *shpellë,* макед. *сйил'а, шйила* 'висока стрмна карпа';

у > у : сп.: алб. *shytë,* макед. *шуйа* 'овца или коза без рогови';

dh > д : сп.: алб. *bardhoke,* макед. *бардза* 'коза или овца со темна боја';

rr > р : сп.: алб. *rropallkë,* макед. *ропал'ка* 1 'дел од воденицата', 2 'дрвена лопатка што служи за чукање на алиштата при перење';

th > ѝ : сп.: алб. *plithar,* макед. *йл'иштари* 'непечена тула';

l > л' [12] *:* сп.: алб. *lule,* макед. *л'уле* 'цвет'; алб. *tel,* макед. *йел'* 'жица'; алб. *balo, balik,* макед. *бал'о, бал'ик* 'шарен вол или куче', алб. *pulë,* макед. *йул'че* 'јаричка', алб. *djalë / gjal,* маке. *ѓал'* 'дечко' и др.;

t > шч : сп.: алб. *bisht,* макед. *бишч* 'дел од вретенот';

f > ѝ : сп.: алб. *farë,* макед. *йора* 'род, поколение, генерација';

консонантот *ф* во *ѝ;* вокалската супституција *а = о; ѓ = к* и др." (Види: Божидар Видоески, *Поречкиоѝ ѓовор*, 1950).

[12] R. Ismajli, *Disa fjalë shqipe në maqedonishte,* GJA, I - 1971, Prishtinë, 1972, 164: "Адаптацијата на албанската фонема [l], во македонскиот е добиена на три начини, и тоа како [l'] блиска на албанската, како [lj] словенско, и како [l]: *l'ule, pul'če, fel'ka; pljaga, pljum, ljunga; plak, lesa, spela, stela, lugat"* (R. Ismaili, Disa fjalë... 164). "Во македонските говори се забележува чување на вокалната фонема *ѝ* и полувокалот *ı* (*ă*) во турцизмите, потоа опозицијата на тврдо и меко *i – l: l'* и чување на консонантските фонеми *th/ν* и *dh/δ* во албанските, односно во грчките заемки. Тие се среќаваат дури и во изговорот на некои турцизми (сп.: *ѓербано*), како и во некои зборови од домашно потекло (сп.: *ѝврдо, мѣладо*). На албанско посредство можат да укажат и примери како: *календрици 'коледари'* алб. *kolendra, kapistalo,* алб. *kapistall* < грч. καπιστρι < лат. *capistrum, engel* алб. *ëngjëll* < грч. ἄγγελος (цит. според Оливера Јашар-Настева, *Поѓлед врз ѝуѓаѝа лексика... 152*).

sh > *ч, с* сп*: shkumbë,* макед. *шкумба, чкумба* 1 'пена од сапун; сапуница', 2 'пена од ракија'*;* алб. *shpatë,* макед. *чпата* 'вид сабја, мач'; алб. *shpellë,* макед. *шпела / спил'а* 'висока стрмна карпа'.

mb > *м, мб:* сп.: алб. *shkumbë,* макед. *шкума, шкумба, чкумба* 'пена од река, ракија, сапун'; алб. *mburim,* макед. *мбурина* 'извор' и сл.';

sht > *шч: сп.:* алб. *basht,* макед. *башч* 'вретено'; алб. *bisht* , макед. *бишч* и др.

Наведените примери покажуваат по кои се патишта допираат различните заемки од албанскиот јазик преку разговорниот јазик на македонското население од пограничните области. Сите овие зборови си обезбедиле статус на лексички заемки не само во македонскиот јазик ами и во другите балкански јазици (српскиот, бугарскиот, ароманскиот, грчкиот, турскиот и др.)

Освен некои фонетско-фонолошки промени, албанските заемки во македонскиот дијалектен јазик претрпеле извесни промени и во морфолошкиот систем, како и во други области на јазикот. Во врска со ова, поголемиот број на албанизми во македонскиот дијалектен јазик го сочувале родот и редовно се употребуваат во членувана форма, сп.: макед. *беса* (алб. *besë*), макед. *буза* (алб. *buzë*), макед. *шкумба* (алб. *shkumbë*), макед. *влама* (алб. *vëllamë*), макед. *чупа, чупе* (алб. *çupë*) и др.

Во областа на зборообразувањето, исто така, треба да се истакне дека процесот на адаптацијата на албанизмите во македонскиот дијалектен јазик е присутен. Така, од албанска основа во македонскиот дијалектен јазик се создадени и образувани и други зборови со ново значење по пат на деривација и тоа најчесто со суфиксите: *-че (-çe)* и *-иште (-ishtë / -ishte)*, сп.: макед. дијал. *нипче* 'внук' (алб. *nip*), дем. *чупче, чупенце, чупиште, чупинство* (алб. *çupë*), *макед. шилече / шилеже* 'едногодишно јагне', (алб. *shileçe / shileçkë),* макед. *бариште* 'трева' (алб. *bar*), макед. *мисериште, мисерките, мисерјето* 'шума од пченка' (алб. *misër* дијал. *misërishtë, misërnike*), макед. *штиркавица* 'овца штиркавица' (алб. *shtirë, shterpë*) и др.

Од друга страна, е присутна и семантичката адаптација на албанизмите во македонскиот дијалектен јазик. Со неа се проширува или се стеснува значењето на зборот, за разлика од изворниот јазик. Меѓутоа, во основа тие го сочувале основното значење на зборот, со мали исклучоци. Такви примери со семантичка промена на зборот се многу ретки. За илустрација ќе наведеме неколку примери, сп.: макед. *каѓроли* 'рогови', (алб. *kaproll, sorkadhe* 'срна'), макед. *каѓун, каѓунка* 'чергар,чергара' (алб. *katund* 'село, живеалиште"), макед. *ваѓра* 'огин, пламен' (алб. *vatër, votër* 1 'родна куќа, дом; огниште' и 2 'фамилија'), макед. *ѓус 1 'бунар' 2* 'црно' (алб. *pus-i* 'бунар') и др.

На овој план може да се заклучи дека албанизмите во македонскиот дијалектен јазик го сочувале примарното значење, па оттука и неколкуте примери се минимални и сосема незабележителни. Ова, секако, може да се објасни со фактот дека поголемиот дел од нив се навлезени по директен пат.

Влијанието на албанскиот јазик не се ограничува само во речникот на македонскиот дијасистем, туку се простира и на фонетско и морфосинтаксичко рамниште[12] Кон ова треба да се додадат и следните особености:

- образувањето на палаталното, т. е. на веларното *l* (*л*);

- застапеноста (чувањето) на темниот полувокал *ë (ă)*[13], како рефлекс на носовката (*ѫ*) од задниот ред;

- застапеноста (чувањето) на африкатот *x* (*s*) како подрамнување во балкански контекст, а која изостанува во одделни јужнословенски јазици;

---

[12] O. Jashar - Nasteva, B. Koneski, B. Vidoeski, *Kontaktet e të folmeve maqedonase me të folmet shqipe,* GJA, 19-1989, Prishtinë, 1990, 56-58; Б. Видоески, *Меѓујазичниот контакт (на дијалектно рамниште) како фактор за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик,* Реферати на македонските слависти за XI меѓународен славистички конгрес во Братислава, МАНУ -посебен отпечаток, Скопје, 1993, 40-47.

[13] "Фонемата / ă / претставува постара фаза од развојот на *ѫ*. За нејзиното конзервирање во споменатите македонските говори на македонско-албанското пограничје можеле да придонесат албанските и ароманските дијалекти". (Цит. Б. Видоески, *Меѓујазичниот контакт...* 41).

- редукцијата на опозиционите (консонантните) парови *палатални - африкати*, т. е. на фонемите *q* (*ќ*), *gj* (*ѓ*) или *ç (ч), xh (џ);*

- редукцијата на неакцентираните вокали;

- процесот на губење на фонемата *h* (*x*) во сите позиции, особено во почетокот на зборот е широко распространета фонетска појава. Таа ги зафатила повеќето од македонските, албанските и турските говори во Македонија[14]. Исто така, промената на *x (x)* во *ф (ф)* во некои говори, во одделни позиции и случаи, сп. алб. дијал. *njof, shof, kref, ftof* (*njoh, shoh, kreh, ftoh ('познавам', 'гледам', 'се чешлам', 'ладам');*

- вметнувањето на *б (б)* во сонантските секвенци */ м + р, л /* и на */ м /* во консонантските групи */ бр /, бл* сп.: алб. дијал. *mbrezhdë / mrezhdë,* (макед. дијал. мбрежди / мрежда), алб. дијал. *fambrikë,* макед. дијал. *фамбрика;* макед. дијал. *мбурина* 'извор', алб. дијал. *mburim,* алб. дијал. *mbletë* 'пчела' и др.(Преспанско);

- смекнувањето на самогласките: *k, g* (*к, г*) пред самогласките од преден ред е честа фонетска појава во албанскиот јазик, на пример, сп.: алб. дијал. *brek, plluk, shtek* (bregu, pllugu, shtegu / *bregi, pllugi, shtegi*), макед. *брег, плуг, премин / патека (отвор).*

На морфо-синтаксичко рамниште влијанието на албанскиот јазик врз македонскиот дијалектен јазик најмногу се забележува во следното:

- удвојување на директниот објект, образуван со помош на кратките заменски форми. Тоа се искажува со неакцентираната форма на личните заменки на двете први лица во акузатив: алб.

---

[14] За губењето на х, поопширно види, Б. Конески, *Историска фонологија на македонскиот јазик,* Скопје, 1977, 93: "Губењето на х е широко распространета појава и во српскохрватскиот јазик. Во извесна мера се забележува и во некои бугарски говори...Во албанскиот имаме развој што многу се допира до состојбата во западното македонско наречје. Така, иако не доследно, х се заменило со ф (f) на крајот на зборот и пред согласка, сп.: *shof* < *shoh, 'гледам', i leftë* < *i lehtë 'лесен'.*Особено во говорите на Тоските и Јужните Геги х (h) се губи во почетокот на зборот, меѓу вокали и на крајот од зборот". (Б. Конески, *Историска фонологија...* 93).

më, të, na, ju (макед. *ме, ѿе, не, ве,*) сп.: алб. *Më merr edhe mua,* (дијал. *mermë*), макед. *Земи ме и мене,* (дијал. *Земајме и мене*) ;

- заменување на синтетизмот со аналитизам (што обусловило и губење на деклинацијата);

- развојот на постпозитивниот член;

- формирање на неколку глаголски времиња, карактеристични за југозападните македонски говори со помош на модалниот глагол можам, треба, (сп.: алб. *duhet, mundet,* макед. дијал. *ѿребиѿ, можиѿ);*

- распространетоста на аналитичкиот перфект (па и плускфамперфект), формиран со помошниот глагол *кам "има"* и пасивниот партицип на основниот глагол, сп.: алб. *kam (kisha) punuar,* макед. дијал. *имам (имав) рабоѿено,* ром. *am lâudat,* грч. εκη– (εικηα) демено ;

- зачестената употреба на формите со помошниот глагол *има / нема + ѓлаѓолска ѿридавка*, кои наполно се граматикализирале, како и модалните облици од балкански тип, меѓу кои и начинските облици со глаголот сака како помошен (*сака да јаде / сакаше да јаде, алб. do të hajë / deshte të hajë*);

- функцијата на перфектот, како и зачестената употребата на глаголската именка.

Покрај ова, влијанието на албанскиот јазик се забележува и во областа на синтаксата. Особено појавата на членот и во структурата на реченицата (конструкцијата и моделите на зборовите и синтагмите или редот на зборовите во реченицата, кога во определени случаи атрибутот скоро редовно стои по именката), сп.: макед. дијал. 'кошула *ленена*', 'пченица *варена*', 'пиле *ѿечено*', 'змија *луѿица*', 'змија *камењарка*', 'земја *Арбанашка*' и др. Таа појава е карактеристична и за одделни албански говори. Се разбира, остануваат неспомнати уште цел ред други особености што ја карактеризираат структурата на јазиците од балканскиот јазичен сојуз.

Од прегледот на *фонеѿскаѿа, морфолошкаѿа* и *семанѿичкаѿа адаѿѿација* на туѓиот лексички материјал би можеле да заклучиме дека се минимални разликите меѓу *моделиѿе* и *реѿликиѿе*. За ова, секако, придонесуваат повеќе

фактори. Освен релативно малите разлики меѓу гласовните состави на балканските јазици, од посебно значење бил и фактот што контактите биле многу интензивни и продолжителни, и што е посебно значајно, тие се одвивале на ниво на колоквијалните јазици. Тие се реализирале акустички, а не по писмен пат, при што, евентуално, би можела да повлијае и графијата. Акустичното имитирање на туѓиот изговор, што било овозможено со секојдневните директни контакти на големиот број билингвални и плурилингвални субјекти, како и стремежот да се идентификуваат туѓите фонеми и да се супституираат со домашни, фонетски најблиски иновации, придонесувло за релативно лесната и брза адаптација и интеграција на туѓите лексички елементи во фонолошкиот систем на македонскиотј дијалектен јазик.

Овде немавме намера да дадеме исцрпен преглед на значењата на сите албанизми што станале составен дел на лексичкиот фонд на македонскиот дијалектен јазик, туку, пред се, да укажеме на семантичкиот и фонетско- фонолошкиот аспект при лингвистичките позајмувања што ќе послужи како насока при определување и класификација на албанските лексички заемки во структурата на дијалектната лексика на македонскиот јазик.

Користена литература:

1. *Речник на македонскиот јазик*, Скопје, 1986.
2. *Речник на македонската народна поезија*, I (1983), II (1986), III (1993), Скопје.
3. *Fjalor i gjuhës së sotme shqipe,* I, II, Prishtinë, 1980.
4. Хр. Андонов-Полјански, *Прилог кон македонско-албанските врски во минатото*, ГЗФ(илоз.)Ф, кн. 7 (33), Скопје, 1981.
5. Petar Skok, *Etimologiski rječnik srpskoga ili hrvatskoga jezika, I-IV*, Zagreb, 1971-74.
6. M. Šufflay, *Srbi i arbanasi,* Beograd, 1925.

7. Б. Конески, *Историја на македонскиот јазик,* Скопје, 1965; *Историска фонологија на македонскиот јазик,* Скопје, 1977.

8. E. Çabej, *Studime gjuhësore,* I -VIII, Prishtinë, 1976; *Studime etimologjike në fushë të shqipes,* I (A-B), Tiranë, 1986.

9. Sh. Demiraj, *Gjuhësi ballkanike,* Shkup, 1994; *Балканска лингвистика,* Скопје, 1994; *Fonologjia historike e gjuhës shqipe,* Tiranë, 1996.

10. Ш. Плана, *Бузми кај Албанците и Бадникот кај Јужните Словени,* Македонски фолклор, VIII/15, Скопје, 1975.

11. Марија Коробар - Белчева, *Лексемата **стрига** во онимијата кај словенските јазици,* XX Научна дискусија на XXVI Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 30. VII - 13. VIII. 1993. Скопје, 1994.

12. *Општекарпатски дијалектолошки атлас* - ОКДА (Општокарпатски дијалектен јазик), Скопје, 1987.

13. *Pyetësori - Atlasi dialektologjik i gjuhës shqipe* -ADGJSH, Tiranë, 1993.

14. *Тематски дијалектолошки прашалник.* Ракопис и материјали за прашалникот за Македонскиот дијалектен атлас. Ракопис - изработен од академик Б. Видоески.

15. *Прашалник за собирање на македонскиот дијалектен материјал.* Скопје, 1972.

17. Spiro Floqi, *Pyetësor për mbledhjen e materialit dialektor të gjuhës shqipe*, Tiranë, 1972.

Агим Польоска

АЛБАНИЗМЫ В МАКЕДОНСКОМ ДИАЛЕКТНОМ ЯЗЫКЕ

Резюме

Контакты македонского с албанским населением, а именно с албанскими говорами в западной и югозападной Македонии (в пограничных зонах) все еще особенно интенсивны. Интерференция славянских элементов с албанским населением развивалась в нескольких сферах - материальной, культурной и в быту, и, конечно, в языковом плане. Из южнославянских языков, больше всего заимствований из албанского языка имеет македонский язык. Долгое время, работая над лексическим материалом албанских говоров в Македонии, появилась идея о проведении особого анализа присутствия албанизмов в македонской диасистеме.

Элементы албанского языка в македонском диалектном языке появились в результате длительных интенсивных контактов, и распространились почти на всю языковую систему, начиная от фонетическо-фонологического, морфологического, синтагмати-ческого, лексического, все до синтаксического, фразеологического и ономастического плана данного исследования.

Указывая на более характерные семантические области, можно отметить, что особенно сильное влияние албанского замечается в семейной и родственной терминологии, затем в словах, обозначающих части человеческого тела, одежду, украшения, растительный и животный мир, в словах из области животноводства и кулинарии, номенклатуры и т.д. Не малое влияние оказано и на конкректную, абстрактную лексику, земледельческую терминологию, атмосферные и географические названия, названия болезней, мифологические явления и т.д.

УДК 808.66 - 22

Симон САЗДОВ

ОД ПРОБЛЕМАТИКАТА НА ФЕМИНАТИВИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК

Разликата по пол е фундаментален факт на човековиот живот и не изненадува фактот што таа е одразена во јазикот. Имено, на јазичен план таа биолошка бинарна опозиција нашла свој одраз во опозицијата по род, која опфаќа, меѓу другото, значителен број, главно истокоренски, именки, противставени според разликата во значењето: именки од машки род што означуваат суштества од машки пол, од една страна, и именки од женски род што означуваат суштества од женски пол, од друга страна. Оние именки од женски род што, ексклузивно или со едно од своите значења, означуваат лица од женски, но не и од машки пол ги нарекуваме **феминативи**. Во ова множество влегуваат сите именки од женски род што означуваат лица од женски пол, без разлика дали во јазикот имаат значенски корелатив од машки род - и дали е тој истокоренски или не (*сопруг* : *сопруга, правник* : *правничка,* но *маж* : *жена, брат* : *сестра* итн.) - или пак воопшто немаат таков корелатив, од биолошки, традициски или други причини (*доилка, трудница; негувателка, собарка; бунцавица, прусалка* итн.).

ФЕМИНАТИВИТЕ И ВИДОТ НА ОПОЗИЦИЈАТА

Британскиот лингвист Џон Лајонс (1977: 279) обрнува внимание на тоа дека многу семантичари-структуралисти, следејќи го Трубецкој, прават разлика меѓу приватива и еквиполентна опозиција. Приватива опозиција е онаа контрастивна релација меѓу два збора, од кои едниот означува едно позитивно својство, а другиот отсуство на тоа својство (на пр. "живо" : "неживо"). Еквиполентна опозиција, пак, е релација

во која секој од зборовите означува позитивно својство (на пр. "машко" : "женско"). Српскиот лингвист Б. Ќорић, зборувајќи за привативната и еквиполентната опозиција кај парови кои содржат феминативи, вели дека привативната опозиција се јавува кај парови чии членови не се семантички рамноправни; машките парници имаат во одредени случаи поопшто значење и може да се употребат за означување на лица воопшто, без оглед на полот. *Трговец* е назив за лице по професија и се однесува еднакво и на мажот и на жената. *Трговка* се однесува исклучиво на лице од женски пол. Машкиот корелатив, значи, во поглед на полот е неутрален, т.е. кај него ознаката за полот е отсутна (1982: 13). Кај други парови, пак, и машкиот и женскиот парник означуваат исклучиво лица од соодветниот пол (*крал : кралица; старец : старица* итн.). Кај овие парови е присутен односот "машко лице" : "женско лице", и тоа се парови со еквиполентна опозиција. Кај паровите со привативна опозиција (*студент : студентка, организатор : организаторка* итн.) е присутен односот "лице неопределено во однос на полот" : "лице определено во однос на полот".

Разликувањето на феминативи како дел од парови со привативна односно еквиполентна опозиција, има свој одраз на повеќе планови. Така, само машките парници што се дел од привативна опозиција, во отсуство на соодветниот феминатив, може да се однесуваат и на лица од женски пол

(1) *Студентите од нашиот Универзитет го прославија својот патронат*

(2) *Таа е организатор на приредбата.*

Тоа не важи за оние именки од машки род што се дел од еквиполентна опозиција

(1)**Таа е убавец*

(2) **Кралот на Англија абдицирал* – прифатливо е само во врска со лице од машки пол. Токму и затоа, се чини, голема е потребата од феминатив во случаите на означување на припадничките на белата и црната раса. Доказ за тоа се следниве ексцерпирани примери:

1. *Наоми Кемпбел - првата **црнка** со 2,1 милион долари.*

2. *Славниот Хју Грант по големата љубовна афера со холивудската проституткa Дениз Дивајн Браун... Актерот, кој секогаш имал љубовни фантазии за* ***црнки****...*

И во двата примера припадничката на црната раса е означена како *црнка*, што, ако се има предвид постојното значење на тој феминатив, не претставува негова соодветна употреба. Но, од друга страна, јасно е дека потребата за феминатив што ќе ги именува припадничките на белата и црната раса е многу голема. Затоа и сметаме дека, во отсуство на посоодветно решение[1], феминативите *црнкиња* и *белкиња* заслужуваат да се земат предвид. Тие, впрочем, многу подобро се вклопуваат во нашиот јазик од, да речеме, *стриптизе́та, принце́за* итн. Покрај нив, сметаме дека внимание заслужуваат и, засега неактуелизираните, *белкинка* односно *црнкинка*, деривирани според засведоченият синоним за *кнегиња - кнегинка*.

На зборообразувачко ниво важно е да се посочи разликата во значењето на феминативниот суфикс кај феминативите што се дел од привативна опозиција, од една страна, и значењето на суфиксот кај феминативите од еквиполентна опозиција, од друга. Имено, ако се исклучат оние феминативи кои не се изведени од соодветните машки корелативи, за феминативните суфикси, според Б. Ќорић (1982: 8), е карактеристично тоа што кај нив отсуствува зборообразувачката функција што ја имаат суфиксите надвор од модификацијата. Според Ќорић *копачка* не е ништо друго освен "копач + знак за женски пол (женско лице)". Сепак, се поставува прашањето дали е навистина семантиката на феминативните суфикси толку еднозначна. Имено, Д. А. Круз (D. A. Cruse, 1986: 128) разгледувајќи го прашањето за семантиката на суфиксите доаѓа до заклучок дека феминативниот суфикс нема секогаш само значење "женско лице". Според него, не е мал бројот на феминативите кај кои значењето на феминативниот суфикс е посоодветно да се определи како "женски еквивалент на лицето именувано со основата". Притоа, се чини дека двете значења што

[1]Сметаме дека проширувањето на значењето на *црнка* не е прифатливо. Станува збор за суштински различни значења, кои за да опстанат едно покрај друго не би требало да се употребуваат во исти или слични контексти. Но, како што можеме да забележиме од наведените примери, за конкретниов случај тоа не би можело да се каже.

ги изделува Круз наполно корелираат со разликата меѓу еквиполентната и привативната опозиција што се среќава кај корелативните парови од именки што означуваат машки односно женски лица. Имено, кај оние феминативи што се дел од пар со привативна опозиција значењето на суфиксот би било "женско лице" (*студентка* "женско лице-студент" : *студент* "лице што студира"), а, пак, кај феминативите што се дел од пар со еквиполентна опозиција значењето би било "женски еквивалент на лицето именувано со основата" (*кралица* "женски еквивалент на крал" : *крал* "машко лице што владее со една земја"; *убавица* "женски еквивалент на убавец" : *убавец* "убаво машко лице"). Кај феминативите наспроти кои не стои машки корелатив суфиксот го има значењето "женско лице" затоа што значењето "женски еквивалент..." во отсуство на еквивалент (машки корелатив) воопшто не се поставува како можност.

Треба да се истакне фактот дека овој начин на гледање на работите е целосно компатибилен со оние теории според кои кај дел од именките од машки род (кај оние кои се дел од привативна опозиција) може да се разликуваат две значења: *студент*$_1$ = "лице што студира (независно од полот)"; *студент*$_2$ = "машко лице што студира". *Студент*$_1$ претставува надреден поим (хипероним, суперордината) во однос на *студент*$_2$ и *студентка*, кои претставуваат негови хипоними. Во таа смисла, ако се надовземе на она што го кажавме погоре за семантиката на феминативните суфикси, може да согледаме дека:

1. Ако за основа на феминативот *студентка* го земеме *студент*$_1$ (што ни се чини поприфатливо), тогаш феминативниот суфикс има значење "женско лице" и со *студент*$_1$ образува привативна опозиција.

1а. Ако за основа на феминативот *студентка* го земеме *студент*$_2$ феминативниот суфикс има значење "женски еквивалент на ..." и со *студент*$_2$ прави еквиполентна опозиција.

2. Семантички *старица* може да се смета за дериват од *старец*, при што со него прави еквиполентна опозиција, и во тој случај значењето на феминативниот суфикс е "женски еквивалент на ..."

2а. *Старица*, исто така, може да се разгледува како дериват од *стар*, при што суфиксот доследно го задржува своето

значење "женско лице" (*сѣтарица* "старо женско лице").

Концептот според кој се разликуваат две значења кај именките од машки род кои формираат привативна опозиција со соодветниот феминатив, се чини, е мошне погоден за отстранување на некои противречности. Така, наспроти некои феминативи кои претставуваат деривати кај кои значењето на мотивирачкиот збор влегува во целост во значењето на дериватот (*дои > доилка* "женско лице што дои"), поголемиот број феминативи (ако не се прави разликата меѓу, да речеме, *аґроном*$_1$ "лице што се занимава со агрономија" и *аґроном*$_2$ "машко лице што се занимава со агрономија") би биле деривати кои не го вклучуваат во целост значењето на мотивирачкиот збор. Имено, кај сите феминативи што се изведени од соодветниот машки корелатив (*аґрономка* "агроном од женски пол") би требало да се каже дека мотивирачкиот збор влегува без значењето "машкост". Навидум станува збор за голема противречност. Но, противречноста на толкувањата од овој тип се отстранува ако се претпостават две значења на зборот *аґроном*, и тоа: *аґроном*$_1$ "лице што се занимава со агрономија" и *аґроном*$_2$ "машко лице што се занимава со агрономија". Првото значење е неутрално во однос на полот (значи опфаќа лица и од машки и од женски пол), а второто значење се однесува на множеството "лица од машки пол". Мотивирачка основа за феминативот *аґрономка* е *аґроном*$_1$: *аґроном*$_1$ + *-ка* > *аґрономка*. Затоа и заклучивме дека е поприфатливо за основа на феминативот да се зема надредената именка од машки род, онаа која не е одбележана во поглед на полот.

ФЕМИНАТИВИТЕ ОД АСПЕКТ НА МАРКИРАНОСТА

Многу често се зборува за феминативите како за маркирани членови на опозицијата, во однос на машкиот парник. Притоа, како да се заборава дека под поимот маркираност може да се подразберат најмалку неколку различни појави. Така, Лајонс (1977: 305-311) укажува на можноста од разграничување на формална, дистрибуциска и семантичка маркираност. Зборовите *домаќин : домаќинка; ґроф : ґрофица* и др. се формално сооднесени членови на еден пар. Формите на вториот член на секој пар содржат суфикс (*-ка, -ица* и др.) кој формите на првиот

член го немаат. Овој суфикс е формална ознака на опозицијата, исто како што, да речеме, се и префиксите *не-, без-, анти-* во опозициите *пријателка : непријателка; грешница : безгрешница; комунистка : антикомунистка.* Во вакви случаи поимот маркираност се потпира на присуство или отсуство на еден елемент на формата. Зборовите кои го содржат овој елемент се (формално) маркирани членови на опозицијата. Треба да се одбележи дека во рамките на една опозиција едниот член не мора да биде формално маркиран. Доказ за тоа се големиот број опозиции од типот *старец : старица; кафеџија : кафеџика; срамливко : срамливка.*

Формалната маркираност често, но не задолжително, корелира со разликата во дистрибуцијата: формално маркираниот член на опозицијата има тенденција да поседува поограничена дистрибуција (т.е. опсег на контексти во кои се јавува) од формално немаркираниот член. Но, како што нагласува Лајонс, овој критериум на дистрибуциска ограниченост е независен од формалната маркираност и се однесува исто толку и на формално несооднесени зборови.

Важен факт кој се однесува на структурата на јазикот е тоа дека, на сите нивоа, кога опозицијата се карактеризира со формална маркираност, формално маркираниот член е тој што е исклучен во случаите на неутрализација: *Колку студенти има во вашата група?* Овој факт - признавањето на оваа општа корелација меѓу формалната маркираност и дистрибуцијата - е одговорен за проширувањето на поимите "маркиран" и "немаркиран" член на чисто дистрибуциско ниво за парови од формално несооднесени зборови. Сепак, треба да се има предвид дека станува збор за две различни својства.

За илустрација ќе земеме парови кои меѓу себе се разликуваат по тоа што за едниот е карактеристична привативната опозиција (*студент : студентка*), а за другиот еквиполентната (*крал : кралица*). И во двата пара вториот член е формално маркиран. Но постои разлика во дистрибуцијата меѓу членовите на двата пара. *Студент* има поширока дистрибуција од *студентка*: може да се употреби и за означување на лица од машки и за лица од женски пол (*Студентите од нашата група се многу редовни.*). Значи, во определени случаи доаѓа до неутрализација на опозицијата по пол. Тоа, меѓутоа не може да се

каже за парот *крал : кралица*. Како за пар со еквиполентна опозиција, за него е карактеристично тоа што машкиот парник може да означува само лица од машки пол, а женскиот - само лица од женски пол. Од ова произлегува дека постои разлика меѓу формалната и дистрибуциската маркираност - и *студентка* и *кралица* се формално маркирани, но само *студентка* е и дистрибуциски маркиран член на опозицијата.

Дистрибуциската маркираност корелира со семантичката маркираност и во многу случаи може веродостојно да се објасни како условена од неа. И повторно, оваа маркираност е независна од формалната маркираност. Семантички маркиран е оној збор кој има потесно значење од соодветниот парник, кој, пак, го претставува семантички немаркираниот парник. *Студентка* има потесно значење од *студент* затоа што може да се однесува само на лица од женски пол. *Студент*, од друга страна, во многу контексти може да се однесува и на лица од двата пола. Во контексти во кои *студент* означува лица од двата пола семантичката разлика меѓу *студент* и *студентка* е неутрализирана. Во други контексти, особено кога машкиот и женскиот парник се употребени заедно, како на пр. во дисјунктивни прашања (*Дали се работи за студент или за студентка?*) или во реченици во кои едниот парник се прирекува а другиот се одрекува (*Се работи за студент, а не за студентка*) немаркираниот збор (*студент*) има потесно значење кое е некомпатибилно со инхерентно потесното значење на маркираниот збор (*студентка*). За оние феминативи што се семантички маркирани, а тоа се феминативите што се дел од пар со привативна опозиција, треба да се каже дека, како резултат на нивното потесно значење, се секогаш и дистрибуциски маркирани.

Користена литература:

1. Ћорић, Б. (1982). *Моциони суфикси у српскохрватском језику.* Београд: Филолошки факултет.
2. Lyons, J. (1977). *Semantics.* Cambridge, New York & Melbourne: Cambridge University Press.
3. Cruse, D. A. (1986). *Lexical Semantics.* Cambridge, New York, Port Chester, Melbourne & Sydney: Cambridge University Press.

УДК 808.66 – 541.2 : 808.2 – 541.2
808.2 – 541.2 : 808.66 – 541.2

Марија СИДОРОВСКА

КОНТЕКСТНО-СЕМАНТИЧКИ СПОРЕДБИ И АНАЛИЗИ

(Врз материјалот на словенските јазици)

Споредби и анализи во рамките на еден или повеќе јазици се вршеле во лингвистичката наука со различни цели и врз различни принципи. Во последниве години посебно актуелни станаа контекстно-семантичките споредби и анализи. Тие доведуваат до многу нови и подлабоки сознанија за семантичкото значење и на најелементарните компоненти на јазикот, на исказот како комуникација меѓу соговорниците или на реченицата, како средство на соопштение упатено кон адресатот во писмениот исказ. Затоа и се определивме за една ваква анализа во која ќе бидат опфатени споредбено некои словенски јазици, главно рускиот и македонскиот. Во оваа анализа главно, вниманието ќе биде свртено на влијанието на контекстот врз конкретниот материјал што ќе биде предмет на анализата.

Значењето на контекстот многу време се игнорираше. Но постепено преовладаа мислењата за неопходноста од земањето предвид и на овој фактор при јазичните анализи. Признавањето на фактот дека контекстот во многу случаи ги разјаснува проблемите на нерешливите по друг пат појави на изразување на различна семантика на истите лексеми, падежи и предлошки конструкции, ги насочи филолозите да обрнат сериозно внимание на анализите од овој вид.

Во врска со горново можат да се доведат и некои поставки во трудот на Г.В. Колшанскиј "Контекстна семантика". Тоа се пред сè гледиштата за гносеолошкиот карактер на јазичната супстанција, чие проучување мора да ја зачува нејзината двострана сушност, истакнувајќи дека содржинската страна на

јазикот е непосредно сврзана со познавателната дејност на човекот и претставува поле на дејност покрај гносеологијата исто така и на филозофијата, литературната наука и др. А, се разбира, основна и најтесна е врската меѓу лингвистиката и семантиката.

Се појавува неопходноста да се проучува семантиката на јазичните единици само во односите што тие ги изразуваат при формирањето на комуникативните единици. Според тоа, неопходно стана и *проучување на сите видови окружувања на тие единици, т.е., на сите контекстни врски* (Колшански, стр. 5, подвлекла М.С.)

Во новата лингвистичка дисциплина што врз база на овие погледи се создава, веќе се прават сериозни обиди на интерпретација на заемното дејство на помалите јазични единици во контекстот, како интерпретација на општата категорија на контекстот, што е неодвоива суштинска карактеристика на јазикот.

Контекстната семантичка анализа има за цел да објасни што во секој конкретен случај конкретно значи еден збор, еден израз, исказ. Функционирањето на јазикот би било практично невозможно, ако говорителот не би бил способен еднозначно да го доведе еден збор или исказ во сооднос секогаш со соодветен конкретен предмет или објект, кој се однесува само на еден *конкретен* случај, според руската терминологија "разовый" објект.

Бидејќи јазикот пренесен во комуникација пред сè пренесува конкретни содржини, неопходно е јазичниот материал пред сè исто така да се обработи, што да не создава никакви дилеми во однос на пренесувањето и разбирањето од соговорникот (слушателот, читателот) на конкретното значење на исказот во конкретната ситуација. Разгледувањето на конкретниот јазичен материјал од сите аспекти, единствено овозможува да се откријат најпотполно значењските содржини што тој ги изразува. Преку проучувањето на контекстните врски, при кое се опфатени покрај морфолошкиот и синтаксичкиот исто и семантичкиот, односно семантичко-стилистичкиот аспект, може да се откријат и оние значењски содржини, кои не се изразени со граматички средства, но на оној начин што некои го нарекуваат "скриена граматика."

Меѓу средствата, за кои во обичната граматика до неодамна само се загатнуваше, кога се наидуваше на проблеми какви што погоре споменавме, а кои го доизјаснуваат нејасното во јазикот, се: контекстот и лексичката содржина на некои компоненти од фразата, од простата или од сложената реченица, покрај граматичките, морфолошки и синтаксички карактеристики пред сè на оние зборови, што во реченицата, односно во исказот го заземаат местото на подметот (агенсот или носителот на состојбата), и оние, што го изразуваат процесот, дејството, состојбата, или пак објектот и атрибутот. Но тоа во никој случај не значи дека и некои на прв поглед небитни зборови, какви што се частичките или логичките зборови не можат да имаат во фразата многу битно за конкретизирање на смислата на целиот исказ значење.

Овде би сакале да покажеме, колку е битно значењето и интерпретацијата на тоа значење во одделните искази на частичката *только* од рускиот јазик и на нејзините семантички еквиваленти во македонскиот. Од огромна помош тука ќе ни биде како контекстната синтаксичка, така и контекстната семантичка анализа. Притоа, особено при последнава, ќе се открие на кој начин кај комуникантите се осознаваат, се пренесуваат или сфаќаат и стилистчките нијанси на значењата.

Семантичката анализа не само на јазичните структури, но и на компонентите на тие структури, т.е контекстно-семантичката анализа и конкретните резултати до кои се дошло со неа, корисни се од повеќе аспекти, меѓу другото од еден аспект за кој подолу ќе зборуваме, а тоа е аспектот на преводот.

Посебно интересни за мене беа резултатите до кои доаѓа при анализата на логичките зборови *только* и *даже* рускиот филолог Игор Михајлович Богуславски во книгата "Исследования по синтаксической семантике", публикувана во Москва во 1985 година.

Заклучоците до кои тој доаѓа при ситаксичката, сематичката и контекстно-семантичката анализа се извонредно корисни за проучувачот на овие зборови од аспект на нивниот превод на други јазици, бидејќи ваквата анализа помага да се дојде до најадекватни нивни семантички еквиваленти во еден преведен текст.

Бидејќи овде просторот и времето не ни овозможуваат споредба на планот на преводот на повеќе вакви зборови, во оваа прилика ќе се задржиме само на таквата споредба во однос на структурите од рускиот и македонскиот јазик во кои е вклучена частичката или логичкиот збор *только*.

Согласно со неговите во уводот презентирани погледи, Богуславски настојува да даде и опширна содржинска карактеристика и исцрпен преглед на значењата на оваа частичка, на која според богатата разнообразност и широк спектар од значења што ги добива во зависност од контекстот, навистина многу повеќе ѝ одговара терминот логички збор како наименување, отколку терминот частичка.

Задржувајќи се на сите сфери на дејствувањето, покрај другите и на овој логички збор, докажувајќи колку сè негови значења и нијанси на значењата можат да се изделат на содржински план во зависност од контекстот, авторот на тој труд потоа настојува да даде и формализација на фразата, контекстот, во кој тие биле употребени. Ние нема да се задржуваме на формализацијата, но само на содржинската страна на споредбата, поради потребата од поголем простор и време за презентирање на обете карактеристики од една страна, а од друга, поради тоа што секогаш при формализацијата постои и по некое оградување со кое се укажува дека при определената формализација е неопходно да се додаде и елемент, кој содржински дообјаснува, допрецизира нешто што формално не можело да се изрази најпрецизно.

По овие наши оградувања, само накратко ќе се задржиме на конкретната споредба, од која ќе можат да се извлечат битните за темата заклучоци.

Служејќи се со примерите од Богуславски, ќе укажеме, во зависност од тоа за кој збор од од контекстот се врзува логичкиот збор *только*, кои конкретни единични значењски содржини и карактеристики им придава тој на синтагмата, фразата и реченицата. Самата пак анализа на начините со кои се манифестира влијанието на овој збор во конектекст, укажувајќи дека во доказниот материјал сме принудени да се повикуваме најмалку на контекстот од поширокатa изразна општност -

паусот, веќе не доближува до констатацијата дека сето тоа е веќе област на лингвистиката на *текстот*.

Минуваме на конкретните примери, кои можат да бидат разделени на неколку поттипови:

I. 1) *Мальчик съел только персик.*

1. 1.) *Только поэтому я и согласился.*

1. 2.) *Федор приглашает к себе только Клаву.*

1. 3.) *Федору понравился только итальянский фильм.*

II. 1) *Во весь май было только три солнечных дня.*

1. 1.) *Снег выпал только в январе.*

1. 2.) *Мы только знакомы, как странно.*

III. 1) *Только в Чили более 30 действующих вулканов.*

1. 1.) *Только сырых овощей зоопарк потребляет за день около 40 тонн.*

1. 2.) *Только Кустанайская область за пятилетку даст стране миллиард пудов хлеба.*

Со подробни анализи, т.е. со заменување на зборот *только* со евентуални синоними, со утврдување со кој збор во соодветниот исказ зборот *только* може единствено да стапи во синтагматско единство за да се открие неговото вистинско значење во конкретното единство, во конкретната ситуација, со земање предвид на лексичката содржина, т.е. семантиката, како и морфолошките и синтаксичките карактеристики на зборовите што го окружуваат, авторот на овој труд докажува дека најчесто една единствена варијанта на значење на овој збор во една конкретна ситуација, во конктерен исказ е можна. Доколку пак се можни две варијанти на неговото значење, тогаш пак по пат на слични експерименти се докажува, со анализа на малку поширок материјал, во кој конкретен случај е можно едното или вистинското, а во кој случај другото значење.

Веднаш тука сакаме да истакнеме, дека зборот *только*, чие основно значење како во рускиот, така и во македонскиот е *само*, *единствено*, ни во рускиот ни во македонскиот јазик ни оддалеку

не се појавува само со оваа семантика, но дека, спротивно на тоа, во двата анализирани јазика тој има многу побогат спектар од семантички значења и варијанти на тие значења.

Меѓу карактеристиките на честичката *только* (макед. *само*), во прилог на откривање на нејзиното значење во конкретните ситуации можат да се вбројат следниве:

Прво: Таа издвојува едно нешто од низа еднакви предмети. Се издвојува нешто што се дава или се издвојува на некој друг начин. Тука овој збор или честичка задолжително се однесува на некоја именка, која го зазема местото на подмет или предмет во реченицата, што од авторот се нарекува нејзина прва валентност.

Второ: Таа именка - подмет, често е во Р поврзана и со некоја придавка или друг збор, кој ја определува. Авторот на трудот го нарекува ова својство на честичката најзина втора валентност. А што е тоа што се дава, се истакнува или се издвојува на друг начин, може само да се предполага, но со сигурност да се заклучи што е, можно е само од претходниот текст, т.е. - контекстот.

Бидејќи имаме издвојување од нешто на нешто, Богуславски докажува дека е тоа множество на еднакви објекти или ситуации. И бидејќи оваа честичка или логички збор до извесен степен асоцира т.е. овозможува да се претпостави дека тука се работи за множество, и дури за кое множество станува збор, Богуславски ја нарекува оваа нејзина карактеристика или ова нејзино својство трета валентност, а самото множество, кое на тој начин се претпоставува го нарекува *асоцирачко множество*.

При анализата на конкретниот материјал овие поставки нагледно се потврдуваат. Така, ако се земе примерот:

Федору понравился только итальянский фильм

На Фјодор му се допадна само италијанскиот филм

при анализата, исклучувајќи синтагми со лексеми од друг вид, се доаѓа до заклчок, дека асоцирачко множество се тука филмови од други земји, за да се издвои со честичката синтагмата со определбата италијанскиот, која ги отфрла останатите претпоставки. Во вакви фрази синоним на честичката *только*

(макед: *само*), може да ѝ биде како во рускиот, така и во македонскиот уште и зборот *единствено, исклучиво*, бидејќи таа тука изразува такво издвојување, ограничување.

Во примерите од типот:

Мальчик съел только персик

Момчето изеде само една праска

лесно се докажува дека асоцирачко множество можат да бидат само објекти кои можат да се јадат. Во други примери асоцирачко множество се предмети, во кои се издвојуваат нешта, кои можат да се пијат (компот и сл.). За разлика од рускиот јазик, каде не е експлицитно изразена определеноста на количественоста, во македонскиот јазик таа се изразува посебно. Како адекватен преводен еквивалент на частичката овде може да дојде само една варијанта *само*, со издвојувачко значење "не повеќе од толку", или "ништо друго освен", но кои можат да служат само како пошироко семантичко објаснување, но во фразите се употребува единствено зборот *само*.

Во примерите од типот:

Снег выпал только в январе

а) *Снег заврна дури во јануари*

може само од уште пошироките контекст да се заклучи дали станува збор за прецизирање со издвојување на времето на дејството, (како што е за таа цел употребена частичката кај овој пример од Пушкин, или како што би означувала частичката со нејзиното основно значење:

Снег заврна само во јануари.

б) (Снег не заврна ни пред тоа ни потоа).

Тука имаме карактеристичен пример, кој покажува дека зависно од контекстот во него можат да се појават како преводни еквиваленти две значења на частичката *только* - "*дури*" и "*само*".

Со временско значење овој збор може да се појави во улога на сврзник. Тогаш во македонскиот јазик му одговара семантичкиот еквивалент ш т о м. Спореди:

Только позовешь, я приду.

Штом ќе ме викнеш, ќе дојдам, или разговорна варијанта:

Само ти викни ме, веднаш ќе дојдам, исказ, што семантички е адекватен на погорниот.

Во примерите од типот:

Он приходит к родственникам только в полной генеральской форме

значењето е такво, што се добива впечаток дека за адекватен еквивалент Р треба да се прошири во сложена, а понекогаш таа е и со негација:

- *Тој не доаѓа ни кај роднините, ако нема можност да е облечен во комплетна ѓенералска униформа* - или:

- *Дури и кога доаѓа кај роднините, тој е секогаш комплетно облечен во својата ѓенералска униформа*

Тука и во едниот и во другиот преведен еквивалент на укажаниот руски пример зависната Р е условна. Тоа ѝ одговара на смислата на частичката *только* во целоста на рускиот пример, каде што придонесува на општото значење на условност - ако или кога не е така облечен, носителот на дејството не доаѓа ни во домот на роднините. Во првиот еквивалент негацијата, а во вториот засилувачката частичка *дури* го заполнуваат, го компензираат отсуството на директен еквивалент на частичката *только* од примерот на оригиналот, без да се нанесе штета, според нашето мислење, на содржинската, семантичката и стилистичката еквивалентност. Асоцирачко множество тука е секаков друг вид облека.

Кога се набројуваа погоре асоцирачките множества од кои со помош на частичката *только* се издвојува едно нешто, се спомена дека такво множество може да биде и множеството ситуации, од кои се издвојува една во определен исказ или реченица. Како еден од таквите примери ќе го наведеме следниов пример од Алексеј Толстој, цитиран исто така од И. М. Богуславски, за да покажеме дали македонскиот еквивалент на частичката *только* го задржува во овие семантички еквиваленти - реченици своето основно значење *само*, *единствено*, или има и додатни нијанси на значењето. Ја цитираме таа реченица.

Даша не могла ни присесть ни лечь, только ходила, ходила, ходила от окна к двери.

- Даша не можеше ни да седне ни да легне, но само одеше, одеше од прозорецот до вратата.

Тука имаме издвојување на една ситуација од неколку други ситуации, но со оглед на лексичката содржина на првите две лексеми, кои значат дејствија, што означуваат преминување во една состојба, во која субјектот би можел да помине кога би бил внатрешно психички спокоен, што е во спротивност со моменталната состојба во која е прикажан со неколкукратното повторување на итеративниот глагол *ходить* (мак.: оди, чекори), та затоа, таа спротивност или разност на ситуациите во македонската еквивалентна преводна реченица и се засилува со додавање на сврзникот *но*.

Издвојување во смисла на времето може да покажува зборот *только* како сврзник и во случаи, кога во македонскиот јазик најмногу би му одговарал еквивалентот *но*, покрај еквивалентот само. Спореди:

Всё сделаю, только не сейчас.

Сè ќе направам, но не сега , со можност:

Сè ќе направам, само не сега.

Во случајов семантички може да се посочи покрај значењето на издвојувањето и значењето на противставеност и услов.

Уште повеќе може да се насети условот, кога се употрбува овој збор како сврзник, при чувство на опасност од нешто, што може да се осети кај говорителот во примери како:

Всё сделаю, только не сердись

Се ќе направам, само не луѓи се, со можност да се употреби и сврзникот *но*.

На крајот можеме да заклучиме, дека контекстот навистина често има релевантно значење за откривање на оние семантички содржини на одделни јазични структури, а и на одделни лексеми или зборови, кои без неговото учество

многупати остануваат спорни, а неговото користење особено помага во процесот на преведувањето.

Со оваа кратка и непотполна анализа и споредба меѓу структурите во кои во рускиот јазик се содржи частичката или логичкиот збор *только* и на соодветните еквивалентносни реченици во македонскиот, ние сакавме само да го поставиме и да го засегнеме проблемот на преводните еквиваленти на логичките зборови при преведување на текст од еден на друг јазик и поврзаните со него проблеми на значењето на контекстот, на опортуноста од вклучување или отфрлање при оваа анализа и при јазичните анализи воопшто на логичките категории. Притоа ни најмалку немавме претензии на исцрпност, но сакавме да го свртиме вниманието и на други филолози кон оваа интересна и актуелна проблематика.

Литература:

1. Богуславский И. М., Исследования по синтаксической семантике. Изд. "Наука", Москва, 1985.
2. Колшанский Г. В. Контекстная семантика, Москва, 1978.
3. Русская грамматика, II, Москва, 1980.
4. Словарь русского языка. Ред. Н. Ю. Шведова, Москва, 1991.

УДК 803.0 - 22

Силвана СИМОСКА

СЛОЖЕНИ ИМЕНКИ СО ПРИДАВКА КАКО ПРВ ЧЛЕН ВО СОВРЕМЕНИОТ ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК[1]

(РЕЗИМЕ НА МАГИСТЕРСКА ТЕЗА)

"Überall, wo sich ein Eigenschaftswort und ein Hauptwort zusammenspenglern lassen, kommt ein Vetter des Kleinkindes zur Welt. Die 'große Überbauung' wird zur Großüberbauung, der 'junge Schütze' muß flugs zum Jungschützen, der 'junge Flieger' zum Jungflieger werden. ... Aber achten Sie doch selbst einmal ein wenig auf diese blöden, dummen 'Zusammensetzungen' ohne Zweck und Ziel. Platz, Raum wird damit in unseren Zeitungen nicht gespart, auch wenn dieser Zweck hie und da als Ausrede für solche Neubildungen, solche Wörterzusammenzüge benützt oder mißbraucht wird.
Wandern Sie doch einmal durch Grünwiesen und Grünwälder an Grünbäumen vorbei und suchen Sie sich einige Buntblumen! Wer beginnt, die Natur auch mit diesen Schöpfungen zu belästigen und zu verschandeln? Wenn wir schon unsere Natur und unsere Gewässer rein und sauberhalten wollen, so sollten wir das doch wohl auch mit unserer Sprache tun !"[2]

---

[1] Резиме кон магистерската теза „Eine Untersuchung zu Nominalkomposita mit Adjektiv als erstem Glied in der deutschen Gegenwartssprache / Сложени именки со придавка како прв член во современиот германски јазик" одбранета на 13.01.1998 год. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

[2] Fridolin (1973, 122)

Како што може да се забележи од овој цитат на Фридолин, кој датира од 1973 год., не постоела голема толеранција кон новосоздадените сложенки од типот придавка + именка. Но, не само во овој период туку и од поодамна, забележан е отпор кон овој композициски тип, така што Кампе уште во 1801 година ја посоветувал германска јавност да не го зголемува овој тип сложенки бидејќи тие имаат „нешто круто и нефлексибилно“[3] во себе.

Причината за слабиот интерес за овој тип, којшто и денденес е присутен со оглед на малиот број стручни статии на оваа тема, се заснова исто така и врз фреквенцијата со која овој тип сложенки е застапен во германскиот лексикон. Имено, во споредба со сложенките од типот именка + именка и глагол + именка, типот придавка + именка е застапен со најмала фреквенција. Тоа се потврдува и со статистичките податоци на „Институтот за германски јазик“ во Инсбрук, кој во рамките на макропроектот „Сложени именки“ врз основа на корпус од 62456 сложенки, го изнесува следниов резултат: сложенки од типот именка + именка се застапени со 77,9 %, сложенки од типот глагол + именка со 6,5 % и сложенки од типот придавка + именка со 4,6 %.[4] Релативно слабиот интерес за овој тип се базира исто така и врз неоснованото мислење дека се работи за тривијални конструкции чија семантика е едноставна и транспарентна.[5] Нашето истражување го покажа токму спротивното, но за тоа ќе стане збор при семантичкиот опис на овој вид сложенки.

Без оглед на тоа колку говорителите на еден јазик се подготвени да прифатат, односно да одбијат новосоздадени зборови од еден определен зборообразувачки тип, овој цитат имплицира итересни прашања, коишто ја сочинуваат сржта на науката за зборообразувањето. Меѓу другото тој ги фокусира следниве проблематични прашања:

1. Во каков сооднос се т. н. лексиконски зборови[6], зборови коишто го сочинуваат етаблираниот фонд на речникот на еден

[3] Campe (1801, 553).
[4] Сп. Deutsche Wortbildung 4 (1991, 6).
[5] Сп. Fanselow (1981, 208).
[6] Термините „лексиконски збор“ (Lexikonwort) и

јазик, со т.н. текстуални зборови[7], новосоздадени зборови коишто сè уште не се конститутивен дел на речникот, туку се првобитно создадени поради оказионални потреби во еден текст?

2. Како настануваат овие текстуални зборови? Дали тие почитуваат одредени зборообразувачки правила или спојувањето на лексичките единици подлежи на иманентна арбитрарност којашто му поднесува сметка исклучиво на самиот говорител?

Во рамките на науката за зборообразувањето можат да се искристализираат три значајни теоретски пристапи, коишто го преферираат лексиконскиот односно текстуалниот збор како главен истражувачки предмет, а имено тоа се: историскиот, структуралниот и генеративниот. Додека во историските истражувања синтаксата се двои од зборообразувањето, и покрај тоа што се претпоставуваат историски врски, претставници на генеративната граматика во шеесеттите и седумдесеттите години предлагаат комплексните зборови да се опишат како редуцирани синтаксички структури. Зборообразвачките правила според овој пристап се претставуваат како трансформации, коишто ги трансформираат синтаксичките длабински структури со посредство на морфолошки правила во сложенки и изведенки. Против овој т.н. трансформационалистички пристап беа изнесени емпириски и теоретски недостатоци.[8] Можни алтернативни решенија се:

1. Комплексните зборови располагаат со самостојна синтаксичка структура, којашто може да се претстави со специјални супституциони правила. Оваа решение е познато како „теорија за структурата на зборот“[9]. Најопштата форма на тие правила може да се прикаже со следнава формула:

---

[7] „текстуален збор“ (Textwort) ги преземаме од Motsch (1995b, 524 f.).

[8] На пр., Herbermann (1984, 45-48), Motsch (1995a, 194), (1996, 444), Wilss (1986, 6-7, 29-40, 49-72).

[9] Во германистичката лингвистика позната како *Wortstrukturtheorie* одн. *Wortsyntaxtheorie*. Претставници на оваа теорија од областа на зборообразувањето на германскиот јазик се, пред сè, Toman (1983), Olsen (1986) и Höhle (1982), а од областа на зборообразувањето на англискиот јазик со неа се занимаваат Selkirk (1982), Williams (1981) и др.

$$X^0 -- Y^0\ X^0$$

со тоа што : X^0, Y^0 = лексички главни категории. За X^0 не може да стои Р.

$$X^0 = V, A, N$$

$$Y^0 = V, A, N, P$$

V(erb), (N(omen), A(djektiv/dverb), P (räposition)

Со оваа шема се поврзани следниве претпоставки:

а. Количината на лексичките категории кои можат да влезат во оваа шема е ограничена.

б. Лексичките структури се состојат само од структури на X-степенот, исклучени се фразни структури.

в. Лексичките структури се бинарни.

г. Конституентот од десната страна е во надреден однос спрема конституентот од левата страна и се смета за глава на целата конструкција.[10]

2. Комплексните зборови претпоставуваат лексиконски правила кои на лексичко-специфичен начин ги комбинираат фонолошките, морфолошките, синтаксичките и семантичките својства на зборовите. Ова решение е познато како лексикалистички пристап.

Сите овие теоретски пристапи се раководени од основната идеја дека природните јазици располагаат со правила за создавање на нови зборови.

Лексикалистичкиот пристап поаѓа, спротивно од „теоријата за структурата на зборот", од тоа дека меѓу семантичката и формалната структура на зборот не посредува синтаксата. Описот на регуларностите на комплексните зборови претпоставува само описни средства, кои се претпоставуваат и при описот на лексиконските зборови. Синтаксичките својства на зборовите се толкуваат како „рефлекси на семантичките

[10] Сп. Motsch (1995a, 199). За недостатоците на оваа теорија в. Motsch (1995a, 199-203; 1995b, 513-518), Reis (1983, 110-131).

(лексичко-концептуални) структури".[11] „Површинската структура на сложенките може да се објасни со принципот за проширување на лексиконот, кој дозволува дополнување со еден збор доколку се исполнети определени услови за семантичка интерпретативност".[12] Наместо лексичката синтакса при создавањето нови зборови, потребна е општата претпоставка за проширување на лексиконот, која е целосно ограничена на нивото на зборот.

Врз основа на овие теоретски начела нашата теорија може да се сумира во следното:

1. Зборообразувачката анализа црпи информации, т.е. регуларности од зборовите коишто се конститутивен дел од речникот на еден јазик и ги опишува како зборообразувачки обрасци. Еден зборообразувачки образец (WbM) се состои од семантички образец (SM_i) и морфолошка форма (MF):

$$WbM = (SM_i) \& (MF)$$

2. Целта на зборообразувачката анализа, пред сè, е насочена кон изнаоѓањето на *активни* зборообразувачки обрасци, т.е. парови на семантички обрасци и морфолошки индикатори, кои го сочинуваат семантичкото јадро на лексиконските зборови и истовремно служат за создавање на текстуални зборови. *Kleinkind* е, на пр., лексиконски збор, чиј семантички опис го содржи зборообразувачкиот образец [SM: $[A\&N]_{(ref.)}$; MF: $(X_A+Y_N)_N$] како и дополнителна спецификација на KLEIN за одредена возрасна група.[13] Такви активни елементи на семантичкиот опис на лексиконски зборови претставуваат пример за нови зборовни креации, т.е. текстуалните зборови се создадени по аналогија на лексиконските зборови. Поради тоа, во описот на едно истражување, потребно е да се вклучат активни лексиконски зборови како и текстуални зборови.

[11] Motsch (1995a, 223).
[12] Motsch (1996, 450).
[13] *Kleinkind* е 'мало дете + на возраст од 3-6 години'. Сп. Simoska (1998, 114 f.).

3. Можноста за проширување на лексиконот не е детерминирана само семантички туку и прагматски. Не се создаваат нови зборови доколку тие немаат комуникативна смисла.

4. Зборообразувачките правила треба да се сфатат само како приближувања до вистинските процеси на новосоздавање и анализирање зборови од одреден зборообразувачки тип. Тие се претежно претерани генерализации, доколку се добро опишани, и поради тоа не можат да се споредат со граматичките правила. Едно зборообразувачко правило секогаш е еден креативен процес, со оглед на прагматските услови. Со создавањето на една реченица не се создава впечаток за креативност. За зборообразувачкиот тип придавка + именка тоа конкретно значи дека спојувањето на одредени семантички класи на придавки со одредени класи на именки не подлежи на стриктни правила. Но, од друга страна, опитната генерализација, и со тоа создавањето класи, како да е основен услов на јазикот. Таа тентативна класификација води кон селективни рестрикции коишто треба да се сфатат како тенденции што можат да омекнат со текот на времето и да допуштат нови класи во употреба. Овој феномен го забележуваме кај сè пофреквентната употреба на изведени придавки како прв член, на пр., *Billig-*: *Billigauto, Billigangebot, Billigflug*; *Fertig-*: *Fertiggericht, Fertigfabrikat* и сл. Колку почесто се употребува новосоздаден збор, толку тој е попознат и поприфатлив за неговата околина и со тоа се зголемуваат неговите можности за вклучување во лексиконот на еден јазик.

Врз основа на претставената теорија, којашто синтаксичките правила за сложенки ги сфаќа како последици на принципите за семантичка интерпретација, ја дефинираме сложенката од семантички аспект. Детерминативни и копулативни сложенки се создаваат врз основа на предикатско-аргументските структури. Егзоцентричните сложенки (од типот *Rothaut)* можат да се третираат како детерминативни сложенки со интерполација.

Придавките (A(djektiv)) се предикати со најмалку едно аргументско место за еден збор којшто може да биде модифициран од таа придавка. Придавките се јавуваат исклучиво во функција на модификатори. Именките (N(omen)), од друга страна, се во можност да заземаат такви аргументски места. Во

случајот на сложенката од типот придавка + именка придавката го претставува предикатот, а именката е нејзин аргумент. Именките се карактеризираат со определени својствени димензии коишто можат да се специфицираат. Тие означуваат, на пр., артефакт, материјал, причина и сл. Во комбинацијата придавка + именка придавката ја специфицира именката. Општата семантичка репрезентација на сложенките од типот придавка + именка се формализира со следнава формула:

$$[A(N)]_{N(ref.)}$$

Именките поседуваат надворешен аргумент и се однесуваат на една референцијална област (ref.). Бидејќи целата сложенка од типот придавка+именка претставува именка, нејзината референцијална област се формализира со именка N(ref.).

Оваа референцијална област располага со множество на својства коишто се создаваат од придавката и именката (N & Adj.). За илустрација ќе го наведеме примерот *Rotwein*. *Wein* е предикат над една референцијална област (ref.), т.е. над една класа предмети. Овој предикат опфаќа едно множество од својства кому може да му припаѓаат следниве својства: физички предмет, течност, артефакт итн. Придавката *rot* располага со аргументско место (x):

$$[Wein(ref.) \ \& \ rot\ (x)]_{N(ref.)}$$

Аргументското место (x) на придавката *rot* може да го пополни именката *Wein*. Референцијалната област на *Wein* сега важи за предикатскиот израз [rot + (Wein)], којшто ја стеснува референцијалната облает, односно екстензијата на *Wein*, а ја проширува нејзината интензија:

$$[rot\ (Wein\ )]_{N(ref.)}$$

Значи, именката зазема аргументско место кај придавката со што се создава можност за уште еден предикат. Бидејќи значењето на именките може да се опише и како предикатски конгломерат, може да се каже дека предикатскиот конгломерат се проширува.

Врз основа на овие теоретски претпоставки, сложенката може општо да се дефинира како комбинациски резултат на еден збор, којшто може да се дополни со друг(и) збор(ови). Какви видови зборови можат да се комбинираат и каква е нивната интерпретација зависи од семантичките обрасци коишто тие ги претставуваат. Општо за сложенките важи следново:

1. Екстерните својства на сложенката (род, категорија и сл.) ги определува тој збор којшто се проширува, односно главата (англ. head) на сложенката, вториот член.

2. Како композициски членови на сложенката доаѓаат предвид само оние категории коишто се релациски или коишто можат да фунгираат како семантички аргументи или модификатори на релации. Како втор член се појавуваат „исклучително категории коишто можат семантички да се модифицираат“[14]. Со тоа може да се образложи зошто вториот член кај сложенките во германскиот јазик е ограничен на категориите именка, придавка и глагол.

Освен овие теоретски основи, нужно е да се напоменат и други критериуми коишто се потребни за делимитација на германската сложенка од другите зборообразувачки видови. Тука спаѓа критериумот за непосредно сраснување на композициските компоненти и што е особено важно за сложенката од типот придавка + именка, по правило, елиминација на флексиските елементи кај првиот член.

Емпириската база на трудот ја сочинуваат приближно 2.000 ексцерпти од современи текстови, односно од лексикографски помагала. Овој селектиран материјал, особено од 1996 и 1997 година, ја опфаќа следната разновидна палета од жанрови: стручна литература, книжевност (лирика и проза), новинарство и лексикографија.

[14] Motsch (1996, 450).

Поаѓајќи од претпоставката дека текстуални и лексиконски зборови се создаваат врз исти лексиконски принципи, најпрвин ја насочивме нашата ексцерпција кон речниците и тоа примарно кај следниве три речници:

Wahrig, Deutsches Wörterbuch (=WD)

DUDEN Wörterbuch der deutschen Gegenwartssprache (=DUD)

Wörterbuch der deutschen Gegenwartssprache од Klappenbach/Steinitz (=WdG)

За да се задоволи и вториот аспект, изнаоѓањето текстуални зборови, ексцерпирани се исто така примери од весници, списанија и белетристични дела, коишто претставуваат ризница за нови зборовни креации.

Редукција на првобитниот корпус мораше да се изврши од семантички причини. Во голем број случаи, првиот член се покажа како хомоним којшто не дозволува придавска интерпретација, на пр., *Trockenboden* не е *'trockener Boden' т.е. *'сув под' туку 'Boden zum Trocknen von Wäsche' т.е. 'таван за сушење алишта', значи *Trocken-* го претставува во овој случај глаголот *trocknen*, а не придавката *trocken*. Ист случај е и со *Kühlschrank*. Тоа не е *'kühler Schrank' т.е. *'студен орман' туку е 'Schrank zum Kühlen' т.е. 'фрижидер', *Wilddieb* не е *'див крадец' туку 'крадец на дивеч' итн.

Исто така од корпусот беа отфрлени:

- личните имиња, на пр., *Altenburg, Neumexiko, Liebknecht, Blaugas* и сл.;

- сложенките со број (Numerale), како прв член, на пр., *Dreirad* (=велосипед за деца на три тркала), *Viereck* (=четириоаголник) и сл;

- изведенките: од сложенки, на пр., *Großstädter* (< Großstadt + -er), *Großunternehmer* (< Großunternehmen + -er), *Halbstarker* (< halbstark + -er) и сл.;

- синтетичките сложенки (англ. synthetic compounds, герм. Zusammenbildung), коишто се изведени од синтаксички израз и кај кои вториот член не се среќава како самостоен збор, на пр.,

Größtuer (< groß tun + -er) (=големџија), *Weichspüler* (< weich spülen + -er) (=омекнувач) и сл.; Мора да се напомене дека некои конструкции дозволуваат двоен зборообразувачки статус, на пр., *Neueröffnung* може да се интерпретира како 'neue Eröffnung' (сложенка) или kako 'neu eröffnen + -ung' = 'Tatsache, dass neu eröffnet wird' (синтетичка сложенка т.е. Zusammenbildung);

- префиксоидните форми, на пр., *Kardinalfrage* (=кардинално прашање), *Kapitalfehler* (=голема грешка);

- реченични споенки (Zusammenrückung), на пр., *Frisch-und-fröhlich-Pulli, Rund-um-die-Welt-Reise, Saure-Gurken-Zeit* итн;

-зборовните состави (Mehrwortlexeme), на пр., *saure Sahne* (=кисела павлака), *saure Gurke* (=кисела краставица), *gelbe Rübe* (= морков) итн.

- идиоматизираните сложенки, на пр., *Frühstück, Hochzeit, Jungfrau, Weißherbst* 'мошне светло црвено вино, синоним за Розе', но не *'бела есен', чиешто мотивационо значење не може да се декодира врз основа на лексичкото значење, т.е. врз сумирање на значењата на зброровните компоненти, на пр., *Frühstück* не е 'frühes Stück', односно 'рано парче' туку 'појадок'. Овие видови сложенки не подлежат на активни зборообразувачки обрасци, така што не претставуваат пример за нови зборови.

ВТОРАТА ГЛАВА од трудот се занимава со морфологијата на сложенките од типот придавка + именка. Досегашните хипотези ја детерминираат формата на првиот член, додека вториот не подлежи на морфолошки рестрикции. Жепиќ, на пр., смета дека примарната придавка, односно еднослоżниот член е единствениот регуларен елемент кај сложенките од типот придавка + именка.[15] За верификација, односно фалсификација на оваа хипотеза нужно беше да се открие зборообразувачкиот статус на првиот член, како и на неговата слоговна структура. Имено, зборобразувачкиот статус на првиот член резултира во следнава типологизација: слободни придавки и врзани придавски форми. Кај слободниот член се застапени: примарна придавка без морфолошко обележје (*Langschal, Kurzdrama*) со морфолошко

[15] Žepić (1970, 67).

обележје (со флексија: *Hohepriester, Langeweile, Gutestube*; со степенуван прв член: *Höchstgeschwindigkeit, Bestzeit, Minderzahl*), придавската изведенка (*Differentialrechnung, Idealbesetzung*), придавската сложенка (*Schwarzweißfilm, Pflegeleicht-Wäsche*), партиципот презент (*Lebendgeburt*) и партиципот перфект (*Gebrauchtwagen, Gemischtwarenhandllung*). Врзаните придавски форми претставуваат сложенки од типот *Polit-Szene, Sonderzug, Kunsthonig* е 'künstl. Honig', односно 'вештачки мед', но не *'уметнички мед', бидејќи првиот член не постои како самостоен збор во лексиконот. Овие врзани членови се реализирани исклучиво во комбинација со именка.

Врз основа на истражувањето на слоговната структура се искристализира поголема група на дво- (*Billigauto, Fertiggericht*) и повеќесложни (*Intensivstation, Dokumentarfilm*) членови и помала група на еднослоҗни (*Altstadt, Kleingarten*) членови. Резултатите на овие истражувања наметнуваат неопходна релативизација на постојната хипотеза. Имено со 50% се застапени изведени, односно композициски придавски форми. Поттик за целосно решавање на овој проблем нуди Ербен, според кој предуслов за вклучување на придавката во сложенката од типот придавка+именка не е нејзината должина, туку нејзиниот нагласен последен слог.[16] По извршеното систематско проверување на оваа прозодиска хипотеза, таа набрзо се покажа прифатлива, бидејќи поголемиот број на комплексни придавки е од туѓо потекло, а тие, како што е познато, располагаат со нагласен суфикс, на пр., *lokal, elementar, sekundär* итн. Хипотезата за еднослоҗната примарна придавка не мора целосно да се отфрли бидејќи е евидентна терминолошката диференцијација. Изведените повеќесложни странски придавки почесто се среќаваат во стручната терминологија (*Experimentalphysik, Intensivstation, Nuklearmedizin, Elementarunterricht, Sekundärliteratur* итн.), додека примарните еднослоҗни германски придавки се пофреквентни кај секојдневните сложенки, на пр., *Altpapier, Buntwäsche, Freikarte, Frischobst, Großeinkauf, Schnellzug* итн.

Прозодиската хипотеза ја нарушуваат сложенките чиј прв член завршува на суфиксите *-el, -er-, -en,* бидејќи се работи за ненагласени слогови. Присуството на редуцираниот вокал т.н.

[16] Erben ([3]1993, 42).

Schwa-Laut е [ə] ги редуцира овие слогови, така што повтрно се добива, речиси, едносложна структура, на пр., (*Magersucht, Dunkelkammer, Offenstall* итн.).

Исто така, има отстапување кај сложенките со германски изведен прв член од типот *Harmlos-Zaun, Seltsamsaft, Billig-Auto, Englischunterricht, Haltbar-Milch.* Поради присуството на овие примери нужно е омекнување на прозодиското правило. За првиот член не е дозволена само акцентската шема со нагласен слог на крајот од првиот член ('_), туку исто така и со два ненагласени слога од крајот ('_ _). Но се исклучува акцентската шема со три ненегласени слога од крајот на првиот член ('_ _ _). Ова правило е во согласност и со повеќесложните придавки кај коишто се забележува тенденција на редукција при нивното пристапување во сложенката, на пр., *Kunsthonig* наместо **Künstlichhonig, Sonderbus* наместо **Besonder(er)bus.*

Особено внимание заслужуваат сложенките од типот *Bierschwarz, Edelstahl-Rostfrei, Kräuter-frisch* коишто имаат невообичаен редослед, во случаи, кога придавката е во постпозиција. Овие зборови потекнуваат од посебен вид на јазични креатори, од писатели и од областа на маркетингот.

Во делот за морфологијата, мора да се наведе уште еден значаен тип сложенки, за кои поексплицитно ќе стане збор во описот на семантиката. Се работи за т.н. елиптични сложенки чиј прв член не се однесува директно на формалниот втор член, туку на еден неексплициран, елиптичен елемент којшто е можен аргумент на вториот член, на пр., *Feinbäckerei* 'Bäckerei für feine Backwaren' (фурна за фини печива ≠ фина фурна), *Akutbetten* 'Betten für akute Fälle' (кревети за акутни случаи ≠ акутни кревети).

За морфологијата на првиот член заклучно може да се трасира тенденција на релативно кус прв член, но порелевантно од тоа е нагласениот слог од крајот на првиот член. Со тоа се објаснуваат изведените повеќесложни придавки, како и врзаните придавски форми (*Kunst-, Sonder-, Polit-, Öko-, Bio-* итн.) коишто можат да се сфатат како редукции.

Вториот член кај овој тип сложенки не подлежи на морфолошки рестрикции, така што за него може да се наведат општи статистички податоци. Најфреквентни се именските

изведенки како втор член (*Kleinwohnung, Simultandolmetscher*), следени од симплексните структури (*Kurzhaar, Steildach*), а најслабо застапени се сложенките (*Nobelnachthemd, Schnellwaschmittel*).

ТРЕТАТА ГЛАВА од трудот ѝ е посветена на графијата на сложенките од типот придавка + именка. Графијата кај текстуалните зборови покажува наклоност кон поврзување на композициските компоненти со интерпункциски знак, најчесто со цртичка *Exklusiv-Schlafzimmer, Gebraucht-Fernsehgerät, Grotesk-Männer, Tiefkühl-Spinat*, а и со коса цртичка, како, на пр., кај *Original/Kurzwort-Variation* и *Kalt/Warm Kompressen* итн. Покрај овие графички особености, во последно време сè почесто се застапени и ортографските креации кои, строго земено, го нарушуваат германскиот правопис. Имено се работи за јазични творби со „зборопиманентна мајускула“[17] од типот *fremdKörper, ReginalBahn, AktivFrische* или со пишување на именката со мала почетна буква *beautiful-leute*. Под влијание на англискиот јазик откриени се дури и т.н. „дисконтинуирани сложенки“[18] за коишто е маркантно нивното посредно сраснување т.е. неслеано пишување, на пр., *Chemisch Reinigung, Frisch Fleisch*. Изнесениве графички тенденции, особено пишувањето со цртичка, се во согласност со Новиот правопис на германскиот јазик кој толерира поголема слобода во изборот на пишувањето со или без цртичка кај сложенките. Цртичката е, според Новиот правопис, дозволена доколку му послужи на читателот како помош за сегментација на композициските елементи.

ЧЕТВРТАТА ГЛАВА на трудот се занимава со семантичкиот опис на сложенките од типот придавка + именка. Според дадената теоретска рамка, секоја придавка што е компатибилна со именка би била потенцијален кандидат за сложенка. Но реалноста покажува дека не се сите семантичко компатибилни комбинации[19] експлицирани во сложенка (можно е

[17] Barz (1993, 167).
[18] Ebenda.
[19] За семантичката валенција в. Гацов (1974) и (1975).

да се каже *hübsches Mädchen*, но не **Hübschmädchen*). Оттука се наметна задачата за откривање на семантичките класи на придавките и именките коишто се реализирани како сложенки за да се дедуцираат „преференции за спојување" коишто ќе послужат како обрасци и за создавање нови комбинации.

Семантичката анализа покажа присуство на следниве класи придавки: квантитативни (*ganz*: *Ganzporträt*), квалитативни (*neu*: *Neubau*), класификативни (*zirkular*: *Zirkularbrief*), придавки што означуваат боја (*rot*: *Rotstift*), потекло (*deutsch*: *Deutschkurs*), место (*Unter-*: *Unterkiefer*) време (*ewig*: *Ewig-Erde*). Резултатот од семантичката анализа на именките потврдува присуство на називи за лица (*Kleinbürger*), за животни (*Buntkäfer*), за растенија (*Frühapfel*), за материјали (*Edelmetall*), артефакти (*Rundbürste*), делови од човечкото тело (*Dummkopf*) и помал незначаен број на други семантички класи.

Во следниот чекор на истражувањето беа опфатени „преференциите на спојување", т.е. комбинациите на одреден вид придавка со именка. Од особена важност е откривањето на оние комбинации коишто не се застапени во лексиконот на германскиот јазик, односно коишто се слабо застапени и од кои не се очекува да бидат пример за нови комбинации. Овие изработени правила свесно не се означени со вообичаениот термин рестрикции, бидејќи, како што, впрочем, беше истакнато во теоретскиот воведен дел, се поаѓа од претпоставката дека секогаш постои можност за кршење на овие правила со употреба на една „атипична" комбинација. Истражувањето ги откри следниве преференции на спојување, односно дивергенции:

1. Комбинацијата од *придавка што означува својство* + *именка што означува лице* не е застапена во лексиконот на германскиот јазик, и по можност, би требало да се избегне. Атипични се, на пр., конструкциите како **Feigsoldat*, **Klugstudent*, **Schönlehrerin*. Но и ова правило има веќе доволен број конкуренти, како, на пр., *Grotesk-Männer, Jungregisseur, Schlicht-Tourist, Blond-Agnes, Beststudent* и сл. што значи дека тука постои шанса за омекнување на ова правило.

2. Сложенка од *придавка* + *именка што означува дел од човечкото тело* не се реализира во случајот кога се денотира дел од човечкото тело (за *долга нога* не би се рекло *Langbein* туку

langes Bein; исклучоци се стручни термини како, на пр., *Kleinfinger, Großhirn* и сл.). Сложенката се преферира во случај на посесивна релација, кога таа се однесува на лице: *Langbein* е 'лице што има долги нозе'.[20]

3. Комбинацијата од *придавка што означува материјал + именка* не е реализирана (**Gläserntür, *Hölzerntisch*). Овој семантички образец во германскиот јазик е реализиран со морфолошката форма именка + именка, на пр., *Glastür, Holztisch*).

4. Комбинацијата од *придавка што означува време + именка* е, речиси, нереализирана: Освен текстуалните сложенки *Ewig-Erde* и *Ewig-Ton* не постојат комбинации како, на пр., **Damaligsituation*, **Gestrigeinkauf* и сл.

5. Комбинацијата од *придавка што означува место + именка* е, речиси, нереализирана: Освен придавските форми *Ober-* (на пр., *Oberdeutschland*) и *Unter-* (на пр., *Unterkiefer*) не постојат други комбинации како на пр. **Hiesigbürger, *Dortigsituation* и сл.

6. Комбинацијата од *придавка што означува потекло + именка* е слабо реализирана (*Englischunterricht, Deutschstunde*) и е најчесто идиоматизирана комбинација (*Englischleder* 'festes dichtes Baumwollgewebe für Arbeitskleidung' т.е. 'цврста густа памучна ткаенина за работна облека').

Финалната анализа од областа на семантиката се состоеше од декодирањето на семантичкиот однос меѓу композициските членови и се формализира во т.н. семантички обрасци со кои се опишуваат постојните сложенки што ќе послужат и за создавање нови комбинации.

Оваа анализа покажа 4 „регуларни" активни семантички обрасци и еден образец кај кој е потребна интерполација, бидејќи се работи за т.н. егзоцентрични сложенки.[21]

---

[20] Сп. егзоцентрични сложенки одн. семантички образец со интерполација.

[21] Motsch (1995b) прави разлика меѓу семантички и прагматски аспекти на зборообразувачки конструкции. Во семантиката спаѓа значењето на конструкциите коешто се добива по пат на сумација на поедините значења на лексички конституенти и нивниот синтаксички сооднос. Ова сфаќање е познато исто како принцип на композиционалност. Во прагматиката спаѓаат „оние аспекти на интерпретација на јазични изрази коишто се добиваат со помош на комуникационо знаење, знаење за нештата на светот, знаење за актуелната

Тие четири „регуларни“ обрасци се:

1. Атрибутивна интерпретација: придавката (A) се однесува директно на едно лице, животно односно на еден предмет, којшто е претставен со именката (N): тип *Glatteis* 'glattes Eis' (=голомразица); исто така, *Altschnee, Buntwäsche, Billig-Auto, Höchstangebot* и сл. Формулата гласи:

$$[A\&N]_{(ref.)}$$

2. Адјунктивна интерпретација: придавката (A) се однесува на еден предикат (P), и тоа најчесто глагол кој мора да се додаде, т.е. се однесува на предикативната компонента на една предикатско-аргументска структура. Референтите се N коишто агираат на A-начин: тип *Simultanspiel* 'Schachspiel eines Spielers, das simultan gegen mehrere Partner gespielt wird' т.е. 'шаховска игра што се изведува симултано против повеќе лица'; исто така, *Frühzug, Magermotor, Scharfrichter, Schnellbus* и сл. Формулата гласи:

$$[N \& A(P(N))]_{(ref.)}$$

3. Каузативна интерпретација: се работи за референти, коишто се именки и кои причинуваат лицата / растенијата / животните / односно предметите да го прифатат својството на придавката: тип *Bleichsucht* 'Sucht, die bleich macht' (=анемија), исто така *Jungbrunnen, Bitterfäule, Schwarzsucht, Kraftloserklärung* и сл. Формулата гласи:

$$[N \& CAUS\ (N, WERD\ (PERSON/PFLANZE/TIER/GEGENSTAND), A]_{(ref.)}$$

4. Индиректна интерпретација: придавката се однесува на компонента којашто не е релација, туку којашто зазема аргументско место на таа релација: тип *Feinbäckerei*. Вториот член *Bäckerei* го содржи предикатот BACKEN со аргументските места (X,Y) 'една институција каде што се пече' (=фурна). Придавката *fein* е предикат на аргументското место Y (= BACKWAREN) (=печива) коешто формално не се појавува. *Feinbäckerei,*

говорна ситуација и одредени операции.“ (Motsch 1995b, 514). Секоја интерпретација којашто го надминува експлицитното лексичко ниво на зборообразувачката конструкција навлегува во доменот на прагматиката.

всушност, е *Fein(backwaren)bäckerei.* Затоа врз основа на морфолошкиот опис, овие сложенки се нарекуваат елиптични; исто така *Althändler, Großbauer, Intensivstation, Weißstickerei* и сл. Формулата за *Feinbäkerei* гласи:

$$[\text{BACKEN (X, FEIN (Y))}]_{(\text{ref.})}$$

И веќе спомнатиот образец кај кој е потребна интерполација е претставен преку:

1. Егзоцентрични сложенки: Именката не ја означува референцијалната класа на сложенката; сложенката придавка + именка означува само својства на една класа (најчесто лице, животно или растение), којашто треба да се додаде, т.е да се интерполира. Се разликуваат две релации:

а) посесивна релација: тип *Rothaut* 'Person, die rote Haut hat' (=црвенокожец/Индијанец); исто така: *Blaukehlchen, Gelbfuß, Weißdorn, Spitzkant* и сл. Формулата гласи:

$$[\text{PERSON/TIER/PFLANZE/DING \& POSS (P/T/PF/D, A (N))}]_{(\text{ref.})}$$

б) релација на сличност: тип *Plumpsack* 'Mensch, der plump wie ein Sack ist', односно 'dicker, schwerfälliger Mensch' (='човек тром како вреќа', односно 'тром човек'); исто така: *Schlappsack, Fettkloß, Spitzhörnchen, Gelbstern/Goldstaub* и сл. Формулата гласи:

$$[\text{PERSON/TIER/PFLANZE \& SIM (P/T/PF, A (N))}]_{(\text{ref.})}$$

Семантичкиот опис завршува со семантичките особености кај овој тип сложенки, кои се базираат врз енциклопедиското

знаење[22], на пр., *Weißstorch* не е целосно, туку приближно 'бел штрк', како и сложенки чиј прв, односно втор композициски член е метафоризиран, на пр., *Schwarzmarkt* 'црн пазар', *Nacktfrosch* 'голо дете', но не *'гола жаба'.

Употребувани симболи:

A(adjektiv)	придавка
CAUS	релација на каузалност
DING	предмет
MF	морфолошка форма
N(omen)	именка
P	предикат
P/T/PF/D	лице/животно/растение/предмет
PERSON	лице
POSS	релација на поседување
PFLANZE	растение
Sm_i	семантички образец
SIM	релација на сличност
TIER	животно
V(erb)	глагол
WbM	зборообразувачки образец
X^0	вториот конституент на сложенката
Y^0	првиот конституент на сложенката
*	некоректни конструкции

[22] Со овој феномен којшто во германистичката лингвистика е познат како *enzyklopädisches Wissen* односно како *Weltwissen* се занимава, на пр., Motsch (1995b).

Литература:

DaF	Deutsch als Fremsprache
Diss.	Dissertation
FS	Festschrift
ZfS	Zeitschrift für Sprachwissenschaft. Organ der deutschen Gesellschaft für Sprachwissenschaft. Hrsg. Deutsche Gesellschaft für Sprachwissenschaft (DGfS)

Barz, Irmhild (1993): Graphische Varianten bei der substantivischen Komposition. *DaF* 3, 167-172.

Campe, J.H. (1801): *Wörterbuch zur Erklärung und Verdeutschung der unserer Sprache aufgedrugenen fremden Ausdrücke.* Ein Ergänzungsband zu Adelungs Wörterbuche. 2 Bde. Braunschweig.

Deutsche Wortbildung. Typen und Tendenzen in der Gegenwartssprache (1991). Eine Bestandsaufnahme des Instituts für deutsche Sprache. Forschungsstelle Innsbruck. *4. Hauptteil. Substantivkomposita.* L. Ortner, E. Müller-Bollhagen et al. Berlin /New York.

Erben, Johannes (^{3}1993): *Einführung in die deutsche Wortbildungslehre.* Berlin (=Grundlagen der Germanistik 17).

Fanselow, Gisbert (1981): *Zur Syntax und Semantik der Nominalkomposition. Ein Versuch praktischer Anwendung der Montague-Grammatik auf die Wortbildung im Deutschen.* Tübingen (= Linguistische Arbeiten 107).

Fridolin (1973): Von Kleinkindern und Grünbäumen. *Der Sprachdienst* 17/9, 122.

Gacov, Dimitrija (1974): *Studien zur semantischen Valenz. Eine Untersuchung über die Verhaltensverben unter Berücksichtigung der wie-Aktanten.* Diss. Halle (Saale).

(1975): Die Valenztheorie als selbstständige Disziplin. *Годишен зборник на Филолошкиот факултет Скопје*, Bd. II, 103-135.

Herbermann, Clemens-Peter (1981): *Wort, Basis, Lexem und die Grenze zwischen Lexikon und Grammatik. Eine Untersuchung am Beispiel der Bildung komplexer Substantive*. München.

Höhle, Tilman (1982): Über Komposition und Derivation. Zur Konstituentenstruktur von Wortbildungsprodukten im Deutschen. *ZfS* 1, 76-112.

Motsch, Wolfgang (1995a): Semantische Grundlagen der Wortbildung. *Die Ordnung der Wörter. Kognitive und lexikalistische Strukturen*. Hrsg. von G. Harras. Berlin/New York, 193-226.

(1995b): Semantische und pragmatische Aspekte der Wortbildung. *Deutsch als Fremdsprache. An den Quellen eines Faches*. FS für Gerhard Helbig zum 65. Geburtstag. Hrsg. von H. Popp. München, 513-531.

(1996): Wieviel Syntax brauchen Komposita? *Sprachwissenschaft. ein Reader*. Hrsg. von L. Hoffmann. Berlin/New York, 444-451.

Olsen, Susan (1986): *Wortbildung im Deutschen. Eine Einführung in die Theorie der Wortstruktur*. Stuttgart.

Reis, Marga (1983): Gegen die Kompositionstheorie der Affigierung. *ZfS* 3, 110-131.

Simoska, Silvana (1998): *Eine Untersuchung zu Nominalkomposita mit Adjektiv als erstem Glied in der deutschen Gegenwartssprache*. Magisterarbeit. Philologische Fakultät. Skopje, 1585.

Selkirk, Elisabeth (1982): *The Syntax of Words*. Cambridge, MA (=Linguistic Inquiry Monographs 7).

Toman, Jindrich (1983): *Wortsyntax. Eine Diskussion ausgewählter Probleme deutscher Wortbildung*. Tübingen (=Linguistische Arbeiten 137).

Williams. Edwin (1981): On the Notions 'lexically related' and 'head of a word'. *Linguistic Inquiry* 12, 245-274.

Wilss, Wolfram (1986): *Wortbildungstendenzen in der deutschen Gegenwartssprache. Theoretische Grundlagen - Beschreibung - Anwendung*. Tübingen.

Žepić, Stanko (1970): *Morphologie und Semantik der deutschen Nominalkomposita*. Zagreb (=Zagrebačke Germanističke Studije 3).

Silvana SIMOSKA

NOMINALKOMPOSITA MIT ADJEKTIV ALS ERSTEM GLIED IN DER DEUTSCHEN GEGENWARTSSPRACHE

Zusammenfassung

Die vorliegende Studie stellt eine kurze Zusammenfassung der Forschungsergebnisse der Magisterarbeit „Eine Untersuchung zu Nominalkomposita mit Adjektiv als erstem Glied in der deutschen Gegenwartssprache" dar, die am 13.01.1998 an der Philologischen Fakultät zu Skopje verteidigt worden ist. Erstmals in der Germanistischen Linguistik steht das Adjektiv+Nomen-Kompositum (im Folgenden A+N) im Mittelpunkt einer umfassenden wissenschaftlichen Monographie. Das bisher marginale Interesse der Linguisten an diesem Kompositionstyp im Vergleich zu Nomen+Nomen- und Verb+Nomen-Konstruktionen resultiert zum einen aus der relativ schwachen Präsenz im Lexikon der deutschen Sprache, zum anderen aus der unbegründeten Annahme, man habe es hier mit trivialen Konstruktionen zu tun, deren Semantik transparent sei.

Der Untersuchung lagen ca. 2000 Exzerpte aus Wörterbüchern, Zeitschriften, Zeitungen und Schöner Literatur zugrunde.

Vom lexikalistischen Standpunkt ausgehend, werden sowohl Lexikonwörter, Wortbildungen, die zum festen Bestand des deutschen Lexikons gehören, als auch Textwörter, Wortneubildungen, die zunächst für die Zwecke bestimmter Texte gebildet werden, mit der Struktur *Adjektiv+Nomen* unter morphologischem, graphischem und semantischem Aspekt untersucht.

Die bisherige Hypothese des Primäradjektivs (*Kurzdrama*) als einzig möglichem Erstglied konnte durch den Nachweis von ebenso vielen derivierten (*Idealbesetzung*), kompositionellen (*Schwarzweißfilm*), partizipialen (*Gebrauchtwagen, Lebendgeburt*) wie gebundenen (*Sonderzug*) Erstgliedern revidiert werden. Nicht nur die Länge des Erstglieds, sondern vor allem seine betonte Endsilbe ist für die Verknüpfung zum Kompositum entscheidend.

Die Graphie der A+N-Komposita ist mannigfaltig: sie reicht von der Zusammenschreibung der Kompositionsglieder (*Altpapier*) über Bindestrichkomposita (*Vital-Therapie*) und Schrägstrichkomposita

(*Warm/Kalt Kompressen*) bis hin zu diskontinuierlichen Komposita (*Frisch Fleisch*).

Die Verknüpfung von bestimmten Adjektiv- und Nominaklassen unterliegt keinen strikten Regeln, es können lediglich Tendenzen aufgezeigt werden. Die Erst- und Zweitglied zugrunde liegende Relation konnte nach vier regulären semantischen Mustern und einem Muster, das eine Interpolation erfordert, klassifiziert werden. Daraus resultieren attributive (*Glatteis*), adjunktive (*Schnellzug*), kausative (*Bleichsucht*) und indirekte (*Feinbäckerei*) Interpretationen. Das semantische Muster mit Interpolation ist bei exozentrischen Komposita anzutreffen, da die bezeichnete Klasse der Referenten nicht in der Konstruktion expliziert ist. Exozentrische A+N-Komposita lassen eine possessive (*Rothaut*) und eine similäre (*Plumpsack*) Interpretation zu.

УДК 808.66 – 541.112.11

Људмил СПАСОВ

УЛОГАТА НА ПРЕФИКСИТЕ ВО РЕЗУЛТАТИВНАТА АСПЕКТНА КОНФИГУРАЦИЈА НА ПРОСТИТЕ СЕМАНТЕМИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Посвешено на акад. Оливера Јашар-Настева

0. Во истражувањето на резултативната аспектна конфигурација во македонскиот јазик, како една од конфигурациите што го изразуваат сложениот глаголски вид во македонскиот јазик (наспроти простиот којшто може да биде прост моментен и прост континуативен), како најважен проблем е определувањето на не-аспектното значење на префиксите, бидејќи нивната моментна аспектна вредност по силата на фактот се неутрализира во комбинација со резултативен корен, не земајќи ги овде предвид резултативните префикси кои се носители на резултативната конфигурација (в. подолу).

Веднаш треба да се каже дека префиксите се една мошне сложена категорија не толку на структурен, колку на семантички аспект. Гледано во однос на богатството на структури бројот на префиксите е ограничен во македонскиот, како и во кој и да било друг словенски јазик, што значи дека тие претставуваат затворено множество со релативно мал број на членови, но гледано од семантички аспект станува јасно дека префиксите се експоненти на два типа семи: на аспектната сема на простиот моментен вид - моментот на временската оска и на семата модификатор за место, количество, интензивност итн., семантички модификатор, сп. *му ја пообјасни задачата* (= ја објасни во мала мера). Префиксите можат да се јават и како предикати во составот на семантеми што изразуваат определени видски конфигурации, така на пр. резултативниот префикс (в. подолу) *в-* во примерот *го вби клинецот во*

видот претставува предикат со три аргументски позиции **h {x,y,z}** || сместува {x, нешто, некаде}. Префиксите како структури почесто се амалгами на аспектните и другите семи: експонент на моментниот вид + семантички модификатор, поретко тие се само експоненти на моментниот вид што значи дека не носат модификациска информација, односно се семантички празни како во пр. *диференцира - издиференцира* каде *из-* е семантички празен префикс.

Општо може да се каже дека префиксите се неспецијализирана категорија: релативно мал број на структури (или форманти) покриваат релативно голем број на комбинации, според тоа тие се оптеретени од една страна со полисемија, а од друга со синонимија, што е автоматска карактеристика на несамостојните морфолошки сегменти во текстот.

1. Досегашните сознанија го покажуваат тројниот можен статус на глаголските префикси:

1. нивната видска функција, т.е. функција на преобразување на имперфективни во перфективни глаголи без дополнителни семантички промени, сп. *из-роди - роди,* потоа
2. функцијата за вид на дејство - видски лик (Aktionsart), т.е. функција на семантичка модификација на глаголот-база со оглед на место, време. начин, интензивност, количество итн., сп. *гради - до-гради* (= дополнително гради) итн., (сп. на пр. Иванчев 1971, Маслов 1984),
3. улогата на префиксите како предикати, т.е. внесувачи на сопствена "процесуална" содржина (в. Богуславски 1963, 1971; Врубел 1996).

Меѓутоа, секое едно истражување на префиксираните глаголски лексеми бара подробен опис на односите меѓу семантичките единици и морфемите што ја сочинуваат глаголската лексема: префиксите, коренските морфеми и наставките, потоа одделување на аспектните семи од другите семи: семантичките модификатори за околности кои немаат врска со аспектната семантика (иако можат да бидат кумулирани во исти структурни експоненти). Со тоа се отфрла мислењето дека постојат семантички единици кои би биле показатели на т.н. Aktionsart (в. Каролак 1992). Подробниот опис подразбира

изделување на можните комбинации на префиксите и коренитe на глаголот во рамките на една видска конфигурација, притоа водејќи сметка за семантичката вредност на коренитe.

Овој прилог ја има токму таа намера, а имено да ја покаже улогата на префиксите во резултативната аспектна конфигурација на простите семантеми во македонскиот јазик, односно да ги покаже комбинациите на префиксите со коренитe и со наставките во рамките на резултативната аспектна конфигурација, односно на лексемите носители на една автономна семантичка вредност.

2. Резултативната аспектна конфигурација го покажува сложениот свршен вид, односно таа претставува конфигурација со доминанта на момент (доминанта на моментниот прост вид) (в. Спасов 1997, Каролак 1994).

Содржината на резултативната конфигурација се состои од три семи: М + М + К. Двете моментни семи се неутрализираат на временската оска, т.е. двата момента се слеваат во еден, додека континуативната сема покажува резултантна ситуација, ситуација како резултат на моментното дејство. Нејзината формализирана дефиниција изгледа вака: *СТАНА Р1 ТАКВО ДЕКА СТАНА Р2.*

3. Резултативната конфигурација на простите префиксирани семантеми покажува една автономна семантичка вредност што значи дека резултативната видска вредност на коренот и моментната видска вредност на префиксот е неутрализирана, според тоа префиксот е без аспектна вредност, а коренот е носител на резултативната аспектна вредност, пр.: *при-создад-* = м + (м+к) = м+к, или префиксот е носител на резултативната видска вредност (префикс - предикат), пр.: *в-глав-* = (м + к) + к = м + к, а резултативната видска вредност на коренот е неутрализирана, според тоа коренот е без аспектна вредност. И во двете ситуации суфиксот, ако го има, кога коренот не е со тематска вредност, е без аспектна вредност, односно неговата моментна видска вредност е неутрализирана со видската вредност на коренот и префиксот. Според својата структура таа во македонскиот јазик може да биде двеморфемска, составена од префикс + корен; триморфемска, составена од префикс + корен + суфикс, префикс + префикс + корен; четириморфемска, составена од префикс + корен + суфикс + суфикс, префикс + префикс +

корен + суфикс, префикс + префикс + префикс + корен и петморфемска, составена од префикс + префикс + корен + суфикс + суфикс, префикс + префикс + префикс + корен + суфикс.

4. Семантичка и структурна сложеност на резултативна аспектна конфигурација на префиксираните прости семантеми во македонскиот јазик

4.1. Резултативна конфигурација на двеморфемските семантеми

4.1.1.Префикс без аспектна вредност + резултативен корен

Овде спаѓаат семантемите составени од резултативни корени со тематска вредност со додавање на префикси без аспектна вредност, префиксите претставуваат семантички модификатор.

Примери и употреба:

⇒ *по-* 'брзо, површно': *ги пообу новите чевли и излезе в град; се пооблековме и се по-обувме* (PMJ)

⇒ *при-* 'брзо, површно': *ги приобу новите чевли, не заради тоа дека сакаше тоа да го стори за да биде облечен во ново, туку заради фактот дека немаше други чевли во близината, а тој многу брзаше и немаше време да бара други чевли*

⇒ *раз-* 'спротивно од *обу*': *кога се врати од град се разобу и се расоблече;*

⇒ *с-* 'спротивно од *обу*': *ги собу чевлите.*

4.1.2. Резултативен префикс + корен без аспектна вредност

И овде се работи за мал број примери, бидејќи корените што изразуваат [+тема] се ограничени воопшто.

Резултативниот префикс претставува предикат со резултативна аспектна вредност со три аргументски позиции - **h {x,y,z}** || сместува/изместува {x, нешто, некаде}, со парафраза *x сместува/изместува нешто (од) некаде* и му ја одзема (ја неутрализира) аспектната вредност на коренот.

Примери:

⇒ {*-е* (презент) / *-∅* (аорист)}: *в-бие - в-би; в-шие - в-ши; за-бие - за-би; из-бие - из-би; на-бие - на-би*

ја вши апликацијата

Употреба:

⇒ *в-: го вби клинецот во ѕидот; ја вши апликацијата врз блузата*

⇒ *за-: го заби клинецот во ѕидот*

⇒ *из-: го изби клинецот од ѕидот*

⇒ *на-: го наби клинецот во ѕидот*

4.2. Резултативна конфигурација на триморфемските семантеми

4.2.1. Префикс без аспектна вредност + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност

Во оваа конфигурација учествуваат следните префикси и тие ги имаат следните значења:

4.2.1.1. *де-/дез-* (аломорф пред самогласка)

Овој префикс претставува семантички модификатор 'спротивно од'. Не е нотиран како префикс кај Конески (1967: 394 pass.). Него го објаснува Конески, К. (1995: 145-146) како туѓ префикс. Заедно со префиксите *дис-* и *ре-*, учествува во префиксацијата на глаголите од интернационалната лексика (глаголи со наставките *-ира/ -из-ира*).

Примери:

⇒ *де-монѓт-ира; де(з)-организ-ира; де(з)-ориент-ира; де-форм-ира*

Употреба:

Ги демонтира трклата на велосипедот.; Ја деформираа рачката од управувачот.

4.2.1.2. *воз-*

Овој префикс кај анализираните примери е семантички празен. Тоа Конески (1967: 394 pass.) го објаснува со фактот дека глаголските зборови со префиксот *воз-* "се декомпонирале" и се

добиле следните глаголски низи: *воз-држи се - з-држи се; вос-противи се - спротиви се; в-земе - земе* и сл. Ова се примери (освен: *земе*), каде коренот е со континуативна доминанта, па префиксот *воз-* има моментна аспектна вредност. Конески, К. (1995: 145-146) овој префикс го разгледува заедно со глаголскиот корен како видски лик, па во таа смисла и ги карактеризира неговите значења, сп.: *возврати 'обратна насоченост'* и сл., додека кај примерите *возбуди, востане* префиксот не се дели синхрониски од глаголскиот корен, тој тука претставува историски факт. Обајцата се сложуваат дека се работи за глаголи заемки од црковнословенската писмена традиција.

Примери:

⇒ *воз-врат-и*

Употреба:

Му го возврати ударот на непријателот кога тој најмалку се надеваше.

4.2.1.3. *до-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени може да претставува семантички модификатор или да е семантички празен. Инаку во други комбинации има повеќе значења што е израз на јазичната економија. И Конески (1967: 394 pass.) и Конески, К. (1995: 145-146) даваат примери каде овој префикс учествува во семантеми што изразуваат терминативна видска конфигурација, сп.: *до-врие; до-гние; до-брише* и сл. Обајцата не наведуваат примери каде глаголската лексема со и без префикс значи исто, односно каде префиксот е семантички празен.

Примери:

⇒ (да се додаде уште нешто): *до-плат-и; до-дад-е*

Употреба:

им ги доплати дневниците на аргатите и аргатките (ЈЛ,162); *Тука ќе додадам, на селаните не им било речено да се смират тој ден и таа ноќ.* (МФ,82)

⇒ (просторна модификација: стигнување до цел): *до-фат-и*

Употреба:

го дофати детето (= го фати детето) во трчаница и го натепа

4.2.1.4. *за-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'да се најде некаде' или да е семантички празен. Во комбинација со резултативен корен неговата аспектна вредност се неутрализира. Инаку во комбинација со корени што изразуваат други видски вредности, тој е најфреквентен кај инхоативната односно терминативната конфигурација. Сп. ги примерите кај Конески (1967: 394 pass.) и Конески, К. (1995: 145-146) каде овој префикс учествува во семантеми што изразуваат инхоативна видска конфигурација, сп.: *за-плива; за-ткае* и сл.

Примери:

⇒ (да се најде некаде): *за-фрл-и*

Употреба:

ги зафрли книгите зад креветот и не можеше да ги најде кога му требаа

⇒ (семантички празен): *за-врз-а*

Употреба:

ги заврза чевлите

4.2.1.5. *из-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'да се изврши дејството во голема мера - кумулација' или е семантички празен.

Во комбинација со префиксите *за-* и *по-* ⇒ *из-за-*, *ис-по-* кога коренската семантема е со мометна доминанта, сп. *иззатвори - Сталин редум ги иззатвори сите свои противници.; испозатвори - Сталин редум ги испозатвори сите свои противници.*, тој учествува во дистрибутивната конфигурација која претставува комбинација меѓу мултипликативноста и резултативноста (в. Спасов 1997).

Примери:

⇒ *из-* (кумулација): *из-анализ-ира; из-возбуди-и; из-зараз-и; из-облеч-е*

Употреба:

Европската Унија убаво ги изанализира можностите на приклучувањето на балканските земји во нејзиното членство (Пулс); *ги изоблече сите партали што му се најдоа при рака*

⇒ *из-* (семантички празен): *ис-каж-а; из-најд-е; ис-прат-и; из-реч-е; ис-плат-и*

Употреба:

со длабок глас ја изрече пресудата (СЈИ,117); *го исплати долгот*

4.2.1.6. *на-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'да се изврши дејството во голема мера - кумулација' или има категоријално дијатетичка вредност.

Примери:

⇒ *на-* (кумулација): *на-каж-а; на-род-и*

Употреба:

ѝ накажа сѐ што му се трупаше во минатите денови; му народи многу деца

⇒ *на-* (објаснување на дијатезата): *на-плат-и*

Употреба:

ги наплати (од некого) *заостанатите долгови*

4.2.1.7. *над-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'да се додаде уште нешто'.

Примери:

⇒ *над-: над-дад-е; над-реч-е; нат-плат-и*

Употреба:

не само што ги натплати своите грешки, туку и ги преплати

4.2.1.8. *об-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'опфати целосно'.

Примери:

⇒ *об-: об-зед-е*

Употреба:

го обзеде горчина во душата

4.2.1.9. *од-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'спротивно од', в. го префиксот *де-*.

Примери:

⇒ *од-: од-затн-а; од-зед-е; от-куп-и*

Употреба:

со овој Закон на прекршителите им се одземаат работите со кои е извршено делото; го откупи имотот на татка си од претходните сопственици

4.2.1.10. *по-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'насоченост кон нешто'.

Примери:

⇒ *по-: по-дад-е; по-фат-и*

Употреба:

ја подаде топката на еден соиграч

4.2.1.11. *под-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'во мала мера -

минимализација' или е семантички празен. Овие значења се одразени во контекстите.

Примери:

⇒ *под-* (минимализација): *пот-турн-а; пот-фат-и*

Употреба:

ја потфати масата за едно крајче

⇒ *под-* (празен префикс): *под-зед-е; под-зафрл-и; пот-каж-а*

Употреба:

му поткажа дека непријателот набргу доаѓа во селото

4.2.1.12. *пре-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'во голема мера - максимализација: повеќе од...', или предикат 'пренесе од нешто на нешто'. Во комбинација со резултативен корен неговата аспектна вредност се неутрализира, додека во други комбинации може да изрази трансформативна конфигурација, сп.: *пре-дипли; пре-игра; пре-копа* и сл. (Конески, К. 1995: 143)

Примери:

⇒ *пре-* (во голема мера): *пре-заработ-и; пре-плат-и*

Употреба:

не само што ја плати својата грешка, туку и ја преплати

⇒ *пре-* (пренесе од нешто на нешто):

Употреба:

го префати грипот од посетата на болниот

4.2.1.13. *при-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени претставува семантички модификатор 'да се додаде уште нешто', или е семантички празен.

Примери:

⇒ *при-* (да се додаде уште нешто)*: при-дад-е; при-куп-и*

Употреба:

му придаде уште 1000 денари за да може да ја купи саканата облека

⇒ *при-* : *при-умр-е/т*

Употреба:

толку го измачија што (за малку ќе) го приумреа

4.2.1.14. *про-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени е семантички празен. Во други комбинации изразува инхоативна конфигурација, сп.: *про-гледа* (Конески, К. 1995: 144).

Примери:

⇒ *про-: про-умре-/т*

Употреба:

толку го измачија што (за малку ќе) го проумреа

4.2.1.15. *раз-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени го има значењето 'спротивно од...', интензификација или го потенцира должината на дејството. Во други комбинации може да изрази инхоативна конфигурација, сп.: *раз-гори*, мултипликативна конфигурација, сп. *се разраѓа деца.*

Примери:

⇒ *раз-* (спротивно од...): *раз-венч-а; рас-форм-ира*

Употреба:

го расформираа претпијатието што самите го создадоа пред две години (Пулс)

⇒ *раз-* (интензификација): *раз-дад-е; рас-продад-е; рас-фрл-и*

Употреба:

распродаде сè што имаше

⇒ *раз-* (должина на дејството): *рас-каж-а* (*каж-а*)

Употреба:

му раскажа (*кажа*) *една приказна*

4.2.1.16. *с-*

Овој префикс во комбинација со резултативни корени е семантички празен.

Примери:

⇒ *с-: с-уред-и*

Употреба:

ја суреди набрзина собата

4.2.2. Резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

Резултативниот префикс претставува предикат со резултативна аспектна вредност со три аргументски позиции **h {x,y,z}** || сместува/изместува {x, нешто, некаде}, со парафраза *x сместува/изместува нешто (од) некаде* и му ја одзема (ја неутрализира) аспектната вредност на коренот.

4.2.2.1. *в-*

Примери:

⇒ *в-глав-и; в-калап-и; в-ков-а; в-пиш-а*

Употреба:

го вглави клучот во бравата

4.2.2.2. *во-*

Примери:

⇒ *во-вр-е (в.вовира); во-тн-а (в.вотина)*

Употреба:

го вовре клучот во бравата

4.2.2.3. Префикс: *з-*

Примери:

⇒ *з-брц-а*

Употреба:

го збрца кошето во него

4.2.2.4. *за-*

Примери:

⇒ *за-глав-и; за-глиб-и/т*

Употреба:

ја заглави колата во снег

4.2.2.5. *из-*

Примери:

⇒ *из-влеч-е*

Употреба:

ја извлече колата од снегот

4.2.2.6. *на-*

Примери:

⇒ *на-вр-е*

Употреба:

ја навре капата на глава

4.2.2.7. Префикс: *про-*

Примери:

⇒ *про-вр-е*

Употреба:

го провре низ иглени уши

4.2.2.8. *с-*

Примери:

⇒ *с-плет-е*

Употреба:

ја сплете нитката во потката

4.2.3. Префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен корен

Овде спаѓаат некои од резултативните семантеми составени од префиксите без аспектна вредност и резултативните корени со додавање на префиксот *по-* ако следниот префикс е *при-* и обратно, со додавање на *при-* ако следниот префикс е *по-*. Првиот од префиксите има значење 'површно, извршување на дејството во мала мера' и претставува адвербијален квалификатор, а вториот е семантички празен. Овие примери претставуваат отворена ад хок серија карактеристична за разговорниот јазик.

Примери:

⇒ {*-е* (презент) / *-∅* (аорист)}: *по-на-обуе - по-на-обу; при-по-обуе - при-по-обу*

Употреба:

⇒ *по-на: ги понаобу новите чевли и излезе в град;*

⇒ *при-по-обу: ги припообу новите чевли и излезе в град;*

4.2.4. Префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност

Овде спаѓаат резултативните конфигурации составени од резултативни префикси и тематски корени без аспектна вредност со додавање на ограничен број на префикси без аспектна вредност и со значење на адвербијален квалификатор. Тие претставуваат отворена ад хок серија карактеристична за разговорниот јазик.

Префиксот *из-* во оваа комбинација претставува модификатор на интензивноста, означува нејзино зголемување; префиксите *под-* и *по-* се исто така модификатори на интензивноста и означуваат мала мера.

Примери:

⇒ {*-е* (презент) / *-∅* (аорист)}: *из-на-бие- из-на-би; под-на-бие - под-на-би; по-из-бие - по-из-би; по-на-бие - по-на-би*

Употреба:

⇒ *под-на-би: го под-на-би клинецот во ѕидот*

⇒ *по-на-би: го по-на-би клинецот во ѕидот*

4.3. Резултативна конфигурација на четириморфемските семантеми

4.3.1. Префикс без аспектна вредност + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

Овде спаѓаат семантемите составени од префиксот *при-* со значење 'брзо, површно' и (некои од) резултативните корени со додавање на суфиксот *-н-* без аспектна вредност и суфикс без аспектна вредност. Тие имаат ограничена дистрибуција, а суфиксот *-н-* има значење 'брзо, површно', што кај дадените семантеми е редундантно.

Ваквите примери се потесно маркирани за разговорниот јазик и најчесто претставуваат ад хок образувања, односно отворена серија.

Примери:

⇒ *при-: при-благослов-н-а; при-восхит-н-а/т; при-одлож-н-а*

Употреба:

го приодложна испитот еден ден и сепак не седна да доучи

4.3.2. Резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

Овде спаѓаат некои од семантемите составени од резултативен префикс и корените без аспектна вредност од точка со додавање на суфиксите *-к-* и *-н-* без аспектна вредност и без значење: тоа се празни структурални и семантички суфикси.

Примери: *в-плет-к-а; в-прег-н-а; в-тис-н-а; з-буц-н-а; з-буц-к-а; за-*плет-к-а*

Употреба:

го вплетка конецот во иглата; го впрегна коњот на колата

4.3.3. Префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност

Овде спаѓаат семантемите составени од префикси без аспектна вредност и резултативни корени со додавање на префикси без аспектна вредност со квалитативно/адвербијално значење или на семантички празни структурални префикси и суфикси без аспектна вредност.

Прашањето на "вторите префикси" кај глаголските лексеми во македонскиот јазик е сè уште непроучено докрај. Се чини дека според чувството на носителите на јазикот сите префикси можат да бидат втори, рестрикција постои единствено за *в-*, *во-*. Угринова (1960: 38) наведува дека втор не може да биде и префиксот *у-*. Меѓутоа во РМЈ се наведени глаголските лексеми *трпне - устрпне* (не е наведена лексемата *стрпне*, но и таа ѝ припаѓа на низата). Ја имаме, значи, следната низа: *Раката ми трпн-е.* (прост континуативен вид или мултипликативна конфигурација, значи со доминанта на континуумот) - *Раката ми с-трпн-а.* (инхоативна конфигурација, значи со доминанта на моментот: *почна да ми трпне*) - *Раката ми у-с-трпн-а.* (инхоативно-терминативна конфигурација: префиксот *у-* е без аспектна вредност, односно со неутрализирана аспектна вредност, семантички празен структурален префикс; префиксот *-с-* е со моментна аспектна вредност, семантички празен структурален префикс, а глаголската основа е со континуативна доминанта). Се чини дека ограничувањата се јавуваат (сега за сега) во фреквенцијата на појавувањето на определени комбинации на два (и повеќе) префикси. Конески, К. (1995: 146) истакнува дека "како втори се јавуваат главно префиксите: *до-, за-, из-, на-по-, под-, пре-, при-, про-, раз-, с-* (значи и префиксот *з-*, бидејќи Конески него го сфаќа единствено како аломорф на префиксот *с-*, б.м., Љ. Сп.) "

По сè изгледа дека можноста на комбинирањето на префиксите во македонскиот јазик претставува отворена серија, можносите на комбинирањето се недоистражени во науката, а од друга страна јазичното творештво открива нови можности.

Комбинации на префикс + семантема составена од префикс + резултативен корен + суфикс без семантичка вредност се следните.

4.3.3.1. Семантички празен (структурален) префикс + семантички празен (структурален) префикс + резултативен корен + суфикс без аспектна свредност

4.3.3.1.1. ***из- + -из- + резултативен корен + суфикс без ааспектна вредност***

Оваа комбинација е "најнестабилна" и е тесно врзана со разговорниот јазик. Префиксот *из-* во оваа комбинација е семантички празен, но комбинацијата со уште еден таков префикс ја нагласува интензивноста, таа се модифицира кон крајната граница на нејзиното зголемување.

Примери:

⇒ *из-из-адапт-ира; из-из-врат-и; из-из-возбуд-и; из-из-облеч-е*

Употреба:

Толку го изизвозбуди чуеното што не можеше да узусти ниту збор.

4.3.3.1.2. ***из- + -за- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност***

Префиксот *из-* во оваа комбинација е семантички празен, но комбинацијата со уште еден таков префикс ја нагласува интензивноста, таа се модифицира кон крајната граница на нејзиното зголемување.

Примери:

⇒ *из-за-врз-а*

Употреба:

го иззаврза детето со пелените, така што не можеше да претне

4.3.3.1.3. ***из- + -на- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност***

И оваа комбинација е "нестабилна" и е врзана со разговорниот јазик. Префиксот *из-* во оваа комбинација е

семантички празен, но комбинацијата со префиксот *-на-* ја нагласува интензивноста, таа се модифицира кон крајната граница на нејзиното зголемување.

Примери:

⇒ *из-на-адапт-ира; из-на-возбуд-и; из-на-прат-и*

Употреба:

ги изнапрати сите книги, можеше да отпочине

4.3.3.1.4. *из- + -пре- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *из-* во оваа комбинација е семантички празен, но комбинацијата со префиксот *-пре-*, кој исто така е семантички празен, ја нагласува интензивноста, таа се модифицира кон крајната граница на нејзиното зголемување.

Примери:

⇒ *ис-пре-врз-а*

Употреба:

кога дојде во амбулантата со пресечен прст, го испреврзаа и го пуштија дома

4.3.3.1.5. *из- + -с- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *из-* во оваа комбинација е семантички празен, но комбинацијата со префиксот,*-с-*, кој исто така е семантички празен, ја нагласува интензивноста, таа се модифицира кон крајната граница на нејзиното зголемување.

Примери:

⇒ *и(з)-с-уред-и*

Употреба:

на состанокот беше толку концентриран што успеа да ги исуреди своите опоненти

4.3.3.2. Префикс семантички модификатор + семантички празен (структурален) префикс + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност

4.3.3.2.1. *по- + -пре- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *по-* во оваа комбинација е модификатор на интензивноста и означува мала мера, површно.

Примери:

⇒ *по-пре-врз-а:*

Употреба:

му ја <u>попреврзаа раната</u> и веднаш го испратија в болница

4.3.3.2.2. *под- + -за- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *под-* во оваа комбинација е модификатор на интензивноста и означува мала мера.

Примери:

⇒ *под-за-фат-и*

Употреба:

<u>го подзафати</u> за ногата, но тој му се измолкна

4.3.3.3. Семантички празен (структурален) префикс + префикс семантички модификатор + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност

4.3.3.3.1. *на- + -до- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *на-* во оваа комбинација е семантички празен префикс, а префиксот *-до-* претставува адвербијален квалификатор "да се додаде уште нешто".

Примери:

⇒ *на-до-дад-е*

Употреба:

на сета мака, учителката му <u>надода</u><u>де</u> уште една <u>задача</u>

4.3.3.3.2. *из- + -на- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *из-* во оваа комбинација е семантички празен префикс, а префиксот *-на-* претставува семантички модификатор на количеството означувајќи ја неговата крајна граница.

Примери:

⇒ *из-на-облеч-е*

Употреба:

изнаоблече сè што имаше и излезе на снегот

4.3.3.4. Префикс семантички модификатор + префикс семантички модификатор + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност

4.3.3.4.1. *при- + -до- + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *при-* претставува семантички модификатор и означува мала мера на дејство, а префиксот *-до-* претставува семантички модификатор "да се додаде уште нешто".

Примери:

⇒ *при-до-дад-е*

Употреба:

кон своите успеси придодаде уште еден: постигна победнички гол (МРС)

4.3.4. Префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

4.3.4.1. Семантички празен (структурален) префикс + резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

4.3.4.1.1. *из- + -во- + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *из-* во оваа комбинација е семантички празен, но во комбинација со префиксот *-во-* се нагласува интензивноста на дејството.

Примери:

⇒ *из-во-влеч-е*

Употреба:

Го извовлекоа во таа работа, па не можеше повеќе да се извлече

4.3.4.2. Префикс семантички модификатор + резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

4.3.4.2.1. *при- + -за- + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност*

Префиксот *при-* во оваа комбинација претставува семантички модификатор и означува мала мера на дејство.

Примери:

⇒ *при-за-кач-и*

ја призакачи сликата на ѕидот, привремено, со намера понатаму да ѝ најде соодветно место

4.3.5. Префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен корен

Оваа конфигурација се состои од резултативните семантеми составени од префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен корен со додавање на префиксот *по-* без аспектна вредност. Префиксот *по-* во оваа комбинација е семантички празен.

Примери:

⇒ *по-из-на-обу*

Употреба:

ги поизнаобу сите џемпери и излезе надвор на студенилото

4.3.6. Префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност

Оваа конфигурација се состои од резултативните семантеми составени од префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност со додавање на префиксите *по-, под-, пре-, при-; из-* без аспектна вредност. Првите четири префикси претставуваат семантички модификатори за мера на дејство, додека префиксот *из-* е семантички празен. Тоа се потенцијални лексеми, плод на јазичната креација и затоа нивната фреквенција е ниска. Овде се дава пример со семантички празниот префикс *из-*.

4.3.6.1. *из-* + префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност

Префиксот *из-* во оваа комбинација претставува семантички празен префикс, но во комбинација со претходниот префикс се нагласува интензивноста на дејството.

Примери:

⇒ *ис-по-на-би*

Употреба:

го испонабија клинецот во ѕидот, а тој сепак не стоеше, па набргу се откачи и сликата обесена на него падна

4.4. Резултативна конфигурација на петморфемските семантеми

4.4.1. Префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

Оваа конфигурација се состои од резултативните семантеми составени од префикс без аспектна вредност + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност со додавање на префиксот *по-* кој претставува семантички модификатор и означува мала мера на дејство.

Примери:

⇒ *по-при-одлож-н-а*

Употреба:

го попридоложна испитот, ама пак не седна да учи

4.4.2. Префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

Оваа конфигурација се состои од резултативните семантеми составени од резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност со додавање на префиксите *по-, под-, при* кои се семантички модификатори и означуваат мала мера на дејство.

4.4.2.1. *по-* + резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

Примери:

⇒ *по-в-плет-к-а*

Употреба:

и него го повплеткаа во таа работа и со тоа уште повеќе ја искомплицираа ситуацијата

4.4.2.2. *под-* + резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

Примери:

⇒ *под-из-влеч-к-а*

Употреба:

му ја подизвлечкаа фотељата, па набргу мораше да даде оставка на функцијата

4.4.3. Префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност

Оваа конфигурација се состои од резултативните семантеми составени од префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност со додавање на префиксите *по-, под-, пре-, при-; из-* без аспектна вредност. Првите четири префикси претставуваат семантички модификатори за мера на дејство,

додека префиксот *из-* е семантички празен. Овде се дава пример со префиксот *из-*.

4.4.3.1. *из-* + префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен корен + суфикс без аспектна вредност

Префиксот *из-* во оваа комбинација претставува семантички празен префикс, но во комбинација со следниот префикс се нагласува интензивноста на дејството.

Примери:

⇒ *ис-по-за-врз-а*

Употреба:

го испозаврза кајчето и беше сигурен дека нема да му го однесат брановите

4.4.4. Префикс без аспектна вредност + префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност

Оваа конфигурација се состои од резултативните семантеми составени од префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност + суфикс без аспектна вредност со додавање на префиксите *по-, под-, пре-, при-; из-* без аспектна вредност. Првите четири префикси претставуваат семантички модификатори за мера на дејство, додека префиксот *из-* е семантички празен.

4.4.4.1. *по-* + префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност

Префиксот *по-* во оваа комбинација претставува семантички модификатор и означува мала мера на дејство.

Примери:

⇒ *по-при-в-нес-е*

Употреба:

неговата музика поприв несе свежина на музичкото небо

4.4.4.2. *из-* + префикс без аспектна вредност + резултативен префикс + корен без аспектна вредност

Префиксот *из-* во оваа комбинација претставува семантички празен префикс, но во комбинација со претходниот префикс се нагласува интензивноста на дејството.

Примери:

⇒ *ис-по-за-кач-и*

Употреба:

убаво го испозакачи палтото на закачалката и беше сигурен дека нема да падне

5. Заклучок

Резултативната конфигурација на простите префиксирани семантеми покажува една автономна семантичка вредност што значи дека резултативната видска вредност на коренот и моментната видска вредност на префиксот е неутрализирана, според тоа префиксот е без аспектна вредност, а коренот е носител на резултативната аспектна вредност, или префиксот е носител на резултативната видска вредност (префикс - предикат), а резултативната видска вредност на коренот е неутрализирана, според тоа коренот е без аспектна вредност. И во двете ситуации суфиксот, ако го има, кога коренот не е со тематска вредност, е без аспектна вредност, односно неговата моментна видска вредност е неутрализирана со видската вредност на коренот и префиксот. Според својата структура таа во македонскиот јазик може да биде двеморфемска, составена од префикс + корен; триморфемска, составена од префикс + корен + суфикс, префикс + префикс + корен; четириморфемска, составена од префикс + корен + суфикс + суфикс, префикс + префикс + корен + суфикс, префикс + префикс + префикс + корен и петморфемска, составена од префикс + префикс + корен + суфикс + суфикс, префикс + префикс + префикс + корен + суфикс.

Изборот на префиксите е најголем кај триморфемските и четириморфемските структури со еден префикс и тие комбинации се најфреквентни, речнички потврдени, додека кај триморфемските, четириморфемските и петморфемските комбинации со два, односно со три префикси изборот на префиксите е поограничен, при што серијата е отворена и се даваат можности за јазична креација.

Цитирана литература:

Богуславски 1963 = Bogusławski, A. 1963. *Prefiksacja czasownikowa we współczesnym języku rosijskim.* Wrocław

Врубел 1996= Врубел, Х. 1996. Забелешки за полското и македонското префиксирање на глаголите. *Студиа лингиуистица Полоно Ѣ Меридиано Ѣ славица 8*: 7-11. Скопје: МАНУ

Иванчев 1971 = Иванчев, С. 1971. *Проблеми на аспектуалността в славянските езици.* София.

Каролак 1992 = Karolak, St. 1992. Aspekt a Aktionsart w semantycznej strukturze języków słowiańskich. *Z polskich studiów sławistycznych, seria VIII*: 93-99. Warszawa.

Каролак 1994 = Karolak, St. 1994. Le concept d'aspect et la structure notionnelle du verbe. *Studia kognitywne 1*: 21-41.

Конески 1967 = Конески, Бл. 1967. *Граматика на македонскиот литературен јазик.* Скопје.

Конески, К. 1995 = Конески, К. 1995. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик.* Скопје.

Маслов 1984 = Маслов, Ю. 1984. *Очерки по аспектологии.* Ленинград.

Спасов 1997 = Спасов, Љ. 1997. Дефиниции на видските (аспектните) конфигурации во македонскиот јазик. *Предавања на XXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*: 31-36. Скопје.

Угринова 1960 = Угринова-Скаловска, Р. 1960. *Значењата на глаголските префикси во македонскиот јазик.* Институт за македонски јазик - Скопје. Посебни изданија. книга 2.

Ексцерпирани дела и нивни кратенки:

1. Анкети со родени зборувачи на македонскиот јазик
2. ЈЛ = Леов Јордан, Афион, Скопје, 1963
3. МРС = Македонско радио Скопје
4. МФ= Фотев Методија, Потомците на Кат, Култура, Скопје, 1966
5. Пулс = Пулс, неделник, Скопје
6. РМЈ = Речник на македонскиот јазик
7. СГ = Гулески Сотир, Фурии, 1962, 1980;
8. СЈИ = Јаневски Славко, И бол и бес, 1964

Ljudmil Spasov

THE ROLE OF PREFIXES IN THE RESULTATIVE ASPECTUAL CONFIGURATION OF THE SIMPLE SEMANTEMES IN THE MACEDONIAN LANGUAGE

Summary

This paper deals with the semantic syntax of morphemes, i.e. with types of semantic relations between the root and the prefixed verbal morpheme, the semantics of the root being the starting point. The resultative configuration of the prefixed verbal lexemes has **one autonomous semantic value**, which implies that the resultative aspectual value of the root and the momentary aspectual value of the prefix are neutralized, and consequently the prefix has no aspectual value while the root is the bearer of the resultative aspectual value; or the prefix is the bearer of the resultative aspectual value (prefix-predicate) while the resultative aspectual value of the root is neutralized, i.e. the root has no aspectual value. In both cases, the suffix, if present (when the root is without a thematic value), will have no aspectual value, i.e. its momentary aspectual value will be neutralized by the aspectual values of the root and the prefix. In respect to its structure, the resultative configuration of the prefixed verbal lexemes in the Macedonian language can be bimorphemic, composed of prefix + root; trimorphemic, composed of prefix + root + suffix, prefix + prefix + root; four-morphemic, composed of prefix + root + suffix + suffix, prefix + prefix + root + suffix, prefix + prefix + prefix + root and five-morphemic, composed of prefix + prefix + root + suffix + suffix, prefix + prefix + prefix + root + suffix.

The selection of prefixes is largest in trimorphemic and four-morphemic structures with one prefix and these are the combinations that are the most frequent and found as dictionary entries as well, while the selection of prefixes in trimorphemic, four-morphemic and five-morphemic combinations with two or three prefixes is rather limited, but the series is open, thus offering possibilities for lingual creation.

УДК 808.61/.62 – 092.2 : 801.563
808.61/.62 – 563 : 235.3

Чедомир СТОЈМЕНОВИЋ

УПОТРЕБА ДВОЈИНЕ У СЛУЖБИ И ЖИТИЈУ СТЕФАНА ДЕЧАНСКОГ (ДЕЧАНСКИ ПРЕПИС)

Служба и *Житије Стефана Дечанског* су најпознатија дела Григорија Цамблака која су настала између 1402. и 1409. године.[1] Оригинал дела није сачуван. Међу бројним преписима централно место заузима *Дечански* који је поуздан и временски најближи Цамблаковом аутографу.[2] Налази се у рукописном зборнику служби и житија бр. 99 манастира Дечани. Зборник није датиран, има 288 листова. Највећи део књиге преписао је Григорије крајем прве половине XV века.[3] Препис *Службе* и *Житија* налази се на листовима 1а – 94а.

Двојина нема исти статус у књижевном и народном језику. Старословенски језик „изванредно тачно употребљава двојину", а у штокавском дијалекту она се губи у периоду од XIII до XV века.[4] Преглед употребе ове категорије у *Служби* и *Житију* треба да утврди у коликој се мери рефлектује актуелни процес њене елиминације из народног језика.

а) Слободни дуал. Слободни дуал се јавља „код предмета који по природи својој имају два дела".[5] Именице с овим дуалом чувају своје облике у највећем броју примера: оуст'нѣ [...]

---

[1] Д. Петровић, *Књижевни рад Григорија Цамблака у Србији,* Приштина, 1991, 73-83.
[2] Исто, 11, 263 („...са кога је можда и преписан").
[3] *Изложба српске писане речи,* Народна библиотека Србије, Београд, 1973, 60 („пета деценија XV в."); уп. М. Гроздановић-Пајић, Р. Станковић, *Рукописна књиге манастира Високи Дечани, Књига друга, Водени знаци и датирање,* Београд, 1995, 36 (четврта деценија XV века).
[4] А. Белић, *О двојини у словенским језицима,* Београд, 1932, 17-33, 91-133.
[5] Исто, 3.

двнзааше и роуцѣ [...] вьз'дѣваше· 25б 1-3; кь ногама стл҃ю припадати 48а 12-13; оч҃и закри҃в жьзломь 49а 5-6; вѣн'ць цр҃твїа роукама вьзьмь архїереи 56б 5-6; хотѣнїа оустноу его 61а 2; колѣнѣ же прѣклонь [...] мл҃ꙗаше҃· 68а 2-5 итд.

Облик множине потврђен је у:[6] роукы на нб҃о вьздѣавь ре҃· 49б 14-15; ѡнь [...] дх҃ов'ное ликьствоваше игранїе· не ногами, нь чювьствы дш҃ев'ними· 82б 18-83а 6.

Субјекат с предикатом не конгруира у: пакы роуцѣ мл҃ть дѣиствоваахоу· 92б 15-17.

Употреба дистрибутивног дуала (именица са слободним дуалом која се приписује множини субјеката или предмета) ретка је у старословенским текстовима; везана ја углавном за речи типа очи, оуши:[7] оч҃и оутроуж҃давати зрѣщимь· 62б 18-19; како не ѡсльпоше тѣхь оч҃и· 75а 14-15; плещи наготоующїи҃· 80б 1-2 итд. Множинска форма се јавља у: т҃лико же вы҃ мл҃тивь· ꙗко не довлѣти ини҃ роуками кь раз҃аꙗнїю нищїихь· 22а 12-15; агарѣн'скаа чеда бл҃жен'не· п҃о ногы господамь нашимь п҃оложи· 25б 15-17. п҃ѣн'ми вьспои҃м похвал'ними· бл҃гоговѣино ѹст'нами· ст҃ыимь прикасающе се мощемь· 28б 20-29а 3; вьпадааше вь роукы того слоугамь· 87а 10-11; ѡбьимѣм' же и сщ҃ен'нїи сьи ков'чегь [...] бл҃гоговѣин҃о прикасающе҃ оуст'нами и ѡчима 92а 17-92б 2.

У следећим примерима предикат указује на множинску синтаксичку вредност двојинског именичког облика:[8] оч҃и вьсѣхь нищи҃, на те оуповахоу· 18а 2-3; и того ѹши[9] мл҃твоу послоушахоу· 25б 4-5.

---

[6] Исто, 20-21 (ржкы петра, павла = ржцѣ петра, павла).

[7] Исто, 18 [„У тим се случајевима обично у старословенском употребљава множина; само код именица које немају своје једнине (као очи, оуши) употребљава се двојина, готово увек; нешто одступања има, али тада се облици множине граде од основа око : очес-, оухо : оушес-.“].

[8] Исто, 101.

[9] Уши Господње.

У једном случају уз слободни дуал долази број оба. Ова конструкција присутна је и у старословенском језику, њоме се истиче двојство делова, „и једно и друго око“:[10] носеща на деснои своеи длани ѡбѣ его изъврьжен'нїе оч҃и· 37б 18-20. Атрибут не конгруира с именицом (и бројем), употребљена је множинска форма уместо двојинске (што је одлика штокавских споменика)[11].

Недоследна конгруенција речи у атрибутској функцији с именицама у двојини честа је појава у рукопису: оч҃и стежа оумнѣи· лишенїемь чювьст'внихь· 13а 7-8; не на лоук' во свои оупова ко҃га· нь чт҃ны роукоу вьз'ндѣнїемь· 18б 18-20; се бо на длани моеи твое оч҃и· 38а 1-2; паче многозрител'нѣишїи ѡч҃има, аще и тѣлеснїе затвори· 44а 4-6; вь моеи во роуцѣ твое зенїци, и сїи тебѣ показа҃· 48а 8-10; не ѡроужїемь ни лоукомь ниже во на сїа оупова ко҃га· нь вьздѣнїемь чистыи роукоу 82б 1-5; цѣлоуимь роуцѣ нарда многоцѣн'наго бл҃говон'нѣишее· еже кь бо҃у често вьздѣваахоу се· и кь нїщимь пр҃но простираахоу се· 92б 8-12 (предикати и односна заменица юже у функцији везника имају множинску форму, не конгруирају с именицом роуцѣ).

Атрибут и именица у множини (уместо очекиваног дуала) срећу се у: камень ѿ нюеже ѿсѣче҃· моужьскыхь роукь кромѣ· тебѣ проѡбразова вц҃е· 13б 6-8; сльзы излївааше [...] ѿ новодарован'ни ѡнѣхь зѣниць 48б 12-14; непороч'нїе роукы вьз'дѣавь кь бо҃у· 66б 17-18; смѣрѣнїе· сїе во ꙗкоже крила нѣкаа нѣизре҃н'на прочимь довродѣтѣлюмь приложивь· прѣмир'наа лѣтае достїже· 79б 12-17; ѡ доврааго дѣланїа· краснѣишїи роукь· мню, ст҃ѣише роукы сїе бити· паче ѡнѣхь на горѣ пр҃стрьшїи се кь прїетїю скрижалѣи закона· 92б 17-93а 2.

Слагање двојинских облика потврђено је у следећим примерима: ѿ роукоу м҃ею 4б 16-17; оч҃и стежа оумнѣи· 13а 7; пр҃ѣ оч҃има гн҃има· 18а 6; ногоу своею 24а 5; пр҃рчьскима [...] оч҃има 26а 8-

[10] А. Белић, *Исто*, 23.
[11] Исто, 94.

9; позлащен'нома крилома 27б 13; роукꙋ бж҃їею 37а 4-5; оум'нима [...] ѡч҃има 44а 3-5; твоима очима 48б 2-3; ст҃ѣи роуцѣ 88б 12.

Дистрибутивни дуал имају следеће потврде: оч҃и всхѣ оумнѣи· и срдчнаа привлаче разоуменїа· 11а 15-16; тако во е҃ лїце чтїих срдцемь, ꙗко ба҃ зрѣщих мысльнима оч҃има· 45а 11-13; нь злааго влдкы злѣишее слоугы· како смѣаше [...] свобод'нама шьствовати ногама· 74б 19-75а 3; како дрьзноув'ше того ст҃ѣи выи· своима скврьнима прикосноуше роукама· 75а 7-10. Са субјектом (и атрибутом) у дуалу не конгруира предикат: оч҃и наши видѣше· 86а 19-20. Множина долази у: ноужьноую поеть сьмрьт· роуками оубиствьними 9а 4-5; како не з'сьхоше злодѣистьв'нїе роукы· 75а 12-13; и тако сщ҃ен'ними ар'хїереискїими роуками из'носит' се· 77б 11-13.

Пример оч҃и же гн҃ю призираахоу· 25б 3-4 множинским формама атрибута и предиката показује да се и облик очи осећао као множина.[12]

У рукопису нису потрвђени глаголски двојински облици; предикат уз субјекат у двојини увек је исказан множином, што је утицај народног језика.[13]

б) Везани дуал. Уз бројеве дьва, ова[14] јављају се следеће именице: ѿсоудоу двѣ лѣтѣ прѣпроводы новїи сьи тѡвїть· 50а 10-11; колїка троупїа ѿ ѡбоую сраноу п'тицамь и звѣремь на снѣ прѣложити се· 65б 16-19.

У једном случају среће се партицип који не конгруира с именицом и придевом (уз дьва): мнѣше во се того срѣть ѿ конꙗ низ'врьгноути· два же гвоздїа велика вь того грьтань вьноузити· проходещїихь даже до гроудеи стрьнаго сьставлѥнїа· 85б 16-86а 2.

---

[12] Исто, 91.
[13] Исто („... уз дуал именица већ од краја XIII века могао /се/ употребљавати плурал у предикату, у глаголу."), 96-101.
[14] Исто, 6-9, 24-31.

Уз именицу дѣти (plur. tant.) реализује се збирни број (у множини):[15] таже ѿтоу вь костан'тинь гра посилает' се ꙁатоуень бывь· так и сь д'воими єго дѣт'ми· в'торы по млнуьствоу носещи вьꙁрасть· 38а 15-20.

в) Синдетски дуал. Овај се дуал одваја од слободног и везаног јер је „синтаксичка конструкција по смислу" која подразумева „везивање два појединачна предмета различне врсте заједничким предикатом".[16] У *Служби* и *Житију* овај се тип дуала не јавља. Повезивање два појма у целину везником и не прати предикат у двојини (редовно је у једнини): оустиде се твои словесь· бговьщан'ни и прѣмоудрихь· самодрьжьць грьчьскы· и сьборь стльскыи· 14б 3-6; и прнокамен'наа доброта и велїчьство· велїчаишоу притвараеть храмоу красотоу· 63а 17-19 итд.

У следећем случају два појма који чине целину нису у субјекатској служби: не вы мьн'ши вѣрою· и желанїемь вжтвьн'нимь· сумеѡна и савы сщен'ныхь· и бгоносни твои ѿцъ· нь сими оубо тѣмь вы пов'нь· 17б 14-18.

г) Закључак. Анализа грађе показује да је процес губљења двојине, карактеристичан за народни језик, у великој мери захватио језик *Службе* и *Житија*: велики је број примера именица и атрибута с множинским формама; у рукопису нису потврђени глаголски двојински облици, предикат уз субјекат у двојини увек је исказан множином.[17]

---

[15] П. Ђорђић, *Старословенски језик,* Нови Сад, 1975, 133.
[16] А. Белић, *Исто,* 30-32.
[17] Исто, 94. („Две категорије које су врло значајне за двојину – јесу глаголи и придеви; јер, ако се стара двојина не осећа више као двојина, то они треба да покажу.").

Чедомир Стойменович

УПОТРЕБЛЕНИЕ ДВОЙСТВЕННОГО ЧИСЛА В СЛУЖБЕ И ЖИТИИ СТЕФАНА ДЕЧАНСКОГО (ДЕЧАНСКИЙ СПИСОК)

Резюме

Самые известные произведения Григория Цамблака, которые написаны между 1402-1409 г. *Дечанский список*, по времени, ближайший к Цамблаковой рукописи (которая утрачена), создан в конце первой половины XV века в Дечане. Находится в рукописном сборнике служб и житий номер 99 в Дечанском монастыре (на л. 1а-94а).

Анализ употребления двойственного числа в рукописи показал, что процесс утраты этой категории, характерный для народного языка, широко охватил язык *Службы* и *Жития*. Велико число примеров существительных и прилагательных в множественном числе; глагольные формы двойстенного числа не зарегистрированы (предикат при субъекте в двойственном числе регулярно выражается множественным числом).

УДК 808.66 - 25

Станислава-Сташа ТОФОСКА

ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТЕЛИЧНИ ГЛАГОЛИ ОД ОСНОВИ ОД КОНТИНУАТИВЕН ВИД

Целта на овој труд е да покаже на каков начин, со кои механизми во македонскиот јазик се изведуваат глаголи кои изразуваат телична конфигурација од корени што се континуативни. Во теоријата на професор Каролак[1], според која го анализираме видот на глаголите во македонскиот јазик постојат само две основни видски значења, два прости глаголски вида: моментниот и континуативниот. Сите други се сложени видски значења (*конфигурации*) и претставуваат комбинација на двата прости вида, при што еден од нив е доминантен. Според оваа теорија, со континуативниот вид се изразува некаква состојба, некакво дејство или признак (особина) кои не се менуваат со текот на времето. Теличноста се јавува на нивото на сложени видски значења, односно како конфигурација. Теличната конфигурација претставува комбинација од три видски значења, три семи: од кои една е моментна, а две се континуативни (и тоа е доминантниот вид во оваа конфигурација), што се гледа и од нејзината парафраза:

СЕ СЛУЧУВА НЕШТО ТАКВО СО Z (НАПРАВЕНО ОД X) **[континуатив]**, *ОД ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПРЕТПОСТАВИ ДЕКА ЌЕ СТАНЕ* **[момент]** *НЕШТО (ШТО ЌЕ ПРЕДИЗВИКА ДА ИМА/НЕМА НЕКАКВА СИТУАЦИЈА)* **[континуатив]**,

или

[1] Сп. Karolak S., 1994: Le concept d'aspect et la structure notionnelle du verbe (во Studia kognitywne 1, SOW, Warszawa 1994); Karolak S., 1996: O semantyce aspektu (во Biuletin polskiego towarzystwa językoznawczego, zeszyt LII, Wydawnictwo Energeia Warszawa 1996)

*СЕ СЛУЧУВА **P1** ТАКВО ДЕКА МОЖЕ ДА СЕ ПРЕТПОСТАВИ ДЕКА ЌЕ СТАНЕ **P2**.*

Во рамките на овде анализираните глаголи преку коренот е изразена втората континуативна сема - "постоењето на нешто (состојба, ситуација)" (**P2**), додека првата континуативна сема - дека "се случува нешто" (**P1**) и моментната сема - дека "ќе стане нешто (од што може да се претпостави)" се содржани во зборобразувачкиот формант - тој е континуативно-моментен.

Континуативните корени се најпродуктивни за генерирање телични конфигурации со механизмите на префиксација и суфиксација. Глаголи со континуативен корен се среќаваат на ниво на двоморфемски, триморфемски, четириморфемски и петморфемски структури. Континуативните корени можат да бидат именски, придавски и глаголски. Во рамките на овој труд ќе се разгледуваат само теличните глаголи изведени од именски и придавски основи и тоа оние образувани по пат на суфиксација, коишто секогаш се сложени од прв степен.[2] Анализирањето оди според парафразата на значењето и тоа во рамките на двете претходно одделени групи - глаголи изведени од именки и глаголи изведени од придавки. Во рамките на оваа анализа која тргнува од категоријата вид (аспект), парафразата не оди длабоко во семантиката на текстот и не се прави разлика меѓу материјалните и апстрактните именки (на пр. *кураж* VS *дупка*). Под секоја подгрупа (според парафразата) се укажува со кои суфикси може да се добие такво значење.

---

[2] Во рамките на теоријата според која го проучуваме видот кај глаголите (во македонскиот јазик) на семантичко ниво оперираме со терминот **семантема.**Семантемата може да биде **проста или сложена,** а сложената од своја страна може да биде **сложена од прв или од втор степен**. Простите семантеми имаат само една автономна аспектна вредност (иако формално може да се состојат и од 2 или 3 морфеми, но само една од нив има автономна аспектна вредност, додека другата/другите само ја редуплицираат истата аспектна вредност). Сложените семантеми, во зависност од тоа колку компоненти од нивната морфолошка структура носат свое аспектно значење, можат да бидат од прв и втор степен на сложеност. Сложените семантеми од прв степен, структурно може да се составени до 2, 3, 4 или 5 морфеми, но само две од нив имаат самостојна аспектна вредност. Сложените семантеми од втор степен, може да се изградени од 3, 4 или 5 морфеми од кои три имаат самостојна аспектна вредност. (в. Тофоска Ст., 1997: *За теличното видско значење во македонскиот јазик.* [во зборникот XXIII научна дискусија, Скопје 1997])

Глаголи што изразуваат телична конфигурација изведени од именски корени

Од именските корени по пат на суфиксација може да се изведат двоморфемски и триморфемски глаголи. Најчесто, вакви глаголи се добиваат со додавање на еден зборообразувачки формант (суфикс) на континуативниот корен, но во некои случаи на коренот му се додаваат два суфикси за да се добие истиот ефект. Така, во оваа група се опфатени и триморфемските телични глаголи добиени со вербализирачкиот континуативно-моментен суфикс ***-е-*** или ***-из-*** и со суфиксите без аспектна вредност ***-е*** или ***-ира*** (*бел-е-е; автомат-из-ира*).

Во зависност од тоа каква е парафразата на значењето на изведениот теличен глагол, тие можат да се поделат на неколку групи. Можни се каузативни и процесуални образувања (со причинител на дејството и без него) и во врска со тоа, таму каде што се јавуваат и двете, се даваат двете парафрази. Со симболот X е претставен вршителот на дејството (субјектот), со симболот Z трпителот (директниот објект), а со A е означен предметот што го означува именката.

1. *X прави нешто од што може да се претпостави дека ќе почне да постои A (од/во/на Z)*

Во рамките на двоморфемските структури како продуктивни се јавуваат образувањата со суфиксите ***-и, -ира*** и ***-ува:*** *дупчи, мрежи (со суфиксот –и); групира, моделира, парцелира, портретира, проектира, скицира, фотографира* итн. (со суфиксот ***-ира***); *филмува, римува, обликува* итн. (со суфиксот ***-ува***);

Во рамките на триморфемските структури се јавува проширениот зборообразувачки формант ***-изира***, составен од суфиксите ***-из*** и ***-ира*** , при што само ***-из*** има аспектна вредност (аспектната вредност на ***-ира*** е неутрализирана). Такви глаголи се: *канонизира, хармонизира, шаблонизира* и др.

Така, примерот *Таа проектира станбена зграда* може да се парафразира како *Таа прави проект за(на) станбена зграда* т.е значи дека *таа (X) прави нешто од што може да се претпостави дека ќе почне да постои A (проект) на Z (станбена зграда);* примерот *Ја фотографирам нашата зграда* може да се

парафразира како *Јас правам фотографија/ фотографии од нашата зграда* т.е значи дека *Х прави нешто од што може да се претпостави дека ќе почне да постои А (фотографија / фотографии) од Z (нашата зграда).*

Посебен тип на креативни глаголи се оние што можат да се парафразираат како '*Х прави нешто/ му се случува нешто од што може да се претпостави дека ќе има рожба А'*. Такви се глаголите: *се ждреби, се јагни, се кучи, се *мачи*[3]*, се праси, се тели* и др. образувани секогаш со суфиксот ***-и.***

2. *Х прави нешто од што може да се претпостави дека е дека А ќе почне да се наоѓа во или на Z*

Примерите *Тој го седла коњот. Тој го меблира станот. Тој ја филува тортата* може да се парафразираат со '*Х прави седлото /мебелот / филот (А) да се наоѓаат на или во коњот/ станот/ тортата (Z)*'

Во рамките на двоморфемските структури се среќаваат глаголите како *седла* (со суфиксот ***-а***), *адресира, мебелира, орнаментира, карминира, парфимира,* (со суфиксот ***-ира***), *прстенува, свестува, филува* (со суфиксот –**ува**).

Во рамките на триморфемските структури повторно се среќаваат образувањата со суфиксите ***-из-ира***: *јонизира, карбонизира* итн.

Како подгрупа се јавуваат глаголите што означуваат создавање/правење на нешто (А) **во** или **на** објектот (Z), при што А станува дел од видоизменетиот објект Z. Такви глаголи се образуваат со следните суфикси: суфиксот ***-и*** *- дупчи (прави дупки во Z) итн.;* со суфиксот ***-а*** *- флека (прави флеки на Z);* со суфиксот ***-ува*** *- бранува (создава бранови на Z);* со суфиксот ***-ира*** *- пломбира (прави пломба во/на Z)* итн.

3. *Х прави нешто врз Z со А /служејќи се со А (со одредена цел) од што може да се претпостави дека Z ќе биде во некаква нова состојба*

[3] Ѕвездичката означува дека се работи за едно конкретно значење на глаголот (*се мачи*), односно на коренот (*мач-*).

Се случува нешто со Z од што може да се претпостави дека Z ќе биде во некаква нова состојба(ќе биде А) **(в.стр. 6)**

Глаголите од оваа група можат да бидат образувани со суфиксот-***а*** (*пегла, чешла, седла, товара, шминка* и др.), со суфиксот ***-и*** (*соли, бибери, губри, куражи, срами* и др.) со суфиксот ***-ира*** *(анкетира, вакцинира, телефонира, торпедира, филтрира и* др.), со суфиксот ***-ува*** (**членува, шлифува* и др.)

пр. *Јасна ги пегла панталоните*

Парафраза: *Јасна (Х) прави нешто врз(со) панталоните (Z) служејќи се со пегла (А) од што може да се претпостави дека тие (Z) ќе бидат мазни* (во нова состојба во однос на онаа во која се наоѓале претходно)

пр. *Тие ја филтрираат водата во базенот*

Парафраза: *Тие (Х) прават нешто врз(со) водата (Z) служејќи се со филтер(А) од што може да се претпостави дека таа(Z) ќе биде прочистена/чиста (*во нова состојба во однос на онаа во која се наоѓала претходно)

Малку поразлична релација означуваат оние глаголи кај кои целта на дејството што се врши со именуваното средство е добивање или пренесување на информации (*анкетира, телефонира, телеграфира* и др.)

пр. *Асистентот ги анкетираше студентите.*

Парафраза: *Асистентот ги испитува студентите со помош на анкета со цел да го добие нивното мислење за одредено прашање* или поопшто

Асистентот(Х) прави нешто со студентите(Z) служејќи се со анкета(А) со цел да добие некаква информација

Како посебна подгрупа во рамките на оваа група може да се изделат глаголите чија парафраза е *'Х прави нешто врз Z со А од што може да се претпостави дека Z ќе биде покриен со А(со цел Z да биде покриен со А)'.*

Овие глаголи можат да се образуваат со суфиксот ***-и***: *праши, пудри, сребри, злати* и др.; со суфиксот ***-ира***: *асфалтира, емајлира, лакира, тапетира, паркетира* и др.; со суфиксот ***-ува***:

никлува, цинкува и др. Ќе го илустрираме ова со парафраза на неколку реченици со глаголи од овој тип:

пр. *Работниците ја асфалтираат улицата пред нашата куќа.*

Парафраза: *Работниците(X) прават нешто врз нашата улица(Z) со цел таа да е покриена со асфалт(A)* или *Работниците прават нешто врз нашата улица(Z) со цел асфалтот(A) да почне да се наоѓа врз неа.*

пр. *Таа си го пудри носот.*

Парафраза: *Таа прави нешто врз носот(Z) со цел тој да е покриен со пудра(A)*

Како посебна подгрупа можеме да ги изделиме оние телични глаголи чија парафраза е '*се случува нешто со Z од што може да се претпостави дека Z ќе биде во некаква нова состојба(ќе биде A)*'. Такви се процесуалните глаголи образувани со суфиксот ***-и*** и елементот ***се***: *се вампири, се вештери, се мелези, се *грчи, се турчи* итн., но тие можат да бидат и каузативизирани (со изразен вршител на дејството) и тогаш се јавуваат без ***-се***: **грчи, турчи* итн. Нивната парафраза е: '*X прави нешто врз Z од што може да се претпостави дека Z ќе биде A*'. Во оваа група спаѓаат и триморфемските глаголи од типот *грцизира, христијанизира, словенизира* (со суфиксите ***-из-ира***).

4. '*се случува нешто со Z од што може да се претпостави дека Z ќе има некоја особина како A*'

Овде спаѓаат глаголите како*: се клобучи, се иглли, се ежи, се мрежи, се соколи, се челичи* и др. образувани со суфиксот ***-и*** и елементот ***се*** кој укажува на безагентивност на дејството. Но, дел од нив се транзитивизираат и од процесуални преоѓаат во каузативни.

пр. *Тој се челичи миејќи се со студена вода VS Го челичи детето миејќи го со студена вода.*

Глаголите од оваа група укажуваат на тоа дека со дејството кое се врши објектот почнува да добива некоја особина карактеристична за предметот именуван со A (*се челичи- 'станува цврст, отпорен како челик'*

Глаголи што изразуваат телична конфигурација изведени од придавски корени

Овие деривати претставуваат двоморфемски и триморфемски структури, образувани со еден или два суфикса, но секогаш сложени од прв степен, што значи дека содржат само две самостојни аспектни значења (едниот суфикс е без аспектна вредност)

Во однос на придавските корени парафразата на изведените глаголи е секогаш иста, со разлика само во однос на тоа дали постои причинител на дејството или не:

- *Х прави нешто од што може да се претпостави дека Z ќе стане некаков* (ќе ја има особината што е именувана со придавката).

- *се случува нешто од што може да се претпостави дека Х ќе стане некаков* (ќе ја има особината што е именувана со придавката).

Па, така: *Тој ја бистри водата* значи дека '*Тој (Х) прави нешто од што може да се претпостави дека водата (Z) ќе стане* ***бистра***'. Соодветно, *Водата* ***се бистри*** значи дека *'се случува нешто од што може да се претпостави дека водата(Х) ќе стане/ ќе биде* ***бистра***.

Двоморфемските глаголи изведени од придавски основи се образуваат главно со суфиксот ***-и:*** *(се) бистр-и, блаж-и, (се) бодр-и, се богат-и, се ведр-и, (се)ветв-и, гол-и, (се) мрсулав-и, (се) пијан-и, полн-и, (се) тенч-и, (се) тесн-и, ќелав-и, ќорав-и, црвен-и, (се) шир-и* итн.; и со суфиксот ***-ира:*** *актив-ира, дупл-ира, екстерн-ира, интерн-ира* итн. И двата типа на деривати се првенствено каузативни, иако некои можат да бидат и процесуални (со ***се***).

Триморфемските глаголски деривати изведени од придавки се образуваат главно со зборообразувачките форманти ***-е-е*** и ***-из-ира***:*бел-е-е, богат-е-е, ветв-е-е, глув-е-е, голем-е-е, грбав-е-е, грозн-е-е, жедн-е-е, жолт-е-е, зелен-е-е, мал-е-е, мил-е-е, стар-е-е, убав-е-е, црвен-е-е, црн-е-е, шарен-е-е* со суфиксот ***-е-е***;

актуал-из-ира, американ-из-ира, банал-из-ира, европе-из-ира, електр-из-ира-, имун-из-ира, популар-из-ира, стабил-из-ира, стерил-из-ира, урбан-из-ира, фанат-из-ира, централ-из-ира, цивил-из-ира, со суфиксот ***-из-ира***.

Дериватите изведени со формантот ***-ее*** се главно процесуални (*жеднее - 'се случува нешто со Z така што може да се претпостави дека тој е жеден'*), додека оние изведени со ***-изира*** се каузативни. (*стерилизира - 'X прави нешто со Z од што, може да се претпостави дека Z ќе биде стерилен'*.

Од спроведената анализа може да се заклучи дека основите со континуативен вид (именските и придавските) се доста продуктивни за изведување на глаголи што изразуваат телична конфигурација. Додека категоријалната видска анализа се покажува прегледна, семантичката анализа на овие глаголи е посложена, (особено кај оние изведени од именки, поради нивната голема граматичка и семантичка издиференцираност) и води кон поголема раситнетост, но тоа е проблем кој бара лексиколошка обработка.

Консултирана литература:

Gzegorczykowa et al., 1998: Gramatyka współczesnego języka polskiego. Morfologia. [pod redakcją Grzegorczykowej, Laskowskiego, Wróbla].PWN Warszawa 1998.

Karolak S., 1994: *Le concept d'aspect et la structure notionnelle du verbe* (во Studia kognitywne 1, SOW, Warszawa 1994);

- 1996: *O semantyce aspektu* (во Biuletin polskiego towarzystwa językoznawczego, zeszyt LII, Wydawnictwo Energeia Warszawa 1996)

- 1997: *Arguments contre la distinction: aspect/ modalite d'action* (aktionsart) (во Studia kognitywne 2, SOW, Warszawa 1997);

- 1997: *Aspect- categorie grammaticale? Formalisation des faits de langues* (во Studia kognitywne 2, SOW, Warszawa 1997);

Конески К., 1995: Зборобразувањето во современиот македонски јазик. Бона, Скопје 1995.

Спасов Љ., 1997: *Дефиниција на видските (аспектните) конфигурации во македонскиот јазик.* (во зборникот Предавања на XXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура), Скопје 1997.

Тофоска Ст., 1997: *За теличното видско значење во македонскиот јазик.* [во зборникот XXIII научна дискусија, Скопје 1997])

Stanislava-Stasha Tofoska

DERIVING TELIC VERBS OF ROOTS WITH CONTINUATIVE ASPECT

Summary

The aim of this paper is to present the ways of deriving verbs with telic aspect (telic aspectual configuration) in Macedonian language from roots whith continuative aspect, more precisely from nominal and adjectival roots. These verb roots are one of the most productive ones for deriving telic configuration by the mechanisms of prefixation and suffixation. Accordingly, they can be copmound of two, three, four and five morphemes.

The aspectual analysis of these verbs shows very clear picture of their classification, while the lexical analysis is much more complicated (specially one of the verbs derived of nominal roots) and requires lexicological elaboration.

УДК 808.66 – 541.1

Илија ЧАШУЛЕ

УШТЕ ЕДНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЕТИМОЛОГИЈАТА НА *ВАРДАР*

Во науката постојат повеќе различни толкувања за етимологијата на *Вардар*, името на најголемата река која ја дефинира географски Македонија. Мошне јасен поскорешен преглед на досегашните хипотези, и на најраните атестации на трите познати хидроними: *Аксиос, Вардар* и *Велика (Река)* наоѓаме кај Станковска-Миовски (1981). Во овој прилог, надоврзувајќи се на нивните истражувања, најпрвин во стегнат облик ги пренесуваме досегашните толкувања, за да истапиме со уште една нова претпоставка.

Аксиос – *Ἄξιος*

Писмени сведоштва за именувањето *Ἄξιος* среќаваме во антиката уште кај Хомер, потоа кај Птоломеј и други грчки извори, а во латинските извори се јавува како *Axius*. (Поопширно и поконкретно види кај Duridanov 1975:30-32, Станковска-Миовски 1981:179-180.)

Постојат повеќе етимологии за овој хидроним. Дечев (Detschew, 1931:194 го изведува од и.е. **n̥-* 'не' и **ksei-: *ksi-* 'светол, сјаен', т.е. од придавско образување **n̥-ksios* 'несветол, темен' и го споредува со авестинскиот збор *a-xšaēna* 'темен, црн'. Ова толкување е подоцна прифатено пошироко (на пример Георгиев 1960:83, Duridanov 1975:31). Станковска-Миовски (1981:180) предлагаат поинакво толкување, и хидронимов го објаснуваат со "семантичката база на грчкиот апелатив *Ἄξιος*, којашто покрива широк спектар на значења: вреден, достоен, основен, голем, долг, обилен". Иако ова толкување е можно, треба да се разработи

понатаму - на пример, да се обзнанат другите индоевропски паралели, да се доведе во врска со одредена и.е. праформа, да се разгледаат причините за претпочитување на поопшта (преносна) определба при изјаснувањето на семантиката на 'големина' кај старогрчкото именување. Треба исто така да се биде претпазлив и поради широкиот и општ семантички опфат. Едновремено треба да се одбележи дека ваквото толкување им овозможува на Станковска-Миовски да ги подведат под ист семантички сооднос трите имиња на реката (со семантика на "голема река") што од друга страна оди во прилог на веројатноста на нивното објаснување.

Вардар - *Βαρδαριος*

Најраните грчки писмени сведоштва во кои се среќава името *Βαρδαριος* или *Βαρδονάριος*,се од од XI век, во грамотата на Василиј Втори и кај Теофилакт (крај на XI /почеток на XII век), кај Ана Комнена (во Алексијадата 1069-1118) а има секако и подоцнежни потврди. Во латинските извори каде што се споменува името Вардар се среќава формата *Bardarum* кон крајот на XI и почетокот на XII век. Во словенските споменици има потврди од крајот на XIII век и во XIV век (на пр. ***Вар(ь)дарь***). Во турските споменици се среќава формата *Арбард*. (Duridanov 1975:32-34, Станковска-Миовски 1981:180-181).

И за овој хидроним постојат неколку толкувања. Дечев (Detschew 1932:193) врши реконструкција (< **u̯ard-u̯ari*) од и.е. **u̯erd- : *u̯ord-* 'струење, вриење, вртеж' и староиндиското *vari* 'вода' како 'река што струи". Бешевлиев (Beševliev 1933:186) пак, првата компонента ја изведува од и.е. **su̯ord* 'црн' т.е. од и.е. **su̯ordo-u̯ori* 'црна река'.

Објаснувањето пак, на Иванов (1925:270) за хидронимот Вардар како двокомпонентно хидронимиско образување *вар-* од староперсиското *var* 'основен, важен, значаен, голем' и *-дар* од стперс. *dar* 'река, море, голема вода', изјаснува композитно значење на 'голема река'. Ова толкување Станковска-Миовски (1981:182), го истакнуваат како паралела на етимологијата на *Аксиос*, а укажуваат и на распространетоста на втората компонента во иранската топонимија.

Постојат и други помалку прифатени (или отфрлени) гледишта за етимологијата на *Вардар,* (некои ја изведуваат од и.е. *var* - 'вода' + *ar* - 'течна' (Петканов 1961), а толкувањето од албанското *bardhe* -'бел' (види го наводот без извор кај Никонов 1966:74) нема приврженици, веројатно поради тешкотиите на семантички, фонолошки и морфолошки план.

Велика (Река)

Ова именување е регистрирано во словенските писмени споменици од XIII и XIV век, и се смета дека го означувало горниот и средниот тек на реката, до Демир-Каписката клисура и подоцна овој назив се загубува. Интересно е што и двете најрани атестации на именувањата *Вардар* и *Велика Река* се појавуваат во словенските споменици речиси во исто време (*Вардар* - 1299, *Велика* - 1258) (Станковска-Миовски 1981:178-179).

Овој хидроним е од јасно словенско потекло. Против толкувањето на словенскиот назив како калка од домородниот назив, како што предлагаат Станковска-Миовски, можеби зборува фактот што реката се нарекува *Велика* во делот каде што е таа помала. Па сепак, какви-годе заклучоци по однос на различното именување како можен показател за контакт со домородното население (и неговото присуство/отсуство или густина на населеност) се чини би биле премногу хипотетични.

* * *

Од досегашните толкувања се гледа дека сите истражувачи се согласуваат дека хидронимот *Вардар* има супстратно потекло и тоа имплицитно од јазик кој на историско-лингвистички план би требало да има афинитети со индо-иранското потсемејство на јазици. Се разбира прашањето за историското првенство меѓу грчкиот назив *Аксиос* и називот *Вардар*, не може да се расветли, (поради отсуството на податоци од старобалканските јазици) т.е. не можеме да знаеме со сигурност дали грчкиот назив не е калка на "домородниот" (пајонски?, бригиски?) назив *Вардар.* Со оглед на тоа дека во најстариот период и низ историјата оваа река и територијата која ја дефинира, т.е. Македонија, не е населена од грчки племиња,

пологично е да се очекува дека грчкото име би можело да претставува калка.

Во оваа белешка би сакале да предложиме едно ново толкување на хидронимот Вардар, кое можеби укажува посредно на неговата голема древност.

Во нашата студија за палеобалканските и индоевропските афинитети на бурушаскиот јазик (Čašule 1998) во која се претставени, анализирани и систематизирани среде индоевропската лингвистика мошне изразените врски на овој јазик на лексички, па и на деривациски и граматички план со старобалканскиот комплекс (главно со фригискиот и тракискиот јазик[1]) наоѓаме материјал кој условно може да фрли светлина на етимологијата на хидронимот *Вардар*.

Во бурушаскиот јазик постои цел слој на културни зборови од т.н. медитеранско потекло (Berger 1956, анализира 8 називи на растенија кои сите наоѓаат паралели во разни медитерански јазици), што во најмала рака укажува на контакт на овој архаичен јазик со нив. Кон овие имиња на растенија, Бергер ја надоврзува и бурушаската придавка *bardum* 'црвен' (Lorimer 1938:62, Berger 1959:27) која може да се сооднесе со ерменскиот збор *vard* 'ружа', староирански **wrda*, грчки *ρόδον*, латински rosa 'ружа' и пошироко во арамејското *vardā* 'ружа'. Меје (Meillet 1908-09, цит. кај Katičić 1978:56) и овој збор го разгледува среде една група апелативи кои се јавуваат како во индоевропските јазици (пред сè во латинскиот и грчкиот) така и во неиндоевропските јазици (пред сè семитските). Овие зборови се без јасни изворни етимологии и во облици кои не можат да се толкуваат како заемки од кој и да е од овие јазици. Според тоа, таквите зборови (овој лексички слој честопати се нарекува "медитерански") се објаснуваат како заеднички заемки од незасведочен јазик или јазици, со тоа што нема согласност дали овој јазик бил индоевропски или неиндоевропски. Интересно е тоа што овие назначени "медитерански" зборови во бурушаскиот се одлично застапени, што секако зборува за локацијата на прабурушаскиот

[1] Според Нерознак (Neroznak 1998 во предговорот кон Čašule 1998:x), врските на бурушаскиот јазик со палеобалканскиот комплекс и особено со фригискиот јазик се мошне убедливи.

во балканскиот (бригискиот/фригискиот) т.е. медитеранскиот контекст.

Во еден краток етимолошки прилог не можеме да се осврнеме на процесите на историскиот развој на бурушаскиот јазик, но со оглед на општите карактеристики на јадрената и културната лексика на овој јазик, а посебно во врска со "медитеранскиот" слој, би можеле да предложиме дека "медитеранската" лексема со корен *vard-* 'црвен' (во бурушаскиот промената v>b , т.н. бетацизам, на почетокот на зборот е редовна), е исто така кандидат за првата компонента на хидронимот *Вардар*. Во оваа смисла сооднесувањето со етимологијата на старогрчкиот назив *Аксиос* ('темен, црн', т.е. 'несветол') иако недокрај прецизно, е сепак можно ('темен' - 'матен' - 'црвен'), со тоа што не би можеле да бидеме сигурни за насоките на процесот на калкирање. Бурушаскиот, инаку ја има и компонентата *daria* 'река', иако во врска со оваа лексема не можеме да знаеме дали не е иранска заемка од понов датум. Според едно вакво "медитеранско" толкување значи би имале:

вард+дар = 'црвена река'

Ако се земе предвид толкувањето и етимолошкото разложување на Дечев (види погоре) втората компонента би можела да има поинакво толкување, т.е. анализата би гласела:

**vard-ar* = *вард-ар* = 'црвена вода'

Посебно прашање е дали симболичката вредност на црвената боја, толку присутна во централниот Балкан, т.е. особено во Македонија, имала некаква функција во именувањето или пак тоа било само според 'матноста' или 'црвеникавоста' на реката (второво е секако далеку поверојатно). Можеби би било упатно да се проучат понатаму во оваа смисла карактеристиките на почвата по текот на Вардар и микротопонимијата која го содржи модификаторот "црвен" (на пр. притоката Лепенец е изразито црвена кога надоаѓа со своите пролетни води; во речниот систем на Вардар среќаваме и *Црвена Река* во сливот на Брегалница (Duridanov 1975:171), ист хидроним се јавува и во сливот на *Црна* (Duridanov 1975:229) и сл. Треба да се земе предвид и постарото име на *Црничка Река (Десна Бабуна)* во средниот тек на Вардар – Чрьмьница (кое се изведува од старословенското

**čr̥tьpъ* 'црвен', Duridanov 1975:107) при што дошло до контаминација на значењето "црн" со "црвен" што може да е показателно и за нашето поврзување на семантиката на хидронимите *Аксиос* и *Вардар* (види погоре).

Фактот што именувањата *Вардар* и *Велика Река* во словенските извори се јавуваат едновремено, укажува на две работи - од една страна на постоење на месно, т.е. автохтоно население чиј назив преовладал, а од друга на можноста словенскиот назив да е независен. Калкирањето што го предлагаат Станковска-Миовски би означувало дека постоел развиен "староседелски"- словенски билингвизам. И нашето толкување имплицитно претпоставува едновремено сопостоење на староседелското население и словенските населеници.

Наспоредноста, пак, со ерменската лексема *vard* 'ружа', може да биде дополнителен показ за старобалканската основа на коренот *vard-*, со оглед на тоа дека за ерменскиот јазик се смета дека е поставен врз фригиски супстрат.[2]

Интересно е исто така што повторно најблиската паралела на целиот двокомпонентен назив среде индоевропското семејство се наоѓа во индо-иранските јазици, со тоа што "медитеранскиот" произлез повеќе упатува на независен развој како резултат на контакт со ист јазичен материјал.

Доколку пак се прифати тезата дека **vard-* - 'црвен' е и самиот крајно архаичен корен кој му припаѓал на одреден неиндоевропски (или сеедно, архаичен индоевропски) супстрат, тоа би значело дека хидронимот ***Вардар*** се одликува со голема древност, т.е. дека е најсериозниот кандидат за најстарото име на оваа река.

На крајот треба да укажеме дека со нашето толкување на *Вардар* како *'Црвена Река'* (или *'Црвена Вода'*) ни оддалеку не претендираме на решавањето на етимологијата на овој хидроним, туку понудуваме уште една етимологија, која иако има извесни слабости, сепак треба да се зема предвид заедно со другите досегашни предложени решенија.

---

[2] Види на пр., меѓу другото, за хипотезата на Сандфелд и други научници (Леви, Брогеа и др.) дека постпозитивноста на тројниот член во ерменскиот е поврзана со истата појава во Балканскиот јазичен сојуз (Banfi 1985:65-66).

Посочена литература:

Бешевлиев, В. 1933. (рецензија на: Detschew. D. 1932. *Zeitschrift fur Ortsnamenforschung.* VIII, Munchen-Berlin). *Известия на Историческото дружество в София.* XIII:186-188.

Георгиев, В. 1960. *Българска етимология и ономастика.* София. стр. 83.

Иванов, Й. 1925. "*Аксиосъ - Велика - Вардаръ* - Принос към топонимията на Македония". *Македонски преглед.* Год 1. кн. 3. София: 17-28.

Никонов, В.А. 1966. *Краткий топонимический словарь.* Москва:Мысль

Петканов, И. 1961. "За етимологията на Варна, Каварна и Вардар". *Език и литература.* 1:52.

Станковска, Љ. - Миовски, М. 1981. "Прилог кон супстратната македонска хидронимија". *Zbornik referatov - Četrta jugoslovanska onomastična konferenca.* Ljubljana: Slovenska akademija znanosti in umetnosti. стр. 177-185.

Banfi, E. 1985. *Linguistica Balcanica.* Bologna: N. Zanicelli S.p.A.

Berger, H. 1956. "Mittelmeerische Kulturpflanzennamen aus dem Burušaski". *Munchener Studien zur Sprachwissenschaft.* Bd 9:4-33.

Berger, H. 1959. "Burušaski Lehnworter in der Zigeunersprache". *Indo-Iranian Journal.* Vol. III, N. 1:17-43.

Čašule, Ilija. 1998. *Basic Burushaski Etymologies (The Indo-European and Paleo-Balkanic Affinities of Burushaski).* LINCOM Etymological Studies 01. Munchen: LINCOM EUROPA.

Detschew, D. 1931. *Vardarios.* ZONF VIII. Munchen Berlin :193-205.

Detschew, D. 1932. *Axios.* ZONF VII. Munchen-Berlin : 193-199.

Duridanov, Ivan. 1975. *Die Hydronymie des Vardarsystems als Geschichtsquelle.* Wien:Bohlau Verlag.

Katičić, R. 1976. *Ancient Languages of the Balkans.* (Part one). The Hague-Paris: Mouton.

Lorimer. D.L.R. 1938. *The Burushaski Language. Vol. 3. Vocabularies and Index.* Oslo: Institutet for Sammenlignende Kulturforskning. H. Aschehoug&Co.

Meillet. A. 1908-09. "De quelques emprunts probables en grec et latin". *Memoires de la societe linguistique de Paris.* 15: 161-165.

Neroznak, V. P. 1998. *Foreword* to Čašule 1998:ix-xiii.

Ilija Čašule

ANOTHER INTERPRETATION OF THE ETYMOLOGY OF *VARDAR*

Summary

After reviewing the existing etymologies of the hydronym *Vardar*, the author proposes a new interpretation, whereby he links this river name to the so-called Mediterranean stem **vard* 'red', found in Latin, Greek, Aramean, Armenian, Avestan and in the Mediterranean lexical layer of the Burushaski language (which shows very strong affinities with the Paleobalkanic complex, especially Phrygian and Thracian). For the second component of this hydronym he suggests a connection either with I.E. *-μar* 'water' (*vard-* 'red' + *-μar* 'water' = *Red Water*) or with I.E. *-dar* 'river' (*vard-* + *-dar* = *Red River*), and puts forward a hypothesis that the hydronym *Vardar* may well be the oldest name of this central Macedonian river.

ЛИТЕРАТУРА

УДК 886.6 "18" + 886.1/.2 "18"] : 82.091

Венко АНДОНОВСКИ

Митот за Пиемонт во книжевноста и културите на јужните и западните Словени

ВКРСТУВАЊЕТО НА ЕСТЕТСКИОТ СО ИДЕОЛОШКИОТ ЗНАК ВО КНИЖЕВНОСТА НА ХРВАТИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ ОД ДЕВЕТНАЕСЕТТИОТ ВЕК

Кога расправаме за митот за Пиемонт кај јужните и западните Словени, на ум обично ја имаме политичката, односно идеолошката димензија на тој мит: митот за заедничките родовски, односно - племенски корени, кои резултираат со различни политички програми за државно-територијално и правно единство на повеќе "сродни" народи. Според тоа, расправајќи за митот за Пиемонт, ние пред сè помислуваме на една *идеологема* вградена во сите области на културите на извесни народи, па според тоа, вградена и во - книжевноста. Имаме работа, така да се каже, со еден вид тема која, на прв поглед, многу повеќе би им одговарала на *политиколозите* и *историчарите*, отколку на *филолозите*. Меѓутоа, тоа не е сосема така. Токму врз темата "Митот за Пиемонт во книжевноста на западните и јужните Словени", ние добиваме и една ретка теориска шанса да проговориме за еден исклучителен теориски и естетички проблем од прв ред - проблемот на вкрстување на *идеолошкиот* со *естетскиот* знак во просторот на еден поединечен книжевен текст, во просторот на еден поединечен опус од еден автор, во просторот на еден национален опус, и конечно, во просторот на еден транскултурен опус на национално "сродни" заедници. За каква "средба" станува збор, и што подразбираме под "идеолошки", а што под етикетата "естетски" знак?

Пред сè, мораме книжевно-еволутивно да го лоцираме местото на вжарување на овој стар мит: станува збор за точката која во еволуцијата на книжевните видови ја означуваме како стилско-формациско единство *романтизам*. Општопознати се фактите дека, барем на територијата на јужните Словени, деветнаесеттиот век, покрај свеста за националната вкоренетост на традицијата кај секој народ, ја донесува и политичката идеја на *панславизмот*, односно, во една редуцирана варијанта - идејата за *јужнославизмот* (која доби делумна правно-политичка реализација во југословенската федерација - СФРЈ, како државна творба). Таа идеја има и своја поширока европска предисторија, и се разбира, поширок европски етно-контекст: ќе потсетиме овде на Лутеровото дело *Die deutche Nation*, еклатантен пример за пангерманизмот; или пак, денес веќе митското дело на Орбин *Il Regno degli Slavi* (*Кралството на Словените*), со која почнуваат мистификациите на историските факти, оти во неа "Орбин ги смета Словените за единствен народ, во кој ги вбројува и историските несловенски народи кои живееле на нивната територија, на пример, Илирите".[1] Тие и такви мистификации го родија митот за панславизмот/јужнославизамот/југославизмот, очигледно калкиран според матрицата на стариот мит за провинцијата Пиемонт и кралството Сардинија; тие и такви мистификации породија кај јужните Словени низа политички и идеолошки програми, движења и тенденции, за кои ние, како филолози, нема многу што да расправаме. Но, тие породија и една книжевност на територијата на јужните Словени во која, како што веќе се кажа, се вкрстија идеолошкиот и естетскиот знак.

Вкрстувањето на идеолошкиот со естетскиот знак во книжевноста на јужните Словени ние ќе го проследиме компаративно, врз примерот на хрватската и на македонската книжевност од деветнаесеттиот век. Ќе го проследиме тоа прашање главно врз примерот на еден теориски аспект - аспектот на ликовите во книжевното дело.

Меѓу најопштите теориско-критички констатации за романтизмот кај јужните Словени, и особено, за романтизмот кај Хрватите и Македонците (со сета условност на употребата на

[1] Milorad Živančević. Ivo Frangeš. *Povijest hrvatske književnosti*. -Zagreb:1975, "Liber/Mladost", стр. 8.

терминот "романтизам" кога станува збор за атипичниот развој на овие две литератури, во кои кај Хрватите романтизмот често се покрива и со политичката етикета "илиризам", а кај Македонците со "преродба" и "просветителство"!)[2], спаѓа и формулацијата дека таа книжевност, во глобала, ни претстави ликови *без изразени индивидуални црти*. Речиси сите критичари и историчари на овие две литератури истакнуваат дека дури и во најсјајните дела од овој период (се мисли тука пред сè на поемите, на прозните и на драмските обиди), не наоѓаме ликови со издиференциран карактер, односно, кажано со речникот на наратологијата која ликот го сфаќа како семемски конструкт - семички неиздиференцирани карактери, или - ликови со низок степен на семичка резолуција. Што значи тоа, ако се знае дека токму романтизмот, во теориско-програмскиот каталог на своите својства, меѓу другото, на челно место ја постави и силната индивидуалност?

Во својата студија *Идеологија, психологија и творештво*, филозофот Никола Милошевиќ, критикувајќи ги анализите на библиските ликови во познатото дело *Мимезис* на Ерих Ауербах, меѓу другото, кажува и нешто особено битно за причините поради кои често се креираат ликови *без индивидуализација*: "Недостигот од индивидуализацијата и мотивацијата - двете основни својства на литературното творештво во потесната смисла на овој збор - претставува директна последица од идеолошките рамки на библиската приказна." Малку понатаму, Милошевиќ вели: "(...) и кога станува збор за книжевните дела, идеологијата се јавува како фактор на некохеренцијата. Од библиските времиња па сè до денес таа разурнувачки дејствува врз настанувањето на двата основни чинителa на литературната творба: индивидуализацијата и мотивацијата."[3]

---

[2] Винко Брешиќ ја проширува листата на можните критички поими со кои може да се покрие книжевноста на Хрватите од деветнаесеттиот век: "Во сите свои епохи, хрватската книжевност на деветнаесеттиот век, во поголема или во помала мера, уметнички повеќе или помалку успешно, имитираше извесни структури на различни европски стилови - од класицизмот, преку сентиментализмот и романтизмот до реализмот, односно модернизмот." Види: Vinko Brešić. "Ilirizam - inačica europskog romantizma", во *Novija hrvatska književnost*. - Zagreb:1994, Nakladni zavod Matice Hrvatske, 21.

[3] Nikola Milošević. *Ideologija, psihologija, stvaralaštvo*.-Beograd:1984, "Prosveta", стр. 36

Сега веќе разбираме дека идеолошкиот знак, всушност, не само што не се вкрстува "неутрално" со естетскиот знак (кој е инидивидуален и мотивиран), туку и дека на извесен начин делува *репресивно* врз него во просторот на текстот што го именуваме како книжевно дело. Дека тоа е навистина така, и дека *идеолошкиот* знак станува фактор на некохеренцијата, не треба многу докази. Да се потсетиме само на податокот дека критичарите и историчарите на хрватската книжевност, го истакнаа како "туѓо" тело во естетскиот простор на поемата *Grobničko polje* од Димитрија Деметер токму текстот на вметнатата даворија - *Pjesma Hrvata*. Станува збор за песна-будница, која го буди националното чувство на народот, а која во естетската структура на поемата има статус на вметнат дискурс, на *дискурс во дискурс*. За тоа во колкав степен е таа, како идеолошки знак "механички" вградена во естетскиот знак - најдобро говори податокот што таа подоцна кај народот се пее како самостојна целина (значи - "отцепена" од поемата), како една од најпознатите хрватски будници (Овде ја наведуваме само првата строфа, од вкупно трите "вградени" во поемата: "Prosto zrakom ptica leti / Prosto gore zvijer prolazi / A ja da se lanci speti / Dam tuđincu da me gazi?"). Во песната "Другоземец", Рајко Жинзифов, на ист начин, "вградува" силен идеолошки знак во естетското ткиво на лирската песна, знак што се исчитува речиси на ниво на политичка парола со силна апелативна функција: "Друговерец, другоземец, / Френец ли си или Немец, / Ти не гибај нрави наши / С клети луди моди ваши." Има такви драстични "контаминации" на естетската партитура на книжевниот текст со мошне груби идеолошки знаци низ сета деветанесеттовековна книжевност и кај Хрватите и Македонците, и ние овде би оделе само во екстензија, кога би наведувале уште примери. Наместо тоа, ќе се задоволиме со констатацијата дека книжевноста на јужните Словени од овој период, очигледно може да се дефинира како текст во кој идеолошкиот знак (текстовен корелат на политичкиот мит за Пиемонт) опасно го потиснува, асимилира или репресира индивидуалниот, мотивиран естетски знак.

Идеолошкиот знак, според тоа е *немотивиран* и *колективен*, а естетскиот - *мотивиран* и *индивидуален*. Првиот е работа на конвенција, на национален договор сврзан со прашањата за опстанокот на заедницата/ народот, а вториот е прашање на естетскиот кодекс. Ако е така, ние имаме сериозна

дихотомија предизвикана во просторот на книжевниот текст од овој период кај јужните Словени, дихотомија која се должи токму на политичките варијанти на митот за Пиемонт: национализам, панславизам, јужнословенизам или југославизам, сеедно.

Ако се оди уште потаму во теориското расветлување на овој проблем, ќе мора да се допре и прашањето на *колективните ликови*, мошне чест структурен инвентар на книжевноста од овој период. Кон ова прашање се придружува и прашањето за *масовките* (масовните сцени), логична последица од дејствувањето (наративните или драмски предикати) на колективните ликови. Да дадеме само неколку примери: во европски прочуената поема на Иван Мажураниќ од овој период - *Smrt Smail-age Čengića*, ако се исклучи парот индивидуални ликови Смаил - Новица (злосторник-одмаздник), доминираат колективните ликови. Дури, едно пеење од поемата носи наслов *Četa*. За таквите колективни ликови критиката без двоумење тврди дека претставуваат книжевни макети на општествените заедници: "(...) третото пеење, 'Чета', на сцена ја воведува општествената заедница како целина. Четата е симбол без повидлива инидивидуална ознака, орудие на колективната одмазда."[4] Според тоа, кога би биле сосема искрени, би морале да признаеме дека колективните ликови, и во принцип, но и посебно во овој случај, се всушност мошне силни стратешки жаришта на *идеолошкиот* знак. Сосема друго прашање е тоа во колкав степен се тие "интегрирани" во естетската целина на уметничкото дело и колку тој стратешки идеолошки регрутен центар е "сраснат" со естетскиот знак, направен "невидлив" и "амортизиран". Може да се каже дека токму избраниот пример покажува висок степен на усогласеност на идеолошкиот знак со естетскиот, зашто општа оценка на критиката е дека токму *Смртта на Смаил-ага Ченгиќ* е пример за тесна кооперација на идеолошкото и естетското, и дека делото го надвишува тесно идеолошкото до универзални вредности. Но не може така да се каже, да речеме, за ликовите-колективитети во поемата *Grobničko polje* или во драмата *Teuta* на Димитрија Деметер: во последнава, во третиот чин, во дванаесеттата сцена, во која доаѓаат дрските римски преговарачи да им постават неприфатлив услов на храбрите Илири и нивната кралица Теута, постои една

[4] Milorad Živančević. Ivo Frangeš. *Povijest hrvatske književnosti*. Op. cit., 79.

индикативна дидаскалија која на сцената го воведува народот како колективен лик: *Tjelesna straža. Za njom dvoranici, gospođe i djeca koja na jastucih nose kraljevske znakove. Najposlije kraljica praćena od Dimitra Hvaranina. Sve u najvećem sjaju. Kraljica stupi na prijestol. Dimitar stane prvi uza nju. Straža se u dno pozorišta postavi. Dvoranici, dvoranke, gospođe i djeca stave se oko prijestolja.* Репликите што му се доделени на овој колективен лик, кој очигледно, покрај тоа што е присутен на сцената, уште е и застапен по синегдотски пат преку свој претставник (pars pro toto: кралицата Теута е дел што ја означува целината), се вкупно три. Првата е етикетирана како NAROD и гласи: Neka živi kraljica Teuta!; втората е етикетирана како NEKOJI и гласи: Smrt Rimljanom! Osveta! Osveta! Третата е сосема идентична со втората и се однесува на целиот колективен лик - сите присутни на сцената. Ако се погледне што говори и какви предикати презема врз себе тој колективен лик (едно единствено дејство: мафтање со мечот во воздух), тогаш станува јасно дека тој лик воопшто нема *естетска* функционалност и дека е *идеолошки* знак од прв ред; тој лик е, како што обично се вели за драмите на Шилер, *трубач на идеи*, во овој случај на идејата дека Илирите (и нивниот синегдотски означител - Теута) имаат право да живеат, а Римјаните - да умрат. Со други зборови, сцената можела да се реши меѓу Теута и дрските римски преговарачи и "зад затворени врати", без присуство на народот; но токму *идеолошкиот* импетус ги "издиктирал" и оваа дидаскалија и овие реплики. Идеолошкиот знак пробал да се маскира во естетски, пробал да се облече во туѓо руво, со што опасно ги довел во прашање мотивацијата и индивидуализацијата како основни обележја на секоја естетска структура, како што вели Никола Милошевиќ.[5]

Во насјајното дело на македонскиот деветнаесетти книжевен век, поемата *Сердарот* на Григор Прличев (која во јужнословенски контекст се смета за пандан на *Горски венец* на П.П.Његош и на *Смртта на Смаил-ага Ченгиќ* на И. Мажураниќ), исто така, се јавува колективен лик. Станува збор за Геги кои го убиле јунакот Кузман Капидан, и кои го донесуваат

[5] Прашањето за "масовките" и нивната неспорна идеолошка семиотика ќе остане актуелно дури и за делото на Шеноа, односно и во протореалистичката епоха на хрватската книжевност. Тоа укажува колку силно било влијанието на идеолошкиот врз естетскиот знак во хрватската книжевност.

неговото мртво тело во куќата на неговата мајка, Неда. Тие, без разлика што му припаѓаат на друг, несловенски род, функционираат повторно како идеолошки знак. Тие функционираат како една уста, или, уште подобро кажано, како идеолошки известител, кој на мајката треба да ѝ раскаже, во суперлативи и со највисока чест и уважување - колку херојски се борел против нив нејзиниот син. Тие, всушност, со тоа и го објаснуваат својот гест - носењето на телото на нивниот смртен непријател во неговиот дом: на тој начин, тие му изразуваат највисока почест на јунакот и на мајката што го родила, покажувајќи ги високите етички доблести на јунаштината, без разлика на кој род или идеолошко-верски табор му припаѓа јунакот. Значи, колкективниот лик и овде, иако не е позитивна еманација на митот за Пиемонт (оти во тој случај тој би требало да биде составен од Словени, како што е четата јунаци кај Мажураниќ), сепак функционира како идеолошки знак, односно преку една семиотика на идеолошкото. Тој сепак, макар и via negativa е носител на идејата за Месијанството/Прометејството на Словените, односно на нивниот pars pro toto во ова дело - јунакот Кузман Капидан.

Овде не е лошо да се укаже и на една специфика на македонската девентаесеттовековна книжевност по однос на хрватската: кога станува збор за колективните ликови, во хрватската книжевност, конфликтите најчесто се прикажани како судир на словенски со инороден колективитет (како во *Смртта на Самил-ага Ченгиќ* или пак *Гробничко поле*, каде се судира таборот Црногорци со таборот Турци, односно таборот Хрвати со таборот Татари). Во македонската книжевност пак, како да се инсистира на односот тиранин-жртва, при што тиранинот е редовно колективен лик, а жртвата - единечен лик. Типичен е примерот со поемата "Крвава кошула" на Рајко Жинзифов, во која колективниот лик на турскиот тиранин речиси без причина и немотивирано го погубува ликот на младото и незаштитено момче Божин. Авторот инсистира врз многубројноста на Турците: "Беха дошли Турци клети, / врли Арнаути, / не двамина, не тримина, / цели десетмина". Онака како што се потенцира бројноста на колективниот лик на тиранинот, се потенцира и единечноста на жртвата: "Нема сестри, нема тетки, / никого он нема: / е едничек, е самичек, / сираче без татка..." Таква нагласена сингуларизација на ликот има и во

Сердарот, каде паднатиот херој е еден син на мајка (макета на таа ситуација е сонот на Неда, која ноќта спроти смртта на синот сонува сон во кој единствениот дирек врз кој се потпира куќата се урива и паѓа). Можеби на таа точка би можеле да се конфронтираат идеолошкиот знак "колективен лик" кај Хрватите и Македонците: кај Хрватите Месијата е секогаш опкружен и потпомогнат со колективен лик од ист род, кај Македонците, дури и кога Прометејот не е сам (Кузман Капидан има своја чета јунаци) сепак е понагласена неговата сингуларна месијанска улога, па тој се доживува како фигура на Спасителот, истакната во прв план.

Станува сосема јасно на што се должи критичката објекција дека општо гледано, во делата од овој период сепак недостигаат поцврст мотивационен систем и понагласена индивидуализација при карактеризацијата на ликовите, односно, на што се должат масовните сцени со колективните ликови (иако за ликовите на Смаил-ага, Кузман Капидан и особено ликот на Неда се испишани и брилијантни критички страници кои токму ја истакнуваат нивната мајсторска индивидуална карактеризација). Станува јасно дека, овој "дефект", таму каде што се јавува, е последица на сериозен упад на идеолошкиот знак (митот за Пиемонт) во зоните на естетскиот знак. Станува, исто така, јасно, дека дури и "единечните" ликови страдаат од колетивни семички "комплекси", односно се однесуваат како амбасадори на определени општествени слоеви, како гласници на нивни идеи, како еден вид идеолошки синегдохи (делот ја означува целината, ликот ја означува својата социјална формација, тој е нејзин "делегат" во книжевното дело). Ликот, практично се сведува на еден вид *типизант*: очигледен е синегдотскиот аспект по однос на заедницата (нацијата, верската или политичката групација) што ја застапува. Таквиот лик станува знак за целината (Смаил-ага е знак за турскиот поробувач, Новица е знак за Словените-одмаздници), па тој навистина станува еден вид знак-типизација на стратумот што преку него, семиолошки кажано со зборовите на Чарлс Морис, наоѓа свој representamen, застапник во делото. Таквиот национално претпрограмиран синегдотски лик е типичен за романтизмот; во реализмот тој лик ќе се преобрази во *социјална*, односно *класна* синегдоха.

Станува, всушност, збор за она ниво на ликот кое се движи меѓу она што Греимас го именуваше како *тематска ролја* и она што го именуваше како *актер*[6]. Тематската ролја во случајот со книжевноста на деветнаесеттиот век не е ништо друго, освен таа способност за "типизација" односно за пренос на типично националното во еден претставник. Ликот станува номина агентис; Хрватот мора да се однесува хрватски, исто како што Македонецот мора да се однесува македонски, односно Словените мораат да дејствуваат во согласност со кодексот што го предлага идејата за панславизмот, варијантата на митот за Пиемонт, вели овој идеолошки знак. Тоа ниво, или тој степен на структурацијата на ликот е порана фаза од актерот и од ликот, иако може да се споредува и со актерот. Како што коментира Ан Иберсфелд по ова прашање: "И актерот и ликот се елементи на површинската структура и како такви - лексеми. На актерот како лексема му одговараат извесен број карактеристични семи. Но инидивидуалноста не е негова одлика: како ни актантот, ни актерот не е, всушност, лик."[7] Сето тоа значи дека контаминацијата на естетскиот со идеолошкиот знак во просторот на текстот, силно и специфично се одрази врз структурата на ликовите во делата од овој период. Поради митот за Пиемонт, ликовите на деветнаесеттовековната јужнословенска книжевност главно стојат на потегот од тематската ролја до актерот, без поцврсти индивидуални ознаки.

Овој мошне изнасилен и неприроден спој на колективното со индивидуалното, на идеолошкото со стилското, на конвенцијата со мотивацијата, под формата на ликот-синегдоха, произведе маса некохерентности во литературниот дискурс на деветнаесеттиот век. Таквиот дискурс ја исполни својата културно-историска, просветителска, будителска функција, но остави трајни оштетувања во она што се именува како естетски квалитет на книжевниот текст. Оттука, митот за Пиемонт нам ни се укажува со две лица: тој со првото дејствува контрапродуктивно и репресивно врз естетските процеси во текстот, а со второто го доближува текстот до публиката и до оној трет дискурс што Цветан Тодоров го нарече *јавно мислење*, и

[6] Види: "Actants, Actors and Figures", во: A.J.Greimas: *On Meaning*. -Minneapolis:1987, University of Minnesota Press", p. 118-119.
[7] An Ibersfeld: *Čitanje pozorišta*. -Beograd:1982, "Vuk Karadžić", стр. 83.

кој ја определува зоната на идеолошкото на една епоха. Таа зона во деветнаесеттиот век кај Јужните Словени се идентификува како зона на националното и роднинско-наднационалното.

***

Во македонската книжевност од деветнаесеттиот век, присуството на идеолошкиот знак е исто така, видливо. Меѓутоа, постојат и извесни разлики околу карактерот на тој знак. Станко Враз, на пример, пееше: "Pak se mi slagajmo / ko ruže u vijencu: / Brat budi Vlah Nijemcu, / a Nijemac Slovencu", мислејќи на космополитизмот како најширока верзија на митот за Пиемонт; Деметер, во *Utjeha Iliriji* пееше: Što ti ote nebrojeni / Broj dušmana, sve to će ti / Srb i Hrvat sjedinjeni, / Vjeruj, natrag još donijeti.", мислејќи пак на едно можно јужнословенство. Кај Македонците Жинзифов испеа песни во кои него "(...) го ваби гласот на борбата во татковината, него го иритира образованата Европа, што со скрстени раце спокојно гледа на тешката состојба на нашиот народ во Турција (та, Цепенков нели ја нарече таа иста Европа "блудница вавилонска"!). Жинзифов како убеден словенофил ја мрази раскомотената Европа."[8]

Но, и покрај тоа, нам ни се чини дека македонската книжевност не покажа радикално присуство на еден таков идеолошки знак во својот книжевен дискурс од тој период. Митот за Пиемонт не се разви во неа во таква мера во која се разви во хрватската книжевност, на пример. Свеста за заедничкиот корен на Словените тука е потисната од чувството на национална репресија која се граничи со закана за егзистенцијално бришење. Оттука, македонскиот книжевен дискурс не размислува пречесто и толку интензивно за "роднинството" со другите слични народи како хрватскиот книжевен дискурс, туку многу повеќе за - сопственото потекло и сопствената автохтоност.

Ако во оваа литературна продукција се анализираат идеолошките знаци, ќе се види дека тие главно се управени кон тоа да ја развијат националната самосвест, но не и по секоја цена да создаваат мистификации за некаква идна "Илирија". Македонецот немаше време да биде роднина со другите, оти

[8] Гане Тодоровски. "Поетот на македонските неволи", во: *Македонската книжевност во 19 век*. -Скопје:1990, "Наша книга", стр. 194.

најпрвин требаше да биде роднина самиот со себе; грчката и бугарската пропаганда, како и турското ропство, аспирациите кон Македонија како кон јаболко на балканскиот раздор се веќе опишувани во историјата и таа литература која ги дескрибира тие историско-политички позиции на Македонија и нејзините соседи сочинува една сосема солидна, голема библиотека. Затоа, ние нема на нив да се задржуваме.

Ќе покажеме само дека идеолошкиот знак кој ја нарушува кохеренцијата на естетската структура во македонскиот деветнаесетовековен книжевен дискурс има многу повеќе *просветителски* отколку *сесловенски* карактер. На пример, првиот расказ во македонската литература, *Прошедба* на Рајко Жинзифов, донесува ликови- етнолошки портпароли. И кога разговараат, двата лика го прават тоа како пред публика на која треба да ѝ се објаснат народните македонски обичаи, така што нивниот дијалог речиси и нема никаква врска со естетскиот знак, ами со идеолошката конвенција: договорот да му се даде определен квантум точни информации на читателот. На пример, причината за постоењето на овој дијалог не треба да се бара во некакви естетски побуди, ами во потребата да се задоволи "третата станица" на литературата - читателот, со најелементарни податоци за македонското етно-битие:

"- К'де ходиме, Здраве?

- Как к'де? Заборави? В село, в Врбјани. Опули сја направо; ено гледаш редом три села, средното ет наше... Скоро час't девет, нека појдиме поскоро, а там ќе сја починеме, ќе си покасниме баница, млеко пресно, кисело, пресипка, матеница, и што ни сја поискат."

Како што може да се забележи, мотивацијата е речиси рамна на нула; едниот лик прашува каде одат, за да може другиот не нему, туку на читателите да им даде информација за крајната цел на нивното патување. Оттука и невешто изведената мотивација: "Каде одиме?", а одговорот е: "Како каде? Зарем си заборавил?" (?!). Потоа следува цело едно гастро-мени карактеристично за македонската гостољубивост при пречекувањето гости. Ваквиот дискурс е всушност само една дискурсна желба/копнеж да се сочува народното знаење од

пропаѓање и заборав. Оттука, и расказот изобилува со документарни податоци за обичаите на македонскиот народ.

Затоа, митот за Пиемонт не треба да се бара толку во литературните дела на оваа книжевна формација, колку на лингвистички и поширок етнолошки и културолошки план: на пример, мечтите на еден Григор Прличев да се создаде еден поетски јазик заеднички за сите Словени и неговите конкретни обиди да се стори тоа (еден вид лингво-стилистичка Пиемонтска утопија, оти Прличев се обидуваше да ја препее Хомеровата "Илијада" на тој свој јазик!), гледиштата на Жинзифов за создавање на еден таканаречен "среден" бугарско-македонски јазик (пандан на подоцнежниот српско-хрватски јазичен проект во СФРЈ), или собирањето народни умотворби на теренот на Македонија и на соседните јужнословенски лингвистички зони, со будењето на свеста дека во нив се наоѓаат идентични мотиви, како и преводите на други словенски писатели (пред сè поети) кои влијаеле врз македонската писателска формација од минатиот век.

Венко Андоновски

ВКРСТУВАЊЕТО НА ЕСТЕТСКИОТ СО ИДЕОЛОШКИОТ ЗНАК ВО КНИЖЕВНОСТА НА ХРВАТИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ ОД ДЕВЕТНАЕСЕТТИОТ ВЕК

Резиме

Трудот покажува дека политичкиот мит за Пиемонт, инкарниран како идеја за панславизмот, јужнославизмот и југославизмот, лесно може да се препознае во книжевните текстови од овој период кај Хрватите и Македонците, и тоа како знак на една идеолошка постапка на означување. Во трудот, врз конкретни примери од овие две литератури се покажува изолацијата на идеолошкиот од естетскиот знак, како и фактот дека идеолошкиот знак предизвикува некохеретност на литературната структура, односно потиснување на двете нејзини основни својства: индивидуализацијата и мотивацијата.

Со тоа, митот за Пиемонт покажува Јанусова природа: од една страна ја зголемува апелативната и дидактичка функција на текстот, приближувајќи го него до дискурсот на јавното мислење, а од друга страна остава некохерентности во чисто естетската структура.

УДК 830 – 4 (049.3)
830 – 3.09

Ранка ГРЧЕВА

МАНОВИТЕ ТЕОРЕТСКИ НАЧЕЛА ЗА ЉУБОВТА

Своите теоретски ставови за љубовта, една од доминантните теми на неговото творештво, Томас Ман најексплицитно ги образложува во четири есеистички трудови: „Набљудувањата на еден аполитичар" (Betrachtungen eines Unpolitischen), „За германската република" (Von deutscher Republik), „За бракот" (Über die Ehe) и „Фројд и идниата" (Freud und die Zukunft). Преку нив може да се проследи неговата мисловна трансформација по однос на сфаќањето на љубовта, а едновремено во нив е извршена и редефиниција на неговите ставови по ова прашање застапувани во неговите претходни дела.

За сеопфатно разбирање на наведениве теоретско-критички статии на Ман неопходно е најнапред да се наведат два клучнии момента кои се иманентни на оваа тема. Станува збор за неговиот приватн однос кон љубовта, што во голема мера ги условува и неговите книжевни ставови, и второ, за начинот и формите во кои тој го варира љубовниот мотив во својот книжевен опус.

Љубовниот живот на Томас Ман претставува широка лепеза на еротски интерес за личности од обата пола, почнувајќи од соучениците Вирли Тимпе и Армин Мартенс во Либек, преку минхенскиот сликар Паул Еренберг, Англичанката Мери Смит, неговата сопруга Катја Прингсхајм, цела низа вљубености се до последниот љубовен занес во поодминати години, поточно во 1950. година, кога придружувајќи ја жена си при една операција во Цирих се вљубува во еден хотелски келнер по име Францл.

Мановата бисексуалност е детабуизирана тема присутна во поновите биографски статии за него.[1]) Меѓутоа непобитен е фактот дека неговиот однос спрема љубовта е подложен на сложен систем на потиснување, самоконтрола и сублимација во книжевниот опус. „Die zentrale Herzenserfahrung meiner 25 Jahre" го нарекува тој во „Дневниците" својот интензивен хомоеротски однос спрема Паул Еренберг[2]), но колку и да го привлекуваат во минхенските денови русите и синооки момчиња тој не смее да заборави дека неговиот природен порив претставува опасност не само за него како личност туку и за неговата граѓанска репутација и за неговата сигурност и слобода кои можеле да бидат доведени во прашање поради кривичниот закон кој предвидувал смртна казна за хомосексуалност.[3]) Свесен за оваа опасност Ман ја зауздува својата хомосексуалност од обзир спрема општествените норми и ја пренасочува во естетската сфера идеализирајќи ја како едностране почитување на смислата за убавина.

Овој однос, според Ханс Вагет[4]) е парадигматски за целокупното негово книжевно творештво во кое се рефлектираат многу лични еротски искуства сублимирани во книжевни ликови. Ханс Ханзен, Рудолф Швердфегер, Тацо и други, се само дел од книжевните ликови чии прототипови егзистирале во Мановиот живот. Животната констелација наоѓа одраз како уметничко повторување во неговото дело. Дури и без да се читаат неговите „Дневници", смета Карл Вернер Бем[5]), од неговото раскажувачко дело, и тоа не само од оние творби кои ја имаат хомосексуалноста како тема, како на пример „Смртта во Венеција", може да се согледа неговата склоност кон машкиот пол. Оваа хомоеротска

---

[1] Krüll, Mariane: Im Netz der Zauberer. Eine andere Geschichte der Familie Mann. Raabe u. Vitali, Arche Vlg., 1922 и Harpprecht, Klaus: Thomas Mann. Eine Biographie. Stuttgart, Rowohlt Vlg. 1995

[2] Koopmann, Helmut: Thomas-Mann-Handbuch.Stuttgart, Alfred Kröner Vlg., 1990, 941-976

[3] Harprecht, K.: op.cit. стр. 227

[4] Kurzke, Hermann: Thomas Mann: Epoche-Werk-Wirkung. München. C.H. Becksche Verlagsbuchhandlung, 1985, 568

[5] Böhm,Karl Werner: Die homosexuellen Elemente in Thomas Manns „Der Zauberberg". Во: Kurzke, H.(Hrsg.): Stationen der Thomas Mann-Forschung. Aufsätze seit 1970. Würzburg, Königshausen und Neumann, 1985,145-165

карактерна црта на авторот условува и при обработка на неговите доминантни теми кои главно се движат околу проблемите на граѓанството и уметноста, животот и смртта, со безбројни нивни варијации, љубовниот мотив во неговите капитални дела да е пртежно со хомоеротска определба. Кога го велиме ова мислиме на љубовта на Хано Буденброк спрема грофот Кај Мелн, на Тонио Крегер спрема Ханс Хансен, на Ханс Касторп спрема Пшибислав Хипе, на Адријан Леверкин спрема Рудолф Швердфегер. Дури и во навидум хетеросексуалните љубовни двојки, смета Бем, Мановата хомосексуалност е присутна во структурата, дејството и штимунгот на неговите дела, и таа, и кога е хетеросексуална врска, е само маскирана хомоеротска форма. [6])

Секакво грубо, јавно и несублимирано манифестирање на хомосексуалноста за Т. Ман претставува повреда не само на јавниот морал туку и на неговото естетско чувство. Така во дневникот од 23.2.1921. година тој запишал дека романот „Болна љубов" (Kranke Liebe) од хомосексуалниот автор Ханс Јегер (Hans Jäger) не сакал да го прочита докрај бидејќи станува збор за „одвратен, непријатен документ".[7]) Неколку години пред смртта, како седумдесетгодишник, под влијание на разбудената творечка страст спрема Францл, во есејот објавен по повод преводот на сонетите од Микеланѓело од швајцарскиот лиричар Ханс Милештајн (Hans Mülestein) пишува: „Michelangelo hat nie um der Erwiederung willen geliebt, noch an sie glauben wollen und können. Für ihn ist, recht platonisch, der Gott im Liebenden, nicht im Geliebtan, der uns das Mittel göttlicher Begeisterung ist ..."[8]) Овој став што Ман му го припишува на Микеланѓело можеме да го квалификуваме и како став на Томас Ман за љубовта.

Неговото теоретско бавење со прашањето за љубовта започнува во 1918. година кога го објавува есејот „Набљудувањата на еден аполитичар". Појдовната интенција на ова обимно, политичко-филозофски и книжевно-културолошки

---

[6] Исто, стр. 145

[7] Härle, Gerhard: Die Gestalt des Schönen. Untersuchung zur Homosexualitätsthematik in Thomas Manns Roman „Der Zauberberg", Königstein/Ts., Hain Vlg., 1986

[8] Mann, Thomas: Die Erotik Michelangelos. Bo: Schriften und Reden zur Literatur, Kunst und Philosophie. Bd. III. Frankfgurt/M.,.Fischer Vlg. 1968, 237

насочено дело се огледува и во мотото преземено од Гетеовата драма „Торквато Таco": „Спореди се! Сознај, што си!" (Vergleiche dich! Erkenne, was du bist!). Во него тој го дефинира својот однос спрема национализмот и европејството, односно меѓу германскиот конзервативизам и европските прогресивни тенденции. Низ призма на лична определба тој ја локализира и политичката и културолошката позиција на Германија во светските цивлизаторски текови. Со тоа создава процеп меѓу два меѓусебно непомирливи светови: едниот е отелотворување на германското битие на кое му се својствени културата, слободата, уметноста, душата, другиот отелотворение на западниот, францускиот дух, на кого не му е присушта културата туку цивилизацијата, не слободата туку демократското право на глас, не сеопфатноста на уметноста туку литературата, не душата туку разумот. Притоа тој прави јасна дистинкција меѓу два основни спротивставени поими: политичност и неполитичност, „Politisierung und Demokratisierung, das ist doch ein und dasselbe"[9]), наспроти сфаќањето за неполитичноста, односно човечноста: „ ... eine menschliche Denk- und Betrachtungsweise bedeutet den Gegensatz aller Politik. Menschlich denken und betrachten hei3t unpolitisch denken und betrachten."[10]) Човечноста лишена од политичка обоеност го исклучува интересот за учество во државните работи кои треба да им бидат препуштени на професионалните политичари. Поединецот треба да ги развива своите индивидуални квалитети и да ја развива својата љубов спрема ближниот. „Denn wenn irgend etwas imstande ist, aus einem Literaten einen Dichter zu machen, so ist es diese meine Bürgerliebe zum Menschlichen, Lebendigen und Gewöhnlichen"[11]), вели Ман за себе протежирајќи го човекољубието како основен критериум на животна определба. Демократијата, односно масовното политизирање, тој и ја препушта на западната цивлизација на чело со Франција.

Естетизмот пак, било да се изразува како животна определба за убавото или како човекољубие е само „gestenreich-hochbegabte Ohnmacht zum Leben und zur Liebe. Nichts anders. Man mü3te weniger gut Bescheid wissen über das Wesen dieser gepriesenen,

[9] Mann, Thomas: Betrachtungen eines Unpolitischen. Frankfurt/M., Fischer Vlg., 1956, 227
[10] Исто, стр. 420
[11] Исто, стр. 535

allgemeinen Menschenliebe. Sie ist periphere Erotik".[12]) Дефиницијата „периферна еротика" укажува на неможноста, неспособноста на естетичарот за вистински чувства ни спрема животот ни спрема друга личност. Во поглавјето „Иронијата и радикализмот" авторот ја дефинра љубовта како „Bejahung eines Menschen abgesehen von seinem Wert", што е цитат преземен од книгата „Улогата на љубовта во машкото општество" (Die Rolle der Erotik in der männlichen Gesellschaft) од теоретичарот на хомоеротиката Ханс Блиер (Hans Blüher).[13]) Притоа станува јасна Мановата афирмација на љубовта без оглед на нејзината насоченост кон историодниот или спротивниот пол.

Меѓутоа Мановиот интерес за толкување на љубовта во рамките на неговите општи согледувања на различни проблеми од духовниот живот на неговата земја не се ограничуваат само на плотската љубов и на човекољубието во религиозна смисла, туку акцентот е ставен првенствено на односот меѓу животот и духот. Овој однос, по својата суштина деликатен, тежок, возбудлив и болезлив, исполнет е со иронија и еротика. Меѓу животот и човековиот дух постои непрестан взаемен копнеж, постои еротски однос: „Zwei Welten, deren Beziehung erotisch ist, ohne daß die Geschlechtspolarität deutlich wäre, ohne daß die eine das männliche, die andere das weibliche Prinzip darstellt: das sind Leben und Geist. Darum gibt es zwischen ihnen keine Vereinigung sondern nur eine kurze, berauschende Illusion der Vereinigung und Verständigung, eine ewige Spannung ohne Lösung."[14]) Духот сака да му се умилкува на животот, а неговото додворување Ман го нарекува „еротска иронија". Под оваа синтагма тој ја подразбира понижувачката, подредена улога на духот, на духовното спрема животно-чулното. Ироничното во релацијата дух-живот е неспособноста на духот да сака историден, облагороден, продуктивен објект, туку наспроти очекувањата, што е типично за иронијата, го сака животно-чулното, кое е заинтересирано за духовното.

Во корелација со своите целокупни политички ставови застапувани во ова дело, чиј заеднички именител е

[12] Исто, стр. 536
[13] Kurzke, Hermann, op. cit. 167
[14] Mann, Thomas: Betrachtungen, стр. 561

конзервативизмот, Ман ја нарекува конзервативна и еротската заинтересираност на ироничарот за животот, односно за чулното. Тој конзервативизам на љубовен план значи некритичка, пасивна потврда и прифаќање на дадените услови без претензија тие да се менуваат. Односно прифаќање на животот и желба за допаѓање со свест за несогледливоста меѓу духот кој се додворува и објектот на восхит - животот. Вака поставената релација на љубовта меѓу духовното и чулното наоѓа практична примена во редица Манови дела каде високо издигнатиот дух покажува понижувачки интерес за чисто телесното и притоа доживува фиаско. Да го наведеме за илустрација префинетиот, продуктивен, крајно резигниран Јоханес Фридеман во неговиот обид наспроти со мака воспоставеното животно начело да живее без љубов, сметајќи дека е недостоен за такво возвишено чувство, да и се приближи и да ја здобие љубовта на гордата амазонка Герда фон Ринлинген. Животната чулност, алегоризирана во надмената Герда, со одвратност го отфрла физички накажаниот, значи животно неподобниот, духовно воздигнатиот, но непожелен, неприфатлив Фридеман. Ваквото сфаќање за љубовниот однос меѓу духовното и телесното присутно е или како тема или како мотив во низа Манови дела од неговиот ран творечки период, како на пример во „Лујзица" (Luischen), „Кралско височество" (Königlieche Hoheit), „Смртта во Венеција" (Der Tod in Venedig).

Дека целото ова дело е проткаено со Мановите лични сфаќања за љубовта и сексуалноста покажува и неговиот запис во дневникот од 1919. година каде стои: „Es unterliegt für mich selbst keinem Zweifel, daß ‚auch' die ‚Betrachtungen' ein Ausdruck meiner sexuellen Invertiertheit sind".[15])

Љубовта и сексот според Томас Ман треба да служат пред се за општествени цели. Онака како што во антиката за да се зацврсти војничкото и патријалхално општество жените биле исклучени од јавниот живот и упатени на должностите околу куќата и децата, а на сите форми на репрезентација како и во воените дејства еротските желби на мажите биле свртени кон припадниците на сопствениот пол со цел да се зцврсти машката

[15] Harprecht, K.: op. cit. стр. 481

сила и борбеност[16]), така и во своето време Ман го нагласува хомосексуалниот однос како особено битен за општеството. Во германскиот национализам и војна тој гледа одраз на мажественост, а во Франција со нејзиното просветителство, револуционерност, демократија и литература женственост, кокетерија.[17]) Во доживувањата од војната исполнети со крв и смрт тој гледа можност за зацврстување на љубовта меѓу мажи. Таква еротска поврзаност го воздигнува националниот и борбен дух и на тој начин еротското е во служба на политиката, сообразно на античкиот урнек за љубов меѓу мажи. [18])

По завршувањето на првата светска војна и создавањето на Вајмарската Република, Т.Ман радикално ги менува своите политички сфаќања кои ги сумира во предавањето одржано по повод 6О-годишнината од раѓањето на Герхарт Хауптман под наслов „За германската република". Во него тој од убеден конзервативец станува приврзаник на републиканските идеи. Притоа не ја има предвид само Вајмарската Република како идеална политичка форма, туку поимот република го сфаќа како најсоодветен облик за реализација на човековите идеали, а демократијата како производ на младешка љубов.Со формулата „Ерос како државник" (Eros als Staatsmann) Ман ја опфаќа својата идеја за машкост и претставата за републиканско - демократско општество означено со зборот „фалократија". Во овој есеј доаѓа до пресврт во неговиот став застапуван во „Набљудувањата на еден аполитичар" каде машкоста ја исклучува демократијата, бидејќи таа се заканува на мажите да им ја одземе машкоста, да ги демаскулинизира.

Интенцијата на есејот е да ја објасни својата идеја за хуманоста и демократијата за со неа да ја заинтересира германската младина за демократијата. За поголема убедливост во своето излагање тој не наведува аргументи со западноевропска провинциенција, туку ги нагласува оние од специфично германската традиција, употребувајќи ги Новалисовите погледи како специфичен германски спој меѓу националното и

[16] Schlaffer,Heinz: Knabenliebe. Zur Geschichte der Liebesdichtung und zur Vorgeschichte der Frauenemanzipation. Bo: Merkur No 557, 8/9

[17] Harpprecht, K.: op.cit. стр. 481

[18] Исто, стр. 507

универзалното. А за да ја надмине разликата меѓу германското и западното политичко мислење и да ја покаже сличноста на Новалис со западното духовно богатство ја наведува политичката лирика на американскиот поет Волт Витман.[19]) Она што длабоко ги поврзува Витман и Новалис е нивната хуманост сфатена како љубов и тоа „nicht in einem verblassenen, anämischen, asketischen, mitleidigen Verstande, sondern im Sinn des obszönen Wurzel-Symbols ..."[20])

Споредувајќи стихови од Новалис и Витман, Ман извлекува заедничка црта, а тоа е дека во основата на сите човечки функции лежи сладострасноста: „Amor ist es, der uns zusammendrückt."[21]) Симпатијата со органското кај Новалис, кого го нарекува „сладострастен мислител", кај Витман се сретнува како сеопфатна еротска демократија. Кај обајцата е изразена потребата од љубовен допир. Новалис, „diser großäugige Träumer", вели Ман, е обземен од феноменот на половата страст, од копнежот по човечкото тело и задоволството што го чувствува при допир со човечко тело, исто како што во поемата „Го опевам електричното тело" од Витман се нагласува чудната симпатија што човек ја чувствува кога со рака допира голо тело. Двата навода и „религиозната хуманост" кон која се издигнува човекот при телесното искуство кај Новалис, и „анатомската химна" што ја создаваат Витмановите стихови, имаат заедничко исходиште во душата, зашто телото мора да е во хармонија со душата. „Постои само еден храм во светот, а тоа е човечкото тело. Поклонувањето пред човекот е само изразување почит пред откровението на телото. Човек достига до небото кога допира човечко тело."[22])

Ман ја искажува важноста на еротиката не само во меѓучовечката туку пред се во политичка констелација. Сфаќајќи го поимот република, за кој се залага, како единство на државата и културата, тој во Ерос гледа не само бог на љубовта меѓу другари, туку и бог на мирот, бидејќи преку љубовта меѓу

[19] Koopmann, Helmut, op. cit. стр. 28 - 29
[20] Mann,Th.: Essays, Bd. II. Frankfurt/M., Fischer Taschenbuch Vlg.,1977, 86
[21] Исто, стр. 87
[22] Исто, стр. 88

носителите на републиката се овозможува нејзино функционирање, се гарантира мир.

Овде авторот е на позиција на заговорник на хомосексуалната љубов, на поврзаноста меѓу „исто со исто, на зрела машкост со наочита младост". Оправдување за овој свој став тој наоѓа на естетски, традиционален и политички план. Естетски тоа го објаснува со мислењето дека машкото е поубав и почист израз на идејата за човекот. Традиционалната подлога е антиката во која хомоеротиката е општоприфатена животна појава, а во германски рамки го илустрира со Гетеовиот став дека овој феномен постои во природата и во човештвото во сите времиња.

Приврзаник на ова свое залагање Ман наоѓа токму во поезијата на заговорникот на „атлетската љубов", американскиот поборник за демократија, Волт Витман, кој изјавува дека нема да пее ниедна друга песна освен песни за машко пријателство со кое ќе ги обедини континентите во општа хуманост на земјата. Текот на либидото и кај Новалис и кај Витман е насочен во креативна насока, во создавање еротска поезија, но со различни љубовни објекти, односно со различно исходиште. Ман ја преферира Витмановата љубов кон момче пред Новалисовата љубов кон Софија, бидејќи ја смета за поздрава. Витмановата позија тој ја споредува со животот, онаа на Новалис со смртта. Иако поимот „симпатија со смртта", симбол на романтиката, е доминантен во „химните на ноќта", тој не му е стран ни на Витман, бидејќи љубовта кон убавината, присутна во секоја поезија, е љубов спрема смртта. Ман ја илустрира својата теза со песната „Тристан" (Tristan) од Аугуст фон Платен (August von Platen) во која е нагласена поврзаноста меѓу љубовта, убавината и смртта. Оној кој ќе ја погледне убавината е предодреден за смрт. Убавната и смртта се нераздвојно поврзани.[23]

Сфаќањето на Ман за потребата од општествена оправданост и толеранција на хомосексуалната љубов застапувано во претходните два есеја наоѓа свој полн израз во статијата „За бракот", адресирана како писмо до грофот Херман Кајзерлинг (Hermann Keyserling). Обработувајќи ја оваа тема Ман

[23] Ман,Томас: Волшебниот рид, Скопје, Наша книга, 1987,том I, 354

вели дека се наоѓа на „опасен терен"[24]) бидејќи таа претставува „eine leidenschaftliche Auseinandersetzung mit den tief durchlebten, durchlittenen Antinomien seines Werkes".[25])

Мановиот приватен однос кон бракот како општествено пожелна категорија го узнаваме од два биографски момента. Првиот е неговиот исказ по ова прашање во писмото до Пол Еренберг неколку години пред пишувањето на есејот, додека по однос на бракот не треба да се има многу идеализам.[26]) Вториот е наведувањето на Хегеловиот став според кој најморален пат кон бракот е оној кога најнапред постои решеност да се склучи брак, а како последица на таа решеност да се појави симпатија, та бракот да ги вклучи во себе обата елемента. Токму така постапил и Томас Ман кој читајќи го Хегел почувствувал големо задоволство.[27])

Додека во првите два есеја Ман ја функционализира хомосексуалноста заради политички цели, во есејот „За бракот" тој прави дистинкција меѓу хетеросексуалната и хомосексуалната љубов, укажувајќи на нивните специфики и нивните биолошки, социолошки и естетски валери. Формален повод за ова негово размислување е се поголемата еманципација на жената во почетокот на веков што резултира со нејзино андрогенизирање, наспроти губењето на типичните маскулини обележја на мажот. Тоа приближување на половите со чувство на поголема човечност и другарство е еден од елементите на двојството на човекот, на неговата бисексуалност: жената во својот стремеж да се осамосталува, духовно да се издигнува, емоционално да доминира, а мажот да се откажува од типично машките надворешни обележја. Со оваа карактеризација на половите Ман се залага за отстранување на половиот антагонизам. Наспроти ставовите застапувани во „Набљудувањата на еден аполитичар" каде се глорифицира машкоста со развивање на идејата за политички оправдана милитаристичка еротика и минимизирање

---

[24] Во оригиналот стои „glättestes Glatteis". Mann.Th.: Schriften zur Literatur, Kunst und Philosophie, Bd. I, 250

[25] Tillmann, Claus: Das Frauenbild bei Thomas Mann. Der Wille zum strengen Glück. Frauenfiguren im Werk Thomas Manns. Wuppertal, Deimling Vlg.,1999,28

[26] Harpprecht, K.: op.cit. стр. 228

[27] Mann, Thomas: Schriften und Reden zur Literaur ..., стр. 257

на улогата на жената како посредничка во функција на неутрализирање на сексуалниот набој меѓу мажите, Ман овде се застапува за бисексуалност, за еротска толеанција.

Потврда за своето видување за двојната сексуална природа на човекот Ман наоѓа и во психоанализата, во учењето на Зигмунд Фројд, кое во голема мера се совпаѓа со Мановото сфаќање. Од Шопенхауер пак тој ја презерма тезата дека љубовната илузија е само трик на природата за продолжување на човековиот род, наспроти еротскиот естетицизам на Платен дека принципот на убавината е поврзан со идејата за неплодноста и смртта.[28])

Овој есеј на Ман всушност претставува обид да се покаже поделеноста и да се докаже оправданоста на двата типа љубов и целисходноста на нивното постоење во општествени и естетски категории. Имено, хетеросексуалната љубов е биолошки оправдана форма на љубов бидејќи преку неа се продолжува човековиот род, таа има позитивен однос спрема животот бидејќи го потврдува. Општествено е пожелна бидејќи се остварува во граѓанско општоприфатени норми, односно нејзин предуслов е моралот, поточно чувството за висок степен на одговорност, почитување на пропишаните и обичајни морални закони и пред се брачната верност. Таа се карактеризира и со чувство на приврзаност кон партнерот и со развиена смисла за одговорност. Овие доблести се воедно и барања што императивно ги наметнува животот. Ваквата љубов е обележана со оптимизам кој произлегува од чувството дека со плодноста, со продолжувањето на родот е исполнета животната обврска. Хомосексуланата љубов е нејзина дијаметрална спротивност, нејзина негација. Нејзината основна премиса не е во биолошкото продолжување на човечкиот род и потврда на општествените норми, туку таа напротив постои за задоволување на љубовната потреба на поединецот. Површноста и неверноста се нејзини главни одлики. Нејзината стерилност и изразита индивидуалност водат кон промискуитет, кон стил на живот без чувство на одговорност, ред и планирање. Отсуството на чувство за одговорност овозможува да се развие смисла за оргиастичка слобода, но едновремено присутно е и

[28] види: Kurzke, Hermann: op. cit., стр. 188

чувството на песимизам и бесперспективност. Хомоеротската љубов биолошки е неполезна бидејќи е бесплодна, но едновремено со нејзиното опстојување како љубов само заради љубов се развива чувството за естетското, за убавината. Доследен на ставот изнесен во есејот„За германската република" Ман и овде ги доведува во каузалност љубовта, убавината и смртта. Односно љубов што е насочена кон убавина е предодредена за смртта. Зашто оваа љубов е бесперспективна, безизлезна: „Es ist kein Segen bei ihr, als der der Schönheit, und das ist ein Todessegen."[29])

Меѓутоа уметникот како најчест приврзаник на хомоеротската љубов е афирматор на животот и својата инстиктивна врзаност со него ја реализира во својата функција на посредување меѓу светот на животот и оној на смртта. Оваа своја функција тој ја исполнува со помош на иронијата. Во овие Манови излагања ги препознаваме карактеристичните одлики на неговиот творечки хабитус: неговата хомосексуалност, книжевната опсесија со темата за средишната улога на уметникот меѓу животот и уметноста, и неговото најизразито стилско средство, иронијата.

Бракот, исто како војната и уметноста, смета Бем, Ман не си го замислувал како место за страсти, туку како простор каде ќе се негува дисциплина и аскеза. Водечката идеја на аскезата е мажот да го развива своето животно начело како борец, уметник и сопруг, и со тоа да придонесе во хуманизирањето на светот.[30])

Идејата за општествената улога на човековата сексуалност за која говори Томас Ман е присутна и во поновите социолошко-психолошки истражувања. Говорејќи за значењето на сексот во современата западна цивилизација францускиот научник Мишел Фуко (Michel Foucault) истакнува дека тој станува шифра за човековата индивидуалност, но и нешто што овозможува анализа и дресура. Сексуалноста станува тема на политички операции, економски зафати, динамометар на

[29] Mann,Th.: Schriften und Reden..., Bd. I, str. 255
[30] Исто, стр. 218

општеството кој ја покажува неговата политичка енергија и биолошка снага.[31])

На естетски план Мановото приближување на половите заради човековата природна двополност, олицетворено во феминизирањето на мажите и маскулизирањето на жените забележливо е и во незапирливата тенденција современата жена се повеќе да поприма момчешки црти. Хајнц Шлафер (Heinz Schlafer) оваа појава ја доведува во врска со потребата од задоволување и на природната машка желба спрема историодниот пол, но и за задоволување на општествените норми. Решение на ваквиот амбивалентен однос тој го гледа во маскираната хомоеротика која се јавува во облик на женска еманципација.[32])

Во есејот „Фројд и иднината" Ман ја тематизира љубовта од еден поинаков агол отколку дотогаш, имено не од филозофски, политички или социолошки аспект, туку како психолошка категорија, како елементарен човеков нагон. Притоа тој не ги елаборира многуте функции на љубовта во целокупното човеково опстојување, туку поаѓајќи од Фројдовото учење за психоанализата прави неколку значајни паралели.

Првата е онаа меѓу Шопенхауеровото учење за волјата како негација на духот и интелектот и Фројдовото сфаќање на нагонот како негација на разумот и свеста. Тргнувајќи од претпоставката дека Фројд не ги познавал ниту Ниче, ниту Новалис, Кјеркегор и Шопенхауер кои на различни начини го антиципирале неговото учење за потсвесното, тој најнапред го нагласува револуционерното значење на Шопенхауеровата песимистичка метафизика која му дава примат на нагонот пред духот и умот и на Фројдовото истакнување на несвесното во психичкиот живот на човекот, наспроти класичната психологија според која свеста е единственото рамниште на психичкиот живот на човекот. Шопенхауеровото филозофско и Фројдовото психолошко учење не само што се подеднакво важни како нов пробив на научната мисла, туку тие, според Томас Ман, се совпаѓаат. Човековиот нагон, придржувајќи се единствено до

---

[31] Foucault, Michel: Sexualität und Wahrheit. Der Wille zum Wissen. Frankfurt/M., Suhrkamp Vlg., 1983, стр. 98

[32] Schlaffer, Heinz: op. cit., стр. 692

принципот на задоволство, односно тежнеејќи исклучиво кон задоволување на својата потреба, ги занемарува логичките закони на размислувањето, на се она што претставува социологизиран, култивиран и разумски дел на личноста кое Фројд го нарекува „над-јас". Несвесниот, нагонскиот дел од личноста, Фројдовото „тоа", таканаречената царство на несвесното, споредено е со Шопенхауеровото царство на волјата која исто така како нагонска човекова продуктивна енергија, како основа за развиток на човештвото, е примарна по однос на човековите интелектуални можности кои зависат од неа.

Карактеристиките кои Фројд му ги припишува на несвесното, имено, неговата ирационалност, отсуството на смисла за реална проценка, за моралните и временски категории, според Ман се буквално исти со оние на волјата, исто онака како што разумскиот дел на психата, човековото „над-јас", способно за разликување, проценување, респектирање на моралните начела, е способно за организација и обмислено делување, исто како и неговиот пандан интелектот. Во склопот на елементарните човекови нагони спаѓа и сексуалниот нагон кој во својот стремеж за задоволување останува на најпримитивното ниво на чиста сексуалност, или се збогатува во емоционална форма на љубов. Минувајќи ги сите слоеви на човековата психа, подсвеста, свеста и надсвеста, односно „тоа", „јас" и „над-јас", љубовта станува не само движечка човекова сила туку и негова продуктивна енергија. Таа ги насочува човековите постапки и исто онака како што, смета Ман, Шопенхауер во статијата „За божемното постоење на намерата во судбината на поединецот" вели дека волјата ги условува човековите постапки и го обликува текот на човековиот живот. Ослободена од разумските стеги волјата го обликува сонот според неостварените или неостварливите реални желби на поединецот, а дење таа ја предодредува нашата судбина во зависност од нашите постапки со кои си ја пишуваме истата. Во Фројдовите психолошки категории сонот би бил одраз на моќта на потсвесното ослободено од размунскиот дел на личноста, а грешките што се прават во говорот, нагонот за самоказнување, бегството во болест и слично, би биле факти кои кореспондираат со нашата потсвесна желба во будна состојба.

На првата филозофско-психолошка паралела Ман ја надоврзува споредбата меѓу психологијата и книжевноста, во

нивната слична сознајна постапка и во поврзувањето на старото и новото, на веќе доживеаното и новонастанатото. Човекот постои и опстојува како дел од одамна доживеаните, веќе клишрани животни шеми и обрасци. Неговиот живот не е апсолутно нов, единствен и индивидуален, туку мешавина од ковенционализираните елементи на севкупното дотогашно живеење. Надоврзувајќи се на постојното на човека му е присушта потребата да се препознава себеси во старото, да го изнаоѓа типичното и индивидуалното. Типичното Ман го изедначува со митското, со изобилието од животописи, легенди и народни преданија, за што подеднаков интерес покажуваат и психоанализата и литературата. Психоанализата тоа го прави со намера да проникне што е можно подлабоко во човековите прапочетоци, во детството на човештвото. Зашто „Mythos ist Lebensgründig; er ist das zeitlose Schema, die fromme Formel, in die das Leben eingeht, indem es aus dem Unbewußten seine Züge reproduziert".[33]) Во литературата тоа значи способност на писателот да гледа и да пишува митско-типично, односно умешност да ја согледува стварноста во општоважечка шема во која индивидуалното е повторување, образец за веќе постојното. Во овој контекст може да се смести и љубовниот мотив кој од антиката до денес во книжевноста претставува варирање на шематизираните облици од една страна и повторување на формата што како емоционално доживување веќе постои во психата на поединецот.

Во првиот случај Ман го има предвид целокупното книжевно наследство на кое тој се надоврзува во романот „Јосиф во Египет" во кого вградува не само митови и легенди од источната култура, туку и сфаќањето за љубовта во високоразвиената египетска цивилизација за која љубовта е нетабуизирана човекова животна функција со која се слават божествата, и западната култура според која љубовта е подредена на одредени морални и религиозни норми. Во вториов случај Ман го расветлува значењето на љубовното доживување во детството кое како „форма на митска идентификација" се јавува пред се спрема родителот, спрема таткото. Идентифицирајќи се со него, подржувајќи го, човекот се обликува спрема неговиот образец

[33] Mann,Th.:Schriften und Reden zur Literatur...Bd.I,Frankfurt/M., S.Fischer Vlg., 1968, стр. 383

негувајќи ја на тој начин симпатијата за него, но пренесувајќи ги едновремено своите чувства, сега на повисоко духовно ниво, врз личностите од неговиот подоцнежен живот кои стануваат објект на неговите емоции.

Смислата за болест, нејзината продуктивна функција која се остварува во сознанијата што се стекнуваат преку неа, и смислата за вистина, чувствителноста и приемчивоста за неа, го наведуваат Ман до заклучокот за сродноста што постои меѓу неговото книжевно творештво и Фројдовото психоаналитичко учење чија особена заслугсса се состои во неговата хуманизаторска мисија кон која се стреми и целокупниот творечки опус на Томас Ман.

Ranka Grceva

THOMAS MANNS THEORETISCHE GRUNDSÄTZE ÜBER DIE LIEBE

Zusammenfassung

Die Studie stellt - auf dem Hintergrund der Thomas-Mann-Forschung - einen der bestfundierten, kenntnisreichsten und in seiner Prägnanz und Systematik überzeugenden Beitrag zur Deutung des fundamentalen Syndroms des Mannschen Werks dar. Präziser als in den bisher vorliegenden Spezialstudien werden die Verbindungen zwischen theoretisch-essayistischem und fiktionalem Werk, aber auch die Bezüge der Liebestheorie zu den rezipierten Ideologemen, Methoden und Philosophien herausgearbeitet. Die Arbeit stellt mit ihren teilweise ganz neuen Relationierungen der Details, aber auch mit ihrem Vorschlag zu einer neuen Deutung, einen gewichtigen Beitrag zur wissenschaftlichen Diskussion über das Werk Thomas Manns dar.

УДК 830 – 3.09

Ранка ГРЧЕВА

СУБЈЕКТИВИЗМОТ И БЕГСТВОТО ОД СВЕТОТ КАКО ТВОРЕЧКИ ПРИНЦИПИ ВО ДЕЛОТО НА КРИСТА ВОЛФ

Во биографијата и делото на Криста Волф нераскинливо се испреплетуваат неколку значајни елементи: детството минато во времето на фашизмот, поделбата на Германија, едноумието на тоталитарната ГДР, соработката и надзорот на службата за државна безбедност (Stasi), силно изразената желба и потреба за создавање индивидуален, препознатлив, книжевен дискурс и приклучување кон тековите на европската модерна, односно пошироко европската цивлизација и култура. Сите овие елементи, валидни за разбирање и оценување на нејзината личност и нејзиното дело, придружени се и со макотрпниот напор не само за лична афирмација и афирмација на литературата на ГДР во целина, туку и со низа, честопати неповолни коментари, забелешки и остри критики. На Криста Волф и се префрлувало за субјективна автентичност, свртување кон сферата на приватното и бегство од социјалистичката реалност. Со цел да се стекне увид во движечките мотиви од делувањето на авторката ќе укажеме на најзначајните моменти од нејзиниот развој во контекстот на настанувањето и развојот на Германска Демократска Република и нејзината книжевност.

Детството поминато во времето на фашизмот за Криста Волф претставува првична идентификација со одредена идеологија и предестинација за подредување на режимската политика. Како дваесетгодишна студентка во 1949. година таа од лично убедување и се приклучува на Социјалистичката обединувачка партија на Германија (SED) во новоконституираната ГДР. Јадро за образување на автентична источногерманска литература претставуваат социјалистички

ориентираните автори кои се враќаат од прогонство: Брехт и Блох од САД, Ана Зегерс, Лудвих Рен и Александер Абуш од Мексико, Штефан Хермлин од Швајцарија, Арнолд Цвајг од Палестина. По партиски налог тие требало да создадат база за развој на литература според марксистичко-ленинистичката доктрина. Како културно наследство и книжевни примери се признаваат Лесинг, Гете,Шилер, Клајст, Бихнер, Хајне, Фонтане и браќата Ман. Естетиката на модерната и литерарните прогресисти од типот на Жид, Пруст, Бекет, Џојс, Фокнер и Кафка се сметаат како штетни за социјалистичката изградба и затоа се оценети како декадентни.

Приоритетна задача на писателите на ГДР, кои се сметаат за државни функционери и се наоѓаат на платниот список на државата, е да го негуваат класичното наследство и со помош на социјалистичкиот реализам да ја преобликуваат свеста на граѓаните. Во оптег е синтагмата „инженери на човековата душа"1). Најголемиот број писатели (на пример Куба и Хермлин) се приклонуваат кон државната идеологија и со своите агитаторски текстови и пофалби за Сталин и партијата создаваат безвредна литература за масовна употреба. Етатистички етаблираната литература бара создавање на книжевни јунаци кои ќе служат за пример. Секаков вид отстапување е недозволено. За илустрација на кажаново ќе го наведеме примерот на Ана Зегерс. Иако таа е голем приврзаник на соцреалистичката книжевната теорија на Лукач и угледен претседател на сојузот на писателите на ГДР, во педесеттите години е остро критикувана за романот „Мртвите остануваат млади" (Die Toten bleiben jung) бидејќи тематизирајќи го антифашистичкиот отпор не создала позитивен јунак за пример и недоволно ја истакнала улогата на КПГ 2).

Ваквата строга интенционалност во литературата меѓутоа условува отсуство на дела кои ќе ги прикажат секојдневните проблеми на работниците и селаните во социјализмот. На 4. конкрес на писателите зацртан е ставот на класичната германска литература да се надоврзе определбата за комунизмот како определба против војната. Многумина писатели како Фиман во новелата „Воени другари" (Kameraden) и Херберт Отто во романот „Laga" (Die Luege) се обидуваат да го сторат тоа на прилично воопштен начин.

За разлика од нив Криста Волф истапува со ставот: „Unsere Bücher müssen die Leser zwingen ehrlich gegen sich zu sein, mit sich ins Gericht zu gehen und die eigene unheilvolle Rolle unseres unseres Volkes im letzten Krieg zu begreifen und zuzugeben". Со ова таа го дава првиот импулс за истакнување на субјективното, личното, наспроти воопштеното, колективното. Ваквиот нејзин став претставува и обид да се напушти шематизмот присутен во таканаречените Betriebs- und Bauerromane и нивните фиксирани типови со црно-бело контрастирање. Имено, во април 1959. година на конференцијата на писателите во Битерфелд тие се повикуваат да го премостат јазот што постои меѓу уметноста и народоти и да придонесат во нивното обединување. За таа цел биле организирани литерарни кружоци во претпријатијата, а писателите биле испраќани да држат литерарни читања. Ова е таканаречениот „Bitterfelder Weg" кој има за цел да создаде нов социјалистички морал. Во знакот на ова движење создадени се делата на Хајнер Милер, (драмата Lohndrücker), Петер Хакс (драмата „Die Sorgen") Фолкер Браун, Ана Зегерс (романот (Die Entscheidung) и други. За разлика од многумина други Криста Волф се залага за свртување кон животно блиска, доживеана проза со силно изразени автобиографски елементи. Ваквата книжевна перспектива претставува и можност за излез од литерарните рестрикции.

За Криста Волф може да се каже дека со почетокот на своето творештво, со „Московската новела" (Moskauer Novelle) од 1961. година и романот „Поделено небо" (Der geteilte Himmel) од 1963. година се вклопува во насоките на „Bitterfelder Weg" во кои е проследена темата за јунаци кои преку внатрешна преобразба доаѓаат до ново согледување и оценка на социјалистичкото секојдневие. Иако ваквото книжевно проседе претставува еден од можните начини за создавање утопии и е во служба на државната консолидација, во него се вградени и личните, автобиографски доживуања на авторката. И повеќе од тоа: Криста Волф со романот „Поделено небо" ги промовира горливите прашања, кои подоцна ќе ги развие и во романите „Размислувања за Криста Т" (Nachdenken über Christa T.) (1968), „Детство за пример" (Kinheitsmuster) (1976) и „Парче лето" (Sommerstück) (1989), за можностите на самоостварување и самопотврдување на

поединецот во социјалистичкото општво и за сообносот на животните стилови во ГДР и СРГ.

Се покажало дека целите зацртани со Битерфелдскиот пат во пракса се неостварливи затоа што постоела дискрипанца меѓу партиски зацртаната програма и нејзиното исполнување. Идејата за строго моделиран позитивен јунак останува јалов обид за идеолошко наметнување. Втората Битерфелдска конференција во 1964. година го издиференцирува ставот за напуштање на овие стремежи.

Во својот втор роман „Размислувања за Криста Т." авторката отстапува од строго зацртаната концепција и општествените дадености ги подложува на критичко-дијалектичка рефлексија. Низ приказната за прераната смрт на пријателката таа се задржува на поединечни детали од нејзиниот живот и со техниката на внатрешен монолог и сеќавање, со голема доза на скептицизам, деталите ги доведува во врска со целината. Ваквата книжевна постапка и застапуваните скептички ставови доведуваат до голем публицитет во СРГ и остра партиска критика во сопствената држава. Неа и на драматичарите Хајнер Милер и Петер Хакс, на лиричарот Волф Бирман и други им се замерува дека ја занемаруваат марксистичко-ленинистичката дијалектика и општествените интереси. Скептицизмот на Криста Волф идеолошки е неприфатлив бидејќи тој во себе содржи деструктивни елементи: недоверба кон постојниот поредок, согледување на бесперспективноста и безизлезот, нихилизам и слично. Социјалистичката идеологија бара идентифицирање на индивидуата со политички зацртаните цели, таа да биде застапник на партиските интереси. Криста Волф отстапува од ваквата концепција која ги подведува индивидуите под именителот на општествените цели и тргнува од спротивна насока: од перспектива на поединечното, приватното, се обидува да го расветли општото. Во надминувањето на противречностите што постојат меѓу поединецот и општеството како целина таа ја бара и ја наоѓа својата уметничка легитимност.

Авторите на ГДР кои од полициски организираната држава со уништено стопанство и деморализирано население во своите дела создавале утописка престава за државата и нејзиното уредување, заради што останувале актуелни само на локално ниво

и не биле реципирани надвор од земјата, наидувале и на остра критика во СРГ дури и од критичарите кои симпатизирале со социјализмот. Тие поседувале скуден регистер на теми и мотиви од социјалистичкото секојдневие и не правеле обид да се издигнат на ниво на општочовечкото, универзалното. Криста Волф се издигнува над нивото на своите колеги од ГДР и како ретко кој успева да ги согледа проблемите што флуктуираат не само во ограниченият државен простор туку им се присушти на граѓаните од двете поделени држави. Со текот на времето таа ги надминува тесните идеолошки рамки на ГДР и како таква го добива обележјето на сегерманска писателка.

Особено чувствителни точки за личноста и делото на Криста Волф се нејзината културнополитичка определба, изразитата лојаност кон државното уредување на ГДР и Социјалистичката обединувачка партија, како и нејзината краткорочна но многу често тематизирана и критикувана соработка со службата за државна безбедност. Во романот „Детство за пример" од 1976. година, во збирката „Обраќања" (Ansprachen) (1988) во која се поместени писма, поздравни говори, роденденски честитки до пријателите, благодарницата за добивањето на наградата на браќата Шол во Минхен и друго, во расказот „Што останува" (Was bleibt) (1990), потоа во збирката есеи, говори и дневнички записи меѓу 1989. и 1994. година под наслов „На патот за Табу" (Auf dem Weg nach Tabou) таа се обидува да даде одговор, да се оправда и пред себеси и пред светот за своите заблуди.

Предиспонирана од детството во кое фашизмот е исто така тоталитарна идеологија со заведувачки димензии, Криста Волф како и најголемиот број писатели од нејзината генерација покажува изразита склоност да им се прилагодува и потчинува на одредени авторитети, било да се тоа одредени личности или општествено зацртани пинципи. Во нејзината психолошка конституција присутна е тенденцијата да се стопува со целината, да се сообразува со мислењето на мнозинството и стравот дека ако противречи ќе биде исклучена од заедницата. Ваквото социјално однесување резултира со отсуство на самостојност, на независност на личноста. Во романот „Детство за пример" главниот лик Нели Јордан, кај која се забележливи изразити автобиографски црти, вели: „Das Gehorchen und Geliebtwerden ist ein

und dasselbe". Во детството на Криста Волф, исто како кај нејзината јунакиња се развил модел на реакционерно однесување, на беспоговрно почитување на надредените инстанци и личности чиј авторитет никогаш не смее да се доведе во прашање, на негирање на реалноста на сметка на идеализираната претстава за неа и нетолерантност на се она што отстапува од дадените партиски насоки.

За нејзината краткотрајна соработка со службата за државна безбедност образложение наоѓаме во стремежот да и се биде верен на државата, во идентификирањето на личниот со државнополитичкиот морал и најверојатно во познатите методи на уцена и влевање страв. Во расказот „Што преостанува" таа го разоткрива процесот на морална ерозија во полициско-доушничката држава.

По обединувањето на Германија книжевната критика, но не само таа, туку и целокупната јавност ја обвинуваат дека својата книжевна дејност ја ставила во служба на источногерманската идеологија: со „Московската новела" да се помогне процесот на изградба на земјата, со ..Поделено небо" жигосувајќи ги како нелојални слабаци оние кои пребегуваат на запад, со „Детство за пример" да се надмине националното понижувачко фашистичко минато, со „Без место. Никаде" преку романтичарската фасада да ги прикрие вистинските проблеми во своето општество. Во осумдесеттите години Криста Волф го пренасочува својот интерес од германското кон античкото, поточно кон митското со цел земајќи теми од детството на човековата цивилиција метафорично да ги осветли проблемите на современиот човек. Расказите „Касандра" и „Медеа" се само фон на кој се надоврзува критиката на современата цивилизација и култура. Тематската и поетолошка актуелност на нејзиното творештво зголемена е и со проблематизирањето на чернобилската катастрофа во „Вести за еден ден", но и забележуваат што и покрај евидентните усилби за создавање на автентичен книжевен израз таа ги прогледувала, ги заобиколувала и премолчувала настаните кои биле суштествени за времето во кое живеела: сталинистичките чистки, изградбата на берлинскиот зид, прашката пролет, масакарот на студентите на плоштадот Тјаненмин во Пекинг и т.н. Признанието и каењето изречени во книгата „Што преостанува" сублимирани

парадигматски и во исказот „So sprachen wir immer, am wahren Text vorbei" се само показ за политичките, општествените, моралните, книжевните, и најмногу од се лични битки што оваа несекојдневна личност морала да ги води и да ги извојува во процесот на себеизнаоѓање и себепотврдување.

И токму во сиве наведени противречности кои и се присушти и како личност и како писателка од висок ранг се наметнува централното прашање кое и понатаму продолжува да ги преокупира книжевните критичари : во која мера Криста Волф ги согледала и ги направила продуктивни противречностите во општеството и своите лични противречности?

Белешки:

1) Rothmann, Kurt: Kleine Geschichte der deutschen Literatur. Stuttgart, Philipp Recl.jun.,1978, стр. 354

2) Köhner, Thomas:Tendenzen der deutschen Literatur seit 1945. Stuttgart, Alfred Kröhner Vlg., 1971

Ranka Grceva

SUBJEKTIVISMUS UND WELTFLUCHT ALS SCHAFFENSPRINZIPIEN IM WERK CHRISTA WOLFS

Zusammenfassung

Diese Studie ist die überarbeitete Fassung eines Vortrags, den die Autorin im Rahmen des Kolloquiums über Christa Wolf im Wintersemester 1997/98 gehalten hat, das in Zusammenarbeit zwischen germanistischem Lehrstuhl, Goethe-Institut und Universitätsbibliothek "Kliment Ohridski" Skopje durchgeführt wurde. Im Kontext der Referate stellt der Beitrag einen wichtigen Baustein dar zu einem Mosaik, in dem sich differente und divergente Rezeptionen deutscher Literatur - in diesem Fall am Beispiel der prominentesten Repräsentantin der Gegenwartsliteratur der DDR - abbilden. Die Autorin wählt als Gegenstand ihrer Analyse und Interpretation der wichtigsten Werke von Christa Wolf die Thematik des Subjektivismus und seiner Implikate, der "Innerlichkeit" und des "Eskapismus", also jene Aspekte des Werks der Wolf, die deren Distanzierung von den Normen des dogmatischen "Sozialistischen Realismus" bedingen. Sie verfolgt diesen thematischen Komplex durch die Werkgeschichte der Wolf hindurch und stellt dabei die Bezüge zu den Prozessen her, die für die Geschichte der Literatur der DDR ausschlaggebend geworden sind. Ihre profunde Kenntnis der Autoren, die die DDR-Literatur repräsentieren und für die Entwicklung von Wolf im positiven oder im negativen Sinn bdeutsam waren, ermöglicht eine Kontextualisierung des Wolfschen Werks unter den thematischen Aspekten, die genauer als bisherige Studien die Besonderheit des Wolfschen Projekts einer Re-Interpretation von Traditionen, einer Literatur der Alterität, einer Dichtung des dritten Wegs zwischen den Klischees und Stereotypen des Ostens wie des Westens zum Vorschein bringen. Die präzise und kenntnisreiche Kontextualisierung erbringt neue Einsichten für die einzelnen behandelten Werke und stellt aufschlußreiche Beziehungen der dadurch gekennzeichneten Entwicklungsstufen zu den philosophischen und literarischen Vorbilder und Einflüsse her, an denen sich Wolf bei ihrem Weg zu einer eigenartigen, alternativen Literatur orientiert hat.

УДК 822 – 32.09

Ружица ЈАНЧУЛЕВА

ИДЕЈНОТО БОГАТСТВО НА "БЕЗИДЕЈНИТЕ РАСКАЗИ" НА А.П.ЧЕХОВ

Во руската литературна критика беше вообичаено при оценката на уметничките таленти да се тргнува од оценката за нивната "историска ограниченост". Авторитетот на Белински, Горки, Ленин етички ригорозно и прагматично оценувал и сместувал во определени рамки. М.Кураев во статијата "Чехов с нами" ќе забележи: "Примат политики над этикой вошел в нашу плоть, как уголь в легкие шахтера. Навсегда."[1] Современиците на Чехов барале од него општествена позиција и го обвинувале за безидејност, аполитичност и индиферентност. Во поново време овие ставови се ревидираат, се бараат и наоѓаат сличности помеѓу Чехов, Гоголь и Достоевски. Според М.Громов во делото на Чехов се одразени сите текови на руската мисла од крајот на XIX и почетокот на XX век. "В повествовании Чехова отражены едва ли не все течения русской мысли - от верноподданичества до либерализма, толстовства, "теории малых дел" до увлечения Шопенгауэром и Ницше, трудно сказать, чего не учел Чехов, чего не отразил или не знал".[2] Ваквиот став за Чехов објавен во монографијата за неговото дело во 1990 година во Москва суштински се разликува од долгогодишното етикетирање на овој автор како аполитичен и безидеен.

За разлика од романите на XIX век што му претходеле на Чехов и во кои доминирала антитезата помеѓу етиката и естетиката, моралноста и аморалноста, религиозноста и атеизмот, во делото на Чехов не се бара одговор на горливите прашања: кој е крив, што да се прави, ниту се дефинира јунакот на нашето време и односот помеѓу татковците и децата. "Минијатурниот" Чехов, чии собрани дела изнесуваат 30 тома ја

опишува историјата на човечката душа, го доловува типичното во секојдневието, воздигнувајќи се до глобалните филозофски категории: Личност, Слобода, Тело, Здравје, Лага, Сила, Предрасуда и друго. Најсвето за Чехов е човечкото тело, здравјето, умот и талентот. Според М.Ѓурчинов "тој очевидно беше првиот позначаен руски писател што се обиде својата улога да ја согледа надвор од некоја посебна реформистичка, филозофска, идејна или моралистичка програма".[3]

Рускиот роман на XIX век ги барал одговорите на прашањата кој е крив и што да се прави, го насликал конфронтирањето меѓу татковците и децата, ја доловил "обломовштината", полемизирал со нихилистите, ги искажал сите дилеми околу верата, црквата и Евангелието. Класичниот руски роман ги негувал епските широчини, живописниот портрет, филозофските, историските и лирските дегресии. Краткоста на чеховската проза е примена како нешто необично и ново. Можеби затоа на Чехов му е припишувана репутација на рафиниран и рамнодушен интелектуалец кој деликатно се движи по рамната површина на човечката душа. За ваквата оценка придонесуваат и искажувањата на самиот Чехов кој сметал дека луѓето не се вљубуваат и убиваат секој ден, туку јадат, спијат и се досадуваат. Сепак во драмите на Чехов забележуваме многу истрели и драмски пресврти. М.Кураев точно забележува дека е грешно да се смета дека Чехов е тивок и нежен, кој од деликатност ги крие дури и своите мисли: "Однако во всех пьесах Антона Павловича - тишайшего, гремит пальба, бряцают оружием, стреляет в себя Иванов, дважды стреляет в себя Треплев, еще и птицу подстрелил, дважды палит из револьвера в профессора тихий дядя Ваня... Гремят оружием герои "Медведя", в "Вишневом саде" Шарлотта выносит на сцену ружье, которое вразрез "Чеховским" правилам не стреляет, хотя автор и признавался в искушении написать водевиль с убийством. Впрочем, Чайку он назвал комедией".[4]

Смеејќи се Чехов го пародирал сериозниот стил и тон со кој власта им се обраќала на потчинетите "Стихия свободного смеха - это, быть может, самое нужное, что дал России Чехов, освобождавший ее от психологического крепостничества, от дремучего страха перед священным авторитетом прошлого, от

поклонения чужим мыслям; Он никогда не давал рецептов готового счастья...".[5]

Најкарактеристична особеност на творечката постапка на Чехов е пародијата: туѓите зборови употребени во нов контекст се сведуваат на пародија, се преосмислуваат и развенчуваат. Литературните јунаци на Чехов ги читаат и цитираат зборовите на литературните јунаци на Гоголь, Тургенев, Толстој, Достоевски. Расказот "Смртта на чиновникот" на Чехов го пародира сижејниот конфликт на гоголјевата "Шинела". Како и Акакиј Акакијевич Башмачкин тажно завршува и Червјаков: "Ничего не видя, ничего не слыша, он попятился к двери, вышел на улицу и поплелся... Придя машинально домой, не снимая мундира, он лег на диван и ... помер." Драматургијата и прозата на Чехов е создавана во стремежот кон новите форми, но и кон директното обраќање до првиот писател на деталот и филигранското мајсторство. Чехов имал замисла да напише дело во форма на "Мртви души" во кое би бил претставен главниот јунак од типот на Чичиков кој би патувал по Русија. "Несколько раз он развивал передо мною широкую тему романа с полуфантастическим героем, который живет целый век и участвует во всех событиях XIX столетия".[6] Громов забележува дека првите страници на "Мртви души" толку потсеќаат на првите страници на "Степа" што дури и градот во кој пристигнува чезата е назначен со иницијали NN. Големиот мајстор - поет и стилист Гоголь извршил влијание во описите на степното царство на Чехов, но монументалниот приказ на степата во "Тарас Бульба" се разликува од лирски префинетиот приказ на степата на Чехов.

Во литературниот текст на Чехов постојат и директни и скриени цитати што го пародираат литературниот јунак на Достоевски. Во "Шведски ќибрит" Чехов ја пародира идејата за мотивот на извршениот злостор од романот на Достоевски "Злостор и казна": "Мало того, что она убила плевел, развратника, она освободила мир от антихриста, и в этом, мнит она, ее заслуга, ее религиозный подвиг! О, вы не знаете этих старых дев, староверок! Прочитайте-ка Достоевского!". Додека јунакот на Достоевски е човек кој потврдува или негира определена идеја, јунакот на Чехов е човек без идеја. Според

Бахтин, Достоевски е голем уметник на идејата: "Образ идеи неотделим от образа человека - носителя этой идеи.

Не идея сама по себе является героиней произведений Достоевского... а человек идеи"[7]. М.Бахтин истакнува дека Чехов го карневализира уметничкиот свет на Достоевски, ја турнува од пиедестал идејата, го пародира стилот. Чехов живее во времето кога животот се оддалечува од религијата, кога луѓето се помалку се молат, а се повеќе ги откриваат знаењата на природните науки. Губењето на религиозната тема кај Чехов не се изразува преку острите полемики туку преку специфичен Чеховски тон. Во расказите на Чехов, верата е повеќе простодушност и наивност. Кога И.Ф.Аненскиј рекол за Чехов : "Он хотел убить в нас Достоевского", тој со тоа мислел дека Чехов ја бара вистината и верата повеќе во науката, а помалку во религијата. Иако тие прашања околу и за религијата се далечни од Чехов, пародирањето на Достоевски е факт кој потврдува дека тој го читал, знаел и мислел на литературните јунаци на Достоевски. Чехов ја продолжува и саканата мисла ~~на~~ Достоевски за двојноста на човековата личност. Во расказот "Дама со кученцето" главниот јунак има два живота: едниот јавен, кој го знаеле и гледале сите и другиот кој течел тајно. Според себе тој суди и за другите луѓе, не верува во тоа што го гледа и претпоставува дека секој човек под закрила на ноќта и темнината го води вистинскиот и интересниот живот. Додека Достоевски го интересира процесот на болеста, Чехов е заинтересиран само за манифестирањето на болеста. Според него: "громадное большинство людей нервно, большинство страдает, меньшинство чувствует острую боль, но где на улицах и в домах вы видите мечущихся, скачущих, хватающих себя за голову. Страдания выражать надо так, как они выражаются в жизни, то есть не ногами и не руками, а тоном, взглядом; не жестикуляцией, а грацией."[8]

Во 1892 година Чехов го пишува расказот "Павилјон бр.6" кој во минијатура го прикажува животот на цела Русија. Н.С.Лесков ќе каже "Палата его - это Русь!" Еден од јунаците на овој расказ размислува: "У Достоевского... кто-то говорит, что если бы не было Бога, то его выдумали бы люди. И я глубоко верю, что если нет бессмертия, то его рано или поздно изобретет

великий человеческий ум." Дека најдобрите луѓе во тоа време во Русија се наоѓаат зад решетки покажува и Достоевски во "Записите од мртвиот дом". Умоболниот Громов чувствува страв од луѓето што го следат и Чехов забележува "можеби и со право се плаши затоа што во Русија не е потребно да се направи голем престап за да те затворат". Во "Записите од мртвиот дом" Достоевски истакнува дека вистинските злосторници шетаат слободно. Преку ликот на доктор Рагин Чехов ја пародира саканата мисла на Толстој за непротивење на злото со насилство. Тој проповеда внатрешно смирување и самоусовршување, пасивно се однесува и самиот завршува зад решетки. Читајќи ги двете дела, читателот е во дилема кој е праведникот, а кој е престапникот? Расказот на Чехов не потсеќа на зборовите на Достоевски од "Записите од мртвиот дом": " И колку во тие sидови е погребана младоста напразно? Колку големи сили тука умр-ле заедно? Тоа може да биде највредниот, најсилниот од целиот наш народ. Загинале напразно, а кој е виновен за тоа?" Откако ја согледува бесмислата на својата теорија, доктор Рагин умира од срцев удар. Разговорите што се водат помеѓу доктор Рагин и умоболниот Громов е модел кој продолжува да трае и во современата руска литература. Во расказот на В.Пјецух "Павилјон бр.7" диајлозите се поставени на литературен принцип, т.е. главните ликови Крутов и доктор Григориј Илич како да го продолжуваат разговорот што го воделе Рагин и Громов. Авторот на овој расказ истакнува дека големиот уметнички талент на Чехов го доловил пред сто години тоа што се вкоренило во секојдневието што трае. Објаснувајќи ја главната идеја на својот расказ "Павилјон бр.7" В.Пјецух истакнува: "...т.е. положим, на Британских островах и чартисты давно расстаяли без следа, и об вигах ничего интересного не слыхать, а у нас и вопросы все те же, и ответы все те же, точно нас кто-то заспиртовал. Исключительное отношение к прошлому продолжается и литературность сознания играет в нем одну из важнейших роль."[9] Кога Пјецух го пишува расказот "Павилјон бр.7" тој го следи моделот на Чехов, како што Чехов го следи моделот на Л.Толстој во расказот "Нова викендичка". Како што не се разбираат спахиите и селаните во "Утрото на спахијата" од Л.Толстој, така не се разбираат ни инженерот Кучеров и Родион во расказот "Нова викендичка" од Чехов. Чеховската метафора

носи многу значења во себе. Во следниот дијалог го забележуваме тоа недоразбирање: " Я и жена относились к вам, как к людям, как к равным, а вы. Э, да что говорить! Кончится, вероятно тем, что мы будем вас презирать. Больше ничего не остается!

И, сделав над собой усилие, сдерживая свой гнев, чтобы не сказать еще чего-нибудь лишнего, он повернул и пошел дальше.

Придя домой, Родион помолился, разулся и сел на лавку рядом с женой. Да, начал он отдохнув. Идем сейчас, а барин Кучеров навстречу... Да... девок чуть свет видел... отчего говорит, грибов не несут... жене, говорит, и детям. А потом глядит на меня и говорит: Я, говорит, с женой тебя презирать буду. Хотел я ему в ноги поклониться, да сробел ... Дай бог здоровья ... пошли им господи... вечно бы за них бога молил...Пошли царица небесная..."

Дијалогот на недоразбирање не се однесува само на оглушеноста на две различни класи. Во расказите на Чехов меѓучовечката комуникација е нарушена, а дијалогот се сведува на монолог. Чехов живее во време кога старите идеи го одживеале своето време, а новите се уште не се појавиле.

"В общем - осень и слякоть, вдохновившая Левитана на его "Вечереет", Чехова на его "В сумерках", его "Хмурых людей".[10]

1881 година е година на таканаречената "безвременье" во кое револуционерните страсти и тајните кружоци се само минато. Биле издадени и прочитани сите романи на Тургенев, Достоевски, Толстој, Чернишевски, стивнале литературните полемики на страниците на книжевните списанија. Во март 1881 г. е убиен Александар II , се засилува литературната цензура што руската интелегенција го прима како атак на интелектуалните и личните слободи. Либералната критика започнува да го употребува терминот "Безвременье и больное время" во кое време апатичната интелегенција негира се. Во мода влегува поезијата на С.Надсон, кој во 1885 станува добитник на Пушкиновата награда, а Д.С.Мережковски го печати делото "О причинах упадка и о новых течениях современной русской литературы", во кое укажува дека во руската литература настанува декаденција. Според Чехов болестите се исти во сите времиња само докторите што го набљудуваат тоа болно време се намножиле. "Никакого

нет нервного века - му пишувал Чехов на А.С.Суворин на 13.12.1891 г. - как жили люди, так и теперь живут, и ничем теперешние нервы не хуже нервов Авраама, Исаака и Иакова". Во своите дела Чехов создал многубројни ликови со светли илузии и мечти, со оптимистичка визија за иднината, која ќе биде прекрасна некаде таму во иднината.

Потиснувајќи го песимистичното Чехов дава широка лепеза на различните текови на руската мисла од либерализмот до толстоизмот, од филозофијата на Шопенхауер и Ниче до проблематиката сврзана за секојдневието на обичниот човек. Според Шопенхауер страдањето постојано го следи човекот, а на крајот се се претвора во здодевност и болка. Дури и задоволството е само помалку изразена болка. Во здодевност и болка се претвора и животот на многубројните литературни јунаци на Чехов. Вниманието на Чехов е свртено кон човечката индивидуа и неговата судбина, кон апсурдот на човековото постоење. Цела драма на човекот се одвива во неговата душа а не надвор од него - смета Чехов. Тоа внатре, во човекот и надвор од него се во постојано настојување да се воспостави рамнотежа а се манифестира во човечките судбини кои носат големи потенцијали во себе што умреле пред да се родат.

Литература:

1. М. Кураев. "Чехов с нами", "Знамя", 1990, бр.6, с. 206.
2. Михаил Громов. "Книга о Чехове", Москва, "Современник", 1989, с. 252.
3. Милан Ѓурчинов. "За литературата", "Култура", Скопје, 1963.
4. М. Кураев. "Чехов с нами", "Знамя", 1990, бр.6. с. 207.
5. Михаил Громов. "Книга о Чехове", Москва, "Современник", 1989, с. 245.
6. Суворин А.С. "О Чехове", "Новый мир", 1980, бр.1, с. 240.
7. Бахтин М. М. "Проблемы поэтики Достоевского", Москва, 1972, с. 142.
8. Книпер О. Л. 2-го января, 1900 г.
9. В. Пьецух "Палата N 7", Вопросы литературы, 1994, с. 119.
10. Соловьев Е. А. "Опыт философии русской литературы", 1909, с.267 - 269.

Ружица Янчулева

ИДЕЙНОЕ БОГАТСТВО "БЕЗЫДЕЙНЫХ РАССКАЗОВ" А.П. ЧЕХОВА

Резюме

Продолжая лучшие традиции русской прозы, А.П.Чехов обращается к малым жанрам. Но легенду о миниатюрном Чехове нарушают издание его избранных произведений в 30-ти томах, а также и современные толкования, ломающие стереотипы о его безыдейности.

Его богатые идейные и эстетические дилеммы находят выражение в его весьма разнообразном литературном творчестве.

УДК 830 – 821.09

Марина НИШЛИСКА

NACHDENKEN ÜBER ...

„Nachdenken, ihr nach-denken. Dem Versuch, man selbst zu sein." Aus dem Werk *„Nachdenken über Christa T."* Das ist, wenn ich sagen darf, die ewige Frage der Deutschen: „Wer bin ich? Bin ich selbst das, was ich denke, was ich über unser Volk weiß, oder was die anderen über uns sagen?". Geschichtlich es zu betrachten, haben sich meistens die Politiker und die Künstler mit der Frage beschäftigt. Jeder, der die Geschichte der Deutschen kennt, weiß auch, wie wichtig sie für sie war. Ich werde mich aber nur über das Nachdenken der Menschen der beiden deutschen Staaten äußern, weil sich Christa Wolf mehrere Male, genauso wie viele andere BRD und DDR Schriftsteller, diese Frage gestellt hat. Die Bürger der ehemaligen DDR haben immer wieder mit dem Gedanken gespielt, ob sie sich auch irgendwann als Deutsche bezeichnen werden können. Sie waren lange Zeit, etwa 40 Jahre, nur als „Bürger der Deutschen Demokratischen Republik" genannt. Die Menschen in der BRD waren, und blieben nach dem Zweiten Weltkrig, „die Deutschen". Diese ihre Gedanken hat sie glücklicherweise sehr schön künstlerisch und geschichtlich bearbeitet, besonders mit der Wahl von Themen, die „den Bürger" bedrückt hatten.

Sie wollte sich als Schriftstellerin des deutschen Volkes betrachten, aber die sozialistischen Literaturkritiker haben sie anders beschrieben, als die „kapitalistische" (die Westdeutsche), wie z.B in dem *Lexikon deutschsprachiger Schriftsteller von den Anfängen bis zur Gegenwart"* herausgegeben von *VEB Bibliographisches Institut, Leipzig 1974, Band 2, S.479:*

„In der vieldiskutierten, auch verfilmten Erzählung „Der geteilte Himmel" (1963) schildert Ch.Wolf *nichtantagonistische Widersprüche* in der sozialistischen Gesellschaft unter den Bedingungen der Existenz zweier deutschen Staaten und die Entscheidung der Heldin für den Sozialismus;

das Buch, ein bedeutsamer Beitrag zur sozialistischen deutschen Nationalliteratur, legt „eindrucksvoll Zeugnis ab, von der großen Wahrheit, daß das Leben unserer Zeit auch mit seinen inneren und äußeren Konflikten liebenswerter und lebenswerter geworden ist. (Kurella)"

Sehr kurz und ganz anders wird in dem "Harenbergs Lexikon der Weltliteratur" die Erzählung „Der geteilte Himmel" kommentiert:

„Der geteilte Himmel" fand große Beachtung. Es ist die Geschichte einer Liebe, deren *Scheitern an weltanschaulichen Gegensätzen* die Spaltung Deutschlands durch den Mauerbau vorwegnimmt."

Also die Kritiker beider Seiten haben ihr Mut gegeben sich weiterhin mit solchen Themen zu beschäftigen. Der bekannte Literaturkritiker der BRD, Marcel Reich-Ranicki, schrieb 1984 in der „Frankfurter Allgemeine Zeitung", als Kommentar zu dem Film „Erinnerung und Gegenwart" mit dem Untertitel „Nachdenken mit der DDR-Schriftstellerin Christa Wolf"(vom ZDF):

„Ein Brief von Ch.Wolf wurde zitiert: Die Rakete und die Bombe seien keine Zufallsprodukte unserer Welt, vielmehr folgerichtige Hervorbringungen expansionistischen Verhaltens über Jahrtausende. Hierzu Waltrud Mannfeld (die Journalistin): *„Sehr unbefriedigende Welt, diese sehr destruktive Welt, in der wir jetzt leben."* Daran sei eine bestimmte Art von Rationalismus schuld. Allerdings gäbe es auch Absagen an die Vernunft des Gefühls: *„Mir ist dabei nicht so ganz wohl."*

Ch. Wolf stimmt zu, auch ihr sei nicht ganz wohl..... Die Literatur sollte sich dieser Strömung (welche nur im Westen existierte, keineswegs in der DDR) nicht anschließen. .... Das funktionale Denken, das ständige Fragen nach der Nützlichkeit - das eben sei unser Unglück." (Ende des Zitats)

War das nicht eine Ermunterung um nur zu schreiben und zu beschreiben? Die „Bürger" sollten nur die Instruktionen vom Osten und Westen verfolgen. Sich anpassen, wie z.B in diesem Auschnitt Ch. Wolfs. Herr Ranicki endet sein Kommentar mit folgenden Sätzen: „Ja, das trifft zu: Denken jedenfalls ist selten. Der Film hat uns an diese Weisheit auf fatale Weise erinnert. Aber wir sollten uns hüten, die Schuld Christa Wolf zuzuschreiben."

Noch ein Ausschnitt aus dem Leipziger Lexikon: *S. 480:*

„ In dem reflexionsreichen Roman „Nachdenken über Christa T." (1969) hat Ch.Wolf erneut ein Frauenschicksal in den Mittelpunkt gerückt; Die Heldin, ein unbedingter Charakter, in der Zeit des Hitlerskrieges aufgewachsen und in der enstehenden sozialistischen Gesellschaft zum Leben erwacht, hat die Autorin, nicht mit ihr als Vorbild, sondern als beunruhigendes Beispiel angelegten Figur, die erfüllt ist von dem Willen, die schöpferische Kraft des Menschen zu enfalten, „Ernst zu machen mit sich selbst" (und die zugleich die Gefahr signalisiert, Tendenzen einer Verinnerlichung und Nichtbewältigung von Ideal und Wirklichkeit zu erliegen), neue Probleme des sozialistischen Menschenbildes aufgeworfen."

Und aus dem Harenbergs Lexikon der Weltliteratur: „Nachdenken über Christa T." setzt sich anhand des frühen Tods einer Freundin mit der Frage individueller Selbstverwirklichung in einer sich als Kollektiv verstehenden Gesellschaft außeinander."

Wie soll man sie denn bezeichnen: als nationale oder internationale Schriftstellerin? Wenn sie, die Deutschen von beiden Seiten, ganz anderes ihre Werken, Gedanken und letztlich auch ihr Verhalten, beurteilt und erläutert haben? Wenn sie fast gleichzeitig und für die gleichen Werke, von beiden Seiten der deutschen Grenze, preisgekrönt war? Die Auseinandersetzung geht weiter. War sie nur ein Instrument in den Händen der Politiker der DDR und BRD in der Zeit der Vereinigung, als sie als Sprecherin am Pult vor der Masse stand. Damals wurde sie für ihre Worte gelobt und ihr wurde sehr langer Applaus gewidmet, bis die „Bürger" und die „Deutschen" eins wurden, und alle hatten eine neue Aufgabe bekommen die „Vergangenheit" verzuarbeiten. Die, aus dem Westen nur die letzten 40 Jahre, die anderen aber viel mehr. Endlich haben die Deutschen die Möglichkeit bekommen über die anderen Deutschen zu klagen. Davon waren selbstverständlich auch die Schriftsteller nicht verschont. In dem Fall von Christa Wolf hatte das zu bedeuten, daß man ihre Stasitätigkeit veröffentlichen mußte. Das hat einen Wirbel von Diskussionen verursacht. Darüber sollen sich vielleicht die Historiker und Politiker befassen. Interessant für uns ist aber ihre schriftliche, literarische Aktivität nach der Vereinigung. Ein Zitat aus dem Artikel, der in „Rheinischer Merkur" Nr. 25 von 22. Juni 1990, von Heimo Schwilk, erschienen ist: „Ich bin noch niemals, außer zweimal im „Neuen Deutschland", einer solchen Hetzkampagne ausgesetzt gewesen." Recht hat sie, die First Lady der DDR-Literatur, die es nicht begreifen kann, daß ihr erstes schonungslos ehrliches Buch von der bundesdeutschen Kritik so

wenig gewürdigt wird. Christa Wolf hat nämlich ernst gemacht mit der allerorten eingeklagten „Trauerarbeit" und eine schmale Erzählung publiziert, in deren Titel selbstanklägerische Tremolo nicht zu überhören ist: „Was bleibt". Nach der Lektüre weiß der Leser, daß nichts geblieben ist, was diese Schriftstellerin so unangefochten zur moralischen Instanz gleichermaßen in Ost und West gemacht hat."

Sie hatte sich mit verschiedenen Problemen auseinandergesetzt, viele haben sie damals, aber wie wir es gesehen haben auch heute, nicht verstanden oder anders erläutert. Das was sie schrieb war sehr mutig, insbesondere in diesen Zeiten, als die DDR-Bürger fast keine Identität hatten. Was sie mit der Bearbeitung und Beschreibung der Helden den „Bürgern" sagen wollte, sagte sie während ihrer Haltung und Reden in der Zeit der Wiedervereinigung. Diese Dokumentation ist für das deutsche Volk wichtiger, als alles was sie vor „Überzeugung" oder als „Überlebensmöglichkeit" bis dahin gemacht, oder geschrieben hat.

„Über Deutschland ist alles gesagt." Das sind ihre Worte, die sie 1994 gesagt hat. Und Christa Wolf hat recht, über Deutschland ist wirklich alles gesagt.

„Die Farbe der Erinnerung trügt" Aus dem Werk „Nachdenken über Christa T."

Марина Нишлиска

„РАЗМИСЛУВАЊА ЗА ..."

Резиме

Писателката Криста Волф е типичен пример на автор кој му припаѓал на еден стар систем (во овој случај социјалистичкиот), автор кој морал , иако тоа не била негова определба, да пишува за проблемите на граѓаните на ГДР, нивниот општествен и политички живот, со скриени ноти на незадоволство и желба за излегување од него. Самото тоа побудува и двојна асоцијација во однос на нејзиното творештво: првичната, дирекна, врзана е за романот „Размислувања за К.Т." (1968), кој на писателката Криста Волф и донесе слава како во СРГ така и во ГДР, и втората поширока, подеднакво и лична и човечка асоцијација, за размислувањето како можност за себеспознавање и себедефинирање. Ова прашање, присушто во менталитетот на историски оптоварените Германци, особено во тематскиот регистер на германските писатели, воедно е и суштествено прашање во богатиот, контроверзен, провокативен опус на писателката Криста Волф.

Но, кога се случила толку посакуваната измена на системот, оваа писателка се судрила со критики на нејзините стари определби, кои преминуваа дури и во критизерство. Скриениот тон на нејзиното незадоволство и погледи дека излезот постои токму во таа измена на системот, на почетокот на обединувањето на СРГ и ГДР (на 03.10.1989 год.), таа го искажа јавно на митинзите за поддршка на истото. Луѓето и веруваа, и аплаудираа се додека не стапија на сцена егзистенцијалните проблеми.

Проследувајќи дел од скоро непрегледниот критички материјал за делото и личноста на Криста Волф, се укажува на нејзините внатрешни и надворешни конфликти, на постојаниот, несопирлив стремеж да ги развие творечките сили во себе и да го изнајде вистинскиот начин за постигнување човечка и творечка слобода. Бурната критика на двете страни од берлинскиот ѕид по обединувањето е само уште еден доказ за нејзината актуелност. А тогаш почнува и самата таа да се прашува: кој бил или кој е вистинскиот пат и определба на еден автор да мора или да сака да твори во момент на определено даден политички и општествен систем?

УДК 886.6(091)+398=866 : 886.6-95.09
886.6-95.09 : 886.6(091)+398=866

Науме РАДИЧЕСКИ

ПОГЛЕДИТЕ НА ДИМИТАР МИТРЕВ ЗА РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НЕГОВИТЕ ЛИТЕРАТУРНОИСТОРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Широкиот интелектуален и критичарско-истражувачки радиус на Димитар Митрев завлегува и во сферите на развојните специфичности, а особено се задржува врз некои појави и прашања од минатото, односно од историјата на македонската литература. Дејствувајќи во епохата во којашто македонската литература го започна својот автентичен и целосен подем, што значи во една од нејзините најзначајни развојни етапи, а сфаќајќи го минатото како неодминливост на патот кон иднината, литературното минато за овој ангажиран литературен теоретичар и критичар не е само објект за потврдување на национално-културните вредности, туку и проблемски простор за проекција на неговите сфаќања за уметноста, простор за потврдување и на неговите естетички принципи. Погледите кон минатото на македонската литература тој ги гради врз основа на своите општолитературни, теориски, естетички и филозофски сфаќања. Толкувањето на законитостите во специфичниот развиток на македонската литература, затоа, е израз и на неговите сфаќања за законитостите во литературата општо. Општолитературните, теориските и другите сознанија Митрев ги аплицира во утврдувањето на законитостите во развитокот на нашата литература, а оригиналните сознанија за нејзиниот развоен процес често ги синтетизира до општолитературни, општотеориски и естетички законитости. Овој однос меѓу националното и општото е присутен како во литературнотеориските и критериските рамништа на неговата креативна мисла, така и во неговата литературноисториска активна. Но тука не треба да се заборави уште една интересна

појава. Несоодветно на главната задача и акцент, текстот на Митрев неретко претставува извесна синтеза на неговите збирни сознанија,[1] од критичарски и естетички, до литературноисториски и филозофски. Така, тој се занимава и со законитостите во, во споредба со други литератури, кусиот развоен пат на нашата литература, со основните тенденции, насоки и движења во нејзината развојност. Иако не покажува стремеж кон поцелосен зафат во историјата на македонската литература, ориентиран само кон суштината на поединечни проблеми од тој развиток, неговиот радиус се движи сè од почетоците на новата македонска литература во првата половина на XIX век, па до нејзините современи текови и заклучно со нив. Во синхронија, пак, ги зафаќа не само нејзините разновидни видово-жанровски претставувања, туку и меѓусебните услови и влијанија во развојот на македонската уметност и култура, во дослух со општествено-историскиот развој на македонскиот народ.

1.

Согласно со широките видици на неговите интересирања и проучувања, Димитар Митрев не можеше да го заобиколи богатото фолклорно творештво на македонскиот народ, уште повеќе поради големата поврзаност на уметничкото и на усното народно творештво. Најмногу интересирања тој пројавува за природата и за улогата на фолклорот во нашата национална и културна историја, а посебно во развојот на уметничката литература. Во ова тој го гледаше неизбежниот одраз на народниот бит и светоглед, како во минатото, така и во своето време. Се разбира, неговите научни прилози со потесно значење за фолклористиката се малку на број, но тие се исклучително интересни по третманот на фолклорот и по расветлувањето на

[1] Негови покарактеристични трудови во овој поглед се: *За македонската народна и уметничка поезија* (1951), *За темата на НОБ во македонската литература* (1947), *За развитокот на македонската проза* (1960), *Тенденции во развојот на македонската литература* (1972) и други. Последниот труд е пишуван за анкетата на УНЕСКО во врска со состојбата на современите литератури во светот и е еден од поинтересните текстови во кои Митрев ги разгледува развојните текови на македонската литература во целина. Може да се претпостави дека овој оглед би бил поопстоен и би содржел многу поширок и аналитички поконзистентен третман на повеќе прашања ако не бил со ограничен обем. Ваков каков што е тој е еден вид резиме на погледите на авторот за основните тенденции во развојот на македонската литература.

некои проблеми од таа област. Задржувајќи го секогаш својот висок пиетет кон фолклорот воопшто, Митрев најдоследно е преокупиран со народното поетско творештво. Притоа најчесто говори за неговите уметнички дострели, за мотивската разновидност и за животната сеопфатност, за сугестивноста на поетскиот говор, но и за неговата исклучителна мелодичност.[2]

Неодминлива првенствено како литературно-историски труд, студијата на Д. Митрев *По трагите од подвигот на Миладиновци* е значајна не само за македонската литературна историја, туку и за македонската фолклористика.[3] Зафаќањето со фолклористичкиот, а кој не е и само фолклористички подвиг во македонската културна и национална историја, претставува и мотив и простор за искажување не само на сопствените идејно-естетски погледи, туку и на своето чувство за она што е одраз на богатата душевност на нашиот народ низ вековите на ропството. Така, македонските народни песни за Митрев претставуваат легитимна ознака на народната самобитност, најкарактеристична одлика не само на степенот на историската развојност на еден народ, туку и на неговата духовна и творечка специфичност. Повеќе од тоа, тие **можат најсугестивно да ја изговорат вистината за една земја и за еден народ.**[4]

Феноменот на народното творештво Д. Митрев го разгледува првенствено од аспектот на неговата неизбежна поврзаност со уметничката литература. Бидејќи уметничката поезија кај нас својот развој го започнува токму како надоврзување или како надградување над народната песна, тој добро знае дека народната песна е **и најблагодарен и најтраен поетски образец во еволуцијата на нашата индивидуално-уметничка поезија.**[5] Оттука, стварните почетоци на македонската уметничка поезија и за него се наоѓаат кај Константин Миладинов, чија поезија најмногу се надградува врз неговиот роден говор и врз народната песна од тој крај. Во односот помеѓу

---

[2] Димитар Митрев, *Тенденции во развојот на македонската литература*, "Современост", Скопје 1972, стр. 8.

[3] Димитар Митрев, *По трагите од подвигот на Миладиновци*, Миладиновци, *Зборник 1861 - 1961*, "Кочо Рацин", Скопје 1962, стр. V-LXVI.

[4] Димитар Митрев, *По трагите од подвигот на Миладиновци.* Цитирано според: Димитар Митрев, *Минато и литература*, Избор 6, НИК "Наша книга", Скопје, 1970, стр. 147.

[5] На истото место, стр. 205.

народната и уметничката поезија во таа смисла подоцна настана и една традиција - традицијата на угледување на уметничката поезија од народната. Митрев смета дека творците на индивидуалното поетско творештво токму во народната песна **почувствувале што значи чиста инспирација, непринудено соопштување и непосредно чувствување.**[6] Во народната песна тој го наслушнува гласот дека поезијата треба да биде живот и дека **поетот треба да дише со срцето на својот народ.**[7]

Учењето од народната поезија, најпрво како вслушување во живиот збор од народните песни, потоа и како целосно совладување на таа поетска структура, креативно се остварува во надраснувањето на народната поезија, како кај нашите поети од XIX век, потоа кај Рацин и неговите современици, така и кај современите македонски поети. Во таа смисла Митрев има чувство за оној специфичен и суптилен процес на усвојување и култивирање од големото богатство на народната поезија и од страна на помладите и на модерните поетски генерации во македонската литература. Колку е значајно фолклорното творештво на македонскиот народ и колку Митрев го согледува и цени тоа значење потврдува и неговото искажување дека македонската народна поезија е функционална и во развитокот на новата македонска поезија, дека и како завршен процес останува жива во душевноста на културната историја на македонскиот народ.[8]

Освен со влијанието на народното врз уметничкото творештво, Димитар Митрев најмногу е преокупиран со суштината, со природата на самиот фолклор. Поетската силина и трајната уметничка вредност на народната песна не ги објаснува

---

[6] Димитар Митрев, *Сто години од Зборникот на Миладиновци* (реферат одржан на Свечената академија во Струга на 15 јули 1961 година, по повод стогодишнината од излегувањето на Зборникот), "Литературен збор", год. VIII, бр. 3, Скопје, 1961, стр. 1.

[7] На истото место, стр. 2.

[8] Во погоре цитираниот текст (стр. 3), Митрев го пишува и следново: "Ако народното творештво е веќе завршен процес, ако веќе не се развива, зашто сè е кажано и ништо не може да се придодаде, тоа е сепак живо во душевноста и самото е душевност, која има свои длабоки тајни и крие скровишта без кои историјата на нашата култура не може да биде целосна и убедлива и за нас и за поколенијата што доаѓаат. И не е случајно што сè до денес обележувањето на целосната карактериологија на македонската индивидуална поезија е апсурдно без укажувањето на врските и афинитетите со народното поетско творештво."

само како последица од неможностите за развој на индивидуалниот поетски збор, а посебно го промислува самото настанување на народната песна. Бидејќи настанува пред сè како плод на инспирацијата на народниот поет, а како резултат на интензивноста во животот на народот, народната песна е израз на суштината на неговиот живот, на неговиот бит и ја носи оригиналната животност, оригиналната виталност на живиот народен збор. Запознавањето со она што ја прави народносната посебност на еден народ не може да се замисли без длабокото проникнување во светот на народното творештво. Во народното творештво Митрев ја гледаше не само моќта, туку и богатството од оригинални и точни сознанија дури и за науката. Трајноста и неповторливоста на народната поезија е резултат и на економичноста во исказот, што, од друга страна, е показател на силината на чувството, на мислата и изразот. Веројатно и затоа, се чини, и можела да влијае врз индивидуалната, односно врз уметничката поезија и врз нејзиниот развој.

Во македонската народна поезија Митрев гледаше не само една богато изградена поетика, туку и извор во кој сè уште не секнала ниту вистинската творечка животворност. Освен тоа, мошне широки и аналитички задлабочени интересирања тој покажуваше за историските околности и услови во кои е настанувана македонската народна поезија, за нејзината колективна својственост итн. Неговата верзираност во проблематиката на македонското усно творештво, а освен тоа ако не и најмногу неговиот восхит од уметничките вредности на македонската народна песна се потврдуваат и низ неговото воведно излагање на XIII конгрес на фолклористите на Југославија (Дојран, 1966 година)[9]. Натамошната, односно поспецијалната преокупација со сфаќањата на Митрев за

[9] Томе Саздов (во текстот *Димитар Митрев за браќата Миладиновци*, "Современост", год. XXVII, Скопје, 1977, бр. 2, стр. 53) за ова забележува: "Тогаш организаторите на Конгресот го поканија Д. Митрев да има уводно излагање по првата тема од работата на Конгресот, која гласеше: Македонското народно поетско творештво. Митрев ја прифати поканата и се определи да зборува за поетиката на македонската револуционерна народна песна. Со своето стручно излагање, но и со својата ораторска надареност во зборувањето тој ги восхити присутните, кога крајно впечатливо, дури и понесено ги предочуваше сите поважни одлики и квалитети на македонската народна поетика."

фолклорот би морала да ги елаборира неговите искажувања уште и во некои други трудови.[10]

2.

Историската развојност на македонската литература појдовно се означува со многу доцното започнување на континуираната литературна еволуција, и тоа како резултат првенствено од националната и политичката поробеност на македонскиот народ и од денационализаторската политика на соседните земји кон Македонија. Тоа би биле веројатно и основните причини за историското доцнење. Оттука, народното литературно творештво и Митрев го истакнува, односно го смета за феномен кој низ непостоењето услови за уметничка литературна дејност, задржал една национално оригинална и континуирана развојност и кој претставува една од најтрајните творечки традиции. Поради поврзаноста меѓу народното и уметничкото творештво, влијанието на оваа традиција (како една совршено изградена поетика) тој хронолошки го проследува и врз уметничката литература. За тоа влијание, како и за сите други тенденции во литературниот развиток, се разбира, Митрев зборува прецизно, коректно, јасно и лапидарно. Во континуитетот на македонската литература, посебно на поезијата, најраните творечки појави тој ги разбира најмногу како резултат на угледувањето од народната поезија: кај Константин Миладинов, кај Григор Прличев, кај Рајко Жинзифов итн. Но, предочувајќи ги реалните историски услови за големиот поетски дострел во творбите кои се плод на народниот гениј, како одраз на сопствената немоќност и на бунтот кон светот, тој, се чини, јасна претстава има и за другата димензија на тоа творечко траење - за длабокото духовно живеење на нашиот народ и во времето на долготрајното ропство.

Учењето од народното творештво Митрев го гледа и кај македонските автори од периодот меѓу двете светски војни. Сепак, неодминливата блискост со фолклорот во поезијата на Коста Рацин и Коле Неделковски ја открива колку како плод на угледувањето од фолклорот, толку и како индивидуален творечки резултат. Кај Рацин истовремено гледа не само творечко

[10] Во таа смисла се одделуваат неговите трудови: *Фолклорот во македонската уметничка литература*, "Нова Македонија", год. XXII, бр. 7157, Скопје, 17 септември 1966 и *"Folklor in Macedonian literature"*, Edited at Indiana University, 1966.

угледување, туку и творечко надраснување на поетскиот фолклор. Присуството на народното творештво за Митрев го има, бездруго, и во делата на македонската битова драма, како и во поезијата од периодот на НОВ. За времето по Втората светска војна, кога се валидни брзите процеси во обогатувањето на литературниот јазик, како примарен чинител во создавањето на една литература, но и во создавањето на самата литература, Митрев го забележува доминантното присуство на поезијата во која се забележува поврзаноста со фолклорот, но ја истакнува и тенденцијата кон **понатамошно култивирање само на она што е неанахронично во фолклорниот фонд**.[11]

Во врска со континуитетот во развојот на македонската литература Димитар Митрев ја утврди идентичноста во поетските почетоци на Константин Миладинов и Коста Рацин. Со оглед на долговековниот прекин со литературната традиција, тие и двајцата неминовно мораа да започнуваат од поетиката на македонскиот фолклор. Спротивно на вредностите и перспективите на Рацин како поет на српскохрватски јазик, односно како претставник на југословенската социјална поезија во периодот меѓу двете светски војни, кај него настанува пресврт, а во тој пресврт и определба за една повторна, за една почетничка мисија во македонската поезија. Правејќи повеќе суштествени компарации меѓу овие двајца поети, Митрев го испитува не само Константиновото и Рациновото учење, туку и нивното творечко надградување над народната поезија. Земајќи ги предвид постојните историски, јазични, литературни и други сфаќања и услови од епохите на двајцата поетски основоположници, тој утврди дека во еволуцијата на македонскиот стих Рацин е позначаен од Константина. Бидејќи основното дистанцирање на Рацин од народната поезија го гледа во сликовитоста кај него, за разлика од наративноста кај народниот пејач, Митрев смета дека Рацин во македонската литература **го постави почетокот на здравиот творечки однос во црпењето од народното поетско богатство**.[12]

---

[11] Димитар Митрев, *Тенденции во развојот на македонската литература*, "Современост", Скопје, 1972, стр. 12.

[12] Димитар Митрев, *Коста Рацин*. Во: Димитар Митрев, *Огледи и критики*, Избор 2, НИК "Наша книга", Скопје, 1970, стр. 210.

Аналитички промислувајќи ги посебностите во развојниот пат на младата македонска литература, Димитар Митрев согледува и некои разлики во темпото на натамошниот развиток кај литературните родови и тоа со оглед на основниот фундамент над кој тие на почетокот се надградуваат над фолклорната литература. Така, ја констатира некреативноста на народната проза за разлика од поетското народно творештво. Со тоа, всушност, го објаснува доцнењето во развојот на македонската уметничка проза, во споредба со поезијата и со драмата. Заостанувањето на прозата Митрев го објаснува поаѓајќи и од разликите во најсуштествените особености меѓу поетскиот (лирскиот) и прозниот (епскиот) литературен род, бидејќи лириката е **најкраток пат кон непосредниот израз**, а **лирскиот импулс е многу поелементарен и како таков овозможува многу побрзо реагирање**.[13] Иако сето тоа е несвојствено за прозата: лирскиот импулс, подигнатата чувственост, спонтано романтичното и слично, повеќе од карактеристиките што ги следат почетните литературни појави и во областа на поезијата Митрев ги забележува и на планот на прозата.

Димитар Митрев посебно се занимава и со проблемот на битовото во македонската уметничка проза. Кон задоцнетиот битов регионализам во нашата литература гледа како кон појава која пополнува една празнина. Бидејќи битовиот регионализам во некои други литератури е веќе одамна завршен чин, тој развива теза дека и оваа доцна појава е доцна како што се доцни кај нас и во многу други нешта, но дека истата морала да се појави за да го пополни оној вакуум, според неумоливоста на дијалектиката во литературата. Ова толкување за доцната појава на регионализмот во македонската литература не беше целосно и без резерви прифаќано, но мораме да признаеме дека истото не доби досега ниту некое друго, некое поаналитичко и поцелисходно објаснување.

3.

Погоре искажаните констатации се во врска со согледувањата на Д. Митрев кои повеќе се однесуваат на

[13] Димитар Митрев, *За развитокот на македонската проза.* Во: Димитар Митрев, *Огледи и критики*, Избор 3, НИК "Наша книга", Скопје, 1970, стр. 295.

македонската литература во нејзиниот тоталитет, како и за нејзините постари развојни периоди. Но, и за периодот на нејзиниот слободен развиток, тој, исто така, изнесува респектабилни и неодминливи искажувања. Најосновните карактеристики како на македонската белетристика, така и на македонската критичка мисла во овој период ги изведува првенствено од нивната природна сврзаност со тоа време и согласно со општата идејно-естетска клима не толку во самата Македонија, колку во тогашниот поширок југословенски простор. Националната и социјалната романтика, па и колективистичкиот занес и оптимизмот го карактеризираат само почетокот на тоа историско време. Истакнувајќи го социјалното и идејно-активистичкото дејство на литературата од овие години, Митрев мисли дека револуционерната романтика во првите повоени години не е резултат само на влијанието од советската литература, туку дека повеќе е одраз на революционерните промени што настануваа кај нас. Спротивно на многу негации на создаденото во литературата во овој период, тој знае и за примери на ред литературни остварувања со трајна вредност настанати во тој период. Такви вредности гледаше во делата на Б. Конески, С. Јаневски, А. Шопов, В. Малески, Ј. Бошковски и други, а вистинските потврди за тоа се наоѓаат во неговите критички текстови за споменатите автори.

Педесеттите години во македонската литература не се карактеризираат само со она што е создадено во овој период на белетристички план, туку и со литературно-естетските движења. Тие се појавуваат пред сè како резултат на самосвојниот литературен развиток. Во овој период, инаку преломен за литературите од тогашна Југославија, Митрев го констатира карактеристичното зголемување на разностраноста и угледувањето од современите литературни струења, како и разновидното модернизирање.На планот на поезијата го воочува навлегувањето во светот на интимата, поизразитата луцидност во патриотските мотивации, пробивот на рефлексивноста и засилувањето на експресијата. Во поезијата од овој период има чувство да ја види разнообразноста во прозодијата и градењето неврзан стих, но и ненапуштањето на некои одлики од народната песна, едно култивирано прифаќање на креативното од неа, како битна ознака за зачувувањето на самосвојноста во поетското модернизирање. Најразновидни и современи појави согледува и

во прозата и тоа без разлика на нејзината куса еволуција. Меѓу неколкуте најзначајни карактеристики што ги маркира на тој план е првенствено заостанувањето на драмата зад поезијата и зад прозата. Нејзините позначајни резултати, сепак, ги открива низ надраснувањето на изразито фолклорните карактеристики како кај помладите Чашуле и Арсовски, така и кај поранешниот драмски фолклорист Иљоски.

И покрај познатиот став што го имаше како учесник во самата конфронтација, а кој не е без една навистина забележлива широчина, при некои воопштувања по прашањето за природата и текот на конфронтациите Митрев покажува забележлива непристрасвеност и објективно ги изнесува естетските разбирања и полемичките ставови на двете спротивставени страни. Знае за примери на автори и дела каде вистинската литература не води сметка за ваквата стеснетост, па оттука и реалистичкото кај некои модернисти по определба - и обратно. Шеесеттите години ги определува како период на поспокојна литературна атмосфера и на суштествени преоценки во македонската литература. Ова време го сфаќа и како најстварна победа на своите погледи за современиот реализам. Експресијата и оформувањето сега наоѓаат заеднички јазик и израз со содржинските компоненти на литературното дело. Развојно нагорни тенденции гледа во сите литературни родови и видови и ги нагласува високите дострели и широкото афирмирање на македонската литература.

Димитар Митрев имаше свое повеќе или помалку оригинално, но бездруго автентично сфаќање за литературниот правец и школа и за нивната стварна функција во творештвото. Свесен дека една литературна школа ретко може да им даде слобода на индивидуалните творечки можности, тој смета дека вистинските резултати школата или правецот можат да ги дадат на своето подрачје и во своето време.[14] Оттука, и пак според Митрев, правците и школите не се многу функционални во развитокот на литературите кои имаат кус развоен пат, бидејќи се **пречка за уметничкиот развиток, пречка и за достигањето на стварно нов израз, бидејќи по правило доаѓаат со задоцнување**

[14] Димитар Митрев, *За некои битности на нашиот уметнички критериум.* Во: Димитар Митрев, *Критериум и догма*, Избор 4, НИК "Наша книга", Скопје, 1970, стр. 124.

или со сосем несвојствен елемент за сопствените можности и вкусови.[15] Тоа не го сфаќа во некој апсолутен, исклувачки вид, а не станува збор ниту за некоја апологија на регионализмот. Очигледна е, се разбира, поддршката за примена на она што доаѓа однадвор, но и за еден критички однос при таа примена. Да се примени она што е вистински ново, она што е корисно, она што може да се примени, она што би се вклопило во природата на нашата литература, зашто вистинската иднина на една литература може да се гради само преку сопствениот творечки и развоен пат.

4.

Во истражувањата на Димитар Митрев што се во доменот на историјата на македонската литература секогаш се чувствува неговиот повеќестран пристап кон проблемот. Иако во основа е литературноисториски, во неговиот пристап целисходно се вкомпонирале уште и критички, теориски, естетички, филозофски, етички, историски, социјални, политички и други компоненти. Во/низ неговиот пристап сите тие димензии функционираат како една хармонична и нераскинлива целина. Всушност, низ тие карактеристики се открива литературно-историскиот и општолитературниот концепт на Митрев, за кој поскоро би рекле дека и не е концепт, туку доследно и со вонредна смисла проткаено испитување кое неретко резултира и со крајно сведени научни констатации. Бидејќи секој проблем бара сопствен и само нему својствен, само нему потребен начин на решавање, во литературноисториските трудови на Митрев се препознатливи широчината и повеќестраноста во пристапот кон проблемите. Дури и во оние трудови кои се посветени првенствено на препознатливо значајни литературноисториски прашања, како според аналитичката постапка, така и според неговото пошироко разгледување на проблемот, забележлива е не само критичко-есеистичката аналитичка постапка, судот и оценката, туку мошне често и теориското воопштување. Можеби и само поради таквата широчина, од формална страна, научниот ангажман на Митрев доста отстапува од некои принципи на литературноисториската наука.

Литературноисториските интересирања на Д. Митрев се концентрирани околу неколку жижни пунктови во македонското

[15] На истото место.

литературно минато. На овој план најмногу внимание посветува врз фолклористичката и врз преродбенската дејност на Миладиновци, врз личноста и делото на Григор Прличев, врз литературата посветена на Илинденското востание, врз специфичните прашања во врска со делото на Димитар Талев и други. Не може да не се забележи дека на овие позиции од неговиот ангажман, покрај другото, Митрев најмногу се задржува врз прашањата од културната историја на македонскиот народ. Неговите аналитички елаборации најчесто се развиваат врз позициите на нејзината одбрана. Во есејот *Поетската судбина на Григор С. Прличев* Митрев развива еден нов аспект на набљудување и толкување на најинтересната македонска поетска појава и судбина во XIX век. Охридскиот славеј и атински ловроносец го следи сè од врвот на најголемиот поетски успех и признание, па до паѓањето во разочарување и резигнација. Митрев овде умее да ги открие острите противречности кои одат до еден **внатрешноконфликтен трагичен израз**,[16] изразени до онаа мерка до која што не се изразиле кај никој друг од нашите преродбеници и просветители. Поставувајќи го во неговото време, истакнувајќи ја неговата **ту бунтарска ту меланхолична, (но) секогаш неспокојна природа**,[17] Митрев зацрта не само ново, туку и задлабочено и суптилно читање на Прличев.

Во случајот, пак со Миладиновци, Митрев дури и нашироко разоткрива една поширока проблематика, која е особено значајна за нашето преродбенско движење. Не запоставувајќи ги фолклористичките вредности на *Зборникот*, ниту фолклористичките можности и познавања на Миладиновци, над сето ова тој ја става првенствено нивната национална побуда. Така и ќе успее својот главен и неодминлив придонес во науката за Миладиновци да го даде со разјаснувањето на прашањето околу необјавувањето на *Зборникот* во Русија. Покрај тоа, но секако пак во врска со тоа основно прашање, особено внимание им посветува уште и на прашања како што се Константиновото свртување кон католицизмот, наметнувањето на бугарското име на Македонците, неприфатеноста на Константин како поет од

[16] Димитар Митрев, *Поетската судбина на Григор С. Прличев*. Во: Димитар Митрев, *Минато и литература*, Избор 6, НИК "Наша книга", Скопје, 1970, стр. 295-296.
[17] На истото место, стр. 296.

страна на бугарската наука и уште некои други, кои, исто така, претставуваат негов препознатлив и оригинален научен интерес и придонес.

Фактот дека Константин во Русија не успеал да најде издавач за *Зборникот* Митрев го сретнува кај сите што се занимавале со делото на Миладиновци, но без да најде правилен или задоволувачки одговор за тоа. Смета дека дотогашните проучувачи на Миладиновци не навлегуваат во причините, туку остануваат само при констатацијата за неуспехот. Претпоставките на Михаил Арнаудов во врска со ова прашање кај Митрев се, исто така, подвргнати на опстојна анализа, при што е констатирана и нивната неотпорност. Бидејќи во врска со неуспехот на Константина да го објави *Зборникот* во Москва не постојат конкретни податоци (поради што, во извесна смисла, тоа прашање останува отворено и за натамошни толкувања), а за да дојде до еден навистина задоволувачки и значаен резултат, покрај поранешните мислења на респектабилни имиња во науката, на строга научна анализа Митрев ги подвргнува сите искажувања на Константиновите современици. Разврската, пак, на прашањето ја реализира преку анализата на тогашните политички услови во Русија, поконкретно, преку анализата на нејзината источна политика. Во прашање е, пред сè, односот на Русија кон борбата на јужнословенските народи против Грчката Патријаршија. Митрев поаѓа од искажувањата на најблиските луѓе на Константин во Москва, како што се Жинзифов и Рачински, потоа од дописките на Раковски итн. Кај нив и за нив е јасна констатацијата за непостоење услови за објавување, за немање средства за тоа. Но, Митрев не се согласува со мислењето на Арнаудов дека Константин не успеал да го објави *Зборникот* во Русија поради неговиот тих, мирен и затворен карактер. Спротивно на тоа, докажува дека Константин не бил тих и мирен кога се однесувало за една национална работа. Митрев ја отфрла и втората претпоставка на Арнаудов, дека необјавувањето на *Зборникот* можело да биде и поради тоа што неговата ракописна варијанта била со грчки букви. Ја отфрла бидејќи Константин, по потреба, можел ракописот така брзо да го транскрибира на кирилица, како што, всушност, тоа и го сторил кога се нашла и можност за објавување. Прашањето за Константиновата преориентација кон Штросмаер, а со тоа можеби и кон католицизмот, и покрај поранешната ангажираност против

засилувањето на унијатството во Македонија, Митрев го објаснува пред сè како длабока патриотска побуда.

Самото разрешување на прашањето Митрев го започнува со искажувањето на Рачински дека се работи за невнимание на руските научници, со исклучок на Бесонов и Бељаев. Но, интересирањето на нив двајцата не било доволно за успехот, иако Бесонов е голем авторитет во науката, особено во врска со јужнословенскиот, па и во врска со македонскиот фолклор. Митрев докажува дека и еден Срезњевски, кој уште во ракопис го прегледувал *Зборникот*, а се воодушевувал од него и подоцна, по објавувањето, како прв негов рецензент, не можел да биде пасивен во поглед на неговото објавување. Во таа смисла, за објавувањето на *Зборникот* не можеле да не бидат заинтересирани ни Григорович, како ни Орел-Ошмјанцев, археологот Севастијанов и други. Според тоа, Митрев слободно и со сигурност заклучува дека не се работи за невнимание од страна на руските научници.

Спомнатото искажување на Рачински за Митрев најмногу кажува токму со тоа што не го кажува, со тоа што го премолчува. Утврдувајќи дека и самиот Рачински се воодушевувал од песните во *Зборникот* и придонесувал во нивната популаризација, симптоматичното Митрев го гледа во тоа што Рачински самиот себе не се става меѓу исклучоците. За него е многу важно тоа елиминирање на себеси што го врши Рачински, па констатира дека, покрај популаризацијата и вистинитата оценка, тој ништо не сторил за издавање на *Зборникот*. Митрев, имено, утврдува дека **Рачински се премолчува себеси како висок службеник на Словенскиот комитет**.[18] Од таа позиција, имено, тој не можел да не биде функционален за објавување на *Зборникот*. Зад себепремолчувањето на Рачински Митрев го гледа премолчувањето на самиот Комитет. Оттука, логично е дека необјавувањето на *Зборникот* следи бидејќи не се поклопува со целите на руската политика. Откривајќи ја загатката што се крие зад личноста на Рачински и неговите искажувања, Митрев аналитички и документирано ја објаснува источната политика на Русија која, под паролата за помогнување на балканските

[18] Димитар Митрев, *По трагите од подвигот на Миладиновци*. Во: Димитар Митрев, *Минато и литература*, Избор 6, НИК "Наша книга", Скопје, 1970, стр. 151-178.

словенски народи во нивното ослободување, ги штити сопствените интереси на Балканот. Со анализата на остварувањето на таа политика преку Цариградската патријаршија, на еден план ги постава Миладиновци и Патријаршијата. Па, **меѓу тие две до крајност спротивни, меѓу тие две поларизирани страни - стои Русија, која е и словенска и православна, која држи и за едното и за другото, но, во тоа време, многу повеќе за другото, зашто: тоа другото е главниот spiritus movens во остварувањето на вековниот стремеж на царска Русија кон доминација на Балканот и Блискиот исток.**[19] Со ова веќе станува јасно зошто Комитетот, кој е главен носител на источната политика, не го прифати печатењето на *Зборникот*, чии собирачи и составувачи беа поборници на дејноста против Патријаршијата.

Зборникот на Миладиновци за Димитар Митрев е дело на еден патриотски, но и **дело на еден фолклористички подвиг**, кој ги изразува **спецификите и на нашиот јазик и на нашата народност.**[20] Местото и значењето на *Зборникот* најправилно го одредува како почеток во историјата на култивирањето на нашата национална култура. Тој се занимава и со името на *Зборникот* (*Български народни песни*), прашање кое и дотогаш беше успешно решавано во македонската литературна наука.[21] Се работи, имено, за дополнителното вклучување во *Зборникот* на 77 (од стоте добиени) бугарски народни песни собрани од Васил Д. Чолаков. Поранешното научно сознание Митрев го потврдува со нови факти.

Димитар Митрев не можеше а да не забележи дека **Миладиновци се означуваат како Бугари, но дека она што го вршат, и како преродбеници и како фолклористи, а К. Миладинов - и како поет, е во потполна согласност со одредените тенденции на македонскиот преродбенски развиток во нивното време.**[22] Тоа е време кога и Бугарите не се масовно изјаснети за народносната смисла на името Бугарин. Своето толкување за самонарекување-

[19] На истото место, стр. 175.
[20] На истото место, стр. 206.
[21] Види: Харалампие Поленаковиќ, *Браќата Миладиновци и Васил Д. Чолаков*, "Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот во Скопје", кн. 14, стр. 205-238.
[22] Димитар Митрев, *По трагите од подвигот на Миладиновци*, стр. 211.

то на Миладиновци како Бугари, Митрев го реализира низ аналитичкиот пристап кон тогашната ситуација во Македонија и во Бугарија, со констатирањето за непостоењето народносна свест и кај едните и кај другите во тоа време. Спротивно на тоа, го гледа реалното постоење само на свеста за верска, а дури подоцна за словенска, па најпосле и за одделна национална припадност. Непостоењето, односно задоцнетото појавување (дури по смртта на Миладиновци) на националната изјаснетост, како кај Македонците, така и кај Бугарите, Митрев го потврдува со бројни искажувања од видни претставници на бугарската наука и од други извори. Ова прашање го расветлува уште и од некои други аспекти, како што е фактот дека со името Бугари Грците ги нарекувале и Бугарите и Македонците, односно сите Словени. Смета дека во прилог кон утврдувањето на тоа име дејствувала и руската дипломатија. Националното осознавање и прашањето за националното самоименување како Бугари кај некои од македонските преродбеници го разрешува и со фактите за заедничката црковна борба против Патријаршијата до формирањето на Егзархијата (1871), која не ги донесе очекуваните резултати, бидејќи главен, па и единствен збор во/со неа имаа Бугарите. Бугарското име во едно време било дури и синоним за словенска припадност. И кај Бугарите на почетокот на Преродбата на прво место се ставало словенството. Во врска со ова Митрев дополнува дека и **покрај изразитата словенистичка и антигрчка смисла што се внесува во поимот Бугарин, необично карактеристична е и чистата македонска народна смисла што го придружува овој поим.**[23] Во последните години од нивниот живот, пак, преродбенската национална свест како Словени кај Миладиновци нагорно са развива кон свеста **за утврдување и на посебен македонски јазик и на посебна македонска националност.**[24]

Во студијата *По трагите од подвигот на Миладиновци*, која и до ден денес е еден од најзначајните трудови во македонската литературноисториска наука, Митрев располага со (и коментира) уште цел ред други податоци за недвосмисленият македонски карактер на јазикот на кој се испеани песните од *Зборникот*. Не станува збор само за искажувањата на самите

[23] На истото место, стр. 228-229.
[24] На истото место, стр. 232.

Миладиновци за небугарскиот карактер на тој јазик, туку и за искажувања од познати бугарски преродбеници и научници, како од Петко Славејков, на пример. Кон *Зборникот*, кој е именуван како *зборник на бугарски народни песни*, тие се однесуваат критички, а песните кои во најголем дел се од Македонија, тие ги одрекнуваат како бугарски. Таков е нивниот однос и кон јазикот на песните, при што истакнуваат дека тој не се согласува ниту со бугарскиот правопис. Дури и Михаил Арнаудов, кој се застапуваше за третирањето на Миладиновци како носители на бугарската преродба, не може да не ја потврди нивната доследност кон струшкиот говор, кој го нарекува југозападен бугарски говор. Митрев, пак, низ својата аналитички суптилна анализа го открива не само научниот, туку и пропагандниот елемент во искажувањето на Арнаудов по ова прашање. Но, го проследува и прашањето за неафирмираноста и неприфатеноста на Константин како поет од страна на бугарските писатели и научни работници. Причината за тоа ја гледа првенствено во оддалеченоста на јазикот на кој се пишувани неговите песни, македонскиот струшки говор. Сепак, во овој контекст Митрев ги посочува и ретките, веројатно само на Иван Хаџов, забележувања на несомнените поетски резултати кај Константин Миладинов.

Слично на ова, неприфаќањето на Прличев од страна на бугарската литературна средина поради неговиот општословенски јазик (иако е солиден познавач на класичната и на западната култура), Митрев го објаснува со фактот што **бугарскиот јазик е сè уште во периодот на почетничко литературно оформување, за да послужи како погодно изразно средство во литературниот актив на еден туѓинец**[25] од многу повисока културна средина. За народносната свест на Прличев, која го поттикнува на обиди за литературно создавање на бугарски, Митрев смета дека е двојбеност, а не народносна поларизација, заклучувајќи дека и во таквата двојбеност тој, Прличев, останува син на своето време и на својот народ. Токму таа двојбеност во народносното сфаќање е и причина за неуспехот на Прличев, покрај неговиот словенофилски став, изразен преку настојувањата за создавање еден општ словенски јазик.

[25] Димитар Митрев, *Поетската судбина на Григор С. Прличев*, стр. 300.

Особено внимание Митрев му посветува на националното пробудување кај Григор Прличев. Не е преокупиран само со неговата политичка и народносна определба и заблуда, туку и со него како поет кој останува поет и во најтешките услови. По и низ занесниот повеќе надахнато импресионистички, отколку изразито аналитички потход, Прличев и неговото дело Митрев ги прифаќа најпрво како суштински лирски тоталитет. Тоа не се однесува само на првичните творечки појави, кои се лирика, туку и на лирски надахнатата *Автобиографија*, крајот на неговата творечка дејност, **најзгустена проза од која не е тешко да се почувствува живиот здив од лириката на некогашниот поет**.[26] За *Автобиографијата*, која за нас е значајна, покрај другото и со авторовото приближување кон чистиот народен македонски јазик, а претставува и отклонување од поранешната општословенска јазична концепција на Прличев, Митрев има посебно високо мислење. Со исклучителен восхит го истакнува нејзиното поетско, лирско богатство, богатство од **емотивно скицирани ликови и со емотивно нафрлени оригинални сентенции**.[27] Затоа неа и ја става пред препевите кои Прличев ги правеше на неговиот општословенски јазик, како и пред неговите помалку значајни поетски остварувања. Во *Автобиографијата* Митрев не ги гледа само далечните одгласи од епските поетски вредности на *Арматолос*, туку и Прличевото познавање и креативно надраснување на грчката класика. Гледајќи во ова дело уште и една мемоарска веродостојност, при анализата на суштинските карактеристики на оваа уметничка проза, неа тој ја оценува како **крајно занимливо четиво што го држи човека во неизмерно буден однос спрема настаните кои се редат со постојана напрегнатост**.[28] И во *Автобиографијата* и во *Сердарот*, како творби кои одразуваат еден карактеристичен период од македонската борбена историја, Митрев ја бара блискоста со нас и со нашето време. Смета дека таквата блискост постои бидејќи тие дела одразуваат едно типично време и бит на нашиот народ. Таа блискост и родственост ја гледа најмногу во интензитетот на животноста и во нивната идејност. Правилно увидува и дека *Сердарот* **обединува во среќно единство епски елементи од македонската народна поезија и од старогрчката поетска**

[26] На истото место, стр. 296.
[27] На истото место, стр. 307.
[28] На истото место, стр. 308.

класика.[29] Придржувајќи се не кон историската вистина, туку кон сугестивноста на животната веројатност, Прличев ја пренесол опстановката од охридскиот во реканскиот крај, а ликот на Неда својот прототип најверојатно го има во неговата мајка.

Фактографското во историската белетристика треба да биде изложено на светлината на историската и на објективната реалност. Со историската стварност треба креативно да е проникнат самиот творечки субјект. Сфаќањето на Митрев за историското во белетристиката е суштествена компонента на неговите литературноисториски и општолитературни погледи. Своите сфаќања за односот меѓу историјата и литературата, пак, најдобро практично ги изрази во студијата за историските романи на Димитар Талев, бугарски писател од македонско потекло, *Нашето минато во романите на Димитар Талев*. Оваа во квалитативна смисла поинаква свртеност на Митрев кон литературното минато е поврзана не само со неговата работа врз литературата, туку и со неговата одбрана на македонската историја и културна историја, која е инкорпорирана и во фундаментот на неговата литературна мисла. Во споменатата студија Митрев е преокупиран со проблемот на историската вистина во романите на Талев *Железниот светилник*, *Преспанските камбани* и *Илинден*, кои се однесуваат на историјата на македонскиот народ во времето пред, за време и по Илинденското востание. Овде не можеле а да не излезат на површина и неговите сфаќања за историската белетристика пошироко, особено за историскиот роман.

Најзначајниот услов за создавањето историска белетристика Димитар Митрев го гледаше во постоењето (или непостоењето) историска интуиција кај авторот. Без таква интуитивна способност на авторот, како што пишуваше и порано, литературното дело како историска белетристика не би можело да проникне во духовната суштина на луѓето од минатото и не би остварило органска врска меѓу луѓето и средината.[30] За да се создава вистинска историска белетристика **треба да се почувствуваат тогашните луѓе, да се разбере како би дејствувал**

[29] На истото место, стр. 309.

[30] Димитар Митрев, *За "молчењето" на критиката, за рецензентската "активност"* и за *"Гоце"*. Во: Димитар Митрев, *Критериум и догма*, Избор 4, НИК "Наша книга", Скопје, 1970, стр. 59.

тогашниот човек и во тогашни услови. - Не како би дејствувал тогаш современикот од новото време.[31] Митрев, имено, така се искажуваше кога во прашање беше надалеку фалената пиеса Гоце од Венко Марковски, но во која, имено, ја немаше токму најпотребната креативна комуникација со историското минато.

Во критичарскоаналитичкиот потход кон романите на Д. Талев, Д. Митрев поаѓа првенствено од аспектот на нивниот одраз на македонската историска стварност во споменатиот историски период. Поаѓајќи од широкото платно на теориските сфаќања за историската белетристика, имајќи ги предвид резултатите во светската литературна наука во врска со оваа проблематика, тој уверливо ја констатира и ја докажува не само едностраноста, туку и неотпорноста на романите на Талев како историска белетристика, како уметничка литература. Бидејќи **своеобразноста на творечкиот процес при историската белетристика никогаш не го ослободува нејзиниот создател и од грижи за реалистичност и од присуство на современички аспект спрема светот на минатото и, најверке, од жив усет кон идејата за минатото како идеја за еден живот кој во литературата има место кога е со внатрешното богатство и со внатрешниот интензитет на секој друг живот,**[32] Митрев аналитички се задржува најмногу врз литературно-естетската заснованост и издржаност на овие романи, но и на нивната неоствареност како историска белетристика. Констатира дека тие не само што немаат веродостоен однос кон историската идејност кај нашиот народ во конкретното историско време, туку и дека, во замена за тоа, во нив е накалемена бледата и наменска фактографија со која се служи великобугарската политика.

Неодминлив прилог кон историјата на македонската литература претставуваат уште некои научни преокупации и објавени прилози на Д. Митрев. Тука мислиме како на прашањето за Миладиновци како литературни јунаци во делата на некои автори од словенските литератури, на кое му ја посветува студијата *Миладиновци во словенските литератури*, така и на прашањето за одгласот и одбележувањето на појавата на

[31] На истото место.

[32] Димитар Митрев, *Нашето минато во романите на Димитар Талев.* Во: Димитар Митрев, *Минато и литература*, Избор 6, НИК "Наша книга", Скопје 1970, стр. 13.

Зборникот ширум словенските и европските земји, па и на интересирањата за пренесувањето на некои песни од *Зборникот* во препев на други јазици, на што му е посветен еден дел од студијата *По трагите од подвигот на Миладиновци*. Близок кон интересирањата за историјата на македонската литература Митрев е и со изложеното во огледот *Одразот на Илинденското востание во уметничката литература*. Литературноисториската научна и истражувачка активa на Митрев се карактеризира со концентрираноста врз предметот на интересирање: Миладиновци, Зборникот, Илинденското востание, а особено врз неговиот одраз во уметничката литература на јужнословенските и на другите народи. Специфично е што студиите на Митрев и на овој план не се без за него својствените анализи, коментари и литературно-естетски судови.

Иако располагаат и со литературноисториски факти и сознанија, литературноисториските трудови на Д. Митрев, со некои од позначајните резултати до кои доаѓа во нив, а кои ги истакнавме веќе, но и со своите поопшти вредности излегуваат и од рамките на литературноисториската определба и форма на искажување. Неговите интересирања за делата и за авторите кои му припаѓаат на литературното минато, како што е делото на Миладиновци или Прличев, се поврзани со неговото сфаќање дека трајното во историскиот чин не се мери само со одгласот во своето време. Доколку го издржале судот на времето, настаните и делата не можат а да не бидат значајни и за идните генерации. Со ваквите интенции од неговите литературноисториски трудови Митрев покажа дека **минатото не е само историја, дека со најзначајното во себе знае и за своевидни делувања и во светот на сегашното**.[33]

Кога се зборува за односот на Димитар Митрев кон литературното минато не е без значење барем да се констатира и неговиот пиетет кон литературата во која се одразени борбените и револуционерните настани. Тој пиетет кај него не е резултат само на неговата лична поврзаност со револуционерниот историски период на македонскиот народ, како и со литературата која е тематски поврзана со револуцијата, туку и со едно посебно негово сфаќање за ваквото литературно творештво. Тоа сфаќање

[33] Димитар Митрев, *По трагите од подвигот на Миладиновци*, стр. 135-136.

произлегува од неговите пошироки погледи кон литературата и кон животот, а во неговата основа веројатно најмногу се забележуваат како теориските, така и послободните есеистички експликации на Митрев за револуционерно-борбената поезија. За него таа е дел од најдлабоката суштина на народот на кој му припаѓа тоа творештво. Митрев има нерв да ја согледа онаа недофатлива и неразделна нишка што пулсира меѓу народната и херојската, односно поединечната судбина, не само како нејзин одраз, туку и како нејзина квалитативно врвна еманација. Во исто време, тој е и вонредно суптилен наслушнувач за дејството на поттикнување кон отпор кое може да го врши поезијата.

5.

Со сета разностраност на критичарските и на естетските компоненти што ги содржи антологискиот чин, за општолитературните погледи на Димитар Митрев, како и за неговите погледи кон македонската литература воопшто, а кон нејзиниот развој посебно, не се неинтересни и неговите антологиски избори. Во таа смисла тој подготви и се искажа себеси, т.е. своите естетски и вреднувачки визии преку четири, односно пет поетски антологии. Додека двете се тематски, за интимната (*Антологија на македонската лирика*, 1951) и за револуционерната поезија (*Антологија на македонската револуционерна поезија*, 1974), другите две (*Повоени македонски поети*, 1960 и *Антологија савремене македонске поезије*, 1977) се антологиски избори од целокупната македонска поезија до подготвувањето на односните избори. Петтата поетска антологија на Митрев по хронолошки ред, всушност, е трета. Тоа е неговиот избор од македонската поезија кој е поместен како соодветен дел во антологијата *Новија југославенска поезија*, која беше објавена 1966 година во Загреб. Иако претставниците на македонската поезија овде се застапени со помал број песни, може да се рече дека оваа антологија произлегува од двете претходни, со тоа што имаме уште и двајца претходно незастапени поети. Тргнувајќи од еден изразит како антологиски, така и творечки потход, во антологиската постапка на Митрев позабележливо доаѓаат до израз неговите литературнотеориски, критичарски и естетски, односно и, секако, како и кај други антологичари со изострен нерв за ваквиот чин на избирање, целокупното литературно, креативно

и научно искуство на составувачот, но и неговите поширoки сознанија, како и смислата за една таква постапка.

Заедно со Б. Конески, Д. Митрев состави еден од првите антологиски избори од македонската поезија - *Антологија на македонската лирика* (1951). Изборот, односно редакцијата, како што стои на крајот од книгата, е заеднички, а мошне обемниот и суптилен предговор со наслов *За македонската народна и уметничка поезија* е на Митрев. Токму во него тој најавтентично ги открива своите сознанија како за генезата, така и за развојните специфичности на македонската литература, а особено на поезијата. Со самиот избор кој содржи дури 56 поетски текста од македонската народна поезија и 43 од уметничката, составувачите имале цел првично и широко да се претстави богатството како на македонската народна, така и на македонската уметничка лирика, иако бројот на авторите од кои можеа да вклучат песни е доста мал. Застапени се песни од К. Миладинов, Р. Жинзифов, К. Рацин, К. Неделковски, Б. Конески, С. Јаневски, А. Шопов, Г. Ивановски, С. Ивановски и Г. Тодоровски. Иако не е назначено, можно е Митрев да го подготвил само изборот од македонската уметничка поезија. Но, и без тоа специфичностите и целите на оваа антологија, како и фактот на коавторството во нејзината подготовка, секако, не му допуштале на Митрев една подецидна антологичарска постапка во вистинската смисла на овој поим.

Но, дека и таквото антологичарско искуство не е без значење потврдуваат вредностите на *Повоени(те) македонски поети* (1960), која е прва позначајна антологија не само на Митрев, туку и на македонската уметничка поезија. Во предговорот тој започнува со искрени изрази на едно колебање пред чинот на антологискиот избор. Имено, Митрев имаше свој пристап, свој метод на антологиското создавање. Бидејќи во овој случај создаваше антологија на автори, на преден план доаѓа првенствено изборот на најзначајните претставници на современата македонска поезија. Тргнува од сознанието дека антологијата и самата по себе треба да биде една хомогена целина, па затоа антологискиот чин за/кај него е **потрага по поети со свој темперамент и свој ракопис, непоновливи во гледањето и чувствувањето, поети што не личат еден на друг, а сите заедно се**

носители на свој поетски свет.[34] Митрев не оди безусловно по линијата да избира најдобри песни од авторите, туку ги избира оние нивни песни во коишто тие се најмногу свои, во/со кои тие се најпрепознатливи, најиндивидуални и најкарактеристични, а во исто време избраните песни треба да се вклопуваат во хармонијата на новата целина во којашто се поместени. Поради сето тоа, уште во тоа време се пишуваше дека во *Повоени македонски поети* антологичарот **удрил и свој печат врз снот овој избор, внел дел од себеси со што актот на создавањето на оваа антологија е пред сè творечки акт**.[35]

Квалитативно различното искуство од двете, односно трите претходни антологии ќе даде резултат при подготовката на следната антологија на Димитар Митрев. Во составувањето на *Антологија(та) на македонската револуционерна поезија* (1974) тој останува препознатлив со настојувањето да го обедини и синтетизира чувственото и историското, да ги спои индивидуалното и колективното чувство. Толкувач на револуционерното поетско творештво како креативно сложен резултат на историските појави и услови во еден подолг временски период, составувајќи ја оваа антологија Митрев, всушност, трагаше по револуционерноста **каква што ја сфатиле и почувствувале самите лирски чувственици /.../ кои создале од неа еден сплет од суштини, превосходни во јасноста на својот и национален и социјален колективизам**.[36] Таа револуционерност тој како антологичар ја согледува не само во еден долг временски тек, туку и низ специфичностите на условите и на времињата во кои настанувале овие поетски творби. Без да ги изгуби од предвид сите посебни и можни значења на овие поетски творби, Митрев мошне сигурно знае дека нивните автори би биле надвор од своето време ако **таквиот свој занес не би го сфатиле како длабоко интимно сродување со својот народ и како длабоко во себе износена врвна историска порака**.[37] Оваа лирика без тоа не би била израз на потресната судбина на македонскиот народ.

[34] Димитар Митрев, *Повоени македонски поети*, "Кочо Рацин", Скопје, 1960, стр. 10.
[35] Ацо Алексиев, *По повод антологиите на современата македонска поезија и проза*, "Современост", год. X, Скопје, 1960, бр. 6, стр. 66.
[36] Димитар Митрев, *Антологија на македонската револуционерна поезија*, НИК "Наша книга", Скопје, 1974, стр. 10.
[37] На истото место, стр. 11.

Проникнувајќи во национално-егзистенцијалната суштина на борбената лирика, а посебно соочувајќи се со нејзиниот происход од најпотресните индивидуални и национални животни судбини, антологичарот има можност да осознае дека револуционерната лирика е **поуниверзална за светот на човечкиот безброј со призвукот на својата потресно-борбена каденца**.[38] Оттука и констатацијата дека, како во *Повоени македонски поети*, така и во *Антологија на македонската револуционерна поезија* главното трагање на антологичарот е насочено кон поети кои **најавтентично се вслушале во гласот на сопствената самосвојствена авторска понесеност**.[39] Антологичар и по чувство и по замисла, сообразно на специфичноста на оваа поезија, Митрев сега држи и до сообразувањето **со она идејно-мотивско единство, богато обележено со полифониски озвучената револуционерност во себеискажувањето**.[40]

Прераната смрт го спречи Димитар Митрев да ја оформи до крај **Антологијата на современата македонска поезија** (1977).[41] И во неа впечатлив е изразот на комплетното литературно искуство и на неговиот индивидуален естетски вкус. На преден план пак е изборот на најзначајните претставници на македонскиот поетски збор по Втората светска војна. Додека во *Повоени македонски поети* требало да се избере најдоброто од петнаесетгодишното креативно постоење и дејствување и да се дофати мигот од крајот на 50-тите години, во оваа антологија задачата била да се избере најдоброто од едно триесетгодишно национално поетско траење и да се дофати и вредносно да се отслика македонскиот поетски миг од средината на 70-тите години. Тоа значи дека се работи за два антологиски чина кои изникнуваат во две од сегашнава дистанца не многу оддалечени временски коти од македонскиот литературен развиток и два погледа фрлени од две временски оддалечености наназад, а кон едно литературно минато, минато што, на некој начин, било и

[38] На истото место.
[39] На истото место, стр. 12.
[40] На истото место.
[41] Тоа е *Антологија савремене македонске поезије*, "Матица српска", Нови Сад, 1977 год. И недостасува предговор во којшто се очекуваше уште нешто од Митрев за современата македонска поезија и, посебно за овој избор. Во случајов го имаме само изборот без коментар на Митрев, без неговиот тогашен став за македонската поезија и за овој антологиски избор.

сегашност. Многу друго нешто, на прв поглед, како да е скоро идентично.

Во антологиите на Д. Митрев доаѓа до израз неговото настојување изборот да биде една хомогена и хармонична целина. Тој го бара и го одделува најпрепознатливото, најиндивидуалното, најкарактеристичното за поетот. Не само како собирач, туку и како составувач на елементите за структурната целина, натамошната цел на овој антологичар, во сите негови антологии, е со изборот да се создаде еден општ лик како за современата македонска поезија, така и за македонската поезија во целина.

Науме Радически

ВЗГЛЯДЫ ДИМИТРА МИТРЕВА НА РАЗВИТИЕ МАКЕДОНСКОЙ ЛИТЕРАТУРЫ И РЕЗУЛЬТАТЫ ИЗ ЕГО ЛИТЕРАТУРОВЕДЧЕСКИХ ИССЛЕДОВАНИЙ

Резюме

Известен прежде всего как литературный критик, Димитар Митрев уделяет заметное внимание и определенным вопросам из истории македонской литературы. Кроме того, не менее интересным предметом его исследований и продумываний был и сам процесс развития македонской литературы. Его озабоченности в области истории македонской литературы чаще всего бывают актуальные явления и проблемы из прошлого македонской литературы и культуры.Они для Митрева были не только исследовательный, но и аналитическо-синтетическим вызовом. Так например, таким вызовом для него было появление, высокохудожественные достижения, но и мечты и заблуждения Григора Прличева. Таким вызовом для него был и вопрос, связанный с неопубликованием Сборника братьев Миладиновци в России. Он приходит и к значительным аналитическим результатам в его научных трудах, посвященным литературе с темами из Илинденского востания, относительно как оно отразилось в художественной литературе. В особом научном труде он расматрывает отражение македонского исторического прошлого в романах болгарского писателя с македонским происхождением Димитра Талева. Что касается аналитических и теоретических положений о развитии македонской литературы, Митрев в самом начале исследует связи македонской художественной литературы с македонской народной песней, с фольклором. Такую связь он особенно потверждает примером основоположника македонской художественной поэзии Константина Миладинова и поэзией Коста Рацина, родоначальником современной македонской поэзии. Однако Митрев с интересом исследует и процессы развития в современной македонской литературе. Как исследователь и

аналитик прошлого македонской литературы и развития македонской литературы, Димитар Митрев имеет большестранный подступ к проблеме, которая находится в центре его внимания. Тем самым гармонически отразились не только литературноисторические, но и некоторые историографические, эстетические, этические, социальнополитические, критические и другие элементы. Такие личные, аналитические и креативные возможности и взгляды к Митреву, в конце концов, отразились в подготовку нескольких его анталогий македонской поэзии.

УДК 830-821.09

Петер РАУ

ОД ПОПРЕЧЕНА ИНТЕР-КУЛТУРАЛНОСТ ДО ПРОБЛЕМАТИЧНА ИНТРА-КУЛТУРАЛНОСТ

Литературата на ГДР во контекст на "транзицијата" Врз проимерот на Криста Волф

Во германската германистичка наука, како во лингвистиката така и во науката за книжевност, пред неколку години се случи нешто, што во националните науки исклучително ретко се случува, но што секако има исвесна аналогија со македонскиот простор: темелна промена на рамковните услови на самата науката и едно сосема ново димензионирање на предметот со кои таа се занимава. Имено, станува збор за крајот на Германската Демократска Република, на "социјалистичката држава" на германска територија и за обединување на оние две половини од Германија, што на крајот на Втората светска војна преостанаа од "Германскиот Рајх".

Посебно подрачјето на интеркултуралната германистика, чие водечко прашање се однесува на меѓусебното восприемање и интерпретирање на различните или на взаемно туѓите култури, доби конкретна шанса и задача, што никој не можеше да го предвиди ниту да го очекува: примената на нејзините методски и тематски начела и подрачја на еден културен и литерарен пејсаж, кој порано се состоел од два културни круга, а сега сочинува едно формално единство, но чие што основно обележје претставува чувството на взаемна туѓост. Интеркултуралните феномени речиси преку ноќ – на преминот меѓу 1989/90 година – се претворија во интракултурални проблеми.

Историјата на литературата што ќе се пишува во иднина

во новата обединета Германија и што ќе се занимава со улогата на некогашната литература на ГДР и со нејзините автори, ќе мора за секој автор и неговото дело поединечно да се запраша, колу многу бил поврзан и фиксиран со системот на ГДР, односно колку многу или малку може да придонесе за културна и ментална интеграција и плуралистичка диференцијација на луѓето во негогашната германска држава. Истотака допрва треба да се истражи и начинот на кои што литератите ја доживуваат и обликуваат промената која досегнува најдлабоко, не само формално-државно, туку и во суштинските слоеви на егзистенцијата и на духовно-културната концепција.

Во оваа културна и научна рамка Криста Волф се појавува за пример, кој веројатно би можел да се формулира како научна парадигма. Во македонски контекст овој избор добива посебно оправдување. Во Народната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" во соработка помеѓу Гете – Институтот од Минхен и Институтот за германско-македонски односи при Катедрата за германски јазик и литература на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", во октомври 1997 година беше организирана изложба за оваа писателка заедно со предавање и колоквиум.

Во дебатите што беа водени, на македонскиот простор се покажа голем интерес за авторката. Пред се поради тоа што се работи за писателка која стоеше и стои во средиштето на "транзицијата", која се случи пред отворањето, во текот на отворањето и по отворањето на границите меѓу Исток и Запад. Ќе ги покажеме и испитаме најзначајните аспекти на тезата за посебното и примерното значење на Криста Волф, за анализа на границите и на туѓото кои постанаа интракултурални.

1. Криста Волф е значајна писателка. Ова се однесува како на нејзината проза и јазикот, така и на тематскиот аспект. Криста Волф е исклучителен стилист и јазичен виртуоз, но таа е значајна и по изнаоѓењето и пронаоѓањето граѓа, мотиви, теми, кои се значајни, интересни и богати со сознанија.

2. Криста Волф е значајна авторка во контекст на епохата, и во контекст на 20-тиот век, но и на бележитите настани на ова време, односно на епохата на фашизмот, на студената војна и,

конечно, на пропаѓањето на социјалистичките системи и обединувањето на поделената Германија. Во оваа смисла таа е значајна и по својата биографија, но и по тоа, што сопствената биографија сосема свесно и книжевно-програмски ја обликувала во хоризонтот на условите и промените специфични за таа епоха.

3. Криста Волф е репрезентативна писателка, репрезентативна според она што Бертолт Брехт го нарекува "тешкотии при пишувањето на вистината" во една епоха на тотална и тотализирана идеологизација. Таа е репрезентативна зашто во своите дела ја признава проникнатоста со системи и реторики на невистината и зашто не си создава илузија за тоа колку е тешко, мислејќи и пишувајќи да му се одолее на искушението, што со себе го носат големите пораки за човечкото блаженство. Овие тешкотии таа ги манифестира во процесот на пишување на својата книжевност, но исто така и ги документира, рефлектирајќи во своите говори, есеи, интервјуа и предавања секогаш одново околу можностите и пречките на автентичното размислување и пишување.

4. Криста Волф е писателка која ѝ припаѓа на модерната, или, како што денес би рекле, на постмодерната книжевност. Зашто научила да не верува во линеарниот развој на историјата. Тоа значи дека пишува експериментирајќи, дека во своите текстови пишувањето го претставува како отворен процес, како и оти историјата, своите сопствените медиуми - писмото или записот и книжевноста, самата ги истражува и обликува. Уште во контекст на постоењето на ГДР таа е во чекор со прогресивните сознанија и манифестации во западната интелектуална култура, пред сѐ заедно со откривачките и откривачите на половите специфичности на т.н. окцидентална цивилизација и култура. Уште мошне рано таа се обидува да ги открие и опише судбините на жената, на женското, на поетскиот и мисловниот чин кај жените, во еден свет во кој со фактичката и идејната историја владеат мажите и машките претстави, што значи дека се обидува да ги интерпретира наспроти традиционалните толкувања.

Најнапред неколку податоци за нејзината биографија. Криста Волф е родена на 18-ти март 1929 г. во Ландсберг на Варта, гратче кое денес се нарекува Горцов Вилкополски. Таа морала да пребегне од овие некогаш источногермански подрачја

во миговите кога завршува Втората светска војна и кога Црвената армија надира кон Берлин. Најпрво се задржува во Мекленбург, град кој по пропаѓањето на Хитлеровиот режим бил под опсада на Советите. Во 1949-та година положува матура и во истата година пристапува во редовите на СЕД, односно на Социјалистичката Обединувачка Партија на Германија, која набрзо ги ликвидира сите демократски партии и станува државна партија. Својот владеачки монопол таа го остварува со помош на советските трупи.

Од 1949-та до 1953-та година Криста Волф студира германистика во Лајпциг и Јена. Од 1953 до 1959 година работи во Источен Берлин како научен соработник на Германскиот сојуз на писатели, како книжевен критичар, лектор и уредник на списанието "Neue deutsche Literatur". Од 1951 година е во брак со писателот Герхард Волф. Од 1955 до 1977 година ги врши должностите член на Сојузот на писатели на ГДР, од 1963 до 1967 година е кандидат на Централниот Комитет на СЕД, од чии редови истапува во јуни 1989 година.

Од 1982 година започнува нејзината меѓународна кариера со серијата предавања во западните земји – во Франкфурт на Мајна, во Колумбус (Охајо, САД), во Цирих, во Санта Моника (Калифорнија) итн. Таа станува членка на ПЕН- центарот на ГДР, како и на Академијата на уметностите на ГДР, но избрана е и за членка на Академијата за јазик и книжевност, со седиште во тогашна Западна Германија, во градот Дармштат. Бројот на членства во повеќе национални и меѓународни асоцијации и академии во денешно време е зголемен. Тие ја одразуваат растечката слава на Криста Волф и придонесуваат таа да стекнува голем број национални и меѓународни награди и одликувања.

Од овие биографски факти и податоци може да се согледа дека Криста Волф е надалеку позната и во јавноста присутна личност, чии дела биле многукратно објавувани, пред сè поради нејзината поврзаност со политичкиот живот на своето време. Нејзиното творештво е длабоко политично па затоа може да ѝ се припише аристотеловото обележје "зоон политикон", кое истовремено претставува нејзин длабинско структурален проблем, како и тематска преокупација. Меѓутоа, таа не пишува политичка книжевност на социјалистичкиот реализам или literature engagé во

вообичаената смисла на зборот.

Ова е обусловено со прастарата траума, која секогаш одново се среќава, се тематизира, анализира, варира, проширува и продлабочува во делото на Криста Волф. Имено, станува збор за едно доживување од младоста од кое Криста Волф не можела да се одрече – националсоцијализмот, неговата идеологија и пропаганда. Тоа прераснало во шокантно искуство, секогаш кога авторката си спомнувала на него - кое доминира со специфичната политичност на нејзиниот живот и нејзиното творештво. Зашто сеќавањето на првиот грев кое прераснува во свест за тоталитаризмот, во фасцинација од диктатрурата и масовното заведување, повеќекратно, комплексно и сложено го карактеризира натамошното однесување на Криста Волф и на нејзиното творештво, создавајќи ја на овој начин основната дилема.

Заведеноста од националсоцијализмот условува Криста Волф да се задолжи кај социјализмот од сталинистички тип, припаѓајќи им на најреномираните членови на партијата на ГДР. Меѓутоа, ова обусловува таа да не му биде целосно посветена и да не биде сосема задоволна од т.н. реален социјализам. Безуспешнен е обидот за конформизам со моќниците, со моќниците од Советскиот Сојуз. Да, таа дури и ќе открие дека, нејзиното пристапување кон државниот социјализам на ГДР од психолошка гледна точка претставува продолжување на поранешната идентификација со националсоцијализмот, односно варијација на темата "заведување во тоталитарното".

Како резултат на ова, таа се осврнува на она што може да се нарече секојдневен фашизам или фашизам на секојдневието – кон однесувањето на незабележителниот, прилагодлив или премногу прилагоден човек, кој никогаш не би дошол на идеја да рече НЕ кога треба нешто да се оспори, кога треба да се спротивстави во услови кога е осомничен, поткажан, наклеветен, предаден, кога го следат, затвораат или измачуваат. Во натамошните дела го тематизира континуитетот на Германците–следбеници на режимот, опортунисти во времето помеѓу Третиот Рајх и ГДР. Таа заклучува дека постојат сличности во однесувањето пред и по завршувањето на Втората светска војна, што значи дека ја демантира официјалната доктрина на ГДР според која во социјализмот изумрел фашистоидниот карактер на луѓето.

Секако дека таа сопствената држава никогаш не ја посматрала како квази-фашистичка држава, туку како држава во која би требало да биде можно изградување на хуман социјализам и на подобра иднина. Меѓутоа, тезата за континуитетот на диспозициите, сепак беше доволна да го мобилизира државниот апарат против писателката, да ја осомничи и да започне активности за нејзин надзор.

Оттогаш нејзините дела станаа мерило на квалитетите што произлегуваат од ГДР. Начинот на кој системот на власт реагира на нејзиното согласување со нештата и со нејзината критика, со потврдувањето и одрекувањето, со критичката афирмација и неподмитливата морална критика, ја покажува тесногradоста и нетолерантноста на социјалистички дефинираниот државен систем, чија основна задача била да се бори против секаков облик на фашизам.

Сè до 1962/63-тата година позицијата на Криста Волф може да се опише како реформистичка. Во 1959-та година настанаа *Московските новели* во кои сè уште е присутен стереотипно затегнатиот однос помеѓу националсоцијалистичкото минато и социјалистичката иднина која ветува сеопшт напредок и ослободување на човекот. Овој оптимизам набрзо замира и токму поради тоа Криста Волф станува авторка која своето внимание го обрнува и кон Запад. На обете страни од железната завеса таа е прифатена и почитувана како храбара противничка, која јавно ги претставува табу-темите и мислењата карактеристични и за едната и за другата страна. Ваквиот развиток во личност која програмски и систематски ги пречекорува идеолошките бариери, заеднички проблематизирајќи ги, својот прв и меѓународно почитуван израз го достигнува во делото ***Поделено небо*** од 1963 година.

Поделено небо е текст на пречекорувањата, но тој го документира и тогашното стојалиште на Криста Волф дека задачите на писателот во една социјалистичка држава, кои инаку се нормирани, дозволуваат и критичко претставување на состојбите во таа држава. "Патот кон Битерфелд": официјалната доктрина вели дека еден вистински социјалистички автор треба да го претстави животот на работниот народ и тоа така што дури и грешките ќе ги вреднува оптимистички. Нештата морале да се интерпретираат како преодна фаза кон подобрата иднина, која

социјалистичката држава со сигурност ќе ја достигне. Критика и согласност: Криста Волф во својот роман во голема мера му се приклучува на ваквиот концепт.

Со оглед на сè уште несовршените општествени состојби ваквиот оптимизам во романот формално и содржински води кон компромиси. Хероината во расказот, младата студентка на учителскиот и работнички факултет Рита го губи својот пријател, зашто тој пребегнува на Запад. Конечно, изградбата на Берлинскиот ѕид во 1961 година оневозможува секаква повторна сребда. Овде Криста Волф детално ги анализира психолошките и социјалните причини и мотиви на разделбата. Значи, таа ги одмерува политичките одлуки на конкретни, индивидуални судбини. Тоа ја сочинува антиконформистичката димензија на текстот. Но раскажувачот укажува и на тоа дека политичката разделба е заснована на различни индивидуални стојалишта и оти бегството на Запад е повеќе резултат на недостигот од сознанија кај бегалците, околу поволните животни можности што ги нуди иднината во социјалистичките држави. Ова е афирмативно-оптимистичкиот белег на текстот. Низ него провејува пораката дека уметниците и писателите на ГДР треба повеќе да им се приклонат на менталните и психичките проблеми на луѓето поради кои повеќе не би постоеле никакви причини за заминување на Запад. Негацијата и позицијата, афирмацијата и критиката се противречностите типични за нашата писателка.

Сознанито дека при ваквото балансирање меѓу согласноста и протестот, всушност, станува збор за јалов компромис и за погрешно израмнување на противречностите, Криста Волф повторно го стекнала како резултат на едно доживување од подрачјето меѓу уметноста и политиката.

Во ноември 1965-та година, како кандидат на ЦК на СЕД, Криста Волф учествуваше на 11-тиот пленум на ЦК. На овој конгрес т.н. "социјалистички реализам" повторно е востановен како норма и стандард за уметниците и писателите. Ова не би било нешто особено ново и возбудливо, но овојпат не беше утврдено само како уметниците треба да сликаат, пишуваат или компонираат. За ваквите регуларности досега никој не водел сметка – доколку уметникот посакувал да има свој слободен простор, што секако не било случај со сите автори на ГДР.

Во оваа 1965 година многу поопасна беше уредбата која на уметниците и писателите на ГДР во рамките на реалниот социјализам им одредуваше што не им се дозволува. Всушност, ова претставува чин на егзорцизам, односно осуда на сето она што било модерно, експериментално, авангардно. Истовремено, тоа значело покренување на конкретни мерки против оние уметници и писатели кои не сакале да им се покоруваат на мерките и одлуките.

Се чини дека Криста Волф веднаш сфатила за што, всушност, станува збор. Сега таа почувствувала дека социјалистичката држава која досега ја сметала за своја татковина, всушност, покажува сличности со тоталитаризмот кого го познавала од сеќавањата на своето трауматично искуство со националсоцијализмот. Таа се присетува и на шокот од 1956 година, кога во Москва 20-тиот Конгрес на КПСС ги потврдил и оправдал политичките убиства на сталинистичкиот период. Криста Волф била единствената личност, која на овој конгрес јавно протестирала против одлуктите и мерките на СЕД.

Од овој миг таа во својата држава се смета за т.н. непријателско-негативен елемент. Ја отпуштаат од редовите на ЦК и отогаш па сè до распаѓањето на ГДР таа ќе биде под надзор на Тајната Служба (Штази) односно под надзор на истата служба на која претходно самата ѝ доставувала информации, неофицијално вработена под псевдонимот "Маргарета". Значи, повторно станува збор за истата траума: вплеткување и дистанцирање. Меѓутоа, ова повторување на трауматичната ситуација ги разбудува и креативните способности.

Во кризните мигови Криста Волф станува продуктивна, нејзиното творештво чини чекор напред, таа го минува патот од стилот типичен за ГДР до совршенството на модерната проза. Резултат од овие потреси и од нив израснатата креативност и мајсторство се расказот "Јунско попладне" и романот ***Размислување за Криста Т.***

Размислување за Криста Т. ја следи максимата: што претставува приближувањето кон самиот себеси. Од неа настанува дело кое во дадениот контекст на ГДР мораше да прерасне во скандал. Зашто Криста Волф патот кон себеоткривањето го претставува како пат кон отуѓувањето и оддалечувањето од

фактичкото општество, од стандардизираните норми на однесување, од јавно признатите и менталитети, убедувања и фрази. Хероината на романот е пријателка на авторката, која, болна од леукемија, остатокот од животот сè повеќе го минува во оддалечување од прифатените норми на однесување на просечниот граѓанин на ГДР. Таканаречените нормални стандарди се демаскираат како лажливи, погрешни и лицемерни – не е сопатникот оној што е во право, туку тоа е отпадникот.

Оваа скандалозна содржина соодветствува со наративната форма, која од страна на официјалните лица и органи на ГДР беше критикувана како декадентна, модернистичка, прозападна и антисоцијалистичка. Овде повеќе не постои раскажувач кој знае сè и кој ги познава позитивните страни на историјата. Криста Волф употребува внатрешни монолози, фрагментарни перцепции и размислувања со книжевни цитати, при што битен е одразот на индивидуалната несигурност и надразба, а не демонстрација на надменото знаење, според кое партијата и нејзините претставници во книжевноста се секогаш во право. Сега Криста Волф ја изнаоѓа сопствената шема за своите идни ликови и судбини: шемата на отпадниците, кои во социјализмот официјално не постојат - луѓето од работ, односно од рабовите на историјата.

На овој начин, низ отпорот кон официјалните доктрини Криста Волф најде приклучок кон теоријата и праксата на книжевниот правец Модерна. Ова го потврдува збирката ***Читање и пишување***. Во четирите собрани есеи Криста Волф развива една самосвојна естетика и поетика. Нејзината основа и цел е сфаќањето, според кое книжевниот текст, без оглед дали се работи за есеј или белетристика, мора да понуди алтернативи на ритуализираните мислења и јазични норми, значи да понуди една анти-лектира со која историјата, политиката и психологијата ќе се интерпретираат спротивно на нормите. Автентично е само она што отклонува, фактичкото не е вистинито, ами можното, другото.

Овој концепт најпрво имаше 3 конкретни книжевни импликации. Најпрво со ова е овозможен директен, критичен и сатиричен приказ на нормалните типови на ГДР. Натаму, личното Јас, а со тоа и книжевниот вид автобиографија добиваат легитимитет. И трето, тоа го овозможува и објаснува патот од сопствениот тесен животен свет во туѓи светови, во одамна одми-

натите епохи, но и нови утописки подрачја.

Ова доаѓа до израз уште во збирката раскази ***Под липите*** од 1974 година, особено во расказот ***Новите животни погледи на еден мачор.*** Овој наслов претставува рецитирање на познатиот романтичен роман на Е. Т. А. Хофман. Посегнувањето кон германскиот романтизам е двојно провокативно: тоа демонстрира дека официјално забранетите субјективитети, сонувањето и фантазирањето, сè уште се актуелни, но покажува и оти во историјата не постои само прокламираниот напредок, туку дека е нужно сеќавањето на неостварените шанси од минатото. Оттогаш Криста Волф започнува да ја истражува и претставува историјата, значи таа е во потрага по оние кои во историјата на владеачите и преживеаните биле слабаците и жртвите.

Примената на сознанието дека во човечката историја не владее законот на постојано унапредување на односите, ами законите на моќта и идеологиите применети врз сопствената епоха, живата историја и сегашност наоѓа израз во досега најобемниот роман на Криста Волф ***Пример на едно детство*** од 1976 година. Во овој автобиографски роман, кои истотака обединува и многу други книжевни облици и техники, еден субјект односно мноштвото субјекти, си го зема правото да трага по сопствената смиста- или бес-смисла – во историските процеси на 20. век, надвор од сите идеолошки толкувања на историјата. Враќањето на ликовите во својата татковина, која сега се наоѓа во Полска, прераснува истовремено во приказ на животот во источниот дел на Германија пред 1942 година и околу 1971 година. Контрастот помеѓу некогашното и сегашното чекор по чекор ја уништува сигурноста, дека денес навистина се се сменило на подобро. Ова всуштност значи доближување на животот во услови на фашизам како и на оној животот во услови на реален социјализам, иако ова доближување не е преставено најдиректно. Сознанието дека постои континуитет на негативното, на туѓоста и несреќата, кореспондира со растечкото самосознание на раскажувачката. Најпрво таа раскажува во Ти- форма, а на крајот вели Јас. Меѓутоа, ова Јас , кое се наоѓа во самиот процесот на текстот – како во нарацијата така и во многустраните рефлексии – дури тогаш станува автентично, кога си признава дека сите толкувања и вреднувања се непостојани и прилегаат на сон. Резултатот од овој потфат е оддалечување на автентичниот субјект од секакви

фразеологии и норми.

Со делото ***Пример на едно детство*** Криста Волф се здоби со имиџот на една хуманистичка претставничка на т.н. "социјализам со човечки лик". Оттогаш таа на Запад се смета за соговорничка на "една подобра ГДР", но таа и на Исток стана водечка фигура во редовите на интелектуалците, авторите и читателите, кои повеќе не можеа да се согласат со системот, но кои сепак не сакаа едноставно да побегнат на Запад. Поради сето ова таа од државата и партијата доживеа жестока критика, лични напади и засилен разузнувачки надзор, а беше спречена и да објавува и јавно да настапува.

И по трет пат се случи еден политички настан, кој придонесе Криста Волф да се искачи еден степен повисоко во процесот на сопствениот развиток и самоостварување. Во ноември 1976 година познатиот поет на ГДР и музичар Волф Бирман беше протеран од земјата – имено, него му беше дозволено да отпатува во Западна Германија, за потоа да не му биде допуштено повторно да влезе во својата земја, а му беше одземено и државјанството. Критички настроените уметници и писатели на ГДР реагираа така што ја испратија т.н. Бирман-петиција со која бараа режимот да ги поништи мерките против него. Режимот, всушност, воопшто и не помислуваше да дозволи да биде критикуван. Одлуката и важеше и натаму, а потписниците на петицијата беа изложени на јавни клеветења, додека приватниот живот беше под надзор.

Во творештвото на Криста Волф до тогаш постоечката тенденција кон опипување и кон менување на нештата, прерасна во резигнација и депресија, меѓутоа, сега истовремено се разви и тенденцијата да се оди далеку во историјата и во туѓина, зашто таму каде што се е близу, во сопствената некогашна татковина, немаше повеќе надеж за подобра иднина. Започна циклусот дела со кои Криста Волф ја истражува и прикажува западната културна и цивилизациска историја, во потрага по премолченото, потиснатото, заборавеното, од кои единствено можеше да се добие нова надеж. Во 1979 година настана делото ***Без место. Никаде*** кое претставува одрекување од футуристичките утопии, потрага по загубените подрачја за подобар живот, иследување на историските пречки на Другоста, на алтернативите од онаа историја која водеше кон масовни гробници во 20. век и тоталитарна дресура на луѓето. Повторно центар на збиднувањата е чудната, веќе

отпишана епоха на романтизмот.

На овој далечен простор каде универзалниот развиток е забранет, се движат ликовите во романот на Криста Волф – Хајнрих фон Клајст и Каролине фон Гиндероде – обајцата претставници на романтичното оттуѓување од светот, на копнежот за распрснување на стварноста, на бездомноста. Обајцата завршуваат како резултат на самоубиства. Во текстот тие стојат наспроти претставниците на оптимистичкото просветување и научно-технолошкиот модернизам. Бесполезни се сите обиди за помирување на двете групи, на сонувачите и ангажираните. Оние чувствителните кои имаат смисла за другото, за табуизираното, ќе бидат претекнати од самата историја за развој на нештата.

Во иднината, каде луѓето треба да функционираат само како анонимни членови на големиот систем, комплексните, оригиналните и неприлагодливите личности остануваат пострана. Според романтиката, иднината не значи секогаш послободно развивање на плуралистичката егзистенција, туку зголемена униформност. Меѓутоа, униформноста значи: дека луѓето, кои никогаш не се еднакви, треба да лажат, да се претвораат, да измамуваат, односно, да бидат такви кон самите себе, доколку сакаат да се прилагодат, или кон моќниците доколку не сакаат да им се потчинат.

Во својата преокупираност со романтизмот, со последната епоха на европската култура која се уште не сакаше да верува во развојот, па затоа убавото и доброто ги бараше во минатото, Криста Волф ги најде основите и тематиката за своите натамошни дела. Оттогаш во нејзиното творештво се среќаваат митски елементи, таа ги иследува прастарите времиња, цивилизацијата, односно европската цивилизација која започнува да ја посматра како цивилизација на насилства и војни. Меѓутоа, ова иследување е инсценирано онака како што и прилега на методата, според која не се одмерува лошото минато во однос на подобрата иднина, туку лошата сегашност во однос на загубените шанси во минатото. Тоа значи дека при претставувањето на митската и историската граѓа истовремено станува видлива и субјективноста на раскажувачот, минатото се наоѓа во тесна врска со актуелното. Во оваа смисла Криста Волф го следи барањето на Макс Фриш, според кое, авторот мора да застане пред гледачот, гледачот треба да го види авторот кој му раскажува истории и историја.

Поаѓајќи од тука, Криста Волф ја раскажува историјата на жените во фонот на машката историја на насилства и војни. Надоврзувајќи се на феминистичките авторки, таа се занимава со матријархатот, односно со оној облик од постоењето на историјата, кој што почнувајќи од европската цивилизација кај Старите Грци беше систематски истребуван – како материјално и политички, така и културно и книжевно – се до прогонувањата на вештерките и окупацијата на фантазијата преку владеењето на мажите дури и во уметноста и книжевноста. Спречување на женското и уништување на мирот – тоа за Криста Волф се доминантните точки на западната историја, потоа развитокот на разумот од прагматичен кон инструментален и неговата примена за да војува и владее, како и рационализмот и техницизмот, кои низ вековите ја следат апсурдната логика на војната, а не на љубовта.

Исклучувањето на можноста за алтернативно живеење, чувствување и размислување, Криста Волф ги претставува во својот расказ "Касандра". Нејзините проучувања на специфичните однесувања на половите како и на специфичните дресури на половите, според кои мажите се воспитуваат за да војуваат, а жените за мајчинство, натаму проучувањата на половите односи во еротските и политичките подрачја, овде за прв пат наративно се интегрирани. Низ ликот на пророчицата и поетеса Касандра, двојно се покажува како историјата на мажите – во случајот тоа е Тројанската војна, убива и разделува се што ќе и застане на патот.

Станува збор за судбината Касандра, за нејзините искуства со грчките херои на Хомер, кои во суштина се полнокрвни разбојници и убијци како што е крволочниот Агамемнон кој ја убил сопствената ќерка Ифигенија, ѕверот од човек Ахил, за кого жените се само плен а всуштност ги љуби мажите бидејќи со нив може да војува. На изворите на европската цивилизација се наоѓа сеопшто убивање. На крајот Касандра претпочита да изврши самоубиство отколку да се омажи за Енеј, кој подоцна ќе го изгради Рим, градот олицетворение на моќта која ќе ја изведе првата светска колонизација и чии што патријархални норми владеаат со правото и моралот се до денес.

Тоа е содржината на текстот. Меѓутоа, на повисоко ниво Криста Волф всуштност го прикажува истребувањето на женската култура и цивилизавија: Касандра во стварноста умира, но

таа и понатаму живее во еповите на Хомер. Мажите не ја добиваат власта само фактички-политички и милитаристички, туку и затоа што се тие оние кои пишуваат за жените и кои ја пишуваат историјата, за во културата да ја наметнат машката перспектива и машките вредности. Оттогаш и писмото, пишувањето и книжевноста се монопол на мажите исто како и борбите, војувањето и убивањето или рационализирањето, функционализирањето и колонизирањето.

Конечно, Криста Волф не само што прераснува во критичар на едно општество, туку и критичар на западната цивилизација воопшто, од чија историја на 20. век произлегуваат обете најекстремни и најубиствени тоталитарни режими – фашизмот и сталинизмот.

Дека и најразвиените технологии треба да се посматраат во овој контекст, тоа го покажува Криста Волф во редица текстови и разкази, каде посебно реагира на унишутањето на околината карактеристична пред се за социјалистичките системи. ***Вести за еден ден*** ги претставува последиците од хаваријата на нуклеартниот реактор на Чернобил. И овде не постои само една единствена перспектива, бидејќи Криста Волф ги синхронизира јавувањата од Чернобил со историјата, во која нејзиниот брат може да преживее само затоа што е опериран со најсовремени медицинско-технички средства: човекот дошол до таму што може да преживее само благодарение на развитокот, кој истовремено се заканува да го истреби како вид. Толку безнадежна постана историјата на човечкиот род.

Се до крајот од постоењето на ГДР Криста Волф се развива во многукратно песимистична авторка и коментаторка на светските збиднувања. Љубопитни сме да видиме како таа ќе ги прими и претстави неочекуваните големи промени во ГДР сè до периодот на повторното германско обединување во годините 1989 –1990. Зашто, овој настан пред сè ја демантира тезата, според која не постои никаков излез, никаква алтернатива и можност за менување.

Секако дека Криста Волф ја предвидела неможноста за опстанок на стариот систем и пред тој конечно да се распадне. Тоа е случај со расказот ***Што преостанува,*** кој бил конципиран уште кон крајот на 60-тите години, а актуелизиран во 1989-та година.

Овде таа го анализира животот во системот на надзор и шпионажа во ГДР, потоа убиствената моќ на државниот терор, но покажува и една генерација млади луѓе кои се наоѓаат на патот кон еден поинаков живот.

Следствено Криста Волф уште одамна се наоѓала на патот кон едно размислување, пишување и живеење, кои во ГДР биле недозволени. Нејзиниот развој ја отсликува нужноста од пропаст на лажливиот и парадоксален државен социјализам кој не можеше да најде место во срцата на луѓето. Дотолку е почудно, што по уривањето на Берлинскиот ѕид и созавањето на единствена Германија, Криста Волф одеднаш жестоко ја нападнаа од обете страни - старите другари на Исток, но и круговите на Запад. Таа привремено беше третирана како државна писателка на ГДР. Оние кои ја критикуваа сметаа дека се во право, кога се отворија документите на Штази и кога во нив се откри дека и таа пред многу години и самата работела за германскиот КГБ, а потоа го премолчела овој податок. Повеќе не сакаа да му веруваат на нејзиното претставување себеси како жртва на режимот. Своите заблуди Криста Волф ги претставува во есеите, дневничките записи, писма и песни објавени во 1994 година под заеднички наслов ***На патот кон Шабу.***

Збирката претставува израз на една длабока човечка и творечка криза. Ова е поврзано со фактот што уште во времето на постоењето на ГДР таа имаше изградено свој тематски и мотивски репертоар, но и формална уметност, со која сега, по уривањето на границата, можеше да најде приклучок кон западната модерна книжевност. Резултатот е видлив во уште едно ремек-дело со кое привремено се затвора циклусот во проучување на женските жртви во историјата на мажите - тоа е романот ***Медеја.*** Криста Волф го обрнува клишето за дивата, убиствена жена кое е присутно во машката книжевност и ја остава Медеја самата да ја раскаже својата приказна. Медеја може да интервенира и во уште едно женско клише создадено во машката книжевност – за сликата на Ифигенија, која на пр. кај Гете копнее по својот татко Агамемнон, иако тој ја жртвува заради воени цели. Кај Криста Волф Медеја станува одмазничка на злоставуваната ќерка, свештеничка и исцелителка, која се спротивставува на владејачката идеологијата на својот татко. Се разбира, и тука, како и во вистинската историја, триумфираат силите на војната и

на ужасот.

Во ***Медеја*** повторно доаѓа до израз книжевниот патот што Криста Волф го зацрта од своите почетоци до денес: патот од идеологиски пропагатор поддржан од режимот, преку улогата на жртва на нечовечката пракса до резигнирана, скептична есеистка и раскажувачка, која знае дека претставува само еднен глас меѓу многуте и оти гласот на книжевноста од многумина воопшто не се ни слуша. Во 1996 година во едно новинарско интервју за своето место во литературата и улогата на литературата денес, Криста Волф вели: Немам никакви илузии дека таа може да има некакво влијание на општеството. Сепак, литературата и понатаму постои заради тоа да го предизвика поединецот. Повеќе не смееме да очекуваме од неа, зашто нашите проблеми се премногу елементарни и глобални."

Со нетрпение очекуваме да го видиме ставот на нашата авторка кон новата криза, кон согледувањето на релативноста на нејзиниот медиум, литературата. Можеби следниот нејзин голем роман ќе зборува за свет во кој се остварува нејзиниот сон за постојано менување на фантазијата, иако без остварување на човечкото. Овде мислиме на фантастичниот, безграничен свет на киберпросторот и виртуелната стварност. Како што е познато, и покрај тоа што овде може да се симулираат светот и луѓето, сепак, се укинува постоењето на стварноста и се заменува со бесконечна интерпретабилност. Да дочекаме да видиме како Криста Волф ќе го раскажува тој "храбар нов свет". Доколку правилно ги толкуваме знаците, таа тоа секако ќе го стори. Поаѓајќи од нејзината специфичност како писателка која пружаше отпор против системи и идеологии кои покажуваа тенденција да имаат монопол на вистината и стварноста, таа веројатно нема да се помири ни со надалеку распространетиот триумф на западниот начин на живеење, со создавањето "глобално село" во кое сè меѓусебно е "вмрежено" и поради тоа може тенденциозно да се "израмни".

Процесот кој се случува во животот и делото на Криста Волф во таа смисла може да се опише на следниот начин: оваа книжевна авторка поаѓа од тезата на два целосно спротивставени системи (фашизам и социјализам). Оваа теза ја поставува тезата за две меѓусебно неспоиви цивилизации и култури (социјализам и капитализам). При подеталното проучување на сопственото Јас и

на конкретното опкружување, Криста Волф открива дека бинарниот модел е неодржлив: постојат континуитети и аналогии (во проблемските подрачја тоталитаризам/слобода – колективизам/индивидуалност).

Во самото творештво се остварува промената од интеркултуралното во интракултуралното; одлучувачките граници се откриваат и иследуваат во внатрешноста на сопственото општество и култура. Во мигот кога сопствениот животен свет се интегрира во некогашниот непријателски животен свет, ситуацијата станува уште посложена. Допрва идното творештво на Криста Волф ќе покаже како таа го доживеала двојното отуѓување на сопственото Јас и кој формални односно тематски димензии треба да обработи, за да достигне автентичен и естетски валиден литерарен приказ.

Една од претпоставките за неговото остварување, Криста Волф ги исполни уште пред многу години: со откривањето на сознанието, дека обата културни круга, како источноевропскиот така и западноевропскиот, биле само варијанти на резултантите на заедничката " окцидентална" предисторија.

Превод од германски: Зорица Симовска

Литература:

Anz, Thomas (ed.): Es geht nicht nur um Christa Wolf. Der Literaturstreit im vereinten Deutschland. München 1991

Arnold, Heinz Ludwig (ed.): Christa Wolf. 3. Aufl. TEXT+KRITIK, 1985, H. 46

Bohrer, Karl Heinz: Kulturschutzgebiet DDR. In: Merkur, 1990, H. 500, S. 1015-1018

Dröscher, Barbara: Subjektive Authentizität. Zur Poetik Christa Wolfs zwischen 1964 und 1975. Würzburg 1993

Gerdzen, Rainer: Matriarchat und Patriarchat in Christa Wolfs "Kassandra". Würzburg 1991

Gerlach, Ingeborg: Christa Wolf: Der geteilte Himmel. Frankfurt a. M. 1993

Hilzinger, Sonja: Christa Wolf. Stuttgart 1986

Hörnigk, Therese: Christa Wolf. Berlin (Göttingen) 1989

Dies.: Christa Wolf: Die Dimension des Autors. In: Weimarer Beiträge, 1987, H. 9, S. 1464-1468

Horn, Peter: 'Die Grenze, hinter der die Sprache aufhört'. Die antimythologische Begründung des weiblichen Schreibens in Christa Wolfs Erzählung "Kassandra". In: Acta Germanica, Bd. 22, 1994, S. 85-100

Kuhn, Anna K: Christa Wolf's Utopian Vision: From Marxism to Feminism. Cambridge 1988

Meyer-Gosau, Frauke: Christa Wolf. In: Kritisches Lexikon der Gegenwartsliteratur

Pak, Schoro: Probleme der Utopie bei Christa Wolf. Frankfurt a. M. 1989

Vinke, Hermann (ed.): Akteneinsicht Christa Wolf. Zerrspiegel und Dialog. Eine Dokumentation. Hamburg 1993

Peter Rau

VON VERHINDERTER INTERKULTURALITÄT ZU GESTÖRTER INTRAKULTURALITÄT

Die literatur der DDR im Kontext der neuesten deutschen Geschichte

Zusammenfassung

Der Artikel, verfasst als Vortrag anläßlich der der Schriftstellerin Christa Wolf gewidmeten Ausstellung und eines Kolloquiums, die im Oktober 1997 in der National- und Universitätsbibliothek „Kliment Ohridski" in Zusammenarbeit zwischen dem Goethe-Institut München und dem Institut für deutsch-makedonische Beziehungen am Lehrstuhl für deutsche Sprache und Literatur der Philologischen Fakultät zu Skopje organisiert wurden, befaßt sich mit einem der aktuellsten Probleme des wiedervereinigten Deutschlands: mit dem Versuch des Zusammenwachsens, beziehungsweise der Re-Definition der literarischen Errungenschaften der beiden Teile Deutschlands. Genauer gesagt: mit dem Problem der Umgestaltung der interkulturellen zu intrakulturellen Phänomene der beiden Literaturen. Als Paradigma des umgestaltenen- geschichtlichen, sozialen und kulturellen Rahmens wird das Werk und die literarische bzw. kultur-politische Tätigkeit von Christa Wolf gezeigt, deren Ausdrucksmöglichkeiten und thematische Besonderheiten reges Interessen nicht nur im deutschsprachigen Raum, sondern auch weiterhin erregt haben und des weiteres erregen. Ihre besondere Bedeutung spiegelt sich in der Tatsache wider, daß ihr, als einer Zeitgenossin der wichtigsten Ereignisse der neuesten deutschen Geschichte, gelungen ist, literarisch die brennendsten gesellschaftlichen Probleme auf eine besondere Weise, nämlich so zu gestalten, daß sie trotz aller politischen Irrungen, Verbote und Kontrolle ein konsequenter Verfechter der Wahrheit und des authentischen Denkens und Fühlens geblieben ist.

Indem der Verfasser ihre ereignisreiche und stürmische Biographie darstellt, schenkt er seine besondere Aufmerksamkeit der Analyse ihrer literarischen und essayistischen Werke, den Notizen, Reden, Interviews und Vorträge, an denen er ihre politische und vor allem literarische Entwicklung verfolgt - im Sinne der Demokratisierung und Humanisierung der menschlichen Existenz.

УДК 882-95.09

Димитрија РИСТЕСКИ

МЕСТОТО НА Г.В. ПЛЕХАНОВ ВО РУСКАТА КНИЖЕВНО-КРИТИЧКА И ЕСТЕТИЧКА МИСЛА ОД 20-ТЕ ГОДИНИ

1.

До почетокот на 70-те години од овој век во руската книжевна наука тешко би можел да се сретне некој пообјективен и поаналитичен приод во изучувањето на книжевно-естетските погледи на Г. В. Плеханов, еден од најистакнатите теоретичари и критичари во Русија . Извесна светлина во проучувањето на неговото творештво во бившиот СССР фрлаат студиите на П.А. Николаев "Естетиката и литературните теории на Г.В. Плеханов" (1968) и "Литературно-естетските погледи на Г.В. Плеханов во советската критика" (1973) од В.Г. Астахов. Во нив, после долга низа години, среќаваме нешто пообјективни оценки за местото и улогата на Плеханов во развојот на современата книжевно-критичка и естетичка мисла на Русија. И самите автори на овие студии признаваат дека во проучувањето на творештвото на овој современ руски теоретичар, естетичар и критичар долго време се заостанува. Во таа смисла Астахов вели: "Наследството на Плеханов, само по себе, останува се уште недоволно проучено. Тука не е тешко да се откријата и своевидни "бели петна" спорни моменти и недоволно осветлени аспекти. Тоа што книжевно-естетските погледи на Плеханов остануваат слабо проучени обично се поврзува со слабо разработените области и прашања од нашата теорија на книжевноста и уметноста воопшто".[1]

[1] В.Г. Астахов. Литературно-эстетические взгляды Г.В. Плеханова в советской критике. Душанбе, 1973, стр. 169-170.

Бидејќи теоретско-естетските погледи на Плеханов извршиле најзабележително влијание во периодот на 20-те години, ние овде ќе се задржиме на различните аспекти на тоа влијание кај повеќе естетичари, теоретичари и критичари од тоа време, како и кај цели книжевни групи и школи, кои делуваа во тој период.

Интересно е дека уште во времето додека Плеханов бил жив неговите книги наидуваат на контрадикторни оценки. Едни за нив се искажуваат мошне позитивно, а други бескомпромисно ги осудуваат. Таа тенденција продолжува и по неговата смрт. Така, за едни, Плеханов е значаен теоретичар не само во Русија, туку и пошироко, а за други, неговите ставови за книжевната теорија и критика туѓи му се на марксизмот, бидејќи во себе, наводно, содржат буржоаско-идеалистички пораки и концепции. Меѓутоа, без оглед на сите противречни оценки, несомнено е дека Плеханов одиграл огромна улога во развојот на естетиката, книжевната теорија и критика. Ова до толку повеќе, што во првите години по Октомвриската револуција во Русија плехановите погледи отворале единствен простор за развој на современата естетика.[2]

Уште во првите години по Револуцијата, во руската книжевна наука се чувствуваат двете контрадикторни оценки за книжевно критичките погледи на Плеханов, што ги спомнавме во почетокот. Одделни теоретичари, па дури и цели групи, одат од една во друга крајност. Така, некои руски автори, 20-те години ги сметаат како период на владеење на таканаречената "плехановска ортодоксија"[3], за да подоцна овој период се замени со време на негирање на неговите погледи. Затоа, веќе од 30-те години, кога зема силен замав сталинизмот, повеќе се зборува за плехановски релативизам. Оттогаш историско-литературните погледи на Плеханов се толкуваат како целосно спротивни на книжевната теорија. Токму во тоа П.Николаев (еден од подобрите познавачи на естетиката и книжевната критика на

[2] Поопширно за ова пишуваат Л.И. Новожилова и И.Л. Носова во статијата "Развитие советской эстетической науки в 20-е годы". Види во кн. : Лекции по истории эстетики, под редакции П.С. Каган, кн. 4, Ленинград, 1980, стр. 75 и натаму.

[3] Овој термин механички го презеле многу руски научници од теоретичарите на РАПП и е несоодветно употребен.

Плеханов) ја гледа причината што "кај многу теоретичари на уметноста долго време постои предубедување против естетскиот систем на Плеханов.[4] Освен тоа , според наше мислење, причините за неповолната оценка за книжевно-критичките погледи на Плеханов лежат во групашката борба што се води помеѓу разни книжевни групи од 20-те години, во отсуството на методолошки основи и во слабото теоретско образование на теоретичарите и критичарите од тој период, како и поради налетот на догматизмот и култот на Сталиновата личност. Сето тоа, бездруго, придонело за осиромашување на појдовните основи за развој на младата руска наука за уметноста и литературата. Тука лежи и главната причина за разидувањата и шаренилото во оценките за степенот на влијанието на Плеханов во руската книжевно-критичка и естетичка мисла од 20-те години.

Влијанието на Плеханов во текот на 20-те години е мошне забележливо и повеќестрано. Во таа смисла М. Ѓурчинов пишува: "Плехановата мисла делува со голема сила не само во дециниите што ја подготвија првата пролетерска револуција, туку и во годините што следеа по Октомвриската револуција. Под негово влијание се најдоа скоро сите струи на книжевно-критичкото мислење коишто делуваа во рамките на литературниот живот од 20-те години во СССР: од оние, кои останувајќи во доменот на миметичко-гносеолошките претпоставки настојуваа да изградат поширок и потолерантен став кон чисто естетскиот аспект (групата "Перевал" и Воронски), преку оние кои што во социјално-педагошката функција на литературата ја гледаа единствената нејзина вистинска улога, сведувајќи ги на ниво на вулгарниот прагматизам начелните ставови на Плеханов (РАПП и Авербах), па се до оние кои што, давајќи им приоритет на научно-егзактните методи настојуваа од општи и принципиелни прашања да преминат на конкретна методолошка проблематика (Переверзев и неговата школа за "марксистички социологизам" којашто сакала врз научна основа да го оствари начелото кое Плеханов го формулирал како барање "марксистичката критика мора да биде објективна како физиката")".[5]И некои руски автори

[4] П.А. Николаев. Эстетика и литературные теории Г.В. Плеханова, Москва, 1968, стр. 3-4.

[5] М.Ѓурчинов. "Друштвени еквивалент како конституента марксистичког приступа књижевности". Во кн.: Модерна тумачења књижевности, Сарајево, 1980, стр. 289. (лат.).

истакнуваат дека естетиката, книжевната теорија и критика од 20-те години биле под влијание на таканаречената "плехановска ортодоксија".Меѓутоа, ако некои од нив во неа наоѓаат основа за натамошен развој на естетската и книжевно-критичката мисла, други, спротивно на нив, за Плеханов ги врзуваат сите слабости во книжевноста од 20-те години. Некои историчари на руската книжевност одат дури до таму што во "плехановската ортодоксија" гледаат една од главните причини за појавата на различни книжевни групи и правци во тој период. Кога би се прифатил нивниот став би требало да се признае дека естетската теорија на Плеханов е лишена од секакво внатрешно единство и дека таа нема никаво значење. Тоа во исто време би значело и немоќ да се сфати зошто се појавиле и како меѓу себе се издиференцирале различните групи и "школи" во естетиката и во книжевната критика од тоа време, бидејќи секоја од нив се повикува на позитивните или негативните страни од плехановото учење. Впрочем, добро е познато дека во 20-те години се судруваат и меѓу себе водат остра борба различни струи и правци не само во литературата, туку и во општеството во целина. Можеби токму во тоа лежи и причината што некои автори зборуваат не за сестрано влијание на Плеханов, туку за приврзаност кон неговите ставови само на одделни групи, "школи" или поединци. Меѓутоа, и тука мислењата се поделени. Ако едни (А. Десницки, Н. Осаипов, О. Војтинскаја и др.) во апологетите на "плехановската ортодоксија" ја вбројуваат групата на Деборин и школите на Воронски, Переверзев, Беспалов и други, според некои други автори (М. Б. Митин, В.А. Фомина, В. Кирпотин) како единствени приврзаници на Плеханов се сметаат само теоретичарите на РАПП. Постои и трета категорија на автори, какви што се М. Михајлов и Е. Дагобјан, кои за приврзаници на Плеханов ги сметаат не сите "школи" или групи, туку само одделни теоретичари и критичари како на пример: В.Фриче, А. Воронски, Л. Завељчинска и други.

Имајќи го во предвид шаренилото на литературни групи и струи со различни концепции за развојот на руската естетика и книжевна теорија, во 20-те години не може да стане збор за единствен однос кон Плеханов. Затоа, можеби во право е теоретичарот В.Астахов кога вели дека "прашање е дали има доволно основа да се зборува за преовладување на некаква "плехановска ортодоксија" или за култ на Плеханов во областа на

естетиката и книжевната наука во 20-те години".[6] Спротивно на тоа, овој автор дури укажува на некои аргументи, кои зборуваат не за почит кон Плеханов, туку обратно - за недоволно внимание и интерес кон неговото творештво. Во таа смисла тој се повикува на анализата од Р.Конватор, којашто е објавена во списанието "Под знаме на марксизмот" (No 3, 1922) во која авторот, врз основа на прегледот на литературата што е пишувана за Плеханов во првите пет години по револуцијата, укажува на недоволното внимание кон неговото теоретското дело. Има извесна основа за едно такво тврдење затоа што написите во првите неколку години по смртта на Плеханов имаат, главно, биографски карактер. Во нив книжевно-критичките и естетските погледи на Плеханов скоро и не се спомнуваат. Оттогаш започнуваат да се диференцираат две насоки во приодот кон плехановото творештво - едната апологетска, а другата негаторска. Споровите околу Плеханов во 20-те години често пати излегуваат од рамките на теоретската и книжевно-критичката област.

Тенденцијата за идеализација на Плеханов, што ја застапуваат неговите следбеници Н. Јордановски, Л. Дејч, Л. Аксељрод-Ортодокс, А. Деборин и други, коишто ги канонизираа ставовите и погледите на Плеханов, уште во првите години по револуцијата наидува на спротивставување кај некои критичари кои не можеа да ги забораваат неговите политички ставови, што за нив значело некакво си отстапување од марксизмот. Негаторскдиот однос кон Плеханов почнал да зема таков тек, што дури тогаш Ленин морал лично да застане во одбрана на неговото творештво, нагласувајќи дека е недопустливо да се занемарува позитивниот придонес на Плеханов во развојот на книжевната теорија, како што е недопустливо и да се преувеличува неговото значење.

Во првите години по револуцијата во Русија се појави и тезата според која Плеханов како естетичар не е марксист, туку дека неговото место е во плејадата на руски просветители. Некои критичари дури сметаа дека поблиску до марксистичката естетика е Чернишевски отколку Плеханов.

---

[6] В.Г. Астахов, цитирано дело, стр. 26.

Така, глобално, изгледа вистинската слика на критичката и научната литература за Плеханов во првите неколку години по Октомвриската револуција. Меѓутоа, некаде кон средината на 20-те години се чувствува зголемен интерес кон животот и делото на Плеханов. Оттогаш за него се зборува и се пишува повеќе, а на неговите литературно-естетски погледи се повикуваат многу теоретичари и литературни критичари иако, како и пред тоа, мислењата за неговата улога во современата литература се противречи. Честопати и поради идејно-теоретски несогласувања, авторите кои им припаѓаат на разни "школи" и групи, па дури и внатре во самите нив, изнаоѓаат или се повикуваат на различни ставови и мислења од Плеханов и нив ги користат во борбата против друга "школа" или група. Оттука не случајно во втората половина од 20-те години присутни се взаемни приговори и обвинениja за изопачувања, производни толкувања или за прекројувања на плехановите ставови и погледи за уметноста и литературата. Така на пример, В. Переверзев ќе го обвини П. Сакулин затоа што тој во неговата книга "Социолошкиот метод во литературната теорија" погледите на Плеханов за литературата ги осветлува со "преовладување на аберацијата: "... човекот што тој би сакал да го види".[7] Од друга страна пак, С.Шчукин[8] и М.Бочачер[9], доста остро го критикуваат Переверзев за отстапување од "плехановата ортодоксија" и за изопачено толкување на естетските погледи на Плеханов. Теоретичарот И. Разумовски, во статијата "Г.В.Плеханов и историскиот материјализам" (1928), укажува дека во нему современиот момент постоеле две противречни крајности - една која што го "канонизирала" и втора која што го негирала плехановото учење.[10]

По повод десетгодишнината од смртта на Плеханов посебна статија напишал В.Фриче во којашто за односот кон

[7] В. Переверзев. Плеханов в книге Сакулина (П.Н. Сакулин, Социологический метод в литературоведении, Изд. "Мир", 1925). Во спис. "Весник коммунистической Академии", 1926, № 16, стр. 18.

[8] С. Щукин. "Две критики (Плеханов-Переверзев)". Во спис. "Под знаменем марксизма" 1930, № 1.

[9] М. Бочачер., "Против механицистического литературоведения". Во спис. "Литература и искусство" 1930, № 1.

[10] И. Разумовский. "Г.В.Плеханов и исторический материализм". Под знаменем марксизма" 1928, № 5, стр.26.

Плеханов вели:"Десетгодишнината од смртта на Плеханов се совпаѓа... со обиди за некакво негово "прекројување" или, поточно, со обиди за омаловажување на неговите ставови, сметајќи го за иделог на меншевизмот.[11]

Статиите на Разумовски и Фриче се интересни затоа што тие се живо сведоштво на современиците за односот кон Плеханов и укажуваат дека тој не е битно изменет во средината и на крајот од 20-те години. Тие статии се и своевидна потврда дека во тој период не може да се зборува за еднаков пристап кон творештвото на Плеханов и за местото и улогата на неговите погледи во тогашниот книжевен миг.

Повеќето руски теоретичари и критичари од 20-те години (без оглед на која група или правец им припаѓаат) сметаа дека во Русија сè уште не постои современа наука за уметноста и литературата. Така на пример, В.Полонски директно вели дека "никому од марксистите се уште не му успеа да создаде таков систем на литературната наука, којашто сестрано би ги решила и би ги осветлила сите спорни прашања од теоретското познание на уметноста и литературата".[12] Ваквото тврдење, се разбира, индиректно се однесува и за Плеханов.

Многу советски теоретичари од 20-те години повеќе биле склони да изградат свои сопствени теории без да се надоврзуваат или евентуално да ги усовршуваат естетските погледи на Плеханов. Меѓу таквите теоретичари спаѓаат: А.Луначарски, Б. Арватов, А. Јоффе, В. Полонски, В.Шмит и др. Меѓутоа, некои теоретичари од групата "Превој" како А. Воронски, А. Лежнев и Д. Горбов, надоврзувајќи се и доразвивајќи ги естетските и книжевно-критичките погледи на Плеханов, израснуваат во истакнати теоретичари и критичари од тие години.

Заедно со А. Воронски, Лежнев е најистакнат теоретичар на групата "Превој". Тој во творештвото на Плеханов гледа појдовна основа за развој на марксистичката книжевна теорија и критика во Русија. Меѓутоа, и тој често пати нагласува дека не смее слепо да се прифаќаат ставовите на Плеханов, туку истите

---

[11] В. Фриче. "К юбилею Плеханова". Во спис. "Литература и марксизм" 1928, № 3, стр. 55.

[12] В.Полонский. "Лев Толстой и марксисткая критика". Во спис. "Печать и революция" 1928, кн. 6, стр. 7.

треба да отвораат простор за творечки пристап кон марксистичката естетика и литературна критика. Правејќи анализа на современата теоретска мисла, теоретичарот А. Лежнев вели:"Плеханов за нас како теоретичар на уметноста никако не смее да биде вчерашен ден, туку утрешен; не надминато ниво, туку ниво на кое ни претстои да се искачиме. Последниве години теоретската мисла по прашањата за уметноста, во споредба со периодот на Плеханов, кај нас зачекори доста наназад".[13] Лежнев укажува во што лежат причините што довеле до минимизирање на неговите погледи за уметноста и литературата. "Всушност, - пишува А. Лежнев - поголем дел од нападите врз Плеханов се сведуваат на тоа што тој не дал никаков образец за целосно истражување на формата. Факт е дека не дал. Меѓутоа, тој дал рамки на едно такво истражување што ќе му овозможи на идниот истражувач - марксист нив да ги надополни, а до извесен степен покажал и како да се надополнат".[14] Токму заради тоа Лежнев ги отфрла обидите на некои приврзаници на Плеханов кои настојувале неговите трудови да ги претворат во готова критичка рецептура.

За 20-те години слободно може да се каже дека се период на упорни уметнички и идејно-теоретски трагања на целокупната млада руска културна и естетска мисла по нов начин на изразување. Во таа смисла творештвото на Плеханов отворало широки можности. Меѓутоа, дури и во услови кога некои теоретичари од тоа време прифаќале одделни ставови на Плеханов тие, главно, оделе по сопствен пат, прекројувајќи и одбирајќи од Плеханов сè што им одговара на нивната сопствена концепција и признавајќи го неговото влијание само во областа на литературната критика. Често пати тие развивале и такви теории коишто немале ништо заедничко со погледите на Плеханов. Во таа смисла карактеристичен е односот на Б.Арватов, познат теоретичар на Пролеткултот. Иако позитивно ќе се произнесе за некои ставови од Плеханов, тој земено во целина, ја негира неговата естетика. Тоа не е ни чудно ако се знае дека теоретичарите на Пролеткултот прогласувале за буржуаско сè што било создадено зад нив во уметноста и литературата.

---

[13] А. Лежнев. "Плеханов как теоретик искусства". - Печать и революция, 1925, № 3, стр. 53.

[14] А.Лежнев. "Плеханов и современная критика" стр. 269.

Б. Арватов, слично како и другите теоретичари на Пролеткултот, на некои лефовци и "конструктивисти", ја признава само утилитарната функција на уметноста. Според неговото мислење во новото општество уметноста не треба да претставува посебен вид на дејност, туку треба да стане "квалификувано мајсторство".[15] Во таа смисла тој ќе рече: "Можеш да бидеш уметник во што сакаш - во политиката и науката, во чевларскиот занает и инженерската работа, во браварството и во скиците за правење на статуи, во текстилната работилница и во мансардата на специјалистот за natur montre.[16] Ваквите ставови на Арватов, коишто беа широко распространети во 20-те години, не се во склад со плехановата естетика и литературна теорија. И самиот Плеханов нив ги сметал за вулгарни и укажувал на нивната опасност. Тој не случајно докажуваше дека "уметничката дејност е една од најоддалечените од економијата".[17] Плеханов признава директна зависност на уметноста од производниот труд само во стадиумот на неговата појава, односно во периодот на најнискиот степен на човековата заедница. На Плеханов му било јасно дека утилитарната дејност не се совпаѓа со естетската, туку таа само и претходи на естетската дејност на човекот. Од ова произлегува дека погледите на Плеханов за уметноста, веројатно, не му биле доволно познати на Б.Арватов, иако неговата естетика тој ја прогласува за застарена и ненаучна.

Некои теоретичари и критичари од 20-те години, слично како Б.Арватов, ќе се обидат да изградат сопствени ставови за уметноста и литературата врз основа на прекројување на изворните поставки на плехановата естетика. Еден од таквите е и Ф.Шмит, познат теоретичар на уметноста од тоа време. Објаснувајќи го својот однос кон Плеханов, тој вели: "Јас морам цело време да полемизирам со Плеханов... Моите поправки немаат за цел да ја негираат плехановата теорија за уметноста, туку да ја направам неа попристапна за објаснување на теоријата

[15] Б. Арватов. "На путях к пролетарскому искусству". Во спис. "Печать и революция" 1922, кн. 1, стр. 68.
[16] Исто, стр. 69
[17] Литературное наследие Г.В. Плеханова, сб. III, Москва, 1936, стр. 88.

на уметноста".[18] Од ставовите на Шмит се гледа дека тој, не само што целосно ќе го негира Плеханов, туку својата теорија за специфичноста на уметноста ќе ја гради директно од Толстој.

Теоретската концепција на Ф.Шмит, што во себе содржи елементи на позитивистичката "социологија на уметноста" во крајот на 20-те години е подвргната на остра критика од А. Михајлов во статиите "ГИИИ се адаптира" и "Против бирократската благосостојба, против прикривање на класната борба".[19] Михајлов смета дека е недопустливо спротивставувањето на уметноста со иделогијата. Меѓутоа, и тој оди од една во друга крајност, бидејќи ја ограничува општествената функција на уметноста само на изразување на класните спротивности и класната идеологија, што дирекно се коси со погледите на Плеханов. На Плеханов му било сосем јасно дека уметноста се појавила многу пред појавата на класната борба и дека таа нема да изумре со изумирањето на класите.

Категоричкото негирање на естетското во уметноста од страна на Шмит и неговата критика упатена од тој агол на Плеханов покажува дека меѓу нив постои голема разлика во сфаќањето на суштината на естетското во уметноста.

Кога станува збор за влијанието на Плеханов во руската книжевно-критичка и естетска мисла од 20-те години посебно внимание треба да му се посвети на А. Луначарски, кого некои современи советски теоретичари го сметаа за еден од најдлабоките и најконструктивни опоненти и истражувачи на плехановата естетика во 20-те години. Плеханов и Луначарски често пати полемизирале меѓу себе за одделни ставови.[20] Меѓутоа, ние нема многу да навлегуваме во таа полемика, туку нашето внимание повеќе ќе го задржиме на односот на Луначарски кон плехановото творештво од аспект на влијанието што тоа го извршило кај него.

[18] Ф.Шмит. "Проблемы методологии искусствоведения. Искусство как фактор общественности". Во кн.: Искусство, Сборник комитета социологического изучения искусства, Ленинград, 1926, стр. 50.

[19] Статиите се објавени во списанието "На литературном посту" 1929, № 16 и 24.

[20] Поопширно за полемиката меѓу Плеханов и Луначарски види во книгата од П.А. Николаев: "Эстетика и литературные теории Г.В. Плеханова" Москва, 1968, стр. 48-65.

Несомнено е дека Плеханов извршил влијание во развојот на Луначарски како современ критичар. Притоа треба да се каже дека тој се потпира само на непосредната критичка дејност на Плеханов. Меѓутоа, Луначарски не ја зема во предвид теоретско-естетската област од неговото учење, туку во таа област нуди свои сопствени ставови. Како и да е, тој високо ги цени заслугите на Плеханов во решавањето на многу важни прашања од уметноста кои се однесуваат, главно, на објаснувањето на социјалната генеза и социјалната природа на некои уметнички појави.

Вниманието на Луначарски првенствено е свртено кон методологијата на Плеханов. Токму заради тоа, кога по било кое прашање од естетиката и критиката се разиjдува со него, Луначарски секогаш спорот го пренесува на полето на методологијата. Разиjдувањата меѓу овие двајца истакнати критичари особено се изразени на полето на естетиката.

Кога во 1904 година Луначарски ја објавил својата книга "Есеј за позитивната естетика" која во 1923 година без измени е преиздадена под наслов "Основи на позитивната естетика" било јасно дека тој не го прифаќа естетскиот систем на Плеханов. Во својата книга тој прави обид да развие потполно нови ставови за уметноста. Својот естетски систем Луначарски го базира на "психолошкиот материјализам" и "социолошко украсениот позитивизам" на Р.Авенариус, кои му биле неприфатливи и туѓи на Плеханов. Тоа јасно покажува дека Луначарски оди по друг пат. Ако Плеханов суштината на уметноста ја поврзува со социјалната и производствената дејност на човекот, Луначарски изворот на естетското го бара во биолошката природа. Плеханов го критикувал повикувањето на биолошките извори при објаснувањето на социјално-историските појави воопшто, а посебно на естетските. Според неговото учење, нивната генетска природа не е поврзана со суштината на "човековата природа" туку со општествено-историскиот развој на човештвото.

Интересно е дека по излегувањето од печат на "Основите на позитивната естетика". Луначарски повеќе не се обидел да ја развива својата естетска теорија врз биолошки основи за суштината на естетското. Тоа индиректно говори дека тој не можел да избега од аргументите и затоа морал да го прифати ставот на Плеханов. Сепак, идеите на "позитивната естетика" на

Луначарски извршиле извесно влијание кај некои теоретичари од тоа време, особено кај Л. Зивељчинска, за која веќе зборувавме. Под влијание на критичките дискусии од тоа време, Луначарски почнал да ги преиспитува своите погледи. Иако ја напушта "позитивната естетика" тој и понатаму не го менува критичкиот однос кон методолшките основи на плехановата естетика.

2.

Досега ние повеќе зборувавме за односот кон Плеханов од страна на одделни преставници на книжевно-критичката и естетскаа мисла од 20-те години, кои првенствено се бавеа со прашања од теоријата на литературата и кои, при решавањето на современите прашања на уметноста и литературата, на некој начин морале да поаѓаат од неговата естетика. Видовме дека кај едни влијанието на Плеханов е поизразено, а додека пак други, и покрај тоа што поаѓаа од неговите ставови, тие настојуваа да изградат сопствени ставови и погледи за естетиката и литературната теорија. Меѓутоа, кога тие се потпираат на спорните страни од раниот период плехановата естетика, или кога го негираат најдрагоценото во неа, најчесто запаѓаат во субјективизам, идеализам или вулгарен социологизам. Дали до ист или сличен заклучок ќе дојдеме и при анализата на влијанието на Плеханов кај одделни литературни групи и правци во 20-те години? На ова прашање ќе се обидеме да дадеме одговор врз основа на влијанието на Плеханов во делувањето на групите "Октомври" РАПП и ЛЕФ и ставовите што ги застапуваат нивните теоретичари.

Во своето делување во литературниот живот од 20-те години Плеханов им дал поттик за развој и на авангардно-конструктивистичките и на социјално-генетските гледишта. При тоа тие, главно, се базираа на противречните и неприфатливи ставови на Плеханов од неговиот почетен и најкраток период од естетскиот развој. Веројатно за тоа најмногу придонела статијата од Плеханов "Збор-два кон читателите-работници". Во неа тој, меѓу другото, вели: "Секоја **класа** има исто така и своја **поезија** во

која внесува своја посебна содржина".[21] Според овој став на Плеханов, произлегува дека уметничката литература од една класа не може да ги воодушевува претставниците на друга класа. Оттука тој ќе ја упати следнава порака до работниците: "Вие треба да имате **своја** поезија, **свои** стихови и **свои** песни".[22] (Поцртаното е од Плеханов - Д.Р)

Поаѓајќи од овие изразито пролеткултовски идеи на Плеханов, лефовците и раповците го градат својот негаторски став кон класичното наследство и своите вулгарно-социолошки ставови.

Раповците, догматизирајќи некои ставови на Плеханов, доаѓаат до заклучок дека постои "затворен поглед на свет на секоја одредена епоха" и дека од тоа зависи начинот на уметничката типизација. Под влијание на Плеханов тие ја развиваат доктрината за социјално-педагошката функција на литературата и уметноста. Во врска со тоа А.Флакер ќе констатира: "Поаѓајќи од плехановите ставови за потребата од изразување на "социолошкиот еквивалент" во литературните појави и од класниот карактер на уметноста како задача на литературниот критичар, претставниците на оваа доктрина не само што упорно настојуваат да го одредат "класниот став" на овој или оној писател... туку многу рано дошле до заклучок дека литературата има непосредна и одлучувачка функција во класната борба, па според тоа логично е да се поддржува таквата функционалност во интерес на пролетеријатот"[23]. Токму за таква функција на литературата после А. Богданов и "Пролеткултот" се залагаат членовите на групата "Октомври" а подоцна Л. Авербах и теоретичарите на РАПП.

Ваквите неприфатливи ставови доведуваат до широка расправа за предметотг, границите и принципите на марксистичката естетика. Затоа и книжевно-критичката и естетската мисла на Плеханов во 20-те години станува арена не само за теоретски расправи за прашањата од естетската и литературната теорија, туку и за политичка борба. Разновидните

---

[21] Г.В. Плеханов. Литература и эстетика, Том первый, Москва, 1958, стр. 182.
[22] Исто, стр. 184.
[23] А. Флакер. "Совјетске доктрине двадесетих година". Во зборникот: "Књижевна критика и марксизам" Просвета, 1971, стр. 116 (лат.), како и во неговата книга: Руска авангарда, Загреб, 1984, стр. 185 (лат).

идејни и книжевни групации коишто делуваа во 20-те години, настојуваа секоја на свој начин да ги искористи погледите на Плеханов за остварување на своите идеолошки цели. Односот кон Плеханов целосно беше во функција на таа борба. Дури често пати и кај некои теоретичари, кои што ги прифаќаа основните марксистички поставки, се појавуваат идејни влијанија коишто во суштина му беа туѓи на марксизмот. Таквите тенденции особено дошле до израз во делувањето на групата РАПП. На теоретски план тие ја пренагласуваат идејната страна на уметничкото дело, а ја занемаруваат естетската. Во таа смисла, под влијание на Плеханов, раповецот Г. Лелевич вели дека "пред сè е важна идејната вредност на уметничкото дело, а дури потоа уметничкото мајсторство".[24] Идеализмот што е присутен во напостовското и налитпостовското толкување на уметноста е резултат на нивното непознавање на марксистичката теорија на одразот и на догматизирањето на некои ставови од Плеханов.

Не бирајќи средства за своите хегемонистички цели во литературата, претставниците на групата РАПП, меѓу другото, ја покренуваат и паролата "за плехановска ортодоксија" која имаше краток здив. Тие буквално велат вака: "Нашата критика ќе се развива во духот на плехановската ортодоксија по прашањата за теоријата на литературата".[25]Ова не значи дека пред и по 1929 година, кога формално ја покренаа таа парола, тие не се повикуваа на одделни ставови на Плеханов. Меѓутоа, нивната грешка не е во тоа што покренуваат таква парола, туку во тоа што некритички ги прифаќаат неговите ставови. Во таа смисла Шешуков вели: "Бедата на раповците, се состои во тоа што тие земаа од Плеханов сè и сешто... Не познавајќи ја лениновата теорија на одразот, раповците си допуштија идеализам во толкувањето на уметничкото творештво и, како Плеханов, сметаа дека поимот на убавото е поврзано само со областа на инстиктот".[26] Од друга страна пак, како што со право забележува М. Стојниќ "прифаќајќи ја Плехановата теза за "социолошки

[24] Г. Лелевич. "Г.В.Плеханов и задачи марксисткой критики". Во спис. "На посту" 1925, № 1(16), стр. 42.
[25] "За плехановскую ортодоксию". Во спис. "На литературном посту" 1929, № 19, стр. 7.
[26] С.И.Шешуков. Неистовые ревнители, Московский рабочий, 1970, стр. 190.

еквивалент" тие ја изменија неговата дефиниција за уметноста со тоа што од неа наполно го изоставија елементот "игра".[27]

Покренувањето на паролата "за плехановска ортодоксија" не значеше дека со тоа ќе се стави крај на различните ставови во поглед на толкувањето на прашањата од сферата на книжевноста, ниту пак надминување на јазот помеѓу разните литературни правци "школи" и групи. Идејните погледи во втората поливина од 20-те години толку брзо се менуваат што наскоро и самите иницијатори на паролата "за плехановска ортодоксија" и за придружување кон ставовите на Плеханов го сменило мислењето за 180 степени.[28]

Со повикот на РАПП за учење од Плеханов оваа литературна група почна да си противречи самата на себе. Налитпостовците во пракса се однесуваа некритички кон неговото творештво иако самите при покренувањето на паролата "за плехановска ортодоксија" велеа дека "Плеханов треба да се продлабочи и дополни" и дека во интерес на теоријата на литературата е да се дискутира и да се развива критичкото мислење. "Таквата критика - се вели во нивната парола - ќе земе се што е најдобро од плехановите традиции, таа ќе се развива под знамето на плехановската ортодоксија по прашањата за литературната теорија, таа ќе се бори за таква наука која што ќе биде способна да развива вистинскди пароли за борба".[29] Раповците работеа спротивно на сето тоа. Затоа, како што нагласува и В.Фомина "грешките на Плеханов во областа на естетиката ги хранеа РАПП-овците во борбата против марксистичката теорија на литературата".[30]

Своевремено еден од највлијателните теоретичари на РАПП Ј. Либедински, кој формално ја поддржуваше паролата од својата група, во суштина укажува на недоволно проучениот придонес на Плеханов и на некои современи теоретичари во сферата на науката за уметноста. Во таа смисла тој вели:

---

[27] М. Ссојниќ. "Развој социалистичког реализма". Во зборникот: "Књижевна критика и марксизам" стр. 83 (лат).

[28] Интересно е дека само една година пред тоа еден од водачите на РАПП, Л. Авербах ја напиша статијата "Долой Плеханова" ("На литературном посту" 1928, № 16).

[29] "За плехановскую ортодоксию" стр. 7.

[30] В.А. Фомина. Филосовские взгляды Г.В.Плеханова, Москва, 1955, стр. 5.

"Нашата марксистичка наука за уметноста се уште не ги истражила дури и тие оскудни достигнувања, што ние пролетерските писатели веќе ги имаме. Ние имаме редица основни поставки на марксистичката наука за уметноста што се разработени од Плеханов, Меринг и Воровски, а дел и од Воронски..., но до сега марксизмот во областа на науката за уметноста се ограничуваше, главно, на воспоставување врски меѓу општествената структура и уметноста..."[31]Во тоа, всушност, е и заблудата на теоретичарите на РАПП. Тие, од една страна, своите погледи ги базираа на теоретска ограниченост, а од друга на несфаќањето на специфичностите на уметноста. Оттука не е ни чудно што тие, и покрај тоа што беа под влијание на Плеханов, не можеа да ги сфатат ниту позитивните, ниту негативните страни на неговата естетика, туку нив ги мешаа и ги насочуваа во погрешна насока. Меѓутоа, погрешниот методолошки пристап на теоретичарите на РАПП воопшто не значи дека книжевно-естетските погледи на Плеханов го губеа своето место и значење, туку, напротив, тие во 20-те години, во нови услови, го актуелизираат прашањето за специфичноста на уметноста, за суштината на творечкиот метод и слично. Во таа смисла влијанието на Плеханов е до толку поголемо што неговите погледи кај современо ориентираните теоретичари отвораат простор за нивна творечка разработка врз основа на прашањата што ги покренуваше самата литературна стварност. Делувањето на РАПП на тој начин беше усмерено кон оневозможување на таквите тенденции и на се што се разликуваше од нивните ставови, без разлика дали тоа е прогресивно или не. Затоа не е случајна нивната хајка против Александар Воронски и групата "Превалец" (рус. Перевал), против "школата" на В.Переверзев и други.

Ако се бара каде Плеханов извршил нагласено позитивно влијание во текот на 20-те години, бездруго, тоа е во доктрината на миметичко-гносеолошката функција на уметноста што ја развиваа теоретичарите на групата "Превалец". Наоѓајќи се под влијание на Плеханов, оваа група својата теоретска и практична литературна дејност ја засновуваше врз воспоставување на поцврста врска помеѓу идејното и естетското. На тој начин тие

[31] Ю. Либединский. "Ошибки Воронского в "Искусстве видеть мир". Во спис. "На литературном посту" 1928, № 20-21, стр. 13-14.

отвораа простор за натамошен развој на марксистичката теорија и критика, која се залагаше за единство на идејното и естетското во уметничкото творештво. Во секој случај, на теоретичарите од групата "Превалец" плехановската методологија им беше многу прифатлива и блиска до нивните сфаќања за специфичноста и природата на уметноста. Освен залагањето за реализам, како глобална ориентација со вметнување на елементи на романтика, припадниците на оваа литературна група го прифаќаат и ставот на Плеханов дека, преведувајќи го уметничкото дело на јазикот на логиката, критичарот објаснува која страна од општествената свест се изразува во делото. Тие се потпираат на Плеханов и во борбата против "гревовите на крајниот субјективизам" како и во толкувањето на прашањето за дијалектиката на класното и објективното, за задачите на критиката и слично.

Со заминувањето од литературната сцена на А. Воронски и некои критичари од групата "Превалец" под силниот притисок на РАПП и догматско-сталинистичките спреги, од крајот на 20-те години започнува да се чувствува краен нихилистички однос кон книжевно-естетските погледи на Плеханов. Иако до тогаш, како што веќе видовме, постоеше една шареноликост во поглед на степенот и карактерот на неговото влијание, од почетокот на 30-те години започнува еден долг временскди период кога токму со неговот име се поврзуваат сите промашувања во руската теоретска и естетска мисла. Неговото име се спомнува само во контекстот на сите негативни "изми" и во идејната, и во естетската и во книжевно-критичка сфера.

Долго време во советската наука изучувањето на творештвото на Плеханов се сведувало само на толкување и оценка на мислењата што тој ги застапувал. Што се однесува до естетската и литературно-критичката мисла на Плеханов тие не губат од својата актуелност во решавањето на многу актуелни теоретски прашања и во современата руска книжевно-естетска наука, па и пошироко.

3.

Врз основа на анализата за местото на Плеханов во руската книжевно-критичка и естетичка мисла од 20-те години

може да се заклучи дека е неспорно неговото силно влијание во појавата и развојот на руската книжевно-естетска мисла. Но, од друга страна, критиката од 20-те години покажува и тоа дека при одредувањето на степенот на влијанието на литературно-критичката и естетската мисла на Плеханов не смее да се оди од една во друга крајност и причините за тоа да се бараат само во неповолните политички околности. Се разбира, тие извршиле големо влијание со самото тоа што го привлекувале вниманието и кон едната и кон другата страна на плехановото творештво. Меѓутоа, главната причина лежи во тоа што творештвото на Плеханов по своето значење е разнородно, а во неговите теоретски погледи воопшто, како и во погледите за книжевноста и уметноста посебно, има и погрешни ставови и мислења, коишто немаат ништо заедничко со современата книжевно-естетска теорија. Тие погрешни ставови барале и покритичен однос кон неговото творештво, но тоа во 20-те години, како што видовме од погоре изложеното, го немало во доволна мера.

Димитрия Ристески

МЕСТО Г.В.ПЛЕХАНОВА В РУССКОЙ ЛИТЕРАТУРНО-КРИТИЧЕСКОЙ И ЭСТЕТИЧЕСКОЙ МЫСЛИ 20-Х ГОДОВ

Резюме

Автор данного труда определяет место Г.В. Плеханова в русской литературно-критической и эстетической мысли 20-х годов. Исходя из факта, что взгляды этого выдающегося русского теоретика и критика оказали самое значительное влияние именно в те годы, автор анализирует противоположные мнения о его творчестве. В этом смысле подчеркнуто, что отдельные теоретики, а даже и целые литературные группы и школы идут из одной в другую противоположную крайность. Некоторые русские авторы считают 20-е годы периодом владения так называемой “”плехановской ортодоксии””, а затем наступает период отрицания его взглядов и преобладает мнение о плехановском релятивизме. Тогда у многих русских теоретиков развивается предубеждение против эстетической системы Плеханова. По мнению автора, причины таких противоположных мнений лежат в групповой борьбе между разными литературными группами 20-х годов, в почти слабом теоретическом образовании теоретиков и критиков того периода, а также в нарастании догматизма и сталинизма. Кроме того, существование различных литературных групп и концепций о развитии русской эстетики, теории и критики дает возможность говорить и о том, что в 20-е годы невозможно было говорить о единственном отношении к Плеханову. Поэтому, даже и споры вокруг Плеханова в этот период часто выходят за рамки теоретической и литературно-критической области.

На основе анализа о месте Плеханова в русской эстетической и критической мысли 20-х годов, автор приходит к выводу, что при определенной степени его влияния нельзя идти из одной в другую крайность и заступает более объективную точку зрения его творчества без пренебрежения некоторых его ошибочных положений и взглядов.

УДК 830-31.09

Зорица СИМОВСКА

КРИСТА ВОЛФ: РАЗВОЈ ОД МАРКСИЗАМ КОН ФЕМИНИЗАМ

Откривањето на односите меѓу половите претставува една од централните тематски и мотивски преокупации во доцнежното творештво на Криста Волф. Кај неа јасно се разликуваат промарксистичката фаза, под влијание на официјална идеологија на нејзината татковина – ГДР, и фазата во која се посегнува кон прашањата сврзани со жената и женското во историјата, период во кој авторката приклонува кон феминистичката критика.

Една од тематските преокупации во доцнежното творештво на Криста Волф може да се сублимира во следнотото прашање: зошто низ историјата жената речиси секогаш била "другиот пол" и зошто во сите варијанти на општествено уредување мажот бил тој кој имал поголем авторитет во јавниот живот, а жената била лишена од поширокиот социјален авторитет. Длабоко во историјата владеат машките сојузи, носители на размената со стоки и на трговијата со жени. Крајна последица од доминацијата на мажите во нашата цивилизација според Криста Волф е светот полн со војни и беда, со машката немоќ објективно да ги согледа противречностите и да ги разреши.

Во историјата на антропологија создавана од мажите жената се смета за *"другиот пол"*, како што вели Симон де Бовоар, а нејзината различност се толкува како нејзина природна суштина, дадена засекогаш. Според де Бовоар жената е "потчинета на својот вид повеќе од мажот, а нејзината анималност е поочигледна"[1]. Анализирајќи ја физиологијата на

[1] De Bovoar, Simon: Drugi pol, BIGZ, Beograd, 1982, str.94.

жената, таа заклучува дека нејзиното тело како да ја осудува на гола репродукција на животот, за разлика од мажот кој, немајќи природни творечки способности има можност својата креативност да ја искаже во надворешниот свет и тоа"вештачки", со посредство на технологијата и на симболите. Така тој создава трајни, вечни и трансцендентни објекти, додека жената создава само краткотрајни производи - човечки суштества.

Но дали машката надмоќ секогаш била одлика на човечкото општество? Еволуционистите на 19. век, вклучувајќи ги тука и Маркс и Енгелс, ја афирмирале претпоставката за постоење на матријархални системи, дефинирани како општества под доминација на мајките и жените во далечното минато, меѓутоа, оваа теза не е едногласно прифатена, бидејќи и недостасува доказна граѓа. Една од теориите што го објаснуваат угнетувањето на жените во речиси сите култури и во текот на сета досегашна историја е марксистичката теорија на класна експлоатација[2]. Според неа, жените ја сочинуваат резервната работна сила на капитализмот: со пониските надници за жените капиталистичкиот работодавач остварува вишок на вредност, а жените како управувачи со семејната потрошувачка му служат на капиталистичкиот потрошувачки менталитет и сл. Трудот на жените околу одгледувањето на децата и одржувањето на домаќинствата е бесплатен, а сепак неопходен за одржувањето и репродукцијата на работната сила.Трудот што заслужува парична награда е корисен: тој е одреден со пазарна цена, а доколку ја нема пазарната цена што него го дефинира, тогаш тој е производно безвреден. Во оваа смисла капитализмот се јавува како заштитник на традицијата во која жените не наследуваат, не раководат, и конечно, не му се обраќаат на Бога. Енгелс во делото "Потеклото на семејството, природната сопственост и државата", анализирајќи го семејството смета дека угнетувањето на жените се јавува со класната поделба која произлегува од поделбата на трудот. Поделбата на трудот меѓу половите според Енгелс е природна. Секој е господар во својот домен - мажот во јавниот, а жената во приватниот живот. Бракот, односно моногамијата, всушност, претставува прокламација за спротивностите на половите.

[2] Engels, Fridrih: Poreklo porodice, privatne svojine i države. Kultura, Beograd, 1980. Str.298.

Односот на половите како однос на моќта е содржан во взаемно исклучивите категории матријархат – патријархат. Еден од теоретичарите, заговорници на постоењето на матријархатот е Јохан Јакоб Бахофен кој во своето дело "Мајчинско право: истражување на религиозната и правна природа на матријархатот во древниот свет"[3], зборува за владеењето на жените во древните времиња, што го нарекол "гинократија". Ова владеење било засновано на тајната на мајчинството.

Денешниот свет кој се идентификува со триумфот на патријархатот своите корени ги бара во митологијата, што веќе три илјади години го узурпира правото да ја користи поетската слобода, зборувајќи за "вистината". Но, дали вистината е нешто сосема друго, нешто што го пишуваат победниците, односно мажите?

Двете големи дами на античката митологија Касандра и Медеја, всушност, биле жртви, а не такви какви што се воспеани од големите рапсоди Есхил и Еврипид; тие ја изразувале деструктивноста на нашата цивилизација, вели Криста Волф, авторка на расказот "Касандра" (1983) и на романот "Медеја" (1992). Сите толкувачи на митологијата - од Корнеј преку Грилпарцер до Томас Ман, го изразуваат она што Криста Волф го нарекува "потсвесен страв од заканите на 'мајката'". Во овие дела авторката сосема го преобрнува митот за Касандра, озлогласената наречница-предвесничка на пропаста, како и митот за чедоморката Медеја, давајќи им една сосема поинаква *женска* естетика. Кај Волфова тие се достоинствени, храбри, мудри, толерантни, полни со љубов и хуманизам и пред сè жртви на околностите, слично како што и самата авторка се набљудува себеси во услови на пропаѓањето на ГДР – државата на која таа некогаш целосно и била посветена.

Но, која е, всушност, Касандра на К. Волф?

По десетгодишната тројанска војна, кралот Агамемнон се враќа со голем воен плен во својата татковина. Покрај него, во победничката кола, стои најубавата ќерка на Пријам, прекрасната робинка и пророчица Касандра. Неверната Клитемнестра го прикрива своето лицемерие со кое го дочекува мажот по

[3] Bachofen, Johann: Das Mutterrecht. Erste und zweite Hälfte. Hrsg. K. Meuli. Basel. 1948.

победоносниот поход над Троја. Меѓутоа, Касандра е занемена и стаписана, зашто се плаши дека токму тука ќе се оствари нејзиното пророштво: во оваа срамна и со злосторства осквернавена куќа да ја дочека својата смрт. Во овие мигови на нејасна состојба на свеста се мешаат гротескните сеќавања од минатото со застрашувачката сегашност: окрвавената секира со која ќе биде усмртен Агамемнон ја расцепува и нејзината глава - Касандра го набљудува сопственото умирање. До свеста на раскажувачката допираат песните-тажалки на Касандра наменети за глувите уши на божествата. Некаква панична восхит ја обзема раскажувачката - мечтата ги споила двете души на жените. За Касандра Криста Волф ќе каже:

"Веднаш ја забележав Касандра. Таа заточеница веднаш ме зароби; ме обзеде таа, и самата објект на туѓи цели. Подоцна ќе се запрашам: кога, каде и по чија заслуга биле склучувани договорите и донесувани спогодбите во врска со тоа. Магијата веднаш делуваше. Верував во секој нејзин збор, сè уште постоеше безусловна доверба. Три илјади години се лизнаа. Ете, така се обистини пророчката дарба дарувана од боговите, а неговата клетва дека никој нема да ѝ поверува исчезна. Касандра ми се чинеше веродостојна во една сосема поинаква смисла – се чинеше дека таа е единствената која во ова дело се познава себеси."

Оттргнувајќи ги од челото наречничките симболи - венецот и ловоровата палка, Касандра се помирува со нужното. Меѓутоа, за разлика од Есхил, Волфова смета дека Касандра во никој случај не би ја опеала смртта на Агамамнон, последниот од низата мажи (првиот бил Аполон) кои ѝ сториле зло. Основното прашање кое си го поставува авторката на делото е во кој пресвртен момент од историјата мажот ја претворил жената во објект на своите намери? Гневот на Волфова во "Касандра" се истура врз главите на патријарсите поради нивната безумна трка во вооружување, поради нетолерантноста и нарцисоидната самоувереност и сл., додека од жените потекнува утописката идеја за еднаквост и мирољубивост.

И во романот "Медеја" се менува вообичаениот митолошки портрет на хероината, која од Еврипид наваму е синоним за жена-чедоморка што го загубила умот и посегнува по животите на своите деца. Меѓутоа Криста Волф во својот

последен роман неа ја прогласува за невина, за жртвено јаре на мажите.

Сонародниците на кралската ќерка Медеја Колхиѓаните, народ од крајниот источен брег на Црното Море, се под опсада на Аргонаутите што доаѓаат од Запад предводени од силниот Јасон. Сакајќи да си го врати Златното руно, Јасон успешно ги минува сите искушенија што му ги смислува кралот со помош на итрата ќерка. Таа безрезервно се вљубува во него и му помага да дојде до Златното руно. Од овој момент Волфова скршнува од Есхиловото толкување на митот, и Медеја не го убива сопствениот брат за да побегне од родителскиот дом. Во царството на коринтскиот крал Креонт таа живее со саканиот Јасон, кој подоцна ја напушта, вљубувајќи се во друга жена. Медеја открива и едно убиство: не биле боговите тие кои ја усмртиле Ифиноа, ќерката на кралот, туку убиецот е оној кој се плаши за престолот, односно токму нејзиниот татко. Осомничена е Медеја, и тоа не од жените туку од мажите, кои ја прогласуваат за вештерка и ја протеруваат. Ја клеветат и за ужасното убиство на своите два сина.

Медеја на Криста Волф добива сосема поинаков изглед: таа повеќе не е чедоморка, ниту пак е виновна за смртта на братот, туку е жена без дом, отпадничка од општеството, бидејќи ја загрозува позицијата на мажите, но на крајот сепак им потклекнува на клеветите. За Криста Волф Касандра и Медеја се параболи за дискриминацијата на жените. Со нив таа не пренесува во далечните води на минатото, на почетоците на историјата каде веќе е разбиено првичното единство на светот, каде човечкото се претставува во своите противречности – Исток-Запад, матријархат-патријархат, варварство-цивилизација и сл. Жената и женското кај авторката се алтернативата, утописките место на еднаквост и хармонија.

Митовите постојано повторуваат дека жените не знаееле како да раководат со моќта кога неа ја поседувале. Загубата на некогашната надмоќ што ја поседувале жените се дотогаш е оправдана, додека жените се определуваат да го прифатат митот. Но, доколку сакаат повторно да владеат, мораат како што вели

еден автор[4] да се ослободат од митот што тврди дека тие се покажале недостојни во улогата на водачи.

Криста Волф со делата "Касандра" и "Медеја" секако покажува дека сака да се ослободи од ваквиот мит.

Библиографија:

Примарна литература:

Wolf, Christa: Kassandra. Darmstadt/ Neuwied.1983

Wolf, Christa: Medea. Stimmen. Luchterhand Literaturverlag. München. 1996.

Секундарна литература:

Bachofen, Johann: Das Mutterrecht. Erste und zweite Hälfte. Hrsg. Karl Meuli. Basel. 1948.

De Bovoar, Simon: Drugi pol, BIGZ, Beograd, 1982.

Engels, Fridrih: Poreklo porodice, privatne svojine i države. Kultura. Beograd. 1980.

Hilzinger, S.: Weibliches Schreiben als eine Ästhetik des Widerstandes. Über Chr. W.s. "Kassandra" – Projekt. Bo: NRs, 1985, H.1., (стр. 85-101).

Keller, Th.: Die Wolfsträume der Kassandra. Über eine weibliche Mythologie des Friedens bei Ch. W. Vo: Recherches germaniques, 15. 1985, (str. 151-174).

[4] Bamberger, Joan: Woman, Culture and Society. Op. Cit.. 263-280.

Zorica Simovska

Christa Wolf: Eine Entwicklung vom Marxismus bis zum Feminismus

Zusammenfassung

Die Arbeit behandelt die späteren Werke im literarischen Schaffen von Christa Wolf – die Erzählung "Kassandra"(1983) und den Roman "Medea. Stimmen" (1992) unter geschlechtsspezifischem Aspekt. Es wird somit die Entwicklung der Schriftstellerin entlarvt, mit den früheren Werken anfangend, die beeinflußt von der offiziellen Ideologie ihrer Heimat – der DDR betrachtet werden, bis hin zum letzen Roman, wo sich Christa Wolf mit Fragen der Geschlechtsproblematik und des Weiblichen in der Geschichte auseinandersetzt.

Die Autorin der vorliegenden Arbeit versucht zu erklären, warum in ihrem Spätwerk Christa Wolf den antiken Stoff umwandelt um Fragen des Weiblichen wieder ans Licht zu bringen. Die zwei großen Damen der antiken Mythologie - Kassandra und Medea, wie Christa Wolf sie in den obengenannten Werken darstellt, waren eigentlich Opfer, die die Destruktivität unserer Gesellschaft bezeugen. Die Mythologie und die Geschichte wurden von Männern geschrieben und interpretiert und sie drücken das aus, was Chista Wolf "die unbewußte Angst vor der Mutter" nennt. So sind bei Wolf Kassandra und Medea weise, tolerante, tugendhafte und vor allem liebevolle Frauen, Träger der utopischen Idee von Gleichheit und Freiheit. Diese Frauen sind Opfer der Gegebenheiten, ähnlich wie Christa Wolf sich selbst in Zeiten des Zusammenbruchs der DDR betrachtet - eines Staates, dem sie einst so loyal gegenüberstand.

Diese Arbeit zeigt Christa Wolfs Versuch, sich aus diesen, von Männer gedeuteten Mythos, loszulösen.

УДК 886.6 (091) : 886.1/.2 (091)

Александар СПАСОВ

ВАСИЛИЕ ТОЧАНАЦ И КОЧО РАЦИН

Во кралска Југославија повеќемина Срби и Црногорци биле на служба во Македонија, а некои студирале на тогашниот Филозофски факултет во Скопје. Меѓу нив имало поголем број учители, помалку во градовите, а повеќе во селата, меѓу кои во оваа прилика ќе ги споменеме таткото на Невенка Вуиќ, која одиграла решителна улога во развојот на основоположникот на современата македонска литература, потоа Драгољуб Вељковиќ, Вукајло Кукаљ, Милутин Мијушковиќ и други. На Скопскиот факултет во тоа време студирале Радован Зоговиќ, Данило Лекиќ, Василие Точанац, и други.

Најголемиот број од наведениве студенти и учители биле активисти или симпатизери на напредното работничко движење и биле не само декларативни поддржувачи на настојувањата на Македонците да се изборат за својата национална и социјална слобода, туку и активни учесници. Меѓу нив е и Василие Точанац, кој имал мошне блиски контакти особено со Кочо Рацин.

Василие Точанац е роден 1911 година (речиси врсник на Рацина, роден 1908 година). Родното место на Точанац е Доњи Точан кај Куршумлија. Точанац своите студии ги започнал во Белград, а потоа се префрлил на Скопскиот факултет. По ослободувањето бил професор на Педагошката школа во Белград. Сè до својата смрт, освен со наставничка, се занимавале и со научна и стручна работа, објавувајќи бројни огледи и статии. Соработувал во стручните списанија „Књижевност и језик", Белград, „Литературен збор", Скопје и др. Автор е и на еден монографски приказ на животот и делото на Кочо Рацин. Овој труд е објавен во библиотеката во која се претставени угледни писатели од словенечката, хрватската, црногорската и

македонската книжевност. Оваа библиотека ја објавуваше своевремено белградската издавачка куќа „Рад", а автори на монографиите се најдобрите познавачи на животот и делото на застапените писатели. Делови од монографијата на Точанац во повеќе наврати беа преведувани и објавувани на македонски.

Василие Точанац уште од студентските години се занимавале со литературна дејност. Бил претседател на студентското друштво „Покрет" во Скопје во кое соработувале Рацин, Зоговиќ, Велимир Парлиќ и други. Не треба да се заборави дека Точанац соработувал и со А. Аксиќ и Јован Ѓорѓевиќ со кои Рацин го објавил стихотворниот зборник „1932". Од друга страна Ѓорѓевиќ и Аксиќ заедно со Точанац го објавиле стихотворниот зборник „Лирика земље", Скопје, 1935.

Осврнувајќи се на животот и делото на Кочо Рацин, неговиот пријател и соборец, Василие Точанац, ќе ги акцентира и следните ставови: „Рацин увиде во практика дека не е доволно да се бориш македонскиот јазик да стекне право на постоење и признавање, туку дека треба тој јазик да се создава и да се развива, зашто неговите текови беа одамна прекинати. Не беше тешко да се дојде до сознание зошто официјалната наука и државната администрација, чии да биле, тврдат дека говорот со кој се служи народот во Македонија во својата основа е дијалект на овој или оној јазик и дека неговиот развиток не треба да се форсира зашто на тој начин уште повеќе би се оддалечил од својата јазична матица. Очигледно е, значи, дека зад таквото „научно" образлагање се криеше сестрано организираната и насилно спроведуваната пропаганда за негирањето на македонската нација, на нејзиното минато и култура. Да ѝ се оспори на една нација нејзиниот јазик, поправо да се сведе тој само на исклучивото локално ниво за така да венее и со време да се исуши, значи во корен да се оневозможи развитокот на самата нација и да не се признае нејзиното постоење. Поради тоа Рацинovото определување за македонскиот јазик во поезијата не дојде од формалистички книжевни бизарности ниту пак од егзотични поетски стремења, туку тоа беше насушна потреба на една нација која во своето тело сака да влее свежа и животворна крв. Рацин го симболизира завршетокот на една упорна борба што македонските луѓе ја започнаа во XIX век и во која многумина страдаа зашто на својот мајчин јазик го искажуваа уметничкиот

збор. Рациновата поезија е виртуозна поента на таа борба, зашто таа ја означува потполната победа на македонскиот јазик.“ Овој толку значаен и вистинит заклучок за огромната заслуга на Рацина во афирмирањето на македонската национална индивидуалност и култура може и денес секој наш и не само наш објективен научник да го прифати и потпише како една наполно точна и сожета оценка и формулација.

Односот на Василие Точанац кон македонската национална култура е недвосмислен доказ дека прогресивните интелектуални дејци не само што ја прифаќале борбата на нашите луѓе за афирмирање на самостојноста на македонската национална култура туку и ја афирмирале преку својот објективен став, а еден од тие е секако и Рациновиот соборец и сомисленик - Василие Точанац од чија смрт годинава се исполнува петнаесет години, но вистината што ја искажале ќе живее во сегашноста и во иднината. Да повторам: Василие Точанац почина 1983 година.

Заинтересираниот читател повеќе податоци ќе може да најде во освртот на Петар Пешут за животот и делото на Точанац, објавен во белградското стручно списание „Књижевност и језик“, во број 4 за 1983 година, како и во мојот труд „Стихотворниот зборник ‘1932’ и одзивите за него“, објавен во Прилози на Одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, годиште XIX, број 1-2, Скопје 1994, стр. 201-214.

Alexandar Spasov

Zussamenfasung

In diesem Beitrag wird die wenig bekannte Monographie Vasilie Tocanac behandelt die der Bedentung Koco Ratcin für die Enhicklung der makedonischen Kultur gewidmel ist.

УДК 886.6 - 31.09

Љубиша СТАНКОВИЌ

ТУЃИТЕ ЈАЗИЦИ ВО ЈАЗИЧНОТО ТКИВО НА РОМАНОТ "НЕБЕСКА ТИМЈАНОВНА" ОД ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ

Од 1950-1955 година јас сум и заклучонаја и АО четиристо сорак ацин и товариш Симјановна и никој и ништо.

"Небеска Тимјановна", романот на Петре М. Андреевски, покрај другите одлики, на јазичен план е карактеристичен и по присуството на туѓите јазици во македонското јазично ткиво на романот. Како се структуирани тие јазици во композициското устројство на романот, дали при тоа вградување имало ломови во структурата на романот, дали при тоа се појавувале јазични и стилски нерамнини, дали сето тоа одело безболно или романот е обременет со присуството на другите јазици, најдобро се гледа од финалето, од она што ни го нуди романот како завршно дело. Резултатот не е за потценување, дури може да се тврди дека на стилско-јазичниот план овој роман значи ново достигнување и освежување. Впрочем, ова не е првпат Петре М. Андреевски, стремејќи се кон целосната индивидуализација на ликовите, таа индивидуализација да ја прави преку јазиците на протагонистите чија националност не е македонска. За тоа имаме потврда во романот "Пиреј" со употребата на српскиот и делумно бугарскиот јазик.[1]

[1] За ова поопширно: "Српскиот јазик во романот 'Пиреј'", Зборник на филолошкиот факултет, Скопје, 1990.

Во овој роман[2] приоритетот го има рускиот јазик и тоа не треба да изненадува бидејќи поголемиот дел од протагонистите добар дел од животот ќе го поминат во руските логори, каде рускиот јазик ќе се слуша на секој чекор.

Покрај рускиот тука е и грчкиот, меѓутоа спротивно на очекувањата тој се среќава само на неколку места иако треба да се претпостави дека поголемиот дел од протагонистите одлично го владееле тој јазик бидејќи на теренот на Грција, откаде и започнува нивната одисејада, тој бил службен јазик и обврзан и за нив како и за сите други на таа територија. Меѓутоа, според романот, тој ниту таму, во пределите на родниот крај, ниту покасно, не е говорен јазик на хероите на романот иако, сосема е сигурно, сите тие грчкиот подобро го владееле од рускиот.

На неколку страници се среќава и бугарскиот јазик а незначителна е употребата на српскиот.

Од тие причини почнуваме со рускиот и интересно е и појавувањето и подоцежната доминација на тој јазик. Со патот низ кој поминува тој јазик за да стане средство за општење и на Македонците, најдобро се гледа и начинот на кој тој јазик се вградува во јазичното ткиво на романот. Овој процес најдобро може да се следи преку лексиката на Небеска Тимјановна, и со нејзиниот допир со протагонистите на рускиот јазик.

Првата средба со рускиот јазик на страниците на романот е на еден советски брод кој борците на ЕЛАС, меѓу кои е и хероината на романот, од албанското пристаниште во Драч ги транспортира за некогашниот СССР. Првите зборови на капетанот на бродот кога ќе ја здогледа толпата изгладнети и изнемоштени луѓе е: "Что они зделали, они не пахожи на људеи", (Што направиле, тие не личат на луѓе?).[3] Тука е чист руски јазик со чиј звук многумина за првпат се среќаваат. Потоа, на крајот на патувањето, повторно на истиот јазик: "До свидања, штасливи вам пути". За разлика од првиот пат, сега веќе имаме коментар, што значи дека за време на патувањето протагонистите веќе нешто научиле од тој јазик, па затоа еден од нив вели: "Пуста среќа, пусто штастие", додавајќи притоа: "Студот ни ги витка

[2] Петре М. Андреевски: "Небеска Тимјановна", Наша книга, Скопје, 1989, 311.
[3] Сите преводи и објаснувања во заградите или надвор од нив се на писателот на романот.

ушите", а завршувајќи со: "На пристаништето не чека "Чјорнаја варонка" (Црна врана - "Марица").

Во понатамошниот тек покрај "чјорнаја варонка" се среќаваме и со прочуената "Лубјанка", комлекс затвори во Москва. Тука се и редица искази соодветни за такво место: "Запрешчаетсја стучат на двер" (Се забранува тропање на вратата!) и: "Руки в зјад и давај!" (Рацете назад и ајде!). Тоа се затворски термини што само на такви места се среќаваат и кои во прво време остануваат без соодветни коментари бидејќи многумина на кои се однесуваат воопшто не ги разбираат. Потоа тука се и други наредби: "Не нада гаварит громка!" (Не треба да се зборува гласно!) и: "В кроват нелзја лежат!" (Не смееш да лежиш в кревет!). Или: "Гулјај, гулјај, нада гулјат!" (Шетај, шетај, треба да се шета!), како и: "Бистреј, бистреј!" (Побрзо, побрзо!). Ова се зборови што сигурно им се упатени на оние од кои се бара беспоговорна потчинетост и безусловно извршување на наредбите. Тука е и зборот кој Небеска Тимјановна постојано ќе ја следи во затворот и гласи: "заклучонаја" а кој значи: "затвореничка". Со тој атрибут стражарите постојано ќе ѝ се обраќаат на хероината на романот.

На тие први страници е и прв пробив на макеонскиот јазик во лексиката на оние што не се Македонци, така што овдека се сретнуваме со комбинацијата на двата јазици, рускиот и македонскиот, "Ако имаш нешто потреба, потихонка стучи на двер" ѝ вели на Небеска една од жените стражари. На тие страници е и еден од првите руски зборови што хероината ќе го изговори. "Ладно ми е, велам, халодно!" и повторно руско-македонска јазичка комбинација со која рускиот јазик побезболно се воведува во говорот на Македонците: "Привикат, слушам, ќе се навикнеш". На тие страници е и обидот на Небеска Тимјановна за конверзација на руски. "Здравствујте товариши!" им се обраќа таа на своите иследници, а потоа повторно е доминација на рускиот. "Ја полковник Фирсов, ваш иследовател... говорите по руски?" Кога Небеска одговара одречно, тој се обидува со грчкиот: "Милате тин Елиники?" и тоа е една од ретките употреби на овој јазик. Меѓутоа, Тимјановна одбива да се служи со него иако оговара дека го знае. Потоа разбирливо, дијалогот повторно продолжува на руски "Заклучонаја, Тимјановна, как здарови?" Одговорот е на чист македонски:

"Имам една рана на ногата". Разбирливо, кога сослушувањето е во прашање, разоворот не би можел да се одвива на овој начин и затоа во екипата иследници е и преведувач чиј мајчин јазик е грчкиот и кој преведува на македонски. Постапката при тоа е таква што грчкиот воопшто не се појавува, бидејќи Небеска Тимјановна тој јазик го елиминира како посреднички употребувајќи го само рускиот и македонскиот. Тоа посредништво на грчкиот јазик нема долго да трае бидејќи животот ќе ја присили да почне да се служи со рускиот јазик. Така, во затворската библиотека ќе имамае прв нејзин обид за конверзација.

"Товариш, му велам, дајте ми две".

- Ја не твој товариш, ми вели.

- А как нада сказат... господин?

(Ова е прва нејзина комплетна реченица на руски).

- Гражданин, ми вели.

- Ве молам, гражданине.

Така таа го учи рускиот јазик и така навлегува во неговите тајни. Најнапред тоа е руско-македонска или македонско-руска комбинација, а потоа македонските зборови полека им го отстапуваат место на руските. Но, додека тоа да се случи, таквата комбинација и понатаму ќе трае. Така, на пример имаме: "Нѐ викнаа на соочување, на очнаја ставка. Сме дале за нешто различни изјави и сега с глазу на глаз, што се вели, ќе се соочуваме".

На едно друго место, резигнирана, Тимјановна вели: "Си ја подвиткав опашката и ... буд что будет." Или еден дијалог:

- Тавариш началник, велам , јас сум по грешка меѓу криминалките. Да ме преместите меѓу политичките, велам, ја стражала...

- Ја стражал в Белграде, вели.

- Значи, ќе ме преместите?

- Бев командир на баталјон, вели, човекот расте низ страдање...

- И јас се борев, му велам.

- Там луѓи прекрасние, вели.

- Сега, што ќе стане со мене?

- Очен прекрасние, вели, затоа сум овде.

- И јас сум затоа овде, велам.

- Попробуем, вели, само, за чајот, никому ништо. Пањатна?

- Пањатна, велам од мене збор не излегува. Во Југославија има и македонска република, се фалам.

- Знају, знају, вели со некој сладок вкус во устата... Итн. Итн.

Дијалогот, всушност на поголемиот дел на романот, кога се во прашање овие јазици се одвива на овој начин, меѓутоа во еден период, во периодот на нејзините неброени средби со иследниците, кога нејзините зборови погрешно биле преведени на руски, Тимјановна остро ќе реагира: "Лаж, лаж, викам, ја ета не сказала... Ти нечесниј, ти отвратителен человек, му се свртев на сипаничавиот Јоанидис". Тоа бил миг кога рускиот јазик навлегол во нејзиниот речник, кога таа се почувствувала дека може комплетно да го употреби. Иследниците, се разбира, тој обид од сѐ срце го поткрепиле: "Гаварите, гаварите Тимјановна, вели Фирсов", а другиот: "Прекрасна, вели Атанасов, с етаво момента будем гаварит по руски... Если ест што ни буд нејасное переводјот Јоанидис".

Дека моментот бил несекојдневен сведочи и Небеска Тимјановна.

"Некој влегува, а Фирсов му вика, речиси клика:

- Давај, седис, Тимјановна гаварит по руски".

Така Тимјановна проговара руски, но руско-македонскиот и натаму доминира. На едно прашање, на пример, следува одговор: "Што знам како беше, ни в чем порјатка њет".

Така и на овој начин рускиот јазик се среќава и употребува на страниците на оваа книга од мигот кога протагонистите ќе се сретнат со прв човек на кој рускиот му е мајчин јазик, капетанот

на бродот, па до моментот кога ќе ги напуштат границите на тогашниот СССР, односно ќе се вратат во овие краишта. Колку вешто и умешно е инкорпориран тој јазик во секојдневниот говор на Македонците, зависи од секој од нив одделно. Ние овдека дадовме пример како тоа одело кај Небеска Тимјановна, а треба да се претпостави дека било слично и кај другите.

Од примерите овдека презентирани се гледа дека писателот мошне вешто постапува кога тој јазик го воведувал во структурата на романот. Тука е секогаш некаква подготовка за тој јазик, изградена е ситуација во која рускиот збор побезболно ќе влезе во македонската реченица. Затоа и на стилски план немаме некакви неочекувани скршнувања. Оваа можеби е и од причини што тој јазик, колку и да е туѓ, сепак е разбирлив и пружа можности да биде употребен на оној начин на кој тоа во романот е сторено. Доколку тоа беше некој несловенски јазик тогаш проблемите ќе беа многу потешки.

Со грчкиот јазик се среќаваме на неколку страници. Така на 146. страница имаме една поговорка: "Анди на то пјаси апто стома, то епјасе апо тин ура". (Наместо да го фати коњот за узда го фати за опашката). Потоа, на 169. страница еден поздрав: "Калимера, синдрофиса, Небеска!". (Доброутро, другарке Небеска!). На страницата 175. стихот на песната: "Ена карави апто Пиреја!" (Бродот тргнува од Пиреја!) . На 202. стр. "Ехи коненас ди козмас?" (Има ли некој од нашите?).

Тоа е она што како наслојка од грчкиот јазик се среќава во романот но сигурно е дека овој јазик не завршува со ова што овдека е посочено. Веќе рековме, кога говоревме за рускиот јазик, дека тој јазик, грчкиот, е присутен при сослушувањето на Небеска Тимјановна, меѓутоа, во романот, како посредник, тој не егзистира. Исто така, треба да се предпостави, дека при многубројните идеолошки расправии помеѓу Македонците и Грците, припадниците на грчката комунистичка партија, доминирал грчкиот јазик, но прекумерната негова употребата во романот би ја нарушила неговата јазичка структура и затоа тој е елиминиран, односно постапено е онака како што е најбезболно.

Албанскиот јазик скоро и да не се среќава иако многумина од протагонистите при повлекувањето од Грција на патот за

СССР едно време претстојувале во Албанија, или поточно во албанските затвори и собирни центри за бегалците.

Бугарскиот јазик се среќава само на две места и тоа еднаш во разговорот на Небеска Тимјановна со еден пратеник од Бугарија:

- Да не си гладна, ми вели. Не, не ми се јаде, му велам. Ти си нашенка, а? Јас сум Македонка, му велам. Македонска Б'лгарка, ме исправа... Аз с'м Калчев, вели, дојдов од Б'лгарија за да известја народа че наскоро ште ослободим цјала Македонија".

Истото се повторува и во дијалогот помеѓу Тимјановна и еден бугарски лекар каде се употребени само неколку бугарски зборови.

Српскиот јазик скоро и да не егзистира на страниците на оваа книга. Така, на едно место ја среќаваме познатата изрека: "ОЗНА мора све да дозна!", и вторпат во затворот во Тирана каде на прашаањето упатено на некои Албанци: "Зошто сте дојдени?", тие одговараат: "За Југославија!" и потоа додаваат: "Научили смо мало српске речи на изграњи пруге Тирана - Елбасан. Радили смо и певали:

Ми имамо три народна сина, Енвер Хоџу, Тита и Стаљина."

Тоа е сè од српскиот и со тоа завршува и приказната за јазиците што се појавуваат на страниците на оваа книга. Овие јазици значат многу за јазичката индивидуализација на ликовите, а се придобивка и за поинаква звучност на романот.

Любиша Станкович

ЧУЖИЕ ЯЗЫКИ В ЯЗЫКОВОЙ ТКАНИ РОМАНА ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКОГО "НЕБЕСКА ТИМЬЯНА"

Резюме

В данной статье указывается на присотствие русского языка на страницах романа, объясняется каким образом этот добро язык взаимодействует с македонским. В ней говорится о способах, при помощи которых он становится составной частью словаря персонажей, чья национальность яавляется нерусской.

Помимо о русском, в статье говорится о присутствии греческого, болгарского и сербского языков.

УДК 881.01 (049.3)

Вера СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ

КОН СВЕТИ КЛИМЕНТОВОТО ТВОРЕШТВО

Во научниот свет е од поодамна познат проблемот со определувањето на сигурните Свети Климентови слова, и тоа од едноставна причина што текстовите кои го содржат неговото име не создаваат проблеми и двомислења, додека оние што се без потпис барале дополнителни истражувања. Така, постепено, во науката првобитниот помал број на утврдени Свети Климентови слова, растел. Притоа, биле нужни споредбени истражувања, стилски и јазични компаративни изразни паралели, идејни текови, итн.

Неспорно е дека низ вековите Свети Климентовите слова се ширеле, се препишувале ширум целиот словенски свет, но подолго време авторот не бил идентификуван, дури и во потпишните слове не се знаело за кој Климент се работи. Во XVII век во Русија се печателе Климентови слова во пролозите, како и во некои Чет -минеи, без да се знае за самата авторова личност. Ваквото непознавање било препознатливо дури и во XIX век. Самото Свети Климентово житие, составено од надареният охридски архиепископ Теофилакт недвосмислено открива: "Бидејќи ја знаел грубоста на народот и неговата полна тапост во однос на Писанијата, и кога гледал дека многу бугарски свештеници мачно го разбираат напишаното на грчки јазик, со чии букви биле насочени само кон читање, со што биле прости како добиток, бидејќи на бугарски јазик немало дури ни похвални слова, и еве зошто, осознавајќи го тоа, тој пронашол средства и против него и го срушил ѕидот на незнаењето со своето дело. **Тој составил прости и јасни слова за сите празници,** кои не содржат ништо длабоко и многу мудро, но кои се разбирливи дури и за најпростиот Бугарин. Со тоа тој ја хранел душата на најпростите

Бугари, поејќи ги со млеко оние кои не можеле да примат потврда храна и станал нов Павле за новите Коринтјани - Бугарите. Преку тие слова може да се научат таинствата на празнувањата, кои се вршат за Христос и преку Христос. Во чест на Пречистата Богородица, чија памет, како што знаете често се празнува преку годината, Климент напишал похвали и раскази за нејзините чудеса..."[1]

Голема заслуга за почетното откривање и претставување на Свети Климентовото дело има славистот В. М. Ундолски(1815-1864).[2] Заедно со П. А. Лавров се осврнаа на целокупното негово дело.[3] Подоцна славистот Н. Л Туницки ја состави монографската книга за Свети Климент Охридски, поточно таа излезе во 1913 година.[4] Од 1970 до 1977 година БАН во Софија издаде три тома со состави на Климент Охридски, во кои се сумирани сите дотогаш познати преписи од сигурните Климентови состави и оние кои не го зачувале неговото име.[5]

Во однос на авторството на Панонските легенди, опширните житија на Светите Кирил и Методиј, во славистиката се развија повеќе мислења, од кои преовладаа главно две: дека тие се составени од Свети Климент Охридски и дека Кириловото житие го составил братот Методиј, а Методиевото- Климент. Во поново време превагнува првата насока, и покрај доследното бранење на втората, од страната на нејзините поддржувачи. Меѓу оние кои се определиле за првата теорија припаѓа и бугарскиот славист Иван Дујчев, кој ги истакнува главните причини за определбата: не е вообичаено во хагиографската литература брат на брат да му ја составува хагиографијата, Климент Охридски како одличен писател не сакал да се повторува со ист редослед на настаните и во двете житија, бидејќи нивниот пат честопати се

[1] Ал. Милев, Жития на Св. Климент Охридски, София 1961, 107, гл. XXII. Времето кога живее Свети Климент Охридски се однесува на втората половина од IX и почетокот на X век. За времето на бугарските вкладетели Борис и Симеон територијата на Македонија во се поголем и поголем дел влагувала во составот на средновековната бугарска држава, по борбените успеси на истите предводници наспроти Византија. Оттука и именувањето на сето тоа население е со ознаките на припадноста кон државата, во чиј состав влегле и Македонци.

[2] Беседы общ. любителей российской слов. , вып. I. Москва 1867, 31-38.

[3] В. М. Ундольский-П. А. Лавров, Климент, епископ словенский, Москва 1895.

[4] Н. Л. Туницкий, Климент, епископ словенский, Сергиев Посад 1913.

[5] Климент Охридски, Събрани съчинения, т. I, II, III, София 1970-1977.

поклопувал со исти настани, и затоа се јавуваат видливи разлики во големината на двете житија, без да се повторуваат по секоја цена пстите доживувања.[6]

Во однос на пространите житија забележливи се некои карактеристики, меѓу кои и воведните делови. Додека Свети Кириловото житие претставува сосема кус и резимиран вовед, кој се однесува на посредничката улога на божјите избраници, меѓу кои се наоѓа и Свети Кирил, Свети Методиевото житие содржи подолг теолошки вовед, со осврт на значајни претставници од Светото Писмо.

Двете хипотези за авторството на овие житија се развиваат и егзистираат. Во случајов сакам да укажам на поврзаноста на одредени идејни и книжевни тенденции што се забележуваат меѓу Свети Кириловото житие и Свети Климентовата Поука за денот на благовештение на Света Богородица, со цел да се приклучам кон ставот дека и Свети Кириловото житие е дело на Свети Климент Охридски.

Во воведот на Свети Кириловото житие се нагласува посредничката улога на божјите претставници, и тоа со цел - насочување на вниманието на читателот токму кон оваа нивна улога:"Бог милостив и штедар, очекувајќи го покајанието на луѓето, за да се спасат сите и да дојдат до сознание на вистината, бидејќи не му посакува смрт на грешникот, туку живот и покајание, дури и да е сосема оддаден на зло - не допушта човечкиот род да ослабне и да пропадне. Ниту да подлегне на ѓаволско соблазнување и да загине. Тој во секое време и во секој час не престанува да ни дели многу благодети, како отпрвин, така и досега, - најнапред преку патријарсите и отците, потоа преку пророците, а по нив преку апостолите и мачениците, преку праведниците и учителите, одбирајќи ги од овој тревожен живот. Оти Господ знае кои се негови."[7] Ваков еде однос кон посредничката улога на божјите избраници е вткаен во самата

[6] И. Дуйчев, Към тълкуването на пространите жития на Кирила и Методия, Хиляда и сто години славянска писменост, 863-1963, 93-118.

[7] Панонски легенди, Спомен и житие на блаженият учител наш Константин Филозоф, прв учител на словенскиот народ, предговор Х. Поленаковиќ, превод Р. Угринова-Скаловска, "Македонска книга", Скопје 1969, 25.

Поука за денот на благовештение на Света Богородица.[8] Познато е дека Свети климент Охридски во своето беседничко творештво ги застапувал и похвалите и поуките. Од најмилените и често обработувани личности од Светото Писмо е ликот на Света Богородица. Тој се погрижил да состави посебни слова за секој важен настан од нејзиниот живот. Покрај настанот за благовештението, Дева Марија фигурира во словата за нејзиното зачнување, потоа за раѓањето, за успението, и други. Со истражувањата на А. И. Соболевски,[9]Хр. Кодов,[10] и други. Хр. Кодов во своите истражувачки осврти за ова слова претставил 31 преписи, датирани во распон од XIII -XVIII век.[11]

Во Поуката за благовештение за Света Богородица доминира основната порака дека со оваа светла вест се раѓа нов ден, метафорично искажано преку стиховите испеани во едно послание на апостол Павле:"Ноќта умре , а денот се приближи."[12] Тоа е денот кога Синот Божји влезе во човечко тело, во Пресветата Дева Марија, да се очовечи, а потоа пак во рајот да се всели. И овде е потенцирана улогата на божјите посредници. Синот прво ги пратил пророците да ја рашират веста пред овој настан. Господ Бог гледал од небесата дека му престои паѓање на човечкиот род и презел мерки. Го испратил пророкот Исаија, кој говорел:"Ете, девица ќе зачне и ќе роди син и ќе му стават име Еманоил, што значи Бог е со вас."[13] Откако го навести зачнувањето на девицата, пред самиот тој чин го испратил арахангелот Гаврил да и ја соопшти благовеста на Дева марија, и за зачнувањето без човечки татко. Во Евангелието од Лука самиот овој настан е вака опишан:" А во шестиот месец беше испратен од Бога ангелот Гавриил во галилејскиот град, по име Назарет, при една девојка, свршена за маж по име Јосиф, од домот Давидов, а името на девојката и беше Марија. И кога влезе ангелот при неа, рече:" **Радувај се благословена! Господ е со тебе! Благословена си ти меѓу жените!"** А таа, штом го виде, се уплаши

[8] Радмила Угринова-Скаловска, Климент Охридски, Похвали и поуки, "Табернакул", Скопје 1996, 48-51.
[9] А. И. Соболевский,Известия ОРЯС, 1905, X,2.
[10] Хр. Кодов, Поучение за благовештение, Климент Охридски, Събрани съчинения, 1, БАН, София, 1070, 536-548.
[11] Хр, Кодов, 536-540.
[12] Послание на апостол Павле до Римјаните, 13, 12.
[13] Свето Писмо, Библија, Книга на пророк Исаија, 7, 4.

од зборовите негови и помисли:"Каков е овој поздрав?" И му рече на ангелот:"Не бој се, Марија, зашто си нашла милост пред Бога; и ете, ти ќе зачнеш во утробата и ќе родиш Син, и ќе го наречеш со името Исус. Он ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот, и ќе му го даде Господ Бог престолот на неговиот татко Давида."[14]

Со користењето на библиските цитати паралелно тече насочената Свети Климентова беседа, за да се предочат пред не многу грамотните слушатели и читатели значајните смерници во врска со настанот на бестелесното зачнување на Девицата. Самиот овој настан го најавува доаѓањето на Синот Божји меѓу луѓето, за да го понесе тешкиот крст од човечките гревови и неразумности, за да ги спаси потоа. Откако Тој ќе го спаси човечкиот род од гревот, И Адам и Ева ќе се израдуваат.

Секоја Свети Климентова поука содржи заклучен дел во вид на напатствија и пораки што треба да ги примат и прифатат, а потоа и применат, слушателите на беседите. Притоа, Свети Климент е практичен, укажува, помага, реди факти:"...Ако ви упатив слово за овој ден, беше нужно да ви го упатам, **зашто секогаш ги гледав црквите празни од вас,** приготвувајќи венец на тие што постат и бања со која сакаме да ги измиеме нашите грешки, и трпеза со гоено теле, заклано за сиот свет, Исуса Христа, божјиот син, ..."[15]

Можеби најблиски контакти меѓу кусиот вовед на Свети Кириловото пространо житие и ова слово за благовештението, ја документира и завршницата на поуката, со потенцирањето на улогата на божјите пратеници, во случајов преку пророкот: "Вкусете и видете дека Господ е благ. Нѣму да му пристапиме како безлобни младенци, држејќи гранчиња в раце, то ест добри дела, викајќи и зборувајќи му на Христа"Благословен е тој што доаѓа во името Господово, Господ Бог, и ни се јави нам",[16] негова да е славата до век."

Ортодоксното православие, кое што толку успешно го толкувал Свети Кирил Филозоф, меѓу народите што ги

[14] Евангелие според Лука, 1, 26-32.
[15] Р. Угринова -Скаловска, Климент Охридски...50.
[16] Евангелие од Јована, 12, 13.

посетувал, го наследил и Свети Климент Охридски во непоматена светлина, и тој го разнесувал меѓу населението кое се уште во IX и X век не било блиску до неговите суштини. Токму затоа, посредничката улога на пророците, апостолите, учителите, проповедниците, ја истакнувал посебно. Начинот на компонирањето и идејната нитка го откриваат истиот автор -Свети Климент Охридски и на двата текста.

Вера Стойчевска-Антич

К ТВОРЧЕСТВУ СВ.КЛИМЕНТА

Резюме

Литературное творчество Св. Климента Охридского и до настоящего времени является предметом исследования, особенно те труды, где вообще не упоминается имя автора. В данном случае обратим свое внимание на сравнительный анализ между обширным житием Св. Кирилла и Поучением благовещения Св. Богородицы, которые по своему сходству по праву могут считаться делом Св. Климента.

УДК 886.6(71:=866).09
886.6 : 82(71)

Лилјана ТОДОРОВА

МОТИВОТ НА ВЕЧНОТО ВРАЌАЊЕ : ОД МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ВО МУЛТИКУЛТУРНА КАНАДА

Во последниве две децении интересот за попродлабочени научни сознанија за книжевните релации меѓу Македонија и Канада станува сé пожив и иницира побројни преводи на дела со цел да се прошират перспективите за подобро меѓусебно познавање на двата народи и двете култури. Истовремено и творечкиот опус на македонските-писатели иселеници во Канада, станува сè побогат и позначаен, посебно од аспект на неговите духовни вредности. Во овој прилог не претендираме да понудиме една комплетна панорама на такви трудови и дела, но ќе посочиме сепак еден дел од нив кои, покрај тоа што ќе овозможат да се открие креативната индивидуалност на одделни писатели кои од далечина, од дијаспората, ја збогатуваат македонската литература и култура воопшто, истовремено ќе укажат на оние кохезиони сили што тие писатели ги влечат кон татковината и што ги тераат да ја обработуваат темата за **вечно враќање,** пишувајќи ја најчесто својата тажна одисеја за тоа **како отишле.**

Мотивот како тема во книжевноста всушност укажува на изворната содржина на делото, како што во други дејности може да биде индикатор на некоја акција, да го означува поводот / образложението за некоја постапка, реакција, или пак поведението / изборот на некоја личност во одредена животна ситуација. Мотивот на враќање пак посебно, како чувство на размислување упатено кон личното битисување е еден од автономните мотиви во книжевноста, битен во сеќавањето например на детството, на потеклото татковината, историските настани и сл. Низ сеќавањето, преку враќање на старите искуства

на кои често е заснована силата на преживувањето во туѓата средина, авторот се стреми кон нови сознанија, осмислувајќи го минатото низ својата креативност. Фердинан Димон, како социолог, оваа постапка на писателот ја објаснува со двојната субјективизација на една индивидуа: сопствената субјективност и субјективноста на општествената заедница на која таа индивидуа припаѓа. Речено поинаку, "поаѓајќи од својата посебност, човештвото се универзализира". Оригиналноста на една литература всушност е и во тоа да се има свест за својата посебност, но и сигурност дека таа се споделува со другите, и со еден заеднички идентитет, во функција на хуманизаторската улога на книжевната уметност воопшто. Во овој контекст се вклопува и Борхесовската визија за спојување на книжевноста со традицијата, како и Женетовското вечно враќање кон минатото како потврда на историчноста на текстот. Темата на вечното враќање ќе биде опфатена посебно во книгата *Митот на вечното враќање* (1969), на Мирча Елијаде и тоа првенствено во врска со согледувањата на структурата на повторувањето на митот. Но овде исто така ќе наидеме и на укажување за преплетувањете на историјата со книжевноста. Во случајот на нашите сонародници-писатели во Канада ова ќе го видиме сфатено и искажано во смисла на **судбина односно историја како мотив на вечно враќање.** Така книжевното дело ќе им го овозможи и доаѓањето до сознанието за себе. Овој мотив како еден од елементите на делото ја покренува имагинацијата преку која сегашноста ќе одведе до минатото, а тоа ќе ја наговести и иднината што всушност доведува до аналогија со палингенезиското повторување : книжевното дело стекнува надмоќност над времето и на тој начин обезбедува траење на она што поминува.

Проследувајќи го овде овој предмет ние всушност ќе го согледаме мотивот на враќање како близок на човековата природа и на неговиот исконски стремеж низ својот живот да ги провлекува трагите од минатото, на архетипското наследство што му овозможува да навлезе творечки и во иднината за подобро да функционира во својата реалност. Покрај тоа, ќе укажеме дека кај нашите сонародници-писатели од Канада, мотивот на враќање може да се третира и како чување на традициите, на духовните вредности и на културното наследство и истовремено и како

желба тие традиции да се надградуваат и да ја збогатуваат својата содржина.

*

Кога посебно ќе се пријде кон проследување на особеностите на оваа книжевност од македонската дијаспора во Канада и пошироко на книжевните односи меѓу Македонија и Канада, повеќе елементи го привлекуваат истражувачкото внимание. Тоа се должи пред сè на постоењето на меѓусебни директни контакти уште од времето кога над македонската земја сеуште тежеше продолжителната полумилениумска отоманска домнација, крајно неповолна за културен напредок. Притиснати од социјално-економски проблеми бројни Македонци, во напорите да се преживее, континуирано се упатуваа преку океаните, распрснувајќи се по земјиот глобус за, најчесто, патот да биде без поврат. Новото поднебје во најголем број случаи беше канадскиот простор каде, во повеќе или помалку оформените заедници, продолжуваа да се изразуваат националните особини и љубоморно да се негуваат старите обичаи и традиции преку што се чуваше истовремено и исконското чувство и духовното единство. Така, посебно во Канада, во Торонто, Хамилтон, Виндзор или во Детроит, израснаа првите заедници во кои и денес има околу 100.000 Македонци меѓу вкупно 300.000 други јужнословенски иселеници за кои оваа земја стана втора татковина.

Македонскиот човек бргу се канадизираше, чувајќи го притоа манифестно својот идентитетен рефлекс. Оттука, вклопувајќи се во мултикултурата призната во оваа земја, посебно со Законот од 1988 година што го донесоа канадскиот Парламент и Сенат, тој го организираше својот културен живот, создаваше асоцијации, културни друштва, публикуваше списанија, во најголем број случаи билингвални, издаваше книги. Така, спонтано се раѓаше литература "меѓу две татковини" што постепено наоѓаше свое место во заедништвото на една богата „canadiana" на овој многунационален и мултилингвален свет, на овој извонредно сложен мозаик од народи, јазици, религии, култури. За одбележување е дека во Канада годишно се печатат околу 35.000 публикации на разни јазици, книги, списанија, документи, зборници и др. што претставуваат предмет на

класификација на таа многутомна библиографија во која се вбројуваат исто така и бројни дела од странски автори.

Првите творби на нашите сонародници-писатели, речи си редовно пишувани на мајчин јазик, ја продолжуваа визијата на родната земја од времето во кое заминале, додека, од своја страна, Канада се индустријализираше и урбанизираше низ перспективите на една модернизација што еволуираше кон прогресивно хомогенизирање на канадското општество. Книжевната култура, со својата антрополошка смисла, посебно ќе се јави како обединувачки фактор во нашите специфични колективитети во оваа земја и како фактор за односот на нашиот човек со новата социјална средина.

Заедничкиот живот и средбата на двете култури и цивилизации ќе доведе и до меѓусебно зближување што, како елемент, постепено но длабоко ќе биде интегриран и во творештвото на речи си секој писател од дијаспората. Литературата има свои сопствени принципи во таа смисла што квебешкиот книжевен критичар и писател Андре Ланжевен кој посебно се занимава со прашањата за влијанието и сличноста во книжевностите, тоа ќе го одбележи на следниов начин: " Литературата не може да биде изолирана како некаков автономен феномен. Таа не само што е во врска со средината, туку и произлегува од неа. "[1]

Оттука и книжевното творештво на Македонците во Канада ги има овие белези на доближување како дел на канадската култура бидејќи во себе ја содржи и богатата комплексност и различитост што коегзистираат во повеќенационалната канадска средина и во нејзиниот книжевен тоталитет. Врз основа на овој принцип, земено пошироко, многу од овие компоненти ќе бидат вткаени посебно во делото на еден од најуспешните и најплодните македонски писатели од дијаспората Стојан Христов кој, живеејќи во разни делови на Соединетите Американски Држви, ќе изгради едно значајно дело што ќе го препорачи за многу признанија и почести. Поаѓајќи од автохтоната традиција на македонскиот народ, тој ќе покаже слух и за пошироки животни интереси и низ уметничката креативност

[1] Langevin, André, *Une littérature à notre image,* in "La Littérature par elle-même", Montréal Cahiers de l' AGEUM, str. 59.

ќе воспостави комуникација и со општочовечките преокупации на современиот човек. Особено неговиот роман *Мојот американски ацилак,* напишан во 1947 година на англиски јазик, а во 1953 година преведен на македонски, може да послужи за илустрација на тезата дека интеркнижевниот процес е еден дијалектички и функционален однос на различните нивои на интеграцијата на делото или на авторот во социјалните или книжевните целини на една друга култура. Ова особено затоа што Македонецот Стојан Христов, зачувувајќи ја докрај својата приврзаност кон родната земја, го најде и своето адекватно место во новата американска средина, афирмирајќи се како писател, публицист и сенатор. Во оваа смисла неговото дело ќе ја привлече нашата книжевна наука и ќе биде предмет на попродлабочено проучување, посебно во врска со неговите тематски извори и уметнички дострели, што ќе го направи во својот докторски труд Даница Цветановска, проследувајќи ја особено фолклорната традиција во неговите литературни дела.[2]

Сличен е и примерот на неколку други писатели од македонско потекло како Атанас Близнаков, особено со неговото дело *Спомени за националната, политичката и културната дејност на Македонците во САД и Канада* (Скопје, 1987) или Петар Стаматов кои во нивните книжевни, публицистички или мемоарски дела ја негуваат исто така македонската тематика и хабитусот на своите сонародници, пробивајќи си на тој начин пат до себенаоѓањето со зачувувањето на врската со родниот крај и прифаќајќи ја, од друга страна, можноста за двојна припадност, изградувајќи го до совршенство и сопствениот билингвизам.

Тесно поврзано со ваквите определби на авторите е и нивното прилагодување кон книжевните жанрови кои најдобро ги приближуваат до нивниот духовен генус во татаковината. Затоа и најчесто ќе пишуваат автобиографски роман, мемоари/ спомени, историографки записи, родољубива и лирска поезија како и публицистичка литература. Иако понекогаш ќе успее да се постави вон просторот и времето, македонскиот автор од дијаспората речи си неизбежно ја следи народната традиција и фолклорното творештво што пак, од своја страна, особено кога

[2] Цветановска, Даница, *Стојан Христов, живот и дело,* изд. куќа Штрк, Скопје, 1995

се работи за поетска творба, претставува еден од елементите за збогатување на авторовиот израз. Оваа литература ги изразува пред сè традициите, културата, јазикот, соништата и сликите сврзани со татковината, но исто така и тагата и револтот на овие откорнатици што историјата и социјалната положба ги принудиле да се распознаваат овде со зборовите преку кои се обидуваат да ја ублажат болката на телото, тагата на душата. Така, користењето на народното творештво, на она што е митско и легендарно, покрај тоа што укажува на богатото духовно и културно наследство на македонскиот народ кое на овој начин наоѓа и афирмација во новата средина, истовремено е и можност за нераскинливо одржување духовна врска со своите корени. Најчеста книжевна тема сепак ќе биде и ќе остане и до денес печалбарскиот живот и митската определба за анализа на проблемите на егзистенцијата, носталгијата по родната грутка, епската борба на Македонецот за слобода, а во однос на новиот живот на канадско тло, темата на адаптацијата и вкоренувањето во новиот свет што, во најголем број случаи, се прикажува низ контрастот на двете далечни средини и цивилизации.

Особен показ за тоа дека духовната традиција и колективната меморија овде нашле свој посебен одглас и творечки изблик ќе најдеме во повеќе поетски дела, иако и меѓу овие творци има примери кога тие се искажале и низ модерен поетски израз. Такви автори се например поетските личности од Торонто, посебно Петар Гиневски, Перса Гиновска, Невена Ациева, Бисера Микаровска, Марија Јанева, Ѓорѓи Филип Тодоровски кој, патем речено заедно со Алексо Лозановски бележи успешни обиди и во расказот. Оваа поезија потпрена пред сè на народната песна што овие книжевни творци ја носат во себе, својата вредност ја има особено во она што ја чини основата на нивниот уметничко дело : инспирацијата, мотивот и емотивноста. Навистина, нивниот уметнички израз не секогаш е издржан, бележи доста осцилации и се движи најчесто меѓу аматерските обиди и композициската наивност, но сепак, во најдобрите случаи, со свите естетски вредности достигнува и висок дострел во современата версификација. Понекогаш, со својата примарна вредност, мотивот и емоциите, некои песни се вистински израз на копнежите и на катадневната тешка мака на напатениот македонски работник, како што е тоа например напластено во

поезијата на Петар Гиновски, посебно во песната *Америка* во која можат да се сретнат и реминисценции од *Денови* на Кочо Рацин :

" Та цела Америка е од дојденци
Канада сега ни е издишка
Торонто е нашето огниште.
Распослан свет на бетон, стакло и железо.

— —
И земјата е измачена, крцка од напор
татни градот-стени, светка и чади.
Затруен воздух, ретко синее небото.

— —
Тоа е нашето време
пулсот на нашите денови
американски, зелени денови
на плеќите наши натежнати
дури и потешки
и од твоите камени гердани. "

(*Америка*)[3]

Вакви примери на мака и тешка заработувачка во услови на печалбарски живот кога истовремено се води и жилава борба за зачуување на својот идентитет има многу во мултикултурна Канада, и меѓу другите етнички групи и доселеници. Такви моменти например се среќаваат во творештвото на Дејви Лафериер, писател од Монтреал, и самиот по потекло од Хаити, што кај него ќе побудат размислувања посебно за човекот- црнец, односно роб на трудот, размислувања што низ нему својствениот лапидарен стил, ќе ја добијат формулата дека " човекот и не се раѓа како црнец, туку станува црнец".

[3] Гиновски, Петар, *Америка*, "Македонија", Матица на иселениците од Македонија, бр. 450, X / 1990, стр. 19

Во оваа смисла, за илустрација ќе го наведеме овде примерот на една Збирка на поезија и проза од 18 италијанско-квебечки автори, издадена во едицијата " Герника" од Монтреал во 1983 година под наслов *Истражувања.*[4] Покрај тоа што вреди да биде издвоена поради книжевните квалитети на нејзините поетскии прозни текстови како и делови од сценарија што достигнуваат и највисоко естетско ниво, оваа Збирка е значајна и како израз на современата коњуктура со национални превирања што се реалност во актуелен Квебек. Овие 18 автори ги обединило нивното италијанско потекло и предизвикот, на ваков творечки начин, да ја сигнализираат својата посебност во заедничкиот културен канадски простор. Во истата едицијa е издадена и книгата есеи на Фулвио Кациа со индикативниот наслов *Под знакот на Феникс*[5] во која се опфатени разговори со петнаесетина италијанско-квебечки творци низ кои е прикажан животот во една италијанска заедница преку паралелното интерпретирање на историското минато и сегашноста на овие луѓе што се прекршува низ нивната сопствена метаморфоза, по примерот на Феникс кој умира ноќе, за секое следно утро да се роди одново. Во канадската критика и оваа книга е поздравена како книжевност на еден канадски " вон-простор", односно на една ДРУГА култура на Квебек. Ваквата тема на мозаици и слоевитост во канадското општество често се среќава и кај канадските писатели, но и кај социолозите. Во таа смисла кај еминентниот канадски критичар и пред сè теоретичар на митската и архетипската подлога на книжевните дела, Нортроп Фрај, во неговата книга *Модерен век,*[6] ќе ја сретнеме дури и формулацијата за

" нестворен идентитет на Канада". Со ова Фрај всушност одбележува дека тој идентитет сеуште не е постигнат во животот, иако донекаде е изразен во канадската култура и особено во расказот кој и најмногу се зафаќа со обработка на прашањата за животот во градот, заедно со неизвесноста и психолошките тешкотии на младиот човек. Вакавата успешност на расказот

[4] *Quêtes: Textes d' auteurs italo-québécois*, présentés par Fulvio Caccia et Antonio d' Alfonso, Montréal, " Guernica", 1983, 283 str.

[5] Fulvio, Caccia, *Sous le signe du Phénix : entretiens avec 15 créateurs italo-québécois* Montréal, "Guernica, 1985, 307 str.

[6] Northrop, Fraye, *The Modern Century*, Toronto/Oxford, 1967, str. 123.

доаѓа секаако од неговата популарна тема, бидејќи е познато дека повеќе од две третини од Канаѓаните живеат во градските населби.

За посебно одбележување во овој контекст е дека животната драма на нашиот човек во туѓина, како тема, останала со трајна актуелност во делата на македонските писатели. Таа ќе биде присутна и кај оние што не отишле далеку од татковината, а уште повеќе, што спаѓаат меѓу најзначајните имиња од македонската книжевност, почнувајќи од периодот меѓу двете светски војни, како што се драмските писатели Антон Панов, Ристо Крле, Васил Иљоски и подоцна Коле Чашуле или поетите Кочо Рацин и Коле Неделковски, сè до плеадата романескни автори по војната, Славко Јаневски, Јован Бошковски, Владо Малевски, Симон Дракул, Методија Фотев, во континуитет до денес со Ташко Георгиевски и др. Како дополнување кон оваа литература доаѓаат и неколку публикации од најново време што преку креативниот приод на нивните автори, ја овековечуваат трагиката на македонскиот народ, копнежот по татковината, борбата за опстојување и одржување траен контакт со македонските корени. Таква е публикацијата на Славе Николовски Катин под наслов *Македонскиот холокауст* (1990)[7], заедно со *Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД,*[8] *8* или пак публикацијата на група автори, членови на Македонско-канадскиот клуб од Торонто издадена во 1980 година на англиски јазик под наслов *Македонските доселеници во Канада и нивното потекло.*

Творештвото на нашите сонародници во Канада ќе биде, секако, и тој неодминлив посредник за воспоставување однос и за пристап кон вреднувањето и на книжевноста на Канада, значајна по своите квалитети, што денес е во видлив подем. . Денес веќе може да се каже дека нашите два света што, во потрага по нови вредности, умеат да се постават и во универзална, општочовешка

[7] Николовски-Катин, Славе, *Македонски холокауст*, "Студентски збор", Скопје, 1990, 336 стр.

[8] Николовски-Катин, Славе, *Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД*, "Нова Македонија", 1991, Скопје, 192 стр.

димензија, имаат зад себе цврсто воспоставен духовен мост за меѓусебно подобро познавање.

На книжевен план, со интензивирањето на културната размена и со посредство на преводот, евидентно е постоењето на еден, иако скромен, охрабрувачки книжевен фонд од дела на франкофонска и англофонска Канада, приопштен на македонски јазик што претставува потенцијален елемент за побудување на интересот на истражувачите, на критиката и на книжевната наука, како и за задоволување на потребите на бројни читатели. Во оваа смисла, од современата канадска поезија на нашата културна средина и е достапен, во доста богат обем, избор од *Современата канаска поезија* од 33 поети од англиското јазично подрачје и 30 од француското.[9] Но тоа е само дел од множеството канадски култури, зашто од културата на древните народи на Канада, од домородната ескимска и индијанска како и неколкуте други доселенички, сè уште немаме преводи на наш јазик.

Во групата автори од гореспоменатиот избор, посебно место заземаат оние чија поезија претставува една отворена култура и митологија, со нови изразни феномени во претставувањето на канадскиот просторен бескрај и на цивилизациската свежест со мистичност каква што има например, посебно за европскиот читател, африканската книжевност. Покрај овој антологиски избор на поезија, како посебно издание се издвојува и поетската збирка толкувања на Френк Дејви *Поштенска картичка*[10] преведена кај нас во 1989 година. Како универзитетски професор од Торонто, Френк Дејви и лично придонесе за поблиско претставување во македонскиот простор на современата канадска литература за време на својот престој во Скопје и Охрид во 1989 година.

Со оваа афирмација на помладата канадска литература уште повеќе се почуствува потребата да се добие поширок увид и во другите видови на канадското книжевно творештво, особено во краткиот расказ, драмата и романот што, секако, би можеле

[9] *Современа канадска поезија* /избор и препев Ленче Милошевска и Ташко Ширилов, "Огледало", Скопје, 1988, 144 стр. Исто така: Милошевска, Ленче, *Современа канадска поезија на англиски јазик*, "Разгледи" 7-8/1990, Скопје, стр. 497-517.

[10] Дејви, Френк, *Поштенска картичка* / превод од англиски јазик Јулија Вељановска Стошиќ, " Огледало", Скопје, 1989, 31 стр.

многу пошироко да ни го доловат, низ уметничкиот чин и творечката фантазија на авторот, историскиот и регионалниот мозаик на канадското општество преку животот на село, во фармите, во богатите четинарски шуми и суровите климатски услови, рударските населби и урбаните феномени, митологиите на древните народи на Канада, времето од нејзиното колонизирање и трансформациите низ кои помина овдешниот човек во последниве 200 години за да се дојде до денешната индустријализирана и хомогенизирана Канада, со генерациите од модерното време, со современи преокупации и психологија. Ова и заради подобро разбирање на нашите сонародници во оваа земја.

На ваков начин воспоставените духовни мостови постепено го будат и интересот за попродлабочени книжевни научни истражувања во обата правца што посебно се веќе видливи во канадската македонистика и, поскромно, во македонската канадистика. Во резултатите на меѓууниверзитетската соработка што се одвива уште од далечните седумдесетти години на нашето столетие, особено во рамките на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, на прво место несомнено е отворањето, од 1990 година, на Катедрата за македонски јазик на Универзитетот во Торонто под раководство на познатиот славист, професор Кристина Крамер. Од септември 1991 година и на славистичкиот оддел на Универзитетот во Детроит (каде живеат околу 30.000 наши иселеници) започна со работа лекторат по македонски јазик. Кон ова значаен придонес дале бројни книжевници и научници меѓу кои, од канадска страна ќе ги одбележиме, меѓу другите, имињата на Ева Кушнер, познат компаратист од Универзитетот од Монтреал која во 1981 година гостуваше со предавања на Филолошкиот факултет во Скопје, на Мирна Косташ или на Андре Роа чиј поетски опус е веќе делумно приопштен и на македонски јазик (*Пред и по големата болест*, 1993, во превод на Љубиша Стојановиќ) и др.

Сметаме за корисно да укажеме овде дека, слично како и кај другите народи, например кај Французите каде што можат да се проследат првите книжевни меѓусебни контакти на овие две земји низ делата на еден Шатобријан, Токвил, Пуибиск или книжевните компаратисти Ампер и Мармие кои, меѓу другото, и

први ги откриваа оралните традиции, домородниот мит, фолклорот и живописната слика на Канада, и кај нас веќе може да се зборува за создадена традиција на еден интеркнижевен процес за подобро меѓусебно познавање на книжевните искуства, за нивното, макар и иницијално проучување и вреднување.

Во овој контекст, како заклучни согледувања можеме да посочиме неколку искуства кон кои се стреми и македонската идентификација во книжевноста на мултикултурна Канада. Еден од очигледните правци е усогласувањето со неминовноста дека различните култури треба да коегзистираат на оваа единствена канадска територија и да ги хармонизираат нивните разлики. Меѓутоа, очигледно е и дека во оваа земја со своевиден идентитет кој во себе носи и полиидентитет како заеднички именител на мултикултурата на овој народ, во создавањето на таа заедничка канадска книжевност, "сочувувањето на идентитетот" претставува еден посебен гениј. Творештвото на овие наши сонародници овозможува да се стекне сознание за нивната идентификација, но и за нивниот живот како канадски индивидуи. Тие се всушност модерни индивидуи вклопени во токовите од крајот на овој милениум во кој се акцентира заштитата на личниот идентитет, за да се заштити и колективниот. За тоа ја користат и моќта на книжевната уметност со која истовремено се стремат да ги надминат и исправат грешките на историјата, нејзините неправди и суровости. Ваквата книжевна позиција им дава оригиналност, го збогатува квалитетот на нивните дела со едно од инаку оптималните решенија што се забележливи и во теориските позиции на семантичкото проткајување на минатото и сегашноста. Следствено, вака изразениот процес во нивната творечка постапка претставува продуктивен акт и неспорно е дека со оваа литература што доаѓа од далечина, Македонија ја збогатува својата култура.

Liljana Todorova

LE MOTIF DE L' ÉTERNEL RETOUR : L'IDENTIFICATION MACÉDONIENNE DANS LA LITTÉRATURE DU CANADA

Resumé

Le thème de l' éternel retour est le grand thème des oeuvres littéraires des auteurs du diaspora macédonienne au Canada et il y a plusieurs raisons pour s' y pencher. Tout en soignant la réalisation du rapprochement de ces deux peuples et l' intégration logique dans les ensembles sociaux et littéraires du milieu canadien, cette production littéraire est marquée par une poétique entrainée vers le phenomène de la tradition nationale, folklorique en particulier, reflétant des exigences qui coïncident evec le thème préféré du retour et de l' enracinement dans le sol natal (l' exemple de l'oeuvre romenesque de Stojan Hristov avant tout, ainsi que les poésies de Petar Ginovski, Bisera Mikarovska, Georgi Todorovski et d' autres). Il arrive aussi que la quête et la sauvegarde de l' identité se transforment en cohabitation des cultures différentes sur le même territoire du Canada multiculturelle et en harmonisation de leurs différences.

УДК 886.6 (091)
886.3 (091) : 886.6 (091)

Ванчо ТУШЕВСКИ

ЗА ПРВАТА РЕЦЕНЗИЈА ВО НОВАТА МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ: „ЗОРА ЈУГОСЛАВЯНСКА ОД РАДОСЛАВА РАЗЛАГА. ТЕЧАЈ II. ЗАГРЕБ 1853“ НА КОНСТАНТИН ПЕТКОВИЧ

По заминувањето од Загреб Константин Петковиќ (1824-1897) се сретнал при крајот на август 1852 г. во Грац со Радослав Разлаг (1826-1880) и со него ги разгледале убавините на градот. Р. Разлаг[1] бил позната културна личност среде штаерските Словенци и тогаш го издавал календарот-ревија "Зора југославенска"[2]; како што сугерира и самиот наслов ова гласило е пропиено со словенофилски дух. К. Петковиќ исто така беше школуван и се движеше во такви кругови кои словенската заемност, заедништвото и др. ги ставаа како светла жижа во нивниот идеен свет за обединување и спасување на сите Словени од туѓото господство. Средбава на двајцата словенски писатели беше од обострано значење. Константин можеше да ги чита двете годишта од "Зора..." и да се напојува уште повеќе во духот на сесловенството зашто Р. Разлаг и нагледно тоа го правел кога ја

[1] За овој автор в. Александар Спасов, Престојот на Константин Петковиќ во Хрватска и Словенија 1852 година. Во: Истражувања и коментари, Скопје, 1978, стр. 145-158. Самиот Петковиќ му испратил две писма и тие се напишани на хрватски јазик, во манирот на сеопштото словенство. "Poslě dugog tumaranja našao sam mladog i vatrenog slavjana R. R. i poslě podne š njim e razgledao razne cèrkve...". Во: Poslanica uredniku Nevena M. B. "Neven", Zagreb, Tečaj I, br. 37, 1852 9 Rujna, str. 588; "Drugi dan t.j., 30 Kolovoza, rano u 8 satih, posetio me je vrědni slavenski domorodac i spisatelj R. R. s kojim sam ugodno proveo skora dva sata, razgovarajući se š njime o jeziku i književnosti našoj, zatim i o ostalih stvarih...". Во: Poslanica uredniku Nevena M. B. "Neven", Zagreb, Tečaj I, br. 47, 1852, 18 Studenoga, str. 747. (Подвлекол В. Т.)

[2] Од ова гласило излегле само две свески, за 1852 и следната 1853 година.

употребил кирилицата како вид взаемност[3] или пак во првото годиште го отпечатил расказот "Борис" од Јосипина Урбанчич.[4] Р. Разлаг се залагал за еден општословенски јазик, пак форма за зближување на сите словенски народи за што и Григор Прличев мечтаеше.[5] Од друга страна Константин ја отпечати својата прва верзија на песната "Б'лгарска девојка и нејзина клетва"[6], потоа го преведе прозниот текст "Борис" од Ј. Урбанчич и конечно објави приказ за второто годиште на "Зора...".[7]

Рецензијата е прва од ваков вид зашто ја напишал Македонец за друга, туѓа книга што се однесува и на јужнословенските народи. Пред тоа во новата македонска книжевност од XIX век познат е критичкиот истап на Теодосија Синаитски кон книгата "Утешение грешним"[8] од Кирил Пејчиновиќ и потоа "Предговорот" во Зборникот од македонски народни песни на Константин Миладинов.[9] Но тоа беа наши луѓе за наши текстови, создадени во други специфични околности и тие претставуваа предговори кон книги.

---

[3] Во воведниот дел кон "Зора..." Р. Разлаг ја истакна една од главните свои идеи за словенската солидарност. Имено: "U 'Zori' ove godine se nalazi više sostavkov tiskanih ćirilicom! jer to je neophodno potrebno, da se i mi zapadni Slavjani, opet priučimo obćeslavjanskoj azbuki". Според Александар Спасов, Непозната стихотворба на Константин Петкович. Во: Истражувања... стр. 141.

[4] Ранопочинатa словенечка писателка (1833-1854). Во преводот на "Борис..." (в. бел. бр. 8) К. Петкович на стр. 12-13 за оваа писателка вели: "Таа приказка има за нас и друго значење: таа е напишана од една родољубива Словенка, едвај сега на 20 години (р. 1833 г.), која со најжешко, искрено срце го љуби Словенството во нашата тажна Бугарија. Таа љубов за родот и за браќата свои ја натера да напише, меѓу другото, и за Бугарите". Потоа Петкович дава извод од мошне вдахновен запис-портрет на Јосефина Урбанчич на стр. 13-15, а бил објавен при нејзиното претставување кога се печател расказот "Борис..." во "Зора југославенска" за 1852 г. В. и Александар Спасов, Престојот... стр. 153.

[5] Критик и преведувач. Во: Григор С. Прличев, Одбрани страници. Приредил Тодор Димитровски, Скопје, 1959, стр. 110.

[6] Александар Спасов, Непозната стихотворба... стр.135-144.

[7] Приказот е отпечатен во рубриката "Славянски новости" под наслов "Зора югословянска од Радослава Разлага. Течай II 1853". Во: "Цареградски вестник" од 29 август 1853, бр. 136.

[8] Кирил Пејчиновиќ, Собрани текстови. Приредил Блаже Конески, Скопје, 1974, стр. 51-52.

[9] Димитрија и Константин Миладиновци. Зборник на народни песни. Под редакција на Харалампие Поленаковиќ и Тодор Димитровски, Скопје, 1983, стр. 7-11.

Рецензијата на К. Петковић е составена од два дела. Во првиот авторот зборува воопшто за информираноста во книжевноста кај нас и во Бугарија од другиот словенски свет. Уште на самиот почеток К. Петковић изразува жалење, со мера на укор - зошто неговиот народ е недоволно запознаен за книжевните настани меѓу словенскиот свет? Иста таква е состојбата кога се пишува за нивните дела. Во примеров Константин го има предвид зборникот "Зора..." во кој се пишувало за расказот "Борис" - бугарскиот цар од младата словенечка писателка Ј. Урбанчич-Турнограјска, или пак таму е објавена неговата стихотворба "Б'лгарска девојка...". Тој предлага да се известува за сè што е напишано на бугарски јазик и уште подобро би било ако се посочи "и што треба да се пишува и печати" за училиштата и читателите. К. Петковић ја слика нашата сиромашна состојба во книжевноста, нејзините суштествени потреби, задачите на денот, непросветеноста та затоа препорачува некој бугарски весник да информира и за одредени книги што се печатат во другите словенски земји, северни и западни словенски браќа - како што сликовито се изразува авторот. Синтагмата словенски браќа е многу индикативна за духот на сесловенството, препознатлив белег, речиси слоган и амблем на времето.[10]

Авторот на разгледуванава рецензија најмногу држи до приказите: што другите словенски народи пишуваат за нас и воопшто што е важно за рецепцијата, која е од пресудно значење за понатамошниот развиток на една книжевност. Да се види што и како другите народи објавиле, кои се идејно-естетските мерила и општиот сензибилитет на уметничката реч па така да се чекори напред по трагите на поразвиените литератури. Угледувањето од другите е основна идеја што К. Петковић ја пласира во рецензијава. Тој е уверен дека би било корисно препечатување на прикази на "словенски книжевни цели состави, убаво напишани и

[10] Како многу впечатлива поткрепа кон ова приложуваме извадок од дневникот на Р. Разлаг по средбата со К. Петковић, пишуван на 19 септември 1852 г.: "Srodni drusi u prostranoj Slavii se razumevaju - daj o Bože sloge i vzajemnoste srećen naprèdek! G. Stojan Dimitriev Пяткович me pohodiše početkom ovoga meseca. Dobro došli, pobratimi!.. iz prostrane Славіи". (Истакнал и разретчил В. Т.) Очигледен е афективниот однос на Разлаг кон словенството, кон неговиот пријател Петковић и тој настои да го подвлече и преку пишувањето на кирилица на убаво одбрани термини. Александар Спасов, Непозната стихотворба... стр. 141.

со корисна содржина" во превод. Ваквата постапка Петкович ја оценува пополезна од некои други самоволни размисли и ги смета како високоразумни. Оваа просветителска и нужна идеја за учење од поразвиените тој ќе ја елаборира и во предговорот од својот превод на расказот "Борис" од споменатата Ј. Урбанчич: "Ако немаме уште свое во (кај) себе, нека земеме пример /преглед/ од другите наши Словенски браќа, па да се трудиме и мачиме, колку можеме, за нашиот род, за општо и свое добро".[11]

Во вториот дел од рецензијава авторот се задржува конкретно врз описот на календарот-ревија "Зора...", на нејзиното второ годиште. Во него најнапред тој го претставува издавачот на алманахот, Радослав Разлаг "кој е еден од највлијателните и најспособни словенски /словенечки/ млади писатели". По ова, како што е вообичаено, К. Петкович набележува кои автори зеле учество и посочува наслови на дел од објавените текстови, не означувајќи ги кој кому му припаѓа што е очевиден пропуст. Важно е да се подвлече дека прилозите се во духот на сеопштото движење: словенофилството. Најречито за ова сведочат насловите кои еден дел го носи атрибутот словенски. Пример: Slavjanska azbuka, Uvod u slovnicu slavjanskuju, Блъгарска дѣвойка, Србске народне пјесме, Ciril i Metod, Чртици о всеруској царевинѣ, Slava итн.

К. Петкович е одушевен дека "Зора..." објавува текстови и на кирилица зашто тоа поднебје ја знае само латиницата како званично писмено комуницирање. Ова е срдечен гест со кој се изразува словенската солидарност за поголемо зближување на братските народи. Тој го велича кирилското писмо како најстаро и најзначајно за сите Словени. Се разбира, К. Петкович е понесен од оваа идеја и ја поздравува гласно. Таа е израз на една еуфорија, на зовриени идеали на сесловенското заедништво кое се породи од стравотната угроза што идеше од туѓите поробувачи.[12]

---

[11] Борисъ, првъ вы христіанскы царь на Блъгарыты. Поблъгарена Исторійска приказка, писана по Словенскы отъ Їосифинѫ Тѹрноградскѫ, Цариградъ. Въ: Тѵпографѭ-тѫ на Ѳаддеꙗ Дивичіана. 1853, стр. 29.

[12] Кај самите Словенци како отпор на германизмот во тоа време се јавува сесловенското движење, изразено кај сите автори во "Зора...": кај Р. Разлаг, Јосипина Томан (Урбанчич), Ловро Томан, Јос. Радониевич, Даворин, Ловро Вогрин, Цафов и Божидар Раич. Особено сопругот на Јосипина, Л. Томан, пламено е настроен кон словенската заемност, кој ја велича општата мајка

Сензибилните ветришта на времето дадоа и вакви утопистѝчки сфаќања. Иако е тешко остварлива, велеше Григор Прличев, таа е нужда на времето.[13] Токму таа нужда на времето е идеолошката потреба да се здружат сите словенски народи во најмоќното духовно средство - јазикот. Во тој контекст К. Петковић приложи извод од текстот од "Зора..." "Цртица за серуската царица" кој ја велича моќта и убавината на рускиот јазик што се зборува низ бескрајното пространство во Европа и Азија.

Приказот на К. Петковић за алманахот "Зора..." е многу краток, информативен текст. Во првиот дел авторот зазема критички став кон непросветеноста на својот народ кој е многу малку запознат и посочува конкретни примери. Вториот дел, пак, многу накусо ја известува јавноста за содржината на зборникот. Авторот не завлегува ни најелементарно во содржината на прилозите. Тој повеќе се задржал на самото писмо и на јазикот на текстот кои во тогашниот момент биле суштествени карактеристики за духовното течење на времето. Отсуствува сопствен став барем за некои текстови, особено во литературните бидејќи К. Петковић и самиот бил писател. Тоа што го понело да раскрили некој збор повеќе за овој алманах кој во насловот ја означи муграта на југословенската федералистичка идеја, е прашањето за сеопштиот јазик.

Но сепак, вредноста на оваа прва рецензија во новата македонска книжевност се состои во тоа што К. Петковић критички пристапи кон домашната интелектуална глувотија и со свои прогресивни размисли го поттикна лостот што ја движи литературата - проникнувањата. И второ, тој за домородната публика претстави, макар и бегло, една книга од друго словенско поднебје. И, при сево ова треба да се има предвид дека К. Петковић туку што ги прави своите чекори во литературата. Тој

Слава. В. Slovenski biografski Leksikon, 12 zvezek, Ljubljana, 1980, стр. 100. Во истово издание в. и за Јосипина Томан, стр. 99. За писателите што се споменуваат овде користен е и: Slovenska književnost, Ljubljana, 1982. Ванчо Тушевски, Словенството, словенофилството и словенската заемност кај македонските преродбенски писатели. Во: Реферати на македонските слависти за XI Меѓународен славистички конгрес во Братислава, Скопје, 1993, стр. 182.

[13] Драги Стефанија, Прличевиот панславизам. Охрид, 1988. Ванчо Тушевски, Кратка Словенска граматика. По повод изданието: Григор С. Прличев, Кратка словенска граматика. Приредиле (...) Спектар, Скопје, X, бр. 19, 1992, стр. 171-173.

само што дипломирал славистика (1852) кај познатиот Срезневски и природно нема доволен опит во книжевното творење макар што веќе се појавува во уметничката и научна реч.



СЛАВЯНСКИ НОВОСТИ.

Зора югославянска од Радослава Разлага. Тачай и. Загребъ 1853.

Все що ся пише и печати по славянски въ Европа между нашите единоплеменни братье тежко дохожда до нашитѣ българскы учени и читатели, които не толкмо за вънкашни книжевни производи, нъ често и за оно, що ся пише, мало много, и печата блазу нихъ и вараде нихъ не чуятъ и не знаятъ. Колко за домашното наше, — за българскитѣ книжници, ные мыслиме, защо не щѣше да быде безпорытно, и за Вѣстникъ и за наши читатели, ако ся навѣстяваше на прилично врѣмя за все нѣщо, що ся печати по български, а еще повече, ако ся указуваше по нѣкой пать и какво нѣщо трѣбе да ся пише и печати, що е потрѣбно за нашитѣ училища и читатели. А отъ друга страна, повеже нашата книжнина е еще сиромашна, и ные нѣмаме срѣдства да ся подарѣпиме брѣго и тана, щото да можо да отговара поне малко нѣщо на потрѣбноститѣ, които дочь на день ся умноживатъ, заедно съ развиванъето и шириенъето на народното наше просвѣщение, то такожде не одѣше да быде изгубенъ трудъ, ако единъ българскы Вѣстникъ имаше возможность по нѣкой пать да навѣщава своитѣ читатели и за нѣкои отъ славянскы те книги, що ся печататъ въвъ отъ Българіи, между нашитѣ сѣверни и западни славянски братье, и особито за таквы книги, пои имаатъ малко много, отношеніе спрѣма нась, и можено изъ нихъ да излѣчеме такво сѫдрѫжаніе, което не може еще да ни прѣдстави сиромашната наша книжнина. Ные сме увѣрени про това, защо ако единъ българскы Вѣстникъ прѣпечатоваше по нѣкой пать отъ таквы славянски книги цѣли сѫстави хубаво написани и съ поучително сѫдрѫжаніе, и ги прѣдаваше на своитѣ читатели мало много прѣпревожи, спрѣма български языкъ, нѣкаше да заслужи отъ нихъ по голѣма благодарность и похвала, негли да пълни свои тѣ листови съ пое какви разсужденія, които са повысени отъ разумѣнието и за нашитѣ учени и нашитѣ читатели.

Между такви славянски книги, които трѣбе да сѧ познати и на нашинци, іе и горѣпомынутата книга „Зора Югославянска„ напечатана сега брѣго въ Загребъ, въ Кроація, отъ Г. Радослава Разлага, който іе единъ отъ найдѣятелнитѣ и найспособнитѣ славянскы млади писатели. Освѣнъ Г. Разлага прієли, съ участіе съ своитѣ трудове: Г. Іосифина Турногрдска, Г. Милица Ж. . . . Г.г. Ловро Томанъ, Іос. Радоіевичъ, Дасторинъ, Ловро Погринъ, Цафовъ и Божидаръ Рашъ.

Сѫдрѫжаніе-то на тая „Зора„ сѫстоіся отъ прозаични и стихотворни произведи, написани съ найгорища любовь за славянско братство, за славянско книжевно общиніе. Особито ные набѣлѣжуеме оніе сѫстави, които имать и за насъ мало-много значеніе: 1) Словенска азбука; 2) Уводъ въ Словенща всеславянскаѫ; 3) Кирилъ и Методъ, пръвы вѣроучителя славянскы, 4) Народность и вѣра, 5) Чрътица о всерусской царевнѣ и 6) О глаголѣхъ.

„Зора югославянска„ е писана и печатана отъ Словенца и Католица, кои пишатъ съ латинскы слова, како що и всичкѣ западни Славяне, отцѣпени отъ наша Православіе; нъ, на радость наша и не всичкѣ православни Славяне, има оно своіе недостатъкъ и нѣколко сѫстави съ кирилски славянскы слова. Съ това азиадин-то наши братья показуватъ свое продпочитанье за славянскыта стародавна святина, която ные — на счастіе — начувахме и за себе и за нашитѣ братье, и признаватъ, защо едно нѣщо тудже освоіватъ е тудже, и не може сосѣкашъ да прекрасте и плодъ сродонъ да принесе, и толко това, що е свое, сродно, има и животъ и сила, и може да мы води на слава и счастье.

Особено за насъ Българи то е важно, що нашитѣ западни братья, въедно съ славянскытѣ азбука, прииимаатъ и правописъ близкъ по наша стародавна Славянщина и наше българщина, и подаатъ на ржке за единъ общо книжевенъ всеславянскы языкъ. Съ любопытство на нашинци прилагаме одъ нѣколко редови отъ сѫставъ „Чрътица о всерусской царевнѣ„ Рущинов, погворящъ само истынюк прѣбывателы Европы изходные, кого ось есть такодье господствующыхъ языкомъ цѣлы сѣверные и источные Азіи одъ Урала до Камчатки. Она есть образователница и просвѣтителка суровыхъ сѣзеранов въ Азіи. Уже въ волни обширные пространство, на которой рущатина господжитъ, са готово даіетъ взаимочити на благыхъ бждитность, и одеждъ нужднo слѣдитъ святая длжность за всякога изображена Славена мако сонародника тои огромна племене неопѣшанога горазвостнаго добро и точно проучити драженетъ руснога языка.„

К. Д. Петковичъ.

(факсимил од рецензијата на Константин Петкович)
Словенске новости.
Зора југославенска од Радослав Разлаг. Годиште II. Загреб 1853.[14]

[14] Превод на македонски литературен јазик од Ванчо Тушевски.

Средбите со Константин Петковиц со словенечките културни работници во летото на 1852 г., срдечната прифатеност на нашиот прв дипломиран славист од страна на тамошните писатели, запознавањето со нивниот просветен и јавен живот, преводот на расказот "Борис" од Јосипина Томан Урбанчич на македонски јазик, рецензијата на "Зора..." објавена во цариградскиот печат, доброто знаење на словенечкиот јазик и др. доволно укажуваат за никулците на проникнувањата помеѓу македонската и словенечката книжевност во XIX век.

Сè што се пишува и печати на словенски[15] во Европа меѓу нашите едноплемени браќа (братье)[16] тешко доаѓа до нашите бугарски учени и читатели, кои, не само за надворешните книжевни дела, но често и за она, што се пишува, малу многу, и печати близу нив и заради нив не слушаат и не знаат. Колку за нашето домашно - за бугарските[17] писатели, ние мислиме дека не ќе беше бескорисно, и за весникот[18] и за нашите читатели, ако се известуваше во прикладно време зе сè нешто што се печати на бугарски, а уште повеќе ако се укажуваше по некој пат и што треба да се пишува и печати, што е потребно за нашите училишта и читатели. А од друга страна, зашто нашата книжевност уште е сиромашна и ние немаме средства да се поткрепиме така брзо па да може да одговара барем малку на потребите, кои ден низ ден се намножуваат, заедно со развивањето и ширењето на нашата народна просвета, тоа исто така (такожде)[19] не ќе беше изгубен

---

[15] На сите места во текстот К. Петковиц ја употребува стсл. форма "славјански". Овој навев е многу видлив во неговите текстови. Тоа секако доаѓа од студиите и од неговите патувања што ги презел, задржувајќи се најмногу на Света Гора.

[16] Оваа форма е најблизу до рускиот јазик што е природно зашто Константин таму поминал подолг период на школување.

[17] Редовно се дава оваа форма, но како башиноселец од велешко природно тој ги подразбира и македонските Словени. За илустрација в. го неговиот исказ во писмо до Стефан Веркович: Документи за българското възраждане от архива на Стефан И. Веркович 1860-1893. Съставили и подготвили за печат Дарина Велева и н.с. Трифон Вълов... София, 1969, стр. 19.

[18] К. Петковиц зборот весник редовно го пишува со голема буква, претежно мислејќи на "Цареградскии вестник".

[19] Стсл. форма. В. Речник црковнословенскога језика. Израдио прота Сава Петковић, професор богословије у пензији, Сремски Карловци, 1935, стр. 274. Овие лексеми ги одбележуваме за да укажеме дека многу -изми влијаеле при пишувањето на К. Петковиц. Тој го знаел мајчиниот јазик, но ретко пишувал на него зашто го потиснала руската образована средина. Знаел и српскохрватски но на почетокот од конзулската кариера тој се меша со многу македонизми. Во:

труд, ако еден бугарски весник имаше можност по некој пат да ги известува своите читатели и за некои од словенските книги, што се печатат надвор од Бугарија, меѓу нашите северни и западни словенски браќа, и посебно за такви книги, кои имаат, малу многу, врски со нас, и можеме од нив да извлечеме таква содржина, кое не може уште да ни ја претстави нашата сиромашна книжевност. Ние сме уверени при тоа, зашто ако еден бугарски весник препечатуваше по некој пат од такви словенски книги цели состави убаво напишани и со корисна содржина, и ги предаваше на своите читатели малу многу преправени, според бугарскиот јазик, имаше да заслужи од нив поголема благодарност и пофалба, одошто да ги полни своите листови со некакви расудувања (разсужденія)[20], кои се повисоки од разумноста (разумѣніето)[21] и на нашите учени и на нашите читатели.

Меѓу такви словенски книги, кои треба да ги познаваат нашите, е и гореспоменатата книга "Зора Југославјанска" напечатена сега брзо во Загреб, во Хрватска (Кроација)[22] од Г. Радослава Разлога, кој е еден од највлијателните и најспособни словенски[23] млади писатели. Освен Г. Разлага зеле учество со свои трудови: Г. Јосифина Турноградска, Г. Милица Ж..... Г. г. Ловро Томан, Јос. Радониевич, Даворин, Ловро Вогрин, Цафов и Божидар Раич.

Документи за българското възрадане от архива..., стр. 19; Симон Дракул, Македонските преродбеници Константин и Андреја Петковић во светлината на нивната кореспонденција. "Гласник на Институтот за национална историја", Скопје, XXI, 1977, бр. 1, стр. 213. на истата страница, со факсимил на претходната, во писмо до В. И. Григорович од 1850 г. Петковић пред своето име го додал и народното, националното "македонец". Ова во многу го дообјаснува она "бугарско" за кое пишува низ статијата. Да се в. бел. бр. 3.

[20] Стсл. форма. В. Речник црковнословенскога језика... стр. 214. В. и: Тодор Димитровски, Наставките -ие и -ние во македонскиот писмен јазик во XIX столетје. Во: Од Пејчиновиќ до Рацин. Скопје, 1982, стр. 16-67.

[21] Истото.

[22] Латинско име за Хрватска

Александар Спасов, Престојот на Константин Петковић во Хрватска и Словенија во 1852 година. Во: Истражувања и коментари, Скопје, 1978, стр. 145-158.

[23] Треба да стои словенечки, но К. Петковић не прави разлика.

Содржината на таа "Зора" се состои од прозни (прозаични)[24] и стихотворни дела, напишани со најгорешта љубов за словенското братство,[25], а за словенското книжевно општење.[26] Посебно ние ги забележуваме овие состави, кои за нас имаат малу многу значење: 1) Словенска азбука, 2) увод во Граматика (Словница) сесловенска, 3) Кирил и Метод(иј), први вероучители словенски 4) Народност и вера, 5) Цртица за серуската царица и 6) За глаголите.[27]

"Зора југословјанска" е пишувана и печатена од Словенци и Католици, кои пишуваат со латински букви, како што и сите западни Словени, отцепени од нашето Православие, но за радост наша и на сите православни Словени, таа има свој натпис и неколку состави со кирилски и словенски букви. Со тоа западните наши браќа го покажуваат своето претпочитување за словенската старовремска (стародавни)[28] светиња, која ние - на среќа - ја зачувавме и за себе и за нашите браќа и припознаваат, зашто едно нешто туѓо секогаш е туѓо, и не може сосема да прирасне и плод сличен да даде, и толку за тоа, што е свое, сродно, има и живот и снага, а може да нѐ води во слава и среќа.

Посебно за нас Бугарите е важно, што нашите западни браќа, заедно со словенската азбука, имаат правопис близок до нашата стародревна "Славјанштина"[29] и на нашата бугараштина и ни подаваат рака за еден општ книжевен сесловенски јазик. За љубопитство на нашинци приведуваме овде наколку редови од составот "Цртица на серуската царица": "Со рускиот не зборуваат само поголемиот дел од жителите (прѣбивательи)[30] на Западна Европа, туку истиот јазик царува во цела северна и источна Азија

---

[24] Така е и во оригиналниот текст. Треба: прозни.

[25] Ванчо Тушевски, Словенството, словенофилството и словенска заемност кај македонските преродбенски писатели. Во: Реферати на македонските слависти за XI Меѓународен славистички конгрес во Братислава, Скопје, 1993, стр. 177-184. Овие термини кажуваат за познатите духовни движења меѓу сите Словени вс тоа време. Следствено во таков дух е обземен и К. Петковић така што неговото творештво има многу од тој сесловенски навев.

[26] Истото.

[27] Сите теми во списанието дишат со тој општословенски сензибилитет. Впрочем и насловите ова го илустрираат.

[28] Во оригиналот стои оваа стара форма.

[29] Заради поголемо духовно доближување до оригиналниот текст, заради патина, овој термин го оставаме во првобитната форма.

[30] Така е во изворникот.

од Урал до Камчатка. Тој е учител (образовательница)[31] и просветител на суровите северјанци во Азија. Веќе од многу (велми)[32] опширните простори, на кои русинштината господари, речиси дава да се заклучи во блага иднина и одовде потребно е да се следи светата должност за секој учен, префинет (изобразен)[33] Словен како сонародници на толку огромното племе со неопислива горливост (неопѣшаноѭ горливостиѭ)[34] добро и точно да се проучи драгоста на рускиот јазик".

К. Д. Петковић


ЗОРЯ

ZORA

JUGOSLAVENSKA,

od

RADOSLAVA RAZLAG-A.

Tečaj II

U ZAGREBU,

tiskom i troškom Franje Župana.

1853.

KNJIŽARA

SVETOZARA GALCA

U

ZAGREBU.

(факсимил од содржината на првото годиште на списанието "Зора Југословјанска" за 1852 година)

[31] Пак заради дообјаснување го оставаме оригиналниот термин кој, како во бел. бр. 14, потешко е преводлив.
[32] В. бел. бр. 14-15.
[33] Истото.
[34] Истото.



KAZALO.

	Strana
Uvod	5
Pametar	13
Slavjanska azbuka	20
Uvod v slovnicu vseslavenskuju	23
O volšebnicah	45
Začetek Pole v Istri	47
Někaj o Apolini ili Belini	48
Българска двойка	50
Српске народне пјесме	53
Želja za otroskimi lêti	58
O slovosu	59
Na bojišću	61
Tožbe ljube	63
Dvě rožici	64
Na grobu Prešerna	65
Nadahnutje	66
Zapad slnca	68
Dvoje slnce	69
Kâranje	—
Za god Radeckoga	70
U Radecky-pametar	71
Domovina	—
U tudjini	72
Moj rod	73
Lepir	74
Zvêstost	75
Najlêpši den	76
Moja nadêja	76
Najblaženije čuvstvo	77
Na razstanku	78
Moleča	79
Ciril i Metod	80
Narodnost i věra	101
Tvèrdislav	113
Rožmanova Lenčica	128
Prorokba	141
Milotinke	144
Plamice	148
Чртица о всерускоj царевнић	153
O glagoljeh od-Cafova	158
Slava	226

(факсимил од содржината на второто и последното годиште на списанието "Зора Југословјанска" за 1853 година)

УДК 820 - 2.09

Владимир ЦВЕТКОВСКИ

ЕДНА РЕФЕРЕНЦА НА ШЕКСПИР ЗА МАКЕДОНИЈА ВО ДРАМАТА *КРАЛ ХЕНРИ V*

Шекспир не само што го сметал 'сиот свет како сцена' недвосмислено кажано во *Како што милуваше* (As You Like It), туку многу сценски прикази се распослани по различни европски и воневропски земји, покрај оние чиишто дејствија се случувале во Англија, некои пак се предели имагинарни низ кои дефилираат личности и карактери од различни народи, бои и верска припадност. Ете зошто многу учени се обиделе да ги расветлат специфичностите на тие поднебја и земји кадешто се одвиваат одредени сценски игри и дејствија збогатени со посебностите на културолошкиот контекст како една од примарните особини на личностите преку кои односната култура се манифестира како неделив дел од уметничката архитектоника на драмското дело што авторот го создал.

Хрватскиот шекспиролог, професорот Јосип Торбарина, дел од својот научен опус му го посветил на разјаснувањето на одредени места и земји кои, на еден или друг начин, служат како заднина на одредени сценски дејствија во одредени драмски дела.

Тој ги издвоил следните земји што се застапени во драмските дела на Вилијам Шекспир:

I Англија. Тука се одвиваат дејствијата во историските драми и тоа почнувајќи од *Крал Џон*, *Ричард II*, *Хенри IV*, *Хенри V*, *Хенри VI*, *Хенри VIII*, *Ричард III*, како и драмата *Веселите жени од Виндзор*.

II Древна Британија. *Крал Лир*, *Симбелин* како и шкотскиот *Макбет*.

III Италија. *Кротењето на фуријата, Двајцата центлемени од Верона, Ромео и Џулиета, Трговецот од Венеција, Многу врева за ништо, Отело.*

IV Други европски земји. Навара (*Загубен љубовен труд*). Илирија (*Дванаесетта ноќ*). Данска (*Хамлет*). *Франција (Сè е добро што добро ќе се заврши*). Австрија (*Мера за мера*).

V Стар Рим. *Тит Андроник, Јулие Цезар, Антониј и Клеопатра, Кориолан.*

VI Древниот свет. *Комедија на грешки, Сон во ноќ сред лето, Троил и кресида, Тимон од Атина.*

VII Имагинарни земји. *Како што милувате, Перикле, Зимска приказна, Бура.*[1]

Во статијата професорот Јосип Торбарина накусо се задржува врз сите споменати земји и нивните културни специфичности, меѓутоа, тој најопширно се задржува врз земјата Илирија спомената во *Дванаесетта ноќ* и прави обид да го разгрне превезот на мистичноста и таинственоста со која е обвиена оваа земја, иако географски точно се знае дека таа се наоѓа(ла) на тој европски полуостров. Тој без двоумење смета дека станува збор за Далмација и дека таинствениот град 'Со знаменитости и нешта знајни, прочуен со минато славно,' не е никој друг туку градот Дубровник, градот што по бродоломот што ги задесил на брегот на Илирија, Себастијан му предлага на својот пријател Антонио да одат и да ги разгледаат реткостите на тој град. (*Дванаесетта ноќ*, III.3.19).

За оваа своја констатација професорот Торбарина поткрепа наоѓа, и ги поврзува фактите што Шекспир ги истакнува во ова драмско дело, со славното минато на Дубровник кој не му бил непознат на големиот драмски писател. Имено, англискиот крал Ричард Лавовско Срце по бродоломот што го задесил кај Дубровник по враќањето од Крстоносниот поход во Палестина ја изградил старата катедрала која била уништена во земјотресот што го зафатил Дубровник во 1667 година. Други учени пак, овој

[1] J. Torbarina: The Setting of Shakespeare's Plays (With Special Reference to Illiria in Twelfth Night), *Studia Romanica et Anglica Zagrabiensia* Num. 17-18, pp. 21-59, Filološki fakultet, Zagreb, 1964.

мистичен град го идентификуваат со Сплит, прочуен со Диоклецијановата палата, додека други пак одат уште погоре па сметаат дека тоа бил градот Задар[2].

Се чини Македонија како да му се подзатскрила од пред вниманието на Шекспир па така ете ниту едно дејствие на драмско дело на овој значаен ренесансен драматург не се одвива на нејзина почва. Но не е сосема така. Тој во една, би можело да се рече, сосема маргинална референца низ дијалогот на една епизодна личност, Велшанинот Флуелен во драмата *Крал Хенри V*[3], Шекспир сепак ја спомнува Македонија и нејзината река, иако тој не го наведува нејзиното име.

Еве што тврди Флуелен:

> Flu. I think it is in Macedon where Alexander is porn. I tell you,captain, if you look in the maps of the 'orld, I warrant you sall find, in the comparisons between Macedon and Monmouth, that the situations, look you, is both alike. *There is a river in Macedon, and there is also moreover a river in Monmouth: it is called Wye at Monmouth; but it is out of my prains what is the name of the other river; but 'tis alike as my fingers is to my fingers, and there is salmons in both.* If you mark Alexander's life well, Harry of Monmouth's life is come after it indifferent well; for

[2] Ibid. стр. 33.

[3] Според издавачот на драмата *Крал Хенри V*, Џ. Х. Валтер (J. H. Walter ed. *King Henry V, The Arden Shakespeare, Methuen & Co Ltd, London, 1970*), Шекспир го напишал ова дело, најверојатно, во 1599 година. Ова свое тврдење И. Х. Валтер го поткрепува со историски факти што се случиле во Англија за време владеењето на Елизабета I. Крал Хенри V владеел со Англија од 1413-1422. Тој се родил во Монмут (Monmouth) па затоа, Велшанинот Флуелен во шеговит разговор го именува како Harry of Monmouth. Хенри V ја обновува Стогодишната војна со Франција што ја започнал уште Едвард III во 1337 и успеал да им нанесе тежок пораз на Французите победувајќи ја француската војска кај Ажинкур во 1415 година. Потоа следи уште една значајна победа која е крунисана со спогодбата потпишана кај Тројес (The Treaty of Troyes) 1420 со францускиот крал Шарл VI кој што го назначил за регент на Франција и налследник на престолот на династијата Валоис, зашто Хенри бил оженет со Катерина ќерката на Шарл VI, лудиот француски крал, која пак ќе му го пренесе лудилото на нивниот син Хенри VI, кој по смртта на двата крала додека бил уште во пелени ќе биде крунисан како за крал на Англија така и на Франција.

there is figures in all things. Alexander, God knows, and you know, in his rages, and his furies, and his wraths, and his colers, and his moods, and his displeasures, and his indignations, and also being angers, look you, kill his best friend Cleitus[4].

King Henry V Act IV, Sc. VII pp. 125.

Флу. Чинам дека Александар е лоден во Македонија. Ви велам капетане, ако погледнете на картите на свето, Ве уверувам дека ќе забележите, кога ќе ја споредете Македонија со Монмут, ситуацијата, внимавајте, е потполно иста. *Во Македонија има една река, а исто така има една река и во Монмут: таа се вика Ва(j) во Монмут; ама ми изветреало од умот како ѝ е името на другата река; но потполно е исто; исто е како што се исти и прстиве од рацеве, и во обете има пастрмки.* Ако добро се присетите за животот на Александар, Бог свети знае, а и Вие знаете, во своите бесови и фурии, но и во лутината, па и во испади и во ќутот, кога е незадоволен и го обземе индигнација, па и кога мозочето малку му е под алкохол, што ли не правеше кога беше пијан и во лутина, внимавајте, го уби дури и својот најдобар другар Клеит.

Крал Хенри V, чин IV, сцена VII стр. 125.

(превод В. Цветковски)

[4] Cleitus. Близок пријател и генерал на Александар. За време на еден банкет во Мараканда во 328 година пред н.е. Александар бил подзагреан од виното се фалел со своите постигања и со презир се однесувал кон оние на неговиот татко Филип. Клеит, исто така подзагреан од виното, го хвалел Филип и намерно го оцрнил Александар. Во својот бес Александар го убил Клеит со стрела што ја истргнал од својот телохранител.

Што нè наведува на претпоставката дека овде станува збор токму за оваа Македонија и нејзината река? Иако Флуелен не ѝ го спомнува името на реката, тоа без сомнение има одредена стилска функција во делото, Шекспир добро знаел како се вика реката. Оваа наша претпоставка ја поткрепуваме со сведоштвата што ги наоѓаме во картите на светот што почнале да се печатат во шеснаесеттиот век, векот на големите откритија на новите континенти и морските патишта. Имено во картите на светот што ги издал Францеско Росели (Francesco Rosselli) во 1490 и потоа во 1506 името на централниот дел на полуостровот е означено како *Macedonia* додека пак името на реката што тече низ неа е дадено како *Vardaro Flu*[5]. Јасно, овде името на реката е дадено во латинизирана форма, што би можело да се потврди со кратенката Flu. од лат. *fluvius* 'река'. Речиси, во потполно идентична форма го среќаваме името *Vardaro Flu.* и во картите на Џакобо Гасталдо (Jacobo Gastaldo: *Neoterica Descriptio 1560 Graeciae Universae, Secundum Hodiernum*, situm. Bm-MR. Maps C2. D.5).

Да се вратиме на Шекспировиот текст. Личноста Флуелен (Fluellen) е Велшанин којшто зборува англиски со типичен велшки изговор, што Шекспир го презентира и со посебна графиска форма. Можеме да претпоставиме дека тој името на реката *Wye* кај Монмут го изговарал како [va:] за да може да тврди дека и двете имиња на реките се 'исти како и прстите на рацете', овде секако тој се сеќава на првиот слог од името на реката Va(rdaro), зашто како точно ѝ е името на реката 'му изветреало од умот'.

Тој исто така, како одлика на неговиот велшки изговор, очигледно не може да ја изговори фонемата /b/ од англискиот јазик, така тој во неколку примери ја заменува со фонемата /p/; па наместо *big* тој изговара *pig*, наместо *born*, тој изговара *porn*, *prains* наместо *brains*. Не случајно Шекспир ја ставил оваа личност меѓу богатата галерија на карактери во оваа драма; нема сомнение дека неговиот говор предизвикува комични ефекти. Меѓутоа, овде можеме да откриеме уште една црта на велшкиот карактер и нивниот однос кон англискиот монарх, кој ја носи титулата *Принц*

[5] F. Rosselli: World 1490, World map 1506, World Map in 2nd edition of Bardone 1532.
R. Almagia: On the Carthographic Work of Francesco Rosselli, Imagio Mundi VIII, pp. 27, Stockholm 1951.

од Велс, титула што уште Едвард I им ја одзел на велшките принцови кога го покорил Велс и ги погубил принцовите заедно со големиот Принц Ливлин (Llywelyn) во 1282 година. Ете зошто, тој правејќи споредба меѓу Александар Велики и Хари од Монмут дека тие се слични во многу нешта тој ќе го нарече *Aleksander the Pig*, наместо *the Big*, индиректно алудирајќи на Хенри V.

Еве ја и таа алузија на Флуелен:

Flu. Ay, he was porn at Monmouth, Captain Gower. What call you the town's name where Alexander the Pig was born?

Во првиот дел на реченицата тој употребува *porn*, наместо *born* потоа *Pig*, наместо *Big*; но на крајот тој го изговорува зборот *born*, правилно на англиски, така што, сепак тој како да греши намерно за да го изговори зборот *big* како *pig*, според тоа зборот има двојно значење и како *крмак* и како *голем*.

Флу. Аха, тој е роден во Монмут, капетане Гауер. Како ли му е името на градот каде што Александар Крмакот (Големиот) се родил?

Според наброените карактеристики на карактерот на Александар Велики и Хари од Монмут, име што Флуелен го употребува наместо Хенри, тој повеќе има на ум *pig* одошто *big*, кој намерно го употребува зборот *pig/big* , наместо *great* зашто веднаш потоа Капетан Гауер го поправа:

Gow. Alexander the Great. 'Алексаѓдар Велики.'

Flu. Why, I pray you, is not pig great? The pig, or the great, or the mighty, or the huge, or the magnanimous, are all reckonings, save the phrase is a little variations.

Флу. Зошто Ви се молам, зарем pig (big) не значи голем, или велик, или пак моќен, или огромен, или магниномен, сите тие значат

едно те исто, само што во изразот постои мала варијација во значењето.

Gow. I think Alexander the Great was born in Macedon: his father was called Philip of Macedon, as I take it.

Гау. Мислам дека Александар Велики е роден во Македонија: Татко му се викал Филип Македонски, толку јас знам.

Натаму, Гауер повторно се обидува да го одбрани 'својот' крал од нападите на Флуелен кој оцрнувајќи го Александар индиректно тој сето тоа му го припишува на Хари од Монмут така колку што е Alexander the Pig истото би можело да се рече и за Хенри.

Gow. Our king is not like him in that: he never killed any of his friends.

Flu. It is not well done, mark you now, to take the tales of my mouth, ere it is made and finished. I speak but in the figures and comparisons of it: as Alexander killed his friend Cleitus, being in his ales and his cups, so also Harry Monmouth, being in his right wits and his good judgements, turned away the fat knight with the great-belly doublet: he was full of gests, and gipes, and knaveries, and mocks; I have forgot his name.

Gow. Sir John Falstaff.

Flu. That is he. I'll tell you there is good men porn at Monmouth.

Op. cit. Act. IV Sc. VII 1. 42-54, pp. 125-127.

Гау. Нашиот крал не е како него, нити е таков: тој никогаш нема убиено свој другар.

Флу. Не е баш така, внимавај сега, почуј ја мојата прикаска што ми е в уста, дури е пресна и тазе. Јас се изразувам со фигури и споредувања за тоа: како што Александар го

> убил својот другар Клеит, малку поднапиен и тргнат, исто така и Хари Монмут, потполно во нормална состојба и при чиста совест го истера дебелиот витез Мешло: тој бликаше од шеги, смешки, палавштилаци и подбивки; му го заборавив името.
>
> Гау. Сер Џон Фалстаф.
>
> Флу. Тој е. Ви велам има и добри луѓе што се родиле во Монмут.

Ова експлицитно го илустрира ставот на Велшанинот Флуелен кон англискиот монарх, така што колку што метафората Alexander the Pig се однесува на Александар таа исто толку, ако не и повеќе, се однесува и на Harry of Monmouth.

Нема сомнение дека, иако на Шекспир му префрлале дека не ја знаел добро географијата па и дека 'знаел малку латински и уште помалку грчки', вакви, навидум, минорни референци, зборуваат дека тој бил добро запознат со многу научни факти од неговото време, вклучувајќи и промена во формата на одделни хидроними како што е заменатa на латинскиот облик *Axius* на реката *Вардар* со *Vardaro*.

Од сево ова можеме да констатираме дека тој бил запознат со географската реалност во Македонија во шеснаесеттиот век што била одразена во новите географски карти на светот вградувајќи ја посочената референца во драмското дело *Крал Хенри V*. Нашата претпоставка дека Шекспир мислел на оној дел од Македонија низ којшто тече реката Вардар, можеме да ја поткрепиме и со фактот што англиската писателка Ребека Вест во својот монументален патопис низ Југославија насловен како *Црно јагне и сив сокол* го наведува овој цитат од Шекспир како мото на ова свое дело[6].

[6] Rebecca West: *Black Lamb and Gray Falcon*, A Journey Through Yugoslavia, Macedonia pp. 633-831, Penguin Books, New York, 1994.

Vladimir Cvetkovski

SHAKESPEARE'S REFERENCE TO MACEDONIA IN *KING HENRY V*

Summary

It seems that Macedonia remained without the focus of Shakespeare's interest; in almost none of his plays is it used as a setting for the dramatic action.

However, one minor reference that one of the marginal characters in *King Henry V*, the Welshman Fluellen makes to Macedonia and its river illustrates that Shakespeare was well acquainted with the geographical details in the maps of the world at his time. Namely, on the maps of Francesco Rosselli, World Map 1506, Jacobo Gastaldo *Neoterica Discriptio* 1560 the name of the river in Macedonia is rendered as *Vardaro Flu(vius).*

Fluellen's allusion that *'There is a river in Macedon, and there is also moreover a river in Monmouth, it is called Wye at Monmouth; but is out of my prains what is the name of the other river; but 'tis all one, 'tis alike as my fingers to my fingers, and there is salmons in both,'* it is clear that he compares the identical syllables in the names of both rivers: Wye and Va(rdaro).

In some way, this proves that Macedonia did not remain altogether out of the orbit of Shakespeare's lands in his plays.

ХРОНИКА

УДК 929 : 808.66

Коста ПЕЕВ

IN MEMORIAM

БОЖИДАР ВИДОЕСКИ (1920 - 1998)

Создавањето на општонационален јазик, т. е. издигнувањето на народниот до степен на литературен претставува еден од најважните или поточно најважниот сегмент и придобивка од културното живеење на народот, особено кога е тоа во континуитет со создавањето на државност, што секако претставува прелом во националната историја. Со односниов акт несомнено се разнишува нечија хегемонија и на тој начин лесно се објаснува отпорот што се јавува кај хегемонистите кон раѓањето на новото.

Ваквите сложени услови по правило раѓаат поедици со силни лични способности, ентузијазам и упорност, коишто бескомпромисно пристапуваат кон реализација на општонационалните интереси и со својата дејност даваат белег на односнава епоха. Задачата на таквите личности не беше и не може да биде лесна зашто требаше да докажат дека задоцнувањето во заокружувањето на пројавените заложби за создавање на наша посебна државност и национален литературен јазик, секако настанати поради специфичниот стек на околности, не им дава за право на недобронамерните да мислат и да се однесуваат како божем "местата се веќе распродадени" (како што би рекол Конески), картата на Балканот е скроена и ситуацијата е дефинитивна. Такви силни личности коишто магистрално отворија патишта за развој на новата македонска култура, особено преку афирмација на најновиот, но истовремено и најстариот словенски литературен јазик - македонскиот, несомнено се претставени со имињата Крсте П. Мисирков и Блаже Конески.

Божидар Видоески беше не само меѓу првите студенти на проф. Блаже Конески, туку тој наскоро по нивното познанство стана и негов најблизок соработник. Нивните заеднички иницијативи на Филозофскиот, а подоцна и на Филолошкиот факултет со децении ги одредуваа развојните правци не само на дејноста на Катедрата за македонски јазик, туку и на проектите на македонистиката воопшто. Резултатите се евидентни, денеска македонскиот јазик функционира рамноправно со другите словенски јазици во голем број меѓународни проекти, на повеќе универзитети во словенскиот, но и во несловенскиот свет, во рамките на славистичките катедри се изучува македонскиот јазик, исто така на различни страни од светот функционираат лектората по македонски јазик и сл. Сепак нивото на меѓусебната соработка можеби најдобро ќе го илустрираме ако го споменеме творечкото учество на Видоески со еден дел (дијалектна фонологија) во познатиот труд на Конески, објавен на англиски *"Историска фонологија на македонскиот јазик"*.

Зборувајќи општо треба да истакнеме дека акад. Видоески повеќе од 4 децении стрпливо ги истражува македонските говори; да додадеме дека во првите повоени години ја има прокрстарено цела Македонија воглавно пеш, одејќи од село в село, собирајќи материјали за да ги постави темелите на македонската дијалектолошка наука. Споменативе истражувања не се само на синхрониски, труку и на дијахрониски план, зашто тој се труди да ни ги претстави не само диференцијалните црти на современите македонски говори туку и историјата на изделувањето на македонскиот дијасистем од системите на другите словенски јазици, откривајќи ги корените на нивниот дивергентен развиток. На тој план, следејќи ја својата животна визија, Видоески чекор по чекор, системски, успеал да ни ја претстави скоро целокупната и многу сложена градба на македонскиот дијалектен систем остварувајќи богат корпус на трудови (импозантен во научната област лингвистика), околу 350 позиции од кои голем дел имаат монографски карактер.

Во првиот период на созревање на дијалектолошката опсервација кај проф. Видоески доминира серија од монографски описи на одделни дијалектни подрачја, да ги споменеме: *Поречкиот говор* (1950), *Северните македонски говори. I: Кумановско-кратовската група говори; II: Говорот на Скопска*

Црногорија (1954), *Кичевскиот говор* (1957), *Кумановскиот говор* (1961). Наскоро, врз основа на продлабочените сознанија стекнати при споменатава обработка Видоески се определува за еден вид посложена обработка - синтеза на посебностите на одделни јазични ареали, што влегуваат како основа при класификацијата на македонските дијалекти, од тој тип се следниве монографски описи: *Основни дијалектни групи во Македонија* (1960-1961), *Македонските дијалекти во светлината на лингвистичката географија* (1962-1963), *Дијалектната диференцијација на македонскиот јазик* (1970), *Дијалектен центар и дијалектна периферија на македонскиот јазичен ареал* (1976), *Кон разграничувањето на , говорите во Скопско* (1985).

Како одделна група овде ќе изделиме неколку монографски описи во кои студиозно, скоро комплетно се обработени некои поважни граматички посебности (се разбира на дијалектно ниво, со методите на лингвистичката геграсфија). Сп.: *Заменските форми во македонските дијалекти* (1965), *Акцентските системи во македонските дијалекти* (1969), *Континуантите на вокалните р и л во дијалектите на македонскиот јазик* (1970), *Вокалните системи на македонскиот литературен и дијалектен јазик* (1978), *Формите на глаголскиот прилог во македонскиот дијалектен јазик* (1991).

Се разбира дека паралелно со другите активности проф. Видоески продолжува и со монографското претставување на неистражените дијалекти: *Дебарските говори* (1968), *Преспанските говори* (1982), *Леринскиот говор* (1983), *Охридско-струшките говори* (1984), *Битолскиот говор* (1985), *Разлошкиот говор во Вуковите записи и денеска* (1988), *Петричкиот говор* (1989).

Изработката на мултинационални дијалектни атласи во задниве децении претставува сериозен предизвик за експертите по дијалектологија во широки размери; да ги споменеме оние во кои учествува и македонскиот центар во организација на акад. Видоески: *Општоевропски линг-вистички атлас, Општокарпатски дијалектен атлас и Општосло-венски лингвистички атлас.* Последниот се издвојува со својата обемност и сложеност во претставувањето на дијалектните факти од сиот словенски свет, почнувајќи на север од руските сибирски говори, па на југ сè до

македонските говори покрај Егејското Море. Значи во реализација на овој проект , можеби еден од најголемите во светот се вклучени специјалисти од сите словенски јазици од различни профили: дијалектолози, специјалисти за фонологија, синтакса и контрастивни изучувања, прикрепени кон академиите на науките на сите словенски земји, почнувајќи од Руската академија на науките, преку Белоруската, Украинската, Полската и т.н., завршувајќи со македонската. Во оваа сложена работа се јавија тешкотии (за жал) не од научен карактер, што нормално се очекуваа во врска со различните школи и опити при лингвогеографските проучувања, тие беа лесно отстранувани, туку многу посериозни се покажаа оние разногласија што имаа политичка конотација. Еден од вкупно дванаесетте словенски центри, академии, не сакаше да го прифати фактот за вклучување рамноправно на македонскиот дијалектен јазик меѓу другите словенски јазици. Имено во ваков сложен момент се покажа подготвеноста, умешноста и смислата за колективна работа кај акад. Видоески, кој успеа да го одбрани македонскиот став (и јазик) пред најавторитетните научници - дијалектолози, од сите словенски земји, така што групата што се застапуваше за неприфаќање на македонскиот јазик мораше да се повлече, т.е. да ја напушти соработката со споменатиот меѓународен колектив и денеска реализацијата на Општословенскиот лингвистички атлас тече најнормално и има продукција од повеќе томови објавени од Руската академија на науките, Полската, Српската и др. Уште понапредната е работата над вториот по значење меѓународен дијалектен проект - Општокарпатскиот дијалектен атлас од кој веќе е влезен во печат и последниот том (VII). Заслужува да се одбележи дека присуството на акад. Видоески во реализацијата на споменативе меѓународни атласи не се исцрпува со неговата активност во македонскиот центар што се занимава со односнава проблематика, туку да додадеме дека тој заземаше едно од челните места во меѓународните редакциски колегиуми, како во Општословенскиот, така и во Општокарпатскиот дијалектен атлас, што претставува само една потврда за неговиот авторитетен и сериозен научен пристап кон односнава дејност.

Меѓу сериозните лингвистички проекти со кои раководи акад. Видоески треба да се спомене и *Македонскиот дијалектен*

атлас, што се приготвува во Институтот за македонски јазик и врз кој работата е прилично напредната.

Некако природно кон дијалектолошките истражувања се надоврзува и интересот кон ономастичкиот материјал. Веќе беше речено дека Видоески собирајќи дијалектен материјал ја има прокрстарено скоро сета македонска територија (особено во првиот период од својата активност), сега ќе додадеме дека тој паралелно собирал и топонимиски материјал, од проста причина дека знаел (како специјалист) оти таквиот материјал, во својата петрифицираност содржи голем број сигурни податоци за историскиот развиток на дијалектниот јазик. Од споменатава област ќе ги наведеме позначајните трудови: *Прилог кон географската терминологија на македонскиот јазик* (1951), *Словенската ономастичка терминологија* (1971), *Термини за блатни терени во македонскиот дијалектен систем* (1980), *Ономастичка терминологија* (1984). Сепак, сфаќајќи ја ономастиката како посебен јазичен потсистем, освен за потребите на дијалектологијата, Видоески организира (како професор) обработка на одделни проблеми од ономастичката наука, во вид на магистерски и докторски дисертации, пр. за присуството и функционирањето на одделни суфикси, или претставувањето на топонимискиот систем на одделни регии и сл.

Зборувајќи за проф. Видоески како наставник и педагог, не може а да не се спомене дека по негова заслуга настанаа голем број дијалектолошки монографии, магистерски и докторски дисертации од целокупната јазична (македонска) територија, особено од говорите во егејскиот дел коишто најсилно се изложени на асимилација и исчезнување. Извесен број од овие трудови се веќе објавени и јавно верифицирани; треба да споменеме дека меѓу имињата на авторите среќаваме и странски слависти, такви се холанѓаните Петер Хенрикс (за говорот во Радожда и Вевчани - Струшко), односно Бен Хрун (за дијалектот во Дихово - Битолско); објавена дисертација има и за велешкиот говор од берлинскиот проф. Н. Рајтер. Сите споменати монографии, а има и други, се изработени под менторство на акад. Б. Видоески. Тој беше во постојан контакт со своите колеги, слависти во странство, високо ценет како поради своите широки знаења, коишто секогаш несебично им ги пренесуваше на другите, така и поради другарскиот , отворен и срдечен однос кон колегите. Благо-

дарејќи на споменативе квалитети, односно на остварените врски на пријателство и соработка тој иницираше (и успеваше да се реализира) настава по македонски јазик и македонистички научни истражувања во цела низа словенски и несловенски славистички центри. Освен тоа, да споменеме дека Видоески престојувал со циклуси предавања на повеќе странски универзитети, германски, руски, полски, учествувал на десетици научни конференции, симпозиуми, средби посветени на лингвистичка, односно славистичка проблематика, учествувал со синтетски предавања од областа на македонската дијалектна проблематика скоро на сите меѓународни конгреси на славистите, каде што неговите реферати редовно предизвикувале големо внимание.

Ќе завршиме со мислата дека учеството на акад. Видоески во откривањето и претставувањето на македонската дијалектологија е со такво значење, што сега, по неговото заминување треба во односнава област да се стави една дебела црта (како што при слична пригода се изјасни акад. Конески), за да се знае колку многу тој ја има задолжено македонската наука за јазикот.

ISSN 0351 - 448X